Универзитет „Св. Климент Охридски"- Битола
Факултет за безбедност - Скопје

Цане Т. МОЈАНОСКИ
Никола ДУЈОВСКИ Марјан ЃУРОВСКИ

# ПОЛИЦИЈАТА И ЈАВНОСТА

ПОЛИЦИЈАТА И ЈАВНОСТА

www.fb.uklo.edu.mk

ISBN 978-608-4828-27-3

Скопје, 2018

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – БИТОЛА
ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ – СКОПЈЕ
REPUBLIC OF MACEDONIA
UNIVERSITY „ST. KLIMENT OHRIDSKI“ – BITOLA
FACULTY OF SECURITY - SKOPJE

Ул. „1“ Идризово бр.2А – 1000 Скопје
Поштенски фах 103

Faculty of security
PO Box 103 -Skopje
www.fb.uklo.edu.mk

☎ +389 (2) 2546-211
Факс/fax: +389 (2) 2545-070

професор д-р Цане Т. Мојаноски
вонреден професор д-р Никола Дујовски
доцент д-р Марјан Ѓуровски

# ПОЛИЦИЈАТА И ЈАВНОСТА

## (Анализа на истражувачки резултати 2009 - 2017 година)

СКОПЈЕ, 2018 ГОДИНА

**Издавач: Факултет за безбедност - Скопје**

За издавачот: вонреден професор д-р Никола Дујовски,
декан на Факултетот за безбедност - Скопје

Рецензенти:

професор д-р Трпе Стојаноски
професор д-р Желимир Кешетовиќ

Лектор: Елена Георгиевска

Техничка обработка: Цане Т. Мојаноски
Корица: Кемал Рушид

Печати: Графопром - Битола

Тираж – 150 примероци

**Со Одлука на Деканатската управа на Факултетот за безбедност – Скопје, број 02-447/2 од 7.05.2018 година, согласно рецензиите објавени во Анекс на Билтенот на Универзитетот бр.440 од 12.04.2018 година е одобрено да се печати како МОНОГРАФИЈА**

© Сите права се задржани

# СОДРЖИНА

Вовед ........................................................................................ 1
Предмет, цели и задачи на истражувањето ............................................ 1
Поимот полиција.............................................................................. 3
Операционално, временско, просторно и дисциплинарно определување на предметот на истражувањето..................................................... 14
Хипотетска рамка на истражувањето ................................................. 16
Методи и инструменти ....................................................................... 16
Примерок - испитаници....................................................................... 17

ПРВА ГЛАВА
НИВОТО НА КРИМИНАЛИЗИРАНОСТ НИЗ ПЕРЦЕПЦИИТЕ НА ГРАЃАНИТЕ

Вовед ........................................................................................ 29
Криминализираноста низ призмата на оценките за кражбите, разбојништвата и малолетничката деликвенција .................................. 31
Оценките за степенот на криминализираност преку ставовите за семејното насилство, растурање и злоупотреба на droги и други асоцијални појави .............................................................................. 38
Оценки за влијанието на појавите на „проституција, трговија со луѓе“ врз перцепциите за криминализираноста на општеството ..................... 53
Оценки за влијанието на појавите на просјачење, особено на јавните места, врз перцепциите за криминализираноста на општеството......... 58
Оценки поврзани со свеста за примената на правните прописи и степенот на перцепциите за криминализираноста на општеството...... 61
Перцепциите на граѓаните за примената на позитивните прописи ....... 71

ВТОРА ГЛАВА
ПОЛИЦИЈАТА КАКО ФАКТОР НА ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ

Вовед ........................................................................................ 81
Јавниот лик на полицијата ................................................................. 89

ТРЕТА ГЛАВА
ПОЛИЦИЈАТА ВО ЗАЕДНИЦАТА - ОЧЕКУВАЊАТА НА ГРАЃАНИТЕ ОД УЛОГАТА НА ПОЛИЦИЈАТА

Вовед ........................................................................................ 97
Перцепциите на граѓаните за односот на полицијата кон граѓаните... 100
Релации меѓу полицијата и граѓаните................................................ 103

Соработката меѓу полицијата и граѓаните ........................................... 110
За професијата полицаец.................................................................... 111
Перцепциите за бројот на полицајците и нивните професонални карактеристики................................................................................. 115
Перцепциите на граѓаните за полициските задолженија...................... 121
Положбата на посебните единици низ перцепциите на граѓаните ...... 125

ЧЕТВРТА ГЛАВА
ОДНОСИТЕ МЕЃУ ЗАЕДНИЦАТА И ПОЛИЦИЈАТА

Вовед ................................................................................................... 129
Улогата на медиумите во односите меѓу полицијата и граѓаните....... 131
Полицијата и довербата на граѓаните .................................................. 134
Community policing - нова филозофија во полициското работење ...... 135
Подрачја на односите на полицијата кон граѓаните............................. 142

ПЕТТА ГЛАВА
ПОЛИЦАЕЦОТ SPIRITUS MOVENS НА ОДНОСИТЕ ВО ЗАЕДНИЦАТА

Вовед ................................................................................................... 153
Цел на полицијата: - безбедна заедница и сигурен живот на граѓаните................................................................................................ 154
Односот граѓани - полиција.................................................................. 161

ШЕСТА ГЛАВА
ИНТЕРАКЦИИТЕ МЕЃУ ЗАЕДНИЦАТА И ПОЛИЦИЈАТА

Вовед ................................................................................................... 177
Поимите заедница и локална заедница................................................ 177
Полицијата во локалната заедница ...................................................... 182

СЕДМА ГЛАВА
ПЕРЦЕПЦИИТЕ ЗА АКТУЕЛНИТЕ РЕЛАЦИИ МЕЃУ ПОЛИЦИЈАТА И ГРАЃАНИТЕ

Вовед ................................................................................................... 203
Перцепциите за моделот community policing ........................................ 205
Оценки за начинот на работењето на полицијата................................ 209
Дали и колку се имплементира моделот community policing? ............. 212
Перцепциите на граѓаните за успешноста на полицаецот и командирот на полициската станица................................................................ 217

Полицијата и ресурсите на локалната заедница .................................. 224

ОСМА ГЛАВА
КОНТРОЛА И УПРАВУВАЊЕ СО ПОЛИЦИЈАТА

Вовед ...................................................................................................... 231
Перцепциите за полицаецот и неговата положба .................................. 231
Перцепциите за употребата на сила ...................................................... 236
Полицискиот службеник во политичките процеси ............................... 237
Правото на приватност и полицијата ..................................................... 239
Перцепциите за полицијата и корупцијата ............................................ 241
Полицијата како заштитник на интересите на граѓаните ..................... 253

ДЕВЕТТА ГЛАВА
ПЕРЦЕПЦИИТЕ ЗА СОРАБОТКАТА НА ГРАЃАНИТЕ И ПОЛИЦИЈАТА

Вовед ...................................................................................................... 269
Перцепции за влијанието на граѓаните врз полицијата ........................ 269
Медиумите како инструмент за влијание на граѓаните врз работата на полицијата ............................................................................................... 272
Непосредните облици на учество во одлучувањето и работата на полицијата ............................................................................................... 277

ДЕСЕТТА ГЛАВА
ПОЛИЦАЕЦОТ НИЗ ПЕРЦЕПЦИИТЕ И ОЦЕНКИТЕ НА ИСПИТАНИЦИТЕ

Вовед ...................................................................................................... 291
Перцепции за довербата на граѓаните во институциите ....................... 294
Чувството на безбедност низ перцепциите на граѓаните ...................... 299
Перцепциите на испитаниците за сообраќајната полиција .................. 304

**ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕПОРАКИ** ............................ 311

**ЛИТЕРАТУРА** ...................................................................................... 327

**ПРИЛОЗИ** ............................................................................................. 335

# ТАБЕЛИ, ПРЕГЛЕДИ И ГРАФИКОНИ

Табела број 1. Кражба, грабеж (на предмети од лица, џепарење) ......... 31
Табела број 2. Кражба, грабеж (на предмети од лица, џепарење) ......... 32
Табела број 3. Осудени полнолетни лица во Република Македонија за кривичните дела против имотот 2008-2016 година................................ 33
Табела број 4. Кражба, разбојништво со провалување (имоти, куќи, станови)...................................................................................... 33
Табела број 5. Кражба, разбојништво со провалување (имоти, куќи, станови) - %................................................................................. 34
Табела број 6. Осудени деца во Република Македонија за кривичните дела против имотот 2008-2016 година................................................... 36
Табела број 7. Малолетничка деликвенција - %..................................... 36
Табела број 8. Малолетничка деликвенција - %..................................... 37
Табела број 9. Семејно насилство (караници) - %................................. 40
Табела број 10. Семејно насилство (караници) - %............................... 41
Табела број 11. Регистрирани кривични дела и кривично пријавени сторители за неовластено пуштање во промет на наркотични droги и психотропни супстанци и прокурсори (член 215)................................. 42
Табела број 12. Растурање и злоупотреба на дроги - %......................... 43
Табела број 13. Растурање и злоупотреба на дроги............................... 44
Табела број 14. Прекршоци против јавниот ред и мир за кои се поднесени барања за поведување прекршочна постапка во периодот 2008-2010 година ........................................................................ 45
Табела број 15. Дали и колку појавите на пиење алкохол (пијанство), гласна музика и викотници влијаат на создавањето слика за криминализираноста на општеството?- % ........................................... 46
Табела број 16. Дали и колку појавите на пиење алкохол (пијанство), гласна музика и викотници влијаат на создавањето слика за криминализираноста на општеството? .................................................. 47
Табела број 17. Дали и колку појавите на вандализам, употреба на оружје и други облици на насилно поведение влијаат на претставата за криминализираноста на општеството? - % ........................................... 52
Табела број 18. Прекршоци против јавниот ред и мир за кои се поднесени барања за поведување прекршочна постапка во периодот 2008-2010 година ........................................................................ 54
Табела број 19. Дали и колку појавите на проституција, трговија со луѓе влијаат на претставата за криминализираноста на општеството? ......... 55
Табела број 20. Дали и колку појавите на проституција, трговија со луѓе влијаат на претставата за криминализираноста на општеството? ......... 58
Табела број 21. Деца што питачат во Република Македонија во 2014 година..................................................................................................... 59

Табела број 22. Дали и колку појавите на просјачење, особено на јавните места, влијаат на претставата за криминализираноста на општеството?........................................................................................ 59
Табела број 23. Дали и колку појавите на просјачење, особено на јавните места, влијаат на претставата за криминализираноста на општеството?........................................................................................ 60
Табела број 24. Дали и колку појавите на толерирање на непочитување на законите влијаат на претставата за криминализираноста на општеството? -..................................................................................... 63
Табела број 25. Дали и колку појавите на толерирање на непочитување на законите влијаат на претставата за криминализираноста на општеството?........................................................................................ 64
Табела број 26. Дали и колку се согласувате со ставот дека кај нас не се гонат крупните криминалци? -%........................................................ 64
Табела број 27. Дали и колку се согласувате дека кај нас не се гонат крупните криминалци? - %........................................................................ 66
Табела број 28. Дали и колку појавите на нарушување на јавниот ред и мир влијаат на претставата за криминализираноста на општеството?.. 67
Табела број 29. Дали и колку појавите на нарушување на јавниот ред и мир влијаат на претставата за криминализираноста на општеството?.. 69
Табела број 30. Преглед на повреда на прописите во областа на сообраќајот на патиштата во Република Македонија во периодот 2008-2013 година.................................................................................................. 69
Табела број 31. Преглед на повреда на прописите во областа на сообраќајот на патиштата во Република Македонија во периодот 2007-2013 година – стапки ........................................................................... 70
Табела број 32. Дали и колку појавите на непочитување на сообраќајни правила и возење нерегистрирани возила, влијаат на претставата за криминализираноста на општеството? .................................................. 70
Табела број 33. Дали и колку појавите на непочитување на Законот за јавна чистота влијаат на претставата за криминализираноста на општеството?........................................................................................ 72
Табела број 34. Дали и колку појавите на непочитување на Законот за јавна чистота влијаат на претставата за криминализираноста на општеството?........................................................................................ 73
Табела број 35. Дали и колку појавите на непочитување на Законот за заштита од пушење влијаат на претставата за криминализираноста на општеството?........................................................................................ 75
Табела број 36. Дали и колку појавите на непочитување на Законот за заштита од пушење влијаат на претставата за криминализираноста на општеството?........................................................................................ 75

Табела број 37. Пондерирани средни големини за појавите поврзани со непочитувањето на правните норми ........ 76
Табела број 38. „Дали контактот што го имавте со полицијата, придонесе да го смените вашиот став за полицијата?“........ 89
Табела број 39 „Дали контактот што го имавте со полицијата, придонесе да го смените Вашиот став за полицијата?“ - без одговорите „не можам да оценам“ ........ 90
Табела број 40 „Дали контактот што го имавте со полицијата, придонесе да го смените Вашиот став за полицијата?“ - без одговорите „не можам да оценам“ -темпо на развој ........ 90
Табела број 41. Полицијата и служи исклучително на владејачката партија........ 91
Табела број 42. Полицијата е неправедно критикувана за блискост со владејачката партија ........ 91
Табела број 43. Полицијата апси селективно........ 92
Табела број 44. Полицијата ги апси само оние кои не се блиски со владејачката партија ........ 92
Табела број 45. Криминалот во државата е голем проблем........ 100
Табела број 46. Криминалот во државата е голем проблем........ 101
Табела број 47. Основната обврска на полицијата е да го спречува криминалот ........ 102
Табела број 48. Основна обврска на полицијата е да ја штити државата........ 102
Табела број 49. Основна обврска на полицијата е да ја штити државата........ 102
Табела број 50. Основната обврска на полицијата е да им помага на граѓаните........ 106
Табела број 51. Основната обврска на полицијата е да им помага на граѓаните........ 106
Табела број 52. Полицијата еднакво се однесува кон сите граѓани..... 107
Табела број 53. Полицијата еднакво се однесува кон сите граѓани..... 108
Табела број 54. Полицијата со почит се однесува кон граѓаните, нивните потреби и интереси ........ 108
Табела број 55. Полицијата со почит се однесува кон граѓаните, нивните потреби и интереси ........ 109
Табела број 56. Полицијата е гаранција за безбедност на граѓаните во секојдневниот живот........ 109
Табела број 57. Соработката меѓу полицијата и граѓаните е задоволителна........ 110
Табела број 58. Соработката меѓу полицијата и граѓаните е задоволителна........ 111

Табела број 59. Полицајците имаат професионален изглед и однесување ........ 114
Табела број 60. Полицајците имаат професионален изглед и однесување ........ 114
Табела број 61. Во моето место на живеење се потребни повеќе полицајци ........ 115
Табела број 62. Полицајците се професионални и стручни во извршувањето на нивните обврски ........ 116
Табела број 63. Полицајците имаат разбирање за проблемите на луѓето ........ 118
Табела број 64. Полицајците се пријателски расположени и лесно им се приоѓа ........ 119
Табела број 65. Полицајците се незаштитени, секој ги напаѓа ........ 120
Табела број 66. Полицајците се незаштитени, секој ги напаѓа ........ 120
Табела број 67. Полицајците работат сè, - претворени се и во комунални инспектори ........ 121
Табела број 68. Денес секој може да биде полицаец, не постојат критериуми за прием на полицајци ........ 123
Табела број 69. Денес секој може да биде полицаец, не постојат критериуми за прием на полицајци ........ 123
Табела број 70. Во полицијата има поединци кои никогаш не би требало да работат како полицајци ........ 124
Табела број 71. Во полицијата има поединци кои никогаш не би требало да работат како полицајци ........ 124
Табела број 72. За намалување на криминалот во моето место на живеење придонес има единицата „АЛФИ“ ........ 125
Табела број 73. За намалување на криминалот во моето место на живеење придонес има единицата „АЛФИ“ ........ 126
Табела број 74. Улогата на медиумите е значајна во подобрување на односите меѓу полицијата и јавноста ........ 132
Табела број 75. Улогата на медиумите е значајна во подобрување на односите меѓу полицијата и јавноста ........ 132
Табела број 76. Односот меѓу полицијата и медиумите е задоволителен ........ 133
Табела број 77. Односот меѓу полицијата и медиумите е задоволителен ........ 133
Табела број 78. Ве молиме да ни кажете, како ја чувствувате полицијата? ........ 144
Табела број 79. Полицаецот од моето место на живеење е хуман човек ........ 145
Табела број 80. Полицаецот од моето место на живеење е хуман човек ........ 146

Табела број 81. Дали досега сте имале контакт со полицијата?.......... 147
Табела број 82. Медиумите (ТВ, радио и печат) нашироко емитуваат информации за децентрализацијата која директно влијае на јавната безбедност.......................................................................................... 147
Табела број 83 . Медиумите (ТВ, радио и печат) нашироко емитуваат информации за децентрализацијата која директно влијае на јавната безбедност.......................................................................................... 148
Табела број 84. Полицијата ефикасно ги користи медиумите (ТВ, радио, печат, интернет) за информирање на јавноста.......................... 149
Табела број 85. Полицијата самостојно (без медиумите) успешно го информира населението за сите активности поврзани со јавната безбедност.......................................................................................... 149
Табела број 86. Полицијата за својата работа одговара пред граѓаните и нивните претставници .............................................................................. 149
Табела број 87. Полицајците кои се на моето место на живеење се многу нељубезни........................................................................................... 154
Табела број 88. Полицајците кои се на моето место на живеење се нечесни..................................................................................................... 155
Табела број 89. Полицајците кои се на моето место на живеење се многу дрски .................................................................................................. 156
Табела број 90. Ако се обидам да пријавам криминал на моето место на живеење, полицаецот ќе го извести пријавениот ................................ 157
Табела број 91. Полицијата е неефикасна затоа што постои корупција во полициските редови........................................................................... 158
Табела број 92. Во нашата земја корупцијата е многу висока ............ 159
Табела број 93. Во нашата земја корупцијата е многу висока ............ 159
Табела број 94. „ Дали контактот што го имавте со полицијата, придонесе да го смените Вашиот став за полицијата?“....................... 160
Табела број 95. Во моето место на живеење граѓаните на полицајците селективно им помагаат во извршувањето на нивните обврски.......... 163
Табела број 96. Во моето место на живеење граѓаните и веруваат на полицијата и ја почитуваат .............................................................. 164
Табела број 97. Во моето место на живеење граѓаните ѝ веруваат и ја почитуваат полицијата ............................................................................ 165
Табела број 98. Во моето место на живеење граѓаните се чувствуваат слободни да разговараат со полицијата за грижите на заедницата ..... 165
Табела број 99. Во моето место на живеење граѓаните се чувствуваат слободни да разговараат со полицијата за грижите на заедницата ..... 166
Табела број 100. Во моето место на живеење полицијата се обидува да ги подобри односите со граѓаните ....................................................... 166
Табела број 101. Во моето место на живеење полицијата се обидува да ги подобри односите со граѓаните ....................................................... 167

Табела број 102. Во моето место на живеење граѓаните се задоволни од работата на полицијата ........ 167
Табела број 103. Во моето место на живеење граѓаните се задоволни од работата на полицијата ........ 168
Табела број 104. Во моето место на живеење полицијата одговара на барањата и грижите на граѓаните (повици за пријавување и услуги) . 169
Табела број 105. Во моето место на живеење полицијата одговара на барањата и грижите на граѓаните (повици за пријавување и услуги) . 170
Табела број 106. Во моето место на живеење граѓаните не се плашат да пријават криминал во полицијата ........ 171
Табела број 107. Во моето место на живеење граѓаните не се плашат да пријават криминал во полицијата ........ 171
Табела број 108. Полицијата во изминативе две години прави напори да му помогне на населението ........ 184
Табела број 109. Во населеното место каде што живеам дејствува Советодавна група на граѓани- форум каде што ние граѓаните можеме да ги изнесеме нашите забелешки ........ 187
Табела број 110. Во населеното место каде што живеам дејствува Советодавна група на граѓани - форум каде што ние граѓаните можеме да ги изнесеме нашите забелешки ........ 188
Табела број 111. Целта на Советодавната група на граѓание подобрување на животот на граѓаните ........ 188
Табела број 112. Целта на Советодавната група на граѓание подобрување на животот на граѓаните ........ 189
Табела број 113. Целта на Советодавната група на граѓани е полицијата и граѓаните заедно да работат на решавање на проблемите и справувањето со криминалот ........ 189
Табела број 114. Целта на Советодавната група на граѓани е полицијата и граѓаните заедно да работат на решавање на проблемите и справувањето со криминалот ........ 190
Табела број 115. Медиумите (ТВ, радио и печат) нашироко емитуваат информации за децентрализацијата која директно влијае на јавната безбедност ........ 192
Табела број 116. Медиумите (ТВ, радио и печат) нашироко емитуваат информации за децентрализацијата која директно влијае на јавната безбедност ........ 193
Табела број 117. Полицијата самостојно (без медиумите) успешно го информира населението за сите активности поврзани со јавната безбедност ........ 194
Табела број 118. Полицијата самостојно (без медиумите) успешно го информира населението за сите активности поврзани со јавната безбедност ........ 194

Табела број 119. Полицијата ефикасно ги користи медиумите (ТВ, радио, печат, интернет) за информирање на јавноста .......................... 195
Табела број 120. Во изминативе две години општината кај нас и полицијата презедоа заеднички акции за решавање на локалните проблеми ............................................................................................ 196
Табела број 121. Во изминативе две години општината кај нас и полицијата презедоа заеднички акции за решавање на локалните проблеми ............................................................................................ 196
Табела број 122. Реформата на полицијата се движи во правилна насока и се приближува кон европските полициски стандарди ...................... 198
Табела број 123. Реформата на полицијата се движи во правилна насока и се приближува кон европските полициски стандарди ...................... 198
Табела број 124. Полицијата сега подобро е организирана при приемот на оштетените граѓани и при сослушувањето на поплаките од граѓаните ......................................................................................... 199
Табела број 125. Во последно време подобрена е соработката меѓу граѓаните и полицијата ...................................................................... 203
Табела број 126. Во последно време е подобрена комуникацијата на полицијата со граѓаните ..................................................................... 204
Табела број 127. Во последно време е подобрена насоченоста на полицијата кон решавањето на проблемите на граѓаните во локалната заедница ......................................................................................... 206
Табела број 128. Во последно време има напредок во заштитата на жртвите на кривичните дела од страна на полицијата, а посебно на чувствителните групи во општеството ................................................ 208
Табела број 129. Во последно време е намален репресивниот начин на работа на полицијата ........................................................................ 209
Табела број 130. Во последно време е подобрен превентивниот однос во работата на полицијата ...................................................................... 211
Табела број 131. Во последно време како граѓанин, полицаецот го гледам како службеник кој мора да ги реши проблемите на граѓаните кои не се полициски ........................................................................... 213
Табела број 132. Во последно време , денес, полицаецот е поуспешен отколку порано и ја стекнува довербата на граѓаните, бидејќи ги решава нивните „мали“ проблеми ............................................................... 215
Табела број 133. Во последно време полицаецот треба да биде „пријател и помагач“ на граѓаните кои го почитуваат законот ........................... 216
Табела број 134. За да е успешен, полицаецот треба, на секои три месеци да има средби со граѓаните ..................................................... 217
Табела број 135. Командирот на Полициската станица треба да практикува најмалку еднаш на шест месеци да се среќава со граѓаните на моето место на живеење и да слушне за нашите проблеми ........... 219

Табела број 136. Командирот на Полициската станица треба да практикува на секои шест месеци да се среќава со граѓаните на моето место на живеење за да ги слушне граѓаните за работата на полицијата........................................................................................ 220
Табела број 137. Полицијата во мојата општина, треба непосредно да нè информира за проблемите на општината ............................................ 223
Табела број 138. Полицијата треба повеќе да се потпира на можностите на граѓаните кои живеат во мојата општина........................................ 225
Табела број 139. Според мене полицајците ги уживаат истите граѓански и политички права како и другите граѓани .......................................... 232
Табела број 140. Според мене полицијата не смее да поттикнува или толерира чин на тортура, мачење, нечовечно или понижувачко постапување или казнување.......................................................................... 234
Табела број 141. Според мене полицијата не смее да поттикнува или толерира чин на тортура, мачење, нечовечно или понижувачко постапување или казнување.......................................................................... 235
Табела број 142. Според мене полицијата може да употреби сила ако е потребна за исполнување на некоја цел ................................................ 236
Табела број 143. Според мене полицискиот службеник не смее да основа, да раководи и да биде член на раководство на политичка партија............................................................................................................ 238
Табела број 144. Според мене полицијата е должна да го почитува правото на приватност на граѓаните .................................................... 240
Табела број 145. Според мене припадниците на полицијата успешно се спротивставуваат на формите на корупција во рамките на полицијата........................................................................................ 241
Табела број 146. Според мене полицијата го почитува правото на презумција на невиност.................................................................... 245
Табела број 147. Според мене полицијата треба да продолжи да ги прикажува на ТВ осомничените со лисици на рацете.......................... 247
Табела број 148. Според мене - полициските акции и интервенции се објективни и праведни.......................................................................... 249
Табела број 149. Според мене - полицијата за својата работа одговара пред граѓаните на Република Македонија и нивните претставници ... 251
Табела број 150. Според мене полицијата е заштитник на интересите на мнозинството граѓани........................................................................ 254
Табела број 151. Според мене полицијата и служи исклучително на владејачката партија .......................................................................... 256
Табела број 152. Според мене полицијата и служи исклучително на владејачката партија .......................................................................... 257
Табела број 153. Според мене полицијата апси селективно................ 258
Табела број 154. Според мене полицијата апси селективно................ 259

Табела број 155. Според мене полицијата ги апси само оние кои не се блиски со владејачката партија ........................................................... 260
Табела број 156. Според мене полицијата е неправедно критикувана за блискост со владејачката партија ........................................................ 261
Табела број 157. Според мене полицијата е неправедно критикувана за блискост со владејачката партија ........................................................ 262
Табела број 158. Споредба на просечните оценки на ставовите за блискоста на полицијата со владејачката партија и неоправданата критика за тоа ............................................................................................ 263
Табела број 159. Според мене полицијата е најефикасен орган и затоа е подложна на критика од незадоволните ............................................... 264
Табела број 160. Според мене полицијата е најефикасен орган и затоа е подложна на критика од незадоволните ............................................... 265
Табела број 161. Дали вие како граѓани можете да влијаете на работата на полицијата? .................................................................................... 270
Табела број 162. На кој начин можете да го остварите влијанието врз полицијата: - со членство во здружение кое се занимава со работата на полицијата ....................................................................................... 271
Табела број 163. На кој начин можете да го остварите влијанието врз полицијата: со членство во политичка партија .................................... 271
Табела број 164. На кој начин можете да го остварите влијанието врз полицијата: - со учество во советодавна група на граѓани во мојата општина ............................................................................................ 272
Табела број 165. На кој начин можете да го остварите влијанието врз полицијата: - преку медиумите ............................................................ 273
Табела број 166. На кој начин можете да го остварите влијанието врз полицијата: - со активна соработка со полицијата поради решавање на одреден проблем ............................................................................ 274
Табела број 167. На кој начин можете да го остварите влијанието врз полицијата: - преку Советот во мојата општина ................................... 275
Табела број 168. На кој начин можете да го остварите влијанието врз полицијата: - преку неформално здружување со соседите во моето место на живеење .............................................................................. 276
Табела број 169. На кој начин можете да го остварите влијанието врз полицијата: - преку поднесување на иницијативи ................................ 278
Табела број 170. Дали би се вклучиле во некоја превентивна програма и/или акција на полицијата, поради подобрување на вашата безбедност и безбедноста на граѓаните во вашето место на живеење? ................. 279
Табела број 171. Доколку би се вклучиле во превентивна програма и/или акција на полицијата, за што би се одлучиле? ............................ 281

Табела број 172. Како ќе постапите доколку дознаете дека полицаец што го познавате ја злоупотребил својата позиција поради остварување на лична корист: ... 282
Табела број 173. Дали досега сте се нашле во ситуација полицаец да ви бара подарок или услуга, за да ви помогне со услуга? ... 283
Табела број 174. Дали досега сте се нашле во ситуација полицаец да ве ослободи од казна за сторен прекршок? ... 284
Табела број 175. Дали би понудиле подарок или услуга на полицаец, за да ви помогне со услуга или да се ослободите од казна за сторен прекршок? ... 285
Табела број 176. Според вас, дали јавноста (граѓаните) имаат потреба да се запознаат со надлежностите, овластувањата и доменот на работа на полицијата? ... 285
Табела број 177. Според вас, дали јавноста (граѓаните) знаат доволно кои се надлежностите и овластувањата на полицијата? ... 286
Табела број 178. Според вас, дали јавноста (граѓаните) знаат доволно кои се надлежностите и овластувањата на полицијата? ... 287
Табела број 179. Дали знаете кој е командир на полициската станица во вашето место на живеење? ... 291
Табела број 180. Дали знаете кој е полицискиот позорникар на подрачјето каде што живеете вие? ... 293
Табела број 181. Доколку имате проблем за решавање, кому најпрво, ќе се обратите? ... 294
Табела број 182. Дали во последните три месеци сте се обратиле за помош до Полициската станица? ... 295
Табела број 183. Ве молиме да ни кажете, како ја чувствувате полицијата? ... 296
Табела број 184. Дали се чувствувате безбеден/на во средината во која живеете и работите? ... 299
Табела број 185. Доколку се чувствувате безбеден/на во средината во која живеете и работите, дали за тоа придонесува полицијата? ... 300
Табела број 186. Дали до сега сте имале контакт со полицијата? ... 301
Табела број 187. Доколку сте имале контакт со полицијата, како го оценувате односот на полицискиот/те службеник/ци кон вас? ... 301
Табела број 188. Дали контактот што го имавте со полицијата, придонесе да го смените вашиот став за полицијата? ... 302
Табела број 189. Дали контактот што го имавте со полицијата, придонесе да го смените вашиот став за полицијата? ... 303
Табела број 190. Дали се плашите? ... 304
Табела број 191. Дали сте возач? ... 305
Табела број 192. Дали, вие се чувствувате безбедно во патниот сообраќај? ... 305

Табела број 193. Доколку одговоривте дека се чувствувате загрозено во патниот сообраќај, според ваше мислење, на што се должи таквиот став? Загрозеноста е последица на: ... 306
Табела број 194. Според ваше мислење, дали сообраќајната полиција придонесува за безбедноста во патниот сообраќај? ... 307

Преглед број 1. Редослед на оценките на испитаниците според висината (највисоко- најниско) ... 77
Преглед број 2. Оценки „се согласувам“ и „потполно се согласувам“ за ставовите со Советодавните групи на граѓани ... 191
Преглед број 3. Доколку би се вклучиле во превентивна програма и/или акција на полицијата, за што би се одлучиле? ... 281
Преглед број 4. Како ќе постапите доколку дознаете дека полицаец што го познавате ја злоупотребил својата позиција поради остварување на лична корист: ... 282
Преглед број 5. Општина во кое е спроведено истражувањето * Година во која е спроведено истражувањето ... 335
Графикон број 1. Дали и колку растурањето на дроги влијае на претставата за криминализираноста на општеството? ... 44
Графикон број 2. Дали и колку пиењето алкохол (пијанство), гласна музика, викотници влијае на сликата за криминализираноста на општеството ... 47
Графикон број 3. Дали и колку пиењето алкохол (пијанство), гласна музика, викотници влијае на сликата за криминализираноста на општеството – прогноза до 2022 година ... 48
Графикон број 4. Дали и колку појавите на вандализам, употреба на оружје и други облици на насилно поведение влијае на претставата за криминализираноста на општеството? ... 51
Графикон број 5. Дали и колку појавите на проституција, трговија со луѓе влијае на претставата за криминализираноста на општеството? ... 57
Графикон број 6. Дали и колку појавите на просјачење, особено на јавните места, влијае на претставата за криминализираноста на општеството? ... 60
Графикон број 7. Дали и колку појавите на толерирање на непочитување на законите влијае на претставата за криминализираноста на општеството? ... 62
Графикон број 8. Дали и колку се согласувате дека кај нас не се гонат крупните криминалци? ... 65
Графикон број 9. Дали и колку појавите на нарушување на јавниот ред и мир влијае на претставата за криминализираноста на општеството? 68

Графикон број 10. Дали и колку појавите на непочитување на сообраќајни правила и возење нерегистрирани возила, влијае на претставата за криминализираноста на општеството? .......................... 71
Графикон број 11. Дали досега сте имале контакт со полицијата? ........ 87
Графикон број 12. Дали во последните три месеци сте се обратиле за помош до Полициската станица? ........................................................ 88
Графикон број 13. Полицијата еднакво се однесува кон сите граѓани 107
Графикон број 14. Во моето место на живеење се потребни повеќе полицајци ........................................................................................ 116
Графикон број 15. Полицајците се професионални и стручни во извршувањето на нивните обврски .................................................... 117
Графикон број 16. Полицајците имаат разбирање за проблемите на луѓето ............................................................................................ 118
Графикон број 17. Полицајците работат сè. Претворени се во комунални инспектори ..................................................................... 122
Графикон број 18. Во моето место на живеење граѓаните на полицајците селективно им помагаат во извршувањето на нивните обврски .......................................................................................... 163
Графикон број 19. Во моето место на живеење граѓаните се задоволни од работата на полицијата ............................................................... 168
Графикон број 20. Полицијата во изминативе две години прави напори да му помогне на населението .......................................................... 185
Графикон број 21. Полицијата сега подобро е организирана при приемот на оштетените граѓани и при сослушувањето на поплаките од граѓаните ........................................................................................ 199
Графикон број 22. Во последно време е подобрена соработката меѓу граѓаните и полицијата ..................................................................... 204
Графикон број 23. Во последно време е подобрена комуникацијата на полицијата со граѓаните ..................................................................... 205
Графикон број 24. Во последно време е подобрена насоченоста на полицијата кон решавањето на проблемите на граѓаните во локалната заедница ........................................................................................... 207
Графикон број 25. Во последно време има напредок во заштитата на жртвите на кривичните дела од страна на полицијата, а посебно на чувствителните групи во општеството ................................................ 208
Графикон број 26. Во последно време е намален репресивниот начин на работа на полицијата ....................................................................... 210
Графикон број 27. Во последно време е подобрен превентивниот однос во работата на полицијата .................................................................. 212
Графикон број 28. Во последно време како граѓанин, полицаецот го гледам како службеник кој мора да ги реши проблемите на граѓаните кои не се полициски ........................................................................... 214

Графикон број 29. Во последно време, полицаецот е поуспешен отколку порано и денес ја стекнува довербата на граѓаните, бидејќи ги решава нивните „мали“ проблеми ........ 215
Графикон број 30. За да е успешен, полицаецот треба, на секои три месеци да има средби со граѓаните ........ 218
Графикон број 31. Командирот на Полициската станица треба да практикува најмалку еднаш на шест месеци да се среќава со граѓаните на моето место на живеење и да слушне за нашите проблеми ........ 220
Графикон број 32. Командирот на Полициската станица треба да практикува на секои шест месеци да се среќава со граѓаните на моето место на живеење за да слушне од граѓаните за работата на полицијата........ 221
Графикон број 33. Полицијата во мојата општина, треба непосредно да не информира за проблемите на општината ........ 224
Графикон број 34. Полицијата треба повеќе да се потпира на можностите на граѓаните кои живеат во мојата општина ........ 226
Графикон број 35. Според мене, полицајците ги уживаат истите граѓански и политички права како и другите граѓани ........ 233
Графикон број 36. Според мене, припадниците на полицијата успешно се спротивставуваат на формите на корупција во рамките на полицијата........ 243
Графикон број 37. Според мене, полицијата го почитува правото на презумција на невиност........ 246
Графикон број 38. Според мене, полицијата треба да продолжи да ги прикажува на ТВ осомничените со лисици на рацете........ 248
Графикон број 39. Според мене, полициските акции и интервенции се објективни и праведни........ 250
Графикон број 40. Според мене, полицијата за својата работа одговара пред граѓаните на Република Македонија и нивните претставници ... 252
Графикон број 41. Според мене, полицијата ги апси само оние кои не се блиски со владејачката партија........ 260
Графикон број 42. Според мене, полицијата е неправедно критикувана за блискост со владејачката партија........ 262
Графикон број 43. Според мене, полицијата е најефикасен орган и затоа е подложен на критика од незадоволните ........ 266
Графикон број 44. На кој начин можете да го остварите влијанието врз полицијата: - преку медиумите........ 273
Графикон број 45. Дали би се вклучиле во некоја превентивна програма и/или акција на полицијата, поради подобрување на вашата и безбедноста на граѓаните во вашето место на живеење?........ 280

## Предговор

Појавата на ракописот „Полицијата и јавноста - анализа на истражувачки резултати 2008-2017 година“ е еднодецениски напор на носителот на овој проект на Факултетот за безбедност. Во 2008 година, на Факултетот за безбедност функционираше студентски истражувачки тим кој промислуваше неколку теми за истражување. Таа година беше реализирано, на шест државни и приватни универзитети, со 1.344 испитаници, студентското истражување „Студентот во социјалните и наставните процеси во Македонија“. Паралелно со оваа активност на Факултетот се одвиваше и **самостојниот истражувачки проект** на професор д-р Фросина Ташевска-Ременски насловен со „**Јавниот лик на полицијата**“. Дел од резултатите на ова истражување се анализирани и во овој труд. Во текот на 2008 година студентите го реализираа пилот-истражувањето „**Граѓаните на Република Македонија за работата на полицијата**“, кое како проект беше констатирано на органите на Факултетот за безбедност. Покрај носителот на проектот во овој истражувачки зафат и професорката д-р Фросина Ташевска-Ременски, беше вклучен и професорот д-р Борис Мургоски. За нивната работа, ангажирање и помош изразувам јавна благодарност. Од 2009 до 2013 годинаистражувачкиот тим функционираше во овој состав. И покрај преземените обврски тимот во целина, не успеа да се појави со извештај, анализа или пресек на истражувачките резултати. Во овој период индивидуално, во рамките на научните трудови на авторите одделно, беа објавени анализи на определени аспекти и беа презентирани и коментирани истражувачки резултати.

Во 2013 година, на Факултетот за безбедност се случија кадровски смени, надвор од вообичаената практика на Универзитетот, која влијаеше на односите меѓу членовите на тимот и тој повеќе ја немаше потребната компактност и енергија за справување со истражувачкиот зафат. Истражувачкиот процес продолжи како индивидуална активност на носителот на истражувањето.

Во 2016 година беше направен обид еден проширен состав и тимот да се појави со заедничка студија.

На почетокот од 2017 година, носителот на проектот и авторите на денешниот ракопис ја презеамаа обврската за обликување на анализата од овие истражувачки резултати. Резултатот на повеќемесечното работење е понуден на судот на јавноста.

За реализација на истражувањето и истражувачките теренски активности од секоја генерација беа ангажирани од 60 до 90 студенти од подрачјето на Република Македонија. Во оваа прилика изразувам

посебна благодарност на секој студент истражувач одделно и на сите студенти заедно за напорот кој беше вложен и за можноста да констатираме дека десетгодишен напор е крунисан со сознанија кои ќе се од особено значење и напредок.

Во овој период со институцијата раководеа професорите д-р Јанко Јакимов, д-р Снежана Никодиновска-Стефановска, д-р Борис Мургоски и д-р Оливер Бачановиќ. Во оваа прилика им изразувам посебна благодарност што ја подржуваа и помагаа истражувачката активност на Факултетот.

Во реализацијата на истражувањето силна поддршка и соработка беше пружена од професорите д-р Борис Мургоски и д-р Фросина Ташевска-Ременски, како и од моите соработници м-р Викторија Тодоровска и м-р Ина Курти, за што изразувам посебна благодарност.

Понудените содржини, на еден или друг начин се резултанта и на заедничкото работење и создавање, за што членовите на тимот имаа навремено обработени и целосни сознанија и резултати.

Понудената анализа на истражувачките резултати во основа е резултат на носителот на истражувањето. Во неа свој придонес имаат и професорот д-р Никола Дујовски и доцент д-р Марјан Ѓуровски. Со колегата Дујовски, во изминатите години успешно ја реализиравме наставата и предметните содржини од научната дисциплина „Полициски менаџмент“ во чии рамки беа реализирани неколку заеднички трудови. Дел од тие дебати успешно се вградени во понудената анализа. Соработката со доцент д-р Марјан Ѓуровски, започна со реализација на истражувањето „Безбедноста и безбедносните закани за Република Македонија“ во 2014 година. Од ова истражување беше објавена заедничка (со повеќе автори) публикација. Соработката продолжи и со овој ракопис. Во оваа прилика посебно благодарам за сочинетите заклучоци и препораки како дел од оваа студија. Резултатот од повеќемесечната активност е заеднички резултат со надеж дека нуди сознанија и информации, кои ќе се од значење за научната заедница, но и за полицијата и полициската организација.

Понудената анализа е само првиот облик што го нуди богатството од истражувачки резултати. Авторите се надеваат и очекуваат да се појави иницијатива и активност за натамошна продлабочена анализа на податоците, како и на обиди да се изврши компарација на овие со истражувачките резултати на професорот Наум Шурбановски кој во далечната 1989 година ги објави истражувачките резултати насловени како „Мислењето на граѓаните за работата на милицијата“.

**Скопје, 5.3.2018 година** **Цане Т. Мојаноски**

## *Вовед*

Науките како што се безбедносните, социолошките, криминолошките, криминалистичките, полициските, медицинските, психолошките и другите во крајна линија се занимаваат со човекот, и барањето одговори поврзани со неговата егзистенција, остварувањето на слободите и правата, промените на условите и околностите во заедницата во која живее, посебно за неговите усилби да ги зголеми капацитетите на заедницата и да создаде амбиент за негов складен, урамнотежен и безбеден развој. Во тој правец се преземаат активности со цел да се препознаат клучните подрачја и димензии на остварувањето на положбата на полицијата како субјект значаен за функционирањето на заедницата и непречениот развој на поединецот во неа. Перцепциите на граѓаните за работата на полицијата не можат да одговорат на сите прашања поврзани со неа во заедницата, но несомнено се индикатор кој укажува колку и како тие ја доживуваат во заедницата и можат индиректно да укажуваат на некои од состојбите со остварувањето на функциите и задачите во заедницата.

Во рамките на истражувањето преку временската димензија се идентификуваат, анализираат, проценуваат и мерат определени перцепции за положбата на полицијата во заедницата, состојбата со криминализираноста на заедницата и полицијата, со социо-патолошките и другите негативни појави, како и со подготвеноста на граѓаните да им помагаат на полициските работници во ситуации во кои се изложени на опасности, како и во други социјални и општествени програми кои се во функција на подобрувањето на нејзината работа.

Полицијата во заедницата применува различни стратегии. Успешноста на тие стратегии е условена од бројни предуслови од економска, демографска и друга природа, од карактеристиките на полициската организација во заедницата (големината, бројот на службениците, половата, старосната, образовна структура на вработените и друго), што влијае на перцепциите на граѓаните за нивната безбедност, за степенот на изграденоста на заемните односи, за активностите, довербата во нејзината работа, за претставите за полициските службеници и за нивната подготвеност да им помогнат и да се вклучат во заедничките акции.

## *Предмет, цели и задачи на истражувањето*

Полицијата и полициската организација се предмет на проучување на бројни дисциплини и науки. Современите социолошки и

политиколошки пристапи кон полицијата се фокусираат на тоа дека таа е посебен ентитет и има сопствени задачи и овластувања, сопствена организациска структура, кадар, средства и специфичности, што на еден или друг начин се нејзина *diferentia specifica*. Со положбата и функциите значајна улога во општеството има и вршењето на тие функции кои обезбедуваат да е во постојана интеракција со општественото опкружување. Ако се има предвид податокот дека опкружувањето на полицискиот систем, grosso modo, го сочинува глобалното општество, во кое централно место има најорганизираниот дел во него – државата, тогаш се погласни се ставовите дека „општеството ја вообличува полициската функција, односно дека таа функција во крајна линија произлегува од потребите, состојбите и односите во определено општество, како и дека еднаш утврдената содржина на полициската функција се менува со промените во општеството“ (Milosavljević, 1997).

Денес речиси и не е можно да се изгради консензус околу поимот полиција, но и околу обемот на употребата на тој поим. Станува збор за бројни пристапи, концепти и дефиниции, или една специфична мултидефинициска ситуација. Во трудот за аналитички потреби поимното определување на полицијата се определува како: „организациски и функционален поим, формален и материјален, стратешки и динамички, полицијата како орган на власт и како јавна служба“ (Milosavljević, 1997). Политичката наука (политиколошкиот пристап) државата ја набљудува како еден политички реалитет со монополот на легитимно физичко насилство, што го остварува со помош на полицијата, како извршен орган. Формално набљудувано полицијата се темели на овластувањата, организациските форми, на авторитетот во општеството, таа е орган кој, во со закон пропишани безбедносни ситуации, ги спречува сите појави и однесувања што можат или доведуваат до непосакувани последици.

За разлика од формалниот, материјалниот пристап во прв план ги става фундаменталните цели на полицијата како што е одржувањето на внатрешната безбедност. Станува збор за легитимна функција која е и практична операционализација на донесените правила во општеството. Полицијата се набљудува и како динамичен, транспарентен систем. Таа се смета за интегрален дел на општеството, која со приспособување на дејствувањето во современите и демократски промени особено е внимателна во сензибилното постапување во одделните конфликтни ситуации, со цел изградба на оптимални интеракциски односи и стекнување на доверба од страна на граѓаните. Полицијата, исто така, се определува и како орган на власта, како јавна служба, што зависи од обликувањето на организацијата на

општеството. Токму затоа полицијата се дефинира како сложен, специфичен и динамичен извршен орган на владата, кој во согласност со законските овластувања е задолжен за одржување на внатрешната безбедност во општеството, преку легитимна употреба на средства за принуда, со строга примена на етичко-професионалните принципи во постапувањето и во вршењето на должностите и одговорностите (Masleša, 1999), (Masleša, 2008).

### *Поимот полиција*

Терминот полиција има бројни значења и може да се определува на повеќе начини, изведени се бројни изрази кои имаат различно значење и се интерпретираат на различни начини.

*Поимот полиција* може да набљудува во историски и современ контекст. Тоа значи дека во тој поим се вклучуваат и историските искуства за улогата и организацијата на полицијата. Станува збор за комплексна општествена појава, што претпоставува и сложен мултидисциплинарен теоретски и методолошки пристап. Сложеноста и мултидисциплинарноста се последица на податокот дека задачите и организациските модели на полицијата, во различни земји, се различни и дека тоа создава тешкотии да се идентификуваат битните заеднички обележја. Тоа условува во преден план „како најважни да се истакнуваат одделни национални специфичности“ (Милосављевић, 1997, стр. 9), (Спасић, 2013, стр. 87).

### *Етимологија на поимот полиција*

Се смета дека пред појавата на државата и на политичко-правните норми, општествата имале поедноставни облици на интеграција. Основната интеграциска врска во првобитните заедници, се темелела на претпоставените трајни односи. Така, во сегментираните општества моралното регулирање на целокупниот живот во заедницата била суштината на односите, а на сродството му се припишуваат обележјата на основна општествена структура и функција. Значи, со моралните и обичајните норми се уредувале имотните односи, воената организација, производствената работа, религиозната функција, солидарноста пред надворешните опасности и други односи кои влијаеле на кохезијата на заедницата. За развојот и диференцијацијата на општествата, посебно значење и улога имаат поделбата на трудот, зголеменаата урбанизација, а посебно диференцијацијата на интересите на поединците и заедницата. Тие процеси доведувале до тоа, одделни обичајни, а посебно регулативните функции на заедницата постепено да

преминуваат на други носители. Како главен носител на посложените функции во заедницата се конституирани и дејствувале определени општествени институции. Всушност, во малите хомогени заедници регулираните односи имале релевантно значење во економската област, а особено во заштитната функција, (таму, на пример, поизразено превентивно значење имал стравот од крвна одмазда, кој во заедницата се смета за важен фактор на генерална превенција од насилство), потоа, здравствената, образовната, како и функцијата на социјална обезбеденост (Masleša, 1999). Значи, историскиот развиток условил, малите заедници да се менуваат, поврзуваат и да прераснуваат во поголеми заедници и целини. Затоа се јавила потреба за нови облици на регулација, посебно потребата од нови облици на заштита. Во таа смисла во заедниците од најраните периоди, но и подоцна, се јавуваат и институциите како главни носители на регулацијата на системското легитимно влијание врз однесувањето на поединците внатре во заедницата. Институциите биле градени врз основа на однапред утврдени критериуми. Низ историскиот развој, полицијата имала различни форми на дејствување.

Терминот „полиција“ (англиски: *police*; германски: *polizei*; француски: *police*) има антички корени. Тој потекнува од изразите *polis, politea*, што се преведувани со значење: управа на градот, државата, устав, заедница и слично. Терминот *polis* е преведуван како град-држава, а изведениот поим *politea* е преведуван како целокупна државна дејност, законодавство, судство и управа(Masleša, 1999, стр. 15-21). Аристотел во делото Политика, зборот *politeia* го користи за означување на државно уредување во кое власта се наоѓа во рацете на мнозинството, кај луѓе кои поседуваат некаков имот и кои управуваат со државата во интерес на сите граѓани. Со тој израз се означува и кое било државно уредување (Гогов, 2013). Тоа уредување се наоѓало на средината меѓу демократијата и олигархијата. Во него полициските задачи ги вршеле астиноми (αστινομοσ) и други полициски органи. Значи меѓу термините *politeia* (πολιτεια) разбрана во духот на Аристотел и поимот полиција сфатена во денешна смисла не постои еднаквост(Кешетовић, 2000), (Milosavljević, 1997, p. 3), (Babović, 1977, стр. 12-13). Имено, се укажува дека во преводот на Аристотеловото дело не може да се воочи „врската која и јазично постои меѓу полис (државата или државно заедништво), politea (устав, држава, државен поредок или облик на политичко владеење), politeum (државна управа) и polites (државјанин или граѓанин) со што е отежнато разбирањето на Аристотел и изворната грчка политичка мисла за нивната стварна меѓусебна зависност“ (Pažanin, 1989, p. 110). Римјаните го користеле изразот *politia*. Терминолошкиот континуитет, меѓу другото е резултат

на податокот „дека и современата полиција во основа ја задржала мисијата и некои основни облици на организирање, кои на почетокот на новата ера, ги имала полицијата во Рим“ (Кешетовиħ, 2000), (Babović, 1977, стр. 12).

Историски, поимот полиција се користел со различни значења. Така во XIV век во Франција, а и во некои германски и други држави, со него е означувана **вкупната државна дејност**, или во потесна смисла на зборот - посебно уреден државен поредок. Во апсолутните монархии под полиција е подразбирана целокупната внатрешна управа (постојните и идните управни ресори, со исклучок на воениот и ресорот за надворешни работи) и внатрешните државни работи, освен војската и судството (Кешетовиħ, 2000). Долго време поимот полиција бил идентичен со поимот внатрешна управа, со системот на власт, со напредна влада, цивилизирано уредување на државата и слично. За цивилизирани се сметале нациите кои имале уредена државна управа, односно се сметало дека нацијата е полицизирана. Така во средниот век поимите полиција и политика добиле заедничко значење преку кованицата политичка полиција (Masleša, 1999). „Во XVII век во германските држави концептот на административна моќ се разбирал како ’добра полиција’ (gute Policey), којшто се однесувал на сите аспекти на јавниот живот поврзани со среќата на населението. Ова е познато како камерализам каде полицијата имала функција да го раководи целосно животот на секој поединец од населението, со намера да се исполнат владините цели за максимизирање на ресурсите и енергијата на народот“ (Гогов, 2013). Со поимот полиција, од XVIII век, се означува органот задолжен за внатрешната безбедност во чија надлежност е превенирањето на опасности во државата. Всушност, се врши дистинкција од војската (армијата) чија задача е насочена кон надворешните опасности.

Сфаќањата за поимот полиција се менувале и во функционална и во организациска смисла. Така, историското искуство не учи дека, на почетокот на развојот на државата исти органи вршеле различни управни, политички и судски задачи, за подоцна, посебно со диференцијацијата на државните функции се издвоиле посебни органи за извршување, пред сè, на полициски задачи и активности. Овде треба да се подвлече дека полициската организација, најдолго е поврзувана со воената организација, од која постепено се издвоила во самостојна служба со сопствени средства за принуда (оружје, затвори). Модерната полициска организација, односно ресорот за внатрешни работи во денешна смисла на зборот, настанал дури во XIX век (Milosavljević, 1997, стр. 4-6).

Поимот полиција се стеснувал како последица на развојот на

управните функции на модерната држава, особено со диференцирањето на сè поголем број на управни ресори. Имено, може да се констатира дека во XVIII и во значителен дел од XIX век со поимот полиција се именувало релативно широко подрачје на внатрешната управа. Имено, со тој поим се означувале органите и активностите поврзани со одржувањето на јавниот ред и мир и со сузбивањето на криминалитетот. Тоа бил период кога се извршило одвојување на полициските работи како државни работи од другите внатрешни работи како што биле, на пример: образованието, урбанизмот, здравството и слично.

***Полиција, поим и пристапи***

За модерна дефиниција на поимот полицијата се сметала онаа која неа ја опишувала како „оној дел од општествената организација кој непосредно се грижи околу одржувањето на добриот поредок, односно превенцијата и откривањето на повредите на тој поредок“ (Mawby, 1990, стр. 2), а додека Lepine сметал дека таа е „организирано тело од службени лица со примарни задачи за заштита на поредокот и обезбедување на безбедноста на лицата и имотот“ (Milosavljević, 1997, стр. 32).

Според Гогов една од првите правни дефиниции на полицијата се наоѓа во Прускиот закон (Landrecht Law) од 1794 година, во кој таа е дефинирана како: „неопходен апарат за воспоставување на јавен мир и безбедност и за отстранување на опасности како за јавноста така и за секој поединец“, со што полициската функција се ограничува на задачи за одржување на воспоставениот ред. Имено, според овој Акт 139 во задачите на полицијата се наброени: „заштита на луѓето и имотот, грижа за животот и здравјето, одржување на редот и безбедноста, безбедноста на сообраќајот на јавните улици, патишта, мостови, морскиот брег, како и сè друго што од гледна точка на полицијата мора да биде вклучено во посебните интереси на градовите и нивното население“. И во таа смисла се нагласува дека по 1848 година полицијата повторно се дефинира со две функции, поврзани со: а) грижа за благосостојбата на државата и б) заштита од опасности (Гогов, 2013).

Употребата на поимот полиција и денес има многу значења. Вообичаено со него се означува посебна државна служба, т.е. орган на државната управа задолжен за чување на јавниот ред, постојното уставно уредување и поредок, заштитата на личната и имотната безбедност на граѓаните. Во речниците и лексиконите овој поим се употребува за да се означи (*politeia*) уреден државен живот (Klaić, 1987,

стр. 1063), дејност која ја врши определена служба (даночна, финансиска, криминалистичка, правосудна, шумска, комунална и слично), или установа која се грижи околу одржувањето на јавниот ред, мир и поредокот во државата, личната и имотната безбедност, дејност на таа власт и на вработените во нејзината служба, збир на полициски службеници, на нејзини припадници (полицајци, иако денес тие се именуваат со „службеници“) и зградата во која е сместена таа (Ширилова, 2001), (Вујаклија, 1996/97), (Клајн & Шипка, 2006, стр. 1156), (Anić, Klaić, & Domović, 2002, стр. 1121). Денес со овој термин се означуваат бројни органи и посебно организирана служба (или служби) задолжени за одржување на јавниот ред и поредок, заштита на сопственоста, превенцијата и репресијата на криминалитетот и извршувањето на законите (*law enforcement*) (Кешетовић, 2000, стр. 89-93). Со него се именуваат и припадниците на тие служби („овластен полициски службеник“, шумски, даночен, финансиски и слични полицаец). Овде треба да се подвлече дека денес речиси и да не постои посериозен консензус меѓу современите теоретичари за сфаќањето на поимот полиција. Причините се бројни и се последица на сложеноста на полицијата како општествена појава, на бројноста и шареноликоста на задачите и организациските модели на полицијата во одделни земји. На тоа ќе ја додадеме и констатацијата на францускиот судија Серж Фустер, кој вели: „ништо не е така флуидно и збунувачко како што е полицијата“ (Кешетовић, 2000, стр. 93).

Полицијата во современа смисла е дел на системот на институции на власта, дејствува во различни историски, економски, политички, културни и социолошки услови и извршува разновидни задачи. Таа се опишува како сила и како сервис (Гогов, 2013). Ставот за неа се темели врз основа на тоа дали постои консензус со јавноста за извршувањето на задачите или, пак, таа во основа е инструмент на власта и формација задолжена за борбата против криминалот и контрола на други девијантни појави и состојби во заедницата, сè до појавите за нејзина инструментализација во партиски и политички цели, или цели на определени структури кои се во судир со законот (Гогов, 2013, стр. 86-90). Џером Сколник зборува за цивилна полиција како „општествена организација создадена и одржувана во рамките на политичкиот процес за да обезбеди почитување на доминантната концепција на јавниот ред“. За Игон Битнер таа е „механизам за дистрибуција на беспоговорната (non-negotiably) сила, за принудата, која е употребена во согласност со императивите на интуитивните барања на ситуацијата“ (Bittner, 1970, стр. 46). Рајнер ги спојува овие дефиниции, а Лубе дел Бајл полицијата ја разгледува како „функција која е доверена на определени припадници на една група, која во име на

колективитетот, го спречува и казнува кршењето на правилата што важат во групата и дека, ако е потребно, тоа ќе го чини со принуда која во себе вклучува и примена на сила“ (Кешетовић, 2000). И Дејвид Бејли кога ја дефинира полицијата поаѓа од функцијата и средствата што таа ги користи и смета дека „полицијата ја сочинуваат поединци кои определена група ги овластила да ги регулираат односите меѓу луѓето користејќи физичка сила“ (Bayley, 2006).

Според Б. Бабовиќ, под полиција се подразбира „целината на органите и институциите на кои со закон им се доверени извршните задачи за одржување на редот и репресијата на криминалот, со примена на сила, се разбира, доколку има потреба“ (Babović, 1977, стр. 20), (Кешетовић, 2000, стр. 89-93). Според тоа можеме да констатираме дека поимот полиција се дефинира како „*сложен систем од професионален тип, кој е организиран за одржување на јавниот ред и поредокот во општеството и кој за тие цели е снабден со законски овластувања и потребни средства, вклучувајќи ги и средствата за принуда*“ (Milosavljević, 1997, стр. 39). Покај тоа, модерната полиција подразбира уште три суштински карактеристики: (1) јавно (односно државно, наспроти приватното), (2) специјализација и (3) професионализам (Bayley, 1996).

Ако се послужиме со пристапот на Богољуб Милосављевиќ, да се има предвид доминантноста на елементите во одделните дефиниции, тогаш, би можело да се зборува за повеќе значења на поимот полиција, и тоа: а) организациско и функционално, б) формално и материјално, в) статичко и динамичко и г) како орган на власта и на заедницата.

Кога се зборува за полицијата во *организациска смисла*, тогаш, всушност се зборува за посебно организирана сила, специјализирана оружена сила; служба со професионален состав, збир на органи и институции со полициски функции и задачи, посебен државен орган; специфична управна организација и управен ресор со задачи во доменот внатрешни работи.). Што се однесува, пак, до *функционалната смисла* на значењето полиција, е насочена кон тоа да се зборува за определена дејност на државата и општеството, власт што нормира, пропишува, ограничува и интервенира во внатрешните односи, државна, управна функција, јавна служба и слични значења.

*Формалното* значење на поимот полиција е поврзано со надворешниот, пред сè, правен израз, т.е. со нејзината форма утврдена со позитивното право со тежиште на авторитетот, видовите овластувања, организациските облици, режимот на дејствување и процедурите што се применуваат во нејзината работа. *Материјалното* значење на поимот полиција упатува на целите и основната содржина на активностите на полицијата и одделните карактеристики, што се

нејзина своевидна *differentia specifica*. Доминира ставот дека, цел на полицијата е одржувањето на јавниот ред и уставно утврдениот поредок, односно извршувањето на прописите, посебно, со закон определените услови да примени физичка сила или принуда.

Во *статичка* смисла полицијата се разбира и се сфаќа како институција со обележја на затворен систем со однапред недвосмислено утврдена положба и улога во општеството и системот на власта, која постапува доследно и во согласност со важечките прописи, а на која општествените промени влијаат само во таа мерка во која можат, или е пожелно, да добијат нормативно-правен израз и облик. Кај *динамичкиот,* полицијата се сфаќа како отворен општествен систем кој е во постојана интеракција со окружувањето во кое се наоѓа, располага со определена дискрециска власт, е во постојана интеракција и промена, приспособување и развој и во постојано барање на форми за вклучување на заедницата.

Сфаќањето на *полицијата како орган на власта* претпоставува истакнување на оние елементи во кои таа се интерпретира како дел од државната структура, како организација со монопол на физичка принуда и како еден од извршните органи на државната управа. Во таа смисла полицијата е орган кој има правна функција, која се операционализира во способноста и одговорноста да издава општи и поединечни заповеди и со примената на принудата поради обезбедување на непосредното извршување на законите и другите прописи. Таа се дефинира како најтипичен орган на државната (јавната) власт и „заедно со војската ја сочинувала сржта на државата како монопол на физичката сила“ (Марковић, 1995, стр. 430).

Во овој контекст е и гледиштето на Леон Диги за тоа дека модерната држава има социјална функција и во неа јавната власт се трансформирала во јавни служби. Во таа смисла и класичните државни дејности (одбраната, безбедноста и судството) се именуваат со јавни служби (Диги, 1977). Сфаќањето на полицијата како *јавна служба*, укажува на тоа дека во дефинициите се нагласува социјалната функција на современата држава и дека таа е јавна служба која извршува определени услужни дејности (Milosavljević, 1997). Токму на тие основи, значителен број од јавните служби, како што се заштитата на шумите, вршењето на обезбедувањето во специфичните јавни установи, како што се судовите и затворите, даночните установи, финансиските, инспекциските и комуналните функции. Затоа, на гледиште сме, да укажеме дека поимот полиција се користи и шири и на дејности кои се од јавен интерес. Тој поим се поврзува за секоја поорганизирана група или служба која применува овластувања или врши власт. Несомнено е дека ваквите стојалишта можат, повеќе или помалку, да се прифаќаат и

оправдуваат, сепак, треба да се подвлече дека полицијата не може да се набљудува исклучително како владин и примарен инструмент на социјалната контрола.

Има и гледишта како она на Моби (R. I. Mawby), кој потенцира дека под поимот полиција во основа се подразбира секоја посебна агенција или установа, која се одликува со легитимност, структура и функции што ги извршува. Според него, во определени општества, заштитата на јавниот поредок, ред и мир, превенцијата и откривањето на криминалот, како и другите задачи можат да се надлежност и на други органи, не само на полицијата, и дека таквите положби можат да вклучуваат и определени облици на контрола над полицијата, да ја сведуваат неа на сервисни или административни услуги и слично (Mawby, 1990, стр. 3).

Инфлацијата на називи „полиција“, објективно доведува до губење на суштинското значење на поимот полиција и дека тој сè повеќе се изедначува со поимите на лица задолжени за примена на законот, или јавна служба или дејност, па сè до несоодветно преведениот поим **полицирање**, кој се сведува на граѓанственост, односно јавно управување. Се чини дека е неопходно да се актуализира дебатата и да се трага по термини и поими, кои на еден или друг начин ќе ја изразуваат специфичната положба на определени јавни служби и дејности.

Во дебатата за поимот полиција се нагласува дека станува збор за сложен систем кој се наоѓа во интеракција со околината во која дејствува, и е систем од професионален тип, што значи ги опфаќа оние органи и институции кои извршуваат полициски задачи во форма на јавна служба (не се однесува на формите на јавно управување). Овој поим подразбира дека е систем кој го градат облици во чиј состав се професионалци, луѓе со струка, занимање и знаење, кои се посветени на заштитата на јавниот ред и правниот поредок, на заштитата на слободите и правата на поединецот, и дека своето постапување го темелат на законот како извор на овластувањата и законските можности да се употребат средства за принуда меѓу кои и оружје. Се чини дека овластувањата, средствата и принудата се специфични обележја и задачи, што неа ја одвојува од другите јавни служби што вршат определени извршни (оперативни) функции, како што се обезбедување, заштита на имот и лица или воспоставување на ред и дисциплина во одделни институции.

Во дебатите за полициската функција се констатира дека таа е подредена на целината на интересите и како таква и е потребна на заедницата. Се смета дека таа има карактер на глобална социјална функција, која е свртена кон потребите на глобалното општество, т.е.

заедниците кои имаат територија. Во таква заедница целта на полицијата е регулативна. Станува збор за внатрешна општествена регулација, која се одвива според општите правила, односно правилата што важат за општеството, како тоталитет, а не само за одделни сегменти. Правото е инструмент на општествената регулација (Pusić, 1989, стр. 6). Со поимот општествана регулација се опфаќа и дејствувањето на полицијата кон интересите на поединците поради зачувување на определени вредности, обичаи и традиција на заедницата, во обезбедувањето на редот и мирот, заштита на личната и имотната безбедност, јакнењето на солидарноста, промовирањето на општите интереси, решавањето на споровите и судирите меѓу поединците и групите во општеството и слично.

Полициската функција има **јавен карактер** и по тоа таа се разликува од „полицирањето“ во потесните групи („инсертите“ на глобалното општество), кое, може да има сопствени форми на полиција - **приватни полиции**. Меѓутоа, функциите на приватните полиции се остваруваат исклучително и, пред сè, по повод односите меѓу членовите на потесните (специјални) групи и се во врска со типот на активностите кои ги поврзуваат тие групи (главно, економски, ретко културни, социјални, религиозни и слични активности). Затоа и овие полиции имаат приватен, а не јавен карактер (Milosavljević, 1997, стр. 132).

Од анализата на дефинициите на поимот полиција, може да се констатира дека во нив се комбинираат повеќе критериуми и се вложуваат напори да се избегнат едностраните пристапи, да се укаже на сложеноста на појавните облици, содржините и функциите на другите аспекти на тој поим.

***Полицијата субјект на контролата***

Регулирањето на општествените односи со примена на полициски средства и методи преземени од државна институција наречена полиција е само дел од општествената контрола која може да се спроведува на различни начини (формално и неформално). Овде се прави разлика меѓу две форми на формалната општествена контрола и тоа на т.н. „тврда“ и „мека ивица“ (Innes, 2003, стр. 7). Примената на полициската контрола Рејнер ја дефинира како „еден аспект од процесите на општествената контрола, која универзално се појавува во сите општествени ситуации во кои постои потенцијал за конфликт, неред или девијантност, при што е вклучено следење и набљудување поради откривање на актуелни или можни проблеми, како и со закана од санкција, со цел да се обезбеди општествениот ред“ (Davies, Croall, & Tyrer, 2005, p. 140).

Во секојдневниот разговор, има тенденција да се користат изразите на полициски начин (policing) и полиција (policing and the police) повеќе или помалку да се преклопуваат, да се заменуваат. Тие според Роберт Рејнер (1997), се однесуваат на две одвоени нешта и нивното изедначување во културата води кон појавата на синдромот „полициски фетишизам" (‘police fetishism'). Полицијата е специфична, современа организација, која располага со овластувања да користи или да предупредува и да применува физичка сила, да го спроведува законот во согласност со одржувањето на правниот и општествениот поредок. Наспроти тоа, policing се однесува на распонот на разновидни активности на надзор и контрола, што го спроведуваат широк спектар на агенции. Можеби затоа има и погледи дека тој поим треба да се преведува и како, граѓанственост, односно јавно управување, јавна контрола и слично. Со таквата дефиниција можат да се опфатат и потенцијалните активности на приватните безбедносни компании, локалните организации во заедницата, инспекторите на локалната управа за заштита на околината и низ другите слични агенции (Innes, 2003, стр. 64). Според Innes „фетишот" што го опишува Рејнер е резултат на тоа што Manning (1997) го нарекувал „митологизација на полициското дејствување". Имено, според Маннинг, полицијата од своето основање и во текот на историскиот развој, се потпирала на стратегијата на управување со импресии за да го спореди отпорот и да поттикне кон популарна поддршка на населението за задачите поврзани со спроведувањето на законот и вршењето на општествената контрола. Оваа митологија симболички набљудувано е исфорсирана верзија на елитизмот која во суштина јавното управување, односно полицирањето (policing) го портретира како драматична и опасна задача, пренесувајќи ја така симболичката порака дека полицијата во општеството е отелотворување и потпора на основниот морален консензус за доброто и лошото, вистинското и погрешното. Клучна компонента на полицискиот мит е нагласувањето на работењето на надзор над криминалот како централно место на полициската активност.

### ***Полицијата spiritus movens на истрагите на криминалот***

Полициските службеници, медиумските центри на полицијата и јавноста се сконцентрирани на тоа, да нагласат, дека како примарна функција, како основна задача на полицијата, е истрагата и откривањето на криминалците. И надзорот над криминалот е значаен аспект на полициската функција, но, тој не е нејзината единствена задача. За тоа што денес е широко прифатено како стандардна дефиниција за улогата на полицијата во општеството Egon Bittner

(1974), идентификува дека „итното одржување на општествениот поредок“ е тоа што го обединува колоритниот распон на задачите кои полицијата треба да ги изврши или да се вклучи во нивното извршување. Значи, полицијата дејствува во оние ситуации во кои општествениот поредок се прекршува. Оваа општа постапка на одржување на редот е индикатор за способноста на полицијата да управува со различните проблеми, со можноста да се повика на со законот пропишаниот начин на примена на сила (Innes, 2003, стр. 64).

Ако се сумираат досегашните согледувања полицијата може да се набљудува како посебен организиран и сложен управен ресор од професионален тип, формиран врз основа на закон и врз таа основа определените надлежности за одржување на јавниот ред, мир и поредок и борбата против криминалитетот, со можност за легална употреба на сила (принуда) и како орган на формалната социјална контрола и јавна служба, која дејствува во согласност со потребите на граѓаните.

***Јавноста и полицијата***

Предмет на нашиот интерес е и јавноста, конкретно перцепциите за односот меѓу полицијата и граѓаните, посебно во заедницата во која таа функционира како орган на власта (нивото на заштита на општата безбедност), како орган на социјална контрола (нивото на обезбедување на слободите, посебно ослободувањето од стравот) и како сервис на граѓаните (нивото на заштита на човековите слободи и права). Полицијата е комплементарна со традицијата на демократските државни и правни системи кои ги гарантираат претпоставките таа да се појавува како сила востановена во корист на сите, а не за лична корист на оние на кои им е доверена (член 12 од Декларацијата за правата на човекот и граѓанинот од 1789 година) (Jovičić, 1984, стр. 491).

Полицијата во овој истражувачки зафат се третира од аспект на ставовите на граѓаните, како елемент на јавното мислење. Мислењето е приватна категорија, а покрај тоа и незадолжително искажување суд. Зборот *мнение* изразува неодредено и непрецизно мислење за некого или за нешто (Tadić, 1996).

Јавноста е облик на обелоденување, фрлање светлина врз тоа што се случува. Зборот „јавно“ значи отворено и општо достапно. Во своето потесно значење зборот „јавност“ е тесно поврзан со поимот „јавно мислење“. Јавноста е општествен и политички простор во кој настапува и дејствува јавното мислење. Таа е придобивка и услов на политичката демократија (Tadić, 1996). Атрибутот „јавно“ најчесто се

применува во смисла на „јавно мислење“, односно „јавност која е добро информирана или која негодува“ (Habermas, 1986).

Јавното мислење ги резимира природните закони на тоа уредување, па иако не владее, неговото разбирање мора да го следи просветениот владетел (Diverže, 1966, стр. 70).

Зборот „јавно мислење“ е од англосаксонско потекло. Макијавели го советувал владетелот да има постојана грижа за придобивање на наклонетоста на јавното мислење ако сака да ги зачува својата власт и личната безбедност (Politička enciklopedija, 1975, стр. 385).

Јавното мислење се определува како доминантен став на припадниците на една заедница за определени општествени појави, за определени постапки и однесувања на организации, групи и поединци и особено за акциите на политичките и на другите општествени фактори што имаат вистинско или имагинарно значење за животот во општеството. Јавното мислење за голем број членови на едно општество е широка, заедничка, психолошко-идеолошка реакција на одобрување или осуда, поддржување или противење на постапките, мерките или одлуките што се од интерес за тоа општество. Во таа смисла, „јавното мислење може да се сфати како постојан општествен процес на интегрирање поединечни мислења и расположенија во колективни ставови и реакции, а, од друга страна, како низа конкретни резултати и манифестации на тој процес“ (Politićka enciklopedija, 1975, стр. 384).

Јавното мислење, и покрај тоа што се стреми да стане јавно, не мора да биде јавно изразено, туку може да биде и скриено. Тоа е средство што ги соединува граѓаните во единствен политички субјект и со тоа ги прави политички субјекти. „Постојат два начина, односно два процеса на формирање на јавното мислење: спонтан или примарен и институционален, односно изведен. Овие два процеса во практиката се неразделно поврзани и меѓусебно условени“ (Груевски, 2007, стр. 132).

### ***Операционално, временско, просторно и дисциплинарно определување на предметот на истражувањето***

**Временската рамка** на ова истражување е во периодот од 1988 до 2017 година. Од временски аспект, истражувањето се занимава со перцепциите на граѓаните за работата на полицијата во периодот од 2008 до 2017 година.

Просторно истражувањето е организирано на подрачјето на Република Македонија, во сите плански региони. Истражувачките

дејства на терен се реализирани во месец јануари (освен истражувањето во 1988 година во март и април) од 8 до 20 јануари.

Дисциплинарно истражувањето припаѓа на политиколошките, социолошките и полициските науки.

**Цели и задачи на истражувањето**. Општа цел на истражувањето е да придонесе кон создавањето на научна база од истражувачки резултати за ставовите на граѓаните на Република Македонија за работата на полицијата, за нивните претстави за неа, за безбедносните потреби на граѓаните, за социопатолошките појави и другите криминолошки феномени во земјата.

Научната цел на истражувањето е **научна дескрипција** на перцепциите на граѓаните за работата на полицијата, за нејзиниот јавен лик, за социопатолошките појави и криминалот во заедницата, за стратегиите за справување со нив.

Во основа, е лонгитудинално истражување. Во неговата реализација се применети методи и техники од квантитативната и квалитативната истражувачка традиција. Станува збор за примената на структурираното интервју во облик на социодемографска анкета.

Врз основа на предметот на истражување и целите пред и во истражувањето се определени задачи: 1) согледување на карактеристиките и специфичностите на перцепциите за социопатолошките појави и нивниот придонес за градењето на претставата за криминализираноста во општеството; 2) идентификување на ставовите на граѓаните за работата на полицијата како субјект, и за нејзиниот однос кон нив; 3) идентификување на перцепциите за степенот на соработка меѓу граѓаните и полицијата; 4) идентификување на карактеристиките и начинот на функционирање на полициската организација во локалната заедница; 5) перцепции за остварување на елементите од соработката меѓу полицијата и граѓаните изразени преку облиците на соработка и нивото на доверба што се гради меѓу нив; 6) перцепции за односот на граѓаните кон полициската организација; 7) перцепции за статусот и положбата на полицијата во општеството; 8) перцепции за подготвеноста да им помогнат на полицајците во неволја; 9) перцепции за безбедноста во сообраќајот; 10) перцепции на граѓаните за подготвеноста да учествуваат во програми за промена на состојбите; 11) перцепции за степенот на информираноста за полицијата, чувството на безбедност и за јавниот лик на полицаецот.

Практичната цел на истражувањата има за цел да создаде искуствена евиденција за перцепциите на граѓаните за работата на полицијата, за претставите за неа и подготвеноста да и се помогне и да се учествува во програми за промена на состојбите. Во крајна инстанца, со истражувањето се настојува да се утврди влијанието на односот меѓу

граѓаните и полицијата.

### *Хипотетска рамка на истражувањето*

Појдовните истражувачки претпоставки се условени со предметното определување, поставените цели и задачите на истражувањето. При дефинирањето на хипотезите се поаѓаше од тоа дека: концептите и пристапите во определувањето на поимот, положбата и структурата на полицијата како појава, организација и полициската работа или дејствување во заедницата (community policing) различно се третираат, дека постојат спротивставени, па понекогаш и дивергентни гледишта и дека перцепциите се дел од индикаторскиот систем со чија помош може да се нијансира и определува положбата на полицијата во општеството. Се смета дека искуствата на граѓаните и општите претстави за положбата и дејствувањето на полицијата може да се во функција на унапредување на постојните и на развојот на нови стратегии на полициска работа и активности. Таквите сознанија треба да придонесат за унапредување, уточнување и на законските и други нормативни решенија кои ќе се во функција на поефикасна и поефективна полициска организација, која обезбедува претпоставки за непречен општествен и вкупен тек на живеењето и работата во заедницата.

Хипотетската основа на истражувањето е конципирано така што тоа да претставува зафат кој треба да обезбеди емпириска евиденција за контекстот и има за цел да се создадат можности за генерирање на хипотези за идните истражувања. Во таа смисла се поаѓа од следните претпоставки:

### *Методи и инструменти*

За тоа каква е перцепцијата на граѓаните за полицијата ќе ги претставиме резултатите од анкетните истражувања спроведени на подрачјето на Република Македонија во периодот од 2009 до 2017 година. Во обработката на овој извештај се користени и дел од истражувачките резултати од истражувањето „Јавниот лик за полицијата“, спроведено од професорката д-р Фросина Ташевска-Ременски, во периодот март - април 2008 година. Станува збор за теренски истражувања, спроведувани во сите плански региони во Република Македонија, меѓу 30 и 40 општини. Бројот на испитаниците се движи од 1.032 во 2017 до 1.440 во 2011 година. (Тоа по години изгледа вака: во 2008 година 1.163 испитаници, 2009 - 1.318, во 2010 - 1.309, 2011 со 1.404, 2012 – 1.240, 2013 – 1.138, 2014 – 1.167, 2015 –

1.016, во 2016 – 1.044 и во 2017 година 1.032 испитаника). Примерокот е конструиран како повеќеетапен и е во групата на намерните примероци (Мојаноски, 2015). Тој се конструира на тој начин што во секој плански регион се избираат општини кои ќе бидат предмет на теренска активност. Во секое населено место се конструира урбано или рурално јадро и се избира принципот на десната страна на движење. Се посетува секое петто живеалиште во индивидуалните градби, односно секое дваесетто во колективните станбени живеалишта. Изборот на соговорникот се врши врз основа на принципот најблизок роденден, до денот на посетата, на полнолетно лице што живее на таа адреса. Инструментот според начинот на пополнување е структурирано интервју. Секој истражувач води анкетарски дневник во кој ги забележува информациите за движењето во јадрото, начинот на обезбедување на соговорниците и ситуациите на прифаќање и одбивање, како и коментарите кои се составен дел на теренската работа (Мојаноски Ц. Т., 2012). За потребите на истражувањето се изработени: (1) Упатства за начинот на конструирањето на примерокот, (2) Упатство за избор на соговорник, (3) Упатство за водењето на анкетарскиот дневник, (4) Упатство за начинот на следење и контрола на теренските истражувачи, (5) Упатство за начинот на постапување со истражувачкиот материјал.

Истражувањето секоја година, од 2009 до 2017 година, се спроведуваше во периодот од 8 до 20 јануари.

**Инструментот** е конструиран во облик на социодемографска анкета во која има вклучено определен број на батерии на прашања од затворен тип со одговори од Ликертовата скала (од - воопшто не се согласувам до - потполно се согласувам и одговорот - не можам да оценам), потоа батерии на прашања со дихотомни одговори, прашања со повеќе избори и отворени прашања(Мојаноски, 2015).

### *Примерок - испитаници*

При утврдувањето на мострата основно е да се одбегне пристрасноста. Тоа се обезбедува преку примената на случајноста во изборот. Кога се употребува поимот „случајност“, пред сѐ, се има предвид дека се работи за грижливо планирана активност, при што во појавата на сите единици им се дава еднаква можност да бидат избрани.

Во истражувањето е користен повеќеетапен примерок. Повеќеетапниот примерок е тип на стратификациски примерок. Тој се применува кога популацијата е голема, а за истражување нема многу

време и пари. Пример, ако имаме намера да го утврдиме мислењето на граѓаните за определена акција на полицијата. По случаен избор се избираат неколку места, потоа во нив се избираат определен број на населени целини, а изборот на соговорниците се избира случајно.

Во применетите истражувања, кои се преземаат на факултетите, затворските средини, организираните заедници, (полициска станица, единица, одделение) помалку се посветува внимание на проблемот на примерокот што е и разбирливо кога се знае дека ова истражување, посебно малите и акциските (во акциските истражувања имаме учесници во истражувањето, наместо примероци во истражувањето), пред сè, имаат за цел не да се утврдуваат законите и законитостите во областа на безбедноста и асфалиалогијата (тие се обично резултат на фундаменталните истражувања), туку да ги направат применети во практиката. Меѓутоа, има доста проблеми при реализацијата во зависност од средината во која се спроведува (на факултетите нови модели на учење, нови наставни поставки итн., во затворските средини нови правила и ред во институцијата, во органите на управата нови модели на решавање на проблемите) коишто треба најнапред да бидат проверени (следени и проучувани) на помал број на испитаници, на ограничен број постапки и ограничени содржини и слично, пред да се „прошират“ на сите учесници, наставните содржини, варијаблите и постапки на кои се однесува таквото истражување.

***Карактеристики на примерокот***

Испитаниците беа избирани на тој начин што најнапред во секоја општина градско или селско населено место се формираше јадро. Во секое од јадрата се вршеше посета на секое петто домаќинство во индивидуалните живеалишта, односно секое дваесетто домаќинство во колективните живеалишта. Доколку на денот на посетата никој не е присутен, или одбие соработка, предмет на интерес беше следното живеалиште. Упатствата беа така срочени, доколку некој и во тој случај одбие, тогаш изборот е на следното петто живеалиште.

Изборот на испитаниците беше извршен по принципот на близок роденден на член на семејството. Применето е структурирано интервју (лице в лице).

Истражувањето беше конципирано така што да ги опфати сите делови на Република Македонија и да се постигне приближен број на испитаници од сите делови, од град и село. Имено, поради релевантност на резултатите водено е сметка подеднакво да бидат застапени испитаници од сите региони во Република Македонија во согласност со официјалната територијална поделеност.

***Табела број* 1. *Број на општини во кои е реализирано истражувањето –вкупно***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| **Σ=општини** | 46 | 33 | 37 | 44 | 37 | 36 | 34 | 31 | 34 | 34 |

Истражувањето секоја година е спроведувано меѓу 31 и 46 општини. Подетални информации за годината на спроведување, местото, односно општината и бројот на испитаниците се дадени во Преглед број 1. во прилог). Истражувањето за десетте години било спроведено во 366 општини и опфатило 11.860 испитаници.

Регионалната структура на испитаниците покажува дека таа во основа е постигната во 7 од 8. плански региони на Република Македонија. Бројот на испитаници од година во година варира според бројот на испитаници. Тоа е последица на немањето постојана мрежа на соработници во Македонија. Соработничката мрежа (теренските истражувачи) ја сочинуваа студентите од трета година на Факултетот за безбедност и истото беше реализирано како дел од практичната работа по предметот „Методологија на истражување на безбедносните појави“.

Регионално погледнато дистрибуцијата на испитаниците е прикажана во следната табела.

Регионалната дистрибуција на испитаниците создава претпоставки за изведување на заклучоци кои со определен степен на внимателност при изведувањето на заклучоците обезбедуваат солидна основа за изведување констатации и препораки кои би се однесувале на вкупната популација.

***Табела број 2. Испитаници според планските региони во Македонија***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Плански регион: | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. Скопски | 29,75 | 25,27 | 35,83 | 21,25 | 33,39 | 32,69 | 16,88 | 23,23 | 35,44 | 26,16 |
| 2. Пелагониски | 8,25 | 13,88 | 11,46 | 15,42 | 10,81 | 10,28 | 20,57 | 7,28 | 11,40 | 15,99 |
| 3. Североисточен | 14,96 | 9,71 | 9,17 | 14,86 | 19,03 | 12,30 | 7,71 | 10,33 | 18,20 | 5,81 |
| 4. Полошки | 2,24 | 4,55 | 3,44 | 11,81 | 8,71 | 20,39 | 3,00 | 15,06 | 1,44 | 7,27 |
| 5. Вардарски | 9,72 | 17,91 | 17,19 | 10,35 | 6,13 | 6,77 | 16,97 | 11,81 | 11,97 | 15,79 |
| 6. Источен | 17,45 | 12,52 | 10,31 | 14,65 | 10,81 | 10,54 | 14,82 | 15,16 | 10,06 | 16,09 |
| 7. Југоисточен | 14,53 | 8,57 | 4,58 | 8,19 | 5,65 | 3,51 | 9,94 | 7,48 | 5,27 | 4,26 |
| 8. Југозападен | 3,10 | 7,59 | 8,02 | 3,47 | 5,48 | 3,51 | 10,11 | 9,65 | 6,23 | 8,62 |
| **Вкупно:** | **1163** | **1318** | **1309** | **1440** | **1240** | **1138** | **1167** | **1016** | **1044** | **1032** |

Според видот на населбата во која е спроведено истражувањето можеме да констатираме дека најбројни се испитаниците што живеат во градот. Просечно секоја година биле анкетирани по 854 испитаници од градот и 332 испитаника од село.

***Табела број* 3. *Испитаници според местото на живеење***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| град | 86,67 | 74,01 | 79,14 | 70,21 | 67,98 | 52,28 | 82,09 | 65,26 | 67,72 | 72,38 |
| село | 13,33 | 25,99 | 20,86 | 29,79 | 32,02 | 47,72 | 17,91 | 34,74 | 32,28 | 27,62 |
| **Σ** | **1163** | **1308** | **1309** | **1440** | **1240** | **1138** | **1167** | **1016** | **1044** | **1032** |

Структурно погледнато, просечно годишно 70,12 % од испитаниците живееле во градски средини ($\bar{x}$=70,12 %, σ=8,64; V=12,32 %), а 29,88 % во селски средини ($\bar{x}$=29,88 %, σ=8,64; V=28,91 %). Можеме да констатираме дека ваквата структура на испитаниците обезбедува добра основа на испитаниците и ја изразува дистрибуцијата на населението според видот на населбата во која живеат.

***Табела број* 4. *Испитаници според половата припадност:***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| жени | 47,98 | 46,97 | 44,92 | 43,33 | 45,00 | 42,79 | 55,44 | 43,21 | 45,98 | 46,32 |
| мажи | 52,02 | 53,03 | 55,08 | 56,67 | 55,00 | 57,21 | 44,56 | 56,79 | 54,02 | 53,68 |
| **Σ** | **1163** | **1318** | **1309** | **1440** | **1240** | **1138** | **1167** | **1016** | **1044** | **1032** |

Во изминатите десет години биле интервјуирани 11.867 полнолетни лица од кои 5.478 или 46,16 % жени и 6.389 или 53,84 % мажи. Просечно годишно биле интервјуирани 548 жени и 639 мажи. Структурно набљудувано опфатот на жените учествува во распон од 42,79 % во 2013 до 55,14 % во 2014 година. Значи, просечно годишно од 100 испитаници 46 биле жени ($\bar{x}$=45,99 %, σ=3,84; V=8,34 %).

Структурата на испитаниците мажи се движи во распонот од 44,56 % во 2014 до 57,21 % во 2013 година. Просечно, секоја година од 100 испитаници 54 биле мажи ($\bar{x}$54,99 %, σ=3,83; V=7,09 %).

Може да констатираме дека секоја година се обезбедени претпоставки примерокот да го задоволува условот за половата застапеност на испитаниците.

Во следната дистрибуција се прикажани пропорциите на испитаниците според возраста.

***Табела број* 5. *Испитаници според возраста***

| години: | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | | |
| до 20 | 1,38 | 12,90 | 10,47 | 8,06 | 7,26 | 6,33 | 7,20 | 9,25 | 5,36 | 8,91 |
| од 21 до 25 | 36,63 | 13,20 | 17,04 | 20,35 | 20,32 | 16,78 | 17,57 | 17,91 | 17,62 | 16,57 |
| од 26 до 30 | 24,59 | 8,04 | 9,09 | 12,08 | 11,85 | 11,69 | 12,77 | 10,53 | 8,62 | 9,30 |
| од 31 до 35 | 1,12 | 14,26 | 8,02 | 8,89 | 6,94 | 11,07 | 8,65 | 9,84 | 7,57 | 8,53 |
| од 36 до 40 | 17,80 | 11,68 | 8,40 | 9,10 | 7,26 | 10,19 | 11,31 | 8,66 | 9,48 | 8,72 |
| од 41 до 45 | 1,89 | 12,67 | 9,40 | 10,76 | 11,69 | 11,78 | 11,74 | 11,91 | 13,03 | 11,92 |
| од 46 до 50 | 1,81 | 13,28 | 13,06 | 10,21 | 11,05 | 10,81 | 11,91 | 11,81 | 12,36 | 10,85 |
| од 51 до 60 | 13,76 | 9,79 | 13,90 | 12,01 | 15,08 | 12,74 | 12,43 | 10,73 | 14,56 | 14,83 |
| од 61 + | 1,03 | 4,17 | 10,62 | 8,54 | 8,55 | 8,61 | 6,43 | 9,35 | 11,40 | 10,37 |
| **Вкупно:** | **1163** | **1318** | **1309** | **1440** | **1240** | **1138** | **1167** | **1016** | **1044** | **1032** |

Може да констатираме дека во изминатите години 7,81 % од испитаниците биле млади на возраст до 20 години.

***Табела број* 6. *Испитаници: вкупно од 2008 до 2017 година, според возраст, просек и структура***

| години | *f* | $\bar{x}$ | % |
|---|---|---|---|
| до 20 | 927 | 92,7 | 7,81 |
| од 21 до 25 | 2301 | 230,1 | 19,39 |
| од 26 до 30 | 1407 | 140,7 | 11,86 |
| од 31 до 35 | 1014 | 101,4 | 8,54 |
| од 36 до 40 | 1217 | 121,7 | 10,26 |
| од 41 до 45 | 1263 | 126,3 | 10,64 |
| од 46 до 50 | 1274 | 127,4 | 10,74 |
| од 51 до 60 | 1535 | 153,5 | 12,94 |
| од 61 + | 929 | 92,9 | 7,83 |
| **Вкупно:** | **11867** | **1186,7** | **100,00** |

Во структурата на испитаниците се констатира дека 19,39 % биле млади на возраст од 21 до 25 години, 11,86 % од 26 до 30 години. Нешто послабо е учеството на возрасната група од 31 до 35 години. Таа учествува со 8,54 %. Следните три возрасни групи имаат изедначено учество. Така, возрасната група од 36 до 40 години учествува со 10,26 %, оние на возраст од 41 до 45 години со 10,64 % и третата група од 46 до 50 години со 10,94 %. Последните две старосни групи се од 51 до 60 години со 12,94 % учество и возрасната група над 61 година учествува со 7,83 %.

Ако се групираат податоците тогаш може да се констатира дека до 30 години биле 38,97  % од испитаниците, меѓу 31 и 35 години 40,14 % и возрасната група над 51 година учествувала со 20,89 %.

Може да се воочи дека секоја година е обезбедена репрезентативна структура на примерокот според возраста. Тој ги опфаќа сите старосни групи и неговата структура е приближна со структурата на населението. Отстапувањата кај одделни групи не влијае на содржината на констатациите и заклучоците што се изведуваат врз основа на нив.

Испитаниците според националната (етничката) припадност, бележат пропорции кои соодветствуваат на карактеристиките на возрасното население во Република Македонија.

***Табела број* 7. *Испитаници според национална (етничка) припадност:***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| Македонец | 64,66 | 60,47 | 69,21 | 68,61 | 66,61 | 69,77 | 66,32 | 65,94 | 65,71 | 66,96 |
| Албанец | 22,53 | 21,48 | 23,22 | 24,79 | 24,60 | 22,93 | 26,22 | 25,59 | 24,14 | 24,42 |
| Турчин | 1,72 | 3,36 | 1,91 | 3,40 | 3,71 | 1,93 | 1,46 | 2,95 | 1,63 | 2,13 |
| Влав | 5,93 | 1,61 | 0,61 | 0,49 | 0,89 | 0,97 | 2,57 | 0,49 | 0,86 | 1,26 |
| Србин | 0,77 | 4,97 | 2,75 | 1,25 | 2,18 | 1,32 | 2,23 | 1,28 | 3,07 | 2,42 |
| Бошњак | 2,41 | 1,68 | 1,53 | 0,21 | 0,32 | 0,70 | 0,77 | 2,36 | 1,05 | 0,48 |
| Ром | 1,03 | 5,66 | 0,76 | 0,90 | 1,61 | 1,23 | 0,34 | 1,28 | 2,78 | 2,03 |
| други | 0,95 | 0,76 | 0,00 | 0,35 | 0,08 | 1,14 | 0,09 | 0,10 | 0,77 | 0,29 |
| **Вкупно:** | **1163** | **1308** | **1309** | **1440** | **1240** | **1138** | **1167** | **1016** | **1044** | **1032** |

***Табела број* 8. *Вкупно испитаници според националноста***

| | *f* | $\bar{x}$ | % |
|---|---|---|---|
| Македонец | 7.878 | 787,8 | 66,44 |
| Албанец | 2.840 | 284 | 23,95 |
| Турчин | 292 | 29,2 | 2,46 |
| Влав | 184 | 18,4 | 1,55 |
| Србин | 266 | 26,6 | 2,24 |
| Бошњак | 134 | 13,4 | 1,13 |
| Ром | 210 | 21 | 1,77 |
| други | 53 | 5,89 | 0,45 |
| **Вкупно:** | **11857** | **1186,29** | **100,00** |

Структурата на испитаниците според националната (етничката) припадност укажува дека кај двете бројни групи население според ова обележје е постигната определена пропорција која ги обезбедува основните претпоставки за донесување на заклучоци, но и за согледување на специфичностите што ги имаат ваквите видови истражувања. Во изминатите години 7.878 или 66,44 % лица испитаници се декларирале дека се Македонци, 2.840 или 23,95 % Албанци, потоа 292 или 2,46 % Турци и припадници на другите етнички заедници во земјата. Може да се констатира дека се обезбедени претпоставки за постигнување на репрезентативност на примерокот според национална, односно етничка припадност.

Следната карактеристика на примерокот е испитаници според вероисповед.

***Табела број* 9. *Испитаници според вероисповед:***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| православна | 69,30 | 64,53 | 71,66 | 68,19 | 76,29 | 70,56 | 68,72 | 66,24 | 68,77 | 68,41 |
| муслиманска | 28,63 | 32,95 | 27,43 | 29,65 | 22,26 | 27,94 | 28,88 | 30,61 | 29,60 | 28,29 |
| католичка | 0,26 | 0,61 | 0,53 | 0,35 | 0,56 | 0,53 | 0,51 | 1,08 | 0,19 | 0,58 |
| еврејска | 0,00 | 0,00 | 0,08 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,09 | 0,10 | 0,00 | 0,00 |
| протестантска | 0,17 | 0,46 | 0,15 | 0,69 | 0,08 | 0,18 | 0,69 | 0,49 | 0,29 | 0,97 |
| атеист | 1,38 | 0,15 | 0,15 | 1,04 | 0,56 | 0,70 | 1,11 | 1,28 | 0,86 | 1,55 |
| други | 0,26 | 1,30 | 0,00 | 0,07 | 0,24 | 0,09 | 0,00 | 0,20 | 0,29 | 0,19 |
| **Вкупно:** | **1163** | **1308** | **1309** | **1440** | **1240** | **1138** | **1167** | **1016** | **1044** | **1032** |

Основните пропорции ги следат специфичностите на населението во Република Македонија според вероисповед.

Може да се воочи дека меѓу испитаниците во изминатите десет години се опфатени 8.218 или 69,31 % од лицата се декларирани како православни христијани, 3.393 или 28,62 % од лицата се декларирани како муслимани и другите како припадници на повеќе религии и вероисповеди. Затоа може да се констатира дека примерокот обезбедува претпоставки за репрезентативност според критериумот вероисповед на испитаникот.

***Табела број* 10. *Вкупен број испитаници според вероисповед***

| | *f* | $\bar{x}$ | % |
|---|---|---|---|
| православна | 8.218 | 821,8 | 69,31 |
| муслиманска | 3.393 | 339,3 | 28,62 |
| католичка | 61 | 6,1 | 0,51 |
| еврејска | 3 | 0,3 | 0,03 |
| протестантска | 49 | 4,9 | 0,41 |
| атеист | 101 | 10,1 | 0,85 |
| други | 32 | 4 | 0,27 |
| **Вкупно:** | **11857** | **1186,50** | **100,00** |

Следната дистрибуција се испитаниците според степенот на образование.

***Табела број 11. Испитаници според степенот на образование***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| образование: | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| без образование | 0,00 | 0,46 | 0,53 | 0,21 | 0,48 | 0,18 | 0,69 | 0,79 | 1,15 | 0,87 |
| незавршено основно | 0,00 | 2,22 | 1,53 | 1,32 | 1,69 | 1,76 | 0,00 | 2,46 | 2,68 | 1,55 |
| основно образование | 3,53 | 12,92 | 7,10 | 9,65 | 10,97 | 10,98 | 6,08 | 10,73 | 10,34 | 9,30 |
| ВКВ, КВ училиште | 0,00 | 2,60 | 1,68 | 1,60 | 1,53 | 1,58 | 2,83 | 1,38 | 1,34 | 0,78 |
| средно образование | **58,30** | **55,58** | **58,67** | **53,89** | **54,60** | **58,52** | **55,87** | **54,04** | **56,80** | **52,81** |
| ВШС | 9,54 | 8,03 | 9,93 | 10,42 | 10,00 | 7,56 | 8,74 | 7,97 | 9,00 | 12,40 |
| ВСС | **23,39** | **16,67** | **18,26** | **20,21** | **17,10** | **16,26** | **22,62** | **18,21** | **16,67** | **16,76** |
| м-р на науки | 0,77 | 0,99 | 0,99 | 1,81 | 2,18 | 1,76 | 3,00 | 4,04 | 2,01 | 3,00 |
| д-р на науки | 0,43 | 0,54 | 0,31 | 0,21 | 0,16 | 0,00 | 0,17 | 0,39 | 0,00 | 0,39 |
| нешто друго | 4,04 | 0,00 | 0,99 | 0,69 | 1,29 | 1,41 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 2,13 |
| **Вкупно:** | **1163** | **1308** | **1309** | **1440** | **1240** | **1138** | **1167** | **1016** | **1044** | **1032** |

Од целината на податоците може да се воочи дека изминатите десет години најзачестена образовна структура биле испитаниците со завршено средно образование. Следната образовна група се оние со високо образование.

Структурата на испитаниците според степенот на образование, во вкупните резултати упатуваат на тоа дека изминатите десет години 6.631 или 55,92 % од лицата се декларирале дека имаат завршено средно образование, потоа 2.213 или 18,66 % високо образование, 1.111 или

***Табела број* 12. *Вкупно испитаници според степенот на образование***

| | *f* | $\bar{x}$ | % |
|---|---|---|---|
| без образование | 61 | 6,1 | 0,51 |
| незавршено основно | 178 | 17,8 | 1,50 |
| основно образование | 1.087 | 108,7 | 9,17 |
| ВКВ, КВ училиште | 185 | 18,5 | 1,56 |
| средно образование | 6.631 | 663,1 | 55,92 |
| ВШС | 1.111 | 111,1 | 9,37 |
| ВСС | 2.213 | 221,3 | 18,66 |
| м-р на науки | 236 | 23,60 | 1,99 |
| д-р на науки | 31 | 3,1 | 0,26 |
| нешто друго | 124 | 12,4 | 1,05 |
| **Вкупно:** | **11.857** | **1185,70** | **100,00** |

9,37 % вишо образование, 1.087 или 9,17 % имаат завршено основно образование и други образовни профили. Овие податоци упатуваат на тоа дека во примерокот во целина и одделно за секоја година се обезбедуваат претпоставки за задоволување на репрезентативноста според степенот на образование.

Работниот статус на испитаниците беше мерен преку карактеристиките: вработен, невработен, студент или ученик, пензионер, домаќинка и друго.

***Табела број* 13. *Испитаници според работниот статус***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| вработен | 47,89 | 46,51 | 46,22 | 44,24 | 43,87 | 44,99 | 51,50 | 45,77 | 51,44 | 51,84 |
| невработен | 23,90 | 34,45 | 26,74 | 29,44 | 28,06 | 31,02 | 3,77 | 28,84 | 23,18 | 21,90 |
| студент | 23,73 | 10,02 | 14,29 | 13,47 | 15,00 | 10,46 | 19,79 | 13,19 | 10,06 | 12,50 |
| пензионер | 1,72 | 3,79 | 8,63 | 7,64 | 7,82 | 6,59 | 14,57 | 7,97 | 10,25 | 10,08 |
| домаќинка | 1,55 | 2,88 | 3,28 | 3,75 | 3,87 | 4,66 | 6,60 | 3,64 | 5,08 | 2,81 |
| друго | 1,20 | 2,35 | 0,84 | 1,46 | 1,37 | 2,28 | 3,77 | 0,59 | 0,00 | 0,87 |
| **Вкупно:** | **1163** | **1318** | **1309** | **1440** | **1240** | **1138** | **1167** | **1016** | **1044** | **1032** |

Од целината на податоците може да се воочи дека меѓу испитаниците според работниот статус доминираат оние кои се вработени. Распонот на пропорциите на оваа група испитаници се движи од 43,87 % во 2013 до 51,84 % во 2017 година. Просечно секоја година во примерокот биле опфатени 47,43 испитаници со статус на вработен ($\bar{x}$=47,43 %, σ=3,09; V=6,52 %).

Втора група испитаници според зачестеноста се невработените. Распонот на пропорциите на испитаниците што одговориле дека се невработени се движи од 3,77 во 2014 до 34,45 во 2009 година. Просечно секоја година 25,13 % се декларирале како невработени ($\bar{x}$=25,13 %, σ=8,41; V=33,48 %).

Третата група според зачестеноста ја сочинуваат испитаниците што имаат статус на студент/ученик. Тие во примероците секоја година учествуваат со 10,02 % во 2009 до 23,73 % во 2008 година. Просечно, годишно 14,25 % од испитаниците се декларирале дека имаат статус на студент/ученик ($\bar{x}$=14,25 %, σ=4,42; V=31,02 %).

Податоците упатуваат на сознанието дека од вкупниот број испитаници опфатени со истражувањата во изминатите 10 години, вработените се доминантни, односно тие учествуваат со 5.606 или 47,24 % од испитаниците, потоа следуваат невработените со 3.012 или 25,38 %, студените со 1.693 или 14,27 %, пензионерите со 927 или 7,81 %, домаќинките со 450 или 3,79 % и 179 или 1,51 % испитаници се определиле за одговорот друго.

Ваквите резултати упатуваат на сознанието дека се обезбедени претпоставки за репрезентативност на примероците и на вкупните резултати според работниот статус.

Податоците според висината на приходите во семејството се прикажани во следната табела.

***Табела број 14. Вкупно испитаници според работниот статус***

| | *f* | $\bar{x}$ | % |
|---|---|---|---|
| вработен | 5606 | 560,6 | 47,24 |
| невработен | 3012 | 301,2 | 25,38 |
| студент | 1693 | 169,3 | 14,27 |
| пензионер | 927 | 92,7 | 7,81 |
| домаќинка | 450 | 45 | 3,79 |
| друго | 179 | 17,9 | 1,51 |
| **Вкупно:** | **11868** | **1186,70** | **100,00** |

***Табела број* 15. *Испитаници според висината на приход во семејството***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| денари: | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| без примања | 2,06 | 7,13 | 8,25 | 10,83 | 6,37 | 10,37 | 34,62 | 17,32 | 14,27 | 10,76 |
| до 6.000 денари | 8,43 | 6,53 | 12,38 | 2,15 | 1,21 | 1,85 | 8,23 | 1,48 | 6,13 | 0,48 |
| од 6.001 до 10.000 | 15,05 | 16,84 | 13,37 | 7,71 | 10,24 | 9,23 | 8,23 | 6,40 | 3,45 | 3,68 |
| од 10.001 до15.000 | **18,31** | **16,92** | **17,57** | **13,61** | **27,18** | **10,63** | **15,51** | **10,93** | **7,66** | **12,89** |
| од 15.001 до20.000 | **20,64** | **17,75** | **7,87** | **14,86** | **16,77** | **10,90** | **15,42** | **13,09** | **9,58** | **11,24** |
| од 20.001 до25.000 | 12,64 | 8,50 | 10,01 | 8,47 | 6,53 | 7,12 | 7,20 | 8,27 | 6,42 | 9,59 |
| од 25.001 до30.000 | 9,89 | 7,97 | 0,53 | 10,97 | 3,06 | 10,28 | 7,20 | 8,56 | 9,58 | 12,50 |
| над 30.001 ден. | **12,98** | **10,62** | **13,06** | **15,83** | **6,21** | **16,87** | **3,60** | **19,59** | **24,81** | **24,22** |
| без одговор | 0,00 | 7,74 | 16,96 | 15,56 | 22,42 | 22,76 | 0,00 | 14,37 | 18,10 | 14,63 |
| **Вкупно:** | **1163** | **1318** | **1309** | **1440** | **1240** | **1138** | **1167** | **1016** | **1044** | **1032** |

Податоците упатуваат на тоа дека доминантно испитаниците имаат приходи меѓу 10 и над 30.000 денари. Значителен е бројот на лицата кои одговараат дека немаат примања, односно 12,20 % од испитаниците одговориле дека немаат примања. Специфично е и тоа што кај испитаниците ова прашање создавало потреба од дополнителни прашања, во смисла зошто ви се овој вид на податоци. Токму затоа може да се воочи дека има и ситуации кога е избегнувано да се одговори на поставеното прашање.

Од целината на податоците може да се констатира дека од вкупниот број испитаници 1.825 или 15,28 % имаат примања од 10 до 15000 денари, 1.625 испитаници или 13,92 % имаат примања до 20.000, 1.709 или 14,40 % имаат примања над 30.000 денари. Специфично е тоа што 1.571 испитаник или 13,24 % избегнуваат одговор, а 1.419 или 11,96 % одговараат дека немаат примања.

Врз основа на досегашната анализа на карактеристиките на примерокот можеме да констатираме дека примерокот, или конкретно примероците, за секоја година одделно обезбедуваат репрезентативност според планскиот регион, општината, видот на населено место на живеење, полот, возраста, националната (етничка), верска и образовна специфичност на населението и дека врз основа на тоа можат да се изведуваат констатации и заклучоци кои ќе имаат соодветна емпириска сигурност.

***Табела број* 16. *Вкупно испитаници според примањата***

| | *f* | $\bar{x}$ | % |
|---|---|---|---|
| без примања | 1419 | 141,9 | 11,96 |
| до 6.000 денари | 593 | 59,3 | 5,00 |
| од 6.001 до 10.000 | 1150 | 115 | 9,69 |
| од 10.001 до15.000 | 1825 | 182,5 | 15,38 |
| од 15.001 до 20.000 | 1652 | 165,2 | 13,92 |
| од 20.001до 25.000 | 1008 | 100,8 | 8,49 |
| од 25.001 до 30.000 | 940 | 94 | 7,92 |
| над 30.001 ден. | 1709 | 170,9 | 14,40 |
| без одговор | 1571 | 174,56 | 13,24 |
| **Вкупно:** | **11867** | **1186,70** | **100,00** |

# ПРВА ГЛАВА

# НИВОТО НА КРИМИНАЛИЗИРАНОСТ НИЗ ПЕРЦЕПЦИИТЕ НА ГРАЃАНИТЕ

***Вовед***

Во изминатите 9 годни, во истражувањата од 2009 до 2017 година, преку батерија од 15 прашања ги распрашувавме граѓаните за тоа во кој степен, тие и нивната заедница се засегнати со определени облици на асоцијално поведение и појавите на отсуство на општествена и институционална одговорност за состојбите. Имено, групата прашања беше дизајнирана, така што преку модалитетите на одговорите од Ликертов тип: од „воопшто не влијаат“, па сè до „многу влијаат“, вклучително и неутралната оценка „не можам да оценам“ беше баран одговор на прашањето: „Во кој степен Вас и Вашата заедница Ве засегаат следните проблеми од јавната безбедност“, односно „Дали и колку од следните облици на асоцијално однесување и криминал влијаат врз градењето на слика за криминализираноста на нашето општество?“ Одговорот на овие дилеми беше баран преку четири групи прашања. Првата група прашања се однесуваше на оценката на степенот на криминализираноста на оценуван преку нивото на влијание за тоа од аспект колку се присутни појавите на „кражба, грабеж (на предмети од лица, џепарење)“, потоа, „кражба, разбојништво со провалување (имот, куќи, станови)“ и „малолетничката деликвенција“. Втората група на прашања е поврзана со односите во заедницата. Овие прашања варираа преку барањето на оценки за степенот на влијание на „семејното насилство (караници)“, појавата на „растурање и злоупотреба на дроги“, „пиењето алкохол (пијанство), гласна музика, викотници“, сè до појавите на „вандализам, употреба на оружје и други облици на насилно поведение“. Третата група прашања се однесуваше на појавите на „проституција, трговија со луѓе“ и „просјачење, особено на јавните места“. И во тесна врска со овие појави е четвртата група прашања поврзана со свеста за примената на правото, кое беше оценувано преку барањето на оценки за степенот на влијание на појавите на „непочитување на сообраќајни правила, возење нерегистрирани возила“, „непочитувањето на Законот за јавна чистота“, „на Законот за забрана на пушење“, нарушувањето на јавниот ред и мир“, посебно појавите на „толерирање на непочитувањето на законите воопшто“ и во тој контекст општата претстава дека „не се гонат крупните криминалци“.

Оваа батерија на прашања е инспирирана од теоретскиот концепт познат во литературата како „скршениот прозорец“. Станува збор за теориски концепт заснован на идеите на Келинг и Вилсон. Тие во 1982 година во „Атлантскиот месечник“ (Kelling & Wilson, 1982), врз основа на истражувањата на Зимбард (Philip Zimbardo) ја објавиле статијата *Broken Windows*. Всушност, овие истражувачи

идентификувале дека општествените нарушувања и социјалните девијации, присутни на определен конкретен простор, се повод и индиректна покана на криминалците за да извршат кривични дела. Значи, според оваа теорија, ако на определено место во голем обем е присутен ситниот криминал, тогаш, таквиот амбиент, создава впечаток дека никој не ја контролира состојбата на тоа место и дека криминалот или некој вид на злочин ќе помине неказнет (Taylor, 2001, стр. 96).

Келинг и Вилсон идентификувале два облика на нарушување на јавниот ред во средината: а) нарушување со физичкото однесување и б) неприфатливо однесување на јавно место, кое го нарекле бихевиорални манифестации. Кај првата група однесување, односно кај појавата на скршениот прозорец тоа однесување се манифестира преку повеќе индикатори како што се испишување графити, рушење фасади на зградите, уништување и палење мебел и слични поведенија). Кај бихевиоралните манифестации, станува збор за неприфатливо однесување на поединците на јавни места (улични банди, улична проституција, нарушување на редот во јавниот превоз, егзибиционизам, манифестирање на нагони и слично). Придонесот на теоријата на скршениот прозорец е во тоа што според неа, најпрво, треба да се сузбијат полесните облици на кривични дела, на разните облици на социјални девијации и физичко уништување на средината, со што ќе се намалат можностите и ќе се спречи создавањето на атмосфера што им погодува на потешките облици на криминалот. Од друга страна, теоријата „скршениот прозорец“ укажува на менување на пристапот на полицијата во заштитата на граѓаните и нивното соседство.

Со теоријата на скршениот прозорец се докажало и се утврдила поврзаноста меѓу запуштеноста на локалната заедница и стапката на криминалитет. Според оваа теорија социјалната девијантност (пијанчење, банди, проституција и слично) и другите урбани аномалии раѓаат страв кај граѓаните. Од сознанијата теоретскиот пристап - „скршениот прозорец“, се констатирало дека секој облик на „неуредност“ или аномалија, која не се отстранува, односно останува подолго на едно место, е сигнал дека за тоа нешто никој не се грижи. Таквата состојба го јакне уверувањето дека е мала грижата за општите вредности и дека таквата состојба создава плодна почва за појава на сериозни општествени проблеми и разни видови криминално однесување. Според сознанијата на оваа теорија индолентниот однос на полицијата кон лесните облици на нарушување на јавниот ред и мир кај граѓаните го зголемува стравот и криминалот, а граѓаните ја губат довербата во неа. Затоа, задача на полицијата е да го подига нивото на доверба и да создава услови за заедничко дејствување. Според Шејн (Shane, 2011), успешноста на полицијата не се согледува преку високата

стапка на откриени непознати сторители на кривични дела, туку таа се мери преку намалувањето на бројот на извршени кривични дела и другите облици на нарушување на квалитетот на животот на граѓаните на територијата на која полицијата е ангажирана (Спасиќ, 2013).

### *Криминализираноста низ призмата на оценките за кражбите, разбојништвата и малолетничката деликвенција*

Натамошната анализа продолжува со оценките за појавите на криминални активности, посебно оние поврзани со џепарење (кражби и грабежи), потоа со кражби на имот и разбојништва со провалување во куќи, станови и кражби на имот, како и појавата на малолетничка деликвенција.

На самиот почеток да погледнеме каква е структурата на одговорите на прашањето „дали и колку од следните облици на асоцијално однесување и криминал влијаат врз градењето на слика за криминализираноста на нашето општество?“ - на потпрашањето: колку кражбата, грабежот, односно кражба на предмети од лица, познато како џепарење влијае на сликата за криминализираност во општеството. Одговорите се дадени во следната табела:

***Табела број 1. Кражба, грабеж (на предмети од лица, џепарење)***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 6,23 | 4,30 | 3,48 | 3,39 | 3,44 | 4,15 | 3,05 | 3,26 | 3,97 |
| 2. | 13,85 | 18,82 | 13,57 | 13,95 | 12,79 | 14,59 | 14,76 | 15,61 | 16,28 |
| 3. | 15,33 | 12,60 | 8,00 | 4,68 | 6,70 | 9,59 | 7,78 | 8,14 | 10,56 |
| 4. | 33,23 | 32,03 | 37,16 | 36,85 | 36,86 | 35,23 | 36,52 | 36,49 | 34,88 |
| 5. | 31,36 | 32,26 | 37,79 | 41,13 | 40,21 | 36,44 | 37,89 | 36,49 | 34,30 |
| **Σ** | **1285** | **1302** | **1437** | **1240** | **1134** | **1158** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда: 1.** воопшто не влијаат; 2. не влијаат; 3. не можам да оценам; 4. влијаат; 5. многу влијаат; Σ= вкупно испитаници што одговориле.

Што покажуваат податоците? Релативно стабилна група на испитаници во изминатите години која се движи од 4,68 % во 2012 до 15,33 % во 2009 година, избегнува одговор, со прифаќањето на ставот „не можам да оценам“. Веројатно, станува збор за испитаници кои живеат во средини во кои за перцепцијата за овие и вакви видови на престапничко поведение не станува збор, или се сведени на инциденти.

Со слична дистрибуција се и одговорите „не влијаат“. Значително мал број испитаници од 3,05 % во 2015, до 6,23 % во 2009 година се на гледиште дека ваквите појави воопшто не влијаат на сликата за криминализираноста на нашето општество, односно дека

нив и нивната заедница не ги засегаат прашањата, односно прашањата не влијаат воопшто на јавната безбедност.

Со натамошната анализа се изврши прегрупирање на податоците на тој начин што како еден податок, обележан со „не“ се прикажуваат одговорите „воопшто не влијаат“ и „не влијаат“, неутралните ставови „не можам да оценам“ (ги бележиме со кратенка „нмо“), а со „да“ одговорите „влијаат“ и „многу влијаат“. Дистрибуцијата на таквите одговори е дадена во следната табела.

***Табела број 2. Кражба, грабеж (на предмети од лица, џепарење)***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| влијаат | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| не | 20,08 | 23,12 | 17,05 | 17,34 | 16,23 | 18,74 | 17,81 | 18,87 | 20,25 |
| нмо | 15,33 | 12,60 | 8,00 | 4,68 | 6,70 | 9,59 | 7,78 | 8,14 | 10,56 |
| не | 64,59 | 64,29 | 74,95 | 77,98 | 77,07 | 71,68 | 74,41 | 72,99 | 69,19 |
| Σ | **1285** | **1302** | **1437** | **1240** | **1134** | **1158** | **1016** | **1044** | **1032** |

Што може да се оцени од оваа дистрибуција? Секоја година доминираат ставовите на граѓаните според кои појавите на кражби и грабежи ја зајакнуваат свеста дека општеството е недоволно организирано, дека тие појави влијаат на претставата за степенот на криминализираност. Значи, може да се констатира дека зачестеноста е висока и дека таа се движи од 64,29 % во 2010 до 77,98 % во 2012 година. Податоците упатуваат дека нешто помалку од две третини до повеќе од три четвртини од испитаниците одговараат дека одделни на прв поглед не толку опасни настани како што се кражбите, грабежот и џепарењето влијаат на нивната претстава за степенот на криминализираноста во општеството. Но тоа се состојби кои можат и го генерираат стравот кај испитаниците.

Во тесна врска со таквите состојби се и појавите на кражби, разбојништва, посебно оние поврзани со имотот на граѓаните. Имотот е една од клучните вредности на секое општество. Затоа, модерните општества особено внимание посветуваат на заштитата на животот и имотот на граѓаните, како и на другите вредности што ја сочинуваат содржината на живеењето. Односот на организираното општество кон вредностите и степенот на нивната заштита е еден од индикаторите преку кои се оценува капацитетот на институциите, но и е фактор за присуството на страв кај граѓаните.

Статистичките извештаи во изминатите 10 години зборуваат дека сторителите на кривични дела против имотот во Република Македонија, бележат тенденција на задржување на нивото на учество од 33,94 % во 2014 до 42,70 % во 2013 година. Станува збор за високо учество на овој вид на криминалитет во заедницата, што повеќе или

помалку зборува за институционалниот капацитет за негово превенирање, спречување и сузбивање.

***Табела број 3. Осудени полнолетни лица во Република Македонија за кривичните дела против имотот 2008-2016 година***

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Σ | **9503** | **9801** | **9169** | **9810** | **9042** | **9539** | **11683** | **10312** | **8172** |
| имот | 3770 | 3952 | 3612 | 3850 | 3652 | 4073 | 3965 | 4296 | 3370 |
| % | 39,67 | 40,32 | 39,39 | 39,25 | 40,39 | 42,70 | 33,94 | 41,66 | 41,24 |
| стапка | **-** | **4,83** | **-8,60** | **6,59** | **-5,14** | **11,53** | **-2,65** | **8,35** | **-21,55** |

*Извор: Сторители на кривични дела за 2016, ДЗС, 2017, стр. 47*

Структурните показатели укажуваат дека бројот на осудените лица, на сторителите на кривичните дела бележи динамика од 22,94 % во 2014 до 41,66 % во 2016 година. Може да се констатира дека 4 (просечно 39,84 %) од десет сторители на кривични дела се лица што извршиле дело против имотот. Ако се погледне динамиката на развојот преку темпото на прираст, тогаш можеме да констатираме дека од година во година таа стапка е различна, дека има најнизок пад од -21,55 во 2016 во однос на 2015 година, дека највисок прираст е утврден во 2013 во однос на 2012 година.

Ваквите состојби укажуваат и на перцепциите на испитаниците, имено, на барањето да оценат дали и колку кражбите, посебно разбојништвата со провалување на имоти, куќи и станови влијаат на општата претстава за криминализираноста на општеството, дистрибуциите на одговорите се дадени во табелата што следува.

***Табела број 4. Кражба, разбојништво со провалување (имоти, куќи, станови)***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 5,39 | 2,99 | 2,02 | 2,26 | 1,50 | 2,85 | 1,87 | 2,68 | 2,13 |
| 2. | 12,43 | 12,34 | 9,03 | 8,81 | 8,54 | 10,28 | 7,97 | 8,14 | 9,21 |
| 3. | 13,68 | 10,04 | 7,51 | 4,53 | 6,69 | 8,55 | 8,66 | 7,76 | 9,40 |
| 4. | 29,24 | 31,42 | 32,45 | 31,45 | **28,08** | 30,66 | 30,02 | 33,52 | **33,72** |
| 5. | 39,25 | 43,22 | 48,99 | 52,95 | 55,19 | 47,67 | 51,48 | 47,89 | 45,54 |
| **Σ** | **1279** | **1305** | **1439** | **1237** | **1136** | **1158** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда: 1.** воопшто не влијаат; 2. не влијаат; 3. не можам да оценам; 4. влијаат; 5. многу влијаат; Σ= вкупно испитаници што одговориле

Кои се основните карактеристики на оваа дистрибуција? Податоците се групираат околу позитивните ставови, односно оценките на испитаниците „влијаат“ и „многу влијаат“. Распонот на одговорите со оценката „влијаат“, се движи од 28,08 % во 2013  до 33,72 % во 2017 година..

И покрај внатрешните осцилирања во афирмативните ориентации, сепак, определени состојби значително не се менуваат. Затоа во табелата што следува извршено е прегрупирање на одговорите (на негативни, неутрални и позитивни во проценти) и е утврдено дека позитивно ориентираните ставови („влијаат“ и „многу влијаат“, обележани со „да“) се движат во распонот од повеќе од две третини до нешто повеќе од четири петтини од испитаниците. Имено, во овој распон од 68,49 % во 2009 до 84,40 % во 2012 година се дистрибуциите на одговорите кои оценуваат дека кражбите, провалувањата и разбојништвата на имотот влијаат на тоа да се има негативна слика за степенот на криминализираност на општествената стварност.

***Табела број 5. Кражба, разбојништво со провалување (имоти, куќи, станови) - %***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| влијаат | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| не | 17,83 | 15,33 | 11,05 | 11,08 | 10,04 | 13,13 | 9,84 | 10,82 | 11,34 |
| нмо | 13,68 | 10,04 | 7,51 | 4,53 | 6,69 | 8,55 | 8,66 | 7,76 | 9,40 |
| да | 68,49 | 74,64 | 81,45 | 84,40 | 83,27 | 78,32 | 81,50 | 81,42 | 79,26 |
| Σ | **1279** | **1305** | **1439** | **1237** | **1136** | **1158** | **1016** | **1044** | **1032** |

Ваквата дистрибуција укажува дека во секојдневните претстави на испитаниците за степенот на криминализираноста придонесуваат и појавите на разбојништва со провалување, но и кражбите на имотот. Ваквите перцепции треба да се набљудуваат и од аспект на зачестеноста на овој облик на криминал во земјата во изминатите години. Тој, исто така, е и индикатор за степенот на безбедноста на граѓаните од аспект на заштитеноста на нивниот имот, како вредност во современата заедница.

Ако се обидеме да одговориме дали ваквите состојби со сторителите на кривичните дела против имотот во годините кога е спроведувано истражувањето (бидејќи тоа е спроведувано, непосредно по новогодишните празници, тогаш со право можеме да оцениме дека оценките се однесуваат на претходната година), влијаеле на дефинирањето на нивниот став за степенот на криминализираноста, односно влијанието на овие појави за една таква оценка.

На оваа група прашања се однесуваат и ставовите на граѓаните за тоа дали за општата претстава за криминализираноста во општеството, односно нивната заедница, имаат и појавите на малолетничката деликвенција.

Како илустрација ќе наведеме дел од сознанијата на анализата на малолетничкиот криминал во Министерството за внатрешни работи во 2013 година во која се вели: „според видот на криминалот, 98 % од

малолетничкиот криминал годинава е од областа на класичниот криминал, односно 1.531 дело припаѓаат на оваа област. Во рамките, пак, на овој криминал, малолетниците, вообичаено, најчесто вршат имотни деликти, а годинава нивниот број изнесува 1.337. Тука во прв ред се застапени тешките кражби - 929, и се на исто ниво со минатата година. Нешто повеќе од една третина се извршени на подрачјето на СВР Скопје - 470 дела, а најмалку на подрачјето на СВР Тетово - 36 дела. Овие дела малолетниците најчесто ги вршеле организирано, односно во група составена од малолетни и полнолетни лица, кои со употреба на физичка сила и погодни предмети провалувале најчесто во патнички и товарни возила, потоа во куќи, објекти во изградба, викендици, гаражи, подруми и слично, при што одземале акумулатори, гориво, мобилни телефони, бакарни и железни предмети, техничка стока, помали износи на парични средства, а поретко и накит. Целта на вршење на овие дела е противправно стекнување со имотна корист, па од тие причини украдените предмети најчесто ги продавале на отпадите за откуп на старо железо или, пак, на други лица кои за продадените предмети им давале паричен износ помал од реалниот. Во овој контекст можеме да ја спомнеме шестчлената група, во која членувале двајца малолетници, која на подрачјето на Скопје, извршила 17 тешки кражби во патнички возила, викендици, подруми и други помошни простории, при што одземале разни метални предмети во вкупна вредност од 527.700 денари кои ги продавале на откупни пунктови за старо железо, потоа на скопско подрачје е карактеристичен парот составен од малолетник и полнолетен, кои извршиле 14 тешки кражби на велосипеди, а од страна на тричлена група, во која имало двајца малолетници се извршени и 11 тешки кражби во куќи, станови и продавници, од каде се одземани техничка стока и прехранбени продукти во вредност од 312.460 денари. На подрачјето на Радовиш, оперирала тричлена група, составена од лица од Струмица, Радовиш и Штип, која извршила 13 тешки кражби, две кражби со одземање на моторно возило и едно дело оштетување туѓи предмети, стекнувајќи се со противправна имотна корист од 391.758 денари, а едно од лицата е пријавено и за силување“ (Анализа на сосотојбите со малолетничката деликвенција во 2013, 2014, стр. 5).

Ако оваа појава се илустрира преку бројот на осудени деца за сторено кривично дело против имотот, тогаш може да се констатира дека тие кривичноправни престапи доминираат. Податоците се прикажани во табелата што следува.

***Табела број 6. Осудени деца во Република Македонија за кривичните дела против имотот 2008-2016 година***

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Σ | **715** | **748** | **547** | **722** | **556** | **473** | **461** | **348** | **468** |
| имот | 529 | 547 | 403 | 513 | 409 | 353 | 267 | 198 | 257 |
| % | 73,99 | 73,13 | 73,67 | 71,05 | 73,56 | 74,63 | 57,92 | 56,90 | 54,91 |
| стапка | **-** | **3,40** | **-26,33** | **27,30** | **-20,27** | **-13,69** | **-24,36** | **-25,84** | **29,80** |

*Извор: Сторители на кривични дела за 2016, ДЗС, 2017, стр. 113*

Едно од прашањата на кое треба да се бара одговор е и тоа колкав е бројот на осудените деца како сторители на групни кривични дела во Република Македонија во периодот од 2008 до 2016 година, тогаш ќе процениме дека во „криминалната практика“ на осудените деца доминираат делата против имотот. Тие се движат во распон од 54,91 % од вкупно осудените деца во 2016 па сѐ до 74,63 % во 2013 година поради тоа што сториле незаконито дејство против имотот. Општа тенденција е бројот на осудени деца во последните три години да бележи опаѓање, што може да се смета за позитивен индикатор, кој може да упатува на повеќе можни одговори, посебно на прашањето на што се должи тоа? Емпириските податоци на државните органи илустрираат некои од состојбите.

Една од дилемите која бара и дополнителни напори за одговор на ова прашање е дали оценките на испитаниците од 2009 до 2017 година се условени или на некој друг начин влијаеле во градењето на оценката? Барањето на тој одговор претпоставува да се погледнат и други фактори, кои на еден или друг начин влијаат за присуството на децата во оваа сфера. Едно од тие прашања е и нивниот опфат во училиштето и неговата достапност за секого. На таквите состојби можат да влијаат и други, кои се поврзани со општествено-економската положба на родителот, а особено со тоа колку другите облици на заштита, или дополнителна безбедност придонеле за нивното намалување.

***Табела број 7. Малолетничка деликвенција - %***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 5,52 | 3,76 | 2,16 | 3,15 | 2,39 | 3,38 | 2,76 | 2,87 | 3,00 |
| 2. | 12,15 | 14,26 | 9,12 | 9,62 | 10,18 | 11,08 | 8,76 | 10,15 | 10,37 |
| 3. | 16,34 | 15,80 | 13,01 | 9,94 | 10,62 | 13,25 | 15,45 | 14,46 | 15,50 |
| 4. | 28,57 | 29,60 | 32,15 | 30,96 | 31,86 | 30,65 | 30,51 | 31,80 | 34,69 |
| 5. | 37,41 | 36,58 | 43,56 | 46,32 | 44,96 | 41,65 | 42,52 | 40,71 | 36,43 |
| **Σ** | **1267** | **1304** | **1437** | **1237** | **1130** | **1155** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда: 1.** воопшто не влијаат; 2. не влијаат; 3. не можам да оценам; 4. влијаат; 5. многу влијаат; Σ= вкупно испитаници што одговориле.

За тоа каква е структурата на одговорите на испитаниците по години за барањето да оценат дали и колку малолетничката деликвенција придонесува да се гради претстава за криминализираноста на општеството е понудено во претходната табела.

Од оваа распределба може да се констатира дека просечно во изминатите девет години 3,22 % имаат став дека оваа појава „воопшто не влијае“, 10,63 % дека таа „не влијае“, 13,82 % се определуваат да одговорат со „не можам да оценам“, 31,20 % дека „влијаат“ и најзачестени се одговорите „многу влијаат“ со 41,13 % од испитаниците.

Ако податоците од истражувањето, за оценките на испитаниците за степенот на влијание на малолетничката деликвенција врз претставата за криминализираноста на заедницата, се набљудуваат низ призмата „не“ („воопшто“ и „не влијаат“) и „да“ („влијаат“ и „многу влијаат“), како и оние кои одговориле „не можам да оценам“ („нмо“) тогаш може да се добие следната дистрибуција:

***Табела број 8. Малолетничка деликвенција - %***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| влијаат | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| не | 17,68 | 18,02 | 11,27 | 12,77 | 12,57 | 14,46 | 11,52 | 13,03 | 13,37 |
| нмо | 16,34 | 15,80 | 13,01 | 9,94 | 10,62 | 13,25 | 15,45 | 14,46 | 15,50 |
| да | 65,98 | 66,18 | 75,71 | 77,28 | 76,81 | 72,29 | 73,03 | 72,51 | 71,12 |
| Σ | **1267** | **1304** | **1437** | **1237** | **1130** | **1155** | **1016** | **1044** | **1032** |

Од податоците можеме да оцениме дека низ годините испитаниците имаат доминантно позитивен став, дека малолетничката деликвенција влијае, односно таа е еден од факторите на сликата за степенот на криминализираноста на заедницата и дека тој степен на согласување се движи од речиси две третини (65,98 %) во 2009 до речиси четири петтини (77,28 %) во 2012 година. Од понудената дистрибуција може да се оцени дека незначителен број од испитаниците се на гледиште дека појавата на малолетничката деликвенција не влијае на претставата за криминализираноста на заедницата. Слични се тенденциите и на оние кои имаат став дека не можат да оценат.

Некои анализи, како што е и „Анализата за малолетничката деликвенција во 2013“ (studiorum.org.mk/.../Analiza... [пристапено на 25.11.2017];), укажуваат на некои состојби (за илустрација наведуваме некои покарактеристични од нив). Имено, според споменатата анализа „според видот на криминалот, 98 % од малолетничкиот криминал“ во 2013 година „е од областа на класичниот криминал, односно 1.531 дело припаѓаат на оваа област. Во рамките, пак, на овој криминал,

малолетниците, вообичаено, најчесто вршат имотни деликти, а годинава нивниот број изнесува 1.337" кривични дела. Најфреквентни се кражбите со 929 кривични дела. Овие дела најчесто „се вршени организирано, односно во група составена од малолетни и полнолетни лица, кои со употреба на физичка сила и погодни предмети провалувале најчесто во патнички и товарни возила, потоа во куќи, објекти во изградба, викендици, гаражи, подруми и слично, при што одземале акумулатори, гориво, мобилни телефони, бакарни и железни предмети, техничка стока, помали износи на парични средства, а поретко и накит. Целта на вршење на овие дела е противправно стекнување со имотна корист, па од тие причини украдените предмети најчесто ги продавале на отпадите за откуп на старо железо или, пак, на други лица кои за продадените предмети им давале паричен износ помал од реалниот" (studiorum.org.mk/.../Analiza...., стр.2).

Последниве години малолетниците се јавувале и како сторители на кривични дела со елементи на насилство, пред сè, на разбојништва, а нивниот број во 2013 година изнесувал 62, или за три помалку во однос на 2012 година. Разбојништвата биле вршени на отворен простор, улични разбојништва, претежно во централното градско подрачје на Скопје. Тоа биле дел од групи со повеќемина полнолетни сторители и најчесто со употреба на физичка сила или вербална закана. Малолетници се јавувале и како „сторители на потешки разбојништва и на разбојништва во затворени објекти, каде најчесто дејствувале заедно со полнолетни лица, а при извршувањето на разбојништвото користеле огнено оружје и тврди предмети и тоа најчесто при разбојништвата во куќи и станови" (studiorum.org.mk/.../Analiza...., стр.3).

Малолетничкото престапништво е облик на криминалитет. Станува збор за таков облик на престапничко поведение на поединец, или група на млади кое е општествено неприфатливо однесување со кое се кршат правните и моралните норми на определено општество. Таквите појави предизвикуваат спонтано и организирано општествено реагирање со намера да се заштитат општествените добра и вредности, како и самите актери на таквото поведение. Токму затоа се чини дека зачестеноста на податоците повеќе укажува на тоа.

### ***Оценките за степенот на криминализираност преку ставовите за семејното насилство, растурање и злоупотреба на дроги и други асоцијални појави***

Арнаудовски, смета дека семејното насилство „претставува континуирана примена на физичка и психичка сила спрема членовите на семејството со загрозување и повредување на чувството на сигурност и

односите на доверба, контрола и надмоќ над членовите на семејството, без оглед на тоа дали таквото поведение во кривичното законодавство е предвидено како казниво дело и дали сторителот на делото е пријавен на органите на прогонот“ (Арнаудовски, 2007, стр. 348).

Истражувачите укажуваат на тоа дека физичкото насилство претставува најеклатантен пример на насилство што се врши врз жените. Тоа се скицира како „употреба на физичка сила или закана дека ќе биде употребена физичка сила спрема брачниот или вонбрачниот партнер или спрема некој друг член на семејството“ (Чачева, 2000, стр. 29). „Овој облик на насилство во нашата земја најчесто се изразува преку удирање шлаканици (87,5 %), закани за употреба на физичка сила (70,1 %), зграпчување и туркање (63,9 %). Но, физичкото насилство е изразено и низ многу тешки облици на клоцање, гризење, попарување итн.“ Физичкото насилство опфаќа и гаѓање со различни видови предмети, кубење за коса, изгореници, давење, како и нанесување на физички повреди, на каков било начин од страна на некој член на семејството (Дракулевски-Груевска, 2013, стр. 6).

Во едно истражување од почетокот на XXI век се констатира: „она што како глобална констатација го понудија истражувачките резултати е сознанието за широката распространетост на насилството врз жената на нашите простори. Притоа, треба да се истакне различниот степен на распространетост на посебните видови на насилство. Утврдивме дека, највисоко пријавена е темната бројка кај психичкото насилство - 61,5 % од испитаничките се изјаснија дека имаат лично искуство со некоја од содржините на психичкото насилство. Помалку од респондентките, поточно 23,9 % од нив потврдија дека биле жртви на физичко насилство, а најмалку (5,0 %), што беше и во рамките на очекувањата, се изјаснија дека им бил нарушен сексуалниот интегритет“ (Чачева, 2000, стр. 24).

Во еден друг документ насловен со „Национална стратегија за заштита од семејно насилство 2008 - 2011 година“, објавен од Министерството за труд и социјална политика се констатира дека во 2005 година, „органите за внатрешни работи евидентирале 215 кривични дела, 1.202 прекршоци и 3.750 поплаки за семејно насилство“. Според овој документ, „податоците за полот на жртвата“ говорат дека „жените во 70,1 %, а мажите во 29,9 % од пријавените случаи се јавуваат како жртви“. Исто така, се подвлекува дека „Центрите за социјална работа, во периодот јуни 2005 - јуни 2006 година евидентирале 839 случаи на семејно насилство“. И во оваа евиденција е констатирано дека „жртви на семејното насилство се жените со 93,11 %, а мажите со 6,89 % од пријавените случаи“. И според податоците на „официјалната статистика на органите за прогон, најзастапено е

физичкото насилство со 87 %, по кое следи психолошкото со 10,2 % и сексуалното насилство со 2,8 %“ (Национална стратегија за заштита од семејно насилство 2008 - 2011 година, 2008, стр. 7). И добиените истражувачки резултати укажуваат слични тенденции. Во таа смисла и резултатите од „Национално истражување за семејно насилство“ е спроведено од БРИМА - Скопје во 2012 година, со поддршка на УНДП, во рамките на Заедничката програма на Организацијата на Обединетите нации, „Зајакнување на националните капацитети за спречување на семејното насилство“, е констатирано дека машките членови на домаќинствата во поголем процент се сторители на семејно насилство отколку женските членови“ и е „утврдена преваленца за сите видови на семејно насилство од 37,7 %, а само за жените е повисока (39,4 %), додека за мажите е пониска (35,5 %) (Национална стратегија за спречување и заштита од семејно насилство 2012-2015, 2012, стр. 6)

Во периодот во кој е остварувано истражувањето, во македонското општество се остварувани согледувања и се преземани активности за нивно разрешување. Перцепциите на испитаниците се дека семејното насилство, особено семејните караници, кои можат да резултираат со разни облици, имаат влијание врз општата слика за степенот на криминализираноста на заедницата.

***Табела број 9. Семејно насилство (караници) - %***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 6,60 | 6,65 | 5,35 | 6,05 | 5,36 | 6,00 | 4,04 | 5,56 | 5,14 |
| 2. | 11,76 | 19,94 | 13,82 | 16,29 | 17,75 | 15,85 | 12,01 | 14,56 | 15,41 |
| 3. | 19,12 | 18,87 | 13,68 | 11,05 | 12,74 | 15,17 | 12,30 | 12,84 | 15,70 |
| 4. | 28,98 | 28,27 | 34,72 | 32,58 | 29,53 | 30,93 | 29,92 | 28,83 | 28,78 |
| 5. | 33,54 | 26,28 | 32,43 | 34,03 | 34,62 | 32,05 | 41,73 | 38,22 | 34,98 |
| **Σ** | **1318** | **1309** | **1440** | **1240** | **1138** | **1167** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда: 1.** воопшто не влијаат; 2. не влијаат; 3. не можам да оценам; 4. влијаат; 5. многу влијаат; Σ= вкупно испитаници што одговориле.

Апсолутните цифри укажуваат, (како и кај претходните дистрибуции), на релативно повисок степен на согласност во ставовите на испитаниците, кој во сите изминати девет години е понизок од 7,0 %. Нешто повисок степен на учество забележуваат одговорите, „не влијаат“ и „не можам да оценам“. Овие два модалитета не преминуваат ниво од 19,94 % (на пример, во 2010 година). Просечно, секоја година 5,64 % од испитаниците оценувале дека ваквите појави воопшто не можат да се сметаат за индикатор врз основа на кој ќе се оценува степенот на криминализираноста, со сличен но нешто поумерен став „не влијаат“, биле просечно 15,27 % од испитаниците, 14,61 % се

определиле за одговорот „не можам да оценам". Афирмативни оценки, кои изразуваат степен на согласност преку ставот „влијаат", просечно се изјаснувале 30,28 % годишно и со одговорот „многу влијаат" се 34,21% од испитаниците. Другите специфичности на зачестеноста на одговорите на ова прашање се прикажани во претходната табела.

Ако извршиме прегрупирање на податоците и се погледнат низ модалитетот „не", „не можам да оценам" (нмо) и „да", тогаш може да се констатира дека позитивните ставови се движат во распонот од 54,55 % во 2010 година до 71,65 % во 2015 година.

***Табела број 10. Семејно насилство (караници) - %***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| влијаат | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| не | 18,36 | 26,59 | 19,17 | 22,34 | 23,11 | 21,85 | 16,04 | 20,11 | 20,54 |
| нмо | 19,12 | 18,87 | 13,68 | 11,05 | 12,74 | 15,17 | 12,30 | 12,84 | 15,70 |
| да | 62,52 | 54,55 | 67,15 | 66,61 | 64,15 | 62,98 | 71,65 | 67,05 | 63,76 |
| Σ | **1318** | **1309** | **1440** | **1240** | **1138** | **1167** | **1016** | **1044** | **1032** |

Овде поспецифично може да се забележи дека негативните ставови, односно модалитетите, воопшто и не влијаат и модалитетот не можам да оценам покажуваат повисок степен на учество. Тој е највисок во ставовите на испитаниците во 2010 година со 45,45 %, а најнизок во 2015 година со пропорционална вклученост од 28,35 %. Ако се обидеме да одговориме на прашањето зошто се такви претставите, веројатно еден од одговорите се однесува и на различните сфаќања на поимите семејно насилство, на отсуството на општествена (особено медиумска) дебата за овие прашања, како и на фактот дека станува збор за активности кои повеќе или помалку се поврзани со приватноста и начинот на живеењето на поединецот во заедницата. Овде, не треба да се запостави и претпоставката дека македонското општество е специфично и со присутноста на традиционалните односи во семејството, што се провлекуваат како историски рецидив од живеењето во системи со нагласени авторитарни карактеристики, но се поврзани и со начините на разбирањето на семејството и семејните улоги во него.

Современата заедница се среќава со проблемот на наркоманијата и растурањето на дроги и други психотропни супстанци. Таа појава предизвикува бројни социјални, психолошки и општествени проблеми. Најчесто под силен удар се младите луѓе, кои на еден или друг начин стануваат неупотребливи за општеството и заедницата. Во продолжение, како илустрација се дадени дел од достапните податоци на државните институции за состојбата со регистрираните кривични дела.

***Табела број 11. Регистрирани кривични дела и кривично пријавени сторители за неовластено пуштање во промет на наркотични droги и психотропни супстанци и прекурсори (член 215)***

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| дела | 348 | 439 | 494 | 481 | 468 | 404 |
| сторители | 423 | 525 | 616 | 588 | 586 | 467 |

*Извор: http://www.izgubenonajdeno.mvr.gov.mk/DesktopDefault.aspx?tabindex=0&tabid=448 [пристапено на 2.08.2017]:*

Што покажуваат податоците? Дека во периодот од 2008 до 2013 година се регистрирани по 439 кривичноправни настани поврзани со неовластеното пуштање во промет на droги и дека за таа активност кривично се пријавени во просек по 534 лица годишно. Според одделни истражувачки резултати во Република Македонија во 2012 година, индицираат дека возрасната група од 20 до 34 години е најфреквентна во користењето, односно злоупотребата на дрога. Идентификувано е дека мажите во 84,00 %, наспроти жените во 16,00 %, се јавуваат како корисници, односно злоупотребуваат дрога (Национална стратегија за дрога на Република Македонија 2014-2020 година, 2014, стр. 15).

Ако се послужиме со податоците од „Анализата на состојбите со малолетничката деликвенција во 2013 година“, тогаш ќе констатираме дека се извршени 18(21) дела недозволена трговија, од кои осум дела биле „овозможување на употреба наркотична дрога“, извршени од малолетници кои во своите домови им овозможувале на други лица да уживаат дрога. Биле извршени пет дела „неовластено производство и пуштање во промет наркотични droги, психотропни супстанци и прекурсори“, а во сите случаи се работи за мали количини наркотична дрога - марихуана, која била пронаоѓана при претрес на малолетниците. Биле регистрирани и пет(три) дела „недозволено изработување, држење или тргување со оружје или распрскувачки материи“, при што кај пријавените малолетници во три случаи биле пронајдени петарди, во еден случај пиштол, и е регистриран случај кога 17-годишник по претходна вербална расправија и тепачка, од автоматска пушка испукал два куршума во воздух (studiorum.org.mk/.../Analiza...., стр.3).

Поаѓајќи од значењето, посебно од последиците на овој феномен, во истражувачките задачи се постави и обврската да се согледа како граѓаните го перципираат овој проблем, за тоа дали и во која мерка влијае на општата перцепција за степенот на криминализираност на општеството. Одговорите во табелата што следува укажуваат дека во изминатите девет години доминираат одговорите на испитаниците дека растурањето на дрогите и другите психотропни супстанци особено влијаат на перцепциите за нивото на криминализираност на заедницата. Таквите состојби се резултат на медиумски и други истражувања, кои укажуваат на појавата и

ширењето на оваа особено штетна општествена појава, посебно меѓу младите.

***Табела број 12. Растурање и злоупотреба на droги - %***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 3,95 | 3,74 | 2,57 | 2,10 | 1,76 | 2,83 | 2,17 | 2,97 | 2,52 |
| 2. | 9,41 | 7,56 | 5,90 | 4,35 | 4,31 | 6,34 | 5,71 | 6,70 | 7,46 |
| 3. | 14,49 | 8,56 | 8,33 | 6,29 | 6,94 | 9,00 | 8,07 | 8,05 | 9,21 |
| 4. | 20,64 | 19,86 | 20,35 | 20,40 | 22,50 | 20,74 | 21,65 | 25,00 | 25,48 |
| 5. | 51,52 | 60,28 | 62,85 | 66,85 | 64,50 | 61,10 | 62,40 | 57,28 | 55,33 |
| **Σ** | **1318** | **1309** | **1440** | **1240** | **1138** | **1167** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда: 1.** воопшто не влијаат; 2. не влијаат; 3. не можам да оценам; 4. влијаат; 5. многу влијаат; Σ= вкупно испитаници што одговориле.

Податоците упатуваат дека испитаниците во значителна мера, секоја година искажувале ставови според кои особено ја нагласувале штетноста на оваа современа општествена појава. Имено, просечно 9,17 % од испитаниците искажале став дека растурањето и злоупотребата на дрогите „воопшто не влијаат“ (2,73 %), или „не влијаат“ (6,24 %) на оценките за нивото на криминализираност на општеството. И оние испитаници кои одговориле со „не можам да оценам“, нивниот став просечно се движи до 8,77 %. Афирмативните ставови „влијаат“ (21,85 %) и „многу влијаат“ (60,23 %), заедно просечно, секоја година се движат од 82,08 %. Може да констатираме дека просечно секоја година од 100 испитаници 81 сметал дека растурањето на дроги и други психотропни супстанци особено негативно влијае на создавањето на негативна слика.

Ако повнимателно ги разгледаме податоците ќе утврдиме дека во 2009 година 51,52 % од испитаниците имаат исклучително позитивен став, во следната 2010 со 60,28 %, во 2011 нешто повисоко со 62,85 % и највисоко во 2012 година, кога две третини од испитаниците или 66,85% одговориле дека тие состојби многу влијаат на градењето на сликата за нивото на криминализираност во заедницата.

***Графикон број 1. Дали и колку растурањето на дроги влијае на претставата за криминализираноста на општеството?***




И од графичкиот приказ може да се констатира дека доминираат особено позитивните ставови на испитаниците. Тие можат да се набљудуваат и како степен на загриженост на испитаниците за состојбите во заедницата. Високиот степен на согласување на испитаниците со понудената опција „делумно и многу влијаат“, може да се разбере и во контекстот на јавно присутните сознанија за ширењето на ова современо зло на општеството и опфатот на зависници од најраната младост.

***Табела број 13. Растурање и злоупотреба на дроги***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| не | 13,35 | 11,31 | 8,47 | 6,45 | 6,06 | 9,17 | 7,87 | 9,67 | 9,98 |
| нмо | 14,49 | 8,56 | 8,33 | 6,29 | 6,94 | 9,00 | 8,07 | 8,05 | 9,21 |
| да | 72,15 | 80,14 | 83,19 | **87,26** | 86,99 | 81,83 | 84,06 | 82,28 | 80,81 |
| Σ | **1318** | **1309** | **1440** | **1240** | **1138** | **1167** | **1016** | **1044** | **1032** |

Ако ставовите се групираат во три групи, негативни, неутрални и позитивни, тогаш можеме да констатираме дека речиси девет десеттини од испитаниците во 2012 година сметаат дека растурањето и злоупотребата на дрогите и другите психотропни супстанци, влијае или многу влијае врз претставата за степенот на криминализираност на општеството. Овие податоци можат да се набљудуваат и како индикатори за општествената организираност и одговор кон овој современ феномен.

Ниту едно општество не е имуно од социопатолошки појави кои имаат негативен одраз не само врз поединците, туку и пошироко врз одредени општествени односи, предизвикувајќи пошироки негативни

општествени состојби. Меѓу покарактеристичните појави од овој вид се: алкохолизмот, наркоманијата, проституцијата, комарот, самоубиствата, скитништвото и слично (Аслимоски, 2013). Алкохолизмот претставува општествена појава со социопатолошки карактеристики која се манифестира како зависност од алкохолот како претерано уживање проследено со последици на физички, психолошки и социјален план. Во литературата се сретнуваат голем број теоретски објаснувања за причините за појавата на алкохолизмот. Социолошките теории појавата на алкохолизмот ја објаснуваат од општествените услови, кои го предизвикуваат консумирањето на алкохолни пијалаци (Ацески, 2002).

***Табела број 14. Прекршоци против јавниот ред и мир за кои се поднесени барања за поведување прекршочна постапка во периодот 2008-2010 година***

| | **2008** | | **2009** | | **2010** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | *F* | *%* | *f* | *%* | *f* | *%* |
| карање, викање и непристојно однесување( член 4) | 1076 | 18,67 | 1098 | 21,26 | 1009 | 19,89 |
| фрлање, кршење на разни предмети (член 5) | 326 | 5,66 | 286 | 5,54 | 286 | 5,64 |
| оддавање на пијанство на јавни места ( член 6) | 791 | 13,73 | 611 | 11,83 | 597 | 11,77 |
| Вознемирување соседи (член 7) | 903 | 15,67 | 649 | 12,57 | 713 | 14,05 |
| вознемирување со гласна музика, врева (член 8) | 148 | 2,57 | 398 | 7,71 | 299 | 5,89 |
| организирање борба меѓу животни (член 9) | 1 | 0,02 | 2 | 0,04 | 5 | 0,10 |
| малтретирање и вршење присилба (член 10) | 447 | 7,76 | 300 | 5,81 | 397 | 7,82 |
| учество, предизвикување или поттикнување тепачка (член 11) | 2071 | 35,94 | 1820 | 35,24 | 1768 | 34,84 |
| **Вкупно:** | **5763** | **5164** | **5074** | **100,00** | **100,00** | **100,00** |

*Извор: http://www.izgubenonajdeno.mvr.gov.mk/DesktopDefault.aspx?tabindex=0&tabid=448 [пристапено на 2.08.2017]:*

Податоците од државните институции илустрираат дека од оваа група прекршоци против јавниот ред и мир во годините од 2008 до 2010 година доминираат тепачките идентификувани како учество или поттикнување. Имено, тие учествуваат со нешто повеќе од една третина од другите облици на асоцијално поведение. Потоа следуваат прекршоците идентификувани како „карање, викање и непристојно однесување“, па потоа следуваат појавите на „оддавање на пијанство на јавни места и „вознемирување соседи“.

Вознемирувањето на граѓаните е специфично за урбаните средини, но и за средините со туристички и други забавни објекти. Тоа е индикаторот во кој до израз доаѓаат две тенденции. Прво, односот на

граѓаните кон нормите, наспроти доминацијата на панаѓурската свест и однесување - специфично за спектаклите и, второ, односот на институциите кон подготвеноста да ги применуваат нормите. Тие две тенденции се препознаваат во присуството или отсуството на претерано гласната музика, викотниците, точењето и пиењето алкохол, што создава впечаток, односно претстава за културата, навиките но и за односот кон нормите на редот и поредокот.

***Табела број 15. Дали и колку појавите на пиење алкохол (пијанство), гласна музика и викотници влијаат на создавањето слика за криминализираноста на општеството?- %***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 6,83 | 5,35 | 7,01 | 8,15 | 8,17 | 7,02 | 7,48 | 11,02 | 11,53 |
| 2. | 15,86 | 21,85 | 21,67 | 23,15 | 25,75 | 21,49 | 21,46 | 22,13 | 23,16 |
| 3. | 16,16 | 11,84 | 10,97 | 8,06 | 9,49 | 11,47 | 10,43 | 12,16 | 13,76 |
| 4. | **27,54** | **29,64** | **32,92** | **34,60** | **32,78** | **31,42** | **32,68** | **28,93** | **27,81** |
| 5. | 33,61 | 31,32 | 27,43 | 26,05 | 23,81 | 28,60 | 27,95 | 25,77 | 23,74 |
| **Σ** | **1318** | **1309** | **1440** | **1240** | **1138** | **1168** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда: 1.** воопшто не влијаат; 2. не влијаат; 3. не можам да оценам; 4. влијаат; 5 многу влијаат; Σ= вкупно испитаници што одговориле.

Податоците упатуваат на тоа дека доминираат позитивно насочени одговори од типот „влијаат“ и „многу влијаат“. Првата група е доминантна. Одговорите во неа се во распон од 27,54 % во 2009 до 34,60 % во 2012 година. Просечно, секоја година 30,92 % од испитаниците одговарале со оценката „влијаат“ ($\bar{x}$=30,92 %, σ=2,52 % и V=8,16 %). Со помал интензитет се пропорциите на одговорите „многу влијаат“. Тие се движат во распонот од 23,74 % во 2017 до 33,61 % во 2009 година. Просечно, секоја година, 27,58 % од испитаниците ($\bar{x}$=27,59 %, σ=3,28 % и V=11,89 %) се определувале за оценката „многу влијаат“.

Со послаб, но значаен интензитет се пропорциите на одговорите „не влијаат“. Тие се движат од 15,86 % во 2009 до 25,75 % во 2013 година. Просечно, секоја година 21,83 % од испитаниците се определувале за оценката „не влијаат“,($\bar{x}$=21,83 %, σ=2,62 % и V=12,25 %). Значи, секоја година 22 од 100 испитаници сметале дека пиењето алкохол (пијанството), гласната музика и викотниците не влијаат на создавањето слика за криминализираноста во општеството.

Следна група, според зачестеноста, се одговорите со „не можам да оценам“. Пропорциите на овој модалитет на одговор се движи во распонот од 8,06 % во 2012 до 16,16 % во 2009 година. Просечно, 11,60 % годишно ($\bar{x}$=17,39 %, σ=2,48 % и V=14,25 %), се определувале за

оценката „не можам да оценам“ дали пиењето алкохол (пијанството), гласната музика и викотниците влијаат на создавањето слика за криминализираноста на општеството.

Со најслаба зачестеност се одговорите „воопшто не влијаат“. Тие се движат во распонот од 6,83 % во 2009 до 11,53 % во 2017 година. Просечно, секоја година 8,06 % од испитаниците оценуваат дека појавите на пиење алкохол (пијанство), гласната музика и викотниците воопшто не влијаат на создавањето слика за криминализираноста на општеството ($\bar{x}$=8,06 %, σ=2,01 % и V=24,88 %).

***Табела број 16. Дали и колку појавите на пиење алкохол (пијанство), гласна музика и викотници влијаат на создавањето слика за криминализираноста на општеството?***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| не | 38,85 | 39,04 | 39,65 | 39,35 | 43,41 | 39,98 | 39,37 | 45,31 | 48,45 |
| да | 61,15 | 60,96 | 60,35 | 60,65 | 56,59 | 60,02 | 60,63 | 54,69 | 51,55 |
| Σ | **1318** | **1309** | **1440** | **1240** | **1138** | **1168** | **1016** | **1044** | **1032** |

Што покажуваат истражувачките резултати?

***Графикон број 2. Дали и колку пиењето алкохол (пијанство), гласна музика и викотници влијае на сликата за криминализираноста на општеството***




Истражувачките резултати за изминатите години укажуваат дека над половината, до шест десеттини од испитаниците се согласуваат дека ваквите појави делумно или многу влијаат на градењето на вкупната оценка за нивото на криминализираност на општеството.

Втората оценка што може да се извлече е дека во изминатите години, освен во 2013, 2016 и 2017 година, оценките кои се движат меѓу „делумно“ и „многу влијаат“ се 60 или 61 % од бројот на испитаниците во таа година.

И графичката презентација илустрира каква е динамиката на одговорите (дадени во проценти), од година во година.

Може да се согледа дека три ставови покажуваат релативно сличен тек, односно одговорите со „не можам да оценам“ и „делумно“ и „многу влијаат“. Од податоците може да се утврди дека кај овие три групи одговори тенденциите на податоците покажуваат тренд на опаѓање, а кај податоците во кои се изразува став на несогласување со понудената констатација, тренд на зголемување.

***Графикон број 3. Дали и колку пиењето алкохол (пијанство), гласна музика, викотници влијае на сликата за криминализираноста на општеството – прогноза до 2022 година***




Ако се обидеме да процениме како ќе се одвиваат активностите и ја примениме аналитичката алатка експоненцијален тренд, тогаш ќе добиеме графичко решение, кое е прикажано во претходниот графикон. Треба да укажеме дека експоненцијалниот тренд ја прикажува долгорочната тенденција на појавата, која во сукцесивни временски интервали покажува приближно исто темпо на раст или опаѓање на појавата. Моделот се искажува со равенката $T_t = \beta_0 + \beta_1^t$ (Ристески & Тевдовски, 2008). Трендот се добива преку негово директно моделирање или со десезонирани вредности. Кога се испитува

развојната тенденција на појавата на долг рок. При моделирањето на трендот се поаѓаше од претпоставката дека на развојот на ставовите на граѓаните постојано влијаат определени фактори и во одреден правец, а додека другите фактори привремено го насочуваат ставот. Проблемот се сведува на изолација на влијанијата на долг рок од другите што го нарушуваат неговиот правец. Во одредени случаи со користење на моделот на трендот може да се опише временската серија. Трендот е од особена важност за временската серија бидејќи со негова помош може да се согледува можната развојна тенденција.

На што би се должел таквиот развој на ставовите на граѓаните. Можни се повеќе претпоставки, кои на еден или друг начин укажуваат дека прашањето на криминализираноста е најоддалечено од појавата на асоцијално поведение поврзано со консумирањето алкохол, викотниците и гласната музика, односно дека криминалот најчесто е поврзан со капацитетот на институциите и на интегритетот на вработените во институциите задолжени за спроведувањето на законите. Може да се претпостави дека процесот на изградбата на правниот поредок и професионализацијата на институциите ќе создава претпоставки за успешно справување со криминалот. Може да се претпостави дека во организираната општествена акција зголемен е опфатот на содржини и програми за превенирање на појавите на асоцијално и друго девијантно поведение и се зајакнати контролните и превентивните активности.

Во Република Македонија, од нејзиното осамостојување се следат активностите на меѓународната заедница во насока на подобрување на контролата на оружје и се врши усогласување на законодавството со европските правни акти и практиката, со цел да се подобри безбедноста, особено безбедноста на граѓаните. Проблемот со криумчарењето и недозволената трговија со оружје, особено е актуелен пред и по 2001 година, посебно за време на вооружениот конфликт во Република Македонија. Тогаш се забележани поинтензивни активности. За да се сузбијат ваквите општествено штетни појави се организираат акции за доброволно предавање на нелегално стекнатото оружје. Таква била акцијата „Жетва" организирана од припадниците на НАТО и Американската армија.

Според евиденцијата на Министерството за внатрешни работи во 2008 година се сторени 250 кривични дела и се пријавени 290 лица; во 2009 година 238 кривични дела, а се пријавени 271 сторител; во 2010 година 199 кривични дела со 223 пријавени сторители и во 2011 година 208 кривични дела со 248 извршители.

Токму затоа при конципирањето на инструментот, основата за разговор, беше оценето дека ќе има смисла и значење да се побара од

граѓаните да оценат, колку овие облици на незаконито однесување влијаат на општата претстава за степенот на криминализираност.

Односот кон вандализмот во основа е негативен. Но има ситуации и однесувања кои го оправдуваат вандализмот, посебно кога мотивите се од идеолошка или религиска природа, а се однесуваат, на пример, на скрнавење на симболи или имот. Има модерни општества во кои вандализмот се набљудува како „автентична“ урбана и модерна култура, тој се претставува како специфична уметност. Во таа смисла се третираат графитите, „шарањето“ на спомениците, градбите или зданијата. Модерните држави, вандализмот го забраумаат и деликтите ги санкционираат, при што посебно внимание се посветува на заштитата на имотот и културното наследство.

Овде да ја спомнеме студијата на В. Белсон (Belson, 1978) „Телевизиското насилство и адолесцентот“ базирана врз интервјуа на повеќе од 1.500 лондонски момчиња на возраст од 12 до 17 години, која потврдува дека неговите наоди покажале дека момчињата кои многу гледале насилство на телевизија биле посклони и самите да извршат „сериозен“ чин на насилство. Во нивната студија на примерот на 300 тинејџери од градот Лестер, констатираат дека се потврдени сознанијата на повеќе студии за „светска војна за групно насилство“. Тие сметаат дека телевизијата би можела да придонесе за појава на насилство кај тинејџерите, но, помалку е веројатно дека тоа е резултат од прекумерно гледање на програми каде преовладува насилството, а повеќе од гледање на некое евтино шоу, каде преку истакнувањето на контрастот меѓу потрошувачкото општество и животот што го водат поголемиот дел од луѓето повеќе може да „создаде“ чувство на фрустрација и потиштеност кои ги поттикнуваат на насилнички чинови, вандализам и кражба (Ацески, 2002, стр. 95).

Вандализмот е негативна општествена појава и е поврзан со уништувањето на јавната или приватната сопственост или масовно јавно навредување, понижување и примена на насилство. Таа појава, обично, е специфична за определени групи, кои како постојани и повремени состави се јавуваат на определени спортски или други настани, но и се одлика на одделни социјални групи или поединци кои изразуваат став и незадоволство од начинот на остварувањето на определени проекти или очекувања. Она што денес најмногу предизвикува недоразбирање се резултатите од истражувањата за однесувањето на навивачите, оние за кои се искажани најгрди зборови, а кои се сведуваат на тоа дека тие стануваат нешто „значајно“ во спортот, оној момент кога ја надминуваат набљудувачката улога и се претвораат во главни актери на стадионот или по натпреварот, дека му

„припаѓаат" на клубот и дека тоа е средство, а не нивна суштинска цел. Со вандалскиот акт младите, најчесто, се обидуваат да ја надминат сопствената беспомошност и да покажат дека и тие се субјекти на општествените промени, а не само објект на манипулација (Ацески, 2002, стр. 414).

Вандализамот е израз со кој се опишува секое оштетување на некоја туѓа ствар, а тоа не е поврзано со некакви посебни практични или материјални мотиви. Тој се однесува на уништувањето на културните вредности и се изедначува со дивјаштво, односно со страст за рушење и уништување на уметнички и други предмети. Со овој поим се означуваат и појавите на оштетување или скрнавење на културните објекти посебно споменици, гробници, натписи, слики и слично. Вандализмот може да се темели на религиски, идеолошки или политички мотиви. Тој секогаш е мотивиран со задоволство што го обзема сторителот и што ја потхранува неговата деструкција, односно вандалското однесување.

***Графикон број 4. Дали и колку појавите на вандализам, употреба на оружје и други облици на насилно поведение влијаат на претставата за криминализираноста на општеството?***




Од понуденото графичко решение може да се оцени дека особено значаен дел од испитаниците во 2013, 2012 и 2011 година имаат став дека овој вид појави многу влијаат на претставите за степенот на корумпираноста на заедницата. Интензитетот е нешто

понизок во годините од 2013 до 2017, а изедначен или послаб во 2009 и 2010 година. Имено, просечно 8,06 % од испитаниците на ова прашање одговарале со „воопшто не влијаат". Речиси три пати повеќе, односно просечно 21,83 % годишно се изјаснувале со ставот „не влијаат", 11,60 % биле неопределени и одговориле „не можам да оценам". Зазеле позитивни ставови, односно 30,92 % одговориле дека овие појави „влијаат", како и речиси толку, односно, 27,59 % одговориле дека „многу влијаат".

Со оглед на тоа што бројот на испитаници е различен секоја година, апсолутните цифри не секогаш докрај и на вистински начин можат да ја илустрираат специфичноста на појавата, затоа во аналитичките средства ги користиме пропорциите како облик на компарација меѓу модалитетите на одговорите, што се добиваат основи да се споредуваат соодносите во определена фреквенција. Од понудените податоци, по извршеното групирање, може да се оцени дека соодносот на позитивни и негативни модалитети на одговорите доминираат позитивните кои се во распон од над половина до четири петтини. Во годините од 2009 до 2012 и 2014 и 2015 година овој соодност е повеќе од 60 % што е нешто повеќе од половината од одговорите и може да се смета за значаен степен на согласност на оценките на испитаниците од секоја година одделно.

***Табела број 17. Дали и колку појавите на вандализам, употреба на оружје и други облици на насилно поведение влијаат на претставата за криминализираноста на општеството? - %***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| не | 22,69 | 27,20 | 28,68 | 31,29 | 33,92 | 28,51 | 28,94 | 33,14 | 34,69 |
| нмо | 16,16 | 11,84 | 10,97 | 8,06 | 9,49 | 11,47 | 10,43 | 12,16 | 13,76 |
| да | 61,15 | 60,96 | 60,35 | 60,65 | 56,59 | 60,02 | 60,63 | 54,69 | 51,55 |
| Σ | **1318** | **1309** | **1440** | **1240** | **1138** | **1167** | **1016** | **1044** | **1032** |

Ако се групираат податоците според насоката на одговорите, односно на оние кои оценуваат дека таквите појави не влијаат и обратно и оние кои оценуваат дека таквите појави влијаат, тогаш можеме да констатираме дека просечно 12,27 % од испитаниците, или 12 од 100 испитаници оценуваат дека појавите на вандализам и други облици на насилно поведение „воопшто" и „не влијаат" на претставата на криминализираноста на општеството, 13,54 % или просечно, речиси 14 од 100 испитаници одговараат со „не можам да оценам" и просечно секоја година од 2009 до 2017 74,20 %, или 74 од 100 испитаници, конкретно три четвртини од испитаниците, одговараат дека појавите на вандализам, употреба на оружје и други облици на насилно поведение

влијае на претставата за криминализираноста на општеството, што, секако, е висока средна вредност и укажува дека во перцепциите на испитаниците за појавите на вандализам, употреба на оружје и други облици на насилно поведение, особено влијаат на претставата за криминализираноста на општеството. Ваквата оценка треба да се набљудува и преку другите истражувачки искуства кои укажуваат за влијанието на одделни фактори, како што се медиумите, колку тие влијаат и предизвикуваат отпор и антипатии кон ваквите облици на поведение во општеството.

### *Оценки за влијанието на појавите на „проституција, трговија со луѓе“ врз перцепциите за криминализираноста на општеството*

Во литературата се познати повеќе класификации на социопатолошки појави, базирани врз различни критериуми. Тие, според Јаковљевиќ, се групираат во три групи: социјални болести (соматски, ментални и психосоматски), социопатии - токсиномании (алкохолизам, наркоманија), пороци (сексуални перверзии, проституција, егзистенцијални деформации), агресии (криминалитет, самоубиства, малолетничка деликвенција) и социјална дезорганизација, во која спаѓаат дезорганизација на бракот и семејството, дезорганизација на комуната и работните колективи. На сличен начин тоа го прави и Клинард (Clinard, 1964), деликвенција и криминал, наркоманија и алкохолизам, функционални ментални нарушувања, самоубиства, конфликти, имајќи ги предвид улогите во бракот и семејството. Шепаровиќ, пак, ги групира во две групи: девијантни однесувања и социјална дезорганизација. Девијантното однесување ги опфаќа специфичностите на социопатолошките појави, како што се: алкохолизмот, наркоманијата, проституцијата, сексуалните девијации, вагабонтажата, менталните нарушувања, а во социјалната дезорганизација ги наведува дезорганизацијата на семејството, социјалната патологија во сферата на градот, социјално-патолошките аспекти на мобилност и слично (Ацески, 2002, стр. 343).

Модерната заедница е обременета со појавите на асоцијално однесување како што е проституцијата, но и со посовремен облик на криминал наречена трговија со луѓе. „Новите облици на криминалитет што се јавуваат во крајот на минатиот век и почетокот на овој век се под називите: организиран криминалитет, криминалитет на трговија со луѓе, новите облици на криминалитетот на злоупотребата на дрогите, криминалитетот на перење пари, компјутерскиот криминалитет, сајбер криминалитетот и уште многу други облици“ (Арнаудовски, 2007, стр.

57) се сериозен предизвик за секоја модерна држава. Всушност, криминалитетот „трговија со луѓе“, посебно, злоупотребата поради проституција, како и криумчарењето луѓе преку граници, се појави што содржат елементи на организиран криминалитет. Проституцијата се поврзува со доброволен сексуален однос кој се карактеризира со плаќање (најчесто во пари), значи купување објект кој ќе го пружи тоа задоволство и уживање, (Арнаудовски, Стојановски, 2002, стр. 42), односно, полов однос врз комерцијални принципи (Крстаноски, 2006, стр. 107). Трговијата со луѓе се смета за агресивна форма на проституцијата, која може да резултира со погрешно и неадекватно согледување на правната природа на самиот феномен. „Трговијата со бело робје“ е криминална општествена појава која директно се надоврзува на проституцијата како социопатолошка појава. (Арнаудовски и Стојановски: 2002, стр. 81)

***Табела број 18. Прекршоци против јавниот ред и мир за кои се поднесени барања за поведување прекршочна постапка во периодот 2008-2010 година***

| | 2008 | | 2009 | | 2010 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | *f* | *%* | *f* | *%* | *f* | *%* |
| оддавање, наведување или посредување при проституција( член 19) | 4 | 0,29 | 50 | 3,52 | 1 | 0,08 |
| уживање наркотични дроги и психотропни супстанци (член20) | 641 | 47,17 | 551 | 38,80 | 628 | 51,94 |
| овозможување присуство на малолетници во објекти за забава (член21) | 174 | 12,80 | 223 | 15,70 | 146 | 12,08 |
| давање порнографски и материјали со насилство на малолетници (член22) | 5 | 0,37 | 1 | 0,07 | 0 | 0,00 |
| лажно претставување (член 23) | 48 | 3,53 | 50 | 3,52 | 43 | 3,56 |
| питачење (член 24) | 104 | 7,65 | 176 | 12,39 | 65 | 5,38 |
| коцкање или друга забранета игра на среќа (член 25) | 12 | 0,88 | 7 | 0,49 | 4 | 0,33 |
| нарушување на ред и мир во заеднички простории (член член26) | 99 | 7,28 | 74 | 5,21 | 69 | 5,71 |
| оштетување или загадување јавни објекти, простории, инсталации (член 27) | 20 | 1,47 | 10 | 0,70 | 8 | 0,66 |
| непреземање мерки на заштита при изведување на работи (член 28) | 1 | 0,07 | 3 | 0,21 | 1 | 0,08 |
| држење без надзор кучиња и други опасни животни (член 29) | 100 | 7,36 | 113 | 7,96 | 135 | 11,17 |
| ставање, држење или фрлање предмети опасни за минувачи (член 30) | 4 | 0,29 | 12 | 0,85 | 2 | 0,17 |
| неовластено пукање од огнено оружје, пиротехнички средства (член 31) | 147 | 10,82 | 150 | 10,56 | 107 | 8,85 |
| | **1359** | **100,00** | **1420** | **100,00** | **1209** | **100,00** |

*Извор: http://www.izgubenonajdeno.mvr.gov.mk/DesktopDefault.aspx?tabindex=0&tabid=448 [пристапено на 2.08.2017]:*

Евиденцијата на Министерството за внатрешни работи упатува на тоа дека во периодот од 2001 до 2010 година прекршочните пријави за „Оддавање, наведување или посредување при проституција“, покажува нерамномерно движење и во апсолутна смисла се движи од 20 пријави во 2001, 36 во 2002, 92 во 2003, 45 во 2004, 34 во 2005, 49 во 2006, 14 во 2007, 4 во 2008, 50 во 2009 и 1 пријава во 2010 година. Причините за ваквата динамика се повеќекратни. Несомнено е дека тоа прашање, особено во периодите по промената на политичките структури во земјата добива определена динамика.

Станува збор за илегална појава позната како трговија со луѓе. Тоа е и социопатолошка појава која предизвикува деформации во областа на сексуалниот живот на човекот, тесно е поврзана со проституцијата, порнографската индустрија и со комерцијализацијата на сексот. Ова е криминалитет кај жртвата. Таа претставува објект на трговијата со бело робје. Тоа е криминалитет во кој човекот се обесчовечува, во која тој ја губи слободата, самостојноста, достоинството, чесноста, личниот интегритет и приватност, врз него се применува присила од најбрутален, најсвиреп, најбезобѕирен вид од физичка и психолошка природа, се експлоатира економски, физички, интелектуално, психички, се применува насилство од најтежок вид со уцени, измами, се присилува да прави нешто што не сака да прави (Арнаудовски, 2007, стр. 449).

***Табела број 19. Дали и колку појавите на проституција, трговија со луѓе влијаат на претставата за криминализираноста на општеството?***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 9,71 | 10,16 | 3,75 | 3,63 | 3,16 | 6,08 | 2,46 | 4,50 | 4,46 |
| 2. | 13,96 | 14,13 | 6,46 | 7,90 | 6,06 | 9,77 | 6,50 | 8,81 | 8,91 |
| 3. | 23,82 | 19,02 | 10,76 | 9,27 | 9,84 | 14,74 | 12,01 | 11,88 | 12,11 |
| 4. | 21,55 | 27,58 | 21,18 | 22,10 | 18,10 | 22,19 | 21,85 | 23,08 | 25,10 |
| 5. | 30,96 | 29,11 | 57,85 | 57,10 | 62,83 | 47,22 | 57,19 | 51,72 | 49,42 |
| **Σ** | **1318** | **1309** | **1440** | **1240** | **1138** | **1167** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда: 1.** воопшто не влијаат; 2. не влијаат; 3.. не можам да оценам; 4. влијаат; 5. многу влијаат; Σ= вкупно испитаници што одговориле.

Според зачестеноста на фреквенциите на одговорите на ова прашање може да се оцени дека испитаниците доминантно сметаат дека појавите на проституција, трговија со луѓе многу влијае на претставата за криминализираноста на општеството. Тие пропорции се движат во распонот од 29,11 % во 2010 до 62,83 % во 2013 година ($\bar{x}$=49,26 %, σ=11,90 % и V=24,16 %). Значи 49 од 100 испитаници оценуваат дека појавите на проституција, трговија со луѓе многу влијаат на претставата

за криминализираноста на општеството. Нешто пониска зачестеност имаат одговорите дека овие појави влијаат на општата претстава за криминализираноста на општеството. Имено, одговорите се движат во распонот од 18,10 % во 2013 до 27,58 % во 2010 година ($\bar{x}$=22,53 %, σ=2,63 % и V=11,70 %).

Нешто послаб интензитет имаат оценките „не можам да оценам“. Тие просечно годишно се 13,72 % ($\bar{x}$=13,72 %, σ=4,79 % и V=34,93%). На крајот следуваат двете оценки со негативна конотација. Имено, просечно 9,17 % годишно оценуваат дека не влијаат ($\bar{x}$=9,17 %, σ=3,04 % и V=33,15 %), а 5,32 % дека појавите на проституција, трговија со луѓе, воопшто влијае на претставата за криминализираноста на општеството ($\bar{x}$=5,32 %, σ=2,80 % и V=52,65 %). Специфично е дека кај последните три модалитети е висок коефициентот на варијација, односно тој укажува дека одговорите на испитаниците од година во година покажуваат различен степен на зачестеност, што објективно влијае на вредноста на средните показатели.

Во општеството постојат многу дебати околу тоа - што е и каква појава е проституцијата. Свесни за разликите кои постојат, за аналитичките потреби ние се користиме со ставовите на двајца наши автори, професорите Љупчо Арнаудовски и Пере Аслимоски. Според Аслимоски таа е „општествено негативна појава која се состои во зачестено стапување во рамнодушни сексуални односи на лица од женски пол со случајни минувачи од машки пол кои, од какви ѝ да е причини, се заинтересирани за таквиот сексуален однос врз чисто комерцијална основа. Во суштина тоа претставува продавање на сопственото тело за пари или други материјални добра и услуги“ (Аслимоски, 2013, стр. 129).

Проституцијата, како социопатолошка појава, непосредно влијае врз настанувањето и феноменолошките карактеристики на криминалитетот „трговија со бело робје“ (трговија со луѓе), посебно жени и деца поради сексуална експлоатација, со укажување дека профитите што се стекнуваат со овој криминалитет, ако не се поголеми во секој случај не се помали од оние што се стекнуваат со трговија со дроги, психотропни супстанци и прокурсори. Според Арнаудовски „проституцијата и нејзината злоупотреба постојано отвора нови подрачја на социјална патологија, посебно развивајќи ја порнографијата и до подрачја кои по својата суштина не припаѓаат на овие односи (таа не е само на сликата и филмот, туку и во музиката, стихот, гласот и слично). Таа, несомнено, придонесува за постојано проширување на сексуалните настраности на тој начин вовлекувајќи го општеството во нови облици и појави на социјална патологија. Не остануваат поназад во поврзаноста со криминалитетот, ниту скитањето, вагабонтажата,

просјачењето постојано предизвикувајќи и создавајќи нови облици и форми на криминално поведение. Од тие причини тие придонесуваат откривањето и докажувањето на новите облици криминалитет да стане потешко, посложено“ (Арнаудовски, 2007, стр. 567).

***Графикон број 5. Дали и колку појавите на проституција, трговија со луѓе влијаат на претставата за криминализираноста на општеството?***




Релативните показатели соопштени во претходната табела и пропорциите на графиконот покажуваат дека во 2013година, потоа во 2015, 2011 и 2012 година граѓаните покажуваат висок степен на согласност со модалитетот дека појавите на проституција многу влијаат на претставите за криминализираноста на општеството. Најниско ниво на согласување може да се сретне во 2010 година каде во јасен потврден став дека многу влијаат се помалку од три десеттини, односно 29,11 % и во 2009 година каде има нешто повисок степен на согласност од 30,96 %.

Ако се прегрупираат податоците во три групи, тогаш ќе се добијат појасни линии на оценките за претставите на влијанието на појавите на проституција и трговија со луѓе, за степенот на криминализираноста на заедницата.

***Табела број 20. Дали и колку појавите на проституција, трговија со луѓе влијаат на претставата за криминализираноста на општеството?***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| не | 23,67 | 24,29 | 10,21 | 11,53 | 9,23 | 15,85 | 8,96 | 13,31 | 13,37 |
| нмо | 23,82 | 19,02 | 10,76 | 9,27 | 9,84 | 14,74 | 12,01 | 11,88 | 12,11 |
| да | 52,50 | 56,68 | 79,03 | 79,19 | 80,93 | 69,41 | 79,04 | 74,81 | 74,52 |
| Σ | **1318** | **1309** | **1440** | **1240** | **1138** | **1167** | **1016** | **1044** | **1032** |

Што може да се идентификува од податоците? Освен во почетните години на истражувањето во 2009 и 2010 година ставовите на граѓаните се движат нешто над половината од испитаниците во 2009 и 2010 година. Од 2011 до 2017 година ставовите на граѓаните се над три четвртини, а во 2016 и 2017 година, околу или над четири петтини во другите години. Ваквата дистрибуција укажува дека кај граѓаните во земјата постои висок степен на свест за опасноста и штетноста на оваа појава, но таа, исто така, е и индикатор за манифестирањето на новите облици на организиран криминал во современото општество. Овој облик на криминал особен развој доживеа во годините на транзиција на постсоцијалистичките земји, особено на балканските, кои покрај другите специфичности беа зафатени со воени и други насилни конфликти, со елементи на аномични и други дезорганизациски состојби, што на еден или друг начин погодуваа за појавата и присутноста на проституцијата и трговијата со луѓе.

Од понудената дистрибуција можеме да воочиме дека постојат варијации во перцепцијата на граѓаните, кои покажуваат висок степен на согласност за опасноста на ова општествено зло. Тие, исто така, можат да се оценуваат и како индикатор кој укажува дека заедницата е сериозно заплисната од оваа појава, но и како индикатор кој укажува на потребата од јакнење на институционалниот одговор за овие појави. Но, одговорот, веројатно, треба да се бара од целината на резултатите и за тоа дека тие повеќе или помалку индицираат дека меѓу граѓаните присутни се сознанија кои на еден или друг начин се поврзуваат со општите претстави за криминализираноста на општеството, односно заедницата во која живеат.

### *Оценки за влијанието на појавите на просјачење, особено на јавните места, врз перцепциите за криминализираноста на општеството*

Модерните транзициски и посттранзициски општества, на кои му припаѓа и македонското, се соочуваат со појави на сиромаштија,

беда, висока невработеност и други социјални и економски проблеми кои се причина за појавата на појави, како што се просјачење на јавни места. Евиденцијата на државните органи укажува дека во 2008 година биле поднесени 104 пријави, наредната 2009 176, а во 2010 година 65 пријави.

Но најголемата трговија со малолетни лица се врши поради искористување на таканаречениот „детски труд“, питачење, а во поново време сè почесто и поради тргување со органи. Ваквата појава е присутна и кај нас. Според информациите на Народниот правобранител објавени во Информација за деца на улица во Република Македонија, објавен во февруари 2015 година, се констатира дека, според центрите за социјална работа се евидентирани 236 деца што питачат.

***Табела број 21. Деца што питачат во Република Македонија во 2014 година***

| Центар за социјална работа | Евидентирани деца кои питачат |
|---|---|
| Скопје | 113 |
| Битола | 23 |
| Куманово | 20 |
| Велес | 15 |
| Гостивар | 11 |
| Кичево | 10 |
| Прилеп | 9 |
| Неготино | 8 |
| Штип | 7 |
| Кочани | 4 |
| Кавадарци | 4 |
| Струмица | 3 |
| Виница | 2 |
| Охрид | 2 |
| Дебар | 2 |
| Гевгелија | 2 |
| Ресен | 1 |
| **Вкупно:** | **236** |

Извор: http://ombudsman.mk/upload/documents/2015/Predmetno%20rabotenje-Informacii/Informacija-Deca%20na%20ulica.pdf [пристапено на 25.11.2017];

Според податоците од меѓуопштинските центри за социјална работа може да се идентификува дека најбројни деца на улица се припадници на ромската етничка заедница, а помал број се припадници на македонската и турската заедница. Според полот најбројни биле децата од машки пол 111, а 125 биле деца од женски пол.

Според критериумот - територијална припадност, најбројни се децата на улица во Скопје, потоа во Битола, Куманово, Велес, Гостивар и Кичево итн. Според возраста, на возраст од само неколку месеци биле во Велес, Прилеп и Гевгелија, а највозрасни од 17 години во Велес и Неготино.

***Табела број 22. Дали и колку појавите на просјачење, особено на јавните места, влијаат на претставата за криминализираноста на општеството?***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| не | 34,60 | 47,59 | 36,18 | 42,98 | 39,10 | 40,02 | 33,66 | 39,18 | 42,93 |
| нмо | 25,42 | 21,08 | 18,06 | 11,85 | 15,29 | 18,51 | 19,98 | 16,09 | 17,34 |
| да | 39,98 | 31,32 | 45,76 | 45,16 | 45,61 | 41,47 | 46,36 | 44,73 | 39,73 |
| Σ | **1318** | **1309** | **1440** | **1240** | **1138** | **1167** | **1016** | **1044** | **1032** |

Дистрибуцијата на одговорите на испитаниците од 2009 до 2017 година доминантно покажуваат дека доминираат негативните оценки, односно дека тоа прашање нема некое позначајно влијание на перцепциите за нивото на криминализираност. Од претходната табела може да констатираме дека одговорите определени како „воопшто не влијаат" и „не влијаат" и одговорот „не можам да оценам", се во распон од 54,27 % во 2016 до 60,68 % во 2010 година. Овде треба да се има предвид дека дихотомизацијата на податоците ги скрива внатрешните поиздиференцирани специфичности на појавата.

***Графикон број 6. Дали и колку појавите на просјачење, особено на јавните места, влијаат на претставата за криминализираноста на општеството?***




***Табела број 23. Дали и колку појавите на просјачење, особено на јавните места, влијаат на претставата за криминализираноста на општеството?***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 14,19 | 20,02 | 12,64 | 14,60 | 13,53 | 15,00 | 9,35 | 13,70 | 17,73 |
| 2. | 20,41 | 27,58 | 23,54 | 28,39 | 25,57 | 25,02 | 24,31 | 25,48 | 25,19 |
| 3. | 25,42 | 21,08 | 18,06 | 11,85 | 15,29 | 18,51 | 19,98 | 16,09 | 17,34 |
| 4. | 23,07 | 16,42 | 25,76 | 25,40 | 28,65 | 23,74 | 25,69 | 28,26 | 22,00 |
| 5. | 16,92 | 14,90 | 20,00 | 19,76 | 16,96 | 17,74 | 20,67 | 16,48 | 17,73 |
| **Σ** | **1318** | **1309** | **1440** | **1240** | **1138** | **1167** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда:** 1. воопшто не влијаат; 2. не влијаат; 3. не можам да оценам; 4. влијаат; 5. многу влијаат; Σ= вкупно испитаници што одговориле

Од графичката презентација на резултатите на ставовите на граѓаните, во изминатите девет години, доминираат оценките меѓу „не влијаат“ и „влијаат“, како и одговорите кои се на линијата „не можам да оценам“.

Несомнено е дека просјачењето или питачењето како се употребува во извештаите на државните органи е сериозен социјален проблем, но тој од аспект на јавниот ред и мир, во кој повеќе или помалку е надлежна полицијата, посебно неговото објавување на јавни места претставува обврска на органите и телата задолжени за јавниот лик на заедницата. Во таа смисла, испитаниците покажуваат издиференцирани ставови во однос на тоа дали и колку таа појава може и да влијае врз оценката за криминализираноста на општеството. Неспорно е дека питачењето на јавни места е манифестниот облик, или индикатор кој укажува дека во општеството се случуваат раслојувања и состојби во кои е влошена економската и социјалната положба на дел од населението. Но, исто така, оваа појава треба да се набљудува и низ призмата на одговорноста и ефикасноста на социјалните и други служби за сузбивање на асоцијалните појави во општеството.

***Оценки поврзани со свеста за примената на правните прописи и степенот на перцепциите за криминализираноста на општеството***

Почитувањето на правните норми е индикатор кој повеќе или помалку е израз на правната култура и политичката култура како составен дел на градењето на општите културни и општествени процеси. Во таа смисла посттранзициските општества, а особено, оние што се наоѓаа долго во процесот на транзицијата, како што беше на пример, македонското, повеќе или помалку се среќаваат со проблемот на почитувањето на законите. Таквата појава е индикатор за сложени состојби во заедницата, но и за состојби кои индицираат на определена корумпираност на општествата. Во социологијата свеста се определува како систем на уверувања, претстави, ставови, вредности и знаења настанати под влијание на традицијата и социокултурните фактори, кои му припаѓаат на еден колектив, општество или општествен слој (општествена свест, национална свест). Се дефинира и како реалност на психичкото во чиј обем се опфатени содржините на сетилните податоци и перцепциите. Всушност, станува збор за стекнати знаења и навики, усвоени вредности, ставови и уверувања на граѓаните за некоја појава. Во сознајната теорија свеста е основа на рефлексијата и насоченоста кон содржините на сознавањето. Во пренесена смисла свеста е

спознајна или морална сигурност во определувањето на некој предмет, општествена стварност или на себеси. Со поимот свест се врзуваат бројни појави. На пример, идеологијата во извесна смисла се изедначува со поимот „општествена свест“ што се состои во концепции (учење) за положбата на човекот во општеството и за општествените односи. Во оваа смисла поимот општествена свест ги опфаќа филозофијата, правото, политиката, моралот и етиката, културата и цивилизациските достигања и слично. Во потесна и поширока смисла, таа ги подразбира сите конкретни облици што настанале во текот на досегашниот развој на општеството. Во таа смисла човекот ја сфаќа својата положба во општеството по пат на претстави и ставови и под нивно влијание се однесува спрема себе, спрема другите и го одредува односот на другите спрема себе (Арнаудовски, 2007).

***Графикон број 7. Дали и колку појавите на толерирање на непочитување на законите влијаат на претставата за криминализираноста на општеството?***




Затоа, кога се зборува за правната свест, всушност, се зборува за збир на психички процеси со чија помош субјектите на правото ја сознаваат смислата на правните норми и заземаат став за нивно прифаќање или одбивање. Овде треба да напомниме дека субјективните чувства немаат влијание на правниот поредок, но тие се индикатор за развиеноста на правната свест на граѓаните, за степенот на познавањето на правото, но и за моралниот и политичкиот став кон правото во

целина или кон некои негови институции или прописи. Таа е во тесна врска со **јавната политичка свест** која се изразува, посредно, на ниво и содржина на потребите на општеството. Таа, исто така, го одразува карактерот на знаењата за општеството за политичката стварност. Јавната политичка свест е особено динамична (Мојаноски, 2017). Јавната политичка свест содржи широк спектар на разновидни претстави и погледи, од рационални до ирационални одрази, од објективно знаење до лажно одразување на стварноста и слично (Батавељиќ, 2016).

На почетокот да ги погледнеме оценките на испитаниците за ставот дека „дали и колку толерирањето на непочитување на законите влијае на претставата за криминализираноста на општеството".

Од понуденото графичко решение може да се утврди дека просечно годишно 3,06 % од испитаниците го избирале одговорот „воопшто не влијае", 9,09 % одговарале со „не влијае", една шестина или 16,28 % со „не можам да оценам", една четвртина (26,94 %) одговарале со „влијае" и 44,63 % со „многу влијае". Оценката „многу влијае" се движи во распонот од нешто повеќе од една третина во 2009 година (со 35,36 %), потоа следуваат годините во кои таа се движи речиси до половината, за во 2013 година да достигне до 50,09 % . Другите години вредностите ја имаат следната форма: во 2010 година со 45,76 %, во 2011 со 45,28 %, во 2012 со 44,60 %, во 2014 со 44,04 %, во 2015 со 45,47 %, во 2016 со 44,92 % и во 2017 година со 46,12 %.

***Табела број 24. Дали и колку појавите на толерирање на непочитување на законите влијаат на претставата за криминализираноста на општеството? -***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 4,10 | 3,13 | 3,26 | 3,63 | 2,64 | 3,34 | 2,07 | 2,68 | 2,71 |
| 2. | 12,22 | 9,32 | 7,85 | 7,98 | 8,79 | 9,25 | 9,15 | 9,58 | 7,66 |
| 3. | 25,80 | 16,35 | 15,69 | 12,42 | 13,27 | 16,88 | 15,45 | 13,03 | 17,64 |
| 4. | 22,53 | 25,44 | 27,92 | 31,37 | 25,22 | 26,48 | 27,85 | 29,79 | 25,87 |
| 5. | 35,36 | 45,76 | 45,28 | 44,60 | 50,09 | 44,04 | 45,47 | 44,92 | 46,12 |
| **Σ** | **1318** | **1309** | **1440** | **1240** | **1138** | **1167** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда:** 1. воопшто не влијаат; 2. не влијаат; 3. не можам да оценам; 4. влијаат; 5. многу влијаат; Σ= вкупно испитаници што одговориле

Може да се констатира дека доминантните одговори на поставеното прашање се групираат околу модалитетите на прашањата влијаат, односно дека појавите на толерирање на непочитување на законите влијаат на претставата за криминализираноста на општеството.

Од претходната табела може да се воочи дека граѓаните имаат општа претстава дека се толерира непочитувањето на законите и дека тоа може да се смета за индикатор за претставата за криминализираноста на општеството. Податоците упатуваат дека во периодот од 2010 до 2017 година испитаниците имаат изразито висок позитивен став со вредности над седум десеттини. Единствено нешто пониски биле оценките во 2009 година, кога таа вредност се движи под шест десеттини.

***Табела број 25. Дали и колку појавите на толерирање на непочитување на законите влијаат на претставата за криминализираноста на општеството?***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| не | 16,31 | 12,45 | 11,11 | 11,61 | 11,42 | 12,60 | 11,22 | 12,26 | 10,37 |
| нмо | 25,80 | 16,35 | 15,69 | 12,42 | 13,27 | 16,88 | 15,45 | 13,03 | 17,64 |
| да | 57,89 | 71,20 | 73,19 | 75,97 | 75,31 | 70,52 | 73,33 | 74,71 | 72,00 |
| Σ | **1318** | **1309** | **1440** | **1240** | **1138** | **1167** | **1016** | **1044** | **1032** |

Оваа дистрибуција укажува дека во општата претстава на испитаниците доминираат перцепциите дека во заедницата постои завидлив степен на толерирање на појавите на спроведувањето на законите, што е индикатор за капацитетот на институциите, примената на стандарди, но и за општественото сознание дека институциите се свртени кон определени интереси, изразени низ оценките за партизација, недоволната ефикасност на контролните механизми и создавање на атмосфера на заштитени посебни интереси, особено на носители на функции кои имаат витално значење за општествениот развиток.

***Табела број 26. Дали и колку се согласувате со ставот дека кај нас не се гонат крупните криминалци? -%***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 8,04 | 4,20 | 3,61 | 3,31 | 3,25 | 4,54 | 2,85 | 3,07 | 4,07 |
| 2. | 6,90 | 5,35 | 3,96 | 2,82 | 3,87 | 4,63 | 2,66 | 6,23 | 4,17 |
| 3. | 20,03 | 8,71 | 10,56 | 9,19 | 8,00 | 11,40 | 9,65 | 9,67 | 12,98 |
| 4. | 14,87 | 12,38 | 13,89 | 17,10 | 11,51 | 13,97 | 15,65 | 16,48 | 17,54 |
| 5. | 50,15 | 69,37 | 67,99 | 67,58 | 73,37 | 65,47 | 69,19 | 64,56 | 61,24 |
| **Σ** | **1318** | **1309** | **1440** | **1240** | **1138** | **1167** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда:** 1. воопшто не влијаат; 2. не влијаат; 3. не можам да оценам; 4. влијаат; 5. многу влијаат; Σ= вкупно испитаници што одговориле.

На ваквите перцепции можат да им се додадат и ставовите на испитаниците дека во земјата не се гонат крупните криминалци, што е индикатор за степенот на криминализираноста на заедницата. Степенот на согласност на испитаниците се движи од две третини во 2009 година (со 65,02 %), сè до повеќе од 4 петтини во 2013 година (со 81,74 %). Висок степен на согласност дека „влијаат“ и „многу влијаат“, можат да се согледаат во 2010 година со 81,88 %, во 2011 со 84,68 %, во 2012 со 84,89 %, во 2014 со 79,43 %, 2015 со 84,84 %, во 2016 со 81,03 % и во 2017 година со 78,78 % од испитаниците.

Податоците презентирани на графиконот во продолжение укажуваат дека во 2013 година 73,73 % од испитаниците изразиле потврден став дека појавата на негонење на крупните криминалци е основа за јакнење на перцепциите за степенот на корумпираноста во заедницата.

***Графикон број 8. Дали и колку се согласувате дека кај нас не се гонат крупните криминалци?***




За натамошната анализа ќе се изврши групирање на податоците во три групи. Со „не“ се групирани негативните одговори „воопшто“ и „не влијаат“, со „нмо“ се одговорите „не можам да оценам“ и со „да“ одговорите „влијаат“ и „многу влијаат. Специфичностите на податоците се дадени во табелата што следува.

***Табела број 27. Дали и колку се согласувате дека кај нас не се гонат крупните криминалци? - %***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| не | 14,95 | 9,55 | 7,57 | 6,13 | 7,12 | 9,17 | 5,51 | 9,29 | 8,24 |
| нмо | 20,03 | 8,71 | 10,56 | 9,19 | 8,00 | 11,40 | 9,65 | 9,67 | 12,98 |
| да | 65,02 | 81,74 | 81,88 | 84,68 | 84,89 | 79,43 | 84,84 | 81,03 | 78,78 |
| Σ | **1318** | **1309** | **1440** | **1240** | **1138** | **1167** | **1016** | **1044** | **1032** |

Најелементарната анализа укажува на тоа дека во изминатите години постојат варијации во оценките за тоа дека кај нас не се гонат крупните криминалци ($\bar{x}$=14,49 %, $\sigma$=5, 18 и V=40,11 %). Оние што не се согласуваат со таквото гледиште се меѓу 5,51 % во 2015 и 14,95 % во 2009 година. Диспропорциите на ваквите одговори треба да се бараат во општествениот контекст, посебно зад појавата на економска стагнација и влошените состојби со владеењето на правото. Втората група одговори е со оценката „не можам да оценам" ($\bar{x}$=13,72 %, $\sigma$=4,79 и V=34,93 %). Имено, просечно секоја година 13,7 % од испитаниците ги избегнувале изјаснувањата и оценките. И варијацијата во одговорите на ова прашање укажува на определена дисперзираност, но е доволна да обезбеди примена и на други аналитички постапки. И позитивните одговори, односно оценките дека кај нас не се гонат крупните криминалци и дека таа појава влијае на перцепциите за степенот на криминализираност на општеството ($\bar{x}$=71,79 %, $\sigma$=10,40 и V=14,49 %).

Оваа група истражувачки резултати има поопшт карактер и се однесува на глобалните процени за тоа колку одделни состојби влијаат на перцепцијата за криминализираноста на општеството. Ако се има предвид дека повеќе од половината до речиси три четвртини од испитаниците имаат став дека ваквата појава „многу влијае" на степенот на корумпираноста на општеството, тогаш треба да се констатира дека во перцепциите на испитаниците доминира претставата дека заедницата е оптоварена со криминал и дека тој, особено крупниот, поминува незабележан од институциите.

Организираното општество располага со институционален капацитет и со подготвеност да обезбеди мирен и непречен развој на граѓаните. Под јавен ред и мир се подразбираат постапките и однесувањата на граѓаните поединечно и нивните заемни односи, кои се во согласност со правилата на однесување во нормалниот, односно вообичаениот, начин на живеење. Јавниот ред и мир е состојба поврзана со однесувањето на граѓаните на јавни места и се манифестира во складните взаемни односи на граѓаните и дејствувањето на органите и организациите во јавниот живот поради обезбедување на еднакви услови за остварување на правата на граѓаните на лична и имотна

сигурност, мир и спокојство, приватен живот, слобода на движење, зачувување на јавниот морал и човечкото достоинство и правото на малолетниците на заштита. Кога го употребуваме поимот јавно место подразбираме простор на кој е слободен пристапот на неопределен број лица без какви било услови (улица, плоштад, пат, излетиште, пристаниште, чекалница, угостителски, трговски и занаетчиски дуќани, средства и објекти на јавен превоз, спортски стадиони, игралишта, киносали, театри и концертни сали, изложбени салони, деловни објекти физички и правни лица и слично), кога во нив се одржуваат јавни манифестации, како и други места кои во определено време се користат за такви цели (земјиште или простории каде се одржуваат јавни собири, приредби, натпревари и слично). Исто така, како јавно место може да се смета и секое друго место ако е достапен видик од јавно место (балкон, тераса, двор и друго), стан во станбена зграда, кога во нив или од нив се нарушува јавниот ред и мир што за одделни специфичности ситуациите и можностите се уредуваат со законски и други правила.

За тоа, колку нарушувањето на јавниот ред и мир е фактор за јакнењето на претставите на граѓаните за криминализираноста беше дел од истражувачките прашања. За тоа, какви се одговорите на овие прашања, видете во табеларниот и графички приказ што следува.

***Табела број 28. Дали и колку појавите на нарушување на јавниот ред и мир влијаат на претставата за криминализираноста на општеството?***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| воопшто не влијаат | 4,25 | 3,44 | 4,38 | 5,48 | 3,43 | 4,20 | 3,15 | 3,64 | 3,59 |
| не влијаат | 15,63 | 17,42 | 17,29 | 17,18 | 16,78 | 16,88 | 14,57 | 16,48 | 15,02 |
| не можам да оценам | 20,11 | 12,07 | 10,14 | 10,97 | 10,02 | 12,68 | 13,68 | 11,69 | 16,18 |
| влијаат | 35,51 | 38,04 | 39,86 | 36,13 | 40,33 | 37,96 | 35,04 | 40,23 | 35,66 |
| многу влијаат | 24,51 | 29,03 | 28,33 | 30,24 | 29,44 | 28,28 | 33,56 | 27,97 | 29,55 |
| **Вкупно:** | **1318** | **1309** | **1440** | **1240** | **1138** | **1167** | **1016** | **1044** | **1032** |

***Графикон број 9. Дали и колку појавите на нарушување на јавниот ред и мир влијаат на претставата за криминализираноста на општеството?***




Од табеларниот приказ и графичката презентација може да се констатира дека оценките на испитаниците за тоа колку појавите на „нарушување на јавниот ред и мир влијаат на претставата за криминализираноста на општеството“, покажува поизедначени оценки кои не се високо позиционирани како позитивни и се движат во распонот од една третина до четири десеттини. Имено, со оценката „влијаат“ се изјасниле 35,51 % во 2009 година, следната 38,04 %, во 2011 со 39,86 %, наредната со 36,13 %, во 2013 со 40,33 %, во 2014 со 37,96 %, па следува 2015 со 35,04 %, нешто повисока од 40,23 % во 2016 година и пониска од претходната година со вредност од 35,66 %.

Просечно годишно ($\bar{x}$=3,95 %, $\sigma$=0,72 и V=18,10 %), 3,95 % одговарале дека нарушувањето на јавниот ред и мир „воопшто не влијае“ на перцепциите за криминализираноста. Со оценката „не влијае“, просечно се изјаснувале 16,36 % од испитаниците ($\bar{x}$=16,36 %, $\sigma$=1,04 и V=6,36 %). Нешто помал е просечниот процент на испитаниците што се определиле да одговорат со оценката „не можам да оценам“ и тој изнесува 13,06 % ($\bar{x}$=16,36 %, $\sigma$=3,26 и V=24,95 %). Со афирмативна оценка „влијаат“ се определуваат просечно по 37,64 % од испитаниците ($\bar{x}$=36,64 %, $\sigma$=2,14 и V=5,69 %), а со оценката „многу влијаат“ 28,99 % ($\bar{x}$=28,99 %, $\sigma$=2,37 и V=8,19 %).

Ако се групираат негативните, неопределените и позитивните оценки тогаш дистрибуцијата го добива следниот облик:

***Табела број 29. Дали и колку појавите на нарушување на јавниот ред и мир влијаат на претставата за криминализираноста на општеството?***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| не | 19,88 | 20,86 | 21,67 | 22,66 | 20,21 | 21,08 | 17,72 | 20,11 | 18,60 |
| нмо | 20,11 | 12,07 | 10,14 | 10,97 | 10,02 | 12,68 | 13,68 | 11,69 | 16,18 |
| да | 60,02 | 67,07 | 68,19 | 66,37 | 69,77 | 66,24 | 68,60 | 68,20 | 65,21 |
| Σ | **1318** | **1309** | **1440** | **1240** | **1138** | **1167** | **1016** | **1044** | **1032** |

Од дистрибуцијата може да констатираме дека просечно годишно 20,31 % од испитаниците ($\bar{x}$=20,31 %, $\sigma$=1,51 и V=7,41 %), сметаат дека појавите на нарушување на јавниот ред и мир не се фактор кој влијае на перцепциите за криминализираност во заедницата. На спротивната страна од ваквото тврдење се 66,63 % од испитаниците ($\bar{x}$=66,63 %, $\sigma$=2,85 и V=4,27 %) со тврдење дека тие се фактор кој влијае на таквите состојби. И како што беше укажано од 100 испитаници 13 се определуваат за оценката „не можам да оценам“.

Може да се констатира дека граѓаните сметаат дека нарушувањето на јавниот ред и мир, заедно со другите асоцијални поведенија имаат влијание на перцепцијата за криминализираноста на општеството.

Тесно поврзано со оценките за нарушувањето на јавниот ред и мир, се и „појавите на непочитување на сообраќајни правила, возење нерегистрирани возила“. Податоците упатуваат на тоа дека во Република Македонија, во периодот од 2008 до 2013 година, просечно 17.047 возила се нерегистрирани, дека 12.194 возила се управувани без возачка дозвола и дека 6.773 возачи возеле под дејство на алкохол.

***Табела број 30. Преглед на повреда на прописите во областа на сообраќајот на патиштата во Република Македонија во периодот 2008-2013 година***

| | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | $\bar{x}$ | **Σ** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| -употреба на нерегистрирани возила во сообраќај | 14418 | 15517 | 18204 | 16901 | 18507 | 18736 | 17047 | **102283** |
| -управување на возило без возачка дозвола | 8625 | 11105 | 12424 | 12433 | 13479 | 15096 | 12194 | **73162** |
| -непрописно запирање и паркирање | 7965 | 14425 | 16925 | 19281 | 20077 | 15391 | 15677 | **94064** |
| -брзо возење | 32095 | 33682 | 17867 | 7342 | 6696 | 10053 | 17956 | **107735** |
| -управување на возило под дејство на алкохол | 5933 | 7830 | 7087 | 6811 | 6411 | 6564 | 6773 | **40636** |
| **Вкупно:** | **69036** | **82559** | **72507** | **62768** | **65170** | **65840** | **69647** | **417880** |

Извор: (Бабаноски, 2014, стр. 147)

На што упатуваат податоците? Ако го погледнеме темпото на раст и го пресметаме со модалитетот: ((b-a)/a)*100) $\frac{(b-a)}{a} \cdot 100$, тогаш дистрибуцијата го има обликот како во табелата што следува.

***Табела број 31. Преглед на повреда на прописите во областа на сообраќајот на патиштата во Република Македонија во периодот 2007-2013 година – стапки***

| | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | $\bar{x}$ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | - | -3,69 | 7,62 | 17,32 | -7,16 | 9,50 | 1,24 | **4,14** |
| 2. | - | -30,61 | 28,75 | 11,88 | 0,07 | 8,41 | 12,00 | **5,08** |
| 3. | - | 29,09 | 81,10 | 17,33 | 13,92 | 4,13 | -23,34 | **20,37** |
| 4. | - | 59,69 | 4,94 | -46,95 | -58,91 | -8,80 | 50,13 | **0,02** |
| 5. | - | 22,94 | 31,97 | -9,49 | -3,89 | -5,87 | 2,39 | **6,34** |
| Σ | - | **18,02** | **19,59** | **-12,18** | **-13,43** | **3,83** | **1,03** | **2,81** |

**Легенда:** Σ= **вкупно**; 1.употреба на нерегистрирани возила во сообраќај; 2.управување на возило без возачка дозвола; 3. непрописно запирање и паркирање; 4.брзо возење; 5. управување на возило под дејство на алкохол

Што може да се утврди? Дека просечната стапка на раст на употребата на нерегистрираните возила во сообраќај се 4,14 % во периодот од 2007 до 2013 година. Особена висока просечна стапка бележат прекршоците за непрописно паркирање и таа стапка е 20,37 % во периодот од 2007 до 2013 година.

Од следната табела може да се воочи дека постои приближно изедначена распределба на одговорите меѓу „не влијаат" и „не можам да оценам", како и ставовите „влијаат" и „многу влијаат". Во првиот случај тие се наоѓаат во распонот од 14,80 % во 2009 до 22,41 % во 2013 година. Позитивните оценки покажуваат определена приближност во одделните јавувања, за секој модалитет одделно, но разликите се незначителни.

***Табела број 32. Дали и колку појавите на непочитување на сообраќајни правила и возење нерегистрирани возила, влијаат на претставата за криминализираноста на општеството?***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 3,26 | 4,13 | 6,60 | 8,06 | 4,04 | 5,23 | 5,31 | 6,13 | 7,17 |
| 2. | 14,80 | 19,63 | 19,31 | 21,69 | 22,41 | 19,45 | 18,21 | 17,53 | 16,09 |
| 3. | 15,25 | 12,91 | 11,32 | 10,89 | 11,25 | 12,34 | 12,11 | 12,64 | 14,34 |
| 4. | 33,16 | 33,46 | 33,40 | 30,81 | 35,85 | 33,33 | 32,28 | 33,81 | 30,81 |
| 5. | 33,54 | 29,87 | 29,38 | 28,55 | 26,45 | 29,65 | 32,09 | 29,89 | 31,59 |
| **Σ** | **1318** | **1309** | **1440** | **1240** | **1138** | **1167** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда:** 1. воопшто не влијаат; 2. не влијаат; 3. не можам да оценам; 4. влијаат; 5. многу влијаат; Σ= испитаници што одговориле.

Дистрибуциите на ставот дека појавите на „непочитување на сообраќајни правила и возење на нерегистрирани возила влијае на

претставата за криминализираноста на општеството“, се движи од 33,16 % во 2009 до 35,85 % во 2013 година. Нешто слични се дистрибуциите кај ставот „многу влијаат“. Имено, тие се движат во распонот од 26,45 % во 2013  до 33,54 % во 2009 година.

Тоа може да се илустрира и со графички приказ:

***Графикон број 10. Дали и колку појавите на непочитување на сообраќајни правила и возење нерегистрирани возила, влијаат на претставата за криминализираноста на општеството?***




Од графиконот можат да се воочат констатираните тенденции, односно дека испитаниците во основа одговарале дека и тоа е една од претставите за сликата на криминализираноста на општеството.

## *Перцепциите на граѓаните за примената на позитивните прописи*

Во периодот кога е вршена концепцијата на инструментот, посебно по ревизијата извршена од првото реализирање на истражувањето во 2008 година, во правниот поредок беа донесени правни акти со кои беа утврдени особено високи (од стандардот на мнозинството население) казни и глоби и што беа санкционирани со казни (кои имаа карактеристики на „драконски“) со кои се регулираа определени прашања кои на еден или друг начин требаше да ги менуваат навиките на граѓаните. Таков беше Законот за чистота, со кој се санкционираше поведението за односот кон заштитата на човековата средина. Со него се уреди еден значителен дел од прашањата поврзани со индивидуалниот однос кон одржувањето на јавната чистота. И по неколку измени актуелните решенија го санкционираат поединецот со

„глоба во износ од 50 евра во денарска противвредност во мандатна постапка", доколку фрла и остава „хартија, догорчиња, мастики, амбалажи, земја, отпадоци од растенија, песок и други отпадоци освен на местата определени за таа намена", остава „стари предмети од домаќинство и смет од вршење на дејности покрај садовите за собирање на смет, освен на места определени од општината, пали, закопува и уништува смет" (член 14). Истата мерка се изрекува на физичко лице доколку „фрла отпадоци, догорчиња, мастики и други предмети, плука или внесува домашни миленичиња без одобрение на надлежен орган во внатрешноста, односно во ходниците на јавните објекти", „на јавни објекти испишува графити, црта или лепи плакати" (член 33), што предизвика општествена дебата (Закон за чистота - пречистен текст, 2010). Овој Закон е посебно предмет на интерес затоа што законодавецот утврдил дека и тогаш кога „униформираниот полициски службеник ќе утврди дека е сторен прекршок... ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка до надлежниот суд" (член 33) (Закон за чистота, 2008).

Оценките на испитаниците во однос на примената на законот, посебно во делот на постапувањето на поединците, доминантно се определува дека тој не може да се смета за причина да се засилуваат претставите за криминализираноста на општеството. Структурата на одговорите во претходната табела укажуваат дека оценките на испитаниците во основа се движат меѓу „не влијаат" и „не можам да оценам". Нешто повисоки се позитивните ставови на испитаните во 2009 година. Во другите години од 2010 до 2017 година, испитаниците во нешто повисок процент од една петтина имаат став дека примената на содржините на ова законско влијание „не влијаат" на претставите за криминализираноста на општеството.

***Табела број 33. Дали и колку појавите на непочитување на Законот за јавна чистота влијаат на претставата за криминализираноста на општеството?***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 7,13 | 11,31 | 12,43 | 15,00 | 13,18 | 11,74 | 8,56 | 11,11 | 12,50 |
| 2. | 18,44 | 23,68 | 24,03 | 24,35 | 23,90 | 22,88 | 23,72 | 23,18 | 24,61 |
| 3. | 23,22 | 20,32 | 13,68 | 9,52 | 13,36 | 16,11 | 16,34 | 16,86 | 16,09 |
| 4. | 28,30 | 26,13 | 27,99 | 26,94 | 28,73 | 27,59 | 29,43 | 29,41 | 24,81 |
| 5. | 22,91 | 18,56 | 21,88 | 24,19 | 20,83 | 21,68 | 21,95 | 19,44 | 22,00 |
| **Σ** | **1318** | **1309** | **1440** | **1240** | **1138** | **1167** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда:** 1. воопшто не влијаат; 2. не влијаат; 3. не можам да оценам; 4. влијаат; 5. многу влијаат; Σ= испитаници што одговориле.

Еден дел од испитаниците освен во 2009 и 2010 година каде се нешто повеќе од една петтина и во 2012 година со 9,52 %, со вредности околу една шестина од испитаниците во годината на истражувањето се определуваат за модалитетот „не влијаат“. Тој модалитет може да се интерпретира во повеќе насоки, поврзани со тоа дека постои неинформираност, страв да се говори јавно пред друго лице, индикатор за довербата или некоја друга причина.

***Табела број 34. Дали и колку појавите на непочитување на Законот за јавна чистота влијаат на претставата за криминализираноста на општеството?***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| не | 25,57 | 34,99 | 36,46 | 39,35 | 37,08 | 34,62 | 32,28 | 34,29 | 37,11 |
| нмо | 23,22 | 20,32 | 13,68 | 9,52 | 13,36 | 16,11 | 16,34 | 16,86 | 16,09 |
| да | 51,21 | 44,69 | 49,86 | 51,13 | 49,56 | 49,27 | 51,38 | 48,85 | 46,80 |
| Σ | **1318** | **1309** | **1440** | **1240** | **1138** | **1167** | **1016** | **1044** | **1032** |

Ако резултатите се сведат на вредности „влијае“, „не влијае“ и „не можам да оценам“, тогаш можеме да констатираме дека речиси половина од испитаниците покажуваат согласност со понудената оценка. И испитаниците кои одговориле дека овие акти и нивната примена на влијание се значајни. Имено, 34,65 % ($\bar{x}$=34,65 %, $\sigma$=3,96 и V=11,44 %), или 35 од 100 испитаници го делат таквиот став, што на еден или друг начин укажува дека искуството на испитаниците е различно и дека од година во година бележи определени осцилации кои не се особено значајни. И неопределените одговори („не можам да оценам“) покажуваат просечна вредност од 16,16 % и имаат нешто повисока дисперзираност ($\bar{x}$=16,16 %, $\sigma$=3,97 и V=24,53 %). И на крајот позитивните одговори, покажуваат релативно повисоки вредности. Имено, од 100 испитаници 49 одговараат со потврден став („влијаат“ и „многу влијаат“), ($\bar{x}$=49,20 %, $\sigma$=2,22 и V=4,51 %) појавите на непочитување на Законот за јавна чистота влијае на претставата за криминализираноста на општеството. Оваа дистрибуција покажува повисок степен на хомогеност, односно одговорите на испитаниците од година во година се слични, односно имаат помала дистанца меѓу себе, што може да е индикатор дека обидите да се воведе казнена политика и во навиките влијае на тоа да се градат перцепции дека непочитување на Законот за јавна чистота влијае на претставата за криминализираноста на општеството. Тоа, исто така, укажува дека основите за претставите за криминализираноста на општеството се темелат на сознанија од други области.

Слични се и гледиштата за Законот за заштита од пушењето. Тој е донесен во 1995 година. Со него е определено дека не се дозволува пушење на јавни места, или како што определува Законот: „објекти во кои се врши воспитно-образовна дејност и објекти за престој и сместување на деца, ученици и студенти“, „објектите на здравствените и социјалните установи“, „затворени и отворени простории во кои се одржуваат спортски натпревари, културни манифестации, собири и други јавни приредби“, „средства за јавен превоз на патници“, „објекти во кои се произведува, подготвува, служи, продава или консумира храна“, „простории во кои се одржуваат состаноци и средби“ и „други простории (сали, канцеларии, чекални и ходници) кои со акт ќе ги определи правното лице“ (член 3) (Закон за заштита од пушењето, 1995). Со измените и дополненијата на овој Закон со членот 7 се регулира дека секое физичко лице што не ги почитува утврдените одредби ќе се казни со „глоба во износ од 150 до 300 евра во денарска противвредност“, а со „глоба во износ од 100 евра во денарска противвредност, ќе му се изрече на физичко лице и на самото место на прекршокот“ (Закон за измена и дополна на Законот за заштита од пушењето, 2008).

Вклучувањето на примената на овој Закон во структурата на прашањата на инструментот се темелеше на видливата ангажираност на инспекциските органи и на полицијата во неговата имплементација, што доведуваше до определени коментари и општествени состојби, посебно на неговата примена во јавните објекти, како што се угостителски и други објекти, односно пушењето на јавни и отворени места. Исто така, тоа актуализираше дел од линиите на поделба кои се присутни во македонското општество, а особено оние по етничка основа. Станува збор за коментари третирани медиумски, за селективниот пристап во инспектирањето, само во средини во кои не доминира определена етничка заедница.

Имајќи ја предвид актуелноста на дебатите и поделеноста во општеството, како и присуството на полицијата, како поддршка на инспекциските органи, беше поставено и прашањето: Дали и колку појавите на непочитување на Законот за заштита од пушење влијае на претставата за криминализираноста на општеството? Одговорите на поставеното прашање се дадени во табелата што следи.

***Табела број 35. Дали и колку појавите на непочитување на Законот за заштита од пушење влијаат на претставата за криминализираноста на општеството?***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 12,90 | 24,22 | 20,83 | 25,16 | 18,89 | 20,39 | 14,37 | 19,25 | 19,09 |
| 2. | 19,50 | 21,16 | 27,50 | 23,63 | 27,42 | 23,82 | 27,07 | 27,11 | 26,84 |
| 3. | 19,50 | 17,65 | 12,85 | 10,65 | 14,67 | 15,08 | 17,13 | 14,37 | 17,05 |
| 4. | 24,43 | 20,40 | 23,33 | 24,03 | 24,52 | 23,31 | 23,72 | 26,15 | 20,35 |
| 5. | 23,67 | 16,58 | 15,49 | 16,53 | 14,50 | 17,40 | 17,72 | 13,12 | 16,67 |
| **Σ** | **1318** | **1309** | **1440** | **1240** | **1138** | **1167** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда:** 1. воопшто не влијаат; 2. не влијаат; 3. не можам да оценам; 4. влијаат; 5. многу влијаат; Σ= испитаници што одговориле.

Дистрибуцијата на одговорите дадени во претходната табела е дека испитаниците во приближни пропорции ги распоределе сопствените ставови. Имено, со определени варијации, испитаниците, сметаат дека примената, односно непримената на овој Закон не влијае на перцепциите за криминализираноста во општеството.

***Табела број 36. Дали и колку појавите на непочитување на Законот за заштита од пушење влијаат на претставата за криминализираноста на општеството?***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| не | 32,40 | 45,38 | 48,33 | 48,79 | 46,31 | 44,22 | 41,44 | 46,36 | 45,93 |
| нмо | 19,50 | 17,65 | 12,85 | 10,65 | 14,67 | 15,08 | 17,13 | 14,37 | 17,05 |
| да | 48,10 | 36,97 | 38,82 | 40,56 | 39,02 | 40,70 | 41,44 | 39,27 | 37,02 |
| Σ | **1318** | **1309** | **1440** | **1240** | **1138** | **1167** | **1016** | **1044** | **1032** |

И со помош на интерполацијата на податоците, може да се констатира дека оценките на испитаниците се изедначени. Имено, доминираат ($\bar{x}$=44,35 %, $\sigma$=4,98 и V=11,23 %) оценките „воопшто не влијаат“ и „не влијаат“ со просечна вредност од 44,35 % и покажуваат релативна хомогеност од година во година. Слични резултати можат да се воочат и кај позитивните одговори („влијаат“ и „многу влијаат“), со просечна вредност од 40,21 % ($\bar{x}$=40,21 %, $\sigma$=3,34 и V=8,30 %) и со нешто похомогена структура. Односно, оваа распределба покажува понизок степен на дисперзираност од доминантната група. И третата група одговори е концентрирана околу одговорите на испитаниците кои одговориле „не можам да оценам“. Просечно, во изминатите години 15,44 % имале неутрален одговор ($\bar{x}$=15,44 %, $\sigma$=2,70 и V=17,50 %). Во оваа дистрибуција одговорите покажуваат највисок степен на дисперзираност, односно разликите од година во година се најоддалечени. Од целината на податоците може да се констатира дека

во тврдењето на оценките испитаниците сметаат дека примената на законското за забрана на пушењето не е фактор за криминализираноста на општеството.

Батеријата прашања поврзани со примената на законите, почитувањето на јавниот ред и мир, дека во нашето општество не се гонат крупните криминалци, укажува на тоа какви се претставите на испитаниците за примената на правните прописи и за доминантната правна култура. Едно од прашањата на кое се бара одговор е и тоа какви се оценките на испитаниците одделно и дали постојат сличности и разлики? За одговор на таквото прашање беше применета аналитичката постапка пондерирана аритметичка средина $\bar{x}=[\Sigma(x_1*f)/\Sigma f]$, односно $\bar{x} = \frac{(\sum x_1 \cdot f)}{\sum f}$.

***Табела број 37. Пондерирани средни големини за појавите поврзани со непочитувањето на правните норми***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| **1.** | 3,79 | 3,65 | 3,60 | 3,50 | 3,58 | 3,63 | 3,68 | 3,64 | 3,64 |
| **2.** | 3,41 | 3,17 | 3,23 | 3,21 | 3,20 | 3,25 | 3,32 | 3,23 | 3,19 |
| **3.** | 3,26 | 2,84 | 2,85 | **2,83** | 2,88 | 2,93 | 3,03 | 2,87 | 2,89 |
| **4.** | 3,60 | 3,72 | 3,70 | 3,68 | 3,76 | 3,69 | 3,81 | 3,72 | 3,73 |
| **5.** | 3,73 | 4,01 | 4,04 | 4,05 | 4,11 | 3,99 | 4,06 | 4,05 | 4,05 |
| **6.** | 3,92 | 4,37 | 4,39 | 4,43 | **4,48** | 4,31 | 4,46 | 4,33 | 4,28 |

**Легенда**: Дали и колку појавите на непочитување на: 1. сообраќајни правила, возење нерегистрирани возила; 2.Законот за чистота; 3. Законот за заштита од пушење; 4. нарушување на јавниот ред и мир; 5. толерирање на непочитување на законите воопшто; 6. не се гонат крупните криминалци

Средните оценки се пресметани како заедничка тежинска вредност на модалитетите на јавувањата. За секое прашање положбата на одговорите е определена од 1 до 5, што значи дека максималната вредност може да е 5 или минималната 1.

Податоците од претходната табела укажуваат дека средните оценки за степенот на влијание на одделна примена на законски решенија или на акти за регулирање на јавниот ред и сообраќајот и сообраќајните правила, како и ставот дека „не се гонат крупните криминалци“, покажуваат релативно значајни средни големини. Најниска оценка од 2,83 е изградена во 2012 година во однос на Законот за заштита од пушењето.

Редоследот на оценките според висината за секоја година во кое е спроведено истражувањето за шесте ставови означени со бројките од 1 до 6, покажуваат дека испитаниците во однос на ставот дека во нашето општество „не се гонат криминалците“ имаат највисоки оценки во сите години. Единствено, постојат разлики во висината на оценките

за придонесот во претставите за степенот на криминализираноста на општеството во 2009 година, каде „почитувањето на сообраќајните правила е на второ, место, па следи „непочитувањето на јавниот ред и мир“. Во другите години не постои разлика во општата оценка на испитаниците во согласувањето и оценувањето со став, кој упатува на тоа дека, на еден или друг начин, влијае на претставата за градењето на сликата на криминализираноста на општеството.

***Преглед број 1. Редослед на оценките на испитаниците според висината*** (највисоко- најниско)

| став | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 6 | 6 | 6 | 6 | 6 | 6 | 6 | 6 | 6 |
| 2. | 1 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 |
| 3. | 5 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 |
| 4. | 4 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| 5. | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 |
| 6. | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 |

**Легенда**: дали и колку појавите на непочитување на: 1. сообраќајни правила, возење нерегистрирани возила; 2.Законот за чистота; 3. Законот за заштита од пушење; 4. нарушување на јавниот ред и мир; 5. на толерирање на непочитување на законите воопшто; 6. не се гонат крупните криминалци

Оваа батерија на прашања, како и другите непосредно индицираат на тоа дека „големата слика“ за криминализираноста се гради врз основа на мали, секојдневни, често пати, не така значајни активности, кои на еден или друг начин индицираат дека настануваат нарушувања на вообичаениот ред. Податоците индицираат дека во секојдневната практика полицијата е еден од органите и структурите на кои организираното општество може да очекува определен видлив резултат, но, исто така, тоа може да укажува и проблематизира дали во опсегот на полициските задолженија се вклучуваат содржини кои ниту по форма, ниту по значење можат да се во нивната надлежност. Поради бирократизацијата, современото општество се карактеризира со појава на индивидуална, но и институционална аномија - општествените служби и институции се претвораат во гломазни и троми состави, кои сѐ повеќе се оддалечуваат од своите корисници и постојат сами за себе.

Очигледно е дека современото општество се карактеризира како несигурно општество.

Резултатите од истражувањата покажуваат дека граѓаните како најголем проблем во своето животно опкружување ја посочуваат субјективната несигурност, различните проблеми во нарушувањето во однесувањето, неефективноста на комуналниот и јавен ред, оштетувањето и уништувањето на јавниот имот. Станува збор значи за проблеми и работи кои се на дното на листата на традиционалните

полициски приоритети, додека рангирањето на проблемите е различно од град до град, од регион до регион, а зависи и од потребите на децентрализираната и дебирократизирана полициска реакција, а потоа и акција. Една од традиционалните заблуди, секако, е и омаловажувањето на таканаречените ситни проблеми на терен, односно потценувањето на прашањето за јавниот ред и различните девијации во однесувањето. Јасно е дека ниту еден проблем не се решава сам по себе, напротив правејќи се дека тој не постои тој понатаму расте и прераснува во сериозен проблем кој полесно ќе беше решлив уште во зачетокот. Всушност, од полициската практика познато е дека во оние квартови во кои угостителските објекти работат до доцна, каде што се толерира прекршокот за точење на алкохол на алкохолизирани лица, малолетници и деца, каде што гласно се репродуцира гласна музика, каде што се толерира хаосот во сообраќајот, се толерираат „уличните трки“, „рекетот“ и други облици на беззаконие, се претвораат во квартови во кои се случуваат најтешки казниви дела.

Од пописот на асоцијалните и недозволени облици на однесување, видливо е дека покрај ангажманот на полицијата потребен е и ангажман на пошироката општествена заедница, општинските служби, јавните градски претпријатија, инспекциските, просветните и социјалните служби, јавното обвинителство, прекршочните судови па и медиумите и, се разбира, на граѓаните и разните облици на непосредна (директна) акција и ангажираност.

Современите, особено посттранзициски општества, какво што, всушност, е и македонското, се карактеризираат со висок степен на општествена деструкција со недоволно издиференцирани структури и недоволна подготвеност за непосредно справување со општествено негативните појави, во тие рамки посебно со криминалот. Процесот на промена на сопственоста, нужно претпоставуваше и процеси на градење на фрагилни институции, со недоволно јасно дефинирани капацитети или создавање општествени услови во кои тие нема да можат да ги остварат сопствените задачи, што условуваше зголемени социјални и други состојби и напнатости, изразени преку зголемениот број на невработени, појавата на сиромаштија, недоволна острица во пресметката со негативните појави, особено со криминал, сива економија и други општествено негативни појави, што во определена смисла погодуваа на новото време и на субјектите, особено, бизнис-структурите кои се дефинираа на тие основи.

# ВТОРА ГЛАВА

# ПОЛИЦИЈАТА КАКО ФАКТОР НА ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ

***Вовед***

Историјата познава бројни искуства за односите меѓу полицијата и граѓаните. Постоеле периоди кога полицијата имала, така да се каже, неограничени овластувања. Тогаш владеел ставот дека интересот на државата е над сè, односно дека тоа што е добро за благосостојбата и безбедноста на поданиците е дозволено во тие рамки. Станува збор за неконтролираната употреба на присилата и владеење на принципот на целисходност над принципот на законитост. Општествените промени во преден план ги истакнале барањата за слобода на акцијата и сведувањето на државната интервенција за тоа што е неопходно (Гаћиновић, Модели организације савремених полицијских система, 2012). Тогаш е развиен концептот дека безбедноста не треба да се потпира врз полицијата, туку граѓаните се тие што сами ја организираат својата безбедност и заштита изразено преку појавата на групи за самопомош, ноќни стражи на граѓани и вигиланти, наоружување на граѓаните поради заштита на сопствената безбедност, широко сфаќање на правото на самоодбрана и други искуства кои укажуваат дека грижата е сопственост и должност на граѓаните (Masleša, 2001).

Под поимот полиција во најширока смисла се подразбира систем на посебни тела на внатрешната управа кој во остварувањето на работите од својот делокруг располагаат со институционална принуда. Во објективна смисла полицијата има заштитна функција кон јавниот поредок и устројство кој ѝ овозможува заштитната функција принудно да ја оствари. Во функционална смисла, главно, е прифатена поделбата на административна (управна) и криминалистичка (судска) полиција (Modly, Korajlić, 2002, стр. 455) .

Интеракцијата е реципрочна (Bayley, 2006, p. 159). Тоа значи дека полицискиот систем манифестира позитивни (или негативни) импулси и иницијативи кон околината. Во првиот случај, полицијата е фактор кој создава позитивна клима, внесува ред и сигурност во опкружувањето, конкретно таа е фактор кој го овозможува и унапредува просперитетот на општеството. Обратно, во вториот случај, полицијата се пројавува како пречка на развојните општествени текови. Во одделни случаи, таа може да се јавува и како кочница на развојот на општеството, инструмент на партиските интереси и орудие за конзервирање на општествените односи. За овие облици на функционирање на полицискиот систем во општеството постојат бројни примери во историјата.

Но со развојот на модерното општество и нагласената улога и значење на државата, применето во облиците на државниот интервенционизам, влијаело на тоа таа да презема бројни задачи, а полициската

функција сè повеќе се вообличувала како институција која е најорганизирана и најефективна. Во вакви околности нагласувана е социјалната функција, која значела дека полицијата во општеството се организира за да се спречи нередот и насилството, да се воспостави контрола над судирот меѓу посилниот и послабиот. Ваквиот концепт за положбата на полицијата во општеството, придонесувал да се ограничува слободата на поединецот. Јакнењето на државата и на полицијата во неа придонесува и граѓанинот да се појавува како субјект во односите со јавната управа и врз таа основа да ужива определени права. Значи, се менува општата политичка улога на граѓанинот. Тој е активен субјект во политичкиот систем, преку изборите одлучува за тоа кој ќе формира влада и ќе ја контролира управата (Bayley, 1996).

Таквите општествени состојби придонесуваат односите на полицијата и граѓаните да добиваат нови облици и содржини. Полицијата, концепциски набљудувано, се ориентира кон барањата и потребите на граѓаните, кон почитување на слободите и правата и на нејзината подготвеност благовремено да реагира на тие барања (Bayley, 1996). Политичката функција е комплексна. Таа во основа ги опфаќа содржините со превенирањето и справувањето со конфликтите, примената на законски прописи, посебно на оние што на еден или друг начин значат ограничување на определени индивидуални слободи и права на граѓаните (Grabosky, 2009). Составен дел на овие содржини е и примената на физичка принуда во име на државата кон субјектите што го прекршуваат законот. Меѓу граѓаните се наоѓаат и оние кои себеси се сметаат за „потенцијални клиенти на полицијата“ или веќе биле тоа, а полицајците за многумина се „лоша совест“ и „видлива опомена за мрачната и одбојна страна на човековото однесување“ (Milosavljević, 1997).

Овде треба да се има предвид дека полицијата отсекогаш е олицетворение за моќна организација, а полицискиот службеник за „лице со делегирано право на апсење, па дури и употреба на непосредна сила против граѓаните“ (Crank, Murray, Irlbeck, & Sundermeier, 2011). Сигурно дека настануваат, особени недоразбирања тогаш кога полицајците забораваат на вистинската цел и законските димензии на своите овластувања. Манифестните облици на ваквото однесување е нагласеното потпирање на силата и во практиката секој граѓанин да се набљудува како потенцијален криминалец. Тоа создава практики на нееднаква примена на законот. Јавноста е посебно чувствителна на случаите на нееднаков однос на полицијата кон одделни категории на население, пред сè кон ранливите групи (скитници, ЛГБТ), сексуални и други малцинства, со различна политичка припадност итн. Овде до израз доаѓаат две противречности според кои полициската

организација, некогаш повеќе, некогаш помалку успешно, настојува и се однесува како затворен систем, ги прикрива сопствените слабости и да не се осврнува на судовите на јавноста за својата работа, посебно кон оние мислења кои го нагласуваат неадекватното постапување и грешки во нејзината работа (Masleša, 1999). Станува збор за традиционалниот модел на полиција, според кој таа и не се обидува да воспостави потесни односи со граѓаните и јавноста. Ваквиот однос, како што може да се претпостави, негативно влијае врз односите помеѓу полицијата и граѓаните. Тие односи обично се на задоволително ниво, понекогаш и солидни. Воочени слабости на лошите односи со јавноста се манифестираат во форма на меѓусебна недоверба, пасивен став на граѓаните кон криминалните настани во својата околина и непружање помош на полицијата, потоа изразен критицизам кон полицијата, сè до манифестации на нетрпеливост, отворен антагонизам, па до случаи на судир или конфликт со полицијата.

Овде ќе потсетиме дека, интеракцијата на полицискиот систем и опкружувањето не се одвива само на ниво на глобалното општество, туку, и локално ѝ тоа, пред сè, на ниво на одделни сегменти на општеството, поврзани со извршувањето на редовните полициски задачи. Станува збор за дејствување во средина која структурно и институционално е сложена целина и има обележја. Тие може да бидат од различна природа, како што се: национална, верска, старосна, полова, економска, партиска и друга структура. Но во тој контекст се и бројните и разновидни организации, установи, институции и социјални системи, што на еден или друг начин се во постојана интеракција. Набљудувано од аголот на општествената структура може да се констатира дека општественото опкружување кон полицијата се рефлектира во бројни сложени облици, со бројни, често пати и противречни барања и состојби кои бараат сложени постапки и дејствувања. Ваквите сложени и бројни појави, состојби и форми воспоставуваат специфични односи меѓу полицискиот систем и одделните сегменти на општественото опкружување. Специфичните односи на интеракција, се манифестираат како посебни меѓувлијанија, проследени со различен интензитет, содржина и значење. Ако се има предвид интензитетот, содржината и значењето на меѓувлијанијата, како особено важни подрачја на интеракција на полицискиот систем и општественото опкружување, тогаш можат да се издвојат определен доминантен и препознатлив облик на односи како што се односите на полицијата и:

- а) граѓаните;
- б) одделни социјални и етнички групи;
- в) медиумите (Milosavljević, 1997).

Искуствата покажуваат дека во вкупното функционирање на полицијата, посебно во остварувањето на нејзините основни задачи, тешко може да се оствари позначаен успех или да се има ефикасност во постапувањето, доколку таа не ужива почит, поддршка, соработка и непосредна помош од граѓаните. Овде треба да се подвлече дека, во денешно време успешноста на полицијата не се мери само по број на расветлени кривични дела и преземени акции, туку и според тоа колку нејзините односи со граѓаните се позитивни, односно колку таа успева да обезбеди уважување и почитување и на правата на граѓаните во своето постапување (Maljević, Datzer, Muratbegović, & Budimlić, 2006). Тоа е особено важно да се подвлече затоа што во поделените општества, како што е македонското, од клучно значење е полицијата да се наметнува како заштитник на човековите слободи и права, а не како државна служба или сервис на политичката и партиската номенклатура (Ideološki i politički konflikti (Osvrt na kulturu dijaloga), 2011).

Подрачјето на односите на полицијата кон граѓаните има повеќе меѓусебно условени компоненти. Како особено значајни се: „(1) односот кон граѓаните како корисници на услугите и субјекти со лични права и слободи (*human relations*); (2) односот кон граѓаните како субјекти на социјална контрола и соработници на полицијата во вршењето на нејзините основни задачи и (3) односот кон граѓаните како фактор на јавното мнение (*public relaions*)“ (Milosavljević, 1997).

Истражувачките резултати што се предмет на анализа се однесуваат на односот на полицијата кон граѓаните како фактор на јавното мислење, односно како граѓаните ја перципираат работата на полицијата? Индиректно ќе треба да се одговори на прашањето дали и колку полицијата успева да се отвори кон граѓаните, односно дали пристапот и организацијата на полицијата кон граѓаните има очекуван, најчесто, позитивен ефект? Всушност станува збор за содржини што ги опфаќаат активностите на полицијата кои имаат за цел да ѝ обезбедат јавноста адекватно да го прифати нивното дејствување, односно да придонесува кон градењето и одржувањето на посакуваното мислење за полицијата во јавноста. Тоа значи, полицијата во јавноста треба да ужива углед, почит и доверба, а нејзината активност да ужива прифаќање и одобрување. Остварувањето на оваа цел е непосредно врзано со прашањето на легитимитетот на полицијата, односно со позитивниот однос на поголемиот дел на јавноста кон улогата и авторитетот на полицијата. Значи, треба да се цели кон тоа мнозинството на граѓани улогата на полицијата да ја сфаќаат и прифаќаат како важен предуслов за личната и имотна безбедност, за несметан живот и работа во заедницата и фактор за градењето на мирот и соживотот во општеството (Mirosavljević, 2006).

### *Отвореноста на полицијата и граѓаните*

Јавноста е неопходен услов за јакнење на одговорноста на секој носител на одговорна должност. Тој е принцип врз чии темели се гради довербата на граѓаните во транспарентноста и одговорноста на институциите и на носителите на јавни функции и други одговорни задачи. Затоа, кога зборуваме за јавност, таа во поширока филозофска смисла, не е само негација на тајноста и на „таинственоста“, како облик на отуѓената и неодговорна власт, туку е и облик на демистификација на односите, дејностите и работите на човекот, носителите на функциите и на институциите, а со тоа, во поширока смисла на зборот и облик на рационализација на општеството. Јавноста како практика, не само што е кредо за политичкиот живот, таа е својствена и на односите меѓу луѓето, меѓу институциите и дел од претставите и сфаќањата во заедницата. Таа е најефикасниот одговор на настојувањата и влијанијата на затворените и самоволни групи, посебно во процесот на донесувањето на одлуки „зад затворени врати“, прикривањата и камуфлажите, со кои е оптоварено општеството. Принципот на јавноста е облик на демократијата. Во практиката тој сè повеќе се декларира отколку што се применува. На него повеќе се повикува отколку што се применува. Недоволниот интерес за значењето на начелото на јавност, а посебно неговото неспроведување овозможува не само злоупотреба на власта, создавањето лажни слики, табуа и митови за поединци и институции, туку таа е и во функција на прикривањето на борбата за власт, заговорите и слични појави кои се производ на мистификацијата.

Јавноста е општествен и политички простор, во кој се јавува и дејствува јавното мислење. Јавноста е услов за политичката демократија. Таа постои таму каде има публика. Публиката е множество на луѓе кои имаат заеднички интереси и делат заеднички став кон определено прашање (Мојаноски, 2002, стр. 308). Се разликуваат поимите маса и јавност. Масата е множество луѓе која се собира на едно место и е поврзана со емоциите. Јавноста е множество луѓе кои ги поврзува интелектот. Така, читателите на еден весник, гледачите на телевизиската емисија, студентите присутни на часот, учесниците на литературното читање и слични облици претставуваат јавност. Во тесна врска со овие поими е политичката јавност. Тоа е посебен облик на групирање со издвојување на активни поединци во сферата на политичката практика. Ширината на политичката јавност се поклопува со ширината на правото на активно или пасивно учество во политичкиот живот, без оглед дали јавноста секогаш функционира во целиот политички простор или нејзиното учество е латентно. Јавното мислење, пак, се дефинира како актуелен став или позиција на јавноста

по определено прашање. Таа е колективен одговор на одредено прашање (Мојаноски, 2002, стр. 309).

„Да се живее делотворно, значи да се биде добро информиран“ ќе забележиНоберт Винер (Viner, 1973). За да постои информациски процес значајни се повеќе услови меѓу кои се и постоењето на еден субјект да има свест и потреба за тоа, потоа „да постои нова содржина што има да се разменува, што да се пренесе, да егзистира нешто ново што ќе се каже“. Меѓу условите се вбројуваат и односите на надреденост и подреденост, односно еден да е поинформиран за да може да ја пренесе информацијата на друг, да постои приближно еднаков систем на значења на исказот без разлика на обликот (без разлика дали е говор, пишан текст, движење на рака, метафора, симболика, невербална комуникација и слично); да постои канал што ќе ја пренесе информацијата како што е понудена од изворот; да постои способност за организација на изворот и на крајот да се прими информацијата (Андревски, 1995, стр. 7-8).

Спроведувањето на јавноста е нужно, затоа што на тој начин се симнува превезот на таинственоста и е од суштинско значење за демократизацијата на изборот и работата на оние организации, кои имаат чувствителна функција за насочување на политиката. Затоа, со право еден од родоначалниците на американскиот Устав и претседател на Соединетите Американски Држави, Џејмс Медисон ќе констатира дека „народна влада без јавни информации или без постоење начин нив да ги осигури, во тој случај таа не е ништо друго освен пролог за фарса или трагедија, или можеби е и едното и другото“. А Абрахам Линколн подоцна ќе констатира дека „добро е народот да ги знае податоците и земјата ќе биде безбедна“. Всушност, станува збор за принцип кој ја јакне довербата во институциите и во владеењето на правото и правдата.

Главна одлика на современото полициско работење е идејата дека полицијата и граѓаните работат на остварувањето на заеднички цели - безбедна заедница и сигурен живот на граѓаните. За да ги афирмира своите успеси и за да ја зајакне довербата меѓу граѓаните, полицијата треба постојано да работи на тоа јавноста да ги одобрува нејзините постапки. Како предуслов за добивање на поддршка од јавноста е јавност во полициското работење и негувањето на комуникацијата и заемното разбирање меѓу полицијата и граѓаните.

Дебатата е насочена кон актуализирање на определени димензии на истражувачките резултати што за односот на полицијата кон граѓаните како фактор на јавното мислење, односно како граѓаните ја перципираат работата на полицијата? Во анализата претходно се дефинира прашањето поврзано, со тоа дали испитаниците имале

контакт со полицијата? Одговорите на ова прашање се индикатор кој создава претпоставка или може да упатува на тоа дека ставовите изнесени по поодделни прашања можат да се темелат на емпириските искуства на испитаникот или, тие повеќе или помалку се резултанта на претставите од општествената стварност.

***Графикон број 11. Дали досега сте имале контакт со полицијата?***




Од графичкиот приказ (графикон број 11) може да се воочи дека просечно две третини од испитаниците, ($\bar{x}$=64,93 %, $\sigma$=5,05 и V=7,78 %), односно 64,93 %, од нив одговориле дека имале контакт со полицијата. Нешто повеќе од една третина од нив одговориле дека немале контакт со полицијата ($\bar{x}$=35,07 %, $\sigma$=5,05 и V=14,40 %), што упатува на констатацијата дека граѓаните биле упатени на соработка со полицијата. Ваквиот одговор е последица на недоволната специфицираност на прашањето, од една страна, но и на тоа дека во службите и телата на полицијата, конкретно на Министерството за внатрешни работи се наоѓаат значителен број на органи и тела, поврзани со остварување на определени права на граѓаните, како што беа издавање на лични, сообраќајни и други документи кои се неопходни за непречениот сообраќај на поединецот во општеството. Одговорите на ова прашање можат да упатуваат на содржини, кои можат да се подразбираат, а не се на специфичен начин.

За тоа, каков е односот на граѓанинот со полицијата го тестиравме со прашањето „Дали во последните три месеци сте се обратиле за помош до Полициската станица?“ Се чини дека со ваквото специфицирање на прашањето ќе може да се добие приближно поточна

претстава за тоа, колку граѓаните се упатени кон полициската станица, која има определена локална положба и ги следи состојбите, како и ги превенира оние процеси и појави кои можат да го нарушат нормалниот образец на живеење во заедницата. Одговорите на поставеното прашање се дадени во три облици: „да“, „не“ и „не сум имал/а потреба“.

***Графикон број 12 . Дали во последните три месеци сте се обратиле за помош до Полициската станица?***




Податоците упатуваат на сознанието дека од 2010 до 2017 година, просечно 9,53 % одговориле дека имале потреба и се обратиле за помош во Полициската станица ($\bar{x}$=9,53 %, $\sigma$=3,62 и V=38,00 %). Во приказот е исклучена вредноста од 2009 година, затоа што таа врши значителна девијација на вредностите и просечната вредност за изминатите години е нереален показател ($\bar{x}$=14,87 %, $\sigma$=16,38 и V=110,17 %). Во одговорите на испитаниците кои одговориле со „не“ има релативно постабилна и похомогена дистрибуираност на податоците и укажуваат дека во изминатите просечно 53,13 % од нив одговарале дека во последните три месеци не се обратиле за помош во Полициската станица ($\bar{x}$=53,13 %, $\sigma$=5,16 и V=9,71 %). Слични резултати, но со видливи осцилации се и одговорите „не сум имал/а потреба“. Просечно секоја година 32,00 % од испитаниците ($\bar{x}$=32,00 %, $\sigma$=12,62 и V=39,44 %) одговарале на овој начин. Ако се погледнат заедно негативниот и неутралниот одговор тогаш може да се констатира дека 85,13 % од испитаниците ($\bar{x}$=85,13 %, $\sigma$=16,38 и V=19,24 %) одговориле со „не“ и со „не сум имал/а потреба“.

Ова прашање во истражувањето е вклучено од 2009 година, кога е извршена ревизија и дополнение на инструментот за собирање на податоци. Од графичкиот приказ може да се констатира дека во 2009 година, значителен број на испитаници имале потврден одговор, дека другите години тој се движи околу десетина проценти. Ваквата девијација на одговорот во 2009 година во однос на другите може да е резултанта на потребата да се добие некој облик на помош или информација за начинот на решавање на прашањата поврзани со личните и други документи или некои други специфични состојби поврзани со случувањата во земјата или регионот. Исто така, треба да се има предвид дека во овој период беше извршена промена на личните документи, особено во 2008 и 2009 година, кога еден значителен дел од граѓаните беа упатени кон државните органи, особено кон службите, кои иако организациски припаднаа на други органи на управата, тие, поради долгогодишната практика беа поврзувани со органите на внатрешните работи, кои повеќе или помалку беае и перципирани како „полицијата“.

### *Јавниот лик на полицијата*

За тоа каков е имиџот на полицијата кај граѓаните анализата ќе се темели на неколку индикатори. Прво, одговорите на прашањето: Дали контактот со полицијата придонесе да го смените вашиот став за полицијата?

***Табела број 38. „Дали контактот што го имавте со полицијата, придонесе да го смените вашиот став за полицијата?“***

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| да | **52,39** | 50,79 | 35,40 | 38,50 | 37,52 | 45,52 | 43,26 | 38,40 | 34,29 | **32,56** |
| не | 47,61 | 49,21 | 64,60 | 61,50 | 62,48 | 54,48 | 56,74 | 61,60 | 65,71 | 67,44 |
| Σ | **1163** | **1318** | **1309** | **1440** | **1240** | **1138** | **1167** | **1016** | **1044** | **1032** |

Потврдните одговори на ова прашање упатуваат дека тие се движат од 61,03% во 2009 до 43,99% во 2017 година. И просечните резултати укажуваат не некои општи карактеристики. Имено, во изминатите десет години просечно 51,23% половината од испитаниците ($\bar{x}$=51,23%, $\sigma$=5,34 и V=10,42%) одговарале дека контактот со полицијата придонел да го сменат ставот за неа. Нешто помалку од половината испитаници ($\bar{x}$=48,77%, $\sigma$=5,34 и V=10,94%), годишно одговарале, со „делумно не“, „не“ и „не можам да оценам“, односно

контактот со полицијата не придонел да промени нивниот став кон полицијата.

Ако во натамошната анализа ги исклучиме одговорите „не можам да оценам“, а одговорите „да“ и делумно да“ ги прикажеме како една вредност, односно и одговорите „делумно не“ и „не“ како не, тогаш ќе ги добиеме пропорциите прикажани во следната табела.

***Табела број 39 „Дали контактот што го имавте со полицијата, придонесе да го смените Вашиот став за полицијата?“ - без одговорите „не можам да оценам“***

| | Година кога е извршено истражувањето: | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| да и делумно да | 62,96 | 58,54 | 42,50 | 46,54 | 45,86 | 51,74 | 51,36 | 50,71 | 40,04 | 46,22 |
| делумно не и не | 37,04 | 41,46 | 57,50 | 53,46 | 54,14 | 48,26 | 48,64 | 49,29 | 59,96 | 53,78 |
| **Вкупно** | **872** | **1042** | **927** | **1040** | **846** | **775** | **843** | **702** | **894** | **727** |

Просечните резултати покажуваат дека одговорите се приблиѓно еднакви, но дека претежнуваат тие што одрекнуваат, односно тврдат дека не го промениле ставот за полицијата ($\bar{x}$=50,35%, $\sigma$=7,02 и V=13,95%), односно нешто помал е просекот на оние што тврдат дека контактот со полицијата придонел да го променат ставот кон неа ($\bar{x}$=49,65%, $\sigma$=7,02 и V=14,14%).

***Табела број 40 „Дали контактот што го имавте со полицијата, придонесе да го смените Вашиот став за полицијата?“ - без одговорите „не можам да оценам“ -темпо на развој***

| | Година кога е извршено истражувањето: | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| да | - | -7,02 | -27,40 | 9,50 | -1,45 | 12,82 | -0,73 | -1,27 | -21,04 | 15,41 |
| не | - | 11,93 | 38,69 | -7,02 | 1,26 | -10,86 | 0,78 | 1,34 | 21,64 | -10,30 |

Ако се проследи развојот на ставовите од година во година, односно се утврди темпо на развојот на ставовите, тогаш ќе се воочат осцилации и опаѓања на ставовите кои тврдат дека има, односно нема промена во ставот кон полицијата, односно, дека тој влијаел, односно не влијаел да се промени ставот за полицијата.

На што се темели ваквиот став? Одговорот е покомплексен. Во продолжение ќе прикажеме определен број на одговори на прашањата чија функција е да понудат индикаторска рамка за градење на став или нудење на еден од можните одговори. Тоа ќе го набљудуваме преку два

става. Првиот став е дека „Полицијата и служи исклучително на владејачката партија“ и вториот став е дека „Полицијата е неправедно критикувана за блискост со владејачката партија“.

***Табела број 41. Полицијата и служи исклучително на владејачката партија***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| не | 63,46 | 61,41 | 63,26 | 62,45 | 68,29 | 63,68 | 63,68 | 58,91 | 63,08 |
| да | 36,54 | 38,59 | 36,74 | 37,55 | **31,71** | 36,32 | 36,32 | **41,09** | 36,92 |
| **Σ** | **1311** | **1306** | **1440** | **1233** | **1126** | **1162** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда:** не („воопшто не се согласувам“ , „не се согласувам“ и „не можам да оценам“) да („потполно се согласувам“ и „се согласувам“); Σ вкупно испитаници што одговориле.

Одговорот на ова прашање покажува динамика која се движи меѓу 31,71 % во 2013 до 41,09 % во 2016 година. Видливо е дека повеќе од една третина или просечно 36,86 % годишно испитаници имаат став дека полицијата е инструментализирана од владејачката партија. Дали ваквиот став може да се третира како индикатор за партизацијата на полицијата? Одговорот ќе го побараме преку анализата на еден друг став кој има функција на контрола на претходниот. Имено, во истото истражување граѓаните се запрашани да изразат степен на согласност со ставот дека „Полицијата е неправедно критикувана за блискост со владејачката партија“. Одговорите на ова прашање (кое, исто така, се мери од 2009 година) се дадени во следната табела.

***Табела број 42. Полицијата е неправедно критикувана за блискост со владејачката партија***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 9,31 | 8,49 | 10,86 | 8,10 | 8,47 | 14,58 | 8,56 | 12,45 | 9,40 |
| 2. | 24,89 | 24,10 | 25,12 | 26,80 | 26,38 | 27,19 | 27,07 | 27,49 | 27,91 |
| 3. | 40,46 | 40,78 | 37,37 | 38,62 | 36,01 | 27,62 | 42,42 | 34,29 | 39,24 |
| 4. | 18,93 | 20,89 | 19,49 | 20,24 | 22,73 | 20,75 | 17,03 | 19,16 | 17,54 |
| 5. | 6,41 | 5,74 | 7,17 | 6,23 | 6,42 | 9,86 | 4,92 | 6,61 | 5,91 |
| **Σ** | **1310** | **1307** | **1437** | **1235** | **1122** | **1166** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда**: 1. воопшто не се согласувам; 2. не се согласувам; 3. не можам да оценам; 4. се согласувам; 5. потполно се согласувам; Σ вкупно испитаници што одговориле

Дистрибуцијата на одговорите укажува дека во изминатиот период просечно 26,23 % од испитаниците се согласуваат со ставот дека таа е неправедно критикувана, 36,35 % не се согласуваат и 37,42 % имаа неопределен став, односно декларираат дека не можат да оценат. Позитивните и негативниоте одговори во претходната табелата, речиси се идентични.

Кон оваа индикаторска рамка ќе ги додадеме и одговорите на прашањата за тоа каков е односот на полицијата во остварувањето на правото на еднаквоста. Тоа тврдење ќе го илустрираме преку одговорот за селективноста како карактеристика. Од дистрибуцијата на одговорите на прашањата од 2009 до 2017 година можеме да констатираме дека просечно 38,43 % имаат позитивен став, а 61,57 % негативен став.

***Табела број 43. Полицијата апси селективно***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| не | 59,79 | 60,61 | 60,39 | 61,67 | 68,09 | 61,81 | 61,71 | 58,24 | 61,82 |
| да | 40,21 | 39,39 | 39,61 | 38,33 | 31,91 | 38,19 | 38,29 | 41,76 | 38,18 |
| **Σ** | **1303** | **1305** | **1439** | **1234** | **1125** | **1160** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда:** не („воопшто не се согласувам“ , „не се согласувам“ и „не можам да оценам“) да („потполно се согласувам“ и „се согласувам“); Σ вкупно испитаници што одговориле.

Ако се погледне динамиката на позитивните одговори во 2010 година, таа опаѓа за -2,04 % во однос на 2009 година, во наредната година се зголемува за 0,56 %, во 2011 се намалува за -3,23 %, во наредната 2012 опаѓа за -16,75 %, но веќе наредната 2013 година се зголемува за 19,68 %, за во наредните две години да ја задржи тенденцијата за 0,26 и 9,06 %, за во 2017 во однос на 2016 година тој број да опадне на -8,57 %. И најелементарната анализа укажува дека во претставите на граѓаните за работата на полицијата, влијание имаат настаните и постапувањата на полицијата, посебно за определени настани како што е, на пример, случајот со настаните во земјата по случувањата во парламентот при донесувањето на буџетот и постапувањето и отстранувањето на пратениците од салата. Тој настан предизвика особено медиумско внимание и беше предмет на сериозна и жестока партиска и медиумска пресметка, што повеќе или помалку влијаеше на обликувањето на свеста но и на ставовите кон полицијата и полициската работа. Исто така, овде треба да се имаат предвид и инцидентните случаи на нееднаков пристап и брзина во решавањето на проблемите поврзани со настани и поединци во општеството. Во тој контекст илустративни се податоците претставени во следната табела.

***Табела број 44. Полицијата ги апси само оние кои не се блиски со владејачката партија***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| не | 66,18 | 65,49 | 70,40 | 71,88 | 74,11 | 69,45 | 73,23 | 68,97 | 68,70 |
| да | 33,82 | 34,51 | 29,60 | 28,12 | 25,89 | 30,55 | 26,77 | 31,03 | 31,30 |
| **Σ** | **1310** | **1307** | **1439** | **1234** | **1124** | **1162** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда:** не („воопшто не се согласувам“ , „не се согласувам“ и „не можам да оценам“) да („потполно се согласувам“ и „се согласувам“);Σ вкупно испитаници што одговориле

Имено, просечно по 30,18 % од испитаниците во изминатите девет години биле со став дека полицијата ги апси само оние што не се блиски на владејачката партија, што заедно со претходниот став, дека таа апси селективно пријавуваат разлика од просечно 8 %. И двата податока упатуваат дека во полициските постапки остануваат определен број на дејства и содржини што не се доволно убедливи и не зборуваат за професионалниот статус и пристап на полицијата. Всушност, станува збор за перцепции кои повеќе или помалку се под притисок на медиумската презентација на настаните, но и на недоволно јасниот и транспарентен однос на полицијата и полициските структури кон јавноста. Овде станува збор за перцепции во кои се преплетува комплексот правни и морални обврски и одговорности на полицијата во поглед на правилното извршување на нејзините задачи, уважување на човечкото достоинство и респектирање на сите граѓани и нивните слободи и права.

Исто така, треба да се има предвид дека односот на полицијата кон граѓаните е во сложените односи на општеството и борбата против криминалот и корупцијата, како и отсуството на повидливи резултати од обидот граѓаните да се имаат како партнери во грижата за заедницата. Во таа улога граѓаните можат значајно да придонесат кон безбедноста на заедницата, а со тоа во вкупното извршување на полициските задачи (Мојаноски, 2011). Од истражувачките резултати може да се воочат тенденции дека отсуствува подготвеноста на граѓаните за благовремено известување на полицијата, посебно во случаи на воочување на нешто сомнително во своето соседство, при давањето потребни информации на полицијата и подготвеноста за сведочење на суд, како и преземање мерки за лична сигурност и сигурност на својот имот, посебно за учество во програмите и активностите за подобрување на безбедноста, заштитата на граѓаните одделно на младината и децата. Треба да спомнеме дека тоа е резултанта на сведувањето на концептот community policing на медиумски проект во кој одделни институции, како и високите раководители во полицијата се јавуваат во улога на „добротвори" и ги поучуваат странците или граѓаните за опасностите од одделни дејства. Во таа смисла не заостануваат и разни совети и други тела чија задача е да развиваат односи и воспоставуваат партнерства со институции и поединци чија задача е грижата за безбедноста и несметаниот живот во заедницата. Тоа значи дека активностите се насочуваат кон превенцијата и сузбивањето на криминалитетот, кон обезбедувањето на јавниот ред и мир. Овде секогаш се укажува дека полицијата, колку и да ги зголемува технички капацитетите и човечките потенцијали, таа секогаш не може ефикасно да се носи со криминалитетот ако покрај

себе ги нема граѓаните, односно јавноста. Покрај неоспорната важност на таквите достигнувања и средствата, сепак, граѓаните се главниот актер на превенцијата на криминалитетот, како и битен фактор во сознавањето за извршени кривични дела, а често и во нивното разоткривање (Milosavljević, 1997).

Досегашната анализа укажува дека во перцепциите на граѓаните доминираат определени ставови кои повеќе или помалку ги отсликуваат општествените односи во временската рамка во кое е вршено истражувањето. Тие се само индикатор за претставите и пресеците на свеста кај граѓанството за положбата и односот на полицијата кон нив. Треба да се има предвид дека врз формирањето на довербата на јавноста во полицијата има и фактори кои не се директно поврзани со степенот на коректност на полицијата кон граѓаните. На тоа посебно влијаат општите состојби со корупцијата, но и со сликата за тоа колку таа ефикасно ги врши задачите во нејзиното сузбивање, потоа карактеристиките на социјалната структура, културните традиции, односот на граѓаните кон нормите, посебно правото и правната свест и посебно капацитетот на институциите на власта и начинот на остварувањето на нивните функции. Сите наброени фактори влијаат на ставот на граѓаните кон полицијата и за нивната доверба кон неа.

Истражувачките резултати упатуваат кон тоа дека полицијата треба да постави поконкретни и пореални цели во однос на тежнеењето да ја стекне довербата на граѓаните, да ја придобие наклоноста на јавноста на своја страна и кон афирмација на заедничките интереси: што подобра безбедност на граѓаните и нивниот имот и што помалку проблеми на подрачјето на одржувањето на јавниот ред и мир. Во такви случаи критиките на јавноста кон полицијата, односно кон начинот на остварувањето на полициската функција во општеството ќе биде во функција на јакнењето на односите со заедницата. Полициските раководства и полицајците сè повеќе ќе се ориентираат кон избегнување на постапки и однесувања што се типични за секоја демократска заедница.

# ТРЕТА ГЛАВА

## ПОЛИЦИЈАТА ВО ЗАЕДНИЦАТА - ОЧЕКУВАЊАТА НА ГРАЃАНИТЕ ОД УЛОГАТА НА ПОЛИЦИЈАТА

***Вовед***

Довербата се дефинира различно. Во зависност од теорискиот и дисциплинарниот пристап дефинициите за поимот доверба се различни. Обично под доверба се подразбира определен збир (множество) на општествено-научни, стекнати, практикувани практики, но и општествено потврдени очекувања од поединци, организации и институции кои со своите функции обезбедуваат определени општествени, правни и други претпоставки кои се претпоставка за несметано остварување на начинот на работа и дејствување на поединецот.

Довербата е индикатор за очекувањата и надежите во заедницата за положбата улогата и задачите на полицијата. Таа се јавува како момент од особено значење за квалитетот на односот меѓу полицијата и граѓаните. Таа е во корелација со очекувањата на граѓаните и со тоа што таа реално го прави за нив. Доколку степенот на блискост помеѓу очекувањата на граѓаните и реалната улога на полицијата е поголем, тогаш треба да се очекува дека граѓаните ќе бидат позадоволни од полицијата, ќе ја почитуваат и кон неа ќе изградат попозитивни ставови. Ако однесувањето на полицијата се остварува на начин кој е пооддалечен од очекувањата на граѓаните, тогаш со определена извесност треба да се очекува дека незадоволството ќе биде позначајно и поизразено, а односите на граѓаните и полицијата тогаш можат да се определат како сѐ полоши. Незадоволството од работата на полицијата доведува до нејзина непопуларност и опаѓање на нејзината ефикасност, а потоа и до појава и нагласени барања за реформи во полицијата.

Поради тоа, полицијата, најнапред, мора да се потруди прецизно и посигурно да утврди што очекуваат граѓаните од неа, т.е. како тие ја гледаат нејзината основна улога од аспект на своите интереси, потоа што очекуваат од вршењето на одделни задачи на полицијата и како го рангираат нивното значење, како и какви се нивните очекувања од полицајците со кои доаѓаат во контакт во секоја од можните ситуации, вклучувајќи и тоа какво однесување на полицајците граѓаните го сметаат за соодветно. Интересирањето на полицијата во овој поглед треба да има перманентен карактер, бидејќи очекувањата на граѓаните се подложни на промени.

Положбата на полицијата во современото општество не претпоставува дека таа нема да има сенс кон очекувањата и барањата на граѓаните и ќе се обидува да пронаоѓа начини преку кои ќе ги превенира и решава отворените проблеми. На тој начин таа се

позиционира како субјект кој воспоставува долгорочни, коректни и на професионална основа дефинирани односи со граѓаните и ќе создава простор за несметано одвивање на вкупниот живот и комуникација во заедницата. Однесувањето на полицијата е правно регулиран однос и тој не обезбедува нејзино дејствување во согласност со перцепциите и очекувањата на граѓаните. Во таков случај треба да се процени дали барањата на граѓаните се доволни да се отвори постапка за промена на законите или ако тие очекувања се ограничени од правилата утврдени за постапувањето на полицијата, тие треба да се менуваат во согласност со утврдените општи принципи и доколку се во функција на унапредувањето на слободите и правата на човекот и граѓанинот.

За тоа како се идентификуваат барањата на граѓаните постојат повеќе начини. Покрај стандардните облици, како што се: анкета, интервју, панел-дебати, граѓански инцијативи и слични постапки, сериозен извор се обраќањата и пораките на граѓаните до полицијата. Секоја полициска организација посветува сериозно внимание на содржината на барањата и пораките. Овде треба да потсетиме дека модерната полициска организација конституира бројни евиденции, како што се оние за телефонските повици, посетите на граѓаните на полициската станица, обраќањето на web-страницата и на другите социјални мрежи во cyber просторот, тие уредно се бележат и треба да претпоставува дека евиденциите се претвораат во податоци. Модерните технолошки решенија во облик на софтверски пакети во значителна мерка можат да ја олеснат постапката на претворањето на евиденциите во податоци, податоците во информации, односно да обезбедат претпоставки за успешна примена на аналитичко-синтетичкиот метод и на градењето на сознанија и знаења врз основа на податоци. Кога се зборува за очекувањата на граѓаните од полицијата соопштено преку нивните обраќања, тогаш треба да се има предвид дека, во прв ред, се оние видови проблеми кои граѓаните, одделно, или во групи, па некаде и во заедници, очекуваат дека е партнер со кој можат да ги споделат, затоа што тие сметаат дека тоа се проблеми кои се во надлежност на полицијата, односно дека полицијата треба да знае за нив без разлика дали се тие од нејзина надлежност.

Досегашните сознанија утврдиле дека очекувањата на граѓаните се концентрирани на околу четири основни улоги на полицијата: а) заштита на имотот, б) одржување на јавниот ред и мир и решавање на нивните специфични проблеми, в) да има слух за нивните информации и да дејствува превентивно и г) да е во нивна близина како симбол на поредокот и силата, односно како гаранција за претходните очекувања. Станува збор за основното очекување на граѓаните од полицијата, да обезбеди сигурност на нивниот живот и имот и да го поврати и

обезбеди мирот и спокојството во нивното опкружување, односно да ги лиши од стравот од злосторство и непријатноста поради нарушувањето на мирот.

Тесно поврзано со претходните очекувања е зголемената појава на страв од криминал. Се смета дека стравот рапидно расте од самиот криминал и дека тој е сериозна пречка во нормалното одвивање на животот на граѓаните. Поради тоа тие бараат од полицијата да одговори на криминалот. Таа е ориентирана кон тоа да се намалува нивниот страв, со постојаното присуство во близина и на тој начин да влева и создава чувство на лична сигурност.

Покрај тоа граѓаните од полицијата очекуваат таа да им овозможува определени услуги („социјално-услужна работа“), односно како јавна служба, да им помогне во решавањето на определени проблеми, поврзани со превенцијата на криминалитетот и прекршоците на јавниот ред и мир. Затоа, тие очекуваат да зајакне патролната, односно позорната дејност, да бидат ангажирани полициски капацитети кои симболички и реално ќе ја јакнат довербата меѓу нив. Така, полицијата во очите на граѓаните истовремено е инструмент на правото, чувар на редот и мирот и јавна служба. Истражувањата во шест американски градови потврдиле дека полицијата може да негува три стила на работа: а) насочување кон спроведување на законот (*legalistic style*), б) насочување кон чување на редот и мирот (*watchman style*) и в) насочување кон пружање на услуги на граѓаните (*service style*) (Milosavljević, 1997). Очекувањата на граѓаните претставуваат показател за изменетите потреби на општественото опкружување, приближувањето на функционирањето на полицијата кон очекувањата на граѓаните и на односот на полицијата кон граѓаните.

Наспроти ваквите концепти, во практиката, повеќе или помалку доминира класичното сфаќање на полициската улога и стратегија. Според неа, полицијата на подрачјето на кое дејствува ја нагласува и тежнее кон подобар успех во репресијата на криминалитетот, развива определени техники и ангажира значајни човечки капацитети. Ваквата стратегија ги запоставува бројните можности за вклучување на граѓаните во превенцијата на криминалитетот и развива облици преку кои граѓаните се јавуваат во улога на даватели на информации. Тоа, според овој концепт, е од особено значење и од особена корист. Тој вид на соработка и помош е особено поддржуван и се развива. Според тоа, од полицијата треба да се очекува да се претставува како најистурен одред во борбата против криминалот, дека решавањето на проблемите на граѓаните од социјално-услужни карактеристики не е нејзина преокупација, ниту, пак, прашања со кои треба за се занимава полицијата. Таа го развива ликот на супер „херојот“, кој има

способности кои не им припаѓаат на сите. Тие, едноставно, се за „подвизи“. Ваквиот пристап, смета дека задачата на полицијата е редот и законот, тешко ги прифаќа и посветува недоволно внимание на демократските вредности, што се специфика и на кои инсистира нејзиното опкружување и затоа тешко се согласува на правото на граѓаните да учествуваат во формулирањето и реализацијата на безбедносната политика која непосредно се однесува на нив.

Во објаснувањата на оваа стратегија, како пример се користи американското искуство со моделот crime fighter. Тој според Брага подразбира: а) патролирање, б) брз одговор и в) полициска истрага. (Braga, 2002). Друга група истражувачи како што се Висбурд, Ек и Шерман, ефикасноста на полицијата во превенција и редукција на криминалот ја мерат со помош на пет индикатори. Тие сметаат дека покрај веќе споменатите три индикатори треба да се приклучи и бројот на полициски службеници и бројот на апсења од страна на полицијата (Стефановска & Гогов, 2015, стр. 56).

### *Перцепциите на граѓаните за односот на полицијата кон граѓаните*

Перцепциите на граѓаните за основните обврски на полицијата ќе ги актуализираме низ анализата на четири прашања меѓу кои проверувавме, со помош на барање да изразат степен на согласност со овие ставови на континуитет од пет одговори, односно применета е скала за мерење на ставови од Ликертов тип. Граѓаните изразуваа степен на согласност и несогласност за следните оценки: „2.Основната обврска на полицијата е да им помага на граѓаните“, „5.Основната обврска на полицијата е да го спречува криминалот“, „8.Основната обврска на полицијата е да ја штити државата“ и „3.Криминалот во државата е голем проблем“.

Оцената дека криминалот во државата е голем проблем во изминатите девет години покажува висок степен на согласност.

***Табела број 45. Криминалот во државата е голем проблем***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 0,91 | 0,82 | 0,76 | 0,55 | 0,80 | 0,34 | 1,28 | 0,29 | 1,07 |
| 2. | 2,05 | 2,61 | 2,49 | 1,90 | 3,27 | 2,45 | 1,97 | 3,54 | 1,84 |
| 3. | 8,65 | 8,12 | 7,48 | 8,69 | 9,90 | 9,31 | 10,14 | 11,49 | 13,08 |
| 4. | 39,98 | 36,89 | 37,35 | 43,44 | 35,54 | 38,49 | 34,84 | 35,82 | 35,27 |
| 5. | 48,41 | 51,56 | 51,91 | 45,42 | 50,49 | 49,41 | 51,77 | 48,85 | 48,74 |
| **Σ** | **1318** | **1342** | **1443** | **1266** | **1131** | **1182** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда**: 1 воопшто не се согласувам; 2 не се согласувам; 3 не можам да оценам; 4 се согласувам; 5 потполно се согласувам; Σ вкупно испитаници што одговориле.

Погледнато низ оценките на испитаниците може да се заклучи дека во 2010, 2011, 2013 и 2015 година повеќе од половината испитаници одговориле „потполно се согласувам", што повеќе или помалку укажува дека во општествената стварност се случуваат настани и процеси кои го јакнат уверувањето дека криминалот во општеството е сериозен проблем.

***Табела број 46. Криминалот во државата е голем проблем***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| не | 11,61 | 11,55 | 10,74 | 11,14 | 13,97 | 12,10 | 13,39 | 15,33 | 15,99 |
| да | 88,39 | 88,45 | 89,26 | 88,86 | 86,03 | 87,90 | 86,61 | 84,67 | 84,01 |
| **Σ** | **1318** | **1342** | **1443** | **1266** | **1131** | **1182** | **1016** | **1044** | **1032** |

Претставата ќе добие појасни контури ако извршиме прегрупирање на податоците во дихотомни, во кои првите три одговори ќе ги собереме и означиме со „не" и четвртиот и петтиот одговор ќе ги собереме и означиме со „да". Првата група се негативни или одречни тврдења, а вторите се позитивни, експлицитно изразени позитивни ставови. Дистрибуцијата упатува на тоа дека висок процент од испитаниците во распон од 84,1 % во 2017 до 89,26 % во 2010 година изразуваат согласност и сметаат дека криминалот е сериозен проблем.

Ако податоците се интерпретираат во општествениот контекст специфичен за секоја година од истражувањето, тогаш ќе може да констатираме дека и покрај бројните, најчесто медиумски, прикази на „борбата" против криминалот и јавно приведување на осомничени лица пред истражните органи, како и завршувањето на „мега" скандалите со пресуди кои ни оддалеку не ги исполнуваат основните услови за битието на кривичното дело за кое е подигнато сомневањето, несомнено ја зајакна свеста кај граѓаните дека носителите на борбата против криминалот, таа борба повеќе ја водат како потреба на водечките сили во општеството, за посветеноста кон ова општествено зло, отколку кон намерата квалитативно да се променат односите.

Можеме да констатираме дека и во врска со дистрибуцијата на оценките и на прашањето, конкретно на степенот на согласување со понудената констатација „Основната обврска на полицијата е да го спречува криминалот", доминираат позитивните оценки. Во оваа дистрибуција доминираат одговорите „се согласувам". Тие се движат во распонот од 39,85 % во 2015 до 47,93 % во 2012 година.

***Табела број 47. Основната обврска на полицијата е да го спречува криминалот***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 1,37 | 1,23 | 1,04 | 1,02 | 1,01 | 5,27 | 1,28 | 0,86 | 0,68 |
| 2. | 6,68 | 5,28 | 7,23 | 6,41 | 4,36 | 12,83 | 6,10 | 4,02 | 6,01 |
| 3. | 9,03 | 7,50 | 7,78 | 8,76 | 9,73 | 9,69 | 7,78 | 10,15 | 11,14 |
| 4. | 44,23 | 45,94 | 44,27 | 47,93 | 45,47 | 39,85 | 43,41 | 47,89 | 42,34 |
| 5. | 38,69 | 40,05 | 39,68 | 35,89 | 39,43 | 32,37 | 41,44 | 37,07 | 39,83 |
| **Σ** | **1318** | **1215** | **1439** | **1279** | **1192** | **1177** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда**: 1. воопшто не се согласувам; 2. не се согласувам; 3. не можам да оценам; 4. се согласувам; 5. потполно се согласувам; Σ вкупно испитаници што одговориле.

И оценките во кои се изразува степен „потполно се согласувам", забележуваат изедначена динамика. Имено, во изминатите девет години доминира ставот дека основна задача на полицијата е да го спречува криминалот.

***Табела број 48. Основна обврска на полицијата е да ја штити државата***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 2,60 | 2,14 | 4,03 | 2,58 | 1,95 | 2,75 | 2,76 | 1,44 | 2,52 |
| 2. | 9,63 | 11,09 | 11,61 | 9,45 | 9,81 | 10,40 | 13,29 | 12,07 | 15,12 |
| 3. | 11,23 | 9,79 | 11,26 | 10,74 | 9,90 | 10,49 | 15,26 | 15,52 | 15,70 |
| 4. | 44,08 | 46,25 | 44,27 | 50,40 | 50,13 | 46,86 | 42,62 | 44,35 | 40,89 |
| 5. | 32,47 | 30,73 | 28,84 | 26,82 | 28,21 | 29,49 | 26,08 | 26,63 | 25,78 |
| **Σ** | **1309** | **1308** | **1439** | **1238** | **1131** | **1163** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда**: 1. воопшто не се согласувам; 2. не се согласувам; 3. не можам да оценам; 4. се согласувам; 5. потполно се согласувам; Σ вкупно испитаници што одговориле.

Слични тенденции се среќаваат и во согласувањето со констатацијата дека „Основна обврска на полицијата е да ја штити државата".

***Табела број 49. Основна обврска на полицијата е да ја штити државата***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| не | 23,45 | 23,01 | 26,89 | 22,78 | 21,66 | 23,65 | 31,30 | 29,02 | 33,33 |
| да | 76,55 | 76,99 | 73,11 | 77,22 | 78,34 | 76,35 | 68,70 | 70,98 | 66,67 |
| **Σ** | **100,00** | **100,00** | **100,00** | **100,00** | **100,00** | **100,00** | **100,00** | **100,00** | **100,00** |

Може да констатираме дека во изминатите девет години доминира оценката според која основна обврска на полицијата е да ја

штити државата. Позитивното тврдење на испитаниците се движи во пропорциите нешто повеќе од две третини во 2015 до речиси четири петтини во 2013 година. Ваквите оценки можат да се доведат во непосредна врска со поставеноста на полицијата во македонското општество, но и од сè понагласените колективистички тенденции изразени низ платформата „Државата, пред сè", или „националните интереси, пред сè", како и пристапот во кој секоја критика упатена до тромавоста и неефикасноста на носителите на политичките функции се изедначува со институцијата, кадровскиот состав во неа и бројните примери на посветена и пожртвувана работа. Станува збор за еден феномен кој во моделите на владеења е применуван како брана од отворената критика и потребата од промени или реформи во определен сегмент, институција или организација во општеството. Во социолошките и политиколошките анализи тој процес се именува со процес на бирократизација.

Улогата на полицијата може да се согледува и преку нејзината контролна функција. Во рамките на демократската држава, функцијата на полицијата како извршна власт се одредува во согласност со принципот на поделба на власта во правната држава и извршувањето на функцијата врз постулатот на „владеење на правото", како и користењето на овластувањето од страна на полицијата за примена на присилни мерки и репресија врз граѓаните. Во овие рамки полицијата се анализира како државен орган, како бирократска структура, организација со воспоставена супсидијарност, авторитарност (поголем чин - поголема власт и овластувања), пирамидална организација, специјализација, крута и нефлексибилна организација.

Положбата на полицијата во современото општество е по многу нешта специфична. Таа специфичност е резултанта на цивилизацискиот и научнотехнолошкиот развој, на потребата од унапредување на концептот за заштита на загарантираните слободи и права на граѓаните, како и во нудењето на модели преку кои ќе се остваруваат нејзините функции. Специфичноста е збогатена со нови организациски облици на „дополнителна безбедност", со што подрачјето добива нови субјекти, односите меѓу нив не се целосно изградени и дефинирани, како и тоа дека во сплетот на сложените односи и ослабените институции, можни се и определени сложени, затегнати, па понекогаш и конфликтни ситуации и односи.

***Релации меѓу полицијата и граѓаните***

Пред современата полиција се отворени прашањата и од доменот на активностите што припаѓаат на приватната сфера, посебно

поизразените барања за спречување на насилството во домот и врз ранливите групи и поединци. Но, таа сè уште доминантно е врзана со карактерот на државата и општеството, во кои ги извршува безбедносните функции. Барањето за воспоставување на средства за контрола поаѓа од претпоставката дека во неговата реализација може да се постигне нешто што во одредени услови е прогресивно, поточно е вредносно ориентирано кон напредок. Веќе во текот на спроведувањето на таквите барања во конкретните цели на контролата, како и при изборот на средствата за контрола и нивното законско уредување, може да дојде до извртување на основната смисла на поставеното општествено барање. Причината за тоа лежи во влијанието, кое во фазата на одредување на конкретните цели и изборот на средствата на контрола, го прават носителите на власта или доминантни општествени групи. Тие можат првобитното барање да го ослабат, да го направат неефикасно или да го подредат на некои други, свои интереси, различни од оние кои барањето ги содржело или ги подразбирало.

Кога го употребуваме поимот контрола, всушност, подразбираме „посебен вид на интеракција помеѓу полицијата и општеството кој има за цел усогласување на полициското дејствување со нејзината улога и евентуалното преземање на мерки на одговорност поради утврдените отстапувања“ (Milosavljević, 1997). Контролата може да се остварува преку формални и неформални средства со чија помош општеството влијае на работењето на полицијата.

Од подрачјата на релациите меѓу полицијата и граѓаните најважни се следните три: (1) односот кон граѓаните како корисници на услугите и субјекти со лични права и слободи (*human relations*); (2) односот кон граѓаните како субјекти на социјална контрола и соработници на полицијата во вршењето на нејзините основни задачи; (3) односот кон граѓаните како фактор на јавното мнение (*public relaions*).

**Односот кон граѓаните како корисници на услугите и субјекти со лични права и слободи** опфаќа комплекс на правни и морални обврски и одговорности на полицијата во поглед на правилното извршување на нејзините задачи, уважување на човечкото достоинство и респектирање на сите граѓани и нивните слободи и права. Поголем дел од тие обврски и одговорности на полицијата ќе бидат согледани во рамките на разгледувањето на правата на граѓаните во професионалната етика на полицијата.

Односот на полицијата кон граѓаните го сочинува јакнењето на антикриминалните напори на заедницата и придобивањето на граѓаните како партнери во извршувањето на одделни полициски барања. Во таа

улога граѓаните можат значајно да придонесат кон сигурноста во своето опкружување, а со тоа во вкупното извршување на полициските задачи.

**Кои облици на ангажирање се присутни во односите полиција - граѓани?**

Меѓу главните форми на тој вид ангажирање на граѓаните се истакнуваат: а) благовремено известување на полицијата во случаи на воочување на нешто сомнително во своето соседство; б) давање потребни информации на полицијата и сведочење на суд; в) преземање мерки за лична сигурност и сигурност на својот имот; г) учество во програмите и активностите за подобрување на безбедноста, заштита на младината и децата итн. Имено, колку и **да** ги зголемува своите технички и човечки капацитети, полицијата **не може ефикасно да се носи со криминалитетот** ако **покрај себе ги нема граѓаните**, односно јавноста и ако јавноста не ја преземе својата значајна улога во системот на социјална контрола. Релативно задоцнетото свртување на полицијата кон граѓаните и јавноста се објаснува делумно со нејзината претерана доверба во развојот на технолошките достигнувања и техничките средства за откривање и спречување на криминалитетот.

Граѓаните се главниот актер на превенцијата на криминалитетот, како и битен фактор во сознавањето за извршени кривични дела, а често и во нивното разоткривање. „Денес има многу докази дека полициската акција **е недоволна за намалување на злосторството**. Целта на здобивање соработка од другите одат вон границите за стекнување на почитување и одобрување на работата на полицијата и бара активна помош на јавноста во спречувањето на злосторството и во зачувувањето на мирот... Постои потреба во модерните услови да се обезбеди еден систем за унапредување на позитивната соработка меѓу полицијата и јавноста, со цел намалување на злосторството.“

Меѓу главните причини за пораст на криминалитетот значајна улога има **недовербата на јавноста во полицијата**, полицијата на сите граѓаните **да им стави до знаење** дека токму тие се важната алка во вршењето на полициските задачи и дека ја јакне способноста на реагирање на целата општествена заедница на проблемите на злосторството. Добар показател се искуствата во изминатите децении во одделни земји (Соединетите Американски Држави, Канада, Велика Британија, Холандија, Германија итн.).

Дебатата за односот полиција - граѓанин ќе ја насочиме кон трите подрачја: а) граѓаните како корисници на услугите и субјекти со лични права и слободи; б) граѓаните како субјекти на социјална контрола и соработници на полицијата и в) граѓаните како фактор на јавноста.

***Табела број 50. Основната обврска на полицијата е да им помага на граѓаните***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 1,52 | 1,22 | 1,46 | 1,05 | 1,32 | 1,29 | 1,28 | 1,05 | 1,45 |
| 2. | 4,32 | 4,51 | 4,86 | 5,89 | 4,75 | 4,88 | 4,72 | 4,02 | 6,30 |
| 3. | 7,06 | 6,42 | 6,32 | 4,68 | 6,06 | 6,08 | 8,37 | 9,77 | 8,04 |
| 4.. | 47,57 | 49,73 | 51,74 | 53,47 | 52,64 | 50,99 | 47,93 | 52,68 | 49,32 |
| 5 | 39,53 | 38,12 | 35,63 | 34,92 | 35,24 | 36,76 | 37,70 | 32,47 | 34,88 |
| **Σ** | **1318** | **1309** | **1440** | **1240** | **1138** | **1167** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда**: 1. воопшто не се согласувам; 2. не се согласувам; 3. не можам да оценам; 4. се согласувам; 5. потполно се согласувам; Σ вкупно испитаници што одговориле.

Што покажуваат резултатите. Тие во основа искажуваат позитивен став кон понудената оценка. Речиси половината од испитаниците секоја година констатирале дека „основна обврска на полицијата е да им помага на граѓаните“. Ваквата оценка е индикатор за нивото на очекувањата и разбирањето на положбата а овој државен орган во ситуациите кога граѓанинот се наоѓа „изгубен“ во институционалната и друга структура и кога таа покажува забележлив бирократски однос кон него.

***Табела број 51. Основната обврска на полицијата е да им помага на граѓаните***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| не | 12,90 | 12,15 | 12,64 | 11,61 | 12,13 | 12,25 | 14,37 | 14,85 | 15,79 |
| да | 87,10 | 87,85 | 87,36 | **88,39** | 87,87 | 87,75 | 85,63 | 85,15 | **84,21** |
| **Σ** | **100,00** | **100,00** | **100,00** | **100,00** | **100,00** | **100,00** | **100,00** | **100,00** | **100,00** |

Очекувањата на граѓаните се движат меѓу 84,21 % во 2017 до 88,29 % во 2012 година. Зошто се толку високи очекувањата? Прво, затоа што полицијата како најорганизирана структура во општите претстави на испитаниците се грижи за безбедноста на имотот, за животот во заедницата и преку остварувањето на бројните задачи придонесува за непреченото човечко дејствување и е во функција на заштитата на вредностите. Второ, прашањето е релативно општо и оценката „да им помага на граѓаните“ е неодредена. Но, во секој случај ова прашање можеме да го споредиме со групата прашања, колку граѓаните се подготвени да му помогнат на полицаецот доколку се најде во неволја.

Во продолжение анализата се концентрира на дистрибуциите на следната група оценки според кои „полицијата еднакво се однесува кон сите граѓани“, потоа „полицијата е гаранција за безбедност на граѓаните во секојдневниот живот“, „полицијата со почит се однесува кон граѓаните, нивните потреби и интереси“ и оценката дека „соработката меѓу полицијата и граѓаните е задоволителна“.

Во оценката „Полицијата еднакво се однесува кон сите граѓани“, траба да добие индикатор за тоа каков е односот на оваа организација кон граѓаните, посебно кон поединците кои се надвор од политичката или некоја друга влијателна структура. Исто така, структурата на одговорите на ова прашање може да се набљудува и низ други специфичности на испитаниците.

***Табела број 52. Полицијата еднакво се однесува кон сите граѓани***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 19,73 | 22,46 | 19,99 | 16,74 | 15,74 | 18,69 | 20,77 | 20,59 | 18,60 |
| 2. | 39,83 | 39,30 | 35,95 | 39,89 | 35,96 | 37,54 | 37,70 | 36,11 | 37,21 |
| 3. | 17,07 | 16,39 | 15,01 | 17,05 | 18,48 | 18,11 | 15,35 | 15,80 | 17,64 |
| 4. | 17,75 | 15,64 | 20,67 | 19,06 | 21,13 | 18,52 | 20,47 | 21,07 | 19,28 |
| 5. | 5,61 | 6,21 | 8,39 | 7,25 | 8,70 | 7,13 | 5,71 | 6,42 | 7,27 |
| Σ | **1318** | **1309** | **1440** | **1240** | **1138** | **1167** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда**: 1. воопшто не се согласувам; 2. не се согласувам; 3. не можам да оценам; 4. се согласувам; 5. потполно се согласувам; Σ вкупно испитаници што одговориле.

Податоците од претходната табела укажуваат дека во оваа дистрибуција доминираат негативните оценки, или оценката „не можам да оценам“.

***Графикон број 13. Полицијата еднакво се однесува кон сите граѓани***



Може да констатираме дека перцепциите на граѓаните зборуваат дека полицијата не постапува еднакво кон сите граѓани.

***Табела број 53. Полицијата еднакво се однесува кон сите граѓани***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| не | **76,63** | **78,14** | 70,94 | 73,69 | **70,17** | 74,34 | 73,82 | 72,51 | 73,45 |
| да | 23,37 | 21,86 | 29,06 | 26,31 | 29,83 | 25,66 | 26,18 | 27,49 | 26,55 |
| **Σ** | **1318** | **1309** | **1440** | **1240** | **1138** | **1167** | **1016** | **1044** | **1032** |

Податоците укажуваат дека со оценките „не се согласувам“ и „не можам да оценам“, повеќе од седум до осум десеттини сметаат, односно не се согласуваат со понудената оценка. Зошто е тоа така? Одговорите се повеќедимензионални и повеќенасочни. Не само поради тоа што како поединци, ниту по материјална, ниту по социјална основа, се еднакви, туку и поради тоа што постојат емпириски искуства според кои се пропуштаат од постапување со определени лица блиски со полицијата или со влијателните општествени и други групи.

Во тој контекст е и ставот според кој „полицијата со почит се однесува кон граѓаните, нивните потреби и интереси“. Од податоците може да се оцени дека испитаниците се поделиле околу три можни оценки: „се согласувам“, каде оценките се движат помалку или околу една третина од испитаниците, потоа следат оценките „не можам да не се согласувам“. Оценките во овие две групи се движат меѓу една петтина и нешто помалку од една третина од испитаниците. Единствено тие вредности се околу или под десет проценти во 2016 година.

***Табела број 54. Полицијата со почит се однесува кон граѓаните, нивните потреби и интереси***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 7,66 | 7,94 | 7,78 | 7,26 | 5,45 | 7,28 | 9,35 | 8,24 | 6,69 |
| 2. | 26,02 | 23,22 | 23,68 | 23,55 | 21,97 | 23,74 | 23,62 | 23,47 | 21,90 |
| 3.. | 28,07 | 29,49 | 25,42 | 28,15 | 24,43 | 27,16 | 25,79 | 28,07 | 29,26 |
| 4. | 31,41 | 29,18 | 31,39 | 33,55 | 35,33 | 32,05 | 32,28 | 30,65 | 31,59 |
| 5. | 6,83 | 10,16 | 11,74 | 7,50 | 12,83 | 9,77 | 8,96 | 9,58 | 10,56 |
| **Σ** | **1318** | **1309** | **1440** | **1240** | **1138** | **1167** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда**: 1. воопшто не се согласувам; 2. не се согласувам; 3. не можам да оценам; 4. се согласувам; 5. потполно се согласувам; Σ вкупно испитаници што одговориле.

Податоците упатуваат дека во оваа дистрибуција доминираат негативните оценки кои се движат во распон од 51,85 % во 2013 до 60,76 % во 2009 година.

Содржината на прашањето според кое полицијата со почит се однесува кон граѓаните и нивните интереси е во основа оценка која зборува за општата оценка на граѓаните за односот кон нив. Таа како што покажуваат дистрибуциите континуирано бележи високи резултати. Специфично е тоа што кон оваа дистрибуција изостануваат крајно негативните и крајно позитивните оценки. Тоа упатува на фактот дека ставовите на граѓаните се поделени, но дека доминантната оценка е неповолна, што претпоставува потреба од натамошни согледувања на кои подрачја и во кои ситуации граѓаните ја градат негативната слика за полицијата.

***Табела број 55. Полицијата со почит се однесува кон граѓаните, нивните потреби и интереси***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| не | **61,76** | 60,66 | 56,88 | 58,95 | **51,85** | 58,18 | 58,76 | 59,77 | 57,85 |
| да | 38,24 | 39,34 | 43,13 | 41,05 | 48,15 | 41,82 | 41,24 | 40,23 | 42,15 |
| **Σ** | **100,00** | **100,00** | **100,00** | **100,00** | **100,00** | **100,00** | **100,00** | **100,00** | **100,00** |

Веројатно одговорите за ваквите перцепции ќе можат да се извлечат и од целината на батеријата на прашања, како и од целината на инструментот. Несомнено е дека граѓаните се со поделени оценки за тоа дека полицијата подеднакво се однесува кон нив и дека со почит се однесува кон нив и нивните потреби.

За перцепциите на граѓаните за полицијата како целина значајни се и наредните неколку дистрибуции во кои од граѓаните било побарано да го изразат степенот на согласување или несогласување со понудените оценки.

***Табела број 56. Полицијата е гаранција за безбедност на граѓаните во секојдневниот живот***

| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | 4,40 | 3,95 | 4,90 | 3,51 | 2,54 | 3,88 | 3,64 | 2,39 | 1,94 |
| 2. | 11,61 | 10,77 | 12,75 | 13,26 | 12,54 | 11,96 | 11,81 | 11,02 | 12,98 |
| 3. | 15,40 | 14,87 | 13,98 | 15,42 | 16,69 | 16,51 | 17,52 | 18,30 | 19,38 |
| 4. | 42,64 | 42,64 | **41,86** | **46,41** | 44,66 | 42,88 | 42,22 | 43,49 | 43,02 |
| 5. | 25,95 | 27,77 | 26,51 | 21,41 | 23,56 | 24,77 | 24,80 | 24,81 | 22,67 |
| **Σ** | **100,00** | **100,00** | **100,00** | **100,00** | **100,00** | **100,00** | **100,00** | **100,00** | **100,00** |

**Легенда**: 1. воопшто не се согласувам; 2. не се согласувам; 3. не можам да оценам; 4. се согласувам; 5. потполно се согласувам; Σ вкупно испитаници што одговориле.

Доминантните оценки на испитаниците за ставот дека „полицијата е гаранција на безбедноста во секојдневниот живот покажуваат значителна согласност и изедначеност на таа согласност од година во година. Имено, одговорите на прашањето, главно, се концентрирани на ставот „се согласувам". Дистрибуцијата покажува дека таа вредност е еднаква во 2009 и 2010 година, најниска е во 2011 со пропорција од 41,86 %, а највисока во наредната 2012 година со пропорција од 46,41 %. Ако го погледнеме темпото на развој на овој став тогаш ќе забележиме определена динамика која покажува дека во 2010 година нема раст, дека во 2011 опаѓа за -1,83 %, во 2012 бележи зголемување од 10,87 %, а во наредните години бележи опаѓање за -3,77 % во 2013, -3,99 % во 2014, -1,54 % во 2015, потоа зголемување од 3,01 % во 2016 и опфаќање за 1,08 % во 2017 година.

### *Соработката меѓу полицијата и граѓаните*

Од групата прашања преку кои се утврдуваат индикаторите за односот на граѓаните кон полицијата е и ставот според кој испитаниците треба да го определат степенот на согласност со тврдењето дека „соработката меѓу полицијата и граѓаните е задоволителна".

***Табела број 57. Соработката меѓу полицијата и граѓаните е задоволителна***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 5,48 | 5,74 | 6,32 | 5,83 | 5,48 | 5,76 | 8,96 | 7,38 | 6,10 |
| 2. | 23,73 | 23,79 | 24,60 | 25,16 | 21,20 | 23,80 | 26,57 | 26,15 | 25,10 |
| 3. | 34,07 | 33,21 | 32,04 | 29,77 | 30,92 | 32,04 | 29,82 | 33,33 | 36,53 |
| 4. | 30,87 | 31,06 | 28,49 | 32,20 | 32,86 | 31,01 | 28,84 | 27,78 | 24,22 |
| 5. | 5,86 | 6,20 | 8,55 | 7,04 | 9,54 | 7,39 | 5,81 | 5,36 | 8,04 |
| **Σ** | **100,00** | **100,00** | **100,00** | **100,00** | **100,00** | **100,00** | **100,00** | **100,00** | **100,00** |

**Легенда**: 1. воопшто не се согласувам; 2. не се согласувам; 3. не можам да оценам; 4. се согласувам; 5. потполно се согласувам; Σ вкупно испитаници што одговориле.

Податоците упатуваат на тоа дека како и кај претходните дистрибуции испитаниците оценките ги концентрирале доминантно со „не можам да оценам", „се согласувам" и „не се согласувам", а значително пониски пропорции под десет проценти се наоѓаат во секоја група „воопшто не се согласувам" и „потполно се согласувам".

***Табела број 58. Соработката меѓу полицијата и граѓаните е задоволителна***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| не | 63,27 | 62,74 | 62,96 | 60,76 | **57,60** | 61,60 | 65,35 | 66,86 | **67,73** |
| да | 36,73 | 37,26 | 37,04 | 39,24 | 42,40 | 38,40 | 34,65 | 33,14 | 32,27 |
| **Σ** | **100,00** | **100,00** | **100,00** | **100,00** | **100,00** | **100,00** | **100,00** | **100,00** | **100,00** |

Ако извршиме дихотомизација на одговорите тогаш ќе добиеме дистрибуција во која доминираат негативните одговори, заедно со колебливите или опортуните одговори „не можам да оценам“ тие се движат во распонот од 67,73 % во 2017 до 57,60 % во 2013 година. Оценките, несомнено, се основа врз која ќе може да се оцени колку општествените одлучувања и употребата на полицијата или на одделни нејзини состави е вклучена во непосредната соработка со неа, или колку таа е доживувана како инструмент на водечките политички сили и остварувањето на нивните интереси.

Во истражувањето беше поставена и група прашања со барање да се оцени работата на полицијата, преку следната група прашања: „полицајците имаат професионален изглед и однесување“, „полицајците се професионални и стручни во извршувањето на нивните обврски“, „полицајците се пријателски расположени и лесно им се приоѓа“, „полицајците имаат разбирање за проблемите на луѓето“, „во моето место на живеење се потребни повеќе полицајци“, „полицајците се незаштитени, секој ги напаѓа“, „за намалување на криминалот во моето место на живеење придонес има единицата ’АЛФИ’“, „полицајците работат сè - претворени се во комунални инспектори“, „денес секој може да биде полицаец - не постојат критериуми за прием на полицајци“ и „во полицијата има поединци кои никогаш не би требало да работат како полицајци“.

### *За професијата полицаец*

Значи, станува збор за батерија на прашања во кои се оценува полицаецот како извршител и носител на определена задача. Со поимот **професија** се опишува нечија работа, вокација или занимање за чие извршување е потребно специфично стручно образование и оспособеност. Поединците кои ги извршуваат таквите работи се нарекуваат **професионалци**. Занимањето е збир на работи (дејности) и работни задачи (работни места) кои со својот облик и содржина, организациски и технолошки се толку сродни и меѓусебно поврзани за да може да ги извршува еден извршител кој поседува соодветни знаења, способности и вештини. Во државната статистика под занимање се

подразбира работа (работно место) што ја извршува лице поради стекнување на средства за живот.

Професијата е дисциплинирана група поединци кои се придржуваат до етичките стандарди и кои се прифатени од страна на јавноста како поседници на посебните знаења и вештини од признати образовни тела, а кои произлегле од истражувањата, образованието и обуката на висок степен и кои се подготвени да ги применуваат своите знаења и *вештини во интерес на другите*. Во ваквата дефиниција, нагласени се следните елементи: а) постоење и дејствување според етичките стандарди, б) поседување на посебни знаења и вештини, в) научно втемелени, д) дејствување во општествена корист. Најчесто се наведуваат карактеристиките на поимот професија што ги навел Greenwood, а се однесуваат на: а) системски заокружената теорија, б) стручниот авторитет, в) заштита на статусот (институционалното осигурување), г) етичкиот кодекс и д) специфичната супкултура (Greenwood, 1957, стр. 45).

Основниот елемент според кој се разликува професијата од другите занимања е системски заокружена теорија. Тоа значи дека во фокусот не се наоѓаат вештините, туку познавањето на теоретските основи и нивната примена во практиката. Затоа, како основна претпоставка за професионален напредок се сметаат усвојувањето на новите знаења темелени на истражувања и развитокот на теоријата.

Изворот на стручниот авторитет или авторитетот на професионалецот е тесно поврзано во системски заокружената теорија. Практичното дејствување се темели на методолошки доследно применетата теорија. Таквата работа се нарекува **експертиза**, а професионалецот има монопол над експертизата. Професионалните привилегии се темелени врз основа на стручниот авторитет, затоа што клиентите не можат да се спротивстават на експертизите кои имаат теоретска и методолошка основа која е разбирлива само за професионалецот. Односно, клиентот може да избере професионалец, но не може да избере и експертиза, затоа што таа е единствена и е заснована на теоријата. Покрај оваа карактеристика за да се изгради стручниот авторитет потребно е долготрајно школување, не пократко од она што е потребно за стекнување на високостручна диплома.

Заштитата на статусот на професијата или институционалното осигурување содржи ограничувања и привилегии. Ограничувањата најчесто се содржани околу контролата на пристапот. Спроведувањето на ограничувањата, се состојат во надзорот на самата професија над обуката и квалификациите потребни за членство во клубот на професионалците. Привилегиите се огледаат во фактот дека се располага со професионална тајна и професионална критика, која им е

достапна и им е на располагање само на членовите на истата професија. Оваа заштита се нарекува и институционално осигурување на професијата, затоа што таа е осигурена со државни норми кои го санкционираат отстапувањето.

Етичкиот кодекс е карактеристика на професијата и значи регулатор, кој има функција на самоконтрола на нормите на професионалната етика. Етичкиот кодекс го градат и применуваат стручните здруженија. Самоконтролата има битна улога во автономијата на професијата. Врз основа на тезата дека само експерт може да го надгледува експертот, следи дека плодотворната самоконтрола и самодисциплина единствено може ефикасно да ја одбрани професијата од општото општествено мешање. Нормите на етичкиот кодекс се состојат од оние кои ги регулираат односите меѓу колегите внатре во професијата и оние кои ги регулираат односите меѓу клиентите и професионалците. Професионалната етика го истакнува алтруизмот или обѕирноста кон другите, а не тесните себични интереси. Исто така, односите меѓу колегите не смеат да се засноваат на меѓусебното натпреварување и рекламирање, туку тие треба да се темелат на соработка и развој.

И на крајот последна е специфичната супкултура која ја сочинуваат припадниците на професијата, и се огледа во единственоста и посветеноста кон дејностите. Во социологијата супкултурата се дефинира како збир од норми, вредности и обрасци на однесување со што групата се разликува од другите членови на општеството. Една од битните карактеристики на професијата претставува тенката граница меѓу работниот и приватниот живот.

Сè што претходно наведовме несомнено ја условува непосредната посветеност кон професијата и кон придржувањето на кодексот на однесување, што се одразува и на животниот стил на поединецот но и на групата кој така добива карактеристика на специфична микрозаедница со специфични заеднички интереси.

Околу професионалниот изглед на полицајците може да се воочи дека испитаниците во изминатите девет години, покажуваат умерена согласност, изразена во ставот „се согласувам“. Имено, одделно секоја година од 2009 до 2017 година една третина и некој процент повеќе се согласуваат со ваквиот став.

***Табела број 59. Полицајците имаат професионален изглед и однесување***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 5,86 | 5,74 | 8,76 | 10,17 | 5,39 | 7,22 | 9,74 | 7,18 | 6,01 |
| 2. | 25,59 | 25,25 | 23,21 | 25,59 | 22,99 | 24,57 | 20,47 | 24,90 | 23,35 |
| 3. | 22,54 | 25,78 | 18,49 | 21,79 | 21,75 | 21,99 | 24,41 | 22,32 | 23,06 |
| 4. | 37,62 | 33,28 | 37,18 | 34,06 | 38,11 | 36,00 | 35,73 | 33,91 | 34,40 |
| 5. | 8,38 | 9,95 | 12,37 | 8,39 | 11,76 | 10,22 | 9,65 | 11,69 | 13,18 |
| **Σ** | **1313** | **1307** | **1439** | **1239** | **1131** | **1164** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда**: 1. воопшто не се согласувам; 2. не се согласувам; 3. не можам да оценам; 4. се согласувам; 5. потполно се согласувам; Σ вкупно испитаници што одговориле.

Како што може да се воочи од приказот на податоците во продолжение, 37,68 % се согласиле во 2009 година, најниска вредност на согласување има во 2010 со 33,28 %, потоа, следната година е приближен на претходната со 37,18 %, во 2012 година со 34,06 %. Највисок степен на согласност е остварен во 2013 година со 38,11 %, за да продолжи таа тенденција на согласување во 2014 со 36,00 %, 37,73 % во 2015, 33,91 % во 2016 и во 2017 година со 34,40 %.

Но, ако аналитичкиот интерес го насочиме кон оценките „не се согласувам“ и „не можам да оценам“, тогаш структурата на одговорите ќе изгледа значително поинаку. Ако ги собереме овие две вредности за секоја година одделно ќе добиеме дистрибуција според која 48,13 % од испитаниците во 2009 година имаат негативен став „не се согласувам“ „ не можам да оценам“ во 2010, таа вредност е 51,03 %, во 2011 41,70 %, во 2012 со 47,38 %, во 2013 со 44,74 %, во 2014 со 46,56 %, во 2015, исто така, со 44,88 %, во 2016 со 47,22 % и во 2017 година 46,41 % од испитаниците.

***Табела број 60. Полицајците имаат професионален изглед и однесување***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| не | 54,00 | 56,77 | 50,45 | 57,55 | 50,13 | 53,78 | 54,63 | 54,41 | 52,42 |
| да | 46,00 | 43,23 | 49,55 | 42,45 | 49,87 | 46,22 | 45,37 | 45,59 | 47,58 |
| **Σ** | **1313** | **1307** | **1439** | **1239** | **1131** | **1164** | **1016** | **1044** | **1032** |

Ако се групираат податоците на негативни и неопределени, со варијацијата „не“ и позитивните со „да“, тогаш можеме да констатираме дека во изминативе девет години на прашањето „Полицајците имаат професионален изглед и однесување“, се собираат негативните и неопределените оценки. Имено, тие се движат во распонот од над половината за секоја година одделно. Највисок негативен резултат е утврден во дистрибуцијата на одговорите во 2012 година со 57,55 %, а најнизок во 2013 година со 50,13 %.

### *Перцепциите за бројот на полицајците и нивните професионални карактеристики*

На прашањето „Во моето место на живеење се потребни повеќе полицајци“ одговорите на испитаниците упатуваат на тоа дека доминираат оценките „се согласувам“ и „не можам да оценам“. Нешто позначајна е дистрибуцијата на оценките „потполно се согласувам“ која се движи во распонот од 15,61 % во 2009 до 26,67 % во 2015 година. Во дистрибуцијата на одговорите на испитаниците треба да се забележи дека бројот на соговорници кој одбива да се изјасни и прибегнува кон оценката „не можам да оценам“ се движи во распонот меѓу 19,98 % во 2015 година и 30,24 %, односно опфаќа вредност од 10,26 %.

***Табела број 61. Во моето место на живеење се потребни повеќе полицајци***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 5,56 | 5,19 | 4,44 | 6,14 | 4,62 | 5,15 | 5,31 | 4,41 | 6,59 |
| 2. | 15,08 | 14,74 | 20,97 | 17,93 | 17,23 | 17,27 | 15,26 | 17,72 | 16,18 |
| 3. | 30,24 | 26,28 | 26,88 | 25,04 | 20,78 | 26,03 | 19,98 | 26,25 | 26,16 |
| 4. | 33,51 | 34,91 | 26,67 | 28,27 | 33,93 | 31,36 | 32,78 | 29,50 | 29,65 |
| 5. | 15,61 | 18,87 | 21,04 | 22,62 | 23,45 | 20,19 | 26,67 | 22,13 | 21,41 |
| **Σ** | **1313** | **1309** | **1440** | **1238** | **1126** | **1164** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда**: 1. воопшто не се согласувам; 2. не се согласувам; 3. не можам да оценам; 4. се согласувам; 5. потполно се согласувам; Σ вкупно испитаници што одговориле.

Од податоците и графичкиот приказ можеме да констатираме дека во 2009 и 2011 година доминираат негативните и неопределените оценки, во 2010, 2012, 2016 и 2017 година покажуваат незначително отстапување, во однос на доминантните позитивни одговори, а другите години, 2013 и 2015 година се меѓу 40,55 % и 42,63 %.

***Графикон број 14. Во моето место на живеење се потребни повеќе полицајци***




Од досегашното излагање може да констатираме дека општата оценка на испитаниците за потребата од повеќе полицајци во нивното место на живеење е поделена, односно дека за еден определен број на соговорници тоа прашање не им создава основа да прифатат некој од понудените модалитети на согласност, па затоа се определуваат за опцијата „не можам да оценам“. Таквата оценка може да се набљудува и од аспект на знаењата и процените на испитаникот, во однос на тоа колку полицајци се потребни во неговото место на живеење, но и како пристап дека, сепак, тоа е прашање за кое наједноставно е да се определиш за понудената опција „не можам да оценам“.

***Табела број 62. Полицајците се професионални и стручни во извршувањето на нивните обврски***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 4,88 | 5,36 | 7,57 | 8,08 | 4,94 | 6,19 | 7,97 | 6,99 | 5,43 |
| 2. | 22,33 | 22,80 | 24,17 | 23,93 | 19,33 | 22,59 | 20,28 | 24,14 | 25,68 |
| 3. | 31,25 | 32,21 | 28,75 | 28,13 | 28,42 | 29,81 | 31,40 | 28,16 | 29,84 |
| 4. | 33,08 | 31,06 | 29,38 | 32,42 | 36,89 | 32,39 | 31,20 | 31,70 | 29,75 |
| 5. | 8,46 | 8,57 | 10,14 | 7,44 | 10,41 | 9,02 | 9,15 | 9,00 | 9,30 |
| **Σ** | **1312** | **1307** | **1440** | **1237** | **1133** | **1164** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда**: 1. воопшто не се согласувам; 2. не се согласувам; 3. не можам да оценам; 4. се согласувам; 5. потполно се согласувам; Σ вкупно испитаници што одговориле.

Ако графички го илустрираме тоа тогаш и визуелно можат да се воочат тенденциите.

***Графикон број 15. Полицајците се професионални и стручни во извршувањето на нивните обврски***




Може да се констатира дека во однос на ова прашање доминираат оценките „не се согласувам“ и „се согласувам“, како и тоа дека испитаниците во константен дел во изминатите години избегнуваат да се изјаснат со прифаќањето на варијантата „не можам да оценам“. Како и во другите случаи, овде испитаниците доминантно имаат негативен став или не можат да оценат и дека таквите оценки се движат од 60,95 % во 2017 до 58,46% во 2009 година. Специфично е тоа што определен број на соговорници не се впуштиле во оценувањето, што објективно е содржина која тешко може да се проверува преку општата јавност. Затоа одговорите на оваа дистрибуција повеќе или помалку можат да се интерпретираат како оценки кои се резултанта и на оценките кои се присутни во јавноста, а до испитаниците доаѓаат преку медиумите или коментарите на експертите од оваа област.

Ако повнимателно се набљудува графиконот што следува, тогаш може да се заклучи дека испитаниците во изминатите девет години на прашањето дали и колку се согласуваат со ставот „Полицајците имаат разбирање за проблемите на луѓето“, одговарале во крајности. Имено, приближно иста тенденција имаат одговорите „се согласувам“ и „не се согласувам“, со исклучок во 2013 година каде има определена разлика.

***Графикон број 16. Полицајците имаат разбирање за проблемите на луѓето***




Може да се воочи дека постои раслоеност на ставот. На што се должат таквите тенденции? Можни се повеќе претпоставки. Прво, определувањето за опцијата „не можам да оценам“ е индикатор дека испитаниците имаат недоверба кон соговорниците, а од евиденцијата на коментарите забележани во Анкетарскиот дневник, може да се извлече општ впечаток дека постои определена доза несигурност и отсуствува доверба во однос на искреноста на податоците кои ги даваат кон лицата што вршат интервју.

***Табела број 63. Полицајците имаат разбирање за проблемите на луѓето***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| не | 65,14 | 61,62 | 59,62 | 62,86 | 53,58 | 60,71 | 62,11 | 62,84 | 61,05 |
| да | 34,86 | 38,38 | 40,38 | 37,14 | 46,42 | 39,29 | 37,89 | 37,16 | 38,95 |
| **Σ** | **1308** | **1308** | **1439** | **1236** | **1131** | **1163** | **1016** | **1044** | **1032** |

Ако се изврши прегрупирање на податоците и се прикажат во една група оценките „воопшто не се согласувам“, „не се согласувам“ и „не можам да оценам“, како одговори во кои не се изразува експлицитна согласност, тогаш ќе можеме да констатираме дека оваа група одговори се движи во распонот од 53,58 % во 2013 до 62,86 % во 2012 година.

Контекстуалната анализа за 2012 и 2013 година треба да покаже зошто ваквиот вид на одговори е попозитивен во 2013 во однос на 2012 година. Дали, во оваа година се давани повеќе „очекувани“ одговори?

Или можеби станува збор за состојби кои повеќе или помалку влијаат на општата претстава за општествените односи.

И во врска со пристапноста до полицајците и нивниот пријателски однос со граѓаните изразен преку ставот дека тие „пријателски се расположени и лесно им се приоѓа“, укажува дека испитаниците во основа се определиле кон помалку јасните оценки за типот на согласноста, како што се „воопшто“ и „потполно“.

***Табела број 64. Полицајците се пријателски расположени и лесно им се приоѓа***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 6,63 | 6,73 | 7,52 | 6,96 | 4,88 | 6,54 | 7,09 | 6,90 | 6,59 |
| 2. | 23,61 | 23,57 | 24,36 | 25,16 | 21,85 | 23,75 | 22,93 | 25,48 | 19,96 |
| 3. | 26,20 | 25,25 | 22,76 | 26,86 | 24,60 | 25,13 | 30,91 | 26,05 | 30,14 |
| 4. | 36,79 | 36,11 | 35,70 | 34,95 | 37,03 | 36,14 | 32,68 | 33,14 | 34,21 |
| 5. | 6,78 | 8,34 | 9,67 | 6,07 | 11,63 | 8,43 | 6,40 | 8,43 | 9,11 |
| **Σ** | **1313** | **1307** | **1437** | **1236** | **1126** | **1162** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда**: 1. воопшто не се согласувам; 2. не се согласувам; 3. не можам да оценам; 4. се согласувам; 5. потполно се согласувам; Σ вкупно испитаници што одговориле

Одговорите упатуваат на тоа дека релативно поизразени се позитивните ставови од варијантата „се согласувам“ и дека таквата оценка варира во распонот од 33,14 % во 2016  до 37,03 % во 2013 година.

Ако се изврши дихотомизирање на одговорите, тогаш можеме да констатираме дека групата на одговори, „воопшто не се согласувам“ и „не се согласувам“, заедно со „не можам да оценам“, доминираат во сите години и се движат во распонот од 51,33 % во 2013  до 60,93 % во 2015 година.

Ваквата дистрибуираност на одговорите упатува на тоа дека општата јавност, односно граѓаните покажуваат определена воздржаност околу оценувањето на подготвеноста на полицајците да комуницираат со нив. Таквото сознание може да имплицира повеќе претпоставки, како што е, на пример, дека тие не биле во ситуација да комуницираат со полицајците, потоа дека нив ги нема доволно на теренот, но и тоа дека можно е да се даваат пожелни одговори, кои се резултанта на степенот на довербата кој постои меѓу испитувачот и испитаниците.

Ставот дека полицајците се незаштитени, дека секој ги напаѓа нив, во истражувањето е воведен во 2010 година, по барање на некои од членовите на истражувачкиот тим, но и како резултанта на зголемените критики за употребата на полициските сили, посебно во постапките при

спроведувањето на мерката притвор. Во таа смисла беше видливо и ангажирањето на Единицата за справување со криминалот „АЛФИ“.

***Табела број 65. Полицајците се незаштитени, секој ги напаѓа***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 9,86 | 12,94 | 13,99 | 11,47 | 12,10 | 14,86 | 13,89 | 10,27 |
| 2. | 29,97 | 31,80 | 33,55 | 33,36 | 32,10 | 32,97 | 29,31 | 28,68 |
| 3. | 24,62 | 26,93 | 25,87 | 23,57 | 25,32 | 26,18 | 29,02 | 29,75 |
| 4. | 25,54 | 19,97 | 18,59 | 20,74 | 21,20 | 18,70 | 19,54 | 21,12 |
| 5. | 10,02 | 8,35 | 8,00 | 10,86 | 9,27 | 7,28 | 8,24 | 10,17 |
| **Σ** | **1308** | **1437** | **1237** | **1133** | **1165** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда**: 1. воопшто не се согласувам; 2. не се согласувам; 3. не можам да оценам; 4. се согласувам; 5. потполно се согласувам; Σ вкупно испитаници што одговориле

Одговорите и за овој став имаат слични тенденции како и кај претходните од оваа батерија прашања. Тие се групирани околу оценката „не се согласувам“. Ако се има предвид дека прашањето има негативна конотација, значи претставите на граѓаните за тоа каква е положбата на полицајците е дека тие се заштитени. Имено, согласноста на испитаниците со понудената констатација упатува на тоа дека овој став го делат испитаниците во распон од 18,59 % во 2012 до 25,54 % во 2010 година.

***Табела број 66. Полицајците се незаштитени, секој ги напаѓа***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| не | 64,45 | 71,68 | 73,40 | 68,40 | 69,53 | 74,02 | 72,22 | 68,70 |
| да | 35,55 | 28,32 | 26,60 | 31,60 | 30,47 | 25,98 | 27,78 | 31,30 |
| **Σ** | **1308** | **1437** | **1237** | **1133** | **1165** | **1016** | **1044** | **1032** |

Ако се погледнат прегрупираните податоци, тогаш ќе се констатира дека со овој став „се согласуваат“ и „потполно се согласуваат“, значи имаат експлицитен позитивен став, во распонот меѓу 25,98 % во 2015 и 35,55 % во 2010 година. Другите испитаници во значителен процент не се согласуваат со ваквиот став или се определуваат за опцијата „не можам да оценам“. Нивните одговори се движат во распон од 64,45 % во 2010 до 74,02 % во 2015 година.

Специфично е дека неутралните оценки „не можам да оценам“ се движат во распонот од 24,62 % во 2010 до 29,75 % во 2017 година. Овие податоци имплицираат повеќе претпоставки. Може да претпоставиме дека тие се индикатор за подготвеноста да се даде одговор и повеќе или помалку зборуваат за степенот на довербата, по

изјаснувањето за еден од специфичните државни органи, во чија надлежност се бројни прашања, но и примена на репресија.

### *Перцепциите на граѓаните за полициските задолженија*

Во периодот на конципирањето на истражувањето, по првата ревизија на инструментот во 2009 година, во содржината на полициската работа се воведоа значителен број на „нови“ обврски поврзани со примената на определени законски решенија, како што беа нормативните решенија за забрана на пушење во јавни простории и на отворено, потоа законските решенија поврзани со поведението на граѓаните на јавен простор, поврзан со чистотата. Тоа услови во медиумите да се третираат примери од постапувањето на полицијата по одделни случаи, но воедно значеше и понагласена критика дека полицајците работат сè, односно се сведени на комунални инспектори.

Токму затоа може да се оцени дека и испитаниците во 2009 и 2010 година во нешто поизразен процент имаат позитивни ставови кон барањето да изразат степен на согласност со понудениот став. Податоците во целина зборуваат дека доминираат неопределените ставови изразени во оценката „не можам да оценам“ која се движи во распонот од 32,74 % во 2013 до 52,87 % во 2016 година.

***Табела број 67. Полицајците работат сè, - претворени се и во комунални инспектори***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 4,04 | 7,57 | 12,17 | 13,34 | 13,54 | 10,05 | 9,55 | 9,39 | 14,92 |
| 2. | 14,65 | 19,57 | 24,76 | 26,19 | 27,61 | 22,42 | 19,49 | 18,10 | 24,13 |
| 3. | **40,43** | **35,93** | **33,73** | **36,46** | **32,74** | **35,91** | **49,41** | **52,87** | **38,57** |
| 4. | 25,17 | 23,85 | 19,47 | 17,46 | 18,76 | 20,96 | 15,55 | 16,28 | 17,15 |
| 5. | 15,71 | 13,07 | 9,87 | 6,55 | 7,35 | 10,65 | 6,00 | 3,35 | 5,23 |
| **Σ** | **1311** | **1308** | **1438** | **1237** | **1130** | **1164** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда**: 1. воопшто не се согласувам; 2. не се согласувам; 3. не можам да оценам; 4. се согласувам; 5. потполно се согласувам; Σ вкупно испитаници што одговориле.

Откако се извршија измени на посочените законски решенија и се намали општествениот одговор дека само високи казни и казнувањето е претпоставка за примена на законите, се намали и општествениот интерес и интерпретацијата за начинот на ангажирање на полицијата и полицајците на теренот. Тука треба да се бараат одговорите зошто во ова резултатите бележат таква динамика.

***Графикон број 17. Полицајците работат сè. Претворени се и во комунални инспектори***




За да се добие појасна претстава за структурата на одговорите, истите се претставени на претходното графичко решение. Од него можат да се изведат констатации. Во целина во одговорот на ова прашање доминираат одговорите на несогласување (негативните) и неутралните изразени низ ставот „не можам да оценам“. Оваа група на податоци се дистрибуира во распонот од 59,12 % во 2009 до 80,36 % во 2016 година. Тоа укажува дека станува збор за перцепција, која повеќе или помалку е надвор од медиумската интерпретација или практиката на испитаниците.

Во последните речиси две децении, образованието на полициски работници, полицајци е сведено на тренинг, односно дообразование во облик со посета на курс, преку кој се стекнуваат определен број на вештини за вршењето на полициската работа. Со оглед на тоа што во услови на изразена економска криза и огромна невработеност, вработувањето во полицијата постанува атрактивно и предизвикува зголемен интерес кај младите луѓе. Од осамостојувањето на Република Македонија, до денес повеќе пати се распишуваа огласи на кои беше вршено масовно вработување. Тоа услови и дел од критериумите за прием во полициската организација да се релативизираат. Поведени од таквото сознание во инструментот беше вклучен и ставот „Денес секој може да биде полицаец, не постојат критериуми за прием на полицајци“.Од испитаниците беше побарано да ја изразат согласноста

со понудениот став. Резултатите во изминатите девет години се во следниот табеларен приказ.

***Табела број 68. Денес секој може да биде полицаец, не постојат критериуми за прием на полицајци***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 14,02 | 10,01 | 12,44 | 10,18 | 9,37 | 11,25 | 10,53 | 7,28 | 7,07 |
| 2. | **27,74** | **19,79** | **20,78** | **18,34** | **24,76** | **22,25** | **22,74** | **21,74** | **14,92** |
| 3. | 14,48 | 18,03 | 15,57 | 14,30 | 16,27 | 15,72 | 18,01 | 17,62 | 17,93 |
| 4. | 23,02 | 25,67 | 27,31 | 27,30 | 24,40 | 25,60 | 23,92 | 21,93 | 26,36 |
| 5. | 20,73 | 26,51 | 23,91 | 29,89 | 25,20 | 25,17 | 24,80 | 31,42 | 33,72 |
| **Σ** | **1312** | **1309** | **1439** | **1238** | **1131** | **1164** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда**: 1. воопшто не се согласувам; 2. не се согласувам; 3. не можам да оценам; 4. се согласувам; 5. потполно се согласувам; Σ вкупно испитаници што одговориле.

Од понудената дистрибуција може да се констатира дека испитаниците се поделени на три групи оценки. Во следниот табеларен приказ можат да се воочат сличностите и разликите.

***Табела број 69. Денес секој може да биде полицаец, не постојат критериуми за прием на полицајци***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| не | 41,77 | 29,79 | 33,22 | 28,51 | 34,13 | 33,51 | 33,27 | 29,02 | 22,00 |
| нмо | 14,48 | 18,03 | 15,57 | 14,30 | 16,27 | 15,72 | 18,01 | 17,62 | 17,93 |
| да | **43,75** | **52,18** | **51,22** | **57,19** | **49,60** | **50,77** | **48,72** | **53,35** | **60,08** |
| **Σ** | **1312** | **1309** | **1439** | **1238** | **1131** | **1164** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда:** не =(воопшто не се согласувам, не се согласувам). нмо= (не можам да оценам) и да = (се согласувам и потполно се согласувам); Σ вкупно испитаници што одговориле.

Може да се воочи дека испитаниците по ова прашање се поделиле на две релативно еднакви групи во кои распонот на несогласувањата со понудениот став изнесуваат од 22,00 % во 2017 до 41,77 % во 2009 година. Нешто позначајна вредност имаат позитивно ориентираните согласности за понудениот став. Од дистрибуцијата може да се оцени дека таа се движи во распон од 43,75 % во 2009 до 60,08 % во 2017 година. Ваквиот распон на ставовите на испитаниците се резултанта и на се позачестените практики на вработување во државната администрација, а особено во полицијата и да се третира како дел од партиската агенда, поврзана со предизборните и други активности на водечките политички субјекти. Во јавноста беа отворани примери во кои се укажуваше на постоење на директни интервенции на овие структури во политиките на државните органи, а во тие рамки и околу начинот на избор на идните полицајци.

Како резултанта на појавите на однесување на поединци од полициските редови кое е вон очекувањата и претставите на граѓаните, а понекогаш и вон утврдените правила тестиран е степенот на согласност на испитаниците со ставот „Во полицијата има поединци кои никогаш не би требало да работат како полицајци“. Резултатите покажуваат дека во оваа дистрибуција доминираат одговорите со „потполно се согласувам“.

***Табела број 70. Во полицијата има поединци кои никогаш не би требало да работат како полицајци***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 3,73 | 3,52 | 3,96 | 3,07 | 3,62 | 3,44 | 2,95 | 3,74 | 2,91 |
| 2. | 6,02 | 4,74 | 6,53 | 4,60 | 6,00 | 5,41 | 5,91 | 6,23 | 4,75 |
| 3. | 15,38 | 11,70 | 16,82 | 15,51 | 12,62 | 17,35 | 12,30 | 15,90 | 15,79 |
| 4. | 30,01 | 31,88 | 27,73 | 28,59 | 28,86 | 28,44 | 30,02 | 26,72 | 25,48 |
| 5. | **44,86** | **48,17** | **44,96** | **48,22** | **48,90** | **45,36** | **48,82** | **47,41** | **51,07** |
| **Σ** | **1313** | **1308** | **1439** | **1238** | **1133** | **1164** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда**: 1. воопшто не се согласувам; 2. не се согласувам; 3. не можам да оценам; 4. се согласувам; 5. потполно се согласувам; Σ вкупно испитаници што одговориле.

Степенот на согласноста се движи од 44,86 % во 2009 до 51,07 % во 2017 година.

***Табела број 71. Во полицијата има поединци кои никогаш не би требало да работат како полицајци***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| не | 9,75 | 8,26 | 10,49 | 7,67 | 9,62 | 8,85 | 8,86 | 9,96 | 7,66 |
| нмо | 15,38 | 11,70 | 16,82 | 15,51 | 12,62 | 17,35 | 12,30 | 15,90 | 15,79 |
| да | **74,87** | **80,05** | **72,69** | **76,82** | **77,76** | **73,80** | **78,84** | **74,14** | **76,55** |
| **Σ** | **100,00** | **100,00** | **100,00** | **100,00** | **100,00** | **100,00** | **100,00** | **100,00** | **100,00** |

**Легенда:** не =(воопшто не се согласувам, не се согласувам). нмо= (не можам да оценам) и да = (се согласувам и потполно се согласувам); Σ вкупно испитаници што одговориле.

Ако се погледнат одговорите на двата позитивно насочени става („се согласувам“ и „потполно се согласувам“), тогаш може да се констатира дека таквиот став е во распонот од 72,69 % во 2011 до 80,05 % во 2010 година. Високиот степен на согласност кај граѓаните е резултанта и на воопштеноста на ставот, според кој, секој запрашан за ваков став ќе пронајде некој пример или поединец според кој ќе смета дека не му е местото во полициските редови. Но, оваа дистрибуција може да индицира дека зголемениот и броен прилив на кадри во полицијата, како и намалената примена на критериумите, како и другите странични влијанија, објективно создаваат перцепција дека во полициската организација се вклучени поединци на кои не им е местото

таму, односно ниту според знаењата, социјалната адаптираност и културните обрасци не припаѓаат на дадената средина.

### *Положбата на посебните единици низ перцепциите на граѓаните*

Во 2010 година беше извршена последната ревизија на инструментариумот во кој се вградија уште неколку прашања поврзани со работата на сообраќајната полиција, безбедноста на сообраќајот и секако на Единицата за гонење на уличниот криминал „Алфи“. Постапките на оваа единица предизвикуваа бројни коментари, но и до мирно протестирање на граѓаните. Таа единица во почетокот на 2014 година е редефинирана како посебна Единица за брз одговор и интервенција „Алфи“.

***Табела број 72. За намалување на криминалот во моето место на живеење придонес има единицата „АЛФИ“***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 10,63 | 18,66 | 21,49 | 16,56 | 16,75 | 16,93 | 17,62 | 20,25 |
| 2. | 16,44 | 22,63 | 20,52 | 22,59 | 20,55 | 22,64 | 20,40 | 24,52 |
| 3. | **34,79** | **31,55** | **26,28** | **32,58** | **31,35** | **31,89** | **37,55** | **36,63** |
| 4. | 23,85 | 18,11 | 20,11 | 18,72 | 20,21 | 17,03 | 17,15 | 13,95 |
| 5. | 14,30 | 9,05 | 11,60 | 9,54 | 11,14 | 11,52 | 7,28 | 4,65 |
| **Σ** | **1308** | **1436** | **1233** | **1111** | **1158** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда**: 1. воопшто не се согласувам; 2. не се согласувам; 3. не можам да оценам; 4. се согласувам; 5. потполно се согласувам; Σ вкупно испитаници што одговориле.

Оценките на испитаниците за дејствувањето на ваков вид специјализирана единица, особено за оние од внатрешноста беше непознат поим, па можеби и затоа доминантна вредност во одговорите е „не можам да оценам“. Како што може да се утврди одговорите со ваква оценка се движат во распонот меѓу 26,28 % во 2012 до 37,55 % во 2016 година. Таквата дистрибуција задржува некои од карактеристиките на претходните дистрибуции во кои испитаниците се одлучуваа да заземат неутрален став по ова прашање. Поспецифично во оваа дистрибуција се разликите во одговорите кои изразуваат степен на несогласност и степен на согласност. Тие се приближни и секоја година забележуваат опаѓање за да во 2013 година имаат најниска вредност од 13,95 %.

***Табела број 73. За намалување на криминалот во моето место на живеење придонес има единицата „АЛФИ“***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| не | **27,06** | **41,30** | **42,01** | **39,15** | **37,31** | **39,57** | **38,03** | **44,77** |
| нмо | 34,79 | 31,55 | 26,28 | 32,58 | 31,35 | 31,89 | 37,55 | 36,63 |
| да | 38,15 | 27,16 | 31,71 | 28,26 | 31,35 | 28,54 | 24,43 | 18,60 |
| **Σ** | **1308** | **1436** | **1233** | **1111** | **1158** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда:** не =(воопшто не се согласувам, не се согласувам). нмо= не можам да оценам и да = (се согласувам и потполно се согласувам); Σ вкупно испитаници што одговориле

Ако се групираат одговорите во кои се изразува несогласност и одговорите во кои се изразува согласност, како и оние кои припаѓаат на неопределената група тогаш може да се констатира дека ставовите со кои се изразува несогласност бележат постојан пораст. Освен во 2010 година, кога извесен процент е повисок позитивно определениот став, испитаниците во наредните години изразуваат степен на несогласност со понудената оценка на единицата, која има највисока негативна оценка во 2017 година.

Податоците ги изразуваат пресеците во восприемањето на улогата на Единицата за борба против уличниот криминал, (потоа реорганизирана како Единица против криминалот), која во текот на изминатите години имаше повеќенаменска улога и употреба, предизвикуваше различни оценки и коментари, а и медиумското презентирање придонесуваше нејзините акции, или припадници да се во центарот на вниманието. Таа во определени временски периоди, со добивањето на статусот на специјална „Единица за прв одговор и интервенција – „Алфи“, оправдано или неоправдано, со повод, или без причина беше дел на партиските разлики во македонското општество и беа припишувани оценки или беа искажувани ставови во кои беше доведувана нејзината автономност, но и изворна функција за која е формирана.

Неспорно е дека треба да се обмисли образовен модел за стручно оформување на професијата полицаец. Таа треба сè повеќе да се диференцира во однос на другите професии во полицијата и полициската работа, како што се кримтехничар, сообраќаец, воспитувач, социјализатор, криминалист, криминолог, аналитичар, статистичар и други занимања за кои постои соодветен образовен процес преку кој се профилира професијата полицаец. За таа цел е потребно да се иницира изработка на стратегија за дефинирање на полициските професии и соодветното образовно профилирање.

# ЧЕТВРТА ГЛАВА

# ОДНОСИТЕ МЕЃУ ЗАЕДНИЦАТА И ПОЛИЦИЈАТА

***Вовед***

Јавноста и отчетноста во одлучувањето при работата на институциите се специфики на општествениот и на политичкиот живот воопшто (Damjanović, M., 2002). Тие се минимални услови за учество на луѓето во јавниот живот на заедницата. Тајниот и таинствениот живот и не е живот, а со тоа не е ниту сцена на колективна акција и конфронтација на мислењата. Јавноста е основен облик на општествениот живот, бидејќи без неа нема слободно изразување на мислењата и интересите на луѓето, на демократските односи и контролата, нема услов за политика и за граѓански статус на човекот (Хелд, 2008, стр. 307-324). Затворениот, таинствен и диригиран живот, всушност, е облик на вегетирање и недоволно признавање на постоењето на „друг живот“. Тој, друг живот има разни видови, а во заостанатите средини се изразува преку разни „шепотења“ и прераскажувања, озборувања, преувеличувања, инсинуирања и предизвикување недоверба со дошепнувања и „прислушувања“. Такви облици на „живот“ ја следат секоја политика до денес и тие претставуваат пречка за остварување на демократските политички процеси (Мојаноски Ц. Т., 2002).

Современото општество, воопшто, не може да се воспостави како политичко, ако не ги создава овие услови за развојот на јавноста, надзорот и отчетноста. Постојат два правца на остварување на јавниот и политичкиот живот. Едниот е релативно слободен и демократски и влијае да се создаваат услови за нив. Тој не се пропишува, туку се создава во општите услови на личната слобода, здружување, јавност, борба и граѓанско добродетелство. Вториот правец е автократски и бирократски (Ideološki i politički konflikti (Osvrt na kulturu dijaloga), 2011). Во него политичкиот и јавниот живот не се создава, туку се фабрикува. Неговите карактеристики се фиктивен јавен живот наместо самостоен; манипулирање со „народот“ со готови и префабрикувани идеали и манифестациски собири, пропагандни овации и инсценирани акции; сведување на односите меѓу граѓанинот и политиката на диригиран механизам на пропаганда и агитација; ограничување на политичкиот интерес и на самоизразувањето на групите и на граѓаните на дозволена и контролирана сфера што ја обезбедува и ја регулира власта; претворање на граѓанинот во пасивен објект на таа манипулација која се раздвижува само под нејзино влијание. Под влијание на власта или на поединечните економски интереси, општеството станува разголено општество. Ова е негативен облик на поширокото политичко општество и на јавноста (Barsamian & Čomski, 2004).

Што подразбира отчетноста? Тоа значи дека полициската работа, вкупното и поединечното однесување на органите, службите и организациите и поединците, на секој полициски службеник, па сè до стратегиите за полициски операции, процедурите за назначување или раководењето со буџетот - се надгледувани од страна на разни надзорни институции. Отчетноста е поврзана со поднесувањето на извештај за остварените активности и со способноста да се понесе одговорност за неостварувањето на задачите определени со актот (Matić & Podunavac, 1995). Таа се јавува како механизам кој обезбедува доследност, навременост, стручност, компетентност и конзистентност во извршувањето на поставените (или делегираните) задачи и одговорности. Отчетноста е специфика за сите органи и тела во кои, врз основа на закон или на друг акт, има пренесување на одговорноста (Masleša, 2001), (Masleša, 2008), (Стојановски, 1997).

Посебен индикатор за степенот на отвореност на работата на полицијата е нејзината подготвеност да соработува со облиците на надворешна контрола (проверки, инспекции и слично). Повеќето од граѓанските надзорни институции се занимаваат со поплаките против полицијата. Сепак, степенот на нивното вклучување во разгледувањето на поплаките значително се разликува. Додека некои надзорни организации се одговорни за примање и истражување на поплаките во случаи на сериозно пречекорување на овластувањата или кога се чини дека има недоследности во внатрешната контрола, другите организации се ограничени само на набљудување и разгледување на истрагите спроведени од самите овластени служби (Стојановски, 1997). Слично на ова, додека некои тела немаат влијание врз казната за пречекорување на овластувањата, некои други можат да дадат препораки за дисциплински мерки, па дури имаат и овластување да наметнат санкции.

Посебен, но особено дисперзиран облик на надзор се облиците на граѓанската самоиницијатива и нивните здруженија, како дел од *societas civilis,* особено таканаречените тинк-тенкови (think-tank). Нив обично ги сочинуваат група интелектуалци кои редовно се среќаваат и дискутираат, ги анализираат важните прашања од определена област (во која се стручни), како и преку организирање на мирни собири и друг облик на изразување на став од страна на граѓанската самоиницијатива (Хејвуд, 2009), (Хелд, 2008). Особен е придонесот на граѓанските самоиницијативи организирани во здруженија кои, преку јавни дебати, презентација на истражувачки резултати и постојано држење како отворени прашања за функционирањето на полициската организација предлагаат алтернативи, можни решенија, или се во функција на разоткривање на скандали и кризи или ги оспособуваат

граѓаните и заедно со нив вложуваат поплаки во врска со постапувањето на полицијата (Damjanović, M., 2002). Невладините организации, медиумите, тинк-тенковите и истражувачките институти го следат воспоставувањето и функционирањето на полициските, безбедносните и други служби и, врз основа на јавни извори, покренуваат прашања, организираат дебати или користат други демократски средства. Поединечно, граѓаните можат да бараат заштита и преку посебни трибунали, народниот правобранител, комесари, генерални инспектори, како и преку домашни и меѓународни судови, како што е Европскиот суд за човекови права (Мојаноски, 2002, стр. 280).

Успешното остварување на демократската контрола и јакнење на начелото на отчетност и јавност во работата на полицијата е образец на доминантната политичка култура. Тоа најчесто е поврзано со општиот културен образец и определеното однесување што оди подалеку од законите и другите правни норми. Сепак, законите треба да дадат една рамка што поттикнува култура на отвореност и почит кон човековите права.

И на крајот, не помалку значајно за остварувањето на надзорот е улогата на медиумите. Тие се моќно средство при информирањето на јавноста во врска со работата на полицијата.

### ***Улогата на медиумите во односите меѓу полицијата и граѓаните***

Во продолжение се анализираат одговорите на две прашања поврзани со улогата на медиумите во односите меѓу полицијата и граѓаните. Во Основата за разговор, како истражувачки инструмент, применет во истражувањето, од испитаниците беше побарано да го изразат степенот на согласност со понудените ставови и беше оценуван степенот на согласност со ставот: „Улогата на медиумите е значајна во подобрување на односите меѓу полицијата и јавноста“ и „Односот меѓу полицијата и медиумите е задоволителен“. Одговорите за првиот став се дадени во следниот табеларен приказ.

Од податоците може да се констатира дека испитаниците во значителна мера, конкретно доминантно се согласуваат со понудената оценка дека медиумите имаат значително подобрена практика во односите со полицијата. Со одговорот „се согласувам“ одговориле во зависност од годината на истражување во распон меѓу 36,43 % во 2017 до 47,63 % во 2009 година. Специфично за оваа дистрибуција е дека секоја година од 2009 до 2017 година се намалуваат одговорите кои се согласуваат со таквиот став.

Дали нешто посериозно се случува на тоа поле, кога

испитаниците во 2009 во однос на истите од 2017 година за 11,20 % повеќе се изјасниле со оценката „се согласувам“, или зошто за тој процент се пониски одговорите во 2017 година.

***Табела број 74. Улогата на медиумите е значајна во подобрување на односите меѓу полицијата и јавноста***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 3,22 | 3,21 | 4,03 | 2,75 | 3,26 | 3,35 | 4,53 | 6,32 | 5,33 |
| 2. | 9,49 | 10,24 | 10,78 | 11,08 | 9,60 | 10,23 | 13,09 | 17,82 | 13,95 |
| 3. | 24,27 | 25,36 | 24,69 | 25,16 | 23,42 | 24,59 | 26,28 | 26,15 | 30,62 |
| 4. | **47,63** | **44,08** | **40,75** | **44,01** | **46,04** | **44,37** | **38,48** | **37,45** | **36,43** |
| 5. | 15,39 | 17,11 | 19,75 | 16,99 | 17,69 | 17,45 | 17,62 | 12,26 | 13,66 |
| **Σ** | **1306** | **1309** | **1438** | **1236** | **1136** | **1163** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда**: 1. воопшто не се согласувам; 2. не се согласувам; 3. не можам да оценам; 4. се согласувам; 5. потполно се согласувам; Σ вкупно испитаници што одговориле.

Специфично е тоа што во сите години една четвртина од испитаниците има неопределен став „не можам да оценам“.

И кога збирно заедно ќе се погледнат оценките „воопшто не се согласувам“ и „не се согласувам“, како и заедно оценките „се согласувам“ и „потполно се согласувам“, ќе се воочи обратно пропорционален процес. Позитивните одговори се дистрибуирани во распонот од 49,71 % во 2011 до 63,02 % во 2009 година, или опаѓање за 13,31 %. Додека се намалуваат позитивните ставови, се зголемуваат негативните, од 12,71 % во 2009 до 24,14 % во 2016 година, или 11,43 % зголемување.

***Табела број 75. Улогата на медиумите е значајна во подобрување на односите меѓу полицијата и јавноста***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| не | 12,71 | 13,45 | 14,81 | 13,83 | 12,85 | 13,59 | 17,62 | 24,14 | 19,28 |
| нмо | 24,27 | 25,36 | 24,69 | 25,16 | 23,42 | 24,59 | 26,28 | 26,15 | 30,62 |
| да | 63,02 | 61,19 | 60,50 | 61,00 | 63,73 | 61,82 | 56,10 | 49,71 | 50,10 |
| | **1306** | **1309** | **1438** | **1236** | **1136** | **1163** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда:** не =(воопшто не се согласувам, не се согласувам). нмо= (не можам да оценам) и да = (се согласувам и потполно се согласувам); Σ вкупно испитаници што одговориле.

Може да констатираме дека 11,43 % повеќе испитаници во 2016 година сметаат дека не е значајна улогата на медиумите во подобрувањето на односите меѓу полицијата и јавноста.

Меѓу можните одговори, зошто настанале промени во перцепциите на граѓаните треба да се погледнат општествените односи и општествениот контекст. Имено, во годините од 2009 , особено по 2010 година, во општеството се зголемени настаните со кои во

определен степен се намали слободата на информирањето, полицијата и полициските сили манифестираа повисок степен на неконтролирано поведение, беше затворен медиум, новинари и, секако, настани поврзани со собранието, начинот на отстранувањето на пратениците, па сè до јавното објавување на нелегално прислушувани разговори, ја отвори и на преден план ги исфрли негативните практики и постапките на манипулацијата со податоците. Можни се и други објаснувања, но незаобиколен е податокот дека медиумите и спин-докторите придонесоа да се гради перцепција за нивна оддалеченост од професионалните стандарди и запливување на пропагандата.

Логичните оценки за ставот дека „односот меѓу полицијата и медиумите е задоволителен", укажува дека испитаниците со очекување се определиле за оценката „не можам да оценам". Таа дистрибуција е константна во изминатите девет години и дека со некои отстапки во 2016 година од 36,71 % е опадната во однос на 2009 година кога со таа оценка одговориле 45,72 % или за 9,01 % помалку испитаници.

***Табела број 76. Односот меѓу полицијата и медиумите е задоволителен***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 3,44 | 2,90 | 6,67 | 4,93 | 3,09 | 4,30 | 5,31 | 6,23 | 5,52 |
| 2. | 15,21 | 15,66 | 21,20 | 16,88 | 13,24 | 16,58 | 18,01 | 20,79 | 17,83 |
| 3. | **45,72** | **42,63** | **36,76** | **40,31** | **41,04** | **41,24** | **36,71** | **40,04** | **41,18** |
| 4. | 32,11 | 32,70 | 26,89 | 30,78 | 36,28 | 31,53 | 32,87 | 27,97 | 29,26 |
| 5. | 3,52 | 6,11 | 8,48 | 7,11 | 6,35 | 6,36 | 7,09 | 4,98 | 6,20 |
| **Σ** | **1308** | **1309** | **1439** | **1238** | **1133** | **1164** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда**: 1. воопшто не се согласувам; 2. не се согласувам; 3. не можам да оценам; 4. се согласувам; 5. потполно се согласувам; Σ вкупно испитаници што одговориле

Втора по зголемен интензитет е оценката „се согласувам". Таа се движи во распонот од 26,89 % во 2011 до 36,28 % во 2013 година или има распон од 9,39 %.

***Табела број 77. Односот меѓу полицијата и медиумите е задоволителен***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| не | 18,65 | 18,56 | 27,87 | 21,81 | 16,33 | 20,88 | 23,33 | 27,01 | 23,35 |
| нмо | 45,72 | 42,63 | 36,76 | 40,31 | 41,04 | 41,24 | 36,71 | 40,04 | 41,18 |
| да | 35,63 | 38,81 | 35,37 | 37,88 | 42,63 | 37,89 | 39,96 | 32,95 | 35,47 |
| | **1308** | **1309** | **1439** | **1238** | **1133** | **1164** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда:** не =(воопшто не се согласувам, не се согласувам). нмо=( не можам да оценам) и да = (се согласувам и потполно се согласувам); Σ вкупно испитаници што одговориле.

Ако се сумираат негативно изречените оценки и се прикажат заедно, тогаш ќе констатираме дека процентот на оние кои сметаат дека

односот меѓу полицијата и медиумите е незадоволителен од 2009 до 2017 година е во постојан пораст. Ако погледнеме поспецифично во дистрибуцијата и ги споредиме вредностите со 2009 година, ќе утврдиме дека во 2010 има намалување на испитаниците со негативен став за -0,09 %, во 2010 е повисок за 9,21%, во 2011 е повисок за 3,15 %, во следната 2012 бележи опаѓање за -2,33 %, следните години бележи пораст, во 2014 година за 2,2 %, во 2015 за 4,67 %, во 2016 за 8,36 % и во 2017 година за 8,36 %. Станува збор за разликите во процентите во однос на 2009 година и ја изразува апсолутната разлика. Ако погледнеме какво е темпото на прираст, тогаш ќе утврдиме дека во 2010 година се намалил процентот на испитаници кои имале негативен став кон дадениот став за -049 %, за повеќе од половина се зголемил, за 50,11 % во 2011 во однос на 2012 година, за да во 2012 тој процент во однос на претходната година се намали за -25,13 %. Тенденција на зголемување од 27,85 % е забележана во 2013 година, во 2014 таа тенденција е за 11,74 % во однос на 2013 година, во 2015 е позитивна и зголемена за 15,80 % во однос на претходната година и во 2017 во однос на 2016 година негативните ставови бележат стапка на опаѓање од 13,55 %.

Од досегашното излагање можеме да констатираме дека динамиката на промената на оценките во рамките на одговорите на испитаниците од година во година, споредена сегашната вредност со претходната, бележат скоковити, нерамномерни промени, што укажува дека за секоја истражувачка година треба да се погледне општествениот контекст и да се одговори, зошто постојат толку видливи разлики во промената на ставовите и расположението на испитаниците од една во друга година. Овде треба да напомниме дека истражувањето се организира веднаш по новогодишните и божикните празници и дека во основа оценките се однесуваат на претходната, а не на номиналната година.

### ***Полицијата и довербата на граѓаните***

Главна одлика на современото полициско работење е идејата дека полицијата и граѓаните работат на остварувањето на заеднички цели - безбедна заедница и сигурен живот на граѓаните. За да ги афирмира своите успеси и за да ја зајакне довербата меѓу граѓаните, полицијата треба постојано да работи и така јавноста да ги одобрува нејзините постапки. Како предуслов за добивање на поддршка од јавноста е јавност во полициското работење и негувањето на комуникацијата и заемното разбирање меѓу полицијата и граѓаните (Milosavljević, 1997).

Кога се истакнуваат очекувањата и концепциите за дејствувањето на полицијата во дебатата, вниманието се свртува кон традиционалниот полициски модел. Според сфаќањата во овој модел полицијата го одржува јавниот ред и поредок, ги открива и решава казнивите дела. Се смета дека тој модел е слика и претпоставка за бирократската организација насочена кон спроведување на законот. Според тоа, краен исход за квалитетот на полициското дејствување, се квантифицираните резултати на полициските постапки, како што се бројот на приведувања и откриените казниви дела, бројот на решените казниви дела, порастот и намалувањето на казнивите дела, бројот на спроведените полициски мерки, на пример: легитимирања, рации, заседи и слично и брзината на реакција при повик. Се оценува дека полицијата се сфаќа како реактивна сила, која има многу малку врска со секојдневните проблеми на луѓето на определено подрачје. На контото на традиционалниот модел се адресираат уште и разните облици на фетишизација на полициската работа, со нагласено значење на репресивните симболи.

Стереотипите врз кои е поставен класичниот концепт на организација и функционирање на полицијата доаѓа во судир со концептот на правната и демократска држава. Тоа посебно е изразено во обемот и опфатот на законските овластувања, особено класичните законски овластувања, според кои полицијата ефикасно може да ја извршува функцијата доколку се потпира на примената на присила (Стефановска & Гогов, 2015).

### *Community policing - нова филозофија во полициското работење*

Наспроти таквиот концепт на полиција се заговара проактивен модел на полициска организација и дејствување. Според тоа, станува збор за новата филозофија на полициското дејствување, која е нарекувана со општ поим, за кој не постои согласност, што значи и што опфаќа тој поим – за community policing што се преведува како полиција во заедницата. Според овој концепт се врши проширување на функцијата на полицијата во општеството и локалната заедница. Тој е ориентиран кон граѓаните и е поттик од граѓаните, за преземање заедничка работа и дејства, да се воспоставува меѓусебна доверба, да се врши распределба на моќта, како и да се создаваат услови, во согласност со дадените услови, носителите и силите, да се развиваат особините и практиките на креативност, да се преземаат дејства кои ќе се соодветни на културните, урбаните, економските и други специфичности на подрачјето од заедницата. Во таквиот концепт централна фигура на полицијата и полициската работа е полицаецот.

Оној припадник на полициските сили, кој со неколкумесечна обука треба да стане субјект кој ќе ги менува перцепциите за полицијата и ќе биде spiritus movens на полициската енергија во заедницата.

Овој концепт бара нова поставеност на полицијата во системот на власта во правната држава, нова организација и нови односи со граѓаните и заедницата, нов модел на работа и разрешување на безбедносните проблеми во заедницата, стил на работа на полицијата кој ќе биде одраз на потребите на граѓаните во заедницата на која тие ѝ служат. Овој пристап не ја ослободува полицијата од реактивно и проактивно дејствување во превенцијата на криминалитетот, но значи поделба на нејзиното дејствување: ситуациска и социјална превенција, при што првата има доминантно значење, но поради чие остварување на полицијата ѝ се неопходни сознанија што ни ги нуди криминологијата на теоретски и практичен план, за да може успешно да го практикува овој концепт на превенција (Стефановска & Гогов, 2015).

Што се очекува од полицаецот во заедницата? Положбата на полицаецот во овој концепт се нарекува со разни називи. Македонската практика ги дефинира како полициски службеник. Беше воведена практика од задолжено лице за превенција, потоа се воведе назив „маалски полицаец“, што асоцираше на положбата на „позорникарот“ во претходниот полициски систем. Во хрватската стратегија за развој на community policing, субјектот се именува со контакт–полицаец. Значи, од контакт-полицаецот се очекува способност квалитетно да комуницира, затоа што тој се среќава со различен профил на луѓе, кои имаат специфична економска, етничка, религиозна и друга природа, со различни поединци и општествени групи. Тој треба да располага со способност за сочувство со оние кои имаат поинакви вредности и поинакви цели од мнозинството на население, да се познава и разбира себеси, но да има разбирање и за другите луѓе. Контакт-полицаецот треба да познава различни технологии, да поседува разборитост, образование и зрелост.

Од контакт-полицаецот се очекува да располага со бројни способности кои се бараат од него, како што се: а) општење (комуницирање) со луѓето, б) социјални и интерперсонални вештини, в) раководење, мотивација, иницијатива, интегритет.

Ако се погледне лепезата на барања од полицаецот во концептот полиција во заедницата и ако се погледне практиката како се врши изборот и обуката на кандидатите за работната задача полицаец, или контакт-полицаец, тогаш без посериозни истражувања ќе се дојде до заклучок дека овој концепт останува како очекување, невозможна мисија, нешто што во практиката се сведува на имитација или на

манифестација (на пример, министерот на патни премини дели флаери и вода во време на туристичка сезона и ги советува возачите).

Во концептот community policing, од полициските раководители се бара да покажуваат: а) посебен афинитет и способност за раководење, б) способност за комуницирање, в) склоност кон слушање, г) склоност кон иновации и консултации, д) менторство, мотивација, поттик, тимско работење и решавање на проблеми. Прашањето на кое треба да се одговори: дали образовните модели од кои се регрутираат полициските раководители им ги обезбедуваат овие знаења на раководителите? Дали, на пример, раководителите кои имаат знаења од областа на спортот, шумарството и земјоделството можат да одговорат на овие барања? Зошто, кадрите од воените академии можат да се сметаат за соодветни во полицијата и полициската работа, а кадрите од образовните институции од безбедноста не можат да ги пополнуваат потребите на армијата? Има ли тука двојни аршини? Без да го елаборираме пошироко прашањето, несомнено е дека високошколските организации ќе треба да поработат на тоа да се специјализира профилот на професијата полициски службеник, или да речеме криминалист. Мора точно да се определат задачите за кои позиции во полицијата кои кадри ќе бидат адекватни, односно профил кој најцелосно, најстручно и најпрофесионално ќе ги извршува задачите. Развивањето на тезата дека полициската професија може да ја извршува секој, со приучување или без тоа, е индикатор дека нема полициска професија, или дека толку се изгубени општествените стандарди што секоја импровизација се прифаќа како професионална.

Концептот community policing може да е успешен модел доколку се исполнат определен број на претпоставки. Меѓу претпоставките е квалитетната превенција на девијантното однесување. За тоа клучно е да се знае, конкретно да се умее да се воочат и поттикнат позитивните заштитни фактори, да се искористат ресурсите и човечките потенцијали за успешно решавање на проблемите. Тој концепт +бара и ширење на информации, самонабљудување, вештина на правилно поставени цели, поделба на контролата и уважување на различностите.

Каков тим е неопходен за да може да се реализира концептот полицијата во заедницата? Се проценува дека во работниот тим треба да има поединци кои се мотивирани и флексибилни, кои се подготвени тимски да работат, кои се чесни, доверливи и способни и волни да се соочат со различните проблеми на теренот. Овој концепт бара личности кои се подготвени да воспоставаат различни врски и односи во своето опкружување, кои се склони кон промени, и се во состојба да го евалуираат својот ефект и ефектот на целиот тим.

На кој начин до целта? За да може да функционира во профилот на полициски службеници и нивните раководители, потребни се многу промени на ниво на организациска структура и култура на полицијата. Затоа, треба да се децентрализира и дебирократизира полициската служба. Тоа значи да се воспостават механизми за добра и отворена комуникација, повратно известување и хоризонтално раководење.

Станува збор за модел на организација и дејствување на полицијата во кој ќе се негува практичен пристап кон проблемите во општествената заедница, ќе се развива соработка помеѓу полицијата и општествените институции, невладиниот сектор и граѓаните во решавањето на воочените проблеми. Смислата на овој концепт е решавање на проблемите, а не само на прекршоците и казнивите дела. Работата на полицијата во заедницата не е исклучително полициски проект, тој е и општествена одговорност. Нема ефикасно решавање на проблемите, ако не се обезбеди учество на сите фактори на системот. Полицијата, всушност, се појавува во улога на иницијатор, а во проектот учествуваат сите субјекти во заедницата. Оттука може да се каже дека полицијата во заедницата остварува позитивни резултати не само во смисла на спречување на криминалитетот, туку и во смисла на јакнење на чувството за сигурност кај граѓаните и подигање на вкупниот квалитет на живеење во општеството.

Моделот на полиција во заедницата, всушност, е враќање на полицијата помеѓу луѓето и секојдневниот општествен живот. Битни задачи на полицијата во заедницата се партнерството со заедницата, решавање на проблемите и промени на ниво на полициско раководство и организациска структура.

Партнерството со заедницата е начин на вклучување на граѓаните во извршувањето на полициските задачи, решавањето на проблемите не е ништо друго туку враќање на полицијата во секојдневниот општествен живот, а промените на ниво на полициското раководство и организациската структура на полицијата е услов кој ги овозможува претходните два процеса. Секој припадник на полицијата, како службено лице, кое со закон е овластено да применува присила и директно да задира во човековите слободи и права, мора да сноси одредена лична одговорност за своите постапки во текот на извршување на службените задачи и активности. На таквата одговорност, полицаецот треба да биде свесен, особено при донесување на одлуките за постапување. Успехот или неуспехот на секоја работа зависи од компетентноста и способноста на полицаецот. Имено, при секое постапување, полицаецот треба да ги има предвид критериумите на законитост, сразмерност и недискриминација. Тоа е неопходно за да може да се открие евентуална одговорност кај припадникот на

полицијата за пропустите или пречекорувањата на своите овластувања во секоја полициска интервенција.

Обврска на полицајците е, според овој концепт на работа на полицијата, секое лице да го третира еднакво без разлика на разликите што постојат, по која било основа. Од полицаецот се бара секој поединец одделно и сите заедно да добијат ист третман и иста почит. Секое лице кое се наоѓа во некоја ситуација, ја набљудува реакцијата на полицаецот во така дадена ситуација и врз основа на тоа формира мислење за полицаецот и за полициската организација во целина. Најчесто, перцепциите за полицијата се градат врз основа на постапките на полицаецот. Ако тие се неумерени или нефер, тогаш како последица на тоа може да се иницира лична одговорност на полицаецот.

Личната одговорност на полицаецот, како овластено службено лица, пред сè, зависи од неговите карактерни особини (самоконтрола), но и од знаењето стекнато за време на обуката, како и постојаното надградување и учење за правилно извршување на службените активности. Иако од полицаецот се очекува да дејствува брзо и да донесе правилна одлука, тој секогаш треба да биде свесен за личната одговорност. Значи, станува збор за самоконтрола и контрола. Кога се зборува за контролата на полицијата, всушност станува збор за сложен сплет на односи и посебен вид на интеракција меѓу општеството и полицијата, која има за цел да ја усогласи полициската дејност со улогата што таа ја има, како и да преземе одговорност во секој одделен случај посебно, или во групни случаи, кога ќе се утврди отстапување од утврдените правила и стандарди.

Полицијата и полициската организација се предмет на проучување на бројни дисциплини и науки (Masleša, 2008), (Стојановски, 1997), (Shane, 2013), (Sheptycki, 2002). Современите социолошки и политиколошки пристапи кон полицијата се фокусираат на тоа дека таа е посебен ентитет и има сопствени задачи и овластувања, организациска структура, кадар, средства и специфичности, што на еден или друг начин се нејзина *diferentia specifica*. Со положбата и функциите има значајна улога во општеството и вршењето на тие функции и обезбедуваат да е во постојана интеракција со општественото опкружување. Ако се има предвид податокот дека опкружувањето на полицискиот систем, grosso modo, го сочинува глобалното општество, во кое централно место има најорганизираниот дел во него - државата. Се погласни се ставовите дека „општеството ја вообличува полициската функција, односно, дека таа функција во крајна линија произлегува од потребите, состојбите и односите во одредено општество, како и дека еднаш утврдената

содржина на полициската функција се менува со промените во општеството“ (Milosavljević, 1997). Интеракцијата е реципрочна (Bayley, 2006, p. 159). Тоа значи дека полицискиот систем манифестира позитивни (или негативни) импулси и иницијативи кон околината. Во првиот случај, полицијата е фактор кој создава позитивна клима, внесува ред и сигурност во опкружувањето, конкретно таа е фактор кој го овозможува и напредува просперитетот на општеството. Обратно, во вториот случај, полицијата се пројавува како пречка на развојните општествени текови. Во одделни случаи, таа може да се јавува и како кочница на развојот на општеството, инструмент на партиските интереси и орудие за конзервирање на општествените односи. За овие облици на функционирање на полицискиот систем во општеството постојат бројни примери во историјата.

Овде ќе потсетиме дека, интеракцијата на полицискиот систем и опкружувањето не се одвива само на ниво на глобалното општество, туку, и локално и тоа, пред сè, на ниво на одделни сегменти на општеството, поврзани со извршувањето на редовните полициски задачи. Станува збор за дејствување во средина која структурно и институционално е сложена целина и има обележја. Тие можат да се од различна природа, како што се: национална, верска, старосна, полова, економска, партиска и друга структура. Но во тој контекст се и бројните и разновидни организации, установи, институции и социјални системи, што на еден или друг начин се во постојана интеракција (Barsamian & Čomski, 2004), (Хабермас, 2012), (Milosavljević, 1997). Набљудувано од аголот на општествената структура може да се констатира дека општественото опкружување кон полицијата се рефлектира во бројни сложени облици, со бројни често пати и противречни барања и состојби кои бараат сложени постапки и дејствувања. Ваквите сложени и бројни појави, состојби и форми воспоставуваат специфични односи меѓу полицискиот систем и одделните сегменти на општественото опкружување. Специфичните односи на интеракција, се манифестираат како посебни меѓувлијанија, проследени со различен интензитет, содржина и значење. Ако се има предвид интензитетот, содржината и значењето на меѓувлијанијата, како особено важни подрачја на интеракција на полицискиот систем и општественото опкружување, тогаш можат да се издвојат определен доминантен и препознатлив облик на односи како што се односите на полицијата и:

- а) граѓаните;
- б) одделни социјални и етнички групи;
- в) медиумите (Milosavljević, 1997).

Но со развојот на модерното општество и нагласената улога и значење на државата, применето во облиците на државниот интервенционизам, влијаело на тоа таа да презема бројни задачи, а полициската функција сè повеќе се вообличувала како институција која е најорганизирана и најефективна. Во вакви околности е нагласувана социјалната функција, која значела дека полицијата во општеството се организира за да се спречи нередот и насилството, да се воспостави контрола над судирот меѓу посилниот и послабиот. Ваквиот концепт за положбата на полицијата во општеството, придонесувал да се ограничува слободата на поединецот. Јакнењето на државата и на полицијата во неа придонесува и граѓанинот да се појавува како субјект во односите со јавната управа и врз таа основа да ужива определени права. Значи, се менува општата политичка улога на граѓанинот. Тој е активен субјект во политичкиот систем, преку изборите одлучува за тоа кој ќе формира влада и ќе ја контролира управата (Bayley, 1996).

Таквите општествени состојби придонесуваат односите на полицијата и граѓаните да добиваат нови облици и содржини. Полицијата, концепциски набљудувано, се ориентира кон барањата и потребите на граѓаните, кон почитување на слободите и правата и на нејзината подготвеност благовремено да реагира на тие барања (Bayley, 1996). Политичката функција е комплексна. Таа во основа ги опфаќа содржините со превенирањето и справувањето со конфликтите, примената на законски прописи, посебно на оние што на еден или друг начин значат ограничување на определени индивидуални слободи и права на граѓаните (Grabosky, 2009). Составен дел на овие содржини е и примената на физичка принуда во име на државата кон субјектите што го прекршуваат законот. Меѓу граѓаните се наоѓаат и оние кои себеси се сметаат за „потенцијални клиенти на полицијата“ или веќе биле тоа, а полицајците за многумина се „лоша совест“ и „видлива опомена за мрачната и одбојна страна на човековото однесување“ (Milosavljević, 1997).

Овде треба да се има предвид дека полицијата отсекогаш е олицетворение за моќна организација, а полицискиот службеник е олицетворение за „лице со делегирано право на апсење, па дури и употреба на непосредна сила против граѓаните“ (Crank, Murray, Irlbeck, & Sundermeier, 2011). Сигурно дека, особени недоразбирања настануваат тогаш кога полицајците забораваат на вистинската цел и законските димензии на своите овластувања. Манифестните облици на ваквото однесување е нагласеното потпирање на силата и во практиката секој граѓанин да се набљудува како потенцијален криминалец. Тоа создава практики на нееднаква примена на законот.

Јавноста е посебно чувствителна на случаите на нееднаков однос на полицијата кон одделни категории на население, пред сè, кон ранливите групи (скитници, ЛГБТ), сексуални и други малцинства, со различна политичка припадност итн. Овде до израз доаѓаат две противречности според кои полициската организација, некогаш повеќе, некогаш помалку успешно, настојува и се однесува како затворен систем, ги прикрива сопствените слабости и да не се осврнува на судовите на јавноста за својата работа, посебно кон оние мислења кои го нагласуваат неадекватното постапување и грешките во нејзината работа. Станува збор за традиционалниот модел на полиција, според кој таа и не се обидува да воспостави потесни односи со граѓаните и јавноста (Хелд & Мекгру, 2010). Ваквиот однос, како што може да се претпостави, негативно влијае врз односите помеѓу полицијата и граѓаните. Тие односи обично се на задоволително ниво, понекогаш и солидни. Воочените слабости на лошите односи со јавноста се манифестираат во форма на меѓусебна недоверба, пасивен став на граѓаните кон криминалните настани во својата околина и непружање помош на полицијата, потоа изразен критицизам кон полицијата, сè до манифестации на нетрпеливост, отворен антагонизам, па до случаи на судир или конфликт со полицијата (Maljević, Datzer, Muratbegović, & Budimlić, 2006).

Искуствата покажуваат дека во вкупното функционирање на полицијата, посебно во остварувањето на нејзините основни задачи, тешко може да се оствари позначаен успех или да се има ефикасност во постапувањето, доколку таа не ужива почит, поддршка, соработка и непосредна помош од граѓаните. Овде треба да се подвлече дека, во денешно време успешноста на полицијата не се мери само по бројот на расветлени кривични дела и преземени акции, туку и според тоа колку нејзините односи со граѓаните се позитивни, односно колку таа успева да обезбеди уважување и почитување и на правата на граѓаните во своето постапување. Тоа е особено важно да се подвлече затоа што во поделените општества, како што е македонското, од клучно значење е полицијата да се наметнува како заштитник на човековите слободи и права, а не како државна служба или сервис на политичката и партиската номенклатура (Matić & Podunavac, 1995).

### *Подрачја на односите на полицијата кон граѓаните*

Подрачјето на односите на полицијата кон граѓаните има повеќе меѓусебно условени компоненти. Како особено значајни се: „(1) односот кон граѓаните како корисници на услугите и субјекти со лични права и слободи (*human relations*); (2) односот кон граѓаните како

субјекти на социјална контрола и соработници на полицијата во вршењето на нејзините основни задачи и (3) односот кон граѓаните како фактор на јавното мнение (*public relaions*)“ (Milosavljević, 1997).

Постоењето на механизми подразбира дека се остварува интеракција со заедницата, односно дека полицијата им е достапна на граѓаните секогаш кога им е потребна. Таквиот концепт подразбира дека полициската организација е подготвена и има доволно ресурси за да може соодветно да одговори на потребите на граѓаните при несреќни случаи, кривични дела и други итни случаи и дека перцепциите на вработените за нивната положба и улога се променети. Полицијата и нејзината организација треба сè повеќе да се идентификува како елемент на заедницата, а сè помалку како инструмент на власта. Тој процес ниту е едноставен ниту лесен. Исто така, тој не може да се изврши со декрет. За неговата имплементација е потребна долгорочна, посветена и систематска активност на сите фактори. Бидејќи полицијата блиска до граѓаните е филозофија, концепција и стратегија на дејствување на оваа организација, за остварувањето на нејзините цели неопходно е да ги користи сите ресурси (Sheptycki, 2002). Најдиректен начин на комуникација за да се заштити животот и имотот на граѓаните се телефонските линии за итни случаи на кои граѓаните можат да се јават и да побараат помош. Начинот на кој овие линии се користат - дали само во очајни ситуации или и за тривијални проблеми каде има потреба само од авторитет - е индикатор за односот помеѓу полицијата и граѓаните и за степенот до кој се усвоени практиките на полициското работење според моделот *coomunity policing* (Shane, 2013).

Главна одлика на современото полициско работење е идејата дека полицијата и граѓаните работат на остварувањето на заеднички цели - безбедна заедница и сигурен живот на граѓаните. За да ги афирмира своите успеси и за да ја зајакне довербата меѓу граѓаните, полицијата треба постојано да работи на тоа јавноста да ги одобрува нејзините постапки. Како предуслов за добивање на поддршка од јавноста е јавност во полициското работење и негувањето на комуникацијата и заемното разбирање меѓу полицијата и граѓаните.

Во продолжение се актуализираат дел од прашањата поврзани со довербата кон полицијата и односот на полицијата кон остварувањето на начелото на јавноста. Предмет на анализата се оценките на граѓаните по ставот како ја чувствуваат полицијата? Одговорите на ова прашање се индикатор кој упатува на тоа дека тие повеќе или помалку се резултанта на претставите на поединците како последица на состојбите во општествената стварност.

***Табела број 78. Ве молиме да ни кажете, како ја чувствувате полицијата?***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 43,63 | 42,03 | 14,06 | 16,12 | 16,38 | 17,02 | 24,68 | 16,83 | 15,23 | 14,44 |
| 2. | 44,41 | 39,45 | 41,18 | 42,04 | 40,36 | 42,86 | 41,65 | 37,20 | 39,66 | 41,67 |
| 3. | 10,50 | 8,42 | 12,83 | 12,09 | 15,42 | 14,29 | 12,17 | 15,65 | 14,75 | 15,21 |
| 4. | 1,12 | 9,33 | 19,56 | 18,62 | 17,43 | 15,61 | 13,88 | 17,91 | 18,49 | 17,34 |
| 5. | 0,34 | 0,76 | 12,38 | 11,12 | 10,41 | 10,23 | 7,63 | 12,40 | 11,88 | 11,34 |
| Σ | **1162** | **1318** | **1309** | **1439** | **1239** | **1134** | **1167** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда:**
1. ја чувствувам и како служба која се грижи за мене и мојот имот; 2 .ја чувствувам како одговорен државен орган; 3. ја чувствувам како орган во служба на владејачката партија; 4. сметам дека повеќе и служи на државата, а за мене малку се грижи; 5. не можам да оценам; Σ Вкупно испитаници што одговориле.

Од понудената дистрибуција може да се оцени дека просечната оценка од 41,05 % од граѓаните во изминатите десет години се изјаснувале според варијантата „ја чувствуваат како одговорен државен орган“, 22,4 % „како служба која се грижи за мене и мојот имот“, потоа 14,93 % сметаат дека таа „повеќе и служи на државата, а за мене малку се грижи, 13,13 % сметаат дека таа е „орган во служба на владејачката партија“ и 8,95 % се определиле дека „не можат да оценат“. Интересно е да се подвлече дека граѓаните во истражувањата од 2008 и 2009 година имаат висок скор (43,63 % во 2008 и 42,03 % во 2009) во однос на ставот дека полицијата се воспроиема како служба која се грижи за имотот и испитаникот. Таквиот став бележи променливи величини кои не поминуваат повеќе од 24,68 % во 2014 година. Ваквите резултати се индикатор за општествениот контекст и за односот на полицијата кон граѓаните и нивните грижи. Релативно постабилен однос во структурата на оценките за полицијата има тврдењето дека полицијата „ја чувствувам како одговорен државен орган“. Ако се погледне темпото на развој на овој став тогаш ќе се утврди дека тој во 2009 година опаднал за -11,17 % во однос на 2008 година, следната година во однос на претходната се зголемил за 4,39 %, а во следната 2011 се зголемил за 2,09 %, за во 2012 година да опадне за -4,00 %. Повидлив скок во темпото на развој на довербата е забележан во 2013 година со 6,19 %. Следните две години забележано е опаѓање за -2,82 %, односно 10,68 %, за во 2016 година во однос на 2015 да забележи зголемување за 6,61 % и во 2017 година за 5,07 %. Ваквата динамика во оценките во изминатата деценија може да се должи на значителен број фактори, но како основни можат да се претпоставaт општествените состојби, медиумската презентација на истите, како и односот на полицијата кон граѓаните.

Видливи промени настануваат во ставот на граѓаните за тоа дека полицијата е „орган во служба на владејачката партија“. Темпото на развој покажува скоковити резултати. Тоа бележи скок од 109,65 % во 2010 во однос на 2009 година, потоа следните четири години опаѓа од -4,81 % во 2011, на -6,39 % во 2012, -10,44 % во 2013 и -11,08 % во 2014 година. Забележително е дека темпото на развој покажува повисока стапка во 2015 година од 29,03 % во однос на 2014, потоа во следната година опаѓа на -3,24 %, за во 2017 година да покаже пад од -6,22 % во однос на 2016 година.

Во рамките на оценките за односот на полицајците кон граѓаните од испитаниците е побарано да го изнесат сопственото гледање во врска со ставот: „Полицаецот од моето место на живеење е хуман човек“. Податоците упатуваат на тоа дека граѓаните тешко се определуваат да го соопштат својот став за полицаецот, кои во исто време може и да се сограѓани, за него и неговите карактеристики. Дистрибуцијата што е предмет на анализа покажува дека во изразувањето на степенот на согласност со понудениот став, граѓаните доминантно се определиле да одговорат „не можам да оценам“. Тој податок е индикатор за подготвеноста отворено да се разговара, но и сознание дека во свеста кај граѓаните постои и определена недоверба и страв од последиците ако јавно се соопшти сопственото мислење.

***Табела број 79. Полицаецот од моето место на живеење е хуман човек***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 4,28 | 2,91 | 6,67 | 3,88 | 3,09 | 4,21 | 4,23 | 3,26 | 2,23 |
| 2. | 12,76 | 9,79 | 10,28 | 10,67 | 10,41 | 10,74 | 9,65 | 9,96 | 12,60 |
| 3. | **42,63** | **45,91** | **36,60** | **39,94** | **38,75** | **40,72** | **45,96** | **42,43** | **40,41** |
| 4. | 33,92 | 32,82 | 35,49 | 36,46 | 35,57 | 34,88 | 31,50 | 34,48 | 35,08 |
| 5. | 6,42 | 8,57 | 10,97 | 9,05 | 12,18 | 9,45 | 8,66 | 9,87 | 9,69 |
| Σ | **1309** | **1307** | **1440** | **1237** | **1133** | **1164** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда**: 1. воопшто не се согласувам; 2. не се согласувам; 3. не можам да оценам; 4. се согласувам; 5. потполно се согласувам; Σ вкупно испитаници што одговориле.

Податоците од претходната табела покажуваат дека перцепциите на граѓаните доминантно се однесуваат на избегнување на одговорот, односно приклонувањето кон ставот „не можам да оценам“. Одбегнувањето на експлицитен одговор на нешто повеќе од една третина, а во одделни години и речиси до половина од испитаниците индицира дека кај граѓаните е воочлива воздржаноста, како став кој, определувајќи се дека не може да оцени дека полицаецот од нивното место на живеење е хуман човек, односно дека не може кај полицаецот

од подрачјето во кое живее да ја забележи или воочи неговата хуманост е податок, кој сам по себе зборува. Можеме да претпоставиме дека тоа е резултанта на општата недоверба кон анонимноста на истражувањето или општа недоверба кон извршителите на полициските задачи во местото на живеење.

***Табела број 80. Полицаецот од моето место на живеење е хуман човек***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| не | 17,04 | 12,70 | 16,94 | 14,55 | 13,50 | 14,95 | 13,88 | 13,22 | 14,83 | 17,04 |
| нмо | 42,63 | 45,91 | 36,60 | 39,94 | 38,75 | 40,72 | 45,96 | 42,43 | 40,41 | 42,63 |
| да | 40,34 | 41,39 | 46,46 | 45,51 | 47,75 | 44,33 | 40,16 | 44,35 | 44,77 | 40,34 |
| Σ | **1309** | **1307** | **1440** | **1237** | **1133** | **1164** | **1016** | **1044** | **1032** | **1309** |

**Легенда:** не =(воопшто не се согласувам, не се согласувам). нмо= (не можам да оценам) и да = (се согласувам и потполно се согласувам); Σ вкупно испитаници што одговориле

Ако се изврши прегрупирање на одговорите со негативна конотација и се прикажат како збир, ако, исто така, се постапи и со оценките со позитивна конотација и посебно се прикажат неопределените одговори, тогаш, како што е прикажано во претходната табела, можеме да констатираме дека ставовите со позитивна конотација, речиси и да ги следат неопределените, што, исто така, укажува на општиот впечаток дека испитаниците покажуваат повисок степен на воздржаност во градењето на оценката за полицаецот во сопственото подрачје на живеење.

Ваквите резултати несомнено се одраз на општествените состојби и на улогата на полицијата во решавањето на сложените општествени проблеми, посебно во оние ситуации во кои доаѓа до израз употребата на полициските овластувања и односот кон граѓаните и нивното јавно изразување на незадоволството или остварувањето на правото на протест. Имено, за определени настани кои имаа карактер на мирен протест, периодот на нивната злоупотреба и употребата на „несразмерна сила“, посебно кон демонстрантите се еден од можните одговори за високите стапки. Тие, секако, се само индикатор за пресеците во свеста и претставите на граѓаните и доживувањето на полициската организација во општеството. Причините за таквите ставови можат да се различни, што не е предмет на анализа во овој труд.

***Табела број 81. Дали досега сте имале контакт со полицијата?***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| да | 74,98 | 58,27 | 61,73 | 64,44 | 61,61 | 63,53 | 69,58 | 62,01 | 70,11 | 62,98 |
| не | 25,02 | 41,73 | 38,27 | 35,56 | 38,39 | 36,47 | 30,42 | 37,99 | 29,89 | 37,02 |
| Σ | **1163** | **1318** | **1309** | **1440** | **1240** | **1138** | **1167** | **1016** | **1044** | **1032** |

Од податоците во табелата во целина може да се воочи дека испитаниците, односно граѓаните, имале контакт со полицијата и тојсе движи во рамките на четири петтини во 2008 до повеќе од половина во 2009 година. Специфично е тоа што доминантно, просечно 64,93 % или речиси две третини од граѓаните декларираат дека имале контакт со полицијата. Ваквиот одговор е последица на недоволната специфицираност на прашањето, од една страна, но и на тоа дека во службите на полицијата се наоѓаа значителен број на служби поврзани со издавање на лични, сообраќајни и други документи кои се неопходни за непречениот сообраќај на поединецот во општеството. Исто така, треба да се има предвид дека во овој период беше извршена промена на личните документи, особено во 2008 и 2009 година, кога еден значителен дел од граѓаните беа упатени кон државните органи, особено кон службите, кои иако организациски припаднаа на други органи на управата, и поради долгогодишната практика беа поврзувани со органите за внатрешни работи, кои повеќе или помалку беа и перципирани како „полицијата“.

За тоа, каков е односот на полицијата кон јавноста за полициските активности се анализира преку проверка на степенот на согласување за односот на медиумите и информирањето за децентрализацијата.

***Табела број 82. Медиумите (ТВ, радио и печат) нашироко емитуваат информации за децентрализацијата која директно влијае на јавната безбедност***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 3,13 | 1,99 | 4,73 | 2,99 | 3,32 | 3,28 | 4,43 | 4,60 | 4,94 |
| 2. | 11,24 | 13,08 | 14,81 | 13,19 | 11,76 | 12,86 | 16,04 | 15,04 | 15,12 |
| 3. | 39,68 | 41,55 | 35,33 | 40,13 | 42,91 | 39,78 | 36,12 | 44,92 | 38,86 |
| 4. | 38,53 | 35,96 | 35,74 | 36,49 | 34,20 | 36,24 | 34,74 | 28,16 | 33,82 |
| 5. | 7,42 | 7,42 | 9,39 | 7,20 | 7,81 | 7,85 | 8,66 | 7,28 | 7,27 |
| Σ | **1308** | **1307** | **1438** | **1236** | **1114** | **1159** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда**: 1. воопшто не се согласувам; 2. не се согласувам; 3. не можам да оценам; 4. се согласувам; 5. потполно се согласувам; Σ вкупно испитаници што одговориле

За тоа како граѓаните ја перципираат полицијата може да се воочи дека мнозинството граѓани има негативен став или избегнува да

одговори на поставеното прашање. Оние граѓани кои се повикуваат на ставот „не можам да оценам“, е повеќе од една третина и се бележи зголемување до 44,92 % во 2016 година, што упатува на заклучокот дека граѓаните ја избираат онаа варијанта која повеќе или помалку значи неутрален став. Во следната табела е извршена и дихотомизација на одговорите, на тој начин што првите три вредности од Ликертовата скала означуваат негативен одговор одбележан со „не“, а четвртата и петтата оценка значат позитивен одговор и се одбележани со „да“.

***Табела број 83 . Медиумите (ТВ, радио и печат) нашироко емитуваат информации за децентрализацијата која директно влијае на јавната безбедност***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| не | 54,05 | 56,62 | 54,87 | 56,31 | 57,99 | 55,91 | 56,59 | 64,56 | 58,91 |
| да | 45,95 | 43,38 | 45,13 | 43,69 | 42,01 | 44,09 | 43,41 | 35,44 | 41,09 |
| **Σ** | **1308** | **1307** | **1438** | **1236** | **1114** | **1159** | **1016** | **1044** | **1032** |
| | **стапки на развој во %** | | | | | | | | |
| не | | 4,75 | -3,09 | 2,62 | 2,98 | -3,59 | 1,22 | 14,08 | -8,75 |
| да | | -5,59 | 4,03 | -3,19 | -3,85 | 4,95 | -1,54 | -18,36 | 15,94 |

Забележително е дека во темпото на развој на овој став највисока негативна стапка, односно опаѓање (за што особено влијание има неопределениот став) се бележи во 2016 година од -18,36 %. Причините се бројни. Треба да се има предвид дека почетокот на оваа истражувачка година беше окарактеризиран со спротивставена и на моменти конфликтна реторика на водечките политички сили во земјата и разликите околу остварувањето на договорите за предвремени избори, така што може да се оцени дека претпазливоста на граѓаните, не само поради создадената перцепција за работата на полицијата и појавата и јавното емитување на незаконски прислушуваните разговори, туку и поради други бројни причини, посебно создадената слика за „употребата“ на полицијата и нејзините технички ресурси и други потенцијали, прашањата поврзани со корупцијата и отворањето на „афери“ со медиумска презентација на корупција и коруптивни содржини.

Во таа насока е интересно да се оцени ставот, колку полицијата ефикасно ги користи медиумите. Во следната табела се прикажани одговорите на испитаниците во изминатите девет години.

***Табела број 84. Полицијата ефикасно ги користи медиумите (ТВ, радио, печат, интернет) за информирање на јавноста***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| не | 47,60 | 42,17 | 48,26 | 45,55 | 40,69 | 45,06 | 50,20 | 54,50 | 49,81 |
| да | 52,40 | 57,83 | 51,74 | 54,45 | 59,31 | 54,94 | 49,80 | 45,50 | 50,19 |
| Σ | **1311** | **1309** | **1440** | **1236** | **1128** | **1163** | **1016** | **1044** | **1032** |

Доминираат позитивните ставови, според кои полицијата ефикасно ги користи медиумите за информирање на јавноста.

Во тој контекст треба да е и одговорот на прашањето за степенот на успешноста на полицијата во самостојното информирање на населението за активностите поврзани со јавната безбедност.

***Табела број 85. Полицијата самостојно (без медиумите) успешно го информира населението за сите активности поврзани со јавната безбедност***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| не | 73,76 | 76,07 | 71,86 | 79,40 | 70,69 | 74,35 | 77,26 | 78,74 | 77,62 |
| да | 26,24 | 23,93 | 28,14 | 20,60 | 29,31 | 25,65 | 22,74 | 21,26 | 22,38 |
| Σ | **1307** | **1308** | **1439** | **1238** | **1126** | **1162** | **1016** | **1044** | **1032** |

Податоците упатуваат на тоа дека овде доминираат негативните ставови кои се движат од три четвртини до четири петтини од испитаниците. Зошто се јавуваат разлики? Можен, но не и единствен одговор, е дека во одговорите во претходниот став е користењето на медиумите, значи и на технолошките решенија и опитноста на полицијата, а вториот случај се однесува на „сите активности поврзани со јавната безбедност“. Исто така, разликите се и поради тоа што станува збор за перцепции кои имаат поразлична претстава кај граѓаните, како и тоа дека активностите поврзани со јавната безбедност се содржини со кои граѓаните се среќаваат секојдневно.

И на крајот од овој приказ на истражувачките резултати ќе прикажеме каков е ставот на граѓаните за отчетноста на полицијата пред граѓаните и нивните претставници.

***Табела број 86. Полицијата за својата работа одговара пред граѓаните и нивните претставници***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| не | 76,94 | 45,29 | 44,03 | 48,01 | 50,49 | 43,87 | 58,7 | 46,45 | 52,4 | 54,17 |
| да | 23,06 | 54,71 | 55,97 | 51,99 | 49,51 | 56,13 | 41,3 | 53,55 | 47,61 | 45,83 |
| Σ | **1154** | **1305** | **1308** | **1435** | **1230** | **1124** | **1167** | **1016** | **1044** | **1032** |

Податоците упатуваат на тоа дека претставите за институционалната одговорност бележат различна динамика. Тоа е резултанта на фактот што секоја година е истражувана посебна група испитаници, како и поради тоа што не секогаш тоа прашање е соодветно третирано во медиумските и други интерпретации, што, на еден или друг начин влијае и на претставите на граѓаните за положбата на полицијата и полициската организација во општеството.

Истражувачките резултати илустрираат дека во Република Македонија во изминатите десет години граѓаните имаат претстава за јавноста во работата на полицијата кои според динамиката и начинот на оценување се различни, при споредувањето на одговорите од повеќе прашања, различни, како и прашања кај кои може да се утврди и определен интензитет на врска. Тоа е така поради фактот и свеста дека современата полиција, како стручно оспособена и опремена структура, со знаење и технички средства се бори против зголемениот бран на организиран криминал и новите закани, како за националната така и за меѓународната безбедност, посебно се позаканувачките опасности од тероризам и други облици на насилство. Затоа, се чини дека треба да се нагласи исклучителната задача на полицијата да го одржува мирот, да спречува и да го решава локалниот криминал и да го подобри квалитетот на живот на луѓето. Во тие напори посебна е задачата да го јакне чувството на безбедност кај граѓаните, преку афирмација на начелото на јавност во работата. Составен дел на јавноста е и отчетноста. Таа особено е важна за примената на законите, обезбедувањето на слободите и правата на граѓаните, за јакнењето на принципот на правичност и законитост во постапката, како и во создавањето претстава за нејзиниот развој како структура која заедно со граѓаните работи на решавање на проблемите. Притоа, се смета дека значајни услови за остварување на начелото на отчетност се одржувањето на ефикасни и ефективни инструменти на внатрешен и надворешен надзор, како и негување на транспарентност и партнерства за соработка помеѓу полицијата и граѓаните.

# ПЕТТА ГЛАВА

## ПОЛИЦАЕЦОТ SPIRITUS MOVENS НА ОДНОСИТЕ ВО ЗАЕДНИЦАТА

## *Вовед*

Клучниот субјект во односите на полицијата со граѓаните е полицаецот. Субјектот, кој во извршувањето на своите секојдневни должности, најчесто се доживува како општ репрезент на една сложена структура, во одделни случаи, бирократизирана или изманипулирана за партиски интереси и потреби. Тој се јавува како spiritus movens на вкупната претстава за полицијата и нејзината организација. И речиси дека не е можно да се променат состојбите, да се промени перцепцијата во јавноста, без разлика дали и колку е успешна работата на службата за односи со јавноста, доколку полицајците не се темелно обучени за адекватно однесување и постапување кон граѓаните и доколку не се обезбеди контрола на нивното однесување и постапување. Имено, јавноста гради ставови за полицијата, не според некој пропаганден и сличен модел, не како настојување на раководството, кое патем да споменеме е со партиски предзнаци, во очите на граѓаните, да го поправи сопствениот имиџ, туку првенствено врз основа на конкретните постапки на полицајците и искуствата од контактите со нив. Треба да се има предвид дека полицаецот (полицискиот службеник – како што е официјалното именување) на улица, во возило или на биро во станицата е тој кој создава пријатели или непријатели за целокупната организација. Така, полицаецот станува „центар на организацијата“, најзначајниот фактор во определувањето на ставот на јавноста кон полицијата и целината на полициската организација. Затоа, во современата полициска организација сериозно внимание се посветува на обуката на полициските работници. Во неа, посебно внимание се посветува токму на совладување на неопходното знаење за нивното однесување со и кон граѓаните. Ваквите сознанија влијаат на тоа, во образовните институции, да се посвети внимание кон изучувањето на комуникациските вештини, но и да се зајакнат и станат ефикасни облиците на контрола во постапувањето кон граѓаните и да се преземаат мерки кон прекршителите.

Истражувачките резултати упатуваат на тоа дека граѓаните во поглед на однесувањето на полицајците очекуваат, тие да покажат високо ниво на професионализам, културно и пристојно однесување, способност за разбирање на нивните проблеми и слично. Така, кога се создава слика за идеален полицаец, од аспект на очекувањата на граѓаните, тие треба да се појавуваат како: (1) строги, праведни и бескомпромисни во спроведувањето на законот, (2) да се пожртвувани чувари на редот и мирот и (3) да се доживуваат како луѓе во служба на потребите на сите граѓани, без разлика на специфичностите кои ги имаат тие. Меѓу барањата кои се истакнуваат како најважни за

адекватен настап на полицискиот службеник кон граѓаните и придобивање на нивната почит, кон тоа, се вбројуваат, како оние во поглед со неговиот изглед, настап и однесување, така и оние во поглед на неговите морални и други лични квалитети (Milosavljević, 1997).

### *Цел на полицијата: - безбедна заедница и сигурен живот на граѓаните*

Главна одлика на современото полициско работење е идејата дека полицијата и граѓаните работат на остварување на заеднички цели - безбедна заедница и сигурен живот на граѓаните. За да ги афирмира своите успеси и за да ја зајакне довербата меѓу граѓаните, полицијата треба постојано да работи на тоа јавноста да ги одобрува нејзините постапки. Како предуслов за добивање на поддршка од јавноста е јавност во полициското работење и негување на комуникацијата и заемното разбирање меѓу полицијата и граѓаните.

За тоа каков е имиџот на полицијата кај граѓаните анализата ќе се темели на неколку индикатори. Одговорите на прашањето, односно степенот на согласноста со ставот: „Полицајците кои се на моето место на живеење се многу нељубезни“ е илустративен.

***Табела број 87. Полицајците кои се на моето место на живеење се многу нељубезни***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 5,29 | 6,74 | 9,10 | 7,84 | 8,76 | 7,57 | 8,27 | 9,29 | 9,50 |
| 2. | **34,20** | **35,30** | **37,78** | **38,88** | **40,71** | **37,26** | **33,56** | **36,02** | **32,85** |
| 3. | **36,04** | **38,59** | **29,93** | **34,60** | **30,44** | **33,91** | **38,68** | **33,24** | **36,14** |
| 4. | 17,87 | 14,32 | 15,49 | 13,90 | 13,63 | 15,06 | 14,37 | 16,09 | 15,79 |
| 5. | 6,60 | 5,05 | 7,71 | 4,77 | 6,46 | 6,20 | 5,12 | 5,36 | 5,72 |
| Σ | **1304** | **1306** | **1440** | **1237** | **1130** | **1162** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда**: 1. воопшто не се согласувам; 2. не се согласувам; 3. не можам да оценам; 4. се согласувам; 5. потполно се согласувам; Σ вкупно испитаници што одговориле.

Што покажуваат одговорите? Дека во него доминираат две оценки изразени како „не се согласувам“ и „не можам да оценам“. Тие упатуваат дека овој став е неточен дека тие вредности биле највисоки во 2013 година и изнесувале 49,47 %, а најниска вредност била во 2009 година со 39,49 %. Во 2010 година 42,04 % не се согласуваат со понудената оценка, во 2011 тој број изнесува 46,88 %, во 2014 е намален на 44,84 %, таа тенденција на намалување продолжува во 2015 година со 41,83 %, а наредните две години во 2016 бележи благ пораст на 45,31 %, за во 2017 година да изнесува 42,34 %. Може да

констатираме дека толкав процент од испитаниците не се согласуваат со понудениот став дека полицајците од местото на живеење на испитаниците се нечесни, односно тие сметаат дека се љубезни.

Следната дистрибуција упатува на тоа какви се перцепциите на граѓаните во однос на полицајците од подрачјето на кое живеат. Дали нив ги доживуваат како чесни службеници? Одговорите се понудени во следниот табеларен приказ.

***Табела број 88. Полицајците кои се на моето место на живеење се нечесни***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 4,90 | 6,12 | 10,70 | 9,71 | 12,60 | 8,69 | 7,58 | 9,96 | 9,98 |
| 2. | 30,07 | 32,13 | 35,30 | 34,95 | 37,89 | 33,99 | 34,35 | 33,43 | 31,40 |
| 3. | **43,46** | **45,98** | **36,14** | **40,86** | **34,96** | **40,36** | **43,01** | **38,79** | **41,09** |
| 4. | 15,38 | 10,94 | 12,02 | 10,60 | 9,85 | 11,79 | 10,24 | 13,12 | 12,60 |
| 5. | 6,20 | 4,82 | 5,84 | 3,88 | 4,70 | 5,16 | 4,82 | 4,69 | 4,94 |
| Σ | **1307** | **1307** | **1439** | **1236** | **1127** | **1162** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда**: 1. воопшто не се согласувам; 2. не се согласувам; 3. не можам да оценам; 4. се согласувам; 5. потполно се согласувам; Σ вкупно испитаници што одговориле

На што упатуваат податоците. Прво, еден значителен број на граѓани избегнуваат одговор на така поставеното прашање. Значи, во распонот од 34,96 % во 2013 година до 45,98 % избегнале одговор. Дали тоа значи дека се согласуваат со таквиот став? Сепак, тоа се одговори кои се неопределени, при обработката на податоците, при дихотомизирањето, како облик на групирање на податоците од типот „не се“, или „да се“, вообичаено е да се групираат во негативните ставови иако експлицитно овој став е негативен. Втората значајна вредност во оваа дистрибуција се одговорите според оценката „не се согласувам“ дека се нечесни. Во неа одговорите се движат од 37,89 % во 2013 до 30,07 % во 2009 година.

Ако се набљудуваат одговорите во оваа дистрибуција дадени како „воопшто не се согласувам“ и „не се согласувам“, тогаш можеме да констатираме дека испитаниците имплицитно тврдат дека полицајците од нивното подрачје се чесни. Податоците ја изразуваат динамиката на разликите која се движи на следниот начин: во 2009 година 34,97 % експлицитно не се согласиле со понудените ставови, во 2010 процентот е нешто повисок и изнесува 38,26 %, во 2011 се стреми кон 46,00 %, во 2011 е 44,66 %, во 2013 повеќе од половината испитаници имаат таков став, односно 50,49 %, следната 2014 година,

тој процент изнесува 42,69 %, во 2015 е 41,93 %, во 2016 е 43,39 % и во последната 2017 година опаднал на 41,38 %.

Резултатите упатуваат дека определен број на испитаници кој се движи во распонот од една третина до половината испитаници имаат експлицитно позитивен став за полицајците од нивното место на живеење, спротивставувајќи се на понудената оценка дека полицајците од тоа подрачје се нечесни, односно тие тврдат дека се чесни.

Во барањето на одговор на прашањето за ликот на полицијата ќе прикажеме уште неколку дистрибуции. На прашањето да го изразат степенот на согласност со ставот „полицајците кои се на моето место на живеење се многу дрски“, испитаниците во изминатите девет години ги имаат одговорите понудени во следниот табеларен приказ.

***Табела број 89. Полицајците кои се на моето место на живеење се многу дрски***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 8,04 | 8,03 | 10,76 | 8,73 | 13,64 | 9,81 | 8,46 | 11,11 | 10,95 |
| 2. | 35,99 | 37,72 | 37,50 | 37,67 | 41,45 | 37,95 | 35,53 | 34,67 | 35,66 |
| 3. | **34,69** | **38,49** | **31,11** | **35,65** | **30,29** | **34,08** | **36,02** | **35,63** | **34,50** |
| 4. | 14,62 | 11,48 | 14,10 | 12,85 | 10,81 | 12,82 | 14,67 | 14,08 | 14,15 |
| 5. | 6,66 | 4,28 | 6,53 | 5,09 | 3,81 | 5,34 | 5,31 | 4,50 | 4,75 |
| **Σ** | **1306** | **1307** | **1440** | **1237** | **1129** | **1162** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда**: 1. воопшто не се согласувам; 2. не се согласувам; 3. не можам да оценам; 4. се согласувам; 5. потполно се согласувам; Σ вкупно испитаници што одговориле.

Од понудената дистрибуција може да се констатира дека во неа доминираат оценките „не се согласувам“. Тие се движат во распонот од 34,67 % во 2016 до 41,45 % во 2013 година. Може да се изведе заклучок дека една третина од испитаниците не се согласуваат со ставот дека полицајците од нивното подрачје се многу дрски. Односно, според тоа, тие се пријателски расположени кон нив. Забележително е и тоа дека во распонот од 31,11 % во 2011 до 38,49 % во 2010 година одговориле „не можам да оценам“. Ако се погледнат вредностите на оценките „воопшто не се согласувам“ и „не се согласувам“ заедно како една оценка, тогаш може да се воочи дека со такви оценки 44,03 % од испитаниците во 2009 година, 45,75 % во 2010, следната е 48,26 %, потоа следи 46,40 % и во 2013 година достигнува 55,09 % што е и највисока вредност во дадената деветгодишна дистрибуција. Во наредната 2014 година таа вредност опаѓа на 47,76 %, во следната е 44,00 %, во 2016 е 45,79 % и во последната 2017 година е 46,61 %. Всушност, толкав процент од испитаниците не се согласува со

понудената оценка дека „полицајците кои се на моето место на живеење се многу дрски“. Значи, дека тие се многу толерантни.

***Табела број 90. Ако се обидам да пријавам криминал на моето место на живеење, полицаецот ќе го извести пријавениот***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 5,96 | 7,65 | 7,01 | 6,79 | 11,45 | 7,65 | 5,12 | 6,80 | 6,30 |
| 2. | 22,63 | 20,72 | 18,47 | 21,42 | 26,08 | 21,65 | 22,24 | 21,36 | 20,45 |
| 3. | **43,43** | **44,80** | **43,54** | **44,38** | **37,53** | **42,87** | **44,00** | **40,13** | **45,83** |
| 4. | 21,18 | 20,64 | 22,64 | 20,78 | 18,33 | 20,79 | 19,59 | 24,52 | 19,48 |
| 5. | 6,80 | 6,19 | 8,33 | 6,63 | 6,61 | 7,04 | 9,06 | 7,18 | 7,95 |
| Σ | **1308** | **1308** | **1440** | **1237** | **1135** | **1164** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда**: 1. воопшто не се согласувам; 2. не се согласувам; 3. не можам да оценам; 4. се согласувам; 5. потполно се согласувам; Σ вкупно испитаници што одговориле.

За ликот на полицијата зборува и ставот на испитаниците во врска со тоа каков е степенот на доверба. На прашањето „Ако се обидам да пријавам криминал на моето место на живеење, полицаецот ќе го извести пријавениот“, доминантно одговараат „не можам да оценам“, што е индикатор дека е ниска довербата меѓу граѓаните и можноста да споделат оценка. Повеќе од една третина речиси до половина од испитаниците одделно по години, на барањето да го изразат степенот на согласување со понудениот став одговараат со „не можам да оценам“. Зошто, испитаниците така се определуваат? И зошто таа е највисока во 2017 година? Веројатно е дека се можни повеќе одговори. Тие најчесто се детерминирани од општествениот контекст и односите кои се воспоставуваат во заедницата.

Еден од можните одговори за претходната дистрибуција може да побара и во одговорите од следната дистрибуција.

Еден од сериозните општествени проблеми е корупцијата во полициските редови. Под тој поим се подразбира секое дејство или пропуст што полицискиот службеник ќе го стори при вршење на својата должност, а за тоа како возврат бара или прифаќа некаква корист, погодност или интерес за себе или за друго лице; како и секое пречекорување и прекршување на стандардните постапки и процедури, злоупотреба на службената должност или пречекорување на со закон дадените полициски овластувања, поради директно или индиректно ветена, понудена, дадена, побарана, прифатена или очекувана материјална, нематеријална корист, погодност, предност или друг интерес од страна на полицискиот службеник, за себе или за некој друг со намера да изврши или да се воздржи од извршување на работа која

законски е должен да ја изврши или да не ја изврши (Ременски Ташевска & Николовски, 2015). Имено, од испитаниците беше побарано да го изразат степенот на согласување со понудениот став: „Полицијата е неефикасна затоа што постои корупција во полициските редови“.

Од понудената дистрибуција може да се констатира дека позитивните ставови, односно степенот на согласност „се согласувам“ и „потполно се согласувам“ доминираат во дадената дистрибуција. Ако се погледнат вредностите во двете оценки заедно ќе се констатира дека значителен број на испитаници ја перципира полицијата како структура во која постои корупција. Со позитивни ставови кон ова прашање во 2009 година се изјасниле 56,86 %, во 2010 64,4 %, речиси толку 64,21 % во наредната 2011 година, па следната 2012 тие оценки опаднале на 60,71 %, за да забележат најниска вредност во 2013 година од 57,12 %. Следните години оценките бележат определена динамика со повисоки или пониски вредности. Наредната 2014 година таа вредност е 60,84 %, за да следните две години забележи пад на 59,65 % во 2015 и 528,52 % во 2016 година, за да заврши на 62,21 % во 2017 година.

***Табела број 91. Полицијата е неефикасна затоа што постои корупција во полициските редови***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 2,46 | 1,38 | 3,06 | 2,99 | 3,98 | 2,75 | 3,15 | 2,01 | 2,33 |
| 2. | 10,98 | 9,02 | 10,63 | 9,94 | 14,59 | 10,93 | 10,53 | 11,69 | 9,79 |
| 3. | 29,72 | 25,15 | 22,10 | 26,35 | 24,31 | 25,47 | 26,67 | 27,78 | 25,68 |
| 4. | 35,41 | 33,94 | 36,48 | 36,38 | 30,68 | 34,68 | 31,00 | 32,18 | 33,72 |
| 5. | 21,43 | 30,50 | 27,73 | 24,33 | 26,44 | 26,16 | 28,64 | 26,34 | 28,49 |
| **Σ** | **1302** | **1308** | **1439** | **1237** | **1131** | **1162** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда**: 1. воопшто не се согласувам; 2. не се согласувам; 3. не можам да оценам; 4. се согласувам; 5. потполно се согласувам ; Σ вкупно испитаници што одговориле

Во тесна врска со претходните прашања е и степенот на согласноста околу оценката дека „Корупцијата во нашата земја е многу висока“.

***Табела број 92. Во нашата земја корупцијата е многу висока***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 1,53 | 0,84 | 2,08 | 0,66 | 1,41 | 1,29 | 1,38 | 0,67 | 1,26 |
| 2. | 4,82 | 3,82 | 5,28 | 5,75 | 7,40 | 5,34 | 6,10 | 8,24 | 6,78 |
| 3. | 17,13 | 9,78 | 12,57 | 13,72 | 16,30 | 13,79 | 16,34 | 16,67 | 14,15 |
| 4. | **41,51** | **38,50** | **35,07** | **39,19** | **35,77** | **38,02** | **34,65** | **33,81** | **33,82** |
| 5. | 35,02 | 47,06 | 45,00 | 40,67 | 39,12 | 41,55 | 41,54 | 40,61 | 43,99 |
| **Σ** | **1308** | **1309** | **1440** | **1217** | **1135** | **1160** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда**: 1. воопшто не се согласувам; 2. не се согласувам; 3. не можам да оценам; 4. се согласувам; 5. потполно се согласувам; Σ вкупно испитаници што одговориле

Резултатите во претходната табела укажуваат дека испитаниците „се согласуваат“, не помалку значаен и присутен е и степенот на согласност „потполно се согласувам“. Изминатите девет години во нашата земја беа општествено насочени и организирани бројни активности со кои се демонстрираше дека постои подготвеност на општеството да се справи, или конкретно, корупцијата да ја сведе на подносливи рамки. Но како што се зголемуваа акциите, така се зголемуваа и перцепциите за корумпираноста на општеството.

***Табела број 93. Во нашата земја корупцијата е многу висока***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| не | 6,35 | 4,66 | 7,36 | 6,41 | 8,81 | 6,64 | 7,48 | 8,91 | 8,04 |
| нмо | 17,13 | 9,78 | 12,57 | 13,72 | 16,30 | 13,79 | 16,34 | 16,67 | 14,15 |
| да | **76,53** | **85,56** | **80,07** | **79,87** | **74,89** | **79,57** | **76,18** | **74,43** | **77,81** |
| Σ | **1308** | **1309** | **1440** | **1217** | **1135** | **1160** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда:** не =(воопшто не се согласувам, не се согласувам). нмо= (не можам да оценам) и да = (се согласувам и потполно се согласувам); Σ = вкупен број испитаници што одговориле

Од прегрупираните податоци може да се утврди дека испитаниците во изминатите девет години изразуваат висок степен на согласност со понудениот став. Нивниот степен на согласност е најмалку или нешто повеќе од три четвртини на испитаниците и се движи во распонот од 74,43 % во 2016 до 85,56 % во 2010 година.

И одговорите на прашањето: дали контактот со полицијата придонесе да го смените вашиот став за полицијата - е индикативен.

***Табела број 94. „Дали контактот што го имавте со полицијата, придонесе да го смените Вашиот став за полицијата?“***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| да | **52,39** | 50,79 | 35,40 | 38,50 | 37,52 | 45,52 | 43,26 | 38,40 | 34,29 | **32,56** |
| не | 47,61 | 49,21 | 64,60 | 61,50 | 62,48 | 54,48 | 56,74 | 61,60 | 65,71 | 67,44 |
| Σ | **1048** | **1201** | **1113** | **1257** | **1034** | **881** | **1001** | **927** | **1044** | **1032** |

Потврдните одговори на ова прашање упатуваат на тоа дека тие се движат од 52,39 % во 2008 до 32,56 % во 2017 година. На што се темели ваквиот став? Одговорот е покомплексен.

Овие податоци илустрираат, иако тоа не е експлицитно изразено, за определени релации на полицаецот и граѓаните и нивниот третман. Во полициската работа и постапување од особено значење е начелото на еднаков и непристрасен третман на сите граѓани. Тој однос посебно е видлив кога се постапува кон децата, жените и старите лица. Однесувањето на полицајците се очекува да е приспособено и кон болните и повредени лица, ментално заболените, депресивни и лица склони кон самоубиство, кон наркоманите, алкохоличарите, агресивните лица, скитниците, девијантната младина итн. Сложеноста и значењето на ова прашање е изразено и преку обврската полицијата да пружи заштита на сите лица без разлика на етничката, верската, половата или имотната разлика. Така, полицаецот ќе биде во можност и криминалецот од најлош вид да го заштити од агресивните граѓани, или во постапувањето да ја ризикува и својата безбедност.

Всушност, станува збор за перцепции кои повеќе или помалку се под притисок на медиумската презентација на настани, но и на недоволно јасниот и транспарентен однос на полицијата и полициските структури кон јавноста. Овде станува збор за перцепции во кои се испреплетува комплексот правни и морални обврски и одговорности на полицијата во поглед на правилното извршување на нејзините задачи, уважување на човечкото достоинство и респектирање на сите граѓани и нивните слободи и права.

Исто така, треба да се има предвид дека односот на полицијата кон граѓаните е во сложените односи на општеството и борбата против криминалот и корупцијата, како и отсуството на повидливи резултати од обидот граѓаните да се имаат како партнери во грижата за заедницата. Во таа улога граѓаните можат значајно да придонесат кон безбедноста на заедницата, а со тоа во вкупното извршување на полициските задачи (Мојаноски, 2011). Од истражувачките резултати може да се воочат тенденциите дека отсуствува подготвеноста на граѓаните за благовремено известување на полицијата, посебно во

случаи на воочување на нешто сомнително во своето соседство, при давањето потребни информации на полицијата и подготвеноста за сведочење на суд, како и преземање мерки за лична сигурност и сигурност на својот имот, посебно за учество во програмите и активностите за подобрување на безбедноста, заштита на граѓаните - одделно на младината и децата. Треба да спомeнеме дека тоа е резултанта на сведувањето на концептот community policing на медиумски проект во кој одделни институции, како и високите раководители во полицијата се јавуваа во улога на „добротвори“ и ги поучуваа странците или граѓаните за опасностите од одделни дејства. Во таа смисла не заостануваат и разни совети и други тела чија задача е да развиваат односи и воспоставуваат партнерства со институции и поединци чија задача е грижата за безбедноста и несметаниот живот во заедницата. Тоа значи дека активностите се насочуваат кон превенцијата и сузбивањето на криминалитетот, кон обезбедувањето на јавниот ред и мир. Овде секогаш се укажува дека полицијата колку и да ги зголемува техничките капацитети и човечките потенцијали, таа секогаш не може ефикасно да се носи со криминалитетот ако покрај себе ги нема граѓаните, односно јавноста . Покрај неоспорната важност на таквите достигнувања и средства, сепак, граѓаните се главниот актер на превенцијата на криминалитетот, како и битен фактор во сознавањето за извршени кривични дела, а често и во нивното разоткривање (Milosavljević, 1997).

Исто така, во општеството сите одговорни субјекти мора да прават многу повеќе поради создавање на поволна клима за успех на полициското дејствување. Според тоа, со ова само се нагласува познатата вистина според која односите на полицијата и граѓаните се двострани односи, така што и ставовите на полицајците кон граѓаните природно зависат од нивното задоволство со својата работа и својот вкупен општествен статус, како и од вкупната состојба на меѓучовечките односи во дадено општество.

***Односот граѓани - полиција***

**Влијанието на граѓаните на работата на полицијата.** *Според концептот* community policing во слободното општество граѓаните имаат отворен пристап кон полициската организација и влијаат на политиката и врз работата на полицијата и донесувањето на полициските одлуки. Пристапот и влијанието од страна на избраните претставници се смета за неопходен, но не и за доволен. Локалната заедница и соседството, според овој концепт, имаат можност да влијаат. Легитимните групи од интерес во заедницата го отвораат прашањето и

ја наметнуваат дискусијата за него и настојуваат да влијаат на полициските претставници и нивните одлуки. Полициските слично како и другите владини агенции, посебно оние кои го следат начелото на отвореност, отчетност и одговорност треба да настојуваат секогаш да бидат достапни и одговорни. Механизмите на остварување на значајно и зголемено влијание од земја до земја, од една заедница до друга се различни. Некои полициски агенции ги користат систематските и периодични истражувања за да ги воочат безбедносните потреби на граѓаните. Други веруваат во отворените (јавните) форуми, градските митинзи, радио и телевизиските емисии со можности за вклучување на граѓаните. Некои полициски претставници редовно се состануваат со советодавните облици на граѓаните, претставниците на малцинските групи, деловните лидери и други формални групи. Овие техники ги применуваат полициските офицери, локалните полициски командири или обичните полицајци, особено при вршењето на патролната дејност. Тие се фокусираат на надлежностите, на некоја потесна област или на некој конкретен проблем или појава. Техниките што се користат поради поттикнување на граѓаните се со цел да влијаат на полицијата да постигнува видливи и применливи акции, кои даваат резултат. Теоријата community policing претпоставува дека полициските агенции треба, тогаш кога носат одлуки, грижливо да настојуваат да остварат влијание врз граѓаните и да ја приспособат политиката на полициската работа која е од интерес за заедницата, односно која и е најпотребна на заедницата. Најчесто овие акции се водат под паролата „од граѓаните, за граѓаните и со граѓаните“ (Симоновић, 2006).

Во продолжение каков е односот на граѓаните кон полицајците во местото на живеење. Во барањето одговор за тоа какви се перцепциите на граѓаните за полицајците во нивното место на живеење беа поставувани и прашања со негативна конотација. Натамошната интерпретација ќе се позанимава со дел од нив. На прашањето „Во моето место на живеење граѓаните на полицајците селективно им помагаат во извршувањето на нивните обврски“, доминантно граѓаните се определиле за опцијата „не можам да оценам“, што може да значи и определена воздржаност. Овој податок упатува на тоа дека постои недоверба кон соговорникот, околу тоа да се согласи дека тие на полицаецот од нивното место на живеење, селективно му помагаат.

***Табела број 95. Во моето место на живеење граѓаните на полицајците селективно им помагаат во извршувањето на нивните обврски***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 4,12 | 3,67 | 5,36 | 4,45 | 4,39 | 4,38 | 5,51 | 5,75 | 4,36 |
| 2. | 17,40 | 15,51 | 17,19 | 20,21 | 20,47 | 18,04 | 23,03 | 23,75 | 23,93 |
| 3. | **38,32** | **40,87** | **37,44** | **36,86** | **35,15** | **37,80** | **39,37** | **33,62** | **34,11** |
| 4. | 33,51 | 30,63 | 31,94 | 30,88 | 33,22 | 32,04 | 26,08 | 31,42 | 28,88 |
| 5. | 6,64 | 9,32 | 8,07 | 7,60 | 6,77 | 7,73 | 6,00 | 5,46 | 8,72 |
| Σ | **1310** | **1309** | **1437** | **1237** | **1138** | **1164** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда**: 1. воопшто не се согласувам; 2. не се согласувам; 3. не можам да оценам; 4. се согласувам; 5. потполно се согласувам; Σ = вкупен број испитаници што одговориле.

Ако се погледне распонот на одговорот „не можам да оценам", во изминатите девет години, тој се движи од 33,62 % во 2016 до 40,87 % по 2010 година. Податоците индицираат дека испитаниците се поделени во две доминантни групи.

Најдобра илустрација за тоа е графичкиот приказ во продолжение.

***Графикон број 18. Во моето место на живеење граѓаните на полицајците селективно им помагаат во извршувањето на нивните обврски***




Од графичкиот приказ може да се утврди дека позитивнитепотврдни одговори се движат во распонот од 32,09 % во 2015 до 40,15 % во 2009 година. И негативно изразениот однос кон констатацијата во прашањето покажува дека таа се движи во распонот

од 19,17 % во 2010 до 29,50 % во 2016 година. Значи, меѓу една петтина и нешто помалку од една третина од испитаниците сметаат дека не е точно тврдењето дека граѓаните селективно им помагаат на полицајците во извршувањето на нивните обврски.

***Табела број 96. Во моето место на живеење граѓаните и веруваат на полицијата и ја почитуваат***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 5,00 | 3,59 | 4,73 | 4,92 | 3,88 | 4,47 | 4,23 | 3,64 | 3,20 |
| 2. | 21,29 | 19,95 | 19,74 | 18,81 | 21,41 | 20,19 | 19,39 | 23,75 | 22,48 |
| 3. | 30,13 | 32,95 | 27,10 | 28,65 | 25,11 | 28,87 | 26,87 | 29,21 | 27,13 |
| 4. | **36,82** | **34,56** | **39,12** | **40,84** | **39,38** | **38,06** | **39,57** | **35,92** | **36,82** |
| 5. | 6,76 | 8,94 | 9,31 | 6,78 | 10,22 | 8,42 | 9,94 | 7,47 | 10,37 |
| **Σ** | **100,00** | **100,00** | **100,00** | **100,00** | **100,00** | **100,00** | **100,00** | **100,00** | **100,00** |

**Легенда**: 1. воопшто не се согласувам; 2. не се согласувам; .3 не можам да оценам; 4. се согласувам; 5. потполно се согласувам; Σ = вкупен број испитаници што одговориле

Во врска со податоците прикажани во претходната табела може да се воочи дека на прашањето дека „во моето место на живеење граѓаните и веруваат на полицијата и ја почитуваат “. Со ваквиот став „воопшто не се согласувам“ или „не се согласувам“ одговориле 26,9 % во 2009 година, 23,55 % во 2010, па следната година 24,6 %, за во наредната 2012 година тој процент да опадне на 23,73 %. Во 2013 , како и во 2009 година, 25,29 % ги делат овие оценки. Наредните три години оценките се одвиваат со извесна динамика. Така во 2014 година тие се 24,66 % од испитаниците, во 2015 се 23,62 %, во 2016 година се зголемува на 27,39 %, за да заврши со 25,68 % во истата година.

Резултатите инклинираат кон тоа дека повеќе од една третина од испитаниците смета дека граѓаните не и веруваат и не ја почитуваат полицијата во нивното место на живеење. Ако на тоа се додадат и оние кои одговориле со „не можам да оценам“, тогаш може да се констатира дека повеќе од половината испитаници го делат претходно констатираното мислење.

И во групата на експлицитно позитивно изразените оценки, низ модалитетите „се согласувам“ и „потполно се согласувам“, може да се констатира дека тие се движат во распонот од 43,49 % во 2016 година до 49,51 % во 2015 година.

Диференцијациите на ставовите покажуваат дека кај испитаниците се присутни определен број на гледишта, кои упатуваат на тоа дека довербата е клучно прашање, кое се гради низ долготрајна упорна и посветена работа. Тоа може да индицира дека полицијата ќе треба да направи дополнителни напори за развивање на активности со кои перцепциите на граѓаните кон полицијата и полициските

активности ќе имаат повисоки позитивни вредности, односно повисок степен на согласување со понудениот став.

***Табела број 97. Во моето место на живеење граѓаните ѝ веруваат и ја почитуваат полицијата***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| не | 26,29 | 23,55 | 24,46 | 23,73 | 25,29 | 24,66 | 23,62 | 27,39 | 25,68 |
| нмо | 30,13 | 32,95 | 27,10 | 28,65 | 25,11 | 28,87 | 26,87 | 29,21 | 27,13 |
| да | **43,58** | **43,50** | **48,44** | **47,62** | **49,60** | **46,48** | **49,51** | **43,39** | **47,19** |
| Σ | **1301** | **1308** | **1439** | **1239** | **1135** | **1164** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда:** не =(воопшто не се согласувам, не се согласувам). нмо= (не можам да оценам) и да = (се согласувам и потполно се согласувам); Σ = вкупен број испитаници што одговориле

За тоа каква е довербата на граѓаните во полицијата на локално ниво зборуваат и одговорите на прашањето според кое „Во моето место на живеење граѓаните се чувствуваат слободни да разговараат со полицијата за грижите на заедницата“. Најелементарната анализа на податоците во следната табела упатуваат на тоа дека одговорите на испитаниците се во распонот на средните оценки, доминантни се оценките „се согласувам“ со вредности во распон од 36,11 % во 2016 до 41,39 % во 2013 година. Потоа следуваат испитаниците чии оценки се неопределени и се изразени во изразот „не можам да оценам“.

***Табела број 98. Во моето место на живеење граѓаните се чувствуваат слободни да разговараат со полицијата за грижите на заедницата***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 3,75 | 3,44 | 5,63 | 5,34 | 3,87 | 4,47 | 4,53 | 4,41 | 3,68 |
| 2. | 23,70 | 20,12 | 19,54 | 21,70 | 18,80 | 20,79 | 21,46 | 22,22 | 21,80 |
| 3. | 29,51 | 30,37 | 24,90 | 26,23 | 24,87 | 27,23 | 28,94 | 28,83 | 26,07 |
| 4. | **36,62** | **36,65** | **37,48** | **38,38** | **41,39** | **37,97** | **35,43** | **36,11** | **38,37** |
| 5. | 6,42 | 9,41 | 12,45 | 8,34 | 11,07 | 9,54 | 9,65 | 8,43 | 10,08 |
| **Σ** | **1308** | **1307** | **1438** | **1235** | **1138** | **1164** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда**: 1. воопшто не се согласувам; 2. не се согласувам; 3. не можам да оценам; 4. се согласувам; 5. потполно се согласувам; Σ = вкупен број испитаници што одговориле

Следната група, не така високи, ама значајни оценки се оние кои се изразени во обликот „не се согласувам“. Тие се движат во распон од околу една петтина (18,80 % во 2013 година), до една четвртина (23,70 % во 2009 година).

***Табела број 99. Во моето место на живеење граѓаните се чувствуваат слободни да разговараат со полицијата за грижите на заедницата***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| не | 27,45 | 23,57 | 25,17 | 27,04 | 22,67 | 25,26 | 25,98 | 26,63 | 25,48 |
| нмо | 29,51 | 30,37 | 24,90 | 26,23 | 24,87 | 27,23 | 28,94 | 28,83 | 26,07 |
| да | 43,04 | 46,06 | 49,93 | 46,72 | 52,46 | 47,51 | 45,08 | 44,54 | 48,45 |
| | **1308** | **1307** | **1438** | **1235** | **1138** | **1164** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда:** не =(воопшто не се согласувам, не се согласувам). нмо= (не можам да оценам) и да = (се согласувам и потполно се согласувам); Σ = вкупен број испитаници што одговориле

Ако се погледнат групираните одговори според степенот на несогласување (опфатени се одговорите „воопшто не се согласувам“ и „не се согласувам“), тогаш може да се воочи дека меѓу 27 % од испитаниците во 2009 и 2012 година, односно во распонот од 22,67 % во 2013 до 27,45 % во 2009 година сметаат дека граѓаните не се чувствуваат слободни да разговараат со полицијата за грижите на заедницата. Ако на овие вредности се додадат и неопределените (испитаниците кои одговориле со „не можам да оценам“), кои се движат во распонот од 24,87 % во 2013 па сè до 30,37 % во 2010 година, тогаш сликата за чувството на слобода да разговараат за грижите на заедницата добива поинаква конотација.

Несомнено, овие дистрибуции се во определен степен пониски од дистрибуциите со позитивна конотација (опфатени се одговорите со оценките „се согласувам“ и „потполно се согласувам“). Имено, тие се движат во распонот меѓу 43,04 % во 2009 и 52,46 % во 2013 година.

Предмет на оценување на испитаниците беше и ставот според кој, тие требаше да изразат степен на согласност дека во нивното место на живеење полицијата се обидува да ги подобри односите со граѓаните.

***Табела број 100. Во моето место на живеење полицијата се обидува да ги подобри односите со граѓаните***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 2,99 | 3,60 | 6,39 | 4,77 | 4,24 | 4,47 | 5,61 | 5,56 | 4,36 |
| 2. | 16,92 | 15,53 | 17,10 | 19,73 | 18,36 | 17,45 | 20,87 | 21,36 | 22,09 |
| 3. | 29,25 | 32,59 | 26,82 | 29,75 | 25,51 | 28,80 | 28,54 | 31,99 | 32,17 |
| 4. | 44,64 | 39,86 | 38,57 | 38,32 | 42,01 | 40,58 | 38,19 | 34,87 | 32,95 |
| 5. | 6,20 | 8,42 | 11,12 | 7,44 | 9,89 | 8,68 | 6,79 | 6,23 | 8,43 |
| **Σ** | **1306** | **1307** | **1439** | **1237** | **1133** | **1163** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда:** 1. воопшто не се согласувам; 2. не се согласувам; 3. не можам да оценам; 4. се согласувам; 5. потполно се согласувам; Σ = вкупен број испитаници што одговориле

Ако се погледнат одговорите со негативна конотација („воопшто не се согласувам“ и „не се согласувам“) заедно, тогаш може да се констатира дека речиси една петтина, до една четвртина (19,13 % во 2010 до 26,92 % во 2016 година) сметаат дека полицијата не се обидува да ги подобри односите со граѓаните.

***Табела број 101. Во моето место на живеење полицијата се обидува да ги подобри односите со граѓаните***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| не | 19,91 | 19,13 | 23,49 | 24,49 | 22,59 | 21,93 | 26,48 | 26,92 | 26,45 |
| нмо | 29,25 | 32,59 | 26,82 | 29,75 | 25,51 | 28,80 | 28,54 | 31,99 | 32,17 |
| да | 50,84 | 48,28 | 49,69 | 45,76 | 51,90 | 49,27 | 44,98 | 41,09 | 41,38 |
| | **1306** | **1307** | **1439** | **1237** | **1133** | **1163** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда:** не =(воопшто не се согласувам, не се согласувам). нмо=( не можам да оценам) и да = (се согласувам и потполно се согласувам); Σ = вкупен број испитаници што одговориле

Но, несомнено е дека нешто повеќе од две петтини (41,09 % во 2016 до 51,90 % во 2013 година имаат позитивен став (изразен преку оценките „се согласувам“ и „потполно се согласувам“). Забележително е дека речиси една третина од испитаниците при одговорот на ова прашање (26,82 % во 2011 до 32,59 % во 2010 година) имаат неутрален став, односно се определиле да одговорат со „не можам да оценам“.

За тоа какво е задоволството на граѓаните од работата на полицијата на локално ниво, укажува следната дистрибуција.

***Табела број 102. Во моето место на живеење граѓаните се задоволни од работата на полицијата***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 5,87 | 4,51 | 8,41 | 7,36 | 4,34 | 6,10 | 6,20 | 5,75 | 5,43 |
| 2. | 21,43 | 25,97 | 22,25 | 23,20 | 24,11 | 23,39 | 23,92 | 26,05 | 27,33 |
| 3. | **42,33** | **37,20** | **35,88** | **38,56** | **33,95** | **37,66** | **38,39** | **34,67** | **34,88** |
| 4. | 26,16 | 26,13 | 26,36 | 25,63 | 29,79 | 26,74 | 26,48 | 28,26 | 25,19 |
| 5. | 4,20 | 6,19 | 7,09 | 5,25 | 7,80 | 6,10 | 5,02 | 5,27 | 7,17 |
| **Σ** | **1311** | **1309** | **1438** | **1237** | **1128** | **1163** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда**: 1. воопшто не се согласувам; 2. не се согласувам; 3. не можам да оценам; 4. се согласувам; 5. потполно се согласувам; Σ = вкупен број испитаници што одговориле.

Оценките погледнати поединечно според Ликертовиот редослед покажуваат дека оние со „не можам да оценам“ се доминантни и се движат во распонот од 33,95 % во 2013 до 42,33 % во 2009 година.

***Графикон број 19. Во моето место на живеење граѓаните се задоволни од работата на полицијата***




Ако графички се прикажат одговорите на испитаниците, притоа како единствени податоци се покажат негативните оценки („воопшто не се согласувам“ и „не се согласувам“), неопределените и позитивните оценки (како збир на одговорите „се согласувам“ и „потполно се согласувам“), тогаш може да се утврди дека во првата група, експлицитно несогласување со понудениот став имаат испитаниците меѓу 27,31 % во 2009 и 31,80 % во 2016 година. Оттаму може да се констатира дека околу триесетина проценти од испитаниците не се задоволни од работата на полицијата во сопственото место на живеење.

***Табела број 103. Во моето место на живеење граѓаните се задоволни од работата на полицијата***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| не | 27,31 | 30,48 | 30,67 | 30,56 | 28,46 | 29,49 | 30,12 | 31,80 | 32,75 |
| нмо | 42,33 | 37,20 | 35,88 | 38,56 | 33,95 | 37,66 | 38,39 | 34,67 | 34,88 |
| да | 30,36 | 32,31 | 33,45 | 30,88 | 37,59 | 32,85 | 31,50 | 33,52 | 32,36 |
| **Σ** | **1311** | **1309** | **1438** | **1237** | **1128** | **1163** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда:** не =(воопшто не се согласувам, не се согласувам). нмо= (не можам да оценам) и да = (се согласувам и потполно се согласувам); Σ = вкупен број испитаници што одговориле

Ако се погледнат позитивните ставови тогаш може да се констатира дека тие се движат во распонот од околу триесетина проценти, односно од 30,36 % во 2009 до 37,59 % во 2013 година.

Од целината на податоците може да се воочи дека испитаниците се поделени во три приближни групи на оценки, кои се движат меѓу

јасно изразениот став дека постои задоволство од работата на полицијата во местото на живеење. Но доколку се земат предвид заедно негативните ставови и неопределените тогаш со поголема сигурност би можеле да констатираме дека во изминатите девет години висока е несогласноста со понудениот став, односно значителен е бројот на испитаниците кои имаат експлицитно јасен негативен и неопределен став дека граѓаните се задоволни од работата на полицијата. Тој степен на незадоволство е значително повисок од експлицитно позитивно изразениот став, што, секако, упатува на потребата на барање одговор во дистрибуциите кои се предмет на анализа во ова истражување.

За тоа каква е оценката на граѓаните за односот на полицијата кон нивните барања, беше мерен степенот на согласност со понудениот став „во моето место на живеење полицијата одговара на барањата и грижите на граѓаните, повици за пријавување и услуги".

Во понудената дистрибуција доминантно се согласуваат со понудената констатација дека полицијата во нивното место на живеење одговара на барањата на граѓаните. Тие се согласуваат дека таа грижа е најизразена кога станува збор за упатените повици кон полицијата, најчесто институционализирана во полициската станица и преку давањето определени услуги, кои се однесуваат на задоволувањето на барањата на граѓаните поврзани со документи. Иако последните години организациски еден дел од издавањето на документите е во надлежност на други органи, локациската поставеност, но и долгогодишната практика тие да се издаваат од органите за внатрешни работи ја јакне претставата дека полицијата е субјектот што одговара на барањата на граѓаните изразени како барања и услуги.

***Табела број 104. Во моето место на живеење полицијата одговара на барањата и грижите на граѓаните (повици за пријавување и услуги)***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 4,13 | 2,83 | 5,63 | 4,77 | 2,46 | 4,04 | 4,53 | 3,54 | 3,88 |
| 2. | 15,51 | 15,06 | 13,62 | 12,06 | 12,32 | 13,75 | 16,83 | 17,53 | 17,15 |
| 3. | 27,81 | 25,76 | 27,59 | 26,94 | 24,12 | 26,55 | 26,97 | 24,71 | 22,87 |
| 4. | **44,61** | **46,25** | **42,25** | **47,41** | **49,30** | **45,79** | **42,52** | **44,44** | **45,83** |
| 5. | 7,94 | 10,09 | 10,91 | 8,82 | 11,80 | 9,88 | 9,15 | 9,77 | 10,27 |
| **Σ** | **1309** | **1308** | **1439** | **1236** | **1136** | **1164** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда**: 1. воопшто не се согласувам; 2. не се согласувам; 3. не можам да оценам; 4. се согласувам; 5. потполно се согласувам; Σ = вкупен број испитаници што одговориле

Посебно не интересира нивото на оние кои изразуваат несогласување со ваквиот став. Тоа посебно е интересно затоа што индиректно тоа значи признавање дека во местото на живеење на

испитаникот полицијата не одговара на барањата и грижите на граѓаните. Сумите на процентите на оценките „воопшто не се согласувам“ и „не се согласувам“, дека околу 20 % од испитаниците имаат став дека полицијата не одговара на нивните барања и не се грижи за нивните барања. Значително повисок е процентот, околу триесетина проценти на тие што одговориле со „не можам да оценам“, што ситуацијата е значително поинаква, а анализата се усложнува затоа што недостасуваат други извори и податоци кои можат да обезбедат рационален одговор на поставеното прашање.

***Табела број 105. Во моето место на живеење полицијата одговара на барањата и грижите на граѓаните (повици за пријавување и услуги)***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| не | 19,63 | 17,89 | 19,25 | 16,83 | 14,79 | 17,78 | 21,36 | 21,07 | 21,03 |
| нмо | 27,81 | 25,76 | 27,59 | 26,94 | 24,12 | 26,55 | 26,97 | 24,71 | 22,87 |
| да | 52,56 | 56,35 | 53,16 | 56,23 | 61,09 | 55,67 | 51,67 | 54,21 | 56,10 |
| Σ | **1309** | **1308** | **1439** | **1236** | **1136** | **1164** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда:** не =(воопшто не се согласувам, не се согласувам). нмо= (не можам да оценам ) и да = (се согласувам и потполно се согласувам); Σ = вкупен број испитаници што одговориле.

На што упатуваат одговорите, во основа доминираат афирмативните ставови, односно одговорите на ова прашање ($\bar{x}$=55,23 %, σ=2,80 % и V=5,07 %). Од податоците може да се заклучи дека овие одговори покажуваат релативно значајна хомогеност, односно бројот на испитаници кој се определува за афирмативен став кон понуденото тврдење е 55 од можните 100 испитаници што е релативно високо и не е во соодветна релација со другите одговори, поврзани со оценките за полицијата и нејзиниот однос кон граѓаните, како и оценките за полицајците кон нив.

Втората група по интензитет се одговорите „не можам да оценам“ кои се движат нешто повеќе од една петтина од испитаниците ($\bar{x}$=25,92 %, σ=1,69 % и V=6,53 %). Оваа дистрибуција покажува релативно стабилни карактеристики што упатува на тоа дека приближно еднаков број на граѓани секоја година се приклонува кон ваквата оценка.

И со најслаб интензитет ($\bar{x}$=18,85 %, σ=2,22 % и V=11,77 %), но со определени варијации на бројот на испитаниците, од година во година се оние одговори кои изразуваат степен на несогласување, односно одговараат дека полицијата не одговара на барањата и грижите на граѓаните, односно, таа е инертна кон повиците за пријавување, а уште помалку е свртена кон давање на услуги на граѓаните

Општ заклучок е дека испитаниците имаат значително повисок процент на јасен позитивен став, степен на согласност изразена како „се согласувам“ и „потполно се согласувам“ дека полицијата во нивното место на живеење одговара на грижите и барањата на граѓаните. Тој степен на согласност се движи во распонот од 51,67 % во 2015 до 61,09 % во 2013 година.

Еден од можните одговори за претходната дистрибуција може да се побара и во одговорите од следната дистрибуција. Имено, од испитаниците беше побарано да го изразат степенот на согласување со понудениот став: „Во моето место на живеење граѓаните **не се плашат** да пријават криминал во полицијата“. Од понудената дистрибуција може да се констатира дека одговорите на испитаниците доминантно се групирани околу оценката „не можам да оценам“. Одговорите се движат во распонот од 22,08 % во 2011 до 35,98 % во 2009 година.

***Табела број 106. Во моето место на живеење граѓаните не се плашат да пријават криминал во полицијата***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 6,49 | 6,04 | 5,35 | 5,58 | 4,59 | 5,67 | 5,51 | 4,12 | 5,23 |
| 2. | 25,82 | 23,22 | 16,69 | 18,45 | 14,13 | 19,76 | 14,96 | 18,49 | 14,92 |
| 3. | **35,98** | **35,60** | **22,60** | **25,08** | **23,50** | **28,61** | **25,20** | **24,62** | **25,00** |
| 4. | 26,97 | 28,57 | 41,24 | 39,81 | 43,02 | 35,74 | 39,17 | 41,00 | 41,38 |
| 5. | 4,74 | 6,57 | 14,12 | 11,08 | 14,75 | 10,22 | 15,16 | 11,78 | 13,47 |
| **Σ** | **1309** | **1309** | **1438** | **1236** | **1132** | **1164** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда**: 1. воопшто не се согласувам; 2. не се согласувам; 3. не можам да оценам; 4. се согласувам; 5. потполно се согласувам; Σ = вкупен број испитаници што одговориле.

Втората карактеристика на оваа дистрибуција е приближно еднаквата дистрибуираност на негативните („воопшто не се согласувам“ и „не се согласувам“) и на позитивните ставови („се согласувам“ и „потполно се согласувам“) во 2009 и 2010 година. Потоа, во следните години значително се повисоки позитивните ставови.

***Табела број 107. Во моето место на живеење граѓаните не се плашат да пријават криминал во полицијата***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| не | 32,31 | 29,26 | 22,04 | 24,03 | 18,73 | 25,43 | 20,47 | 22,61 | 20,16 |
| нмо | 35,98 | 35,60 | 22,60 | 25,08 | 23,50 | 28,61 | 25,20 | 24,62 | 25,00 |
| да | 31,70 | 35,14 | 55,35 | 50,89 | 57,77 | 45,96 | 54,33 | 52,78 | 54,84 |
| | **1309** | **1309** | **1438** | **1236** | **1132** | **1164** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда:** не =(воопшто не се согласувам, не се согласувам). нмо= (не можам да оценам) и да = (се согласувам и потполно се согласувам); Σ = вкупен број испитаници што одговориле

Ако се погледнат просечните резултати во изминатите девет години за оние што негативно одговориле ($\bar{x}$=28,89 %, σ=4,47 % и V=18,69 %), тогаш можеме да констатираме дека нешто помалку од една третина секоја година колебливо одговара на вака дефинираниот негативен став. Ако оваа група на одговори ја спoредиме со негативните одговори од ставот „во моето место на живеење граѓаните се чувствуваат слободни да разговараат со полицијата за грижите на заедницата“ ќе констатираме дека просечно секоја година $\bar{x}$=25,47 % од испитаниците се согласувале со таквото тврдење (σ=1,56 % и V=6,14 %). Всушност, можеме да констатираме дека нешто повеќе од една четвртина, а помалку од една третина од испитаниците укажува дека не се задоволни од работата на полицијата.

Неопределените одговори ја имаат следната карактеристика: ($\bar{x}$=27,35 %, σ=5,05 % и V=18,48 %). Изминатите девет години испитаниците нешто помалку од една третина, а повеќе од една четвртина се определуваат за одговорот „не можам да оценам“, што укажува на индикаторот дека неизјаснувањето може да значи и отсуство на доверба, но страв за последиците. И одговорите на прашањето „во моето место на живеење граѓаните се чувствуваат слободни да разговараат со полицијата за грижите на заедницата“, ќе утврдат ист скор испитаници од 27,44 % ($\bar{x}$=27,44 %, σ=2,05 % и V=7,46 %) се определува за констатацијата „не можам да оценам.

И третата група испитаници, која просечно секоја година е околу половината испитаници, односно $\bar{x}$=48,75 %, σ=9,34 % и V=19,16 %. И во оваа група на одговори можат да се препознаат во изразувањето на степенот на согласност со ставот „во моето место на живеење граѓаните се чувствуваат слободни да разговараат со полицијата за грижите на заедницата“. Имено, со ваков став секоја година просечно се по 47,09 %, ($\bar{x}$=47,09 %, σ=2,90 % и V=6,15 %). Структурата на овие податоци покажува дека стандардната девијација е нешто повисока кај овие модалитети на одговори. Така и од податоците можеме да констатираме дека испитаниците одговараат дека не се плашат да пријават криминал во полицијата и дека нивниот интензитет во периодот од 2011 до 2017 година бележи зголемување. Тој распон се движи меѓу вредностите од 45,96 % во 2014 до 57,77 % во 2013 година.

*

*  *

Општите показатели на одговорите на двете прашања укажуваат дека една релативно изедначена група, просечно, секоја година, се

определува за еден од модалитетите. Стабилноста се однесува за трите воопштени модалитети.

Ако ја погледнеме практиката колкав е бројот на случаи на пријавени за корупција во редовите на полицијата од страна на граѓаните, тогаш со право би можело да се констатира дека оваа оценка е во рамките на пожелните одговори, според кои испитаникот дава одговор затоа што треба да одговори, а не затоа што така мисли.

Исто така, треба да се има предвид дека во Република Македонија, населението живее, според бројот на жителите, во мали градски или селски заедници, со исклучок на Скопје и неколку поголеми градски агломерации, како Тетово, Гостивар, Куманово, Прилеп, Битола, Штип, Струмица, Велес и, веројатно, оваа низа може да се надополни и со некој од другите неспомнати градови кои на еден или друг начин, повеќе или помалку се побројни во однос на други средини. Ваквите заедници имаат значителен број на предности и слабости. Ако се обидеме да ги издвоиме предностите, тогаш на прво место би ја ставиле таа предност дека во такви случаи полицаецот е дел на таа заедница, тој е познат, или значителен дел од заедницата го познаваат, дека еден дел од нив имаат роднински и други социјални врски и дека таквите состојби можат да влијаат на релативно поизразениот позитивен став кон тоа каков е односот кон полицаецот од нивното место на живеење. Ваквата состојба може да се набљудува и од аспект на пресекот на сознанијата што настануваат кај испитаникот како последица на медиумскиот пласман на сознанија и информации за полицијата и полициските работници.

# ШЕСТА ГЛАВА

# ИНТЕРАКЦИИТЕ МЕЃУ ЗАЕДНИЦАТА И ПОЛИЦИЈАТА

## *Вовед*

Заедницата е првиот, примарниот тип на групирање на луѓето. Во заедницата луѓето живеат од своето раѓање; во неа се вклучени како комплетни личности; тука задоволуваат најголем дел од своите цели и потреби; во неа се поврзани меѓу себе и при благосостојба и при несреќа. Во заедницата постојат заеднички јазик, правила, обичаи и верувања.

Целото интимно, приватно и ексклузивно живеење на луѓето е опфатено во животот во заедницата (семејството, сродничката група, соседството во руралното место, група пријатели, итн.).

## *Поимите заедница и локална заедница*

Заедницата која е заснована врз сопствена волја, ја карактеризираат интимните односи меѓу членовите и се нарекува семејство. Тоа се односите меѓу мајката и детето, мажот и жената, браќата и сестрите. Тие се втемелени во природните инстинкти и емоции и се одржуваат преку желбите и навиките.

Членовите од заедницата се тесно упатени едни на други во текот на целиот живот. Соочувајќи се заедно со сите животни проблеми, тие интимно се поврзуваат еден со друг во блиска заедница по сопствена волја.

Во заедницата, навистина не е исклучен конфликтот, но тој постои само како еден од начините за разрешување на проблемите. Преку конфликтот и кооперацијата се воспоставува рамнотежа на авторитетот, кој се базира врз возраста, силата и мудроста. Преку нив истовремено се воспоставуваат и почитувањето, согласноста, како и прифатените начини на живот. Значи, заедницата, прво, се остварува во семејството, а примерот на семејните односи преку брачните врски се пренесува на пошироките роднински групи. Тие, при соочувањето со животните проблеми, ги остваруваат истите блиски односи како и членовите на семејството.

Со натамошниот општествен развој, овие односи добиваат уште пошироки размери: тие ја проникнуваат организацијата на клановите, племињата и племенските сојузи. Кај сите нив заедништвото е засновано на природните крвни врски. Прва форма на заедница во текот на општествената еволуција претставува заедницата по крв. Втората форма на заедница, која се јавува во периодот на градењето трајни населби, е територијалната. Кај неа не се остварува блиска соработка при разрешувањето на животните проблеми меѓу луѓето кои живеат на тесна територија. Нив ги поврзуваат цела редица елементи: земјата што

ја обработуваат, границите што треба да се бранат, религијата што ја исповедаат и обредите поврзани со неа, целиот комплекс верувања, ритуали, традиции. Покрај неа, постои и трета форма на заедница - пријателската заедница. Таа е втемелена врз духовната блискост што се гради преку учеството во истата култура, преку идентичност на мислењата по основните животни прашања.

Заедницата се поврзува со група луѓе кои се општествено поврзани со идентитетот на одредена локација. Традиционалната конзервативна мисла ја истакнува идејата дека заедницата се заснова врз заедничко потекло - крвните, роднинските и историските врски - на луѓето кои живеат на одредена локација. Се смета дека и селските општини и националните групи се засновани врз такви врски. Во синтагми како што е „еврејска заедница“, заедничкото потекло може да се бара и на друга локација или се поврзува со татковината.

Германскиот социолог Фердинанд Тенес во своето дело „Заедница и општество“ разликува два основни облика на општеството: заедница и општество. Заедницата, според него, е општествен облик заснован врз „внатрешна“ и „суштинска“ поврзаност. Пример за тоа се крвното сродство и инстиктивното чувство на поединецот за припадност кон една одредена општествена група која произлегува од таквото сродство. Општеството, пак, е таков облик кој ги поврзува желбата за постигнување на некоја заедничка цел по пат на заедничка, организирана усилба.

Во првиот облик Тенес ги вбројува семејството, племето и слично, а во вториот, државата и разни други општествени организации. Со други зборови, „заедницата“ е здружение на поединци чија солидарност произлегува од заедничките крвни врски, еден особен вид на природен организам. Спротивно на тоа, „општеството“, според него, е здружение на поединци кои стапиле во меѓусебна врска по своја сопствена волја, со цел полесно да ги остварат заедничките цели. Значи, тоа не е природен, туку вештачки организам.

Изразот „заедница“ означува општествен однос, ако и доколку насоченоста на општественото дејствување е засновано врз субјективното чувство на учесниците дека припаѓаат едни на други. Меѓутоа, „општеството“ означува општествен однос само доколку насоченоста на општественото дејствување почива врз рационално мотивираниот компромис на интересите или врз нивното, исто така, рационално мотивирано поврзување.

Заедницата се карактеризира со духовна блискост на нејзините припадници како и со чувството на взаемната приврзаност. Духовната блискост во некои случаи може да добие белези на душевна блискост, како што е тоа случај со семејството. Низ функционирањето на

заедницата како жив организам се остваруваат трајни животни односи. Чувството на взаемна приврзаност се јавува низ многу сложени облици: како материјална приврзаност - изразена преку давање на подароци, солидарност во борбата за опстанок, бесплатна помош во случај на болест и слично - и како духовна приврзаност - милосрдие, наклонетост, сочувство, разбирање за тешкотиите на другите припадници на заедницата и слично.

Во овој тип на, заедница, според Тенес, спаѓаат: семејството, селските односи, односите воспоставени во рамките на една нација, но и на човештвото како целина.

Наспроти заедницата, општеството е човекова творба која настанува по пат на приближување на меѓусебно независни лица вообличувајќи се во механички агрегат.

Општеството е нешто ново во развитокот на човештвото. Во него доминираат општата конкуренција - како во трговијата - и внимателноста во односите со другите, стекнувањето на пари, материјални добра и слично. Тоа се воедно и карактеристиките на современото граѓанско општество (од XVII век наваму) или, пак, на градскиот живот - како што посочува Фердинанд Тенес. Имено, тој смета дека заедницата се одликува со односите на поврзување, додека, пак, општеството го карактеризираат односите на раздвојување.

Макс Вебер, во својата критика на Фердинанд Тенес, ги ублажува овие основни разлики меѓу заедницата и општеството, укажувајќи дека судирите постојат и во заедницата. Разликувањето на заедницата од општеството е значајно за политичката социологија, бидејќи сферата на правно-политичките институции му припаѓа на обликот на општествените односи а не на односите во заедницата. Значи, можеме да го утврдиме доминантото значење на рационалната мотивираност на компромисот, односно на поврзувањето. Меѓутоа, оваа дихотомија, не треба да се сфати во своето апсолутно значење, затоа што, како вештачка творба, во општеството мошне често се сретнуваат преплетени елементи на „заедницата“ и на „општеството“.

Општеството, најопшто, група луѓе кои споделуваат заедничка култура, зафаќаат одредена територија и се чувствуваат себеси како составни делови на одредена единствена и посебна целина - но, секако, треба да се каже дека постојат многу различни социолошки концепции (види на пример, D. Frisby и D. Sayer, Society, 1986).

Во секојдневниот живот терминот општество се применува на непроблематичен начин за означување на нешто што постои „тука околу нас“ и надвор од поединечните субјекти: зборуваме за „француско општество“, „капиталистичко општество“ или за „општество“ како рамка во која се случува некој социјален феномен.

Поимот заедница во зависност од контекстот и теоретско-методолошкиот пристап и потребата на определена анализа се дефинира на различен начин. На пример, поимот општествена заедница е широк и тешко може да се дефинира. Тој се поврзува со опфатот на демографските, социјално-културолошките, традиционално-историските (етничките и националните) карактеристики што го поврзуваат населението на определено, обично пошироко подрачје кое, најчесто, се определува како национално ниво. Но, дали таквата заедница не може да се нарече национална, државна или некој поопшт поим. Секако, да. Но тоа не е тема на анализата. Кога се зборува за безбедносната политика на ова ниво, тогаш треба да се подвлече дека таа доминантно е фокусирана кон тоа да се воспостават критериуми и соодветни, по обичај, национални или во одделни исклучоци, регионални стратегии за сузбивање на одделни видови криминалитет (организиран и друг вид корупција, нелегална трговија со луѓе, наркоманија и слични опасности).

Локалната заедница е потипичен пример за заедница. Таа е поблиску до објаснувањето на овој поим. Таа се темели на резиденцијалните врски меѓу луѓето во рамките на јасно дефинирана територијална целина, која има извесен степен на политичка самоуправа, комунална инфраструктура, социјално-економски и културолошки карактеристики и ресурси во рамките на кои граѓаните ги остваруваат најголемиот број од своите индивидуални, семејни, социјални и други потреби. Општа социолошка дефиниција за заедница е дека станува збор за група од поединци кои делат три ствари: живеат на определено подрачје, (на географски определена област); делат исти или слични културни карактеристики, ставови и стил на животот; во „интеракција" се едни со други (т.е. имаат социјални релации) што се темелат на географската поврзаност, заедничките интереси и комуналните потреби (Симоновић, 2006, стр. 72). Локалната заедница вообичаено се перципира како територија на определена општина, град или село. Тој поим има и други значења, но тие не се предмет на анализа. Ако се согласиме со претходното определување на поимот локална заедница, тогаш зборуваме за територијална поврзаност и преплетеност на социјалните релации, животните судбини на жителите на локалната заедница, тие, повеќе или помалку се вкрстуваат и взаемно се преплетуваат неминовно доведувајќи до чувство на припадност кон определена локална заедница, појави на персонално идентификување со неа, условувајќи и нудејќи за прифаќање на определени културолошки норми, обрасци, вредности и однесувања.

Проектите на современите концепти на работа на полицијата во локалната заедница имаат позначајна можност за успех доколку кај

граѓаните постои изградено „чувство за заедницата“. *Чувството за заедницата,* според одделни социолози, ги опфаќа следните елементи: l) *Припадност*, односно - *членство* во заедницата. Кога се зборува за чувството на припадност и идентификување со заедницата вклучува чувства кон заедницата, очекувања од неа, постоење на резонантност со другите членови на заедницата, свест за територијалното распростирање на заедницата која се означува како „мојата заедница“. Заедницата обезбедува чувство на сигурност на сите членови на заедницата и на самата заедница како целина, т.е. на структура од членовите; 2) *Влијанија.* Поединецот влијае но и ги трпи влијанијата од заедницата на која и припаѓа. Според бројни автори, важно е да се имаат предвид следните карактеристики на влијанија во заедницата: а) членовите повеќе се приврзани за заедницата во која чувствуваат дека нивното влијание има сила и дејство; б) чувството на конформност на поединецот во заедницата и влијанието на заедницата врз него укажуваат на силата на изградените врски; в) влијанието на членовите на заедницата и влијанието на заедницата врз членовите се во меѓусебна конкуренција и укажуваат на постоењето на силна врска во неа.); 3) *Интеграција и задоволување на потребите на граѓаните* е карактеристика на уредената заедница. Заедницата која се грижи за потребите на своите членови ја зголемува кохезивната врска и го јакне чувството на припадност. 4) *Емоционални врски.* Емоционалната врска со заедницата го јакне чувството на припадност кон заедницата. Се наведуваат следните претпоставки за емоционалните врски во заедницата: а) контактната хипотеза гласи: што повеќе луѓе меѓусебно контактираат со тоа е поголема веројатноста дека ќе постанат блиски; б) квалитетот на интеракцијата: колку што се побројни позитивните искуства и меѓусебните релации дотолку повеќе ќе се унапредуваат врските меѓу луѓето, т.е. кохезијата во заедницата ќе биде поголема; в) доколку интеракциите се проблематични и задачите во заедницата остануваат нерешени, кохезијата меѓу групите ќе слабее; г) почитувањето или непочитувањето имаат ефекти при прифаќањето и ангажирањето во заедницата; 5) *Духовните врски меѓу членовите позитивно дејствуваат на заедницата*.

Проблем со имплементирањето на новиот концепт на работа на полицијата може да се јавува во оние локални заедници во кои не постои чувство на заедништво или припадност. Постои сфаќање дека големите градови не можат да се третираат како заедница во социолошка смисла на зборот поради тоа што ним им е својствена деперсонализацијата која се вклопува во кохезивното сфаќање на заедницата. Во големите градови постојат различни групи кои имаат различни интереси, потреби, културни обрасци на однесување така што

не може да се зборува за заедница како една целина, туку за поголем број на различни заедници. Многу заедници се тотално разбиени од економските кризи, сиромаштијата, националните судири, високата стапка на криминалитет, државата која е во состојба на распаѓање и анемија. Членовите на тие заедници често не ги препознаваат своите општи насоки што нив ги поврзуваат, т.е. не сфаќаат дека се дел од групата.

***Полицијата во локалната заедница***

Во продолжение ќе се анализираат дел од дистрибуциите посветени на определени активности на полицијата во локалната заедница со доминантна определба испитаниците да ги оценат состојбите и соработката меѓу полицијата и заедницата во изминатите две години. Така беше побарано секој испитаник да го определи степенот на согласност (или несогласност) со определен број на ставови. Во оваа батерија на прашања применети се оценки и прикажани на скала од Ликертов тип. Тие опфаќаат пет оценки, две позитивни, две негативни и една неопределена.

За да има успех работата на полицијата во локалната заедница, неопходно е полицијата да мора да ја сфати динамиката на заедницата. Таа мора да ја сфати и разбере за да може да се приспособи на различните општествени групи внатре во заедницата (на пример, полицијата ќе започне да развива проекти за градење на позитивни релации со сите етнички, национални, верски и културни групи, така што при ангажирањето во локалната заедница полицијата ќе води сметка за рамномерната застапеност на сите релевантни групи граѓани). Пред да започне со проект преку кој ќе се имплементира концептот на работење на полицијата во локалната заедница, таа има обврска да изврши увид во актуелната состојба на свеста во рамките на заедницата, постоењето или непостоењето на кохезивни врски и процеси кои можат да спојуваат и да поврзуваат. Доколку кохезивните врски во заедницата се искинати, полицијата има обврска, на самиот почеток, да работи на тоа да се воспостави врска меѓу граѓаните, да се формира чувство на заедништво во заедницата доколку него го немало или без разлика од кои причини е растурено. Тогаш се очекува полицијата да ја преземе лидерската улога во идентификувањето и организирањето на постојните хомогени сегменти на заедницата (граѓаните) кои би требало да се централните (кохезивни) групи за прифаќање на иницијативите што ги поттикнува полицијата. На тој начин полицијата остварува две цели: прво, придонесува *за формирањето на чувството за заедништво* и *активно се интегрира во заедницата.* Американскиот

теоретичар на полицијата *Стил* (*Steele*) го спомнува моделот *ЕМОП - станува збор за модел на работа на полицијата во заедницата (едуцирање, мобилизирање, организирање, поттикнување, поткрепување)*. (EMOM model - Educate, Mobilize, Organize, and Move.). Тоа може да се активности за организирање состаноци со граѓаните сé со цел тие да ја дадат поддршката и воочувањето на проблемот, организирањето на советите за безбедност, ширењето на превентивните информации, воспоставувањето на соработка со доброволните организации, спортските здруженија, хуманитарните здруженија, евентуално невладините организации, заинтересираните граѓани кај кои веќе постои изградено чувство за потребата од заедништво и остварување на хуманитарните или извонредни напрегања или резултати за да може да се зголеми кохезијата внатре во заедницата. Ако во заедницата нема поцврсти основи за да се идентификува чувството кон заедницата, тогаш од полицијата се очекува да презема дејства со кои ќе почне постепено да се гради и зајакнува таквото чувство на заедништво и да ги применува методите за негово развивање, слично како во постапувањето на „теоријата на скршениот прозорец“. Ако, пак, во заедницата не постои чувство на заедништво и нема кохезија меѓу поединецот и групата, тогаш проектите од овој вид нема да имаат речиси никакви (реални) можности за успех. Во таа насока постојат бројни успешни експерименти од сиромашните и потполно разорените заедници во Соединетите Американски Држави во кои првата задача на полицијата била да им помогне на граѓаните да се организираат и да разрешат некои од основните комунални и животни проблеми (на пример, да ги поттикнат комуналните институции да ја одработат својата работа: да ги обноват разрушените згради, да ги обојат фасадите, да им помогнат на болните, старите лица и децата, да ги поправат спортските терени за младите, да организираат спортски активности), што создало позитивно чувство во заедницата и ги поттикнало потенцијалите на заедницата за нивно поправање, решавање на проблемите, унапредување на квалитетот на животот, намалување на степенот на криминалот, елиминирање или оспорување на процесот на неговото пропаѓање. Затоа, се нагласува дека заедницата има значајна сила (потенцијал) на саморегулација, не само поради тоа што го дели стравот од криминал, проблемите во врска со безбедноста, квалитетот на животот воопшто, така што има природна потреба да гради партнерство со полицијата и реинтегрирање на нормите на заедницата кои можат успешно да ја сочуваат од криминалните елементи и пропаѓања. Повторното востановување на заедницата во екстремно тешки околности е можно само со асистенција и под раководство на полицијата и првиот чекор треба да е насочен кон

воспоставување на чувство на заедништво. Дури потоа е можно да се пристапи кон имплементирање на community policing преку партнерство на полицијата и заедницата (Симоновић, 2006, стр. 73).

Во рамките на подрачјето на проблемски ориентираната работа, определени полициски организации имаат успех во формирањето на партнерства со различни групи во рамките на своите законски надлежности така што се воочуваат проблемите и безбедносните потреби кои се заеднички, кои ги делат другите членови на заедницата. Доколку полицијата успее да им се претстави на различните групи во локалната заедница, затоа што тие живеат на ист простор, делат иста потреба за безбедност и дека е неминовна соработката и координацијата како меѓу себе така и со полицијата, тогаш се зголемува мотивацијата на граѓаните за соработка. Овие напори претставуваат солидна основа за развој на проблемски ориентираната работа и може да се оцени дека се клучен елемент на работата на полицијата во локалната заедница (community policing). Новиот концепт на работа на полицијата во локалната заедница оди и натаму и пошироко вон стратегијата за третирање на индивидуалните проблеми (реакција на поединечниот криминален акт), се воочуваат и дефинираат заедничките проблеми кои ги дели заедницата и кон нив ги насочува полициските стратегии, обидувајќи се да ги ангажира и потенцијалните заедници (Симоновић, 2006, стр. 73).

На замолницата да го определат степенот на согласност со ставот: „полицијата во изминативе две години прави напори да му помогне на населението“ - во изминатите девет години добивме дистрибуција која е претставена во следниот табеларен приказ.

***Табела број 108. Полицијата во изминативе две години прави напори да му помогне на населението***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 3,66 | 3,36 | 5,69 | 4,77 | 4,59 | 4,47 | 6,89 | 4,50 | 4,75 |
| 2. | 12,81 | 15,81 | 18,19 | 16,50 | 16,78 | 16,07 | 19,39 | 21,84 | 22,00 |
| 3. | 24,87 | 27,58 | 28,06 | 28,72 | 26,59 | 27,15 | 28,74 | 28,54 | 30,43 |
| 4. | **49,12** | **43,32** | **38,68** | **41,50** | **41,61** | **42,78** | **38,39** | **37,07** | **33,82** |
| 5. | 9,53 | 9,93 | 9,38 | 8,50 | 10,42 | 9,54 | 6,59 | 8,05 | 9,01 |
| **Σ** | **1311** | **1309** | **1440** | **1236** | **1132** | **1164** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда**: 1. воопшто не се согласувам; 2. не се согласувам; 3. не можам да оценам; 4. се согласувам; 5. потполно се согласувам.

Оценките за напорите на полицијата, во основа се позитивни, иако и во овие дистрибуции како и кај претходните речиси една петтина од испитаниците избегнува одговор изјаснувајќи се со оценката „не можам да оценам“.

Но, несомнено е дека испитаниците имаат степен на согласност кој доминира во одговорите во изминатите години и се движи во распонот од 33,82 % во 2017 до 49,12 % во 2009 година. Може да се забележи дека трендот на опаѓање на позитивните ставови од 2009 до 2017 година е забележлив и дека за повеќе од една третина од вредноста на позитивните ставови во 2009 се намалиле во 2017 година. Тоа укажува дека во општествената стварност, особено во последниве години настануваат промени, кои индицираат дека полицијата ја нема истата енергија и не ги вложува истите напори за да му помогне на населението.

***Графикон број 20. Полицијата во изминативе две години прави напори да му помогне на населението***




Ако го примениме приказот со групирање на податоците со негативна и позитивна конотација и графички ги претставиме тогаш ќе може да се воочи дека во периодот од 2009 до 2017 година кај испитаниците постои благ пораст на несогласување со ставот дека полицијата во изминатите две години прави напори да му помогне на населението. Ваквите одговори инклинираат кон тврдењето дека полицијата не вложува напори да му помогне на населението. Иако доминантните одговори, кои се движат во распонот од 58,66 % во 2009 до 42,83 % во 2017 година, сепак, говорат дека еден значаен дел од испитаниците имаат позитивна перцепција дека полицијата вложува напори да му помогне на населението. Притоа, не треба да се изгуби од

вид фактот дека ваквата определба на испитаниците има негативна тенденција.

Одговор на прашањето зошто опаѓаат позитивните, на сметка на негативните и на неопределените ставови треба да се бара во општествениот контекст, во состојбите на внатрешен план, особено во фактот што во изминатите години се случуваа процеси, кои повеќе или помалку ја изразуваа економската и политичката криза. Економската криза се изразуваше низ процесот на заостанување и определени облици на прегрупирање на носителите на сопственичките односи и во доминацијата на бизнисите, како и во не докрај разјаснетата употреба на државните ресурси во определени бизнис-интереси, а кои се поврзани со персоналните решенија, на некои државни институции кои се клучни за безбедноста.

Како резултанта на новите состојби по вооружениот конфликт од 2001 година во соработка со Одделот за развој на полицијата при канцеларијата на ОБСЕ во Република Македонија се организираа активности за примена на модел на полициска работа со нагласена соработка меѓу полицијата и месното население. Во таа насока се преземени активности и на крајот од 2002 и почетокот на 2003 година е применет концептот на Советодавни групи на граѓани. Тие се конципирани како начин на имплементација на концептот community policing. Како резултанта на преземените бројни активности во општеството преку реализацијата на конференции, дебати и средби со локалното население, во тој период активностите се насочени во неколку правци: а) кон враќање на полицијата во регионите опфатени со конфликтот (затоа што во определен временски период беа без покриеност од полициските состави, што поради отпорот на населението, што поради недоволно стабилизираните постконфликтни состојби), б) да се подобри комуникацијата и постепено враќање и зголемување на довербата во полицијата (особено преку активноста и задачи на етнички мешаните полициски состави) и в) да се зголеми нивото на соработка и да се унапредат облиците на размена на информациите.

Еден од инструментите преку кои се проверуваше најсоодветниот модел на соработка меѓу полицијата и граѓаните беа и **Советодавните групи на граѓани**. Тие беа моделирани, така што во нив беа вклучувани најистакнатите поединци во општината или селото, со задача редовно да се среќаваат со својата локална полиција, да дискутираат за прашања од заеднички интерес и да понудат идеи и размислувања, како и заеднички да понудат решенија за локалните проблеми. Формирањето на советодавна група на граѓани е со цел да постои организиран облик кој може да и помогне или да ја потсетува

полицијата или полициските работници што покриваат определена област, или, пак, се занимаваат со решавањето на некој посебен, или исклучителен, или значаен проблем. При формирањето на советодавните групи на граѓани, начелно, но не и практично, водечки принцип на членувањето во неа е авторитетот и способноста на поединецот да ги претставува, брани и дефинира интересите на заедницата. Имено, од септември 2003 година, со помош на координаторите за врски со локалната заедница и теренските инструктори на канцелариите на ОБСЕ во Скопје, Тетово, Гостивар, Куманово, Велес, Охрид, Кичево и Струга се формирани советодавни групи на граѓани. Советодавните групи на граѓани во западниот дел од државата се јавувале како фактор за смирување на меѓуетничките тензии на локално ниво, за градење на доверба меѓу полицијата и граѓаните и за подобрување на комуникацијата меѓу нив, посебно во изнаоѓањето на локални решенија за локалните проблеми.

Затоа, во истражувањето се определивме и поставивме неколку прашања во форма на ставови, а од испитаниците беше побарано да се изрази степен на согласност со понудениот став. И во оваа батерија на прашања беше користен облик на скала за процена на ставовите од Ликертов тип.

***Табела број 109. Во населеното место каде што живеам дејствува Советодавна група на граѓани- форум каде што ние граѓаните можеме да ги изнесеме нашите забелешки***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 9,16 | 11,49 | 15,38 | 14,89 | 12,72 | 12,76 | 18,60 | 15,42 | 15,41 |
| 2. | 22,06 | 30,25 | 24,43 | 27,51 | 31,18 | 26,90 | 26,38 | 30,94 | 26,36 |
| 3. | **42,21** | **40,66** | **38,20** | **39,97** | **37,01** | **39,66** | **36,52** | **38,03** | **41,09** |
| 4. | 21,45 | 13,86 | 16,70 | 14,48 | 14,96 | 16,38 | 15,45 | 13,03 | 12,60 |
| 5. | 5,11 | 3,75 | 5,29 | 3,16 | 4,12 | 4,31 | 3,05 | 2,59 | 4,55 |
| **Σ** | **1310** | **1306** | **1437** | **1236** | **1116** | **1160** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда**: 1. воопшто не се согласувам; 2. не се согласувам; 3. не можам да оценам; 4. се согласувам; 5. потполно се согласувам; Σ= вкупно испитаници што одговориле.

Од дистрибуцијата може да се заклучи дека значителен дел од испитаниците се определуваат за оценката „не можам да оценам“. Втората карактеристика е дека од 2010 година наваму расте бројот на оние кои одговараат „воопшто не се согласувам“ и „не се согласувам“. Таквите податоци можат да индицираат повеќе претпоставки, како, на пример, граѓанинот да не е запознат (во неговото место да не се формирала таква советодавна група). Одделни искуства покажуваат дека формирањето на советодавните групи не се одвива транспарентно, а во согласност со нагласените партиски разлики во земјата, најчесто во

нив се вклучувани „подобните“, а не најавторитетните и најдобрите. Ваквиот став е и последица на тоа што советодавните групи на граѓани замираат со своите активности некаде по 2008 година, кога, во рамките на „реформските“ ориентации на полицијата се внесуваат модели кои не се компатибилни или не оставаат простор за развој на моделот community policing.

***Табела број 110. Во населеното место каде што живеам дејствува Советодавна група на граѓани - форум каде што ние граѓаните можеме да ги изнесеме нашите забелешки***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| не | 31,22 | 41,73 | 39,81 | 42,39 | 43,91 | 39,66 | 44,98 | 46,36 | 41,76 |
| нмо | **42,21** | **40,66** | **38,20** | **39,97** | **37,01** | **39,66** | **36,52** | **38,03** | **41,09** |
| да | 26,56 | 17,61 | 21,99 | 17,64 | 19,09 | 20,69 | 18,50 | 15,61 | 17,15 |
| Σ | **1310** | **1306** | **1437** | **1236** | **1116** | **1160** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда:** не =(воопшто не се согласувам, не се согласувам). нмо= (не можам да оценам) и да = (се согласувам и потполно се согласувам); Σ= вкупно испитаници што одговориле.

Врз основа на групираните карактеристики може да се констатира дека граѓаните доминантно изразиле несогласување со понудениот став, односно укажале дека не е точно тврдењето дека во нивното место постои таква група и дека тие не можат да ги изнесат сопствените забелешки. И ако на тоа им се додадат и оценките „не можам да оценам“, може да се констатира дека повеќе од три четвртини испитаници, не знаат или не се согласуваат со таквите оценки.

Одговорите на тоа, дека целта на Советодавната група на граѓани е подобрување на животот на граѓаните се давани без да се има предвид претходниот став.

***Табела број 111. Целта на Советодавната група на граѓание подобрување на животот на граѓаните***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 9,16 | 5,60 | 8,60 | 8,18 | 6,76 | 7,71 | 10,63 | 10,54 | 9,59 |
| 2. | 22,06 | 16,10 | 12,87 | 15,80 | 20,46 | 17,33 | 14,86 | 16,28 | 14,05 |
| 3. | **42,21** | **45,17** | **41,96** | **43,27** | **41,64** | **42,89** | **42,13** | **49,81** | **50,58** |
| 4. | 21,45 | 25,92 | 28,11 | 26,90 | 24,38 | 25,39 | 26,57 | 19,25 | 19,96 |
| 5. | 5,11 | 7,21 | 8,46 | 5,83 | 6,76 | 6,67 | 5,81 | 4,12 | 5,81 |
| **Σ** | **1310** | **1304** | **1430** | **1234** | **1095** | **1154** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда**: 1. воопшто не се согласувам; 2. не се согласувам; 3. не можам да оценам; 4. се согласувам; 5. потполно се согласувам; Σ= вкупно испитаници што одговориле.

Ако повнимателно се погледнат податоците, ќе се констатира дека близу половина од испитаниците се определуваат за тоа дека не можат да

оценат. Значи, се прибегнува кон став на избегнување на оценување, односно искажување на степен на согласност со претходниот став.

***Табела број 112. Целта на Советодавната група на граѓание подобрување на животот на граѓаните***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| не | 31,22 | 21,70 | 21,47 | 23,99 | 27,21 | 25,04 | 25,49 | 26,82 | 23,64 |
| нмо | **42,21** | **45,17** | **41,96** | **43,27** | **41,64** | **42,89** | **42,13** | **49,81** | **50,58** |
| да | 26,56 | 33,13 | 36,57 | 32,74 | 31,14 | 32,06 | 32,38 | 23,37 | 25,78 |
| **Σ** | **1310** | **1304** | **1430** | **1234** | **1095** | **1154** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда:** не =(воопшто не се согласувам, не се согласувам). нмо= (не можам да оценам) и да = (се согласувам и потполно се согласувам); Σ= вкупно испитаници што одговориле

Групираните податоци укажуваат на тоа дека во некои од годините испитаниците покажуваат поизразен позитивен став, како што се, на пример, одговорите во 2011 година, со 36,57 %. Тоа е резултанта на содржината на прашањето, зошто зборува за целта како за општ поим, а не за конкретната Советодавна група на граѓани, за која патем да споменеме, граѓанинот не знае дека постои. Тоа не ја менува општата оценка дека доминираат неопределените ставови и ставовите кои изразуваат степен на несогласност со понудениот став.

***Табела број 113. Целта на Советодавната група на граѓани е полицијата и граѓаните заедно да работат на решавање на проблемите и справувањето со криминалот***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 6,72 | 5,60 | 6,50 | 6,73 | 5,79 | 6,25 | 10,14 | 9,39 | 8,82 |
| 2. | 14,06 | 16,10 | 11,47 | 12,98 | 18,20 | 14,41 | 13,58 | 15,04 | 14,24 |
| 3. | **41,94** | **45,17** | **41,61** | **43,71** | **40,44** | **42,62** | **41,44** | **47,99** | **49,90** |
| 4. | 30,40 | 25,92 | 28,95 | 27,82 | 26,47 | 27,95 | 27,76 | 22,41 | 19,77 |
| 5. | 6,88 | 7,21 | 11,47 | 8,76 | 9,10 | 8,77 | 7,09 | 5,17 | 7,27 |
| **Σ** | **1309** | **1304** | **1430** | **1233** | **1088** | **1152** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда**: 1. воопшто не се согласувам; 2. не се согласувам; 3. не можам да оценам; 4. се согласувам; 5. потполно се согласувам; Σ= вкупно испитаници што одговориле

Оценките на испитаниците за ставот: „Целта на советодавната група на граѓани е полицијата и граѓаните заедно да работат на решавање на проблемите и справувањето со криминалот", се слични на претходните две дистрибуции. Имено, и во оваа дистрибуција доминираат неопределените ставови, на оние испитаници што не се вклучуваат во оценувањето, туку, едноставно, констатираат „не можам да оценам". Имено, просечно, секоја година по 43,87 % од испитаниците се определувале за ваква оценка. Втора по интензитет е дистрибуцијата поврзана со оценката „се согласувам". Таа се движи во

распонот од 19,77 % во 2017 до 30,40 % во 2009 година. Специфично е тоа што просечната вредност и е 26,38 %, што значи околу една петтина од испитаниците во просек секоја година оценувале дека се согласуваат со понудениот став.

***Табела број 114. Целта на Советодавната група на граѓани е полицијата и граѓаните заедно да работат на решавање на проблемите и справувањето со криминалот***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| не | 20,78 | 21,70 | 17,97 | 19,71 | 23,99 | 20,66 | 23,72 | 24,43 | 23,06 |
| нмо | 41,94 | 45,17 | 41,61 | 43,71 | 40,44 | 42,62 | 41,44 | 47,99 | 49,90 |
| да | 37,28 | 33,13 | 40,42 | 36,58 | 35,57 | 36,72 | 34,84 | 27,59 | 27,03 |
| Σ | **1309** | **1304** | **1430** | **1233** | **1088** | **1152** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда:** не =(воопшто не се согласувам, не се согласувам). нмо= (не можам да оценам) и да = (се согласувам и потполно се согласувам); Σ= вкупно испитаници што одговориле

И групираните податоци покажуваат слични тенденции. Негативно изразените оценки се движат во распонот од 17,97 % во 2011 до 24,72 % во 2015 година. Просечно во изминатите девет години 21,78 % од испитаниците изразувале степен на несогласност со ставот дека тие заедно работат, односно потврдувале дека тие заедно со полицијата не работат на спречувањето на криминалот. Слични се состојбите и со оние што одговориле со степен на согласност. Имено, одговорите на оваа група испитаници се движат во распонот од 27,03 % во 2017 г до 37,28 % во 2009 година. Просечно по 34,35 % испитаници годишно се определувале за ваква оценка.

Ако се погледне содржината на прашањето може да се претпостави дека еден дел од позитивно ориентираните ставови произлегува од општоста на ставот за целта на советодавната група, а не за конкретната група. Второ, може да се забележи дека испитаниците кои се изјасниле дека во нивното место на живеење дејствува таква група се во значително помал процент со изразен степен на согласност од одговорот кој е даден на прашањата во кои се нагласува нивната цел.

Структурата на податоците укажува на оценките изразени преку степенот на согласност за тоа дека во нивното место дејствува Советодавна група на граѓани, како форум во која граѓаните можат да партиципираат во решавањето на проблемите, споредена со оценките од двете последователни прашања - за целта на овие групи - одговорите се поразлични, а некои и видливо поразлични. Таквата состојба упатува на тоа дека испитаниците одговарале на прашањата поради потребата да одговорат, или можеби претпоставувале дека таа е вистинската цел, па изразувале општа согласност со ставот. Ако се погледнат

позитивните оценки од трите дистрибуции на едно место ќе може понепосредно и подетално да се согледа како изгледаат тие.

***Преглед број 2. Оценки „се согласувам“ и „потполно се согласувам“ за ставовите со Советодавните групи на граѓани***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 26,56 | 17,61 | 21,99 | 17,64 | 19,09 | 20,69 | 18,5 | 15,61 | 17,15 |
| 2. | 26,56 | 33,13 | 36,57 | 32,74 | 31,14 | 32,06 | 32,38 | 23,37 | 25,78 |
| 3. | 37,28 | 33,13 | 40,42 | 36,58 | 35,57 | 36,72 | 34,84 | 27,59 | 27,03 |

**Легенда**: **1**.во населеното место каде што живеам дејствува Советодавна група на граѓани - форум каде што ние граѓаните можеме да ги изнесеме нашите забелешки; **2**. целта на Советодавната група на граѓани е подобрување на животот на граѓаните **3**. целта на Советодавната група на граѓани е полицијата и граѓаните заедно да работат на решавање на проблемите и справување со криминалот

Може да се констатира дека еден дел од испитаниците на определувањето на целта на советодавните групи, како облик за подобрување на животот на граѓаните и како облик во кој граѓаните работат заедно за спречување на криминалот, се одговорни независно од тоа што во нивното место на живеење не идентификувале таков форум.

Составен дел на изградбата на концептот community policing е прашањето поврзано со децентрализацијата и зајакнувањето на надлежностите на локалните заедници. Во таков концепт полицијата во заедницата претставува децентрализирана и персонализирана полициска служба. Таа е конципирана како структура во заедницата која ќе е способна да ги препознае и заедно со граѓаните да ги решава нејзините проблеми. Тоа подразбира дека полицијата располага со автономија и има одговорност за состојбите во заедницата, посебно е нагласена нејзината одговорност за решавање на проблемите околу безбедноста. Ваквиот концепт подразбира и децентрализиран полициски менаџмент и користење на ресурсите во заедницата, што е предуслов за создавање услови за локална одговорност на полицијата.

Иако, не е предмет на анализа, во контекст на отворените прашања, треба да се укаже дека концептот на локална самоуправа, grosso modo набљудувано, се темели на принципот на самоорганизација на граѓаните во локалните заедници. Поаѓајќи од претпоставката дека жителите на локалната заедница најдобро знаат кои се нивните потреби и проблеми и затоа основата на концептот е граѓаните на заедницата да ги здружат средствата и напорите заеднички за да ги решат проблемите. Овој концепт треба да обезбеди: а) зголемено учество на граѓаните во донесувањето на одлуки во локалната заедница; б) зголемена одговорност на единиците на локалната самоуправа; в) подобра употреба на расположливите средства, потенцијали и ресурси; в)

подобрена испорака на услуги - подобри, поевтини и поефикасни услуги; г) поголема контрола врз локалниот економски развој; д) отворена, демократска и транспарентна локална власт; ѓ) постигнување на баланс меѓу централната и локалната власт.

Прашањето на децентрализацијата на власта, особено се засили со донесувањето на Законот за локална самоуправа во 2002 година, како едно од нормативните решенија утврдени со Рамковниот договор и промените на Уставот на Република Македонија во 2001 година. Значи, станува збор за актуелно прашање, кое со одделна динамика се актуализира по разни поводи. Во таа насока од испитаниците беше побарано да оценат колку информациите од медиумите за децентрализацијата директно влијаат на јавната безбедност.

***Табела број 115. Медиумите (ТВ, радио и печат) нашироко емитуваат информации за децентрализацијата која директно влијае на јавната безбедност***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 3,13 | 1,99 | 4,73 | 2,99 | 3,32 | 3,28 | 4,43 | 4,60 | 4,94 |
| 2. | 11,24 | 13,08 | 14,81 | 13,19 | 11,76 | 12,86 | 16,04 | 15,04 | 15,12 |
| 3. | **39,68** | **41,55** | **35,33** | **40,13** | **42,91** | **39,78** | **36,12** | **44,92** | **38,86** |
| 4. | 38,53 | 35,96 | 35,74 | 36,49 | 34,20 | 36,24 | 34,74 | 28,16 | 33,82 |
| 5. | 7,42 | 7,42 | 9,39 | 7,20 | 7,81 | 7,85 | 8,66 | 7,28 | 7,27 |
| **Σ** | **1308** | **1307** | **1438** | **1236** | **1114** | **1159** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда**: 1. воопшто не се согласувам; 2. не се согласувам; 3. не можам да оценам; 4. се согласувам; 5. потполно се согласувам; Σ= вкупно испитаници што одговориле

Од понудената дистрибуција може да се оцени дека граѓаните доминантно се определиле за оценката „не можам да оценам“. Со нешто послаб интензитет е оценката „се согласувам“, односно перцепцијата дека информациите од медиумите директно влијаат на јавната безбедност. Просечно секоја година во изминатите девет години по 39,92 % се изјаснувале дека не можат да оценат, 34,88 % се изјасниле дека се согласуваат и 13,68 % дека не се согласуваат. Крајно негативен став „воопшто не се согласувам“, имале просечно по 3,71 %, односно крајно позитивен став „потполно се согласувам“ имале 7,81 %. Од дистрибуцијата може да се воочи и тоа дека постои релативно стабилен став на испитаниците во сите девет години во однос на оценката за тоа дека медиумите нашироко пренесувале информации за децентрализацијата и дека таа директно влијаела на јавната безбедност. Таквото тврдење ќе го илустрираме со просекот и стандардната девијација. Имено ставот „се согласувам“ просечно го поддржуваат $\bar{x}$=38,88 %, со стандардна девијација од $\sigma$=3,03 и коефициент на дисперзија од V= 7,59 %. И во однос на ставот „потполно се

согласувам“, може да се укаже дека станува збор за стабилно множество, односно дека просечно по 7,81 % испитаници годишно го делеле овој став, дека тоа множество е хомогено, дека стандардната девијација е 0,75 и дека степенот на дисперзираноста на серијата е V=9,57 %, незначителна дисперзираност, што значи можеме да констатираме дека во перцепциите на испитаниците постои согласност за понудениот став.

***Табела број 116. Медиумите (ТВ, радио и печат) нашироко емитуваат информации за децентрализацијата која директно влијае на јавната безбедност***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| не | 14,37 | 15,07 | 19,54 | 16,18 | 15,08 | 16,13 | 20,47 | 19,64 | 20,06 |
| нмо | 39,68 | 41,55 | 35,33 | 40,13 | 42,91 | 39,78 | 36,12 | 44,92 | 38,86 |
| да | 45,95 | 43,38 | 45,13 | 43,69 | 42,01 | 44,09 | 43,41 | 35,44 | 41,09 |
| Σ | **1308** | **1307** | **1438** | **1236** | **1114** | **1159** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда:** не =(воопшто не се согласувам, не се согласувам). нмо= (не можам да оценам) и да = (се согласувам и потполно се согласувам); Σ= вкупно испитаници што одговориле

Но доколку се проанализираат сумирано негативно и позитивно искажаните оценки и оценката „не можам да оценам“, тогаш ќе се добие дистрибуција од која може да се воочи дека просечно секоја година $\bar{x}$=17,39 % од испитаниците изразувале несогласување со понудениот став, $\bar{x}$=39,92 % се изјаснувале дека не можат да оценат и $\bar{x}$=42,69 % имале позитивен став. Ако се погледне дисперзираноста на ставовите во распонот на оценките, тогаш ќе се констатира дека е остварен стабилен и континуиран позитивен став по ова прашање во изминатите девет години. Таквото тврдење го темелиме на вредноста на стандардната девијација и коефициентот на варијација кои изнесуваат V=7,23 %. Повисок степен на дисперзија се забележува кај негативно ориентираните ставови ($\bar{x}$=17,39 %, σ=2,48 % и V=14,25 %), каде коефициентот на варијација изнесува 14,25 %. Исто така, стабилна е и дистрибуцијата на ставот „не можам да оценам“ ($\bar{x}$=39,92 %, $\sigma$=3,08 и V=7,59 %).

Што се однесува, пак, до степенот на согласност за тоа колку полицијата „самостојно (без медиумите) успешно го информира населението за сите активности поврзани со јавната безбедност“, успева да го информира населението за сите активности поврзани со јавната безбедност, одговорите потврдуваат дека таа и не може да ја оствари таа функција, од проста причина, што алтернативите на модерните медиуми се многу бавни, бараат време и простор. Поставувањето на ова прашање може да е вовед во една друга група прашања поврзана со

концептот community policing, односно на обврската на полициските старешини и полицискиот менаџмент да одржуваат средби со граѓаните, каде непосредно ќе се информираат за акциите и резултатите од работата на полицијата.

***Табела број 117. Полицијата самостојно (без медиумите) успешно го информира населението за сите активности поврзани со јавната безбедност***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 9,03 | 9,10 | 13,41 | 12,84 | 9,68 | 10,84 | 10,83 | 13,89 | 4,94 |
| 2. | **33,36** | **39,45** | **33,56** | **39,10** | **32,95** | **35,71** | **38,98** | **36,69** | **15,12** |
| 3. | 31,37 | 27,52 | 24,88 | 27,46 | 28,06 | 27,80 | 27,46 | 28,16 | 38,86 |
| 4. | 22,19 | 19,80 | 21,75 | 17,37 | 24,60 | 21,08 | 19,19 | 17,24 | 33,82 |
| 5. | 4,06 | 4,13 | 6,39 | 3,23 | 4,71 | 4,56 | 3,54 | 4,02 | 7,27 |
| **Σ** | **1307** | **1308** | **1439** | **1238** | **1126** | **1162** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда**: 1. воопшто не се согласувам; 2. не се согласувам; 3. не можам да оценам; 4. се согласувам; 5. потполно се согласувам; Σ= вкупно испитаници што одговориле.

Од испитаниците беше побарано да искажат оценка колку се согласуваат со понудениот став. Резултатите укажуваат дека испитаниците, континуирано и во релативно стабилно мнозинство ($\bar{x}$=33,88 %) се изјаснуваат со оценката „не се согласувам“. Потоа следат просечните оценки за одговорите „не можам да оценам“ ($\bar{x}$=29,06 %) и „се согласувам“ ($\bar{x}$=21,89 %).

***Табела број 118. Полицијата самостојно (без медиумите) успешно го информира населението за сите активности поврзани со јавната безбедност***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| не | 42,39 | 48,55 | 46,98 | 51,94 | 42,63 | 46,56 | 49,80 | 50,57 | 20,06 |
| нмо | 31,37 | 27,52 | 24,88 | 27,46 | 28,06 | 27,80 | 27,46 | 28,16 | 38,86 |
| да | 26,24 | 23,93 | 28,14 | 20,60 | 29,31 | 25,65 | 22,74 | 21,26 | 41,09 |
| | **1307** | **1308** | **1439** | **1238** | **1126** | **1162** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда:** не =(воопшто не се согласувам, не се согласувам). нмо=(не можам да оценам) и да = (се согласувам и потполно се согласувам); Σ= вкупно испитаници што одговориле.

Сумарниот показател покажува дека околу половината или просечно од 44,39 % ($\bar{x}$=44,39 %), од испитаниците, не се согласуваат со ставот дека полицијата без медиумите успешно го информира населението. Заклучокот може да се изведе од обратната констатација, односно дека медиумите се спона која на полицијата и обезбедува да го информира населението за активностите поврзани со јавната безбедност. Антиподот на таквото тврдење има просечна вредност

нешто повисока од една четвртина ($\bar{x}$=26,55 %) од испитаниците. Ако се погледне степенот на дисперзираност на одговорите, тогаш ќе се утврди и дека, тој кај негативно срочените одговори не надминува од 21,85 %, кај одговорите „не можам да оценам“ 13,85 %, а кај позитивно ориентираните оценки има малку повисока варијација од 23,34 %. Секоја од овие дистрибуции покажува хомогеност и е можно да се извлекуваат констатации.

И на крајот какви се оценките на испитаниците во врска со ставот: „Полицијата ефикасно ги користи медиумите (ТВ, радио, печат, интернет) за информирање на јавноста“. Одговорот може да се побара во структурата на податоците од следниот табеларен приказ.

***Табела број 119. Полицијата ефикасно ги користи медиумите (ТВ, радио, печат, интернет) за информирање на јавноста***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 2,97 | 1,83 | 6,39 | 4,21 | 3,90 | 3,87 | 4,92 | 6,32 | 5,81 |
| 2. | 13,27 | 13,29 | 16,60 | 17,72 | 12,15 | 14,70 | 18,11 | 20,21 | 15,70 |
| 3. | 31,35 | 27,04 | 25,28 | 23,62 | 24,65 | 26,48 | 27,17 | 27,97 | 28,29 |
| 4. | **42,41** | **45,53** | **37,78** | **42,07** | **48,49** | **42,99** | **38,88** | **38,70** | **40,12** |
| 5. | 9,99 | 12,30 | 13,96 | 12,38 | 10,82 | 11,95 | 10,93 | 6,80 | 10,08 |
| **Σ** | **1311** | **1309** | **1440** | **1236** | **1128** | **1163** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда**: 1. воопшто не се согласувам; 2. не се согласувам; 3. не можам да оценам; 4. се согласувам; 5. потполно се согласувам; Σ= вкупно испитаници што одговориле.

Може да се констатира дека испитаниците доминантно се определиле за оценката „се согласувам“. Имено, просечно секоја година, во изминатите девет години се пројавувале 41,89 % ($\bar{x}$=41,89 %) од испитаниците. Втора група ставови се оние кои се определиле за оценката „не можам да оценам“ ($\bar{x}$=26,87 %), потоа следат оценките „не се согласувам“ ($\bar{x}$=15,75 %), „потполно се согласувам“ ($\bar{x}$=11,02 %) и на крајот „воопшто не се согласувам“ ($\bar{x}$=4,47 %).

Ако се погледнат групно резултатите од оценките во кои е изразен степенот на согласување, односно несогласување, тогаш ќе може да се констатира дека просечно доминираат ставовите со изразен степен на согласност ($\bar{x}$=52,91 %), а ставовите со степен за несогласност во просек се за два и пол пати помали од позитивните ставови ($\bar{x}$=20,22 %). Одговорите се логични за времето и технолошките и техничките средства кои се на располагање на модерниот човек.

Во оваа дистрибуција, како и во некои од другите дистрибуции има една релативно, стабилна група (множество) испитаници кои одговараат „не можам да оценам“. Интерпретациите на овој податок можат да се одвиваат во повеќе насоки, но несомнено е дека оваа група

испитаници прибегнува кон поведениот „молчењето е злато“, односно со неодговарањето на истото укажуваат дека постои определен страв или неразбирање на прашањата, односно содржините на истражувањето.

Во истражувањето се интересираа какви се оценките на испитаниците за соработката меѓу полицијата и општините, за реформите во полицијата и во остварувањето на функцијата на солидарност и помош на населението. Затоа, од испитаниците побаравме да го определат степенот на согласност со ставот: „во изминативе две години општината кај нас и полицијата презедоа заеднички акции за решавање на локалните проблеми“.

***Табела број 120. Во изминативе две години општината кај нас и полицијата презедоа заеднички акции за решавање на локалните проблеми***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 6,27 | 6,96 | 10,08 | 9,23 | 7,45 | 8,00 | 9,35 | 10,54 | 9,01 |
| 2. | 22,57 | 24,41 | 23,42 | 26,96 | 26,51 | 24,70 | 25,49 | 26,44 | 27,52 |
| 3. | **30,30** | **35,12** | **32,45** | **34,17** | **30,94** | **32,62** | **33,56** | **31,42** | **33,82** |
| 4. | 35,50 | 28,16 | 26,62 | 25,75 | 29,26 | 29,00 | 26,97 | 27,39 | 23,74 |
| 5. | 5,36 | 5,36 | 7,44 | 3,89 | 5,85 | 5,68 | 4,63 | 4,21 | 5,91 |
| **Σ** | **1307** | **1307** | **1439** | **1235** | **1128** | **1162** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда**: 1. воопшто не се согласувам; 2. не се согласувам; 3. не можам да оценам; 4. се согласувам; 5. потполно се согласувам; Σ= вкупно испитаници што одговориле.

Првата информација која може да се извлече од табеларниот приказ на структурата на одговорите е дека, во изминатите девет години испитаниците, доминантно се поделиле околу три оценки. Највисоки вредности има оценката „не можам да оценам“ со просечно $\bar{x}$=32,71 % од испитаниците секоја година, потоа следи оценката „се согласувам“ со просечно $\bar{x}$=28,04 % од испитаниците секоја година, па оценката „не се согласувам“ со просечно $\bar{x}$=25,33 % и на самите краеви јасните оценки „воопшто не се согласувам“ со $\bar{x}$=8,54 % и „потполно се согласувам“ со $\bar{x}$=5,37 %.

***Табела број 121. Во изминативе две години општината кај нас и полицијата презедоа заеднички акции за решавање на локалните проблеми***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| не | 28,84 | 31,37 | 33,50 | 36,19 | 33,95 | 32,70 | 34,84 | 36,97 | 36,53 |
| нмо | 30,30 | 35,12 | 32,45 | 34,17 | 30,94 | 32,62 | 33,56 | 31,42 | 33,82 |
| да | 40,86 | 33,51 | 34,05 | 29,64 | 35,11 | 34,68 | 31,59 | 31,61 | 29,65 |
| Σ | **1307** | **1307** | **1439** | **1235** | **1128** | **1162** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда:** не =(воопшто не се согласувам, не се согласувам). нмо= (не можам да оценам) и да = (се согласувам и потполно се согласувам); Σ= вкупно испитаници што одговориле

Што може да се воочи од групираните податоци? Општа констатација е дека испитаниците се поделиле во три групи. Првата група која не се согласува со понудениот став и има релативно највисока просечна вредност ($\bar{x}$=33,88 %), потоа следат оценките „се согласувам“ со приближна речиси еднаква просечна вредност ($\bar{x}$=33,41 %) и на крајот третата група со оценката „не можам да оценам“, со просечна вредност помала од 1,1 % од првата група ($\bar{x}$=32,71 %).

Реформите на полицијата кои се иницирани особено по воениот конфликт од 2001 година, беа фокусирани на воспоставувањето доверба меѓу полицијата и граѓаните и создавање активно партнерство меѓу полицијата и граѓаните; институционализирање на превенцијата на криминалот и на одржливиот јавен ред и мир; воспоставување законска рамка, која ќе ја овозможи демократската позиција на полицијата во општеството; намалување на стравот од криминал како последица од намалувањето на стапката на сторени кривични дела и откриени кривични дела, како и намалување на антисоцијалното однесување; регрутација на кандидати за полициски службеници и развивање ефикасен систем на едукација; правична застапеност на етничките заедници; примена на моделот „Community policing“ односно „Полиција блиска до граѓаните“.

Имајќи ја предвид комплексноста на процесот на реформирањето во истражувањето, континуирано, од 2009 година се бара од испитаниците да ја искажат својата оценка за ставот „реформата на полицијата се движи во правилна насока и се приближува кон европските полициски стандарди“. Резултатите од одговорите на ова прашање покажуваат дека тие имаат тенденција кон две оценки, најбројната, односно доминантната „се согласувам“, со тенденција таквата оценка да се намалува од 2009 година кога во структурата на одговорите учествува со 40,61 % до 2016 година, кога таа тенденција опаѓа на 24,04 %. Видливо е опаѓањето на позитивните ставови во последните три години, кои се значајни по ескалацијата на политичката криза, случувањата во парламентот со насилното отстранување на опозициските пратеници, јавното емитување на незаконски прислушуваните материјали и постапувањето на полицијата, особено во расчистувањето на некои од облиците на нарушување на јавниот ред и мир, каде беше употребена сила, несразмерна на обликот на нарушувањето на јавниот ред и мир.

***Табела број 122. Реформата на полицијата се движи во правилна насока и се приближува кон европските полициски стандарди***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 5,06 | 6,72 | 9,38 | 7,68 | 9,16 | 7,57 | 9,35 | 13,22 | 9,98 |
| 2. | 13,33 | 15,05 | 17,85 | 18,92 | 19,48 | 16,87 | 21,75 | 23,08 | 25,39 |
| 3. | 29,66 | 30,79 | 31,81 | 29,91 | 27,67 | 30,03 | 32,87 | 32,18 | 31,49 |
| 4. | **40,61** | **35,91** | **31,25** | **34,52** | **34,07** | **35,20** | **29,04** | **24,04** | **24,52** |
| 5. | 11,34 | 11,54 | 9,72 | 8,97 | 9,61 | 10,33 | 6,99 | 7,47 | 8,62 |
| Σ | **1305** | **1309** | **1440** | **1237** | **1124** | **1162** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда**: 1. воопшто не се согласувам; 2. не се согласувам; 3. не можам да оценам; 4. се согласувам; 5. потполно се согласувам; Σ= вкупно испитаници што одговориле.

Втората оценка што доминира во оваа дистрибуција е оценката „не можам да оценам“. Таа има речиси константна вредност меѓу 29,66 % во 2009 до 32,87 % во 2016 година.

***Табела број 123. Реформата на полицијата се движи во правилна насока и се приближува кон европските полициски стандарди***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| не | 18,39 | 21,77 | 27,22 | 26,60 | 28,65 | 24,44 | 31,10 | 36,30 | 35,37 |
| нмо | 29,66 | 30,79 | 31,81 | 29,91 | 27,67 | 30,03 | 32,87 | 32,18 | 31,49 |
| да | 51,95 | 47,44 | 40,97 | 43,49 | 43,68 | 45,52 | 36,02 | 31,51 | 33,14 |
| Σ | **1305** | **1309** | **1440** | **1237** | **1124** | **1162** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда:** не =(воопшто не се согласувам, не се согласувам). нмо= (не можам да оценам) и да = (се согласувам и потполно се согласувам);Σ= вкупно испитаници што одговориле

Ако се погледнат збирно негативно и позитивно ориентираните оценки тогаш може да се оцени дека од 2015 година наваму нивниот процент се зголемува, односно сè повеќе испитаници сметаат дека реформата во полицијата не се одвива во согласност со европските стандарди.

Во таа смисла беше проверуван степенот на согласност на испитаниците со ставот: „Полицијата сега подобро е организирана при приемот на оштетените граѓани и при сослушувањето на поплаките од граѓаните“. Со ваквото тврдење испитаниците доминантно се согласуваат. Односно, иако оваа дистрибуција бележи пад особено во последните две години, сепак, падот не е толку драстичен. Значајно е што тој во последните две години ја задржал речиси истата вредност.

***Табела број 124. Полицијата сега подобро е организирана при приемот на оштетените граѓани и при сослушувањето на поплаките од граѓаните***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 4,34 | 4,43 | 6,11 | 5,66 | 5,13 | 5,15 | 5,22 | 6,03 | 4,07 |
| 2. | 14,18 | 12,61 | 12,64 | 12,94 | 10,96 | 12,71 | 17,22 | 17,82 | 17,64 |
| 3. | 33,00 | 37,28 | 32,99 | 33,82 | 29,80 | 33,42 | 31,69 | 32,09 | 33,53 |
| 4. | **39,48** | **34,30** | **36,46** | **38,03** | **42,97** | **38,06** | **36,71** | **33,33** | **33,14** |
| 5. | 8,99 | 11,38 | 11,81 | 9,55 | 11,14 | 10,65 | 9,15 | 10,73 | 11,63 |
| Σ | **1312** | **1309** | **1440** | **1236** | **1131** | **1164** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда:** 1. воопшто не се согласувам; 2. не се согласувам; 3. не можам да оценам; 4. се согласувам; 5. потполно се согласувам; Σ= вкупно испитаници што одговориле

Исто така, треба да се констатира дека и во оваа дистрибуција оценката „не можам да оценам" има распон на јавување од 29,80 % во 2013 до 37,28 % во 2010 година, или просечно по 33,07 % од испитаниците се определувале да го избегнат оценувањето на овој став ($\bar{x}$= 33,07 %, σ=2,01). Стабилноста на структурата на овој одговор за секоја година, во изминатите години ја покажува и коефициентот на дисперзираноста, кој е релативно низок и се движи од 6,07 %.

***Графикон број 21. Полицијата сега подобро е организирана при приемот на оштетените граѓани и при сослушувањето на поплаките од граѓаните***




За тоа каква е дистрибуираноста на другите одговори најдобро може да се утврди на претходниот графички приказ. Имено, од него

може да се утврди дека испитаниците доминантно позитивно го оценуваат понудениот став и дека позитивните оценки се движат во распонот од 44,06 % во 2016 до 54,11 % во 2013 година. Може да се подвлече дека просечното позитивно изјаснување на граѓаните во изминатите години изнесува 47,50% ($\bar{x}$= 47,50 %, σ=3,00) и коефициентот на варијација изнесува 6,31 %.

Негативно искажаните ставови покажуваат пониски вредности. Распонот кај нив се движи од 16,09 % во 2013 до 23,85 % во 2016 година. Просечниот процент на испитаници во изминатите девет години, кој се определувал за една од двете негативни оценки, изнесува 19,43 % ($\bar{x}$= 19,43 %, σ=2,62) и нешто повисок степен на дисперзираност на серијата, кој е во рамките на хомогените дистрибуции, од 13,50% (V=13,50%).

Анализата на резултатите укажува дека перцепциите на граѓаните за однесувањето на полицијата кон нив е различно , но во основа преовладуваат позитивните ставови, што е резултанта, пред сè на фактот дека таа се јавува како најорганизиран и највидлив орган на државата која остварува непосреден контакт со нив, дека структурата на прашањата е поврзана со ситуации и задоволување на потреби од интерес на граѓаните и дека во основа тоа се оценки кои се однесуваат, пред сè, на локалните претставници на полицијата и полициската организација.

Во таа смисла треба да се набљудуваат и оценките за реформите во полицијата и полициската организација, кои како што сè повеќе поминува времето од почетокот на нивната имплементација, добиваат определени обележја на забавена динамика или претстави кои не се во рамките на очекувањата на граѓаните.

# СЕДМА ГЛАВА

# ПЕРЦЕПЦИИТЕ ЗА АКТУЕЛНИТЕ РЕЛАЦИИ МЕЃУ ПОЛИЦИЈАТА И ГРАЃАНИТЕ

*Вовед*

Во инструментот беше поставена батерија од 14 ставови во која се бараше испитаникот да го оцени ставот кој започнува со „**Според мене**: ВО ПОСЛЕДНО ВРЕМЕ“. Како и кај другите батерии прашања испитаниците имаа можност да изберат оценка меѓу „воопшто не се согласувам“, „не се согласувам“, „не можам да оценам“, „се согласувам“ и „потполно се согласувам“. Идејата на истражувачкиот тим беше да ги провери перцепциите за степенот на напредокот на односите меѓу полицијата и граѓаните. Во таа смисла беше побарано да ја искажат оценката за ставот „Во последно време подобрена е соработката меѓу полицијата и граѓаните“. Оваа батерија на прашања е поставувана во изминатите десет години. Од дистрибуцијата може да се воочи дека од 2008 до 2017 година доминираат позитивните ставови. Тие се движат во распон од 34,21 % во 2017 до 47,22 % во 2013 година. Просечно 40,27 % ($\bar{x}$=40,27 %, σ=4,24, V=10,52 %) од испитаниците се определувале за позитивен став кон овој став. Нешто пониски се оценките „потполно се согласувам“.

***Табела број 125. Во последно време подобрена е соработката меѓу граѓаните и полицијата***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 12,15 | 4,71 | 4,58 | 5,21 | 4,77 | 5,12 | 7,90 | 4,82 | 4,12 | 3,68 |
| 2. | 7,55 | 17,64 | 18,33 | 16,19 | 16,24 | 16,86 | 20,17 | 20,96 | 24,62 | 23,16 |
| 3. | 17,88 | 26,92 | 32,93 | 25,02 | 28,27 | 21,80 | 25,67 | 26,77 | 26,82 | 29,75 |
| 4. | **37,50** | **44,03** | **37,43** | **43,99** | **43,05** | **47,22** | **37,68** | **40,35** | **37,26** | **34,21** |
| 5. | 24,91 | 6,69 | 6,72 | 9,59 | 7,67 | 9,00 | 8,58 | 7,09 | 7,18 | 9,21 |
| **Σ** | **1154** | **1315** | **1309** | **1439** | **1238** | **1133** | **1165** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда**: 1. воопшто не се согласувам; 2. не се согласувам; 3. не можам да оценам; 4. се согласувам; 5. потполно се согласувам; Σ= вкупно испитаници што одговориле.

Втора оценка според интензитетот е оценката „не можам да оценам“. Таа се движи во распонот од 17,88 % во 2008 до 32,93 % во 2010 година. Просечно секоја година избегнувале одговор 26,18 % ($\bar{x}$=26,18 %, σ=3,07, V=11,85 %) од испитаниците. Крајно позитивните оценки освен во 2008 година каде бележат вредност од 24,91 % бележат релативно мало учество ($\bar{x}$=9,67 %, σ=1,13, V=11,72 %). Слична е структурата на одговорите „воопшто не се согласувам“ ($\bar{x}$=5,17 %, σ=1,19%, V=20,83 %).

Ако се погледнат групираните податоци според степенот на согласност, тогаш ќе се утврди дека оценките „се согласувам“ и „потполно се согласувам“ се значително пофреквентни и забележуваат

намалени вредности во 2010 година, а последните четири години имаат тенденција на опаѓање.

***Графикон број 22. Во последно време е подобрена соработката меѓу граѓаните и полицијата***




Таквата тенденција најдобро може да се воочи на графичкото решение. Исто така, може да се воочи дека негативните оценки (воопшто и не се согласувам) од 2013 година наваму бележат благ пораст. Значи, се зголемува бројот на испитаници кои не се согласуваат со тврдењето дека во последно време е подобрена и соработката меѓу граѓаните и полицијата.

На прашањето „во последно време е подобрена комуникацијата на полицијата со граѓаните“, испитаниците доминантно се согласуваат.

***Табела број 126. Во последно време е подобрена комуникацијата на полицијата со граѓаните***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 11,06 | 3,88 | 2,68 | 4,24 | 4,28 | 3,35 | 6,78 | 4,33 | 2,97 | 2,62 |
| 2. | 10,20 | 16,89 | 17,58 | 15,76 | 16,73 | 17,20 | 20,17 | 21,16 | 24,33 | 23,06 |
| 3. | 16,08 | 26,94 | 26,15 | 23,19 | 24,74 | 20,28 | 23,09 | 23,52 | 26,72 | 27,81 |
| 4. | **38,89** | **45,51** | **45,03** | **46,94** | **46,08** | **49,65** | **41,03** | **43,90** | **38,89** | **37,31** |
| 5. | 23,77 | 6,77 | 8,56 | 9,86 | 8,16 | 9,52 | 8,93 | 7,09 | 7,09 | 9,21 |
| **Σ** | **1157** | **1314** | **1308** | **1440** | **1237** | **1134** | **1165** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда**: 1. воопшто не се согласувам; 2. не се согласувам; 3. не можам да оценам; 4. се согласувам; 5. потполно се согласувам; Σ= вкупно испитаници што одговориле.

Интензитетот на согласувањето се движи во распонот од 49,65 % во 2013 до 37,31 % во 2017 година. Во изминатите десет години просечно 43,32 % ($\bar{x}$=43,32 %, σ=3,99, V=9,22 %) од испитаниците го

делеле овој став. Иако вредностите на пропорциите од година во година бележат различен интензитет, сепак, може да се констатира дека коефициентот на варијација е низок (V=9,22 %), односно оваа дистрибуција покажува 9,22 % дисперзираност.

Втора по интензитет е оценката „не можам да оценам“ ($\bar{x}$=23,85 %, σ=2,41, V=10,12 %). Следна е оценката „не се согласувам“ ($\bar{x}$=18,31 %, σ=3,08, V=16,82 %). Кај оваа дистрибуција е специфично тоа што вредностите видливо се зголемуваат од 2014 година наваму.

***Графикон број* 23. *Во последно време е подобрена комуникацијата на полицијата со граѓаните***




Од полигонот на фреквенциите може да се утврдат глобалните оценки на испитаниците и дека е подобрена комуникацијата меѓу полицијата со граѓаните. Интензитетот на позитивно ориентираните оценки се движи во распонот од 45,98 % во 2016 до 62,66 % во 2008 година. Просечниот број испитаници од 2008 до 2017 година кој позитивно се изразува за тоа дека во последно време е подобрена комуникацијата со граѓаните изнесува 53,22 % ($\bar{x}$=53,22 %, σ=4,38, V=8,23 %). Испитаниците кои се определиле да одговорат „не можам да оценам“, се втора по интензитет дистрибуција. За неа просечно се изјаснуваат 13,85 % ($\bar{x}$=23,85 %, σ=2,41, V=10,12 %), слично како кај претходното прашање. И на трето место се оценките кои изразуваат степен на несогласување. Интензитетот просечно се движи од 22,93 % ($\bar{x}$=22,93 %, σ=3,14, V=13,69 %) испитаници секоја година.

### *Перцепциите за моделот community policing*

Следното прашање, како и претходните можат да се вклучат во групата прашања кои повеќе или помалку се поврзани со моделот

работа на полицијата со заедницата или community policing. Имено, од испитаниците е побарано да оценат дали и колку се согласуваат со понудениот став дека „Во последно време е подобрена насоченоста на полицијата кон решавањето на проблемите на граѓаните во локалната заедница". Одговорите и оценките на испитаниците се соопштени во следната дистрибуција.

***Табела број 127. Во последно време е подобрена насоченоста на полицијата кон решавањето на проблемите на граѓаните во локалната заедница***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 14,45 | 3,68 | 2,98 | 5,35 | 4,61 | 3,63 | 6,28 | 4,82 | 3,83 | 3,97 |
| 2. | 12,20 | 15,31 | 16,59 | 16,12 | 17,70 | 17,18 | 19,19 | 19,88 | 22,61 | 21,80 |
| 3. | 20,59 | 32,08 | 35,24 | 33,36 | 33,06 | 30,29 | 30,98 | 31,40 | 32,18 | 34,40 |
| 4. | **34,00** | **42,27** | **37,39** | **37,80** | **37,27** | **39,68** | **34,77** | **36,81** | **32,85** | **31,30** |
| 5. | 18,77 | 6,66 | 7,80 | 7,37 | 7,36 | 9,21 | 8,78 | 7,09 | 8,52 | 8,53 |
| Σ | **1156** | **1306** | **1308** | **1439** | **1237** | **1129** | **1162** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда**: 1. воопшто не се согласувам; 2. не се согласувам; 3. не можам да оценам; 4. се согласувам; 5. потполно се согласувам; Σ= вкупно испитаници што одговориле.

Од нив може да се констатира дека испитаниците се поделени, според интензитетот на две групи. Едната доминантна е дистрибуирана околу оценката „се согласувам" и се движи во распон од 42,27 % во 2010 до 31,30 % во 2017 година. Секоја година, во изминатите години интензитетот на испитаниците кои се определувале за оваа оценка изнесува 36,41 % ($\bar{x}$=36,41 %, σ=3,35, V=9,19 %). Втората група на испитаници е онаа група која одговара со „не можам да оценам". Просечно секоја година триесетина проценти се определуваат за ваквата оценка ($\bar{x}$=31,36 %, σ=1,61, V=5,15 %). Потоа следат оценките на оние кои оценуваат дека „не се согласуваат". Распонот на оценките „не се согласувам" се движи од 12,20 % во 2008 до 22,61 % во 2016 година. Просечно по 17,86 % од испитаниците годишно се определуваат за оваа оценка ($\bar{x}$=17,86 %, σ=2,55, V=14,27 %). Претпоследна е оценката „потполно се согласувам" и се движи во распонот од 6,66 % во 2010 до 18,77 % во 2008 година. Од дистрибуцијата може да се заклучи дека, освен 2008 година сите други вредности се под десет проценти. Слична е состојбата и со оценката „воопшто не се согласувам", кај која вредностите се движат во распонот меѓу 2,98 % во 2010 до 14,45 % во 2008 година. Ако и овде се исклучат вредностите од 2008 година, тогаш ќе се констатира дека еден релативно мал број испитаници се определува за оваа оценка.

Ако се прегрупираат податоците и графички се прикажат, специфичностите на дистрибуциите можат поедноставно да се воочат. Имено, и во оваа дистрибуција доминираат оценките „потполно се

согласувам“ и „се согласувам“. Тие секоја година, освен во 2013 година бележат опаѓање. Просечно годишно за овие две оценки се определувале 45,42 % ($\bar{x}$=45,42 %, σ=3,01, V=6,63 %) од испитаниците.

***Графикон број 24. Во последно време е подобрена насоченоста на полицијата кон решавањето на проблемите на граѓаните во локалната заедница***




Во оваа батерија како стандард се појавува просечно по 31,36 % ($\bar{x}$=31,36 %, σ=1,61, V=5,15 %) од испитаниците да се определуваат за оценката „не можам да оценам“. Може да се воочи дека оваа тенденција има благ пораст особено од 2014 година наваму.

Специфично е и тоа што и оценките „воопшто не се согласувам“ и „не се согласувам“ бележат тенденција на благо зголемување, но таа линија има постабилен развој. Податоците упатуваат на тоа дека со степен на несогласување со овој став во изминатите години просечно се јавувале 23,22 % ($\bar{x}$=23,22 %, σ=2,82, V=12,15 %) од испитаниците.

На барањето испитаниците да го соопштат степенот на согласност за ставот: „Во последно време има напредок во заштитата на жртвите на кривичните дела од страна на полицијата, а посебно на чувствителните групи во општеството“, одговорите се прикажани во следниот табеларен приказ. Од дистрибуциите во него може да се констатира дека две групи оценки се најфреквентни и дека тие повеќе или помалку ја изразуваат тенденцијата на изјаснувањето на испитаниците. Имено, најфреквентни се ставовите со оценката „се согласувам“. Таа се движи во распонот од 29,75 % во 2008 до 39,54 % во 2013 година. Во изминатите десет години, просечно, секоја година, со ваква оценка учествувале 35,80 % ($\bar{x}$=35,80 %, σ=1,69, V=4,73 %) од

испитаниците. Коефициентот на варијација укажува дека оваа дистрибуција е хомогена, за што зборува и ниската вредност на стандардната девијација. Што значи дека во континуитет од десет години нешто повеќе од една третина од испитаниците имаат позитивен став „се согласувам“. И оценката „не можам да оценам“ има слични карактеристики ($\bar{x}$=34,00 %, σ=1,86, V=5,46 %).

***Табела број 128. Во последно време има напредок во заштитата на жртвите на кривичните дела од страна на полицијата, а посебно на чувствителните групи во општеството***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 15,18 | 3,73 | 4,66 | 5,28 | 3,96 | 2,74 | 5,93 | 5,51 | 3,16 | 3,97 |
| 2. | 12,14 | 14,24 | 13,00 | 15,69 | 17,48 | 14,65 | 17,28 | 17,42 | 19,25 | 17,54 |
| 3. | **26,80** | **38,00** | **37,31** | **33,61** | **35,92** | **33,01** | **34,31** | **32,97** | **33,62** | **34,40** |
| 4. | **29,75** | **37,78** | **37,39** | **36,94** | **36,08** | **39,54** | **33,62** | **36,12** | **35,63** | **35,17** |
| 5. | 16,13 | 6,25 | 7,65 | 8,47 | 6,55 | 10,06 | 8,86 | 7,97 | 8,33 | 8,91 |
| **Σ** | **1153** | **1313** | **1308** | **1440** | **1236** | **1133** | **1163** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда**: 1. воопшто не се согласувам; 2. не се согласувам; 3. не можам да оценам; 4. се согласувам; 5. потполно се согласувам; Σ= вкупно испитаници што одговориле.

Таквата состојба може да се констатира и од понудениот графикон.

***Графикон број 25. Во последно време има напредок во заштитата на жртвите на кривичните дела од страна на полицијата, а посебно на чувствителните групи во општеството***




Може да се воочи дека оценките „се согласувам“ и „не можам да оценам“ покажуваат слична тенденција и дека отстапувањата се незначителни.

И оценките „воопшто не се согласувам“ ($\bar{x}$=5,41 %, σ=1,09, V=20,13 %), „не се согласувам“ ($\bar{x}$=15,87 %, σ=2,00, V=12,62 %) и „потполно се согласувам“ ($\bar{x}$=8,92 %, σ=1,19, V=13,34 %), имаат релативно пониски вредности и имаат иста линија на развој.

Од целината на дистрибуцијата може да констатираме дека доминираат оценките со степен на согласност, но тоа не ни овозможува да прифатиме констатација дека во последно време има напредок во заштитата на жртвите на кривични дела, а не чувствителните групи. Таквиот став се темели на сознанието дека вредностите на оние кои се определиле со оценката на несогласување и оценката дека не можат да оценат надминува нешто повеќе од половината испитаници. Значи, секоја година просечно по 55,28 % ($\bar{x}$=55,28 %, σ=2,11, V=3,81 %) испитаници сметаат дека не е точен ставот дека има напредок во заштитата на жртвите, особено на чувствителните групи во општеството.

### *Оценки за начинот на работењето на полицијата*

За тоа какви се перцепциите на испитаниците на начинот на работа на полицијата, во инструментот се вклучени два става кои еден со друг се надополнуваат. Имено, од испитаниците побаравме да го изразат степенот на согласност со следниот став: „Во последно време намален е репресивниот начин на работата на полицијата“. Од табеларниот приказ може да се воочи дека доминантен одговор е „не можам да оценам“. Вредностите на овој одговор се движат од 24,48 % во 2008 до 43,31 % во 2017 година. Просечно секоја година за ваква оценка се определувале по 38,15 % ($\bar{x}$=55,28 %, σ=2,11, V=3,81 %) од испитаниците. Може да констатираме дека испитаниците покажуваат определен степен на воздржаност, што индицира дека постои недоверба во однос на целите и намерите на истражувачот, односно, се чувствува доволно несигурен експлицитно да го соопшти ставот.

***Табела број 129. Во последно време е намален репресивниот начин на работа на полицијата***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 9,15 | 4,04 | 3,22 | 4,17 | 3,72 | 3,48 | 7,16 | 4,53 | 4,02 | 2,52 |
| 2. | 9,67 | 16,08 | 11,65 | 16,19 | 17,07 | 13,28 | 17,24 | 19,78 | 20,31 | 16,18 |
| 3. | **24,48** | **38,87** | **40,77** | **36,69** | **39,81** | **37,97** | **36,64** | **42,52** | **40,42** | **43,31** |
| 4. | 30,49 | 36,28 | 36,25 | 35,58 | 32,69 | 36,63 | 31,55 | 28,25 | 29,21 | 30,43 |
| 5. | 26,22 | 4,73 | 8,12 | 7,37 | 6,72 | 8,65 | 7,41 | 4,92 | 6,03 | 7,56 |
| **Σ** | **1148** | **1312** | **1305** | **1439** | **1236** | **1122** | **1160** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда**: 1. воопшто не се согласувам; 2. не се согласувам; 3. не можам да оценам; 4. се согласувам; 5. потполно се согласувам; Σ= вкупно испитаници што одговориле.

Втората група испитаници, пак, изразува степен на согласност. Имено, тие одговараат со оценката „се согласувам“ и таа оценка се движи во распон од 36,63 % во 2013 до 28,25 % во 2015 година. Просечно годишно 32,74 % од испитаниците ($\bar{x}$=38,15 %, σ=2,37, V=6,20 %) се определувале за оценката „се согласувам“. Потоа следуваат оценките „не се согласувам“ ($\bar{x}$=15,75 %, σ=2,75, V=17,45 %), „потполно се согласувам“ ($\bar{x}$=8,77 %, σ=1,36, V=15,53 %) и најмали вредности се забележани кај оценките „воопшто не се согласувам“ ($\bar{x}$=4,60 %, σ=1,29, V=28,07 %). Од податоците можеме да констатираме дека најдисперзирана е дистрибуцијата на одговорите „воопшто не се согласувам“. Имено, таа се движи во распонот од 2,52 % во 2017 до 9,15 % во 2009 година.

Ако се групираат податоците според насоката на оценките, тогаш ќе се добијат дистрибуции како што се прикажани на следниот графикон.

***Графикон број 26. Во последно време е намален репресивниот начин на работата на полицијата***




Од графичката презентација може да се воочи дека во изминатите десет години доминираат одговорите на прашањето со оценката „не можам да оценам“ и дека по 2014 година, кога во општеството се случија повеќе настани поврзани со вклучувањето на полицијата со исфрлањето на пратениците од собраниските клупи, потоа гонењето на демонстрантите по улиците и употребата на несразмерна сила, како и јавното презентирање на незаконски прислушуваните разговори, несомнено влијаеле да се зголеми несигурноста и стравот за одговарање на ова прашање. Може да се констатира дека 4 од 10 испитаници или 38 од 100 испитаници ($\bar{x}$=38,15 %, σ=2,37, V=16,20 %) одбегнуваат да се изјаснат и се определуваат за оценката „не можам да оценам“. Во таа смисла може да се оцени дека

20 испитаници од 100 одговараат со одречен, негативен став, односно сметаат дека тврдењето не е точно, односно не се согласуваат со него ($\bar{x}$=20,35 %, σ=3,42, V=16,81 %). Ако ги сумираме резултатите ќе оцениме дека на секои 100 испитаници 42 се изјаснуваат со потврден одговор ($\bar{x}$=38,15 %, σ=2,37, V=16,81 %), односно дека во определено мнозинство се ставовите кои упатуваат на тоа дека испитаниците имаат експлицитно јасен негативен став и значителен број кои демонстрираат нејасен, недефиниран став, изразен низ оценката „не можам да оценам".

Ако за репресивниот однос на полицијата беа ставовите како што досега се дебатираше, да погледнеме какви се оценките на испитаниците по однос на прашањето: „Во последно време е подобрен превентивниот однос во работата на полицијата". Во табеларниот приказ се прикажани пропорциите на одговорите по години.

***Табела број 130. Во последно време е подобрен превентивниот однос во работата на полицијата***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 8,27 | 3,91 | 2,92 | 3,76 | 3,80 | 2,58 | 6,82 | 3,74 | 4,31 | 2,71 |
| 2. | 9,66 | 12,81 | 13,06 | 14,54 | 15,68 | 12,29 | 17,10 | 17,32 | 17,34 | 17,54 |
| 3. | **20,10** | **31,75** | **33,10** | **30,69** | **34,84** | **29,65** | **30,22** | **32,48** | **35,54** | **37,21** |
| 4. | 36,12 | 45,71 | 42,32 | 41,48 | 38,16 | 43,99 | 37,39 | 39,17 | 35,82 | 33,72 |
| 5. | 25,85 | 5,83 | 8,60 | 9,53 | 7,52 | 11,49 | 8,46 | 7,28 | 6,99 | 8,82 |
| **Σ** | **1149** | **1304** | **1302** | **1437** | **1237** | **1123** | **1158** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда**: 1. воопшто не се согласувам; 2. не се согласувам; 3. не можам да оценам; 4. се согласувам; 5. потполно се согласувам; Σ= вкупно испитаници што одговориле.

Првата карактеристика на оваа дистрибуција, како и кај претходната, е дека вредностите на оценките на испитаниците од 2014 година наваму се зголемуваат, односно сè поголем број на испитаници се определува за оценката „не можам да оценам" ($\bar{x}$=31,56 %, σ=2,58, V=8,91 %). Значи, најфреквентен одговор во оваа дистрибуција е оценката дека испитаниците немаат оценка.

Следен по зачестеност е одговорот „се согласувам". Тој се движи во распонот од 33,72 % во 2017 до 43,99 % во 2013 година. Имено, секоја година просечно ($\bar{x}$=39,39 %, σ=3,92, V=9,96 %), по околу 40 од 100 испитаници се изјаснуваат дека не можат да оценат.

Специфично е што само во 2008 со 36,12 % и 25,85 % и во 2013 година со 43,99 % и 11,49 % се изјасниле со оценките „се согласувам" и „потполно се согласувам". Од 2014 до 2017 година пораснат е процентот на испитаниците кои одговараат со оценката „не се согласувам", на 17 %. Просечно набљудувано ($\bar{x}$=149,73 %, σ=2,17, V=14,70 %) во изминатата деценија по 15 од 100 испитаници се определувале за оценката „не се согласувам". Во таа смисла треба да

оцениме дека просечно 10 од 100 испитаници годишно ($\bar{x}$=10,04 %, σ=1,64, V=16,34 %) се определувале за оценката „потполно се согласувам“. И на крајот просечно 4 од 100 испитаници, годишно ($\bar{x}$=4,28 %, σ=1,27, V=29,58 %), се определувале за оценката „воопшто не се согласувам“. Специфично е што одговорите од година во година покажуваат определен степен на дисперзираност, но тоа не ги нарушува аналитичките својства на оваа дистрибуција.

Ако се прегрупираат податоците и на едно место се прикажат оние кои имаат експлицитно негативен и спротивен, т.е. позитивен став и се прикажат неопределените ставови, тогаш ќе се добијат дистрибуции кои се прикажани во графиконот што следи.

***Графикон број 27. Во последно време е подобрен превентивниот однос во работата на полицијата***




Што може да се констатира од графичката презентација? Несомнено е дека позитивните ставови доминираат во оваа дистрибуција, дека тие (како и негативните) по 2014 година, имаат тенденција на опаѓање и дека по 2014 година со благ пораст се оценките на испитаниците „не можам да оценам“.

Ако се споредат последните две дистрибуции тогаш може да се констатира дека и кај двете се присутни тенденции на избегнување на соопштување на сопствениот став, односно се затскриваат зад одговорот „не можам да оценам“.

### *Дали и колку се имплементира моделот community policing?*

Концептот на оваа батерија прашања е да се создаде претстава колку во перцепциите на граѓаните се присутни сознанијата за тоа, дали

и колку полицијата во својата активност го имплементира моделот community policing. За таа цел од испитаниците побаравме да го искажат и да го изразат степенот на слагање или неслагање за следниот став: - „во последно време како граѓанин, полицаецот го гледам како службеник кој мора да ги реши проблемите на граѓаните кои не се полициски“.

Одговорите се дадени во следниот графички приказ. На што упатуваат оценките по овој став. Несомнено е дека испитаниците изразиле степен на несогласност кој се движи во распонот од 12,39 % во 2008 до 36,03 % во 2012 година. Просечно секоја година по една третина 30,42 % , ($\bar{x}$=30,42 %, σ=4,96, V=16,32 %), од испитаниците се определиле за ставот „не се согласувам“, значи толкав процент сметаат дека полицаецот не ги решава проблемите на граѓаните што не се полициски“.

***Табела број 131. Во последно време како граѓанин, полицаецот го гледам како службеник кој мора да ги реши проблемите на граѓаните кои не се полициски***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 16,55 | 3,20 | 9,64 | 10,02 | 12,15 | 12,85 | 9,46 | 13,98 | 14,56 | 10,95 |
| 2. | **12,39** | **19,98** | **31,29** | **35,35** | **36,03** | **35,11** | **31,47** | **33,46** | **33,72** | **35,37** |
| 3. | 17,42 | 23,80 | 20,20 | 19,07 | 18,30 | 16,76 | 19,69 | 20,37 | 19,25 | 19,48 |
| 4. | 29,38 | 38,37 | 28,77 | 24,98 | 24,29 | 25,62 | 28,46 | 24,41 | 24,62 | 23,84 |
| 5. | 24,26 | 14,65 | 10,10 | 10,58 | 9,23 | 9,66 | 10,92 | 7,78 | 7,85 | 10,37 |
| **Σ** | **1154** | **1311** | **1307** | **1437** | **1235** | **1128** | **1163** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда**: 1. воопшто не се согласувам; 2. не се согласувам; 3. не можам да оценам; 4. се согласувам; 5. потполно се согласувам; Σ= вкупно испитаници што одговориле

Втора по зачестеност е оценката „се согласувам“. Таа се движи во распонот од 23,84 % во 2017 до 38,37 % во 2009 година. Ако погледнеме какви се просечните вредности ($\bar{x}$=27,27 %, σ=4,61, V=17,60 %) може да се констатира дека просечно по 27 од 100 испитаници се определувале за ставот „се согласувам“.

На трето место по зачестеност е оценката „не можам да оценам“, која се движи во распонот од 16,76 % во 2013 до 23,80 % во 2009 година. Просечно по 19 од 100 испитаници избегнале одговор на ова прашање ($\bar{x}$=19,43 %, σ=1,90, V=16,96 %). Специфично е што крајно позитивните оценки ($\bar{x}$=11,54 %, σ=2,03, V=17,60 %) и крајно негативните оценки ($\bar{x}$=11,34 %, σ=3,39, V=29,87 %) се приближно еднакви и што последната има поизразен степен на распрснатост, што укажува дека диференцијациите на вредностите во нејзините редови се со поголеми разлики.

***Графикон број 28. Во последно време како граѓанин, полицаецот го гледам како службеник кој мора да ги реши проблемите на граѓаните кои не се полициски***




Од понудениот графикон можеме да оцениме дека интензитетот на одговорите на испитаниците од типот „воопшто и не се согласувам“, или негативните оценки за ставот имаат позачестена фреквенција ($\bar{x}$=41,75 %, σ=8,03, V=19,24 %), дека постојат, но не така изразени разлики во однос на оние испитаници што имаат позитивен став („потполно и се согласувам“), дека просечните разлики ($\bar{x}$=38,81 %, σ=6,46, V=16,65 %) се приближуваат и имаат слична дисперзираност во структурата на одговорите.

И на крајот општа констатација е дека испитаникот нема претстава дека во последно време полицаецот, како службеник, решава проблеми на граѓаните, кои не се полициски. Заклучокот е значи дека тој се занимава со решавање на други проблеми, а не проблемите на граѓаните.

Една од карактеристиките на концептот community policing е стекнувањето на доверба и решавањето на нивните ситни, мали проблеми. Од испитаниците беше побарано да го искажат степенот на согласност со тврдењето:- „Во последно време, денес, полицаецот е поуспешен отколку порано и ја стекнува довербата на граѓаните, бидејќи ги решава нивните ’мали’ проблеми“. Одговорите се прикажани во следниот табеларен приказ.

***Табела број 132. Во последно време , денес, полицаецот е поуспешен отколку порано и ја стекнува довербата на граѓаните, бидејќи ги решава нивните „мали“ проблеми***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 19,57 | 6,56 | 7,80 | 7,15 | 6,47 | 7,37 | 8,94 | 8,96 | 12,07 | 7,95 |
| 2. | 29,78 | 20,37 | 21,48 | 24,38 | 23,69 | 23,71 | 23,82 | 25,59 | 31,42 | 28,78 |
| 3. | 17,75 | 25,02 | 29,66 | 28,19 | 29,83 | 25,22 | 26,14 | 29,43 | 26,63 | 30,04 |
| 4. | 10,65 | 37,68 | 33,56 | 31,39 | 33,23 | 34,90 | 30,52 | 28,15 | 23,56 | 23,55 |
| 5. | 22,25 | 10,37 | 7,49 | 8,89 | 6,79 | 8,79 | 10,58 | 7,87 | 6,32 | 9,69 |
| **Σ** | **1155** | **1311** | **1308** | **1440** | **1237** | **1126** | **1163** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда**: 1. воопшто не се согласувам; 2. не се согласувам; 3. не можам да оценам; 4. се согласувам; 5. потполно се согласувам; Σ= вкупно испитаници што одговориле.

Воочливо е дека интензитетот на одговорите од година во година се разликува, но дека во оваа дистрибуција не постојат така видливи или драстични разлики. Одговорите се групирани во три подоминантни групи со нешто повеќе или околу една четвртина од одговорите и две десеттини им отпаѓаат на одговорите кои имаат крајно позитивни или крајно негативни оценки. Имено, доминираат одговорите „се согласувам“ ($\bar{x}$=28,72 %, σ=4,87, V=16,97 %), потоа следуваат „не можам да оценам“ ($\bar{x}$=26,79 %, σ=2,06, V=7,69 %) и на трето место по зачестеност се оценките „не се согласувам“ ($\bar{x}$=25,30 %, σ=3,44, V=13,58 %). Потоа следат оценките „потполно се согласувам“ ($\bar{x}$=9,91 %, σ=1,52, V=15,37 %). И на самиот крај се оценките „воопшто не се согласувам“ ($\bar{x}$=9,28 %, σ=1,72, V=18,77 %).

***Графикон број 29. Во последно време, денес, полицаецот е поуспешен отколку порано и ја стекнува довербата на граѓаните, бидејќи ги решава нивните „мали“ проблеми***



Графичкиот приказ илустрира дека движењето на пропорциите на ставовите на испитаниците од 2008 до 2017 година покажува тенденција на благ пораст на ставовите со кои се изразува несогласување со понудениот став, дека позитивно ориентираните ставови имаат позначителен пад од 2013 до 2017 година. Сепак, може да се констатира дека просечно секоја година ($\bar{x}$=38,62 %, σ=5,48, V=14,18 %) по 38,62 %, односно 39 од 100 испитаници се определувале за една од двете позитивно насочени оценки. Слична е и дистрибуцијата на негативно ориентираните одговори („воопшто не се согласувам" и „не се согласувам") бележат просечен раст од 34,58 % ($\bar{x}$=34,58 %, σ=4,89, V=14,13 %), односно 35 од 100 испитаници се определуваат за еден од понудените негативни ставови.

Во оваа дистрибуција е релативно пониска зачестеноста на неопределените одговори изразени во оценката „не можам да оценам" ($\bar{x}$=26,79 %, σ=2,06, V=7,69 %), сепак може да се констатира дека таа сè уште е висока и дека од 100 испитаници 27 се определуваат за оваа оценка.

Од целината на одговорите може да се констатира дека кај испитаниците и покрај определената зачестеност дека се согласуваат со понудениот став, значајни се испитаниците кои одговараат негативно и неопределено. Тоа упатува на еден од можните заклучоци дека кај испитаниците не доминираат перцепциите дека полицаецот не е поуспешен и дека не може да ја стекнува довербата на граѓаните, затоа тој е ориентиран кон решавање на други, а не ситните, односно мали проблеми на граѓаните.

Внимание заслужуваат и оценките за ставот:„ Во последно време полицаецот треба да биде ´пријател и помагач´ на граѓаните кои го почитуваат законот".

***Табела број 133. Во последно време полицаецот треба да биде „пријател и помагач" на граѓаните кои го почитуваат законот***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 1,74 | 1,07 | 1,07 | 1,11 | 1,62 | 1,50 | 12,82 | 1,57 | 1,63 | 2,23 |
| 2. | 2,34 | 4,51 | 5,12 | 5,00 | 5,50 | 5,57 | 6,45 | 7,28 | 5,65 | 6,59 |
| 3. | 4,95 | 8,94 | 7,26 | 8,33 | 8,33 | 8,48 | 7,75 | 10,83 | 13,98 | 11,53 |
| 4. | 13,72 | 48,85 | 50,76 | 48,47 | 49,84 | 51,15 | 42,51 | 49,80 | 47,32 | 49,81 |
| 5. | 77,26 | 36,62 | 35,78 | 37,08 | 34,71 | 33,30 | 30,46 | 30,51 | 31,42 | 29,84 |
| **Σ** | **1152** | **1308** | **1308** | **1440** | **1236** | **1132** | **1162** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда**: 1. воопшто не се согласувам; 2. не се согласувам; 3. не можам да оценам; 4. се согласувам; 5. потполно се согласувам; Σ= вкупно испитаници што одговориле.

Овде има значително мнозинство од испитаници што се определиле за еден од двата става „се согласувам". Имено, оценките за

тоа дека „полицаецот треба да биде 'пријател и помагач' на граѓаните кои го почитуваат законот“ се движи во распон до 13,72 % во 2008 до 51,15 % во 2013 година. Просечно за овој став годишно се определувале 45,22 % ($\bar{x}$=45,79 %, σ=2,60, V=5,76 %). Следната оценка според зачестеноста е „потполно се согласувам“, која се движи во распонот од 29,84 % во 2017 до 77,26 % во 2008 година. Просечно, годишно со оваа оценка се изјаснувале 37,70 % ($\bar{x}$=37,70 %, σ=2,85, V=7,55 %), односно 38 од 100 испитаници. Двете оценки заедно укажуваат дека се движат во распонот од 72,95 % во 2014 до 90,97 % во 2008 година, додека просечно секоја година по 83 од 100 испитаници одговарале позитивно ($\bar{x}$=82,92 %, σ=4,45, V=5,36 %).

### *Перцепциите на граѓаните за успешноста на полицаецот и командирот на полициската станица*

Во врска со оценката за успешноста на полицаецот и неговата обврска на секои три месеци да има средби со граѓаните има релативно поиздиференцирани ставови. Имено, испитаниците беа замолени да оценат колку се согласуваат со тврдењето „за да е успешен полицаецот треба, на секои три месеци да има средби со граѓаните“. Најзачестена фреквенција е оценката „се согласувам“. Таа се движи од 18,32 % во 2008 до 47,30 % во 2013 година. Просечно годишно 42 од 100 испитаници одговараат со одговор „се согласувам“ ($\bar{x}$=41,51 %, σ=2,49, V=6,01 %). Не помалку значајна е дистрибуцијата во која испитаниците се изјаснуваат дека „потполно се согласуваат“. Овој став го делат 21,80 % испитаници во 2017 до 57,90 % во 2008 година. Просечно секоја година 31 од 100 испитаници ($\bar{x}$=30,70 %, σ=2,89, V=9,42 %) се определувале за ставот „потполно се согласувам“.

***Табела број 134. За да е успешен, полицаецот треба, на секои три месеци да има средби со граѓаните***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 10,54 | 1,68 | 1,38 | 1,53 | 1,37 | 2,30 | 10,23 | 1,97 | 1,92 | 2,23 |
| 2. | 5,70 | 6,57 | 8,26 | 6,18 | 6,87 | 9,90 | 9,11 | 9,06 | 8,52 | 10,95 |
| 3. | 7,52 | 17,27 | 16,68 | 16,12 | 14,38 | 14,50 | 14,53 | 18,21 | 20,21 | 22,19 |
| 4. | **18,32** | **45,00** | **45,29** | **46,00** | **46,20** | **47,30** | **39,81** | **41,24** | **43,10** | **42,83** |
| 5. | 57,91 | 29,49 | 28,39 | 30,16 | 31,18 | 25,99 | 26,31 | 29,53 | 26,25 | 21,80 |
| **Σ** | **1157** | **1309** | **1307** | **1439** | **1238** | **1131** | **1163** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда**: 1. воопшто не се согласувам; 2. не се согласувам.; 3. не можам да оценам; 4. се согласувам; 5. потполно се согласувам; Σ= вкупно испитаници што одговориле

Од приказот може да се воочи дека 16 од 100 испитаници се определуваат да одговараат со оценката „не можам да оценам“, 8 од 100

испитаници оценуваат „не се согласувам“ и 4 од 100 испитаници велат „воопшто не се согласувам“ со понудениот став и оценка.

***Графикон број 30. За да е успешен, полицаецот треба, на секои три месеци да има средби со граѓаните***




Графичкиот приказ илустрира дека значителен број на испитаници се определиле за оценките „потполно се согласувам“ и „се согласувам“. Може да констатираме дека просечно секоја година 72 од 100 испитаници, ($\bar{x}$=72,21 %, σ=4,39, V=6,07 %), се определува за еден од овие два става. Исто така, може да се констатира дека просечно по 12 од 100 испитаници, ($\bar{x}$=11,63 %, σ=3,60, V=30,99 %), се определува за еден од двата става со кои се изразува несогласување („воопшто не се согласувам“ и „не се согласувам“).

Ако се бара објаснување зошто во оваа дистрибуција доминираат и тоа значително позитивните оценки, еден од можните одговори би се однесувал на тоа дека ставот е нормативен. Во него се сугерира дека „полицаецот треба“. Логичкиот одговор е да треба. Веројатно би можело и поинаку да се дефинира ставот.

И следната дистрибуција има содржина на став кој во себе ја содржи насоката „треба“. Во таа смисла беа замолени испитаниците да го искажат својот став со изразување на степен на согласност за ставот: „Командирот на Полициската станица треба да практикува најмалку еднаш на шест месеци да се среќава со граѓаните на моето место на живеење и да слушне за нашите проблеми“.

***Табела број 135. Командирот на Полициската станица треба да практикува најмалку еднаш на шест месеци да се среќава со граѓаните на моето место на живеење и да слушне за нашите проблеми***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 1,15 | 1,38 | 1,53 | 1,70 | 2,38 | 1,63 | 0,89 | 1,72 | 2,13 |
| 2. | 5,73 | 8,26 | 5,98 | 7,11 | 6,53 | 6,70 | 6,00 | 7,57 | 8,43 |
| 3. | 16,18 | 16,68 | 12,93 | 12,92 | 12,26 | 14,25 | 14,17 | 15,23 | 22,58 |
| 4. | **44,27** | **45,29** | **43,99** | **44,26** | **44,62** | **44,46** | **44,59** | **42,15** | **38,08** |
| 5. | 32,67 | 28,39 | 35,58 | 34,01 | 34,22 | 32,96 | 34,35 | 33,33 | 28,78 |
| Σ | **1310** | **1307** | **1439** | **1238** | **1134** | **1165** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда**: 1. воопшто не се согласувам; 2. не се согласувам; 3. не можам да оценам; 4. се согласувам; 5. потполно се согласувам; Σ= вкупно испитаници што одговориле.

Од одговорите може да се воочи дека во неа доминираат ставовите со кои се изразува степен на согласност. Во изминатите девет години испитаниците имаа позитивна оценка за понудениот став кој се движи во распонот од 38,08 % во 2017 до 44,62 % во 2013 година. Имено, секоја година просечно по 44 од 100 испитаници, ($\bar{x}$=43,52 %, σ=2,11, V=5,09 %), се определувале за оценката „се согласувам“. Следна оценка која има позначајна зачестеност е „потполно се согласувам“. Таа во изминатите девет години се движи во распонот од 22,39 % во 2010 до 35,58 % во 2011 година. Просечно годишно 33 од 100 испитаници, ($\bar{x}$=32,70 %, σ=2,49, V=7,61 %), се определувале да одговорат на поставеното прашање со оценката „потполно се согласувам“. Потоа следуваат оценките „не можам да оценам“, која од 2015 до 2017 година бележи благо зголемување. Просечно годишно 16 од 100 испитаници, ($\bar{x}$=15,24 %, σ=3,13, V=20,55 %), се определувале за оценката „не можам да оценам“, потоа, просечно 7 од 100 испитаници, ($\bar{x}$=6,92 %, σ=0,99, V=14,36 %), се изјасниле со „не се согласувам“ и 2 од 100 испитаници, ($\bar{x}$=1,61 %, σ=0,46, V=28,52 %), „воопшто не се согласувам“ со понудениот став.

***Графикон број 31. Командирот на Полициската станица треба да практикува најмалку еднаш на шест месеци да се среќава со граѓаните на моето место на живеење и да слушне за нашите проблеми***




Од графичкиот приказ може да констатираме дека просечно 72 од 100 испитаници годишно се определуваат со оценката „потполно се согласувам“ и „се согласувам“. Додека, пак, со оценките „воопшто не се согласувам“ и „не се согласувам“, просечно се изјаснуваат по 11 од 100 испитаници. Другите испитаници избегнуваат да ја соопштат оценката и прифаќаат одговор „не можам да оценам“.

На следното прашање променета е дикцијата. Имено, од испитаниците се побара степен на согласност со ставот дека „Командирот на Полициската станица треба да практикува на секои шест месеци да се среќава со граѓаните на моето место на живеење за да ги слушне граѓаните за работата на полицијата“.

***Табела број 136. Командирот на Полициската станица треба да практикува на секои шест месеци да се среќава со граѓаните на моето место на живеење за да ги слушне граѓаните за работата на полицијата***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 0,99 | 0,46 | 1,60 | 1,78 | 2,20 | 1,37 | 1,08 | 1,82 | 2,81 |
| 2. | 5,25 | 5,89 | 4,59 | 6,72 | 6,53 | 5,76 | 5,31 | 5,84 | 7,95 |
| 3. | 14,61 | 13,30 | 13,34 | 14,09 | 12,43 | 13,57 | 15,16 | 15,23 | 21,12 |
| 4. | **45,81** | **47,32** | **45,45** | **43,64** | **44,71** | **45,45** | **43,90** | **43,30** | **41,18** |
| 5. | **33,33** | **33,03** | **35,02** | **33,77** | **34,13** | **33,85** | **34,55** | **33,81** | **26,94** |
| **Σ** | **1314** | **1308** | **1439** | **1235** | **1134** | **1164** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда**: 1. воопшто не се согласувам; 2. не се согласувам; 3. не можам да оценам; 4. се согласувам; 5. потполно се согласувам; Σ= вкупно испитаници што одговориле.

Еден од значајните механизми на односите меѓу полицијата и заедницата е воспоставување на канал за двострана комуникација. Според концептот за работењето на полицијата во заедницата, одржувањето на повремени или на постојани средби се јавува како императив. Може да се воочи дека постојат мали разлики во оценките меѓу претходниот став за обврската на командирот на Полициската станица еднаш на шест месеци и на секои шест месеци да се среќава со граѓаните за да разговара за работата на полицијата во заедницата. Најзачестена оценка е „се согласувам“. Таа се јавува во распонот од 41,18 % во 2017 до 47,32 % во 2010 година. Просечно по 45 од 100 испитаници годишно се определувале за оценката „се согласувам“ со понудениот став ($\bar{x}$=44,53 %, σ=1,77, V=3,98 %). Истото може да се воочи и за оценката „потполно се согласувам“. Таа се движи во распонот од 26,94 % во 2017 до 35,02 % во 2011 година. Со оваа оценка просечно годишно се определувале 33 од 100 испитаници ($\bar{x}$=33,16 %, σ=2,41, V=7,26 %).

***Графикон број 32. Командирот на Полициската станица треба да практикува на секои шест месеци да се среќава со граѓаните на моето место на живеење за да ги слушне граѓаните за работата на полицијата***




Од графичката презентација може да се констатира дека во изминатите девет години просечно, речиси 78 од 100 испитаници, ($\bar{x}$=77,69 %, σ=3,77, V=4,85 %), се определувале за оценката се

„согласувам“ и „потполно се согласувам“, речиси 15 од 100 испитаници искажувале став „не можам да оценам“ ($\bar{x}$=14,76 %, σ=2,56, V=17,32 %) и речиси 8 од 100 испитаници се определувале за „воопшто не се согласувам“ и „не се согласувам“ ($\bar{x}$=7,55 %, σ=1,55, V=20,40 %).

Овие два става повеќе треба да се набљудуваат како очекување на испитаниците да имаат командир на Полициската станица кој ќе е растоварен од значењето на функцијата која ја извршува и сè повеќе ќе е свртен кон граѓаните и нивните потреби. Тоа, исто така, треба да се набљудува како очекување, затоа што се инцидентни појавите кога командирот на Полициската станица општи непосредно со граѓаните и разговара за нивните проблеми или за работата на полицијата во заедницата.

Но ако се погледне во содржината на задачите што со норматив се определени за командирот на Полициската станица, тогаш ќе се констатира дека не постојат изречни одредби со кои тој е обврзан или упатен на временска рамка или каква било обврска да организира средби со граѓаните.

Во структурата на Полициската станица, според описот на работните места во внатрешните работи, планирана е и положбата помошник командир за превенција, но и на виш инспектор за превенција. Ним меѓу останатите задачи им се припишани и обврските да работат „на имплементација на превентивните концепти и стратегијата за превенција дефинирани од Одделението за превенција во Секторот за полиција при Бирото за јавна безбедност“. Тие се обврзани да работат на реализација на проекти, кампањи и други активности од делот на превенцијата, посебно да планираат и учествуваат во реализацијата на активностите на локални кампањи. Во основните задачи е и обврската да работат „на формирање, развивање и одржување на позитивен однос помеѓу Полициската станица и заедницата“, како и на креирање, развивање и имплементација на практични методи за воспоставување и зачувување на ефикасна комуникација и соработка помеѓу Полициската станица и заедницата. Во тој контекст тие имаат задача да иницираат и развиваат советодавни групи на граѓани во локалните заедници со цел да се обезбеди нивно вклучување во идентификувањето и разрешувањето на конкретни безбедносни проблеми, но и да работи на спречување на конфликтни ситуации меѓу полицијата и граѓаните после полициски интервенции (приведување на лица, претрес, примена на други овластувања и средства за присилба).

Задачата на помошник командирот и на вишиот инспектор за превенција се слични, па дури и се преклопуваат. Нивна задача е да ги следат појавните форми на криминалитет на станичното подрачје и да

ги идентификува факторите на ризик, посебно имаат обврска и одговорност да предлагаат конкретни мерки за нивно отстранување, особена обврска е да ги идентификуваат ранливите групи граѓани и планираат мерки за нивна заштита, како и да остваруваат континуирана соработка со граѓаните, органите и телата на локалната самоуправа, државните органи, невладините организации и здруженија на граѓани на станичното подрачје, со цел преземање заеднички превентивни активности за спречување на казниви однесувања. Тие се задолжени да даваат перманентна поддршка на полициските службеници на Полициската станица во реализацијата на превентивните мерки и секој во својата надлежност има обврска да го води „регистарот за поднесени претставки од граѓани против полициски службеници и преземени мерки".

***Табела број 137. Полицијата во мојата општина, треба непосредно да нè информира за проблемите на општината***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 0,91 | 0,61 | 2,29 | 2,59 | 2,12 | 1,72 | 1,38 | 2,01 | 1,84 |
| 2. | 4,27 | 6,04 | 10,35 | 10,28 | 11,31 | 8,42 | 8,66 | 10,92 | 11,43 |
| 3. | 13,57 | 13,61 | 16,12 | 14,66 | 14,75 | 14,52 | 21,06 | 18,58 | 23,35 |
| 4. | **53,35** | **52,45** | **47,32** | **47,13** | **48,50** | **49,74** | **42,81** | **43,87** | **41,76** |
| 5. | 27,90 | 27,29 | 23,91 | 25,34 | 23,32 | 25,60 | 26,08 | 24,62 | 21,61 |
| Σ | **1312** | **1308** | **1439** | **1235** | **1132** | **1164** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда**: 1. воопшто не се согласувам; 2. не се согласувам; 3. не можам да оценам; 4. се согласувам; 5. потполно се согласувам; Σ= вкупно испитаници што одговориле.

Испитаниците во значително мнозинство се согласуваат со понудениот став. Степенот на согласноста се движи во распонот од 41,76 % во 2017 до 55,35 % во 2009 година. Просечно, секоја година 47 од 100 испитаници се определувале за ставот „се согласувам" ($\bar{x}$=47,44 %, σ=4,08, V=8,59 %). Втора по зачестеност е дистрибуцијата во која се изразува потполна согласност. Имено, степенот на согласност кај испитаниците се движи меѓу 21,61 % во 2017 до 27,89 % во 2009 година. Просечно секоја година 25 од 100 испитаници понудениот став го оценувале со оценката „потполно се согласувам" ($\bar{x}$=25,07 %, σ=1,97, V=7,84 %). Што се однесува, пак, до одговорите „не можам да оценам", треба да се констатира дека тие се движат во рамките на распонот меѓу 13,57 % во 2009 и 23,35 % во 2017 година. Просечно, секоја година, во изминатите години, приближно 17 од 100 испитаници одговарале „не можам да оценам" ($\bar{x}$=16,69 %, σ=3,52, V=21,10 %). И оценките „не се согласувам" се движат во распонот од 4,27 % во 2009 до 11,43 % во 2017 година. Просечно, секоја година, во изминатите девет години, 9 од 100 испитаници одговарале „не се согласувам" со понудениот став

($\bar{x}$=9,08 %, σ=2,50, V=27,53 %). И најмалку фреквентната дистрибуција „воопшто не се согласувам“ се движи во распонот од 0,61 % во 2010 до 2,59 % во 2012 година. Просечно, годишно приближно 2 од 100 испитаници одговарале дека „воопшто не се согласуваат“ ($\bar{x}$=1,72 %, σ=0,65, V=37,57 %).

Несомнено е дека станува збор за нормативен став кој повеќе ги изразува очекувањата, отколку практиката и е реално од испитаниците да се очекува да имаат позитивен став, уште повеќе што испитаникот како даночен обврзник очекува власта да го почитува и да го информира за проблемите, но и да презема активности за разрешување на проблемите.

***Графикон број 33. Полицијата во мојата општина, треба непосредно да нè информира за проблемите на општината***




Графичкото претставување на оваа серија нуди можност да се воочат специфичностите на одговорите. Може да се констатира дека речиси 73 од 100 испитаници имаат оценка дека „потполно се согласуваат“ и „се согласуваат“ со понудениот став, речиси17 од 100 испитаници декларираат дека не можат да оценат, а нешто повеќе од 10 од 100 испитаници „воопшто“ или „не се согласуваат“.

## ***Полицијата и ресурсите на локалната заедница***

Последното од оваа батерија прашања е ставот „Полицијата треба повеќе да се потпира на можностите на граѓаните кои живеат во мојата општина“, односно една од специфичностите на моделите на полиција во заедницата. Концептот на полициско работење во соработка со заедницата го прифаќа фактот дека полицијата не може да ги реши проблемите со криминалот и јавниот ред и мир, на реактивен

начин. За да успее во тоа, таа треба да воспостави партнерства со други владини институции, членови од заедницата, лидери на заедницата, деловни луѓе, училишта, невладини организации и други субјекти. Сите тие треба да се еднакви партнери, кои заедно соработуваат со цел да го подобрат квалитетот на живеење во заедницата. Главната цел е да се утврдат потребите на заедницата и приоритетите на полицијата преку консултации. Воедно, ќе се унапредат ефикасноста, транспарентноста и одговорноста во работењето на полицијата. Поаѓајќи од таквите концепциски карактеристики, понудениот став треба да ги отслика пресеците на перцепциите на испитаниците во изминатите години.

***Табела број 138. Полицијата треба повеќе да се потпира на можностите на граѓаните кои живеат во мојата општина***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 0,84 | 0,54 | 1,94 | 1,87 | 1,77 | 1,38 | 1,38 | 1,53 | 2,03 |
| 2. | 3,58 | 3,82 | 7,57 | 6,97 | 8,76 | 6,10 | 5,61 | 8,14 | 9,01 |
| 3. | 22,03 | 19,34 | 21,25 | 23,76 | 23,27 | 21,84 | 26,38 | 24,14 | 28,29 |
| 4. | **49,92** | **53,59** | **47,99** | **45,34** | **44,78** | **48,41** | **42,03** | **43,68** | **40,99** |
| 5. | 23,63 | 22,71 | 21,25 | 22,06 | 21,42 | 22,27 | 24,61 | 22,51 | 19,67 |
| Σ | **1312** | **1308** | **1440** | **1233** | **1130** | **1163** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда**: 1. воопшто не се согласувам; 2. не се согласувам; 3. не можам да оценам; 4. се согласувам; 5. потполно се согласувам; Σ= вкупно испитаници што одговориле.

Ако се погледнат резултатите, тогаш можат да се утврдат неколку карактеристики. Прво, дека доминира одговорот „се согласувам“, потоа доаѓа оценката „не можам да оценам“, па следи оценката „потполно се согласувам“.

Оценката „се согласувам“ се движи во распонот од 40,99 % во 2017 до 53,59 % во 2010 година. Просечно, секоја година 46 од 100 испитаници се определуваат за оценката „се согласувам“ ($\bar{x}$=46,30 %, σ=40,03, V=8,71 %). Втора, според вредноста, е дистрибуцијата со оценката „не можам да оценам“. Таа се движи во распонот од 19,34 % во 2010 до 28,29 % во 2017 година. Може да се забележи дека последните три години оваа оценка има повисоки вредности во однос на другите години. Просечно, годишно 23 од 100 испитаници се определуваат за оценката „не можам да оценам“ ($\bar{x}$=23,37 %, σ=2,71, V=11,61 %). И третата по интензитет дистрибуција се однесува на одговорите на испитаниците искажани како „потполно се согласувам“. Тие се движат во распонот од 19,67 % во 2017 до 24,61 % во 2015 година. Просечно секоја година 22 од 100 испитаници одговарале со оценката „потполно се согласувам“ ($\bar{x}$=22,24 %, σ=1,42, V=6,38 %). И на крајот со помал интензитет се оценките „не се согласувам“, со приближно просечно изјаснување на 7 од 100 испитаници ($\bar{x}$=6,62 %,

σ=2,00, V=30,20 %) и една незначителна група од испитаници која секоја година нешто повеќе од 1 од 100 испитаници се определува со ставот „воопшто не се согласувам“ ($\bar{x}$=1,47 %, σ=0,51, V=34,61 %).

Ако повнимателно се анализира оваа дистрибуција и покрај нормативниот карактер на прашањето, во кое се навестува некаква потреба, преку констатацијата дека треба да се потпира врз можностите на општината во која живее испитаникот, појавата на значителен број на одговори со „не можам да оценам“ укажуваат дека, прво прашањето се подразбира како програмско и недоволно објаснето и второ, практиката покажува дека полицијата во нејзината работа, освен облиците на манифестно и медиумско претставување на некои акции, не се потпира врз можностите на граѓаните во општините, та затоа испитаниците се во недоумица како да одговорат на поставеното прашање, па затоа се определуваат за опцијата „не можам да оценам“.

***Графикон број 34. Полицијата треба повеќе да се потпира на можностите на граѓаните кои живеат во мојата општина***




Од графичката презентација може да се воочи дека постои блага тенденција за зголемување на оценките „не можам да оценам“ и „воопшто и не се согласувам“. Исто така, може да се констатира дека постои благо опаѓање на оценките „потполно и се согласувам“.

Може да се констатира дека просечно годишно повеќе од 68 од 100 испитаници се определувале за оценките „потполно се согласувам“ и „се согласувам“ ($\bar{x}$=68,54 %, σ=4,59, V=6,70 %), потоа 23 од 100 испитаници оценувале „не можам да оценам“ и 8 од 100 испитаници

одговарале со една од оценките „воопшто не се согласувам“ и „не се согласувам“ ($\bar{x}$=8,09 %, σ=2,47, V=30,50 %).

Од целината на презентираните податоци може да се истакне дека концептот полиција во заедницата (community policing) е прашање, кое повеќе или помалку е во концептите и програмските документи. Пошироката јавност нема доволно јасни и поиздиференцирани погледи, најчесто како отсуството на информации, или доверба во соговорниците и институциите прибегнува кон одговори кои се неутрални, што претпоставува дека треба да се преземаат организирани активности за вклучување и ангажирање на граѓаните во партнерствата за решавање на проблемите.

# ОСМА ГЛАВА

# КОНТРОЛА И УПРАВУВАЊЕ СО ПОЛИЦИЈАТА

## *Вовед*

Полициската работа и извршувањето на полициските работи, се уредени со закон и подзаконските акти. Полициските овластувања се сет на со закон дозволени можности, постапки, мерки и средства, со законски утврден начин на користење, што овозможуваат полицискиот работник при неговото службено постапување да создаде претпоставки за воспоставување на со закон пропишаната состојба, да го зачува животот, слободите и правата на човекот и да го заштити имотот. Законскиот опфат на полициските овластувања е обемен, овде ќе се набројат некои, кои повеќе или помалку се дел од анализата на батеријата прашања. Меѓу овластувањата се можноста да врши проверка и утврдување на идентитет на лица и предмети, да собира информации, да повикува, да задржува, приведува, да врши потрага по лица и предмети, да пренасочува, насочува и ограничување на движење на лица и превозни средства на определен простор за определено нужно време, да предупредува и наредува, привремено да одзема предмети, да врши преглед или претрес на определени простории и објекти на државни органи, институции што вршат јавни овластувања и други правни лица и увид во нивната документација, да сопира, прегледува или претресува лица, багаж или превозни средства, да обезбедува и врши преглед на местото на настанот, да прима пријави, да снима на јавни места, да собира, обработува, користи, оценува, пренесува, чува и брише податоци, како и да обработува лични податоци под услови и на начин во согласност со законот, да применува на посебни истражни мерки и прикриени извори на податоци, како и да врши заштита на лица опфатени во согласност со прописите за заштита на сведоци (Закон за полиција).

## *Перцепциите за полицаецот и неговата положба*

За тоа дека полицаецот не е „суперхерој“, ниту „надчовек“, туку еден од граѓаните кои по слободна волја се определил за „професијата“ полицаец. Патем да спомeнеме дека ставот дека „полицаец“ е професија, тешко ќе може да издржи посериозна критика, можеби повеќе да станува збор за синоним кој отсликува полициски службеник задолжен за непосредна примена на овластувањата определени со нормативните акти. Иако овој поим не се исцрпува само со „полициски службеник“, затоа што во научната и општествената комуникација се употребуваат и други категории како што е „шумски полицаец“,

„затворски полицаец“, „даночен полицаец“, „јавнообвинителски полицаец“ и слични служби кои во насловот имаат назив „полиција“. Предмет на анализа се оценките на испитаниците за тоа дали и колку се согласуваат или не се согласуваат со определен став и тврдење. Прашањето беше поставено во следниот облик: „Ве молам со впишување на знак во секој ред определете до кој степен се согласувате (или не се согласувате) со следните ставови“. Значи, беше побарано од нив да утврдат каков е нивниот однос кон ставот: „Според мене полицајците ги уживаат истите граѓански и политички права како и другите граѓани“.

***Табела број 139. Според мене полицајците ги уживаат истите граѓански и политички права како и другите граѓани***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 5,33 | 5,73 | 6,25 | 7,86 | 5,74 | 6,19 | 5,02 | 5,84 | 5,33 |
| 2. | 18,34 | 17,74 | 18,28 | 21,23 | 19,61 | 18,99 | 18,80 | 20,88 | 21,41 |
| 3. | 18,72 | 16,82 | 13,13 | 13,70 | 11,22 | 14,78 | 16,83 | 17,15 | 15,79 |
| 4. | **36,53** | **39,91** | **40,79** | **40,68** | **41,87** | **39,86** | **40,35** | **36,78** | **37,60** |
| 5. | 21,08 | 19,80 | 21,54 | 16,53 | 21,55 | 20,19 | 19,00 | 19,35 | 19,86 |
| Σ | **1314** | **1308** | **1439** | **1234** | **1132** | **1164** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда**: 1. воопшто не се согласувам; 2. не се согласувам; 3. не можам да оценам; 4. се согласувам; 5. потполно се согласувам; Σ= вкупно испитаници што одговориле.

Ако се погледнат одговорите во изминатите девет години, тогаш ќе се заклучи дека граѓаните најчесто се согласуваат со ваквиот став. Степенот на согласувањето се изразува во пропорцијата на поддршка што овој исказ ја има во тековната година кога е вршено истражувањето. Резултатите покажуваат дека распонот на пропорциите е во рамките на вредностите од 36,53 % во 2009 до 41,87 % во 2013 година. Просечно секоја година 39 од 100 испитаници се согласувале со понудениот став ($\bar{x}$=39,38 %, σ=2,35, V=4,87 %). Второто и третото место по интензитетот на ставовите изразен во пропорциите е меѓу „потполно се согласувам“, со нешто повисока средна вредност ($\bar{x}$=19,88 %, σ=1,56, V=7,83 %), од оценката „не се согласувам“ ($\bar{x}$=19,48 %, σ=1,38, V=7,10 %). Распонот на пропорциите „се согласувам“ се движи во границите од 16,53 % во 2012 до 21,55 % во 2013 година. Што се однесува, пак, до распонот на пропорциите кај оценката „не се согласувам“, тој се движи меѓу 16,82 % во 2010 до 21,41 % во 2017 година. Може да се воочи дека оваа дистрибуција е за нијанса похомогена од оценките „се согласувам“ (V=7,10 %), наспроти 7,83 %), но, таа разлика нема никакво влијание во целината на оценките за ставот. Може да се констатира дека во изминатите девет години, речиси секој 20 од 100 испитаници ставот го оценувал со „се

согласувам“, односно со нешто повеќе од 19 од 100 испитаници го оценувале со ставот „не се согласувам“.

Оценката „не можам да оценам“, се движи меѓу 11,22 % во 2013 до 18,72 % во 2009 година. Ако се погледнат во целина пропорциите во изминатите девет години, тогаш може да се воочи дека 15 од 100 испитаници секоја година се определувале за оваа оценка ($\bar{x}$=15,35 %, σ=2,35, V=15,31 %), односно на индиректен начин избегнувале еден од начините на експлицитно изјаснување.

И на крајот со најниски вредности во пропорциите е оценката „воопшто не се согласувам“. Таа се движи во распонот од 5,02 % во 2015 до 7,86 % во 2012 година. Просечно, секоја година, речиси по 6 од 100 испитаници се определувале да ја соопштат оценката „воопшто не се согласувам“ ($\bar{x}$=5,92 %, σ=0,83, V=14,04 %).

***Графикон број 35. Според мене полицајците ги уживаат истите граѓански и политички права како и другите граѓани***




Ако се групираат податоците по сродност, односно оние кои не се согласуваат со понудениот став („воопшто не се согласувам“ и „не се согласувам“) и ги одбележиме со „не“ или ги именуваме негативни, а спротивните ставови со кои се изразува степен на согласност („потполно се согласувам“ и „се согласувам), ги означиме со „да“ и нив ги употребуваме како позитивни ставови, тогаш на понудениот графикон можат да се воочат сличностите и разликите на таквите дистрибуции. Имено, видливо е дека испитаниците најфреквентно позитивно се изјасниле. Распонот на пропорциите на позитивните оценки се движат од 56,13 % во 20016 до 63,43 % во 2013 година. Во изминатите девет години, просечно, секоја година 59 од 100 испитаници се определувале за една од двете позитивни оценки ($\bar{x}$=59,25 %, σ=2,44, V=4,12 %).

На спротивната страна, со негативен став, изразен како степен на несогласност, пропорциите во изминатите девет години се движат меѓу 23,47 % во 2010 до 29,09 % во 2012 година. Секоја измината година, просечно 25 од 100 испитаници се определувале за еден од двата става ($\bar{x}$=25,40 %, σ=1,84, V=7,26 %). Ваквата поларизираност на ставот отвора многу дилеми и прашања, особено ако се обидеме да поставиме прашање при коментирањето на оценките „не се согласувам“. Имено, несогласувањето со ставот „полицајците ги уживаат истите граѓански и политички права како и другите граѓани“, тогаш се поставува прашањето што се тие и кои слободи и права ги уживаат? Но, несомнено е дека тие располагаат со определени овластувања, кои во определени, со закон утврдени случаи можат да ги користат. Но тоа не е доволна основа за диференцијација.

Став кој има особено позитивна оценка од испитаниците („потполно се согласувам“) беше дефиниран: „Полицијата не смее да поттикнува или толерира чин на тортура, мачење, нечовечно или понижувачко постапување или казнување“. Ако се исклучи 2008 година каде овој став има нешто повеќе од четири петтини, другите години, таа оценка се движи меѓу 45,52 % во 2017 до 55,73 % во 2010 година. Просечната вредност во изминатите девет години изнесува 51,07 % ($\bar{x}$=51,07 %, σ=2,80, V=5,48 %). Ако се вклучи и вредноста од 2008 година, тогаш може да се констатира дека во изминатите десет години, просечно, секоја година 54 од 100 испитаници одговарале со „потполно се согласувам“ ($\bar{x}$=54,63 %, σ=2,80, V=5,12 %).

***Табела број 140. Според мене полицијата не смее да поттикнува или толерира чин на тортура, мачење, нечовечно или понижувачко постапување или казнување***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 1,29 | 1,22 | 0,92 | 1,74 | 1,30 | 0,89 | 1,29 | 1,38 | 0,67 | 1,36 |
| 2. | 1,12 | 4,12 | 2,22 | 3,26 | 4,05 | 2,39 | 3,34 | 3,94 | 4,12 | 3,68 |
| 3. | 3,02 | 7,55 | 4,43 | 8,54 | 6,48 | 4,96 | 7,11 | 6,69 | 7,85 | 6,20 |
| 4. | **7,94** | **41,19** | **36,70** | **34,17** | **38,22** | **38,35** | **38,82** | **36,71** | **35,25** | **39,24** |
| 5. | **86,63** | **45,92** | **55,73** | **52,29** | **49,96** | **53,41** | **49,44** | **51,28** | **52,11** | **49,52** |
| Σ | **1159** | **1311** | **1308** | **1440** | **1235** | **1129** | **1167** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда**: 1. воопшто не се согласувам; 2. не се согласувам; 3. не можам да оценам; 4. се согласувам; 5. потполно се согласувам ; Σ= вкупно испитаници што одговориле.

И оценката „се согласувам“, освен во 2008 година, каде има ниска поддршка од 7,94 %, другите девет години бележи определена зачестеност која се наоѓа во распонот на пропорциите од 34,17 % во 2011 до 41,19 % во 2009 година. Може да се воочи дека, секоја година, од 2008 до 2017 година, просечно со оценката „се согласувам“ се

определувале нешто повеќе од 34 од 100 испитаници ($\bar{x}$=34,66 %, σ=2,15, V=6,20 %). Поради ниската вредност ако ја исклучиме 2008 година, тогаш може да се воочи дека секоја година, просечно, за оценката „се согласувам"од 100 испитаници се определуваат нешто повеќе од 37 ($\bar{x}$=37,63 %, σ=2,15; V=5,71 %), што заедно со претходниот став чини значителен степен на согласност на испитаниците со понудениот став.

***Табела број 141. Според мене полицијата не смее да поттикнува или толерира чин на тортура, мачење, нечовечно или понижувачко постапување или казнување***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| не | 2,42 | 5,34 | 3,13 | 5,00 | 5,34 | 3,28 | 4,63 | 5,31 | 4,79 | 5,04 |
| нмо | 3,02 | 7,55 | 4,43 | 8,54 | 6,48 | 4,96 | 7,11 | 6,69 | 7,85 | 6,20 |
| да | 94,56 | 87,11 | 92,43 | 86,46 | 88,18 | 91,76 | 88,26 | 87,99 | 87,36 | 88,76 |
| Σ | **1159** | **1311** | **1308** | **1440** | **1235** | **1129** | **1167** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда:** не =(воопшто не се согласувам, не се согласувам). нмо= (не можам да оценам) и да = (се согласувам и потполно се согласувам); Σ= вкупно испитаници што одговориле.

Или ако ги групираме позитивно ориентираните ставови, тогаш, може да се констатира дека во оваа дистрибуција доминираат ставовите „потполно се согласувам" и „се согласувам". Пропорциите на одговорите се движат во распонот од 86,46 % во 2011 до 94,56 % во 2008 година. Може да се воочи дека, секоја година, во изминатите десет години за овие два става се изјаснувале речиси 89 од 100 испитаници ($\bar{x}$=88,70 %, σ=2,05; V=2,31 %).

Пропорциите на оценката „не можам да оценам", се движат од 3,02 % во 2008 до 7,85 % во 2016 година. Просечно, секоја година во изминатите десет години, речиси 7 од 100 испитаници се определувале за варијацијата „не можам да оценам" ($\bar{x}$=6,65 %, σ=1,33; V=19,94 %).

Испитаниците кои се определиле за една од двете оценки „не се согласувам", се движат во распонот од 2,42 % во 2008 до 5,34 % во 2009 и 2012 година. Може да се воочи дека, во изминативе десет години, просечно, секоја година 4 од 100 испитаници се определувале за една од двете оценки со кои се изразува степен на несогласност ($\bar{x}$=4,43 %, σ=0,86; V=19,35 %).

Податоците упатуваат на тоа дека граѓаните имаат јасна свест што не треба да чини полицијата. Тој став треба да се набљудува и од аспект на тоа дали практикувањето на овие активности се исклучени, односно не се случува пречекорување на овластувањата.

### *Перцепциите за употребата на сила*

Употребата на сила е едно од својствата на полицијата. Таа најчесто се дефинира како орган кој располага со овластувања да употреби легитимни средства на присилба и да употреби сила за примена на законот (Закон за полиција, 2006). Законодавецот утврдил дека присилбата „се смета за употреба на легитимен, соодветен и пропорционален физички или механички притисок, со примена на средства и на начин пропишани со закон, насочен спрема одредено лице од страна на полицискиот службеник, само во случај кога полициските работи на друг начин не можат да бидат извршени“ (Закон за полиција, 2006, член 80). Во таа смисла во истражувањето е вклучен и ставот „полицијата може да употреби сила ако е потребна за исполнување на некоја цел“ и беше побарано од испитаниците да го определат степенот на согласување, односно несогласување со него.

***Табела број 142. Според мене полицијата може да употреби сила ако е потребна за исполнување на некоја цел***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 4,87 | 3,43 | 3,59 | 2,92 | 3,07 | 2,65 | 3,68 | 3,64 | 3,16 | 3,68 |
| 2. | 4,78 | 9,37 | 10,78 | 10,49 | 8,16 | 8,67 | 12,08 | 11,71 | 9,67 | 9,79 |
| 3. | 6,52 | 11,50 | 10,70 | 12,29 | 12,05 | 11,42 | 12,77 | 15,94 | 17,72 | 15,41 |
| 4. | **23,57** | **51,03** | **46,79** | **47,50** | **50,69** | **52,12** | **47,39** | **46,75** | **46,84** | **47,09** |
| 5. | 60,26 | 24,68 | 28,13 | 26,81 | 26,03 | 25,13 | 24,08 | 21,95 | 22,61 | 24,03 |
| **Σ** | **1150** | **1313** | **1308** | **1440** | **1237** | **1130** | **1167** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда**: 1. воопшто не се согласувам; 2. не се согласувам; 3. не можам да оценам; 4. се согласувам; 5. потполно се согласувам; Σ= вкупно испитаници што одговориле.

Од табеларниот приказ на податоците може да се воочи дека испитаниците доминантно се согласуваат со така формулираниот став. Втора по зачестеност е оценката „потполно се согласувам“, а на трето место доаѓа „не можам да оценам“. Ако се погледнат пропорциите на оценките „се согласувам“, имено, пропорциите на одговорите во изминатите десет години се движат во распонот од 23,57 % во 2008 до 51,12 % во 2013 година. Пропорциите на одговорите „потполно се согласувам“ се во распонот од 21,95 % во 2015 до 60,26 % во 2008 година. И пропорцијата на оценката „не можам да оценам“ се наоѓа во распонот меѓу 6,25 % во 2008 до 15,94 % во 2015 година. Нешто со послаб интензитет се пропорциите на оценките „не се согласувам“ и „воопшто не се согласувам“. Првите во распонот од 4,78 % во 2008 до 12,08 % во 2014 година, додека оценката „воопшто не се согласувам“ е распространета во распонот меѓу 2,65 % во 2013 до 4,87 % во 2008 година.

Ако се погледнат просечните показатели, тогаш може да констатираме дека, секоја година од 2008 до 2017 година од 100 испитаници 51 се определувал за оценката „се согласувам“ ($\bar{x}$=51,08 %, σ=2,16; V=4,22 %), 28 се определувале со оценката „потполно се согласувам“($\bar{x}$=28,37 %, σ=1,96; V=6,92 %), речиси 13 се изјаснувале со „не можам да оценам“ ($\bar{x}$=12,63 %, σ=2,43; V=19,27 %), речиси 10 се изјаснувале „не се согласувам“ ($\bar{x}$=9,55 %, σ=1,31; V=13,72 %) и 3 испитаника биле со оценката „воопшто не се согласувам“ ($\bar{x}$=3,47 %, σ=0,38; V=10,90 %).

Ако се групираат податоците на позитивни („потполно се согласувам“ и „се согласувам“) и на негативни („воопшто не се согласувам“ и „не се согласувам“), тогаш можеме да воочиме дека, просечно секоја година, од 100 испитаници, 74 имале позитивен одговор ($\bar{x}$=75,35 %, σ=3,18; V=4,28 %), речиси 13 не можеле да оценат и уште толку имале негативен одговор ($\bar{x}$=13,02 %, σ=1,58; V=12,15 %).

Структурата на ваквите дистрибуции укажуваат дека меѓу испитаниците постои определен облик на сознанија и знаења за надлежностите на полицијата и можноста таа да може да употреби сила. Имено, изминатите децении во Република Македонија имаше бројни настани во кои од страна на полицијата беше употребена сила, беа употребени средства за присилба, а во одредени случаи беше демонстрирана и употребена несразмерна сила. Таквите настани, веројатно, влијаеле кај значителен дел на испитаниците да надвладеат позитивните оценки за дадената дистрибуција.

### *Полицискиот службеник во политичките процеси*

Законските одредби определуваат дека „полицискиот службеник не смее да основа, да раководи и да биде член на раководство на политичка партија“. Тој како и секој граѓанин може да членува во таква организација и да учествува во „нејзините активности“, притоа тој „не смее да го доведува во прашање непристрасното и законито вршење на полициските работи“. Во таа смисла на полицискиот службеник му се забранува „да носи или да истакнува партиски симболи во просториите и службените возила на Полицијата, партиски да се организира или да дејствува во Министерството“. Тие, исто така, „не смеат во униформа на Полицијата да присуствуваат на партиски активности и манифестации, освен ако се на извршување на службена задача“ (Закон за полиција, 2006, член 105).

Поаѓајќи од овие законски решенија од испитаниците беше побарано да го соопштат својот став за тврдењето: „полицискиот

службеник не смее да основа, да раководи и да биде член на раководство на политичка партија“ и да ја соопштат оценката за него.

***Табела број 143. Според мене полицискиот службеник не смее да основа, да раководи и да биде член на раководство на политичка партија***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 5,42 | 2,58 | 1,53 | 6,67 | 5,97 | 3,51 | 3,51 | 2,17 | 3,16 | 2,62 |
| 2. | 3,18 | 7,13 | 4,97 | 7,43 | 9,84 | 9,31 | 6,51 | 8,46 | 6,13 | 5,91 |
| 3. | 10,83 | 17,00 | 13,90 | 14,65 | 15,40 | 11,34 | 13,80 | 13,88 | 14,46 | 16,47 |
| 4. | 10,40 | 37,10 | 33,69 | 29,51 | 37,10 | 30,14 | 34,45 | 30,91 | 34,10 | 31,10 |
| 5. | 70,16 | 36,19 | 45,91 | 41,74 | 31,69 | 45,69 | 41,73 | 44,59 | 42,15 | 43,90 |
| **Σ** | **1163** | **1318** | **1309** | **1440** | **1240** | **1138** | **1167** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда**: 1. воопшто не се согласувам; 2. не се согласувам; 3. не можам да оценам; 4. се ам; 5. потполно се согласувам; Σ= вкупно испитаници што одговориле.

Одговорите, на испитаниците се групирани околу позитивните оценки. Имено, испитаниците во значително мнозинство се согласуваат со понуденото тврдење. Може да се воочи дека најзачестени се одговорите со оценката „потполно се согласувам“. Пропорциите од таа оценка се движат во распонот од 31,19 % во 2009 до 70,16 % во 2008 година. Во изминатите десет години, секоја година, просечно по 44 од испитаниците се изјаснувале со оценката „потполно се согласувам“ ($\bar{x}$=44,37 %, σ=4,71; V=10,61 %). Втора по зачестеност е дистрибуцијата со оценката „се согласувам“. Пропорциите на оваа оценка се движат меѓу 10,40 % во 2008 до 37,10 % во 2009 и во 2010 година. Може да се утврди дека, просечно секоја година, речиси 31 од 100 испитаници се определувал за оценката „се согласувам“ ($\bar{x}$=30,85 %, σ=2,86; V=9,28 %). И во оваа дистрибуција трета по зачестеност е „не можам да оценам“. Пропорциите на тие оценки се движат од 10,83 % во 2008 до 17,00 % во 2009 година. Просечно, секоја година 14 од 100 испитаници се определувале за оценката „не можам да оценам“ ($\bar{x}$=16,17 %, σ=1,67; V=11,75 %) . Со значително понизок интензитет се оценките „не се согласувам“ ($\bar{x}$=6,89 %, σ=1,63; V=23,67 %) и „воопшто не се согласувам“ ($\bar{x}$=3,71 %, σ=1,71; V=46,19 %).

Може да се констатира дека значителен број на испитаници се определува за позитивно ориентираните оценки, односно, просечно, секоја година 75 од 100 испитаници се ($\bar{x}$=75,23%, σ=3,15; V=4,19%) определувале за оценките „потполно се согласувам“ и „се согласувам“. Речиси 11 од 100 испитаници, просечно ($\bar{x}$=10,60%, σ=2,91; V=27,47%), секоја година, се изјаснувале со оценката „воопшто не се согласувам“ и „не се согласувам“.

Од структурата на одговорите може да се констатира дека испитаниците покажуваат значителен степен на информираност и располагаат со знаење дека, во согласност со позитивните прописи, „полицискиот службеник не смее да основа, да раководи и да биде член на раководство на политичка партија“.

Но доколку заедно се погледнат негативно одговорените и одговорите „не можам да оценам“тогаш ќе се добие дистрибуција во која просечно, секоја година, речиси 25 од 100 испитаници се изјаснуваат со една од трите оценки ($\bar{x}$=24,77 %, σ=3,15; V=12,71 %). Значи, една четвртина од испитаниците имаат поинаков став, што е во колизија со нормативните решенија. Тоа, секако, претпоставува да се погледнат другите, поспецифични карактеристики на податоците, за секоја година одделно, за да може да се идентификуваат некои од можните одговори, односнодали и зошто, определен број на испитаници се определува така.

### *Правото на приватност и полицијата*

Едно од фундаменталните права на човекот е правото на приватност. Правото на приватност е широк концепт кој се однесува на заштита на индивидуалната слобода и на односот меѓу поединецот и општеството. Приватноста се смета за неопходна за заштита на индивидуалната способност, човечкото достоинство, вклучувајќи заштита од загрозување на семејството и животот во домот, заштита на личните податоци од упад на јавната власт.

Правото на приватност се дефинира како посебна сфера која ѝ припаѓа само на индивидуата. Таа е независна од чие било влијание или интерес, а особено од државните органи. Тоа е право на личен и семеен живот, на достоинство и углед врз основа на сопствените критериуми. Во таа смисла Уставот на Република Македонија ја гарантира сигурноста и тајноста на личните податоци и на граѓаните „им се гарантира заштита од повреда на личниот интегритет што произлегува од регистрирањето на информациите“ (член 18 став 2) (Мојаноски, 2002, стр. 202).

Следниот став кој беше предмет на оценување од страна на испитаниците гласеше: „Според мене полицијата е должна да го почитува правото на приватност на граѓаните“.

***Табела број 144. Според мене полицијата е должна да го почитува правото на приватност на граѓаните***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 9,30 | 0,92 | 0,69 | 2,43 | 0,57 | 0,98 | 1,11 | 1,38 | 1,15 | 0,68 |
| 2. | 3,48 | 1,83 | 0,92 | 3,40 | 2,75 | 1,69 | 4,63 | 2,46 | 1,53 | 2,33 |
| 3. | 1,13 | 8,31 | 4,89 | 6,39 | 5,43 | 5,59 | 6,26 | 8,66 | 8,24 | 9,30 |
| 4. | 0,96 | 41,95 | 39,37 | 38,47 | 42,59 | 42,95 | 38,34 | 35,93 | 41,09 | 39,05 |
| 5. | 85,14 | 46,99 | 54,13 | 49,31 | 48,66 | 48,80 | 49,66 | 51,57 | 47,99 | 48,64 |
| Σ | **1151** | **1311** | **1308** | **1440** | **1235** | **1127** | **1166** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда**: 1. воопшто не се согласувам; 2 не се согласувам; 3 не можам да оценам; 4 се согласувам; 5 потполно се согласувам ; Σ= вкупно испитаници што одговориле.

Одговорите од табеларниот приказ покажуваат дека највисоки проценти на согласност се концентрираат во оценката „потполно се согласувам“. Може да се констатира дека одговорите доминантно се концентрирани околу овие две оценки. Пропорциите од одговорите на „потполно се согласувам“ се движат околу половина или над половина од испитаниците, со исклучок на 2008 година каде овој процент е особено висок 85,14 %. Затоа, во продолжение распонот ќе го споредуваме за деветте години. Тој се движи во рамките на вредностите од 46,99 % во 2009 до 54,13 % во 2010 година. Ако се набљудуваат податоците од 2009 до 2017 година, може да се воочи дека, просечно, секоја година од 100 испитаници нешто повеќе од 49 се изјаснувале со оценката „потполно се согласувам“ ($\bar{x}$=49,53 %, σ=2,13; V=4,30 %). Ако во анализата се вклучат и податоците од 2008 година, тогаш, просечно секоја година од 100 испитаници 53 одговарале со оваа оценка ($\bar{x}$=53,09 %, σ=2,13; V=4,01 %).

Втора пропорција која покажува изразена зачестеност е оценката „се согласувам“. Таа, во периодот од 2009 до 2017 година, била од 35,93 % во 2015 до 42,95 % во 2013 година. Од анализата се исклучува 2008 година затоа што таа вредност е многу ниска и врши девијација на просечниот резултат, кој вели дека, секоја година, во изминатите девет години, просечно речиси по 40 од испитаниците се определувале за оценката „се согласувам“ ($\bar{x}$=39,97 %, σ=2,33; V=5,83 %). Ако се вклучат податоците овие вредности ќе имаат резултат од 36 од 100 испитаници ($\bar{x}$=36,07 %, σ=2,33; V=6,46 %).

Во оваа дистрибуција нешто пониска е оценката „не се согласувам“. Имено, просечно по 6 од 100 испитаници изминатите години се определувале за оценката „не се согласувам“ ($\bar{x}$=6,42 %, σ=1,63; V=25,32 %). Другите оценки „воопшто не се согласувам“ и „не се согласувам“ покажуваат релативно пониски вредности. Заедничкиот просек на пропорциите на овие две оценки за изминатите десет години

укажува дека просечно по 4 од 100 испитаници се определувале за овие оценки ($\bar{x}$=4,42 %, σ=1,43; V=32,40 %).

Од изложените податоци може да се констатира дека кај испитаниците во изминатите десет години доминираат позитивните оценки, според кои полицијата е должна да го почитува правото на приватност и лично достоинство. Тоа, е резултанта на свеста и познавањето на слободите и правата, но и на сѐ позачестеното информирање на медиумите за случаи во кои не се почитува правото на приватност, односно често пати, се случуваше да се јавува „протекување“ на некоја информација од личен карактер низ медиумите, а што на еден или друг начин, до содржината за неа се дошло преку полициската работа или дејствување.

### *Перцепциите за полицијата и корупцијата*

Може да се каже дека корупцијата е постојан придружник во развојот на една државна заедница. Успешно се адаптира и егзистира во различни општествено-политички и економски системи. Таа особено погодно тло наоѓа во економски недоволно развиени држави, со нестабилен политички систем, каде има сериозно нарушување на човековите права и слободи (Mojanoski, 2014, стр. 315).

Како феномен корупцијата го попречува демократскиот развој, ги загрозува основните и егзистенцијални човекови права и слободи на граѓаните, ја нарушува конкуренцијата, а со тоа го попречува и економскиот развој на една држава. Корупцијата го загрозува владеењето на правото а со тоа и директно ги загрозува демократските институции (Лабовиќ, 2006).

Од испитаниците беше побарано да ја изразат согласноста со ставот „припадниците на полицијата успешно се спротивставуваат на формите на корупција во рамките на полицијата“.

***Табела број 145. Според мене припадниците на полицијата успешно се спротивставуваат на формите на корупција во рамките на полицијата***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 26,82 | 4,88 | 9,49 | 9,38 | 10,13 | 7,34 | 14,82 | 8,96 | 10,63 | 14,63 |
| 2. | 24,65 | 15,33 | 24,87 | 21,40 | 24,31 | 23,87 | 30,25 | 23,52 | 25,10 | 26,36 |
| 3. | **20,40** | **36,00** | **34,58** | **32,04** | **34,12** | **34,66** | **23,05** | **37,01** | **32,18** | **31,78** |
| 4. | 12,41 | 30,36 | 20,28 | 25,23 | 23,99 | 25,29 | 22,45 | 21,16 | 22,99 | 18,31 |
| 5. | 15,71 | 13,42 | 10,79 | 11,95 | 7,46 | 8,84 | 9,43 | 9,35 | 9,10 | 8,91 |
| **Σ** | **1152** | **1311** | **1307** | **1439** | **1234** | **1131** | **1167** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда**: 1. воопшто не се согласувам; 2. не се согласувам; 3. не можам да оценам; 4. се согласувам; 5. потполно се согласувам; Σ= вкупно испитаници што одговориле.

Оценките на испитаниците се групирани околу средишните одговори. Доминираат оценките „не можам да оценам“, потоа „не се согласувам“ и „се согласувам“. Пропорциите на испитаниците што го избегнуваат одговорот се движи во границите од 20,40 % во 2008 до 37,01 % во 2015 година. Просечно, секоја година, речиси 32 од 100 испитаници го избегнувале одговорот ($\bar{x}$=31,58 %, σ=4,08; V=12,93 %). Распонот на пропорциите од одговорите „не се согласувам“ се движи во вредностите од 15,33 % во 2009 до 30,25 % во 2014 година. Просечно, секоја година, по 24 од 100 испитаници одговарале „не се согласувам“ ($\bar{x}$=23,97 %, σ=4,01; V=16,73 %). И последна во оваа група со приближна вредност е оценката „се согласувам“. Распонот на пропорциите е во рамките на вредностите 12,41 % во 2008 до 30,36 % во 2009 година. Просечно, секоја година 22 од 100 испитаници се определувале за оценката „се согласувам“ ($\bar{x}$=22,25 %, σ=3,49; V=15,68 %). И на крајот следуваат двете крајни оценки „воопшто не се согласувам“ и „потполно се согласувам“. Кај оценката „воопшто не се согласувам“ распонот на пропорциите во изминатите десет години се движи од 4,88 % во 2009 до 26,82 % во 2008 година. Може да се констатира дека секоја година, просечно, приближно 12 испитаници одговарале со „воопшто не се согласувам“ ($\bar{x}$=11,71 %, σ=3,17; V=27,03 %). Слична е состојбата и со оценката „потполно се согласувам“. Имено, може да се заклучи дека, приближно 11 од 100 испитаници, просечно, секоја година се определуваат за оваа оценка ($\bar{x}$=10,50 %, σ=1,83; V=17,39 %). Распонот на пропорциите во оваа оценка се движи меѓу 7,46 % во 2012 до 15,71 % во 2008 година.

Што може да се утврди од оваа дистрибуција? Ако одговорите се прегрупираат, на негативни, неопределени и позитивни, тогаш ќе се добијат релативно еднакво издиференцирани ставови. Ако од анализата се исклучи 2008 година, тогаш ќе се добие дистрибуција која е поделена речиси на три еднакви делови. Имено, просечните вредности покажуваат слични вредности. Негативните оценки („воопшто не се согласувам“ и „не се согласувам“) укажуваат на тоа дека, просечно, во изминатите девет години (2009 до 2017) 34 од 100 испитаници одговарале на една од оценките „не се согласувам“ ($\bar{x}$=33,92 %, σ=6,94; V=20,46 %). Слична вредност имаат и оценките со кои се изразува степен на согласување. Во овој период, за изминатите девет години, просечно нешто повеќе од 33 испитаници се определиле за еден од двата позитивни става ($\bar{x}$=33,26 %, σ=4,77; V=14,35 %). Исто толку, приближно 33 од 100 испитаници се определувале за неутралната оценка ($\bar{x}$=32,82 %, σ=4,08; V=12,44 %).

***Графикон број 36. Според мене припадниците на полицијата успешно се спротивставуваат на формите на корупција во рамките на полицијата***




Движењето на одговорите го прикажуваме во претходниот графикон. Можеме да констатираме дека пропорциите на оценките „не се согласувам“ се движат во распонот од 20,21 % во 2009 до 51,48 % во 2008 година. Просечно, секоја година, во изминатите десет години приближно 36 од 100 испитаници се определувале за една од оценките „не се согласувам“ ($\bar{x}$=35,67 %, σ=6,94; V=19,45 %). Нешто пониски се вредностите на испитаниците кои се определиле за позитивните оценки. Распонот на вредностите на пропорциите се движи од 21,83 % во 2008 до 43,78 % во 2009 година. Просечно, во изминатата деценија, секоја година, приближно 33 од испитаниците се изјаснувале за една од двете оценки „се согласувам“ ($\bar{x}$=32,74 %, σ=4,77; V=14,58 %).

Одговорите упатуваат на повеќе претпоставки. Несомнено е дека една третина од испитаниците смета дека полицијата успешно се справува со корупцијата во сопствените редови. Нешто повеќе од една третина не се согласува со таквите претпоставки, што е индикатор кој нуди повеќе претпоставки. Прво, дека полицијата повеќе е ориентирана кон создавањето на претстава дека „ефикасно“ ја гони корупцијата и коруптивните дејанија, дека свртеноста кон себе не е прашање кое посебно се третира и трето, дека тоа, сепак, за испитаниците е табу тема. На таква претпоставка упатуваат, речиси една третина од испитаниците кои се определиле да го избегнат одговорот.

Уставот утврдува дека „лицето обвинето за казниво дело ќе се смета за невино сè додека неговата вина не биде утврдена со правосилна судска одлука“ (член 13 став 1). Тоа значи дека обврска на

јавниот обвинител е да ја докаже вината на граѓанинот, а не обратно. Тоа е така поради тоа што судот постои поради граѓанинот, а не обратно. И самиот суд е орган кој е надлежен и стручно оспособен, во постапка предвидена со закон, да утврди кој е виновен и да ја утврдува вината или невиноста на граѓанинот. Оттаму, објавувањето на податоците или постапките на државните органи кон определен граѓанин во суштина е казниво дело и не ја почитува оваа клаузула утврдена со Уставот (Мојаноски, 2002, стр. 201). Значи, институтот презумција на невиност е правен темел според кој, секој осомничен или обвинет за кривично дело, се смета за невин сè додека со правосилна судска одлука не се докаже дека е виновен. Оваа материја е уредена со Европската конвенција за заштита на човековите права, која е ратификувана и е дел на нашето законодавство. Во неа се определува дека „секој има право правично и јавно, во разумен рок, пред независен и непристрасен со закон воспоставен суд да бидат разгледани и утврдени неговите граѓански права и обврски или основаноста на какви било кривични обвиненија против него. Пресудата се изрекува јавно, а новинарите и публиката можат да бидат исклучени за време на целата или на дел од постапката во интерес на моралот, јавниот ред или националната безбедност во едно демократско општество, кога тоа го наложуваат интересите на малолетник или заштитата на приватниот живот на страните во спорот, или кога судот го смета за неопходно тоа затоа што во посебни околности публицитетот би можел да им нанесе штета на интересите на правдата. Секој кој е обвинет за кривично дело се смета за невин сè додека неговата вина не се докаже по законски пат“ (член 6 (Европска конвенција за човекови права, 2015).

Затоа, од испитаниците беше побарано да го оценат и да го изразат степенот на согласување со ставот: „полицијата го почитува правото на презумција на невиност“. Резултатите од истражувањата се дадени во следниот табеларен приказ.

Тие упатуваат на тоа дека испитаниците доминантно се определиле за неутралната оценка „не можам да оценам“. Имено, пропорциите на одговорите покажуваат дека распонот на нивните одговори се движи меѓу 25,98 % во 2008 до 44,73 % во 2016 година. Во изминатите десет години, просечно, секоја година со оценката „не можам да оценам“ се изјаснувале речиси 40 од 100 испитаници ($\bar{x}$=39,51 %, σ=3,03; V=7,67 %).

***Табела број 146. Според мене полицијата го почитува правото на презумција на невиност***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 22,66 | 6,84 | 9,43 | 10,45 | 8,67 | 5,82 | 9,60 | 6,10 | 6,03 | 6,69 |
| 2. | 26,16 | 16,51 | 19,54 | 20,26 | 17,18 | 15,22 | 20,57 | 16,54 | 17,34 | 14,53 |
| 3. | **25,98** | **43,09** | **40,31** | **37,19** | **41,41** | **39,93** | **35,90** | **42,22** | **44,73** | **44,38** |
| 4. | 9,71 | 25,19 | 21,23 | 22,70 | 26,18 | 30,44 | 25,28 | 25,89 | 24,14 | 25,19 |
| 5. | 15,49 | 8,37 | 9,50 | 9,40 | 6,56 | 8,59 | 8,65 | 9,25 | 7,76 | 9,21 |
| Σ | **1143** | **1302** | **1305** | **1436** | **1234** | **1117** | **1167** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда**: 1. воопшто не се согласувам; 2. не се согласувам; 3. не можам да оценам; 4. се согласувам; 5. потполно се согласувам; Σ= вкупно испитаници што одговориле.

Следните две дистрибуции според зачестеноста ги покажуваат разликите во перцепциите за тоа како се однесува полицијата кон почитувањето на презумцијата на невиност. Имено, пропорциите на одговорите на испитаниците кои се согласиле со понуденото тврдење се движи во распонот од 9,71 % во 2008 до 30,44 % во 2013 година. Просечно, годишно, со позитивна оценка („се согласувам“) кон ставот биле речиси 24 од 100 испитаници ($\bar{x}$=23,59 %, σ=2,55; V=10,18 %). Трета дистрибуција по зачестеност се пропорциите на спротивниот став „не се согласувам“. Тој се движи од 14,53 % во 2017 до 26,16 % во 2008 година. Имено, просечно, секоја година, во изминатите десет години 18 од 100 испитаници имале оценка „не се согласувам“ ($\bar{x}$=18,38 %, σ=2,16; V=11,73 %). Следните две оценки имаат речиси еднаква зачестеност. Нешто, просечна повисока средна вредност има оценката „потполно се согласувам“. Пропорциите на одговорите за оваа оценка се движат во распонот од 6,56 % во 2012 до 15,49 % во 2008 година. Просечно, секоја година, 9 од 100 испитаници потполно се согласувале со понудениот став ($\bar{x}$=9,28 %, σ=0,95; V=10,19 %). Слична е состојбата и со оценката „воопшто не се согласувам“. Распонот на пропорциите на одговорите во годините се движи од 6,03 % во 2016 до 22,66 % во 2008 година. Просечно, секоја година 9 од 100 испитаници на ова прашање одговарале со оценката „воопшто не се согласувам“ ($\bar{x}$=9,23 %, σ=1,79; V=19,42 %).

Од графичкиот приказ може да се воочи дека испитаниците се поларизирани во три групи. Најдоминантна е групата која се определува за оценката „не можам да оценам“. Потоа, следи групата која прифаќа еден од ставовите „се согласувам“. Пропорциите на таа група се движат во распонот од 25,50 % во 2008 до 39,03 % во 2013 година. Просечно, секоја година со позитивен став се јавуваат приближно 33 од 100 испитаници ($\bar{x}$=32,87 %, σ=2,41; V=7,34 %). Спротивно на нив пропорциите на одговорите на испитаниците кои се

определуваат за едена од оценките „не се согласувам“, се движат од 21,22 % во 2017 до 48,82 % во 2008 година.

***Графикон број 37. Според мене: полицијата го почитува правото на презумција на невиност***




Податоците упатуваат дека во изминатите години, речиси 28 од 100 испитаници се определуваат за еден од двата негативни става „воопшто не се согласувам“ и „не се согласувам“ ($\bar{x}$=27,61 %, σ=3,81; V=13,79 %).

Една од поспецифичните, нетипични фреквенции е онаа од 2008 година. Имено, во претходната 2007 година во општествената заедница, како официјална политика на организираното општество, беше засилена антикорупциската кампања со масовни акции, со медиумска презентација на лицата што се осомничени. Можеби тоа е една од причините зошто во оваа година пропорциите имаат такви карактеристики.

Затоа од испитаниците побаравме да оценат и да се изјаснат за ставот „полицијата треба да продолжи да ги прикажува на ТВ осомничените со лисици на рацете“. Одговорите се дадени во продолжение. Тие укажуваат дека релативно најзачестена е дистрибуцијата со одговорите „се согласувам“. Што покажуваат резултатите? Тие илустрираат дека пропорциите на одговорите се движат во распонот од 21,93 % во 2010 до 27,86 % во 2013 година. Коефициентот на варијација е низок и не покажува позначајна дисперзираност на резултатите, ($\bar{x}$=24,68 %, σ=1,83; V=7,42 %), значи станува збор за хомогена серија. Може да се констатира дека просечно секоја година речиси 25 од 100 испитаници се определуваат за ставот „се согласувам“.

Следната оценка која има повисок процент на зачестеност ги содржи спротивните одговори, односно оние испитаници што одговориле со „не се согласувам". Тие се движат во распонот од 22,58 % во 2017 до 27,50 % во 2010 година. Коефициентот на варијација е низок и изнесува 7,64 %, ($\bar{x}$=24,56 %, σ=1,88; V=7,64 %), што укажува дека станува збор за хомогена дистрибуција. Просечно, годишно, како и кај претходната дистрибуција, речиси 25 од 100 испитаници се определуваат за оценката „не се согласувам", односно не се согласуваат со тоа полицијата да продолжи, значи се против прикажувањето на осомничените на медиуми со лисици на рацете.

***Табела број 147. Според мене полицијата треба да продолжи да ги прикажува на ТВ осомничените со лисици на рацете***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 14,80 | 18,87 | 19,72 | 14,76 | 11,60 | 16,11 | 12,40 | 11,30 | 13,47 |
| 2. | 23,44 | 27,50 | 26,04 | 22,90 | 26,45 | 25,28 | 23,92 | 22,89 | 22,58 |
| 3. | 21,17 | 15,66 | 16,81 | 21,37 | 17,49 | 18,42 | 23,33 | 25,77 | 25,97 |
| 4. | **25,64** | **21,93** | **23,40** | **25,81** | **27,86** | **24,85** | **24,90** | **24,81** | **22,97** |
| 5. | 14,95 | 16,04 | 14,03 | 15,16 | 16,61 | 15,34 | 15,45 | 15,23 | 15,02 |
| Σ | **1318** | **1309** | **1440** | **1240** | **1138** | **1167** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда**: 1. воопшто не се согласувам; 2. не се согласувам; 3. не можам да оценам; 4. се согласувам; 5. потполно се согласувам; Σ= вкупно испитаници што одговориле

Трета дистрибуција според зачестеноста е онаа со оценката „не можам да оценам". Таа има повисок коефициент на варијација од 19,76 %, што значи дека распонот на пропорциите е поизразен и дека тие се движат од 15,66 % во 2010 до 25,97 % во 2017 година ($\bar{x}$=20,66 %, σ=4,08; V=19,76 %). Просечно, секоја година речиси 21 од 100 испитаници се определувале за оценката „не можам да оценам".

Следните две дистрибуции покажуваат релативно блиски вредности на зачестеност. Имено, пропорциите на испитаниците кои одговориле „потполно се согласувам" ($\bar{x}$=15,31 %, σ=0,75; V=4,92 %), имаат низок коефициент на варијација 4,92 %, значи се хомогена структура која се движи во распонот од 14,03 % во 2011 до 16,61 % во 2014 година. Просечно, секоја година, нешто повеќе од 15 од 100 испитаници одговарале со „потполно се согласувам". Нешто помала просечна вредност 14,78 % покажува ставот „воопшто не се согласувам" ($\bar{x}$=14,78 %, σ=3,22; V=21,77 %). Коефициентот на варијација, за разлика од другите дистрибуции, е нешто повисок, но станува збор за хомогена распределба чии пропорции се движат во распонот од 11,30 % во 2016 до 19,72 % во 2011 година.

Натамошната анализа продолжува со воочувањето на тенденциите во услови кога ќе се групираат податоците на оние кои

имаат позитивна и негативна конотација. Специфичностите на сличностите и разликите можат да се воочат во следната графичка презентација.

***Графикон број 38. Според мене полицијата треба да продолжи да ги прикажува на ТВ осомничените со лисици на рацете***




Може да се воочи дека речиси и не постојат разлики во вредностите на пропорциите кај испитаниците што имаат позитивна и негативна оценка. Имено, за неполн процент повисоки се оценките на испитаниците што изразуваат степен на согласност ($\bar{x}$=40,00 %, σ=2,26; V=5,65 %). Тие се движат во распонот од 37,43 % во 2011 до 44,46 % во 2013 година. Просечно, секоја година во изминатите девет години 40 од 100 испитаници, се определувале за една од позитивните оценки, односно изразувале степен на согласност.

Слична е состојбата и со испитаниците што имаат негативна оценка, односно изразуваат степен на несогласување со дадениот став. Распонот на пропорциите кај овие испитаници се движи од 34,20 % во 2016 до 46,37 % во 2010 година. Средната тенденција на оваа серија илустрира дека секоја година нешто повеќе од 39 од 100 испитаници, ($\bar{x}$=14,78 %, σ=3,22; V=21,77 %), се определуваат за еден од ставовите „не се согласувам“. Ако кон ова множество се приклучат и тие што имаат неопределен став, тогаш може да се констатира дека еден значителен дел не се согласува со ставот дека полицијата треба да продолжи да ги прикажува осомничените на телевизиските екрани, со лисици на рацете.

Но, како да го објасниме ставот дека 40 % од испитаниците се согласуваат со ваквиот став? Станува збор за доминација на авторитарна свест, каде осомничениот ќе е подведен на јавен презир и линч, или можеби станува збор за незадоволство од ефикасноста на системот, посебно во справувањето со криминалот.

Факт е дека во годините кога беше спроведувано истражувањето можеа да се нотираат спектакуларни апсења, дека на телевизиските екрани беа прикажувани лица, без заштита на идентитетот, со средства за врзување (лисици) на рацете однапред, што укажуваше на непочитување на подзаконските акти на полицијата за начинот на користење на лисиците, но и на загрозување на приватноста и презумцијата на невиност на лицата, како од страна на полицијата, така и од страна на медиумите. Во тој период имаше институционални поткленувања пред смислата, се забележуваше и пасивната улога на евазијата, во која истражните судии не реагираат, обвинителите и полициските структури се расфрлаа со обвиненија (иако станува збор за осомничени), а медиумските презентации упатуваа на линч и стигматизација. Токму затоа, не остава многу простор и предизвикува нејаснотии, како може за толкав број на испитаници да е „нормално“ приведувањето и изведувањето на осомничените пред телевизиските екрани со лисици на рацете и дека тоа е образец кој тие го поддржуваат. Несомнено е дека треба да се промени медиумскиот третман на овој вид информации, како и да се зголеми степенот на информирање и обучување на населението што е добро, а што не е добро за демократскиот процес и владеењето на правото и дека почитувањето на процедурата е ефикасен механизам за одбрана од диктатурата и самоволието.

Предмет на оценување беше и ставот според кој „полициските акции и интервенции се објективни и праведни“. Во наредната табела се прикажани пропорциите од одговорите на испитаниците .

***Табела број 148. Според мене - полициските акции и интервенции се објективни и праведни***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 29,13 | 5,57 | 6,66 | 8,41 | 7,13 | 4,97 | 10,12 | 5,41 | 5,36 | 5,52 |
| 2. | 30,87 | 16,79 | 19,83 | 20,01 | 20,66 | 17,23 | 23,33 | 19,00 | 18,01 | 17,54 |
| 3. | **19,39** | **35,88** | **36,52** | **36,00** | **36,14** | **34,81** | **27,02** | **37,40** | **39,94** | **39,53** |
| 4. | 10,87 | 31,37 | 28,56 | 26,41 | 29,66 | 35,17 | 30,96 | 31,40 | 28,93 | 26,65 |
| 5. | 9,74 | 10,38 | 8,42 | 9,17 | 6,40 | 7,82 | 8,58 | 6,79 | 7,76 | 10,76 |
| **Σ** | **1150** | **1310** | **1306** | **1439** | **1234** | **1126** | **1166** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда**: 1. воопшто не се согласувам; 2. не се согласувам; 3. не можам да оценам; 4. се согласувам; 5. потполно се согласувам; Σ= вкупно испитаници што одговориле.

Податоците упатуваат на тоа дека најфреквентни се оценките „не можам да оценам“. Имено, пропорциите на овие одговори се движат во распонот од 19,39 % во 2008 до 39,94 % во 2016 година. Просечно, секоја година, во изминатите десет години, 34 од 100

испитаници одговарале со оценката „не можам да оценам“ ($\bar{x}$=34,26 %, σ=3,75; V=10,94 %).

Следната група одговори се групира околу оценката „се согласувам“. Пропорциите се движат во распонот од 10,87 % во 2008 до 35,17 % во 2013 година. Во изминатата деценија, секоја година, просечно 28 од 100 испитаници се определиле за оценката „се согласувам“ ($\bar{x}$=28,00 %, σ=2,71; V=9,69 %). Интензитетот на оние испитаници кои се определиле за оценката „не се согласувам“ е послаб од претходната, но тој се движи нешто повеќе од една четвртина од испитаниците. Пропорциите на одговорите се движат од 16,79 % во 2009 до 30,87 % во 2008 година. Секоја година, просечно по 20 од 100 испитаници се определуваат за оценката „не се согласувам“ ($\bar{x}$=20,33 %, σ=2,07; V=10,16 %). Последните две групи одговори речиси се изедначени. Имено, со оценката „воопшто не се согласувам“, просечно годишно се определуваат, приближно 9 од 100 испитаници ($\bar{x}$=8,83 %, σ=1,72; V=19,51 %). Таа има повисок коефициент на варијација од последната дистрибуција. Вредностите на пропорциите на овие одговори се движат во распонот 5,52 % во 2017 до 29,13 % во 2008 година. Според интензитетот на последната дистрибуција, , испитаниците кои во изминатата деценија на ставот „полициските акции и интервенции се објективни и праведни“, одговориле со „потполно се согласувам“ изнесува нешто помалку од 9 од 100 испитаници годишно ($\bar{x}$=8,58 %, σ=1,48; V=17,19 %). Распонот на пропорциите на одговорите, во изминатите истражувачки години се движи од 6,40 % во 2012 до 10,76 % во 2017 година.

***Графикон број 39. Според мене - полициските акции и интервенции се објективни и праведни***



Ако се погледнат групно оценките кои имаат позитивна и негативна конотација, потоа ако се прикажат заедно со неопределените, тогаш ќе може да се воочи дека постојат три групи испитаници, кои имаат релативно блиски пропорции на вредностите на оценките за понудениот став. Имено, во оваа дистрибуција преовладуваат оценките „се согласувам“ со просечна вредност 36,58 %. Значи, може да се констатира, дека просечно секоја година, речиси 37 од 100 испитаници одговарале со една од двете понудени оценки „потполно и се согласувам“ ($\bar{x}$=36,58 %, σ=2,57; V=7,03 %). Распонот на пропорциите на овие одговори се движи од 20,61 % во 2008 до 42,98 % во 2013 година. Нешто послаб интензитет имаат пропорциите на одговорите „не се согласувам“ и се движат во рамките на распонот од 22,20 % во 2013 до 60,00 % во 2008 година. Просечно, секоја година, со ставот „не се согласувам“ („воопшто не се согласувам“ и „не се согласувам“) одговарале 29 од 100 испитаници ($\bar{x}$=29,16 %, σ=3,71; V=12,71 %).

Ставот - „Полицијата за својата работа одговара пред граѓаните на Република Македонија и нивните претставници“ беше понуден за оценка на испитаниците. Одговорите за тој став имаат различна динамика. Пропорциите на одговорите, од година во година, се дадени во следната табела (табелите со апсолутните износи се дадени во прилог).

***Табела број 149. Според мене - полицијата за својата работа одговара пред граѓаните на Република Македонија и нивните претставници***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 41,85 | 4,44 | 3,82 | 5,71 | 6,50 | 4,45 | 12,60 | 6,00 | 5,56 | 5,72 |
| 2. | 22,01 | 15,10 | 17,20 | 16,17 | 19,19 | 17,44 | 22,96 | 16,04 | 20,21 | 22,00 |
| 3. | 13,08 | 25,75 | 23,01 | 26,13 | 24,80 | 21,98 | 23,14 | 24,41 | 26,63 | 26,45 |
| 4. | **9,45** | **36,09** | **40,06** | **38,47** | **39,35** | **40,30** | **32,22** | **37,99** | **36,88** | **32,07** |
| 5. | 13,60 | 18,62 | 15,90 | 13,52 | 10,16 | 15,84 | 9,08 | 15,55 | 10,73 | 13,76 |
| Σ | **1154** | **1305** | **1308** | **1435** | **1230** | **1124** | **1167** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда**: 1. воопшто не се согласувам; 2. не се согласувам; 3. не можам да оценам; 4. се согласувам; 5. потполно се согласувам; Σ= вкупно испитаници што одговориле.

Врз основа на анализата на податоците може да се воочи дека најфреквентна дистрибуција, во сите десет години е оценката „се согласувам“. Таа, од година во година има различна динамика, која се движи во рамките од 9,45 % во 2008 до 40,30 % во 2013 година. Просечно, секоја година, 32,29 % од испитаниците се изјаснувале на тој начин ($\bar{x}$=34,29 %, σ=3,10; V=9,04 %). Значи, секоја година 34 од 100 испитаници се определувале за оценката „се согласувам“. Следната дистрибуција според општиот показател за просечното јавување во изминатите години, со вредност од 23,54 % е дистрибуцијата со

оценката „не можам да оценам“ ($\bar{x}$=23,54 %, σ=1,69; V=7,17 %). Пропорциите на одговорите имаат релативно низок коефициент на варијација од 7,17 % Тие се движат во распонот од 13,08 % во 2008 до 23,63 % во 2016 година. Може да се подвлече дека речиси 24 од 100 испитаници годишно, за овој став се изјаснувале со оценката „не можам да оценам“. Трета по ред, според интензитетот на јавувањето е оценката „не се согласувам“. Таа има различен интензитет кој се движи во рамките на распонот на пропорциите од 15,10 % во 2009 до 22,96 % во 2014 година. Оваа варијација има нешто повисок коефициент на варијација од претходната, но е во рамките на хомогените дистрибуции ($\bar{x}$=18,83 %, σ=2,77; V=14,72 %). Може да се воочи дека просечно, секоја година со ставот „не се согласувам“ одговарале речиси 19 од 100 испитаници.

Следуваат пропорциите на одговорите „потполно се согласувам“, кои се движат во рамките на вредностите од 9,08 % во 2014 до 18,62 % во 2009 година. Тие покажуваат дека имаат нешто повисок коефициент на варијација ($\bar{x}$=13,68 %, σ=3,16; V=23,09 %) и просечна вредност според која, во изминатите десет години нешто повеќе од 13 од испитаниците се определувале за ставот „потполно се согласувам“.

Најмалку зачестена е дистрибуцијата со оценката „воопшто не се согласувам“. Распонот на пропорциите се движи од 3,82 % во 2010 до 41,85 % во 2008 година. Коефициентот на варијација кај оваа дистрибуција е нешто повисок, но таа може да се смета за релативно хомогена ($\bar{x}$=9,67 %, σ=2,59; V=26,78 %). Просечно годишно, речиси 10 од 100 испитаници се определувале за оценката „воопшто не се согласувам“.

***Графикон број 40. Според мене - полицијата за својата работа одговара пред граѓаните на Република Македонија и нивните претставници***



Групираните податоци покажуваат дека годишно 47,96 % од испитаниците се определувале за еден од ставовите „се согласувам“ ($\bar{x}$=47,96 %, σ=5,08; V=10,58 %). Коефициентот на варијација од 10,58 % укажува дека во пропорциите постојат разлики и дека тие се движат во распонот од 23,05 % во 2009 до 56,14 % во 2013 година. Може да се подвлече дека секоја година, просечно речиси 48 од 100 испитаници се определуваат за еден од ставовите - се согласувам („потполно се согласувам“ и „се согласувам“). Втората, според зачестеноста е групата на испитаници што одговара на прашањето со „не се согласувам“. Коефициентот на варијација кај оваа група е 17,19 %, е нешто повисок, што укажува на тоа дека од година во година има повисоки разлики во пропорциите ($\bar{x}$=28,50 %, σ=4,90; V=17,19 %). Разликите се движат во распонот од 19,54 % во 2009 до 68,86 % во 2008 година. Може да се заклучи дека нешто повеќе од 28 од 100 испитаници, просечно годишно, одговарале со еден од двата става - не се согласувам („воопшто не се согласувам“ и „не се согласувам“).

Оценките упатуваат на тоа дека постојат диференцијации во перцепцијата дека полицијата за својата работа одговара пред граѓаните на Република Македонија и нивните претставници. Диференцијациите се последица на тоа што станува збор за еден начелен став, кој повеќе или помалку може да се сретне во оценките со изразена согласност. Исто така, треба да се има предвид дека медиумскиот третман на активностите на полицијата и нивните претставници беше особено присутен, но дека во претставничкото тело, за прашањето на одговорноста не беше расправано, дури и во оние ситуации во кои имаше насилно исфрлање на пратениците од собраниската сала, ниту во случаите кога имаше медиумски и јавни коментари дека полицијата има употребено несразмерна сила, посебно во растурањето на демонстрациите на граѓани кои доминантно имаа мирен карактер.

### *Полицијата како заштитник на интересите на граѓаните*

Во истражувањето од 2010 година наваму е вклучено и прашањето за тоа како испитаниците ја восприемаат полицијата. Во таа смисла беше побарано од нив да го искажат степенот на согласност со ставот дека полицијата е заштитник на интересите на мнозинството граѓани. Резултатите од одговорите се дадени во продолжение. Во табелата се прикажани структурните величини, пропорциите на одговорите, поради тоа што примерокот секоја година има различен број и споредувањето на различни величини е несоодветно.

Како што може да се забележи од табеларниот приказ, најзачестени се одговорите „се согласувам“. Во изминатите осум

години тие се движат во распонот од 37,50 % во 2017 до 45,43 % во 2013 година. Просечната вредност на оценката „се согласувам" изнесува 42,38 % ($\bar{x}$=42,38 %, σ=2,50; V=5,90 %), што упатува на констатацијата дека просечно секоја година, нешто повеќе од 42 од 100 испитаници се определувале за ставот „се согласувам".

Втора по вредност величина е оценката „не се согласувам". Еден број од 23,55% ($\bar{x}$=23,55 %, σ=2,23; V=9,46 %), или, речиси 24 од 100 испитаници, секоја година, просечно, се определуваат за оценката „не можам да оценам", што може да упатува на сензитивноста, но и на недефинираноста на ставот, што се опфаќа мнозинството граѓани. Коефициентот на варијација покажува дека разликата во пропорциите од година во година не е висока. Од приказот на податоците во табелата може да се воочи дека тие се во рамките на распонот 19,28 % во 2014 до 26,82 % во 2010 година.

***Табела број 150. Според мене полицијата е заштитник на интересите на мнозинството граѓани***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 3,14 | 4,95 | 4,13 | 4,53 | 8,05 | 6,69 | 4,60 | 4,46 |
| 2. | 16,70 | 14,43 | 15,14 | 16,44 | 16,20 | 14,96 | 18,58 | 20,16 |
| 3. | 26,82 | 22,65 | 24,53 | 22,40 | 19,28 | 25,00 | 23,37 | 24,32 |
| 4. | **40,46** | **43,97** | **45,43** | **44,09** | **43,27** | **41,63** | **42,72** | **37,50** |
| 5. | 12,87 | 14,01 | 10,77 | 12,53 | 13,20 | 11,71 | 10,73 | 13,57 |
| Σ | **1305** | **1435** | **1235** | **1125** | **1167** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда**: 1. воопшто не се согласувам; 2. не се согласувам; 3. не можам да оценам; 4. се согласувам; 5. потполно се согласувам; Σ - вкупно испитаници што одговориле.

И оценките „не се согласувам" варираат во распонот меѓу 14,43 % во 2011 до 20,16 % во 2017 година и имаат коефициент на варијација од 11,70 %, што упатува на тоа дека има определена распрснатост, но станува збор за дистрибуција која има хомогена структура ($\bar{x}$=16,58 %, σ=1,94; V=11,70 %). Од синтетичките показатели може да се извлече оценка дека во изминатите осум години речиси 16 од 100 испитаници ја делеле оценката „не се согласувам" со ставот дека полицијата е заштитник на интересите на мнозинството граѓани.

Следните две оценки се наоѓаат на спротивните полови на скалата на оценки. Нешто повисоки вредности имаат одговорите на испитаниците со оценката „потполно се согласувам". Пропорциите на одговорите се движат во распонот од 10,73 % во 2016 до 14,01 % во 2011 година. Просечно, ($\bar{x}$=12,42 %, σ=1,24; V=9,97 %), секоја година 12 од 100 испитаници го оцениле понудениот став со оценката „потполно се согласувам".

Најмалку фреквентни се одговорите на испитаниците со оценката „воопшто не се согласувам" со понудениот став. Тоа се

пропорции кои имаат повисок степен на дисперзираност, односно коефициентот на варијација е 30,78 %, а вредностите на пропорциите се движат од 3,14 % во 2010 до 8,05 % во 2014 година. Општите тенденции покажуваат дека речиси секој 5 од 100 испитаници има експлицитен став „воопшто не се согласувам“ ($\bar{x}$=5,07 %, σ=1,56; V=30,78 %).

За да се поедностави одговорот на прашањето, каков е односот на испитаниците кон ставот „полицијата е заштитник на интересите на мнозинството граѓани“, во следниот табеларен приказ е извршено прегрупирање на податоците, на тој начин што се собрани одговорите кои имаат степен на согласување во еден податок и оние кои немаат согласување во друг податок. Исто така, посебно се прикажани и податоците „не можам да оценам“.

***Според мене полицијата е заштитник на интересите на мнозинството граѓани***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| не | 19,85 | 19,37 | 19,27 | 20,98 | 24,25 | 21,65 | 23,18 | 24,61 |
| нмо | 26,82 | 22,65 | 24,53 | 22,40 | 19,28 | 25,00 | 23,37 | 24,32 |
| да | 53,33 | 57,98 | 56,19 | 56,62 | 56,47 | 53,35 | 53,45 | 51,07 |
| Σ | **1305** | **1435** | **1235** | **1125** | **1167** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда:** не („воопшто не се согласувам“ и „не се согласувам“, нмо („не можам да оценам“) да („потполно се согласувам“ и „се согласувам“) Σ= вкупно испитаници што одговориле;

Од податоците може да се воочи дека доминираат позитивно ориентираните ставови. Тие се движат во пропорциите од над половината испитаници по секоја година, односно тие се во рамките на распонот од 51,07 % во 2017 до 57,98 % во 2011 година. Може да се констатира дека секоја година, просечно ($\bar{x}$=54,81 %, σ=2,34; V=4,26 %), речиси 55 од 100 испитаници имале став „потполно се согласувам“ и „се согласувам“.

Во групата негативни ставови пропорциите се движат во распон од 19,27 % во 2012 до 24,98 % во 2013 година и покажуваат коефициент на варијација од 9,94 %, што упатува на тоа дека станува збор за хомогена дистрибуција. Може да се констатира дека речиси 22 од 100 испитаници секоја година, просечно се определуваат за еден од ставовите „воопшто не се согласувам“ и „не се согласувам“ ($\bar{x}$=21,65 %, σ=2,15; V=9,94 %).

Од целината може да заклучиме дека ставот „Полицијата е заштитник на интересите на мнозинството граѓани“, од 100 испитаници 55 имаат став на согласност, 24 не можат да оценат и 23 имаат негативен став, односно степен на несогласност.

Проблематично за објаснување во оваа дистрибуција е поимот „мнозинството“ граѓани. Ако овој поим се подразбере како некоја величина или претстава која преовладува, тогаш сосема е во ред да се зазема позитивен став. Но, ако под тој поим се подразбираат состојбите

во поделеноста на општеството според етнички, верски, а во последната деценија и според партиски разлики, тој поим уште повеќе се изострува. Оваа синтагма може да се определи и како елемент на демократскиот процес.

Полицијата како елемент на управната структура на општеството е управувана од екипи кои доаѓаат на чело на раководните позиции, како резултанта на изборниот процес и владејачката партија која, вели Лаво, ги дефинира сите клучни кадровски решенија во институциите. Оттаму, една од задачите на државните органи и на другите институции е да го сочуваат професионалниот интегритет и да дејствуваат во рамките и во согласност со законите и дека операционализацијата на партиските цели и заложби можат да се остварат низ институционална и со закон утврдена процедура. Во современиот систем особено е важна положбата на полицијата и нејзиното функционирање според законите и во нивните рамки. Секоја друга ситуација доведува до положби на искуства за кои се констатира дека се дел од концептот за „политичка" полиција, односно злоупотреба на полицијата во партиски цели.

Во фазата на конструирање и ревидирање на инструментот, во општеството се јавуваа ситуации кои не секогаш можеа да се сметаат во согласност со постапувањето и во рамките на законски утврдените ситуации. Затоа беше изразена определба во структурата на прашањата да се вклучи и ставот дека „полицијата и служи исклучително на владејачката партија"

***Табела број 151. Според мене полицијата и служи исклучително на владејачката партија***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 8,16 | 7,73 | 10,76 | 6,73 | 9,77 | 8,69 | 7,97 | 9,58 | 8,24 |
| 2. | 20,59 | 21,36 | 26,18 | 25,47 | 30,11 | 24,61 | 25,10 | 22,99 | 23,45 |
| 3. | **34,71** | **32,31** | **26,32** | **30,25** | **28,42** | **30,38** | **30,61** | **26,34** | **31,40** |
| 4. | 22,88 | 24,58 | 23,26 | 25,06 | 20,07 | 23,24 | 21,56 | 25,57 | 22,48 |
| 5. | 13,65 | 14,01 | 13,47 | 12,49 | 11,63 | 13,08 | 14,76 | 15,52 | 14,44 |
| **Σ** | **1311** | **1306** | **1440** | **1233** | **1126** | **1162** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда**: 1. воопшто не се согласувам; 2. не се согласувам; 3. не можам да оценам; 4. се согласувам; 5. потполно се согласувам; Σ = вкупен број на испитаници што одговориле.

Пропорциите од одговорите на испитаниците упатуваат на тоа дека најзачестена оценка е неутралната „не можам да оценам". Нејзината просечна вредност е највисока и изнесува 30,08 % од испитаниците кои просечно годишно избегнуваат одговор ($\bar{x}$=30,08 %, σ=2,72; V=9,06 %). Распонот на пропорциите се движи од 26,32 % во

2011 до 34,71 % во 2009 година. Или, просечно секоја година, 30 од 100 испитаници одговарале „не можам да оценам“.

Следната категорија испитаници се оние кои изразувале степен на несогласност со ваквиот став. Имено, 24,43 % просечно во изминатите девет години одговарале со оценката „не се согласувам“ ($\bar{x}$=24,43 %, σ=2,83; V=11,58 %). Распонот на пропорциите на овие одговори се движи во рамките на 20,59 % во 2009 до 30,11 % во 2013 година. Значи, 24 од 100 испитаници се изјаснувале со оценката „не се согласувам“.

Со нешто понизок резултат сличен на претходниот се испитаниците кои оценувале дека се согласуваат со понудениот став. Имено, просечно од о=23,19 % од испитаниците, ($\bar{x}$=23,19 %, σ=1,74; V=7,49 %), одговараат со оценката „се согласувам“, односно се согласуваат со ставот дека полицијата и служи исклучително на владејачката партија. Распонот на оценките е во рамките на вредностите од 21,56 % во 2015 до 25,06 % во 2012 година ($\bar{x}$=23,19 %, σ=1,74; V=7,49 %). Може да се воочи дека 23 од 100 испитаници ја прифаќаат оценката „се согласувам“. Во таа смисла, но значително пониска е средната вредност кај оценката „потполно се согласувам“. Таа изнесува 13,67 %, што упатува на тоа дека, речиси 14 испитаници од 100 се определуваат за оценката „потполно се согласувам“.

Најмалку фреквентни се оценките „воопшто не се согласувам“. Тие се движат во распонот од 6,73 % во 2012 до 10,76 % во 2011 година. Просечно, секоја година речиси 9 од 100 испитаници се определуваат за оценката „воопшто не се согласувам“ ($\bar{x}$=8,63 %, σ=1,22; V=14,18 %).

***Табела број 152. Според мене полицијата и служи исклучително на владејачката партија***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| не | 28,76 | 29,10 | 36,94 | 32,20 | 39,88 | 33,30 | 33,07 | 32,57 | 31,69 |
| нмо | 34,71 | 32,31 | 26,32 | 30,25 | 28,42 | 30,38 | 30,61 | 26,34 | 31,40 |
| да | 36,54 | 38,59 | 36,74 | 37,55 | 31,71 | 36,32 | 36,32 | 41,09 | 36,92 |
| **Σ** | **1311** | **1306** | **1440** | **1233** | **1126** | **1162** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда:** не („воопшто не се согласувам“ и „не се согласувам“, нмо („не можам да оценам“) да („потполно се согласувам“ и „се согласувам“) Σ вкупно испитаници што одговориле.

Ако се погледнат просечните оценки на групираните искази тогаш ќе се утврди дека постојат три релативно изедначени групи. Највисока средна вредност имаат оценките со кои се изразува согласување ($\bar{x}$=36,86 %, σ=2,47; V=6,69 %), потоа следат оценките во кои се изразува несогласување ($\bar{x}$=33,06 %, σ=3,51; V=10,63 %) и на крајот оние кои не можат да оценат ($\bar{x}$=30,08 %, σ=2,72; V=9,06 %).

Може да се оцени дека од 100 испитаници, просечно, секоја година 37 се согласуваат со ставот, 33 не се согласуваат со ставот и 30 не можат да го оценат ставот „полицијата и служи исклучително на владејачката партија".

Следен став кој е анализиран е дека „полицијата апси селективно". Во структурата на податоците доминираат пропорциите за одговорите „не можам да оценам". Имено, просечно, секоја година, 35,10 % ($\bar{x}$=35,10 %, σ=2,52; V=7,17 %) од испитаниците одговарале на тој начин. Распонот на одговорите не е распрснат, тој се движи во рамките на вредностите од 31,13 % во 2016 до 38,19 % во 2015 година. Значи, просечно, секоја година, нешто повеќе од 35 од 100 испитаници одговарале со „не можам да оценам". Станува збор за нешто повеќе од една третина од испитаниците кои избегнуваат непосредно да се изјаснат по ова прашање. Претпоставуваме дека стравот е факторот кој влијае кај испитаниците и тие прифаќаат таков пристап.

Втората група одговори според зачестеноста се оние кои ја прифаќаат оценката „се согласувам". Распонот на пропорциите се движи од 21,16 % во 2013 до 30,08 % во 2016 година. Средната вредност на оваа серија е 27,10 % ($\bar{x}$=27,10 %, σ=2,57; V=9,49 %). Значи, 27 од 100 испитаници се согласуваат со ставот дека полицијата апси селективно.

***Табела број 153. Според мене полицијата апси селективно***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 6,98 | 4,98 | 8,27 | 4,86 | 6,22 | 6,29 | 4,63 | 7,76 | 5,52 |
| 2. | 15,81 | 18,01 | 19,74 | 20,10 | 29,07 | 20,26 | 18,90 | 19,35 | 21,51 |
| 3. | **36,99** | **37,62** | **32,38** | **36,71** | **32,80** | **35,26** | **38,19** | **31,13** | **34,79** |
| 4. | 29,47 | 28,20 | 27,94 | 27,31 | 21,16 | 26,98 | 26,48 | 30,08 | 26,26 |
| 5. | 10,74 | 11,19 | 11,67 | 11,02 | 10,76 | 11,21 | 11,81 | 11,69 | 11,92 |
| Σ | **1303** | **1305** | **1439** | **1234** | **1125** | **1160** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда**: 1. воопшто не се согласувам; 2. не се согласувам; 3. не можам да оценам; 4. се согласувам; 5. потполно се согласувам; Σ = вкупен број испитаници што одговориле.

Потоа следуваат одговорите со оценката „не се согласувам" и на крајот се оценките „потполно се согласувам" и „воопшто не се согласувам". Просечно, 20,30 % од испитаниците се определуваат за оценката „не се согласувам" ($\bar{x}$=27,10 %, σ=2,57; V=9,49 %). Распонот на оценките се движи од 15,81 % во 2009 до 29,07 % во 2013 година. Можеме да констатираме дека 20 од 100 испитаници не се согласуваат со ставот дека полицијата апси селективно.

На крајот се двете поларизирани оценки „потполно се согласувам" и „воопшто не се согласувам". За првата оценка просечно 11,33 % годишно имаат јасен став дека потполно се согласуваат со

ставот дека полицијата апси селективно. Распонот на пропорциите на овие одговори се движи од 10,74 % во 2009 до 11,92 % во 2017 година. Значи, просечно, нешто повеќе од 11 од 100 испитаници потполно се согласуваат дека полицијата апси селективно ($\bar{x}$=11,33 %, σ=0,45; V=3,98 %). Овде најмалку фреквентна е оценката „воопшто не се согласувам". Распонот на фреквенциите се движи од 4,63 % во 2015 до 8,27 % во 2011 година. Просечно, секоја година, 6 од 100 испитаници се определуваат за оценката „воопшто не се согласувам" ($\bar{x}$=6,17 %, σ=1,30; V=21,09 %). Значи, нешто повеќе од шест испитаници поопределено сметаат дека воопшто не држи ставот дека полицијата апси селективно.

Ако ги групираме податоците, ќе добиеме појасна претстава за начинот на дистрибуирање на оценките. Имено, од податоците може да се оцени дека така прикажаните податоци упатуваат на констатацијата, според која во одговорите по ставот „полицијата апси селективно", испитаниците се поделиле во три групи. Најмалку фреквентна е онаа група испитаници која не се согласува со ставот дека полицијата апси селективно ($\bar{x}$=26,47 %, σ=3,83; V=14,47 %). Имено, 26 од 100 испитаници го делат ваквото мислење.

***Табела број 154. Според мене полицијата апси селективно***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| не | 22,79 | 22,99 | 28,01 | 24,96 | 35,29 | 26,55 | 23,52 | 27,11 | 27,03 |
| нмо | 36,99 | 37,62 | 32,38 | 36,71 | 32,80 | 35,26 | 38,19 | 31,13 | 34,79 |
| да | 40,21 | 39,39 | 39,61 | 38,33 | 31,91 | 38,19 | 38,29 | 41,76 | 38,18 |
| **Σ** | **1303** | **1305** | **1439** | **1234** | **1125** | **1160** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда:** не („воопшто не се согласувам" и „не се согласувам"), нмо („не можам да оценам"); да („потполно се согласувам" и „се согласувам") Σ вкупно испитаници што одговориле.

Втората група, според зачестеноста, надминува просечна вредност од над една третина од испитаниците и се изјаснува со „не можам да оценам" ($\bar{x}$=35,10 %, σ=2,52; V=7,17 %).

И најзачестена група одговори се оние што изразуваат степен на согласност, односно се согласуваат дека полицијата апси селективно. Пропорциите на одговорите се движат во распонот од 31,91 % во 2013 до 41,76 % во 2016 година. Просечно, повеќе од 38 од 100 испитаници се определиле за една од оценките со која се изразува согласување со ставот дека полицијата апси селективно ($\bar{x}$=38,43 %, σ=2,72; V=7,08 %).

И следното прашање може да се смета во контекстот на претходното. Имено, од испитаниците беше побарано да ја искажат оценката за ставот „полицијата ги апси само оние кои не се блиски со владејачката партија"

***Табела број 155. Според мене полицијата ги апси само оние кои не се блиски со владејачката партија***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1 | 8,70 | 8,19 | 11,95 | 6,73 | 10,32 | 9,21 | 8,76 | 9,67 | 7,85 |
| 2 | 19,31 | 21,96 | 27,10 | 30,71 | 32,21 | 26,08 | 29,72 | 27,20 | 27,03 |
| 3 | 38,17 | 35,35 | 31,34 | 34,44 | 31,58 | 34,17 | 34,74 | 32,09 | 33,82 |
| 4 | 21,45 | 24,02 | 18,49 | 18,88 | 17,62 | 20,14 | 17,22 | 21,07 | 21,32 |
| 5 | 12,37 | 10,48 | 11,12 | 9,24 | 8,27 | 10,41 | 9,55 | 9,96 | 9,98 |
| Σ | **1310** | **1307** | **1439** | **1234** | **1124** | **1162** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда**: 1. воопшто не се согласувам; 2, не се согласувам; 3. не можам да оценам; 4. се согласувам; 5. потполно се согласувам; Σ = вкупен број испитаници што одговориле.

Просечните вредности упатуваат на тоа дека во оваа дистрибуција доминираат одговорите „не можам да оценам“ ($\bar{x}$=33,97 %, σ=2,14; V=6,29 %), потоа оние кои „не се согласуваат“ ($\bar{x}$=26,81 %, σ=4,08; V=15,23 %). Трети и четврти по ред се испитаниците кои имаат став во изразување на согласност „се согласувам“ ($\bar{x}$=20,02 %, σ=2,18; V=10,90 %) и „потполно се согласувам“ ($\bar{x}$=10,15 %, σ=1,16; V=11,45 %) и со најмала зачестеност се одговорите „воопшто не се согласувам“ ($\bar{x}$=9,04 %, σ=1,51; V=16,70 %).

Врз основа на податоците може да се констатира дека од 100 испитаници, просечно, годишно 34 одговараат со оценката „не можам да оценам“, 27 „не се согласувам“, 9 „воопшто не се согласувам“, 20 „се согласувам“ и 10 „потполно се согласувам“ со ставот дека полицијата ги апси само оние кои не се блиски со владејачката партија.

***Графикон број 41. Според мене полицијата ги апси само оние кои не се блиски со владејачката партија***




Групираните одговори го поедноставуваат одговорот. Како што може да се воочи и на графиконот од 100 испитаници 36 не се

согласуваат со понудениот став, 34 не можат да оценат, а 30 се согласуваат со тоа тврдење.

Оваа батерија на прашања илустрира дека меѓу испитаниците со помал или поголем интензитет се присутни ставови и свест дека во постапките на полицијата се препознава селективност, дека таа и служи на владејачката партија и дека ги апси само оние кои не и се блиски нејзе. Иако, во структурата на овие дистрибуции повеќе или помалку испитаниците се поделени во три групи и дека околу една третина имаат став на согласување, на несогласување или неутрален став, сепак, за вистинска процена на состојбите треба да се оцени, што е тоа што во деветте години кога е поставувано прашањето, на еден или друг начин влијаело кај испитаниците да се издиференцираат такви оценки.

Можеби дел од одговорите можат да се бараат и во следната батерија од три прашања. Имено, дел од испитаниците се замолени да оценат каква е нивната оценка за ставот „полицијата е неправедно критикувана за блискост со владејачката партија". Одговорите, поконкретно пропорциите од одговорите се прикажани во следната табела.

***Табела број 156. Според мене полицијата е неправедно критикувана за блискост со владејачката партија***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 9,31 | 8,49 | 10,86 | 8,10 | 8,47 | 14,58 | 8,56 | 12,45 | 9,40 |
| 2. | 24,89 | 24,10 | 25,12 | 26,80 | 26,38 | 27,19 | 27,07 | 27,49 | 27,91 |
| 3. | 40,46 | 40,78 | 37,37 | 38,62 | 36,01 | 27,62 | 42,42 | 34,29 | 39,24 |
| 4. | 18,93 | 20,89 | 19,49 | 20,24 | 22,73 | 20,75 | 17,03 | 19,16 | 17,54 |
| 5. | 6,41 | 5,74 | 7,17 | 6,23 | 6,42 | 9,86 | 4,92 | 6,61 | 5,91 |
| Σ | **1310** | **1307** | **1437** | **1235** | **1122** | **1166** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда**: 1. воопшто не се согласувам; 2. не се согласувам; 3. не можам да оценам; 4. се согласувам; 5. потполно се согласувам; Σ = вкупен број испитаници што одговориле.

Основна карактеристика на оваа распределба е дека доминираат неопределените оценки изразени како „не можам да оценам" ($\bar{x}$=37,42 %, σ=4,45; V=11,88 %), следуваат оценките „не се согласувам" ($\bar{x}$=26,33 %, σ=1,32; V=5,00 %) и „се согласувам" ($\bar{x}$=19,64 %, σ=1,76; V=8,95 %) и на самиот крај оценките „воопшто не се согласувам" ($\bar{x}$=10,02 %, σ=2,20; V=21,98 %) и „потполно се согласувам" ($\bar{x}$=6,59 %, σ=1,38; V=20,93 %).

***Графикон број 42. Според мене полицијата е неправедно критикувана за блискост со владејачката партија***




Ако се погледнат групираните податоци, тогаш може да се констатира дека доминираат ставовите со степен на несогласност кои се движат во границите од 32,59 % во 2010 до 41,97 % во 2014 година. Просечно, секоја година, 36 од 100 испитаници се определувале за една од оценките „не се согласувам“ ($\bar{x}$=36,35 %, σ=2,89; V=7,96 %).

Структурата на пропорциите од одговорите „се согласувам“ упатуваат на сознанието дека 26 од 100 испитаници се определуваат за оценка во која изразуваат согласност ($\bar{x}$=26,23 %, σ=2,63; V=10,02 %).

***Табела број 157. Според мене полицијата е неправедно критикувана за блискост со владејачката партија***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| не | 34,20 | 32,59 | 35,98 | 34,90 | 34,85 | 41,77 | 35,63 | 39,94 | 37,31 |
| нмо | 40,46 | 40,78 | 37,37 | 38,62 | 36,01 | 27,62 | 42,42 | 34,29 | 39,24 |
| да | 25,34 | 26,63 | 26,65 | 26,48 | 29,14 | 30,62 | 21,95 | 25,77 | 23,45 |
| **Σ** | **1310** | **1307** | **1437** | **1235** | **1122** | **1166** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда:** не („воопшто не се согласувам“ и „не се согласувам“), нмо („не можам да оценам“), да „потполно се согласувам“ и „се согласувам“), Σ вкупно испитаници што одговориле.

Оценките во целина упатуваат на тоа дека значителен дел од испитаниците не се согласуваат со понудениот став „полицијата неоправдано е критикувана за блискост со владејачката партија“. Може да се заклучи дека нивното доминантно мислење е обратно, дека таа, сепак, во нивните перцепции е структура што е блиска со владејачката партија.

***Табела број 158. Споредба на просечните оценки на ставовите за блискоста на полицијата со владејачката партија и неоправданата критика за тоа***

| | да | не |
|---|---|---|
| -воопшто не се согласувам | 8,63 | 10,02 |
| -не се согласувам | 24,43 | 26,33 |
| -не можам да оценам | 30,08 | 37,42 |
| -се согласувам | 23,19 | 19,64 |
| -потполно се согласувам | 13,67 | 6,59 |

**Легенда**: **да** - полицијата и служи исклучително на владејачката партија;
**не** - полицијата е неправедно критикувана за блискост со владејачката партија

| | да | не |
|---|---|---|
| -**не** (воопшто и не се согласувам) | 33,06 | 36,35 |
| -не можам да оценам | 30,08 | 37,42 |
| -**да** (потполно и се согласувам) | 36,86 | 26,23 |

**Легенда**: **да** - полицијата и служи исклучително на владејачката партија;
**не** - полицијата е неправедно критикувана за блискост со владејачката партија

Во приказот се дадени просечните резултати на две дистрибуции: (да) полицијата и служи исклучително на владејачката партија и (не) полицијата е неоправдано критикувана за блискост со владејачката партија. Од податоците може да се заклучи дека 24,43 % не се согласуваат со ставот дека полицијата и служи исклучително на владејачката партија, значи тој став за нив е неприфатлив. Исто така, може да се констатира дека 26,33 % не се согласуваат со ставот дека полицијата е неоправдано критикувана за блискост со владејачката партија.

Ако се групираат податоците, тогаш може да се констатира следното: прво, просечно 37 од 100 испитаници се согласуваат со ставот дека полицијата исклучително и служи на владејачката партија; второ, 36 од 100 испитаници не се согласуваат со ставот дека е неоправдано критикувана полицијата за блискост со владејачката партија; трето, 33 од 100 испитаници не се согласуваат со ставот дека полицијата исклучително и служи на владејачката партија; четврто, 26 од 100 испитаници, просечно годишно, во изминатите девет години се согласуваат со ставот дека полицијата е неоправдано критикувана за блискост со владејачката партија. И кај двете дистрибуции просечниот број на испитаници е висок. Имено 30 од 100 испитаници не можат да оценат дали полицијата исклучително и служи на владејачката партија, односно повеќе од 37 од 100 испитаници не можат да оценат дали таа е неоправдано критикувана за блискост со владејачката партија. Од целината на дистрибуцијата може да се заклучи дека повеќе од една третина од испитаниците, сепак, сметаат дека полицијата е блиска со владејачката партија и ѝ служи на истата.

И уште едно тврдење поврзано со работата на полицијата е и ставот „полицијата е најефикасен орган и затоа е подложен на критика од незадоволните“. Оценките на испитаниците ја следат логиката на претходните ставови. Најбројни се ставовите кои се определуваат за „не можам да оценам“. Распонот на пропорциите на оценките се движи од 28,36 % во 2014 до 38,93 % во 2012 година. Секоја година, во изминатите девет години, просечно 35,58 % ($\bar{x}$=35,58 %, σ=3,23; V=9,07 %), односно речиси 36 од 100 испитаници се определувале за оценката „не можам да оценам“.

***Табела број 159. Според мене полицијата е најефикасен орган и затоа е подложна на критика од незадоволните***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 6,41 | 5,91 | 8,00 | 8,27 | 7,29 | 11,74 | 8,76 | 8,62 | 8,04 |
| 2. | 16,11 | 22,12 | 17,54 | 21,57 | 18,49 | 23,65 | 19,09 | 22,80 | 24,81 |
| 3. | 34,35 | 35,48 | 38,62 | 38,93 | 36,89 | 28,36 | 37,89 | 34,10 | 35,56 |
| 4. | 29,92 | 27,27 | 26,86 | 24,01 | 28,98 | 26,65 | 26,67 | 26,63 | 25,00 |
| 5. | 13,21 | 9,22 | 8,98 | 7,22 | 8,36 | 9,60 | 7,58 | 7,85 | 6,59 |
| **Σ** | **1310** | **1302** | **1437** | **1233** | **1125** | **1167** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда:** 1. воопшто не се согласувам; 2. не се согласувам; 3. не можам да оценам; 4. се согласувам; 5. потполно се согласувам; Σ вкупно испитаници што одговориле.

Нешто повеќе од една четвртина од испитаниците изразуваат степен на согласност со понудениот став. Имено, со оценката „се согласувам“ се определувале меѓу 25,00 % во 2017 до 29,92 % во 2009 година ($\bar{x}$=26,89 %, σ=1,79; V=6,67 %). Секоја година, просечно се изјаснувале 26,89 %, односно речиси 27 од 100 испитаници се изјаснувале со оценката се согласувам. Толкав број на испитаници се согласувал со ставот дека „полицијата е најефикасен орган и затоа е подложен на критика од незадоволните“.

Нешто, пониски се пропорциите од одговорите на испитаниците кои изразуваат степен на несогласност со понудениот став ($\bar{x}$=20,69 %, σ=2,99; V=14,43 %). Распонот на пропорциите од одговорите на оваа група испитаници се движи од 16,11 % во 2009 до 24,81 % во 2017 година. Просечно, во изминатите девет години речиси 21 од 100 испитаници се изјаснувале со оценката „не се согласувам“ дека „полицијата е најефикасниот орган и затоа е подложен на критика од незадоволните“.

Последните две оценки поврзани со експлицитно позитивните и негативни одговори имаат приближни вредности. Имено, со оценката „потполно се согласувам“ просечно, секоја година, одговараат 8,73 % од испитаниците ($\bar{x}$=8,73 %, σ=1,94; V=22,24 %), додека со оценката

„воопшто не се согласувам“ таа вредност е 8,12 % ($\bar{x}$=8,12 %, σ=1,67; V=20,56 %). Разликите се незначителни, со тоа што позитивно ориентираните оценки имаат нешто повисок коефициент на варијација, што значи дека има повисока дистанца во пропорциите во годините. Тие пропорции се движат во распонот од 6,59 % во 2017 до 13,21 % во 2009 година. Распонот на пропорциите кај одговорите „воопшто не се согласувам“ се движи од 5,91 % во 2010 до 8,76 % во 2015 година. Може да констатираме дека, просечно секоја година речиси 9 од 100 испитаници се определувале за оценката „потполно се согласувам“, односно 8 од 100 испитаници се изјаснувале дека „воопшто не се согласувам“ со ставот дека „полицијата е најефикасен орган и затоа е подложна на критика од незадоволните“.

***Табела број 160. Според мене полицијата е најефикасен орган и затоа е подложна на критика од незадоволните***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| не | 22,52 | 28,03 | 25,54 | 29,85 | 25,78 | 35,39 | 27,85 | 31,42 | 32,85 |
| нмо | 34,35 | 35,48 | 38,62 | 38,93 | 36,89 | 28,36 | 37,89 | 34,10 | 35,56 |
| да | 43,13 | 36,48 | 35,84 | 31,22 | 37,33 | 36,25 | 34,25 | 34,48 | 31,59 |
| **Σ** | **1310** | **1302** | **1437** | **1233** | **1125** | **1167** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда:** не („воопшто не се согласувам“ и „не се согласувам“), нмо („не можам да оценам“) да („потполно се согласувам“ и „се согласувам“); Σ вкупно испитаници што одговориле.

Појасна претстава може да се добие, ако се групираат податоците. Може да се констатира дека вредностите на позитивно ориентираните ставови се блиски до оценките „не можам да оценам“. Тие се движат во распонот од 31,22 % во 2012 до 43,13 % во 2009 година ($\bar{x}$=35,62 %, σ=3,52; V=9,89 %). Просечно, секоја година приближно 36 од 100 испитаници се определувале за една од оценките во која се изразува став на согласување со понудената оценка дека полицијата е најефикасен орган и дека е подложна на критика од незадоволните. Со спротивен, односно со став во кој се изразува несогласување одговарале испитаници од 22,52 % во 2009 до 35,39 % во 2014 година. Просечно, секоја година, ($\bar{x}$=28,80 %, σ=4,01; V=13,91 %), речиси 29 од 100 испитаници се определувале за оценката дека не се согласуваат со тврдењето дека полицијата е најефикасниот орган и затоа е подложна на критика од незадоволните.

И тоа ќе го илустрираме со следното графичко решение.

***Графикон број  43 Според мене полицијата е најефикасен орган и затоа е подложна на критика од незадоволните***




Досегашната расправа укажува на значењето на односите меѓу општеството и полицијата. Имено, од понудените дистрибуции на бројните ставови во врска со постапувањето на полицијата кон граѓаните, а особено кон решавањето на одделни, понекогаш конфликтни, или политичко сензитивни настани и ситуации влијаат на тоа граѓаните поимот полиција да го изедначуваат со релативно добро опремени организации и групи, кои во обликот на разни видови полиции, или полициски единици постапуваат по барање на носителите на власта. На вака диференцираните ставови влијание остваруваат и медиумските интерпретации на одделни актуелни ситуации, во кои јавно се изнесуваат индикатори и сознанија дека употребата на полициските состави и материјално-технички средства не можат докрај да се оправдаат со целите на заедницата, односно дека тие се поблиски до положбите на одделни носители на политичката и стопанската моќ. Во такви услови, за испитаниците полицијата е употребена за потреби кои не се целосни во согласност со организираната заедница.

# ДЕВЕТТА ГЛАВА

# ПЕРЦЕПЦИИТЕ ЗА СОРАБОТКАТА НА ГРАЃАНИТЕ И ПОЛИЦИЈАТА

*Вовед*

Концептот полиција во заедница истовремено е и филозофија и организациска стратегија. Според таа стратегија се обезбедува полицијата и граѓаните да изнаоѓаат нови начини за да ги решаваат проблемите со криминалитетот, општествените и физичките нарушувања на ниво на локална заедница. Значи, станува збор за пристап кој се темели врз верувањето дека граѓаните кои ги почитуваат законите и своето поведение и акција ги темелат врз нивна основа, треба да имаат можност да се вклучат во дејствувањето на полицијата, во нејзините програми и акции, како во однос на зголемувањето на безбедноста во заедницата, справувањето со криминалот и заканите, така и во однос на остварувањето на поединечните и заедничките цели. Затоа овој концепт подразбира вклучување на граѓаните во акциите на полицијата и давање можност тие да се корисни соработници на полициските службеници. Концептот „полиција во заедница се темели на верувањето дека решавањето на актуелните општествени проблеми бараат ослободување на граѓаните и полицијата од традиционалните граници кои им овозможуваа нови и креативни начини во спротивставувањето на општествените проблеми“ (Cajner Mraović, Faber, & Volarević, 2003, стр. 6).

*Перцепции за влијанието на граѓаните врз полицијата*

Какви се перцепциите на граѓаните во однос на можноста да влијаат врз работата на полицијата. Дистрибуцијата на одговорите е дадена во продолжение. Поради различните големини на примерокот, во приказот се прикажани пропорциите а во вкупниот број (Σ) се прикажани апсолутниот број на испитаници што одговориле на прашањето.

Од пропорциите може да утврдиме дека доминираат одговорите со негативен предзнак. Оние коишто сметаат дека како граѓани не можат да влијаат врз работата на полицијата. Распонот на оценките на испитаниците се движи меѓу 36,62 % во 2009 до 52,12 % во 2012 година. Просечно, секоја година во изминатите десет години 6,42 % од испитаниците, ($\bar{x}$=46,42 %, σ=4,40; V=9,47 %), имале експлицитен став дека не можат да влијаат врз работата на полицијата. Значи 46 од 100 испитаници годишно одговараат дека не можат да влијаат на работата на полицијата.

***Табела број 161. Дали вие како граѓани можете да влијаете на работата на полицијата?***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| да | 35,01 | 27,87 | 26,98 | 30,13 | 23,98 | 27,47 | 28,51 | 26,38 | 27,11 | 23,06 |
| не | 36,62 | 43,82 | 48,50 | 43,87 | 52,12 | 47,85 | 45,58 | 45,94 | 50,19 | 49,71 |
| нмо | 28,37 | 28,32 | 24,52 | 26,00 | 23,90 | 24,69 | 25,92 | 27,68 | 22,70 | 27,23 |
| Σ | **1114** | **1116** | **1301** | **1427** | **1226** | **1114** | **1119** | **997** | **1044** | **1032** |

**Легенда**: да (знаат доволно и делумно); не (не знаат доволно и воопшто не знаат); нмо= (не можам да оценам); Σ = вкупно испитаници што одговориле.

Втората група испитаници има позитивен став. Имено, распонот на пропорциите на одговорите кои имаат потврден став се движи од 23,06 % во 2017 до 35,01 % во 2009 година. Просечно, ($\bar{x}$=27,65 %, σ=3,30; V=11,94 %) речиси 28 од 100 испитаници, одговарале дека можат да влијаат на работата на полицијата.

Третата група испитаници се оние што се определувале за оценката „не можам да оценам“. Пропорциите на одговорите на овие испитаници се движи во распонот од 23,90 % во 2012 до 27,92 % во 2014 година. Просечно, во изминативе десет години, секоја година речиси по 26 од 100 испитаници избегнувале да се изјаснат по прашањето, дали тие како граѓани можат да влијаат на работата на полицијата ($\bar{x}$=25,93 %, σ=1,96; V=7,55 %).

Иако бројот на испитаниците се изјаснуваат различно на прашањето за можноста да влијаат на работата на полицијата, во ревизијата на инструментот за собирање податоци во 2010 година беа внесени една група дихотомни прашања во врска со модалитетите, односно облиците преку кои граѓаните можат да остварат влијание врз работата на полицијата. Во таа смисла беше развиен ставот на следниот начин: На кој начин можете да го остварите влијанието врз полицијата: и со „да“ - „не“ одговори беа понудени следните начини: а) со членство во здружение кое се занимава со работата на полицијата; б) со членство во политичка партија; в) со учество во советодавна група на граѓани во мојата општина; г) преку медиумите; д) со активна соработка со полицијата поради решавање на одреден проблем; ѓ) преку Советот во мојата општина; е) преку неформално здружување со соседите во моето место на живеење; ж) преку поднесување на иницијативи.

Бројот на испитаниците кои одговориле со „да“ или „не“, како и структурата на одговорите, од година во година е различен.

***Табела број 162. На кој начин можете да го остварите влијанието врз полицијата: - со членство во здружение кое се занимава со работата на полицијата***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. да | 53,21 | 58,24 | 53,91 | 59,74 | 56,09 | 47,93 | 50,48 | 40,99 |
| 2. не | 46,79 | 41,76 | 46,09 | 40,26 | 43,91 | 52,07 | 49,52 | 59,01 |
| **Вкупно:** | **1045** | **1111** | **805** | **611** | **813** | **1016** | **1044** | **1032** |

Поделеноста на испитаниците во однос на можноста со припадност во здружение кое се занимава со работата на полицијата, дека може да се влијае врз работата на полицијата е воочлива. Зачестеноста на потврдните одговори е повисока. Таа се движи од 40,99 % во 2017 до 59,74 % во 2013 година. Просечните вредности упатуваат на тоа дека 52,57 % ($\bar{x}$=52,57 %, σ=6,07; V=11,55 %), или речиси 53 од 100 испитаници сметаат дека со членување во здружение што се занимава со работата на полицијата ќе може да се влијае врз неа.

Со помал интензитет на зачестеност е дистрибуцијата на одговорите дека не може со членување во здружение на граѓани што се занимаваат со работата на полицијата да се влијае врз нејзината работа. Пропорциите на одговорите се движат во распонот од 40,26 % во 2013 до 59,01 % во 2017 година. Просечно секоја година, ($\bar{x}$=47,43 %, σ=6,07; V=12,80 %), 47 од 100 испитаници сметаат дека не може со членување во здружение што се занимава со работата на полицијата, да се влијае на работата на полицијата.

Дали членувањето во политичка партија може да е ефикасен начин на влијание врз работата на полицијата? Одговорот на тоа прашање во форма на став, кое испитаниците го соопштиле е изразен во пропорциите на одговорите соопштени во следната табела. Може да се воочи дека доминираат одговорите дека не може да се влијае. Распонот со одговорите „не“ се движи од 72,24 % во 2013 до 84,77 % во 2016 година. Просечно, секоја година, од 2010 до 2017 година со одговор „не“ одговарале 79,49 % од испитаниците. Значи, повеќе од три четвртини годишно, ($\bar{x}$=79,49 %, σ=4,27; V=5,37 %) одговарале дека не може преку членување во политичка партија да се влијае врз работата на полицијата.

***Табела број 163. На кој начин можете да го остварите влијанието врз полицијата: со членство во политичка партија***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1 да | 20,37 | 19,21 | 24,63 | 27,76 | 22,29 | 18,80 | 15,23 | 15,79 |
| 2 не | 79,63 | 80,79 | 75,38 | 72,24 | 77,71 | 81,20 | 84,77 | 84,21 |
| **Вкупно:** | **1041** | **1109** | **800** | **616** | **812** | **1016** | **1044** | **1032** |

Потврдните одговори се движат во распонот од 15,23 % во 2016 до 24,63 % во 2012 година. Просечно, секоја година речиси 21 од 100 испитаници одговориле со потврден став дека може да се влијае врз работата на полицијата преку членување во политичка партија ($\bar{x}$=20,51 %, σ=4,27; V=20,80 %).

На прашањето Дали со учество во советодавна група на граѓани може да се влијае врз работата на полицијата, доминантните одговори на испитаниците се потврдни. Одговорите се движат во распонот од 8,37 % во 2017 до 67,04 % во 2013 година. Просечно, секоја година речиси 56 од 100 испитаници се определувале за потврден одговор дека преку советодавната група на граѓани може да се влијае врз работата на полицијата. Од податоците може да се воочи дека речиси 56 од 100 испитаници имале потврден одговор ($\bar{x}$=55,69 %, σ=8,36; V=15,02 %).

***Табела број 164. На кој начин можете да го остварите влијанието врз полицијата: - со учество во советодавна група на граѓани во мојата општина***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. да | 58,94 | 57,23 | 58,70 | 67,04 | 59,80 | 51,28 | 54,12 | 38,37 |
| 2. не | 41,06 | 42,77 | 41,30 | 32,96 | 40,20 | 48,72 | 45,88 | 61,63 |
| **Вкупно:** | **1040** | **1106** | **799** | **619** | **811** | **1016** | **1044** | **1032** |

Нешто помала зачестеност имаат одговорите на испитаниците кои сметаат дека не може преку советодавната група на граѓани да се влијае врз работата на полицијата. Распонот на одговорите на прашањата се движи од 32,96 % во 2013 до 61,63 % во 2016 година. Просечно ($\bar{x}$=44,31 %, σ=8,36; V=18,87 %), секоја година 44 од 100 испитаници се определувале за оваа оценка, односно негирале дека може да влијае врз работата на полицијата преку учество во советодавна група на граѓани.

### *Медиумите како инструмент за влијание на граѓаните врз работата на полицијата*

Медиумите се моќно средство во современата заедница, кои овозможуваат брз пренос на информациите, сознанијата и активностите на субјектите во организираното општество. Токму затоа ним им се посветува сериозно внимание. Тие се елемент на анализата, затоа што, повеќе или помалку можат да го обликуваат јавното мислење и посредно или непосредно да влијаат на перцепциите на граѓаните за

одделни прашања. Тогаш кога тие преминуваат и се дел од сегментираните, особено партиските, групните или личните интереси и се во нивна функција, кога ја погребуваат вистината, тогаш тие ја губат основната функција и стануваат манипулативно и пропагандно средство.

***Табела број 165. На кој начин можете да го остварите влијанието врз полицијата: - преку медиумите***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. да | 47,60 | 50,32 | 48,56 | 46,67 | 48,46 | 41,24 | 37,64 | 30,72 |
| 2. не | 52,40 | 49,68 | 51,44 | 53,33 | 51,54 | 58,76 | 62,36 | 69,28 |
| **Вкупно:** | **1040** | **1107** | **801** | **615** | **811** | **1016** | **1044** | **1032** |

Имајќи ја предвид моќната положба на медиумите, како начин на кој може да се оствари влијание врз полицијата, претпоставуваме дека тоа се и медиумите. За тоа како граѓаните ги перципираат медиумите и дали тие се начин со чија помош можат да остварат влијание врз полицијата? Одговорот на тоа прашање го нуди табеларниот приказ на одговорите на поставеното прашање. Што може да се воочи?

Прво, доминираат одговорите со кои се изразува несогласување со ставот, односно тврдењето дека преку медиумите може да се оствари влијание врз полицијата. Пропорциите на одговорите се движат во распонот од 49,68 % во 2011 до 69,28 % во 2017 година. Значи, просечно, ($\bar{x}$=56,10 %, σ=6,81; V=12,15 %), секоја година 56,10 % од испитаниците го избираат одговорот „не“, односно медиумите не се обликот преку кој може да се влијае на полицијата.

***Графикон број 44. На кој начин можете да го остварите влијанието врз полицијата: - преку медиумите***



Ако резултатите ги претставиме и графички може да воочиме дека во годите 2015, 2016 и 2017 година опаѓаат одговорите со кои се изразува согласност со ставот дека медиумите се облик преку кој може да се врши влијание врз полицијата. Во изминатите осум години, распонот на пропорциите на одговорите „да“ се движи од 32,72 % во 2017 до 50,32 % во 2011 година. Секоја година просечно ($\bar{x}$=43,90 %, σ=6,81; V=15,52 %), речиси 44 од 100 испитаници одговориле потврдно на вака поставеното прашање.

Зошто во последните три години опаѓаат претставите за можноста медиумите да се начинот на кој ќе се влијае врз полицијата? Веројатно, одговорот бара многу простор и време да се анализираат сите фактори, но треба да се има предвид фактот што во последните три години се случија општествени процеси, во кои на виделина е институционалната криза, хипокризијата во општествените односи и непрофесионалниот, а во одделни случаи и манипулаторски однос на медиумите во однос на штитењето и одбраната на јавниот интерес и збор.

Активната соработка со полицијата поради решавање на определен проблем е начин според кој мнозинството испитаници сметаат дека е најпогоден. Тоа упатува на сознанието дека кај испитаниците е созреано сознанието дека и полицијата и граѓаните имаат заедничка цел, да работат заедно во решавањето на проблемите на заедницата и создавање услови во неа да можат непречено да ги остваруваат своите потреби и интереси.

***Табела број 166. На кој начин можете да го остварите влијанието врз полицијата: - со активна соработка со полицијата поради решавање на одреден проблем***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. да | 60,65 | 68,03 | 65,09 | 70,79 | 65,72 | 59,35 | 56,42 | 53,59 |
| 2. не | 39,35 | 31,97 | 34,91 | 29,21 | 34,28 | 40,65 | 43,58 | 46,41 |
| **Вкупно:** | **1042** | **1104** | **802** | **630** | **814** | **1016** | **1044** | **1032** |

Од податоците прикажани во табелата, претходно, може да се воочи дека пропорциите на одговорите се движат од 53,59 % во 2017 до 70,79 % во 2013 година. Просечно, ($\bar{x}$=62,45 %, σ=5,93; V=9,50 %), секоја година, 62 од 100 испитаници имаат потврден одговор, односно сметаат дека соработката со полицијата поради решавање на определен проблем е начин на кој може да се оствари влијание врз полицијата.

Негативните одговори, имаат послаб интензитет. Тие се движат во распонот од 29,21 % во 2013 до 46,41 % во 2017 година. Просечно, секоја година речиси 38 од 100 испитаници се определувале за

одговорот „не“ ($\bar{x}$=37,55 %, σ=5,93; V=15,80 %). Тоа значи дека 37,55 % просечно сметаат дека активната соработка поради решавање на определен проблем не е начин со кој може да се врши влијание врз полицијата.

Советот на општината е орган што се конституира на општи, непосредни и тајни избори и го има легитимитетот на граѓаните во локалната заедница. Тој по својата положба е избрано претставничко тело чија надлежност е одлучување за прашања од локална природа, определени со уставните и законските рамки. Токму затоа овој орган се набљудува како облик преку кој може да се остварува влијание врз полицијата. Тоа е затоа што, во надлежноста на Советот на локалната самоуправа се и прашањата од избор на „лицето кое раководи со подрачната единица на Министерството за внатрешни работи во општината“ и „го усвојува годишниот извештај за јавната безбедност на подрачјето на општината, кој го доставува до министерот за внатрешни работи и народниот правобранител“. Советот може да „дава препораки на раководното лице на подрачната единица на Министерството за внатрешни работи од областа на јавната безбедност и безбедноста во сообраќајот, член 36 (Закон за локална самоуправа, 2002).

***Табела број 167. На кој начин можете да го остварите влијанието врз полицијата: - преку Советот во мојата општина***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. да | 51,59 | 52,94 | 53,61 | 62,36 | 54,32 | 48,03 | 45,79 | 66,38 |
| 2. не | 48,41 | 47,06 | 46,39 | 37,64 | 45,68 | 51,97 | 54,21 | 33,62 |
| **Вкупно:** | **1037** | **1107** | **804** | **611** | **810** | **1016** | **1044** | **1032** |

Зачестеноста на одговорите на согласност со поставеното прашање е видлива. Испитаниците одговорите ги насочиле кон изразување на согласност со понудениот став, односно со тврдењето дека Советот на општината е начинот преку кој може да се врши влијание врз полицијата. Пропорциите на одговорите се движат во распонот од 45,79 % во 2016 до 66,38 % во 2017 година. Просечно, секоја година во изминатите осум години 54,38 % или 54 од 100 испитаници се определуваат за тврдењето дека Советот на општината е обликот преку кој може да се влијае врз полицијата ($\bar{x}$=54,38 %, σ=6,89; V=12,67 %).

Втората половина од испитаниците се определува за одговорот „не“. Распонот на пропорциите се движи од 33,62 % во 2017 до 54,21 % во 2016 година. Просечно, ($\bar{x}$=45,62 %, σ=6,89; V=15,10 %), секоја година 45,62 %, односно речиси 46 од 100 испитаници сметаат дека

Советот на општината не е обликот преку кој може да се влијае врз работата на полицијата.

Облиците на здружувањето на граѓаните се облик преку кој се остварува општествената димензија на поединецот, но и облик во кој егзистира групата и заедницата. Тие по својот облик можат да бидат формални и неформални. Иницијативите, петициите, повремените собири и слични иницијативи имаат формален и повремен карактер. Здруженијата на граѓани, пак, се облик на здружување, од постојан и формален карактер, преку кој граѓаните што се здружуваат во нив остваруваат определени цели и интереси. Здруженијата на граѓани, се субјекти кои го развиваат или учествуваат во развојот на цивилното општество, особено во јакнењето на граѓанската иницијатива, директните акции, и во јакнењето на субјективитетот на граѓаните (Мојаноски, 2002, стр. 207).

Колку неформалните облици на здружување на граѓаните во облик на граѓанска иницијатива, директна акција или некој друг облик на непосредно учество на граѓаните може да влијае врз работата на полицијата. Каква е распределбата на одговорите на ова прашање во изминатите осум години прикажани се во следната табела.

***Табела број 168. На кој начин можете да го остварите влијанието врз полицијата: - преку неформално здружување со соседите во моето место на живеење***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. да | 58,95 | 39,00 | 43,86 | 45,37 | 47,10 | 35,43 | 39,75 | 27,81 |
| 2. не | 41,05 | 61,00 | 56,14 | 54,63 | 52,90 | 64,57 | 60,25 | 72,19 |
| **Вкупно:** | **1045** | **1105** | **798** | **615** | **811** | **1016** | **1044** | **1032** |

Пропорциите на одговорите упатуваат на тоа дека испитаниците немаат претстава дека преку облиците на неформално здружување со соседите, во облик на иницијатива, собир на граѓани, протестен марш или некој друг облик можат да влијаат врз работата на полицијата. Доминантно, одговорите во изминатите осум години се со негативна конотација, односно тие не сметаат дека тоа е ефикасен облик за влијание врз работата на полицијата. Пропорциите на одговорите, од година во година се различни и се движат во распонот од 41,05 % во 2010 до 72,19 % во 2017 година. Просечно, секоја година речиси 58 од 100 испитаници на ова прашање одговориле со одговорот „не“ ($\bar{x}$=57,84 %, σ=9,15; V=15,82 %).

Позитивен став имаат просечно 43,16 % од испитаниците ($\bar{x}$=42,16 %, σ=9,15; V=21,71 %). Како и во други ситуации кога има определување меѓу два избора, од оние што се определуваат да

одговорат, распонот на пропорциите се движи од 27,81 % во 2017 до 58,95 % во 2010 година. Значи, определен помал број на испитаници се определува за тврдењето дека неформалните иницијативи на граѓаните од определено подрачје на живеење можат да бидат облици за влијание за работата врз полицијата.

### *Непосредните облици на учество во одлучувањето и работата на полицијата*

Во правниот поредок и во граѓанската практика свое место имаат и облиците на непосредно учество на граѓаните во одлучувањето. Облиците на учество на граѓаните во одлучувањето се непосредни и посредни. Граѓаните непосредно учествуваат во одлучувањето за прашања од локално значење преку граѓанска иницијатива, собири на граѓаните и референдум. Трошоците за спроведување на непосредното учество на граѓаните во одлучувањето паѓаат на товар на општинскиот буџет. Со закон е уредено дека, „граѓанската иницијатива е облик на непосредно изјаснување на граѓаните во одлучувањето преку покренување на иницијативи пред Собранието на Република Македонија, пред советите на општините, градот Скопје и општините во градот Скопје". Притоа, таа може да се покрене за поднесување предлог за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија, за предлагање за донесување на закон и за распишување на референдум на државно ниво, или одреден пропис на општините, на градот Скопје за решавање на одредени прашања од надлежност на советите на единиците на локалната самоуправа (Закон за референдум и другите облици за непосредно изјаснување на граѓаните, 2005).

Граѓаните имаат право да му предложат на советот да донесе одреден акт или да реши одредено прашање од неговата надлежност. Граѓанска иницијатива не може да се поднесе за кадровски и финансиски прашања. Ако, иницијативата ја поддржат најмалку 10 % од избирачите на општината, односно на месната самоуправа на која се однесува определеното прашање, советот е должен да расправа и најдоцна 90 дена по доставената иницијатива да ги информира граѓаните за својата одлука (Мојаноски, 2002, стр. 390). Според објавените податоци во периодот од 2005 до 2012 година, до советите на општините биле покренати 345 граѓански иницијативи, а се распишани само два референдума на барање на избирачите. (Референдуми и граѓански инцијативи во Република Македонија).

Токму затоа од испитаниците беше побарано да оценат дали граѓанските иницијативи ги перципираат како облик преку кој можат да

вршат влијание врз работата на полицијата. Одговорите на испитаниците се дадени во следната табела.

***Табела број 169. На кој начин можете да го остварите влијанието врз полицијата: - преку поднесување на иницијативи***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. да | 60,67 | 55,19 | 56,25 | 65,37 | 58,84 | 49,70 | 50,96 | 42,73 |
| 2. не | 39,33 | 44,81 | 43,75 | 34,63 | 41,16 | 50,30 | 49,04 | 57,27 |
| **Вкупно:** | **1040** | **1098** | **800** | **615** | **809** | **1016** | **1044** | **1032** |

Одговорите на прашањата се во соодносот 54,96 % „да“, 45,05 % „не“. Значи, просечно, секоја година, ($\bar{x}$=45,96 %, σ=7,08; V=12,88 %), 55 од 100 испитаници се изјаснуваат со „да“, а 45 со „не“ ($\bar{x}$=45,04 %, σ=7,08; V=15,72 %). Од табеларниот приказ може да се воочи дека позитивните одговори се движат во распонот од 42,73 % во 2017 до 65,37 % во 2013 година. Додека негативните одговори се распределени во распонот од 34,63 % во 2013 до 57,27 % во 2017 година.

Воочливо е дека од 2013 година наваму пропорциите на позитивните одговори на испитаниците опаѓаат, односно опаѓа вербата дека покренувањето на иницијативи е начин со кој може да се влијае врз работата на полицијата.

Секако дека отворените прашања за можностите за влијание врз работата на полицијата, објективно, ги скицираат реалните општествени можности за поефикасно влијание врз работата на полицијата. Ако овој сет на прашања се анализира во периодот кога се спроведувани истражувачките активности, ќе треба, посебно за секоја година, да се прикажат елементарните случувања и настани, како и положбата на одделни полициски состави и акции и нивното влијание врз перцепцијата на граѓаните за неможноста да вршат влијание врз работата на полицијата. Овие оценки треба се набљудуваат и во рамките на одговорите на испитаниците за тоа како ја перципираат полицијата, посебно полицијата во местото на живеење. Целината на тие одговори, на еден или друг начин, може да ја одгатне енигмата за тоа зошто е такво поведението и зошто испитаниците најчесто се определуваат за таквиот тип на одговори.

Партиципацијата е облик преку кој поединецот, непосредно ги вложува сопствените сили и знаење за разрешување на некој проблем или за надминување на некоја состојба. За да добиеме претстава за тоа какви се ориентациите и подготвеноста на испитаниците за промена на состојбите ги запрашавме дали тие би се вклучиле во некоја превентивна програма или акција на полицијата со која би се подобрила нивната безбедност и безбедноста на граѓаните во нивното место на

живеење. Одговорите на така поставеното прашање се дадени во следната табела.

***Табела број 170. Дали би се вклучиле во некоја превентивна програма и/или акција на полицијата, поради подобрување на вашата безбедност и безбедноста на граѓаните во вашето место на живеење?***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. да | 73,10 | 65,83 | 63,16 | 59,83 | 61,14 | 62,46 | 64,06 | 57,19 | 61,59 | 55,23 |
| 2. не | 10,64 | 12,20 | 16,12 | 17,84 | 17,40 | 18,46 | 15,54 | 17,62 | 17,91 | 18,70 |
| 3. не знам | 16,26 | 21,97 | 20,72 | 22,32 | 21,46 | 19,09 | 20,40 | 25,20 | 20,50 | 26,07 |
| **Вкупно:** | **1156** | **1279** | **1303** | **1429** | **1230** | **1116** | **1152** | **1016** | **1044** | **1032** |

Одговорите упатуваат на тоа дека доминираат потврдните одговори. Од распределбата на одговорите може да се утврди дека од 2008 година, кога таа подготвеност е изразена во највисок процент од 73,10 % од испитаниците што одговориле на ова прашање, секоја година бележи пониски одговори, а најмалку подготвеност изразиле испитаниците во 2017 година, кога во 55,23 % од испитаниците одговориле потврдно, односно дека кај нив постои подготвеност да учествуваат во превентивна програма или акција. Може да се воочи дека испитаниците кои одговараат со „не знам“ се една релативно константна структура од 16,26 % во 2008 до 26,07 % во 2017 година. Ваквите одговори, повеќе или помалку се во рамките на онаа група испитаници, што на претходно анализираните прашања имаше одговор „не можам да оценам“.

И третата група одговори се однесува на оние кои имаат јасен став дека нема да учествуваат во превентивна програма или акција на полицијата поради сопствената безбедност и безбедноста на заедницата. Овие оценки се движат во распонот од 1,64 % во 2008 до 18,70 % во 2017 година. Можеби овде е интересно да се подвлече специфичноста дека во резултатите од последното истражување, од 2017 година, зголемени се пропорциите на неподготвеност да се партиципира во превентивна програма или акција со полицијата што може да се објасни како показател кој упатува на нивото на доверба што тие го манифестираат кон полицијата која во изминативе години, особено настаните во последните три години, укажуваат дека таа била или дејствувала не секогаш во со закон определените рамки .

***Графикон број 45. Дали би се вклучиле во некоја превентивна програма и/или акција на полицијата, поради подобрување на вашата безбедност и безбедноста на граѓаните во вашето место на живеење?***




За тоа како изгледаат пропорциите на одговорите ги претставуваме на графиконот што претходи. Имено, од него може да се воочи дека во изминатите десет години ($\bar{x}$=62,36 %, σ=4,91; V=7,87 %), просечно 62,36 % или 62 од 100 испитаници изразувале согласност да се вклучат во превентивна програма или акција на полицијата за да ги решат безбедносните проблеми во заедницата. Исто така, просечно 21,40 % ($\bar{x}$=21,40 %, σ=2,82; V=13,16 %) или 21 од 100 испитаници избегнува одговор, односно се определува за одговорот „не знам“. И на крајот може да констатираме дека просечно 16,34 % ($\bar{x}$=16,34 %, σ=2,74; V=16,90 %) или 16 од 100 испитаници се изјаснуваат дека не се подготвени да учествуваат во превентивна програма или акција на полицијата поврзани со подобрувањето на безбедноста во заедницата во која живеат или е поврзана со нивните сонародници.

Ако ги групираме податоците со одговорот „не“ и „не знам“, тогаш ќе добиеме дистрибуција чиј распон се наоѓа меѓу пропорциите од 26,90 % во 2008 до 44,77 % во 2017 година. Може да констатираме дека просечно, ($\bar{x}$=21,40 %, σ=2,82; V=13,16 %), секоја година 37,64 % или речиси 38 од 100 испитаници, не знае и нема да се вклучи во превентивна програма или акција на полицијата за подобрување на безбедноста на граѓаните и нивната локална заедница.

Во инструментот на испитаниците им беше понудено, „доколку би се вклучиле во превентивна програма и/или акција на полицијата, за што би се одлучиле?“ Списокот на понудата се состоеше од следните можности: (1) превенција од злоупотреба на дрога кај младите; (2) превенција од семејно насилство; (3) програма за заштита на жртви од

трговија со луѓе; (4) превенција од користење на оружје; (5) превенција од користење на пиротехнички средства; (6) програма за безбедност во сообраќајот; (7) запознавање на граѓаните со постапките за добивање лични документи и (8) друго. Одговорите на прашањата се дадени во следната табела.

***Табела број 171. Доколку би се вклучиле во превентивна програма и/или акција на полицијата, за што би се одлучиле?***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 55,32 | 52,37 | 50,60 | 47,13 | 41,33 | 37,05 | 47,61 | 40,00 | 32,86 | 30,21 |
| 2. | 14,01 | 14,98 | 14,33 | 16,57 | 16,59 | 16,25 | 15,44 | 22,04 | 20,33 | 16,84 |
| 3. | 8,11 | 9,82 | 7,94 | 12,07 | 11,66 | 17,05 | 10,96 | 11,14 | 11,43 | 12,53 |
| 4. | 10,33 | 9,41 | 9,81 | 9,91 | 11,18 | 10,34 | 10,16 | 9,46 | 9,56 | 10,11 |
| 5. | 1,26 | 1,72 | 1,54 | 2,33 | 3,60 | 4,89 | 2,49 | 1,80 | 2,86 | 3,37 |
| 6. | 6,74 | 6,79 | 9,73 | 7,49 | 9,86 | 9,09 | 8,27 | 12,46 | 13,19 | 13,47 |
| 7. | 1,90 | 2,05 | 4,95 | 3,91 | 5,59 | 3,86 | 3,69 | 2,87 | 2,42 | 3,16 |
| **Σ** | **949** | **1222** | **1172** | **1201** | **1055** | **880** | **1004** | **835** | **910** | **950** |

**Легенда**: 1. превенција од злоупотреба на дрога кај младите; 2. превенција од семејно насилство; 3. програма за заштита на жртви од трговија со луѓе; 4. превенција од користење на оружје; 5. превенција од користење на пиротехнички средства; 6. програма за безбедност во сообраќајот; 7. запознавање на граѓаните со постапките за добивање лични документи; 8. друго; Σ= вкупно испитаници што одговориле.

Што може да се воочи од оваа распределба? Дека во изминатите десет години и покрај различните одговори за тоа дали би се вклучиле во превентивна програма или акција на полицијата, испитаниците, сепак, би се вклучиле во некои од понудените превентивни програми. Треба да се очекува испитаниците да се најподготвени да учествуваат во превентивна програма која ќе ја подобри или зајакне борбата против злоупотребата на дрога, особено меѓу младите луѓе.

***Преглед број 3. Доколку би се вклучиле во превентивна програма и/или акција на полицијата, за што би се одлучиле?***

| | Од 2008 до 2017 година | | |
|---|---|---|---|
| | $\bar{x}$ | σ | V |
| 1. превенција од злоупотреба на дрога кај младите | 43,45 | 8,48 | 19,52 |
| 2. превенција од семејно насилство | 16,74 | 2,57 | 15,33 |
| 3. програма за заштита на жртви од трговија со луѓе | 11,27 | 2,56 | 22,73 |
| 4. превенција од користење на оружје | 10,03 | 0,53 | 5,29 |
| 5. превенција од користење на пиротехнички средства | 2,59 | 1,12 | 43,36 |
| 6. програма за безбедност во сообраќајот | 9,71 | 2,55 | 26,26 |
| 7. запознавање на граѓаните со постапките за добивање лични документи | 3,44 | 1,21 | 35,13 |
| 8. друго | 2,79 | 3,37 | 121,11 |

Понудениот преглед укажува дека пет превентивни програми се во диоптријата на испитаниците за нивно вклучување. Најприфатлива е превентивната програма поврзана со злоупотребата на дрога, особено меѓу младите. Просечните вредности за изминатите години упатуваат на тоа дека програмите за превенирање на семејното насилство, за заштита на жртвите од трговија со луѓе, користење на оружје и за безбедноста на сообраќајот се содржини кои би ги мотивирале да се вклучат и да придонесуваат за зголемување на безбедноста на граѓаните и заедницата.

Во продолжение на анализата се неколку прашања поврзани со односите меѓу граѓанинот и полицаецот и начинот на кој би се справил со претпоставените ситуации.

***Табела број 172. Како ќе постапите доколку дознаете дека полицаец што го познавате ја злоупотребил својата позиција поради остварување на лична корист:***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | **20,26** | **27,70** | **26,54** | **23,60** | **24,84** | **27,30** | **25,06** | **23,62** | **22,51** | **22,87** |
| 2. | 15,76 | 19,98 | 19,31 | 22,63 | 19,97 | 24,47 | 20,40 | 22,44 | 23,75 | 25,78 |
| 3. | 22,16 | 11,81 | 12,85 | 12,92 | 11,44 | 12,68 | 13,83 | 12,99 | 12,07 | 13,57 |
| 4. | 11,08 | 4,86 | 5,92 | 9,22 | 7,55 | 5,14 | 7,35 | 6,30 | 7,18 | 6,69 |
| 5. | **30,74** | **26,70** | **25,54** | **24,44** | **26,38** | **22,70** | **26,02** | **27,07** | **26,15** | **22,77** |
| 6. | 0,00 | 8,95 | 9,85 | 7,19 | 9,82 | 7,71 | 7,35 | 7,58 | 8,33 | 8,33 |
| **Σ** | **1155** | **1296** | **1300** | **1432** | **1232** | **1128** | **1157** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда**: 1. ќе го пријавам во полиција; 2. ќе го пријавам кај неговиот претпоставен; 3. ќе се обидам да влијаам да се поправи; 4. би го игнорирал случајот; 5. не знам како би постапил/а6. не би преземал ништо; Σ= вкупно испитаници што одговориле.

На прашањето како ќе постапите доколку дознаете дека полицаец ваш познаник ја злоупотребил позицијата за остварување лична корист. Одговорите се движат на следниот начин:

***Преглед број 4. Како ќе постапите доколку дознаете дека полицаец што го познавате ја злоупотребил својата позиција поради остварување на лична корист:***

| | Од 2008 до 2017 година | | |
|---|---|---|---|
| | $\bar{x}$ | σ | V |
| 5. не знам како би постапил/а | 25,85 | 2,31 | 8,93 |
| 1. ќе го пријавам во полиција | 24,43 | 2,33 | 9,53 |
| 2. ќе го пријавам кај неговиот претпоставен | 21,45 | 2,94 | 13,72 |
| 3. ќе се обидам да влијаам да се поправи | 13,63 | 3,09 | 22,66 |
| 6. не би преземал ништо | 7,51 | 2,80 | 37,34 |
| 4. би го игнорирал случајот | 7,13 | 1,88 | 26,30 |

Во изминатите десет години доминираат одговорите „не знам како би постапил/а", со просечна вредност од 25,85 %. Потоа, со незначителна разлика е дека ќе го пријави во полиција, на трето место дека ќе го пријави кај неговиот претпоставен, а 13,63 % ќе се обидат да влијаат на пријателот полицаец, тој да се поправи. Последните две просечни вредности заедно околу 15 % се однесуваат на испитаниците кои не би преземале ништо или би го игнорирале случајот. Ако се групираат трите одговори „не знам како би постапил/а", „не би преземал ништо" и „би го игнорирал случајот" ќе се добие просечна вредност од 40,49 % од одговорите. Значи, речиси 41 од 100 испитаници нема да знае што да прави, не би преземал ништо или би го игнорирал сознанието дека негов пријател полицаец ја злоупотребил позицијата. Ако на оваа група се додадат и оние одговори кои велат дека ќе се обидат да влијаат да се поправи, значи нема да го пријави, тогаш такви активности просечно ќе преземат 54,12 % од испитаниците. Значи, повеќе од половина, односно 54 од 100 испитаници нема да презема дејства кои ќе значат расчистување со злоупотребата на позицијата за своја лична корист. Тој податок може да се претпостави и како можен индикатор за степенот на толерантност на испитаниците кон определено незаконито поведение. Овој податок иако не е доволен но доволно е индикативен за степенот на свеста на испитаниците и на подготвеноста да се справат со облиците на злоупотреба на овластувањата.

Доколку ги погледнеме резултатите на оние што се подготвени да го пријават во полиција или на неговиот претпоставен, тогаш ќе добиеме просечен показател од 45,88 %, што укажува дека 46 од 100 испитаници имаат јасна свест и став дека ќе преземат дејства да пријават злоупотреба. Овој податок укажува дека иако незначително, но во суштина покажува дека помалку од половината испитаници имаат свест за расчистување од злоупотребите на овластувањата за лична корист.

На прашањето, „дали досега сте се нашле во ситуација полицаец да ви бара подарок или услуга, за да ви помогне со услуга", мнозинството испитаници одговорило со одговор „не".

***Табела број 173. Дали досега сте се нашле во ситуација полицаец да ви бара подарок или услуга, за да ви помогне со услуга?***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. да | 17,52 | 13,96 | 15,05 | 16,57 | 18,96 | 15,96 | 16,31 | 20,96 | 20,02 | 19,09 |
| 2. не | 82,48 | 86,04 | 84,95 | 83,43 | 81,04 | 84,04 | 83,69 | 79,04 | 79,98 | 80,91 |
| **Вкупно**: | **1153** | **1311** | **1302** | **1430** | **1234** | **1128** | **1159** | **1016** | **1044** | **1032** |

Од прикажаните податоци може да се воочи дека три четвртини од испитаниците одговараат со „не“. Распонот на пропорциите се движи од 79,04 % во 2015 до 86,04 % во 2009 година. Просечно, секоја година во последните десет години, ($\bar{x}$=82,56 %, σ=2,26; V=2,74 %), односно речиси 83 од 100 испитаници се определуваат за одговорот „не“, поточно дека не биле во ситуација полицаец да им бара подарок или услуга за да помогне со услуга. Од нив, просечно 17,44 % биле во ситуација полицаец да им побара подарок или услуга ($\bar{x}$=17,44 %, σ=2,26; V=12,99 %). Пропорциите на одговорите на овие испитаници се движат од 13,96 % во 2009 до 20,96 % во 2015 година. Значи, може да констатираме: секоја година, просечно од 100 испитаници 83 одговараат дека не биле во ситуација од нив полицаец да бара подарок или услуга, а 17 биле во таква ситуација.

Овој податок е индикативен и укажува, можеби не за масовна, но за појава која има определена, не така висока, зачестеност.

Следното прашање на кое се бараше одговор е „дали досега сте се нашле во ситуација полицаец да ве ослободи од казна за сторен прекршок, односно дали е избегната санкцијата за прекршокот. Одговорите на прашањата се во следната табела.

***Табела број 174. Дали досега сте се нашле во ситуација полицаец да ве ослободи од казна за сторен прекршок?***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. да | 27,17 | 27,73 | 28,73 | 27,18 | 27,97 | 27,64 | 27,73 | 25,39 | 26,05 | 26,65 |
| 2. не | **72,83** | **72,27** | **71,27** | **72,82** | **72,03** | **72,36** | **72,27** | **74,61** | **73,95** | **73,35** |
| **Вкупно:** | **1163** | **1309** | **1302** | **1431** | **1237** | **1125** | **1161** | **1016** | **1044** | **1032** |

Пропорциите укажуваат дека доминираат негативните одговори, односно дека речиси три четвртини од испитаниците не биле во ситуација да ги ослободат од сторен прекршок. Структурата на одговорите упатува на тоа дека тие се движат во рамките на распонот од 71,27 % во 2010 до 74,61 % во 2015 година. Просечно, секоја година во изминативе десет години ($\bar{x}$=72,77 %, σ=0,98; V=1,34%), речиси 73 од 100 испитаници одговориле дека не биле во ситуација од полицаец да се ослободени за сторен прекршок.

Оние што одговориле со „да“, дека биле во ситуација да бидат ослободени од полицаец за сторен прекршок, пропорциите на одговорите се околу една четвртина и се движат во распонот од 25,39 % во 2015 до 28,73 % во 2010 година. Имено, просечно, 27,23 % од испитаниците ($\bar{x}$=27,23 %, σ=0,98; V=3,58 %) одговараат со „да“, или од 100 испитаници 27 потврдуваат дека биле во ситуација полицаец да ги ослободи од казна за сторен прекршок.

На прашањето „дали би понудиле подарок или услуга на полицаец, за да ви помогне да се ослободите од казната за сторен прекршок", одговорите доминантно се негативни. Тие се движат во распон од 57,60 % во 2008 до 69,92 % во 2013 година. Просечно годишно 64,57 % ($\bar{x}$= 27,23 %, σ=0,98; V=3,58 %), односно 65 од 100 испитаници одговараат дека не понудиле подарок или услуга на полицаец за да ги ослободи за казна од сторен прекршок.

***Табела број 175. Дали би понудиле подарок или услуга на полицаец, за да ви помогне со услуга или да се ослободите од казна за сторен прекршок?***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. да | 14,77 | 15,28 | 16,50 | 15,06 | 21,07 | 14,29 | 16,23 | 15,06 | 17,15 | 16,18 |
| 2. не | **57,60** | **62,57** | **66,16** | **64,50** | **63,29** | **69,92** | **63,99** | **66,73** | **65,80** | **65,12** |
| 3. не знам | 27,62 | 22,15 | 17,34 | 20,43 | 15,64 | 15,79 | 19,78 | 18,21 | 17,05 | 18,70 |
| **Вкупно: :** | **1144** | **1309** | **1303** | **1434** | **1234** | **1127** | **1158** | **1016** | **1044** | **1032** |

Втората група одговори според зачестеноста се со одговорите „не знам". Тие се движат во распонот од 15,64 % во 2012 до 27,62 % во 2008 година. Просечно, секоја година 19,27 % од испитаниците одговарале со одговорот „не знам" ($\bar{x}$=19,27 %, σ=3,58; V=18,55 %).

И третата група одговори се оние кои потврдуваат дека биле во ситуација да понудат подарок или услуга на полицаец за да се ослободени од казна за сторен прекршок. Распонот на тие одговори се движи во пропорциите од 14,29 % во 2013 до 21,07 % во 2012 година. Просечно, годишно 16,16 % од испитаниците потврдувале дека биле во ситуација да понудат подарок или услуга на полицаец за да бидат ослободени од плаќање казна за сторен прекршок.

Внимание заслужуваат и одговорите на прашањето поврзано со тоа дали граѓаните имаат потреба да се запознаат со надлежностите, овластувањата и доменот на работа на полицијата, односно колку тие знаат за нив. И оваа група прашања беа вклучени во инструментот од 2010 година. Одговорите на прашањата се дадени во следната табела.

***Табела број 176. Според вас, дали јавноста (граѓаните) имаат потреба да се запознаат со надлежностите, овластувањата и доменот на работа на полицијата?***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. да | 82,78 | 82,72 | 81,81 | 81,37 | 82,21 | 80,51 | 79,31 | 80,91 |
| 2. не | 17,22 | 17,28 | 18,19 | 18,63 | 17,79 | 19,49 | 20,69 | 19,09 |
| **Вкупно:** | **1301** | **1429** | **1237** | **1122** | **1158** | **1016** | **1044** | **1032** |

Од зачестеноста на одговорите можеме да констатираме дека испитаниците во значително мнозинство сметаат дека недоволно ги познаваат надлежностите, овластувањата и доменот на работа на полицијата и токму затоа има потреба од запознавање на јавноста. Потврдните одговори се движат во распонот од 79,31 % во 2016 до 82,78 % во 2010 година. Просечно годишно 81,45 % од испитаниците одговориле со потврден одговор ($\bar{x}$=81,45 %, σ=1,19; V=1,46 %). Станува збор за релативно изедначени ставови од година во година што може да се набљудува и преку коефициентот на варијација кој е особено низок 1,46 %.

Втората група одговори се со негативна конотација, односно тие сметаат дека граѓаните се запознаени со надлежностите, овластувањата и доменот на работа на полицијата. Распонот на пропорциите од одговорите се движи од 17,22 % во 2010 до 20,69 % во 2015 година. Просечно, годишно 18,55 % од испитаниците се определиле за одречен одговор „не“ ($\bar{x}$=18,55 %, σ=1,19; V=6,39 %). Може да се констатира дека помалку од една петтина годишно се определува за негативен одговор, односно смета дека граѓаните се доволно запознаени со надлежностите, овластувањата и доменот на работа на полицијата.

Следната дистрибуција е обид да се објасни претходниот став. Од испитаниците е побарано да одговорат, дали, според нив, јавноста (граѓаните) знаат доволно кои се надлежностите и овластувањата на полицијата? На тој начин се врши верификација и надополнување на претходниот став, за тоа, колку граѓаните имаат потреба од информирање, односно еден облик на образување поврзано со надлежностите на полицијата.

Одговорите на така поставеното прашање се дадени во следната табела, во која се дадени пропорциите од одговорите, во однос на тоа колку граѓаните знаат за надлежностите и овластувањата на полицијата.

***Табела број 177. Според вас, дали јавноста (граѓаните) знаат доволно кои се надлежностите и овластувањата на полицијата?***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. да, знаат доволно | 7,27 | 7,19 | 6,88 | 9,65 | 7,68 | 5,61 | 6,90 | 8,62 |
| 2. делумно знаат | 30,32 | 31,26 | 30,26 | 34,63 | 31,49 | 28,84 | 31,70 | 31,78 |
| 3. не знаат доволно | **43,08** | **42,64** | **42,39** | **39,50** | **42,02** | **42,81** | **38,98** | **37,60** |
| 4. воопшто не знаат | 11,68 | 10,12 | 13,59 | 9,48 | 11,22 | 13,58 | 11,59 | 13,47 |
| 5. не можам да оценам | 7,66 | 8,79 | 6,88 | 6,73 | 7,59 | 9,15 | 10,82 | 8,53 |
| **Вкупно:** | **1293** | **1433** | **1236** | **1129** | **1159** | **1016** | **1044** | **1032** |

Ако се погледнат податоците повнимателно ќе се утврди дека две дистрибуции се зачестени, а другите три имаат релативно блиски

вредности. Така, определено мнозинство испитаници смета дека граѓаните не знаат доволно за надлежностите и овластувањата на полицијата. Пропорциите на нивните одговори се движат во распонот од 37,60 % во 2017 до 43,08 % во 2010 година ($\bar{x}$=41,13 %, σ=1,68; V=5,12 %).

Втората група одговори според зачестеноста се одговорите „делумно знаат“. Тие се движат во распонот од 28,84 % во 2015 до 34,63 % во 2013 година. Просечната вредност на пропорциите од овој модалитет е 31,29 % ($\bar{x}$=31,29 %, σ=1,68; V=5,35 %).

Третата група одговори се однесува на оние со кои се тврди дека граѓаните „воопшто не знаат“ за надлежностите и овластувањата на полицијата. Просечно, годишно 11,84 % од испитаниците се определуваат за овој тип на одговор ($\bar{x}$=11,84 %, σ=1,59; V=13,46 %), односно тврдат дека граѓаните воопшто не знаат за надлежностите и овластувањата на полицијата.

Претпоследна оценка со распон од 6,88 % во 2012 до 10,82 % во 2016 година се одговорите „не можам да оценам“. Просечно годишно со овој одговор се јавувале 8,27% од испитаниците ($\bar{x}$=8,27 %, σ=1,35; V=16,34 %).

И групата на одговори со најмала зачестеност се оние кои тврдат дека граѓаните знаат доволно за надлежностите и овластувањата на полицијата. Нивните одговори се движат во распонот од 5,61 % во 2015 до 9,65 % во 2013 година. Просечно, секоја година 7,47 % од испитаниците, ($\bar{x}$=7,47 %, σ=1,22; V=16,31 %), се определуваат за одговорот дека граѓаните знаат доволно за надлежностите и овластувањата на полицијата.

Ако ги прегрупираме податоците така што првите две групи одговори ги сметаме дека граѓаните знаат за надлежностите и овластувањата на полицијата, а третиот и четвртиот одговор дека не знаат за надлежностите и овластувањата на полицијата и како трета група останат оние што се изјасниле дека не можат да оценат, тогаш би имале дистрибуција како што е дадена во табелата што следува.

***Табела број 178. Според вас, дали јавноста (граѓаните) знаат доволно кои се надлежностите и овластувањата на полицијата?***

| | Години во кои е спроведено истражувањето: | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| да | 37,59 | 38,45 | 37,14 | 44,29 | 39,17 | 34,45 | 38,60 | 40,41 |
| не | **54,76** | **52,76** | **55,99** | **48,98** | **53,24** | **56,40** | **50,57** | **51,07** |
| нмо | 7,66 | 8,79 | 6,88 | 6,73 | 7,59 | 9,15 | 10,82 | 8,53 |
| Σ | **1293** | **1433** | **1236** | **1129** | **1159** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда**: да (знаат доволно и делумно); не (не знаат доволно и воопшто не знаат); нмо (не можам да оценам), Σ= вкупен број испитаници што одговориле.

Што може да се воочи од овој распоред? Очигледно е дека одговорите што имаат негативен одговор во основата доминираат, односно може да се констатира дека пропорциите на одговорите се движат од 50,57 % во 2016 до 55,99 % во 2012 година. Просечно со овие две оценки се определиле 52,97 % ($\bar{x}$=52,97 %, σ=2,66; V=5,02 %).

Втората група се оние оценки што имаат позитивна конотација и тие се движат во распонот од 34,45 % во 2015 до 44,29 % во 2013 година. Просечно, секоја година 38,76 % од испитаниците се определувале за една од овие две оценки ($\bar{x}$=38,76 %, σ=2,83; V=7,31 %).

Досегашната расправа упатува на констатацијата дека во општеството недостасуваат квалитетни и целосни информации и сознанија за работата на полицијата, што претпоставува да се изработи пообмислена стратегија за подобрувањето на претставите за работата на полицијата во заедницата. Примената на моделите на работа на полицијата во заедницата (community policing), се очекува да го подобрат односот меѓу полицијата и граѓаните. Во оваа прилика треба да се укаже дека еден од можните одговори зошто се толку слоевити ставовите на испитаниците во целина и за оваа батерија прашања, е затоа што еден значителен број од акции и модели што ги спроведуваше полицијата, особено со странска помош, од некои меѓународни организации, се сведуваше на имплементација на проектни задачи преку медиумите, пропаганден материјал или манифестации и постапки кои имаат популистички или манифестен карактер. Кога на таквите манифестации ќе се додадат и ставовите дека владата на таа и таа партија чини тоа и тоа за граѓаните, тогаш, сакале или не, реформите и обидите полицијата да понуди модел на соработка и содејство со граѓаните е модел со хендикеп и се доживува како „тројански коњ“ на партиската номенклатура етаблирана во органите за внатрешни работи. На тој начин се гради слика за инструментализацијата на овие институции за партиски потреби. Токму затоа, а во согласност со прикажаните сознанија од испитаниците, неопходно е да се изгради поосмислена општествено потемелно дефинирана платформа за вклучување на граѓаните во решавањето на проблемите и во афирмирањето на принципите на comunity policig филозофијата.

# ДЕСЕТТА ГЛАВА

# ПОЛИЦИЦАЕЦОТ НИЗ ПЕРЦЕПЦИИТЕ И ОЦЕНКИТЕ НА ИСПИТАНИЦИТЕ

*Вовед*

Прашањето, дали знаете кој е командир на полициската станица во вашето место на живеење, има за функција да согледа дали и колку таа положба е позната во заедницата, затоа што модерното полициско работење упатува на таков тип на соработка и заемна комуникација. Од одговорите на прашањата од 2009 годинаможе да се види дека секоја година на прашањето доминантно одговара со одговорот „не“. Распонот на пропорциите од одговорите се движи меѓу 51,42 % во 2011 до 60,43 % во 2010 година. Просечно, годишно, 57,40 % од испитаниците одговарале дека не знаат кој е командир на полициската станица ($\bar{x}$=57,48 %, σ=3,00; V=5,22 %).

***Табела број 179. Дали знаете кој е командир на полициската станица во вашето место на живеење?***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. да | 36,34 | 36,75 | 45,03 | 35,73 | 37,96 | 38,56 | 42,52 | 36,21 | 39,63 |
| 2. не | **59,86** | **60,43** | **51,42** | **59,92** | **57,38** | **57,67** | **54,63** | **59,77** | **56,20** |
| 3. без одговор | 3,79 | 2,83 | 3,54 | 4,35 | 4,66 | 3,77 | 2,85 | 4,02 | 4,17 |
| **Вкупно:** | **1318** | **1309** | **1439** | **1240** | **1138** | **1167** | **1016** | **1044** | **1032** |

Втората група одговори се однесува на потврдните одговори. Тоа е онаа група испитаници која одговара дека знае кој е командир на полициската станица. Просечно, 38,75 % од испитаниците одговориле потврдно ($\bar{x}$=38,75 %, σ=3,17; V=8,19 %).

И третата група се оние кои, едноставно, решиле да не одговараат. Нивното учество е незначително. Просечно по 3,78 % од испитаниците се определувале за овој модалитет ($\bar{x}$=3,78 %, σ=0,63; V=16,56 %).

Концептот полиција во заедница е и организациска стратегија. Тоа подразбира нов начин на работа и дејствување. Тоа е дејствување кое не се темели според налог и заповед, туку се подразбира повеќе самоиницијатива, имплементација на знаења и способностите според конкретните услови, всушност се бара најдобриот начин преку кој може да се реализира професионалниот идентитет. Тоа подразбира примена на принципите на автономија и самоиницијативност во професионалното дејствување, „што подразбира и поголема почит кон полициските професионалци, како на оние кои се внатре во полициската организација така и во јавноста“ (Cajner Mraović, Faber, & Volarević, 2003, стр. 6).

Клучен елемент за функционирање на моделот на полиција во заедницата е воведувањето „на нов тип на полициски службеник, кого би го нарекле **контакт-полицаец**, кој ќе биде директна врска помеѓу полицијата и граѓаните. Начелно, таквиот полициски службеник би морало да биде ослободен од одење на интервенција, работата би ја извршувал пешки, додека службено возило би користел само во случај кога треба да оди на некое одредено место (не за потребите на обврските)“. Всушност, суштината на дејствувањето на контакт-полицајците е одржување на секојдневни и непосредни контакти со граѓаните на подрачјето каде што работи. Негова задача е да развива соработка со граѓаните и заедно со нив да гради нов пристап за сузбивање на криминалитетот. Од новиот контакт-полицаец се очекува да развие облици и да изнаоѓа начини за решавање на проблемите на граѓаните и заедницата. Посебна грижа на контакт-полицаецот и заедницата се проблемите поврзани со криминалот, стравот од криминалот и различните видови на неред и нарушување на редот и мирот во заедницата. Смислата на воведувањето на ваквиот тип на полицаец е да се подигне квалитетот на животот во локалната заедница. Во таа смисла улогата на контакт-полицаецот е да воспостави врска меѓу граѓаните и полицијата, како и со другите општествени институции, иницијативи и граѓански здруженија (Cajner Mraović, Faber, & Volarević, 2003, стр. 6)

Кога беше конципиран инструментот, во македонската практика и искуства од примената на моделот community policing немаше издиференцирана организациска стратегија, туку тој беше ориентиран повеќе кон афирмацијата на облиците на партиципација на граѓаните во решавањето на проблемите преку воспоставувањето на советодавните групи на граѓани. Во определени периоди подоцна беа воведувани организациски модели како што е полициски службеник за превентива, маалски полицаец и слични решенија, кои повеќе беа користени за маркетиншки цели, отколку што имаа некое позначајно општествено влијание.

Токму затоа при конципирање на инструментот во 2009 година беше прифатено да се вклучи полицаецот позорникар кој беше практика во полициското работење и беше синоним за положбата на полицаец кој е непосредно поврзан со локалната заедница и граѓаните во неа. Одговорите на прашањето се дадени во табелата што следи.

***Табела број 180. Дали знаете кој е полицискиот позорникар на подрачјето каде што живеете вие?***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. да | 20,86 | 17,34 | 16,53 | 16,29 | 22,85 | 18,68 | 17,91 | 15,52 | 18,22 |
| 2. не | 73,67 | 76,85 | 65,56 | 69,19 | 61,07 | 69,41 | 68,01 | 65,33 | 65,60 |
| 3. без одговор | 5,46 | 5,81 | 17,92 | 14,52 | 16,08 | 11,91 | 14,07 | 19,16 | 16,18 |
| **Вкупно:** | **1318** | **1309** | **1440** | **1240** | **1138** | **1167** | **1016** | **1044** | **1032** |

Податоците упатуваат на тоа дека најзачестен е одговорот „не“. Висината на пропорциите упатува на тоа дека испитаниците меѓу две третини три четвртини се определуваат за одговорот „не“. Не само поради тоа што не постои такво именување, туку и поради тоа што полицијата не применува ангажирање на полицаец на определено подрачје, кој се движи пеш во локалната заедница и за кого членовите на заедницата имаат свест дека тој на тој терен е задолжен за безбедноста и решавањето на проблемите. Од табеларниот приказ може да се воочи дека распонот на пропорциите се движи од 61,07 % во 2013 до 76,85 % во 2010 година. Просечно, секоја година 68,30 % од испитаниците се определувале за одречен одговор ($\bar{x}$=68,30 %, σ=4,74; V=6,95 %).

Следните два одговора се доближуваат според општите карактеристики. Нешто позачестени се одговорите кои имаат потврден карактер, односно се одговорени со „да“. Распонот на пропорциите се движат од 15,52 % во 2016 до 22,85 % во 2013 година. Просечно, секоја година 18,24 % од испитаниците одговарале со потврден одговор ($\bar{x}$=18,24 %, σ=2,33; V=12,76 %).

И на крајот третиот модалитет на одговор „без одговор“. Во оваа дистрибуција овој модалитет се движи од 5,46 % во 2009 до 19,16 % во 2015 година. Просечно, секоја година, „без одговор“ избирале 13,36 % од испитаниците ($\bar{x}$=13,46 %, σ=4,91; V=36,50 %). Овде треба да се спомене дека кај оваа дистрибуција нешто е повисок коефициентот на варијација и што индицира дека таа е со повисок степен на дисперзија, што значи дека при анализата треба да се издвојуваат помали целини во кои би се прикажувале средните вредности како репрезенти на оваа серија. Во секој случај нејзините вредности не вршат посериозна деформација на другите параметри и не се доведува во прашање изведениот став.

### *Перцепции за довербата на граѓаните во институциите*

Во истражувањето од испитаниците се побара да одговорат доколку имаат проблем кому најпрво ќе се обратат. Одговорите за изминатите девет години се прикажани во следната табела.

***Табела број 181. Доколку имате проблем за решавање, кому најпрво, ќе се обратите?***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. на Владата | 0,81 | 0,54 | 0,98 | 0,65 | 0,79 | 0,71 | 2,85 | 0,57 | 2,23 |
| 2. на Собранието | 1,16 | 0,69 | 0,84 | 0,40 | 0,44 | 0,71 | 0,59 | 0,10 | 1,07 |
| 3. на градоначалникот | 6,62 | 4,77 | 5,18 | 5,50 | 5,82 | 5,51 | 4,13 | 5,94 | 4,17 |
| 4. на општината | 7,79 | 7,08 | 9,66 | 8,17 | 8,91 | 8,36 | 7,38 | 9,29 | 9,30 |
| 5. во партијата | 3,40 | 1,77 | 3,08 | 2,27 | 2,91 | 2,67 | 2,07 | 2,59 | 4,17 |
| 6. во Полициската станица | **42,26** | **42,88** | **42,79** | **51,54** | **53,35** | **46,40** | **53,64** | **45,88** | **49,03** |
| 7. на соседот | 12,89 | 12,16 | 14,08 | 15,37 | 8,55 | 12,71 | 9,45 | 14,08 | 11,05 |
| 8. на свештено лице | 0,00 | 0,00 | 0,70 | 0,97 | 0,97 | 0,53 | 0,79 | 0,96 | 0,68 |
| 9. никому | **25,07** | **30,10** | **22,69** | **15,13** | **18,25** | **22,40** | **19,09** | **20,59** | **18,31** |
| **Вкупно:** | **1117** | **1299** | **1428** | **1236** | **1134** | **1125** | **1016** | **1044** | **1032** |

Од целината на податоците може да се утврди дека доколку испитаникот има проблем најнапред ќе се обрати во Полициската станица. Таквиот став го дели значителен број на испитаници. Пропорциите на одговорите упатуваат дека распонот на одговорите се движи од 42,26 % во 2009 до 53,64 % во 2015 година. Просечно, секоја година, 47,53 % од испитаниците се определиле за одговорот дека доколку имаат проблем најпрво се обраќаат во полициската станица ($\bar{x}$=47,53 %, σ=4,55; V=9,57 %). Овој резултат упатува на констатацијата дека Полициската станица се доживува како средиште во кое се има доверба но и убеденост дека таму може да се најде решение.

Втората група одговори е „никому“. Вредностите на оваа дистрибуција се движат во распонот од 18,31 % во 2017 до 30,10 % во 2010 година. Просечно, годишно 21,29 % од испитаниците го избрале одговорот „никому“ ($\bar{x}$=21,29 %, σ=4,42; V=20,77 %). Од овде може да се констатира дека речиси една петтина од испитаниците изразуваат определен вид на недоверба кон институциите и субјектите од кои им беше понудена можност да изберат кому најпрво ќе се обратат.

Третата група одговори се со послаб интензитет и избран е модалитетот „на соседот“. Одговорите се движат во рамките на распонот од 8,55 % во 2013 до 15,37 % во 2012 година. Просечно, секоја година 12,26 % од испитаниците одговарале, доколку имаат потреба од помош најпрво би му се обратиле на соседот ($\bar{x}$=12,26 %, σ=2,24; V=18,24 %).

Четвртата група ја сочинуваат два модалитета на одговори кои имаат исти вредности, тоа се модалитетите „на општината“. Распонот на пропорциите на оние што одговориле дека најпрво ќе се обратат во општината се движи од 7,08 % во 2010 до 9,66 % во 2011 година. Просечно, секоја година, 8,44 % од испитаниците одговараат дека за помош најнапред би се обратиле до општината ($\bar{x}$=8,44 %, σ=0,91; V=10,80 %).

Другите модалитети имаат слаба зачестеност и просечно секоја година за помош „во партијата“ најнапред би се обратиле 2,77% од испитаниците ($\bar{x}$=2,77 %, σ=0,73; V=26,36 %), потоа „на Владата“ ($\bar{x}$=1,13 %, σ=0,83; V=73,55 %), „на Собранието“ ($\bar{x}$=0,67 %, σ=0,33; V=50,00 %) и на „свештеното лице“ ($\bar{x}$=0,62 %, σ=0,38; V=61,59 %). Оваа група податоци илустрираат дека мал е бројот на испитаници кои решавањето на сопствениот проблем би го барале надвор од вообичаената практика. Овој резултат упатува на тоа дека граѓаните полицијата ја перципираат како субјект од кого можат да очекуваат решение. Токму затоа се смета дека концептот community policing е значаен и претпоставува пристап кој ќе им овозможи на граѓаните дека можат поедноставно, навремено и ефикасно да ги решаваат проблемите, односно полицијата да се јавува како средиште во кое тие ќе можат да ги соопштуваат, но и да учествуваат во решавањето на проблемите.

Во тесна врска со претходното е и следното прашање, кое од испитаникот бара да одговори Дали во последните три месеци се обратил за помош во Полициската станица, односно колку определеноста ако имаат проблем, најпрво, ќе се обратат на некоја од посочените институции, односно во овој случај во полициската станица.

***Табела број 182. Дали во последните три месеци сте се обратиле за помош до Полициската станица?***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. да | 57,61 | 10,24 | 7,15 | 9,44 | 8,00 | 17,91 | 7,28 | 6,70 | 9,50 |
| 2. не | **41,81** | **59,82** | **55,42** | **53,15** | **58,44** | **53,90** | **52,56** | **52,11** | **50,97** |
| 3. не сум имал/а потреба | 0,59 | 29,95 | 37,43 | 37,42 | 33,57 | 28,19 | 40,16 | 41,19 | 39,53 |
| **Вкупно :** | **1196** | **1309** | **1440** | **1240** | **1138** | **1167** | **1016** | **1044** | **1032** |

Од понудената дистрибуција може да се заклучи дека доминираат одговорите „не“, односно во последните три месеци ( во годината кога е спроведувано истражувањето) на Полициската станица

не и се обраќале меѓу 41,81 % во 2009 до 59,82 % во 2010 година ($\bar{x}$=53,13 %, σ=5,16; V=9,71 %).

Втората група одговори, според зачестеноста, се однесува на модалитетот „не сум имал/а потреба“. Распонот на овие одговори се движи од 0,59 % во 2009 до 41,19 % во 2016 година. Просечно, годишно 32,00 % се определувале за овој одговор ($\bar{x}$=32,00 %, σ=12,62; V=39,44 %).

Ако се погледнат вредностите од модалитетите „не“ и „не сум имал/а потреба“ тогаш може да се констатира дека пропорциите се движат во распонот од 42,39 % во 2009 до 93,30 % во 2016 година. Просечно со еден од двата одговора се изјаснувале 90,47 % од испитаниците за овој одговор ($\bar{x}$=90,47 %, σ=3,62; V=4,00 %).

Значително мал е бројот на испитаниците кои се определиле за одговорот „да“. Освен во 2009 година кога тој има вредност од 57,61 %, другите години пропорциите се движат меѓу 6,70 % во 2016 до 17,91 % во 2014 година. Ако се исклучи вредноста од 2009 година затоа што таа вредност е нетипична и врши девијација на податоците за овој одговор ($\bar{x}$=14,87 %, σ=16,38; V=110,17 %) и се пресметаат вредностите за осумте години, тогаш ќе се добијат следните показатели за овој одговор ($\bar{x}$=9,53 %, σ=3,62; V=38,00 %). Иако и овде е нешто повисок коефициентот на варијација, ќе укажеме дека бројот на испитаници кој последните три месеци (во годината кога е вршено истражувањето) имал потреба да се обрати до Полициската станица, што укажува дека одговорите на прашањето за тоа кому најпрво ќе се обратите за помош при решавање на проблем не се заснова на непосредното искуство, туку на свеста за институционалната можност и поставеноста на полициската станица како место кое може да понуди решение за проблемот.

***Табела број 183. Ве молиме да ни кажете, како ја чувствувате полицијата?***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 43,63 | 42,03 | 14,06 | 16,12 | 16,38 | 17,02 | 24,68 | 16,83 | 15,23 | 14,44 |
| 2. | **44,41** | **39,45** | **41,18** | **42,04** | **40,36** | **42,86** | **41,65** | **37,20** | **39,66** | **41,67** |
| 3. | 10,50 | 8,42 | 12,83 | 12,09 | 15,42 | 14,29 | 12,17 | 15,65 | 14,75 | 15,21 |
| 4. | 1,12 | 9,33 | 19,56 | 18,62 | 17,43 | 15,61 | 13,88 | 17,91 | 18,49 | 17,34 |
| 5. | 0,34 | 0,76 | 12,38 | 11,12 | 10,41 | 10,23 | 7,63 | 12,40 | 11,88 | 11,34 |
| **Σ** | **1162** | **1318** | **1309** | **1439** | **1239** | **1134** | **1167** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда:** 1. ја чувствувам и како служба која се грижи за мене и мојот имот; 2. ја чувствувам како одговорен државен орган; 3. ја чувствувам како орган во служба на владејачката партија; 4. сметам дека повеќе и служи на државата, а за мене и граѓаните малку се грижи а; 5. не можам да оценам; Σ = вкупно испитаници што одговориле.

Во истражувањето беше понудено прашање со повеќе модалитети од кои од испитаниците беше побарано да се определат за еден од нив во кој доминантно ќе можат да го изразат ставот за тоа како ја чувствуваат полицијата. Дистрибуцијата на одговорите укажува дека најзачестена распределба е дека полицијата ја чувствуваат „како одговорен државен орган“. Распонот на одговорите се движи од 37,20 % во 2015 до 44,41 % во 2008 година. Во изминатите десет години, просечно по 41,05 % од испитаниците оценувале дека полицијата ја чувствуваат како одговорен државен орган ($\bar{x}$=41,05 %, σ=2,00; V=4,87 %).

Втората група одговори, според зачестеноста се оние кои оценуваат дека полицијата ја чувствуваат како орган кој се грижи за нив и нивниот имот. Распонот на одговорите се движи од 14,06 % во 2010 до 43,63 % во 2008 година. Просечно, секоја година, 22,04 % од испитаниците се определувале за оценката дека полицијата ја чувствуваат како орган кој се грижи за нив и нивниот имот ($\bar{x}$=22,04 %, σ=11,35; V=51,51 %). Бидејќи вредноста од 2008 година е нетипична и врши девијација на вкупниот просечен резултат, ако се погледнат податоците за периодот од 2009 до 2017 година, тогаш ќе може да се констатира дека во овие девет години, просечно, 19,64 % од испитаниците се определувале за ставот дека полицијата ја чувствуваат како служба која се грижи за нив и нивниот имот ($\bar{x}$=19,64 %, σ=8,96; V=45,61 %). Бидејќи и во оваа низа коефициентот на дисперзираност е висок тој податок треба да се третира илустрација.

Следна оценка според зачестеноста е оценката дека полицијата ја чувствуваат како државен орган кој повеќе се грижи за државата, а дека не се грижи за испитаникот како граѓанин и за граѓаните во целина. Распонот на одговорите е дисперзиран и се движи во рамките од 0,34 % во 2008 до 12,40 % во 2015 година ($\bar{x}$=14,93 %, σ=5,70; V=38,17 %). Ако се исклучат вредностите од 2008 година и продолжи анализата од 2009 до 2017 година, затоа што распонот на варијациите покажува похомогена целина, тогаш може да се констатира дека ($\bar{x}$=16,46 %, σ=3,17; V=19,25 %).

Нешто постабилни се структурите на одговорите дека полицијата ја чувствуваат како орган во служба на владејачката партија, дека распонот на одговорите се движи од 8,42 % во 2009 до 15,65 % во 2015 година. Просечно, секоја година во изминатите десет години, 13,13 % од испитаниците се изјасниле дека полицијата ја чувствуваат како орган во служба на владејачката политичка партија ($\bar{x}$=13,13 %, σ=2,38; V=18,14 %).

Со најслаб интензитет се пропорциите на одговорите „не можам да оценам“. Тие се движат во распонот од 0,34 % во 2008 до 12,38 % во

2010 година. Бидејќи вредностите на одговорите во 2008 и 2009 година се ниски и вршат посериозна девијација на средните показатели ($\bar{x}$=8,85 %, σ=4,58; V=51,82 %), за аналитички потреби ќе ги погледнеме резултатите од 2010 до 2017 година, кога покажуваат постабилни фреквенции. Може да се воочи дека во тој период просечно, годишно по 10,92 % од испитаниците се определувале за одговорот „не можам да оценам“ ($\bar{x}$=10,92 %, σ=1,56; V=14,28 %).

Од целината на податоците во оваа дистрибуција може да се констатира дека полицијата, меѓу испитаниците доминантно се конципира како служба која се грижи за испитаникот и неговиот имот, како одговорен државен орган и како орган кој е во служба на владејачката партија.

Чувството на безбедност, се поврзува со загрозеност. За овој концепт на загрозеност, (тие го употребуваат терминот „небезбедност“) се расправа во концептуалната шема на човековата безбедност. Тие сметаат дека поимот безбедност е претесен, и е насочен на заканите на државата и националната сувереност, па затоа во концептот го вклучуваат и поединецот и заедницата. Појавата на чувството на загрозеност (небезбедност), е предмет на разни истражувања, каде се проблематизира степенот на насилство и чувството на небезбедност. Меѓу поистакнатите и почесто споменувани се сознанијата на Џејмс Вилсон и Џорџ Келинг во „Искршени прозорци: полицијата и безбедноста на соседството“, каде во еден кварт во град во Соединетите Американски Држави, се анализира акумулацијата на „социјалниот“ неред (алкохолизам, банди, насилство на улиците, продажба на дрога и слично) и „просторниот“ неред (вандализам, напуштени објекти, отпадоци и слично). Таквите појави резултирале со зголемено чувство на несигурност и ги придвижила механизмите на неформална контрола. Тоа натаму влијаело на пазарот на недвижности, на губењето на конкурентската способност, животот во квартот станал небезбеден и го поттикнал иселувањето затоа што се зголемиле нередот и насилството. Чувството на безбедност е поврзано и со состојбата на поединецот. Тоа е поврзано со хиерархијата на човековите потреби (во науката нив ги вклучил психологот Абрахам Маслов). Таа се состои од пет групи: физиолошки, потреби за безбедност, за припадност, за уважување и потреба за самоостварување.

***Табела број 184. Дали се чувствувате безбеден/на во средината во која живеете и работите?***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 24,91 | 32,09 | 16,28 | 16,75 | 19,31 | 16,87 | 23,74 | 21,46 | 18,77 | 15,02 |
| 2. | 59,14 | 52,32 | 67,97 | 67,48 | 64,30 | 66,61 | 76,26 | 62,01 | 65,52 | 65,41 |
| 3. | 15,95 | 15,59 | 15,75 | 15,77 | 16,40 | 16,52 | 0,00 | 16,54 | 15,71 | 19,57 |
| **Σ.** | **1160** | **1315** | **1308** | **1439** | **1238** | **1132** | **1167** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда:** 1. не се чувствувам безбеден/а; 2. се чувствувам безбеден/а; 3. не можам да оценам; Σ = вкупно испитаници што одговориле.

Во изминатите десет години доминира ставот дека испитаниците учесници во истражувањата доминантно одговарале дека се чувствуваат безбедни во средината во која живеат. Пропорциите на одговорите се движат од 52,14 % во 2009 до 76,26 % во 2014 година. Просечно, секоја година, 64,70 % од испитаниците, или приближно две третини од нив, одговарале дека се чувствуваат безбедно во средината во која живеат ($\bar{x}$=64,70 %, σ=6,22; V=9,62 %).

Втората група на одговори се однесува на тие што се чувствуваат загрозени, односно небезбедни. Распонот на одговорите на оваа фреквенција се движи од 15,02 % во 2017 до 32,09 % во 2009 година. Просечно, секоја година, 20,03 % ($\bar{x}$=20,03 %, σ=5,28; V=26,37 %) одговарале дека не се чувствуваат безбедно.

И на крајот третата група одговори се однесува на модалитетот „не можам да оценам“. Распонот на одговорите на овој модалитет се движи од 15,59 % во 2009 до 19,57 % во 2017 година. Просечно, годишно 14,78 % ($\bar{x}$=14,78 %, σ=5,32; V=36,01 %) од испитаниците се определувале за одговорот „не можам да оценам“.

### *Чувството на безбедност низ перцепциите на граѓаните*

Ако се погледнат заедно оценките „не се чувствувам безбеден“ и „не можам да оценам“, тогаш може да се воочи дека тие се движат во распонот од 23,74 % во 2014 до 47,68 % во 2009 година. Просечно, годишно по 33,06 % ($\bar{x}$=33,06 %, σ=4,21; V=12,74 %) се определувале за овие два вида одговори.

Во натамошната анализа варираат одговорите што се условени од тоа дали и колку за чувството за безбедност придонесува полицијата.

***Табела број 185. Доколку се чувствувате безбеден/на во средината во која живеете и работите, дали за тоа придонесува полицијата?***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | **44,37** | **44,99** | **40,57** | **40,69** | **40,56** | **40,07** | **57,41** | **33,96** | **36,30** | **34,21** |
| 2. | 20,46 | 23,98 | 24,75 | 25,00 | 23,71 | 25,22 | 40,53 | 28,64 | 28,74 | 27,52 |
| 3. | 35,17 | 31,03 | 34,68 | 34,31 | 35,73 | 34,71 | 2,06 | 37,40 | 34,96 | 38,28 |
| **Σ** | **1163** | **1318** | **1309** | **1440** | **1240** | **1138** | **1167** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда:** 1. да; 2. не; 3. не можам да оценам; **Σ= вкупно** испитаници што одговориле.

Структурата на одговорите упатува на тоа дека испитаниците се определуваат доминантно за модалитетот „да“, но со нешто послаб интензитет е и модалитетот „не можам да оценам“. Одговорите кои имаат потврдна форма се движат во распонот од 33,96 % во 2015 до 57,41 % во 2014 година. Просечно, секоја година 40,97 % ($\bar{x}$=40,97 %, σ=7,11; V=17,35 %) од испитаниците се определуваат за одговор со кој констатираат дека за нивното чувство на безбедност придонесува и полицијата.

Втората група на одговори, според зачестеноста, се оние со модалитетот „не можам да оценам“. Тие се движат во распонот од 2,06 % во 2014 до 38,28 % во 2017 година. Просечно, секоја година 31,83 % ($\bar{x}$=31,83 %, σ=10,64; V=33,42 %) од испитаниците се изјаснувале со оценката „не можам да оценам“.

Најмалку фреквентна е оценката „не“. Имено, просечно 26,85 % ($\bar{x}$=26,85 %, σ=5,41; V=20,16 %) во изминатите години оцениле дека за нивното чувство на безбедност во местото каде што живеат нема придонес полицијата. Ако се погледнат одговорите во целина, ќе се утврди дека оценките дека нема придонес полицијата во нивното чувство на безбедност се движат во распонот од 20,46 % во 2008 до 40,53 % во 2014 година.

Ако заедно се погледнат одговорите „не“ и „не можам да оценам“ ќе констатираме дека распонот на оценките се движи од 42,59 % во 2014 до 66,04 % во 2015 година. Просечно, секоја година 59,53 % од испитаниците, ($\bar{x}$=33,06 %, σ=4,21; V=12,74 %), се определувале за еден од двата модалитета, односно дека нема и не можат да оценат дали полицијата придонела за нивното чувство на безбедност во местото, односно заедницата во која живеат.

Во целина од досегашната расправа неспорно е дека секој трети од десет испитаници, односно 32 од 100 испитаници експлицитно одговараат дека за нивната безбедност во заедницата во која живеат директно придонесува и полицијата, другите 68 испитаници се определуваат за некој од модалитетите - не придонесува или избегнуваат да одговорат приклонувајќи се на неутралната оценка.

Прашање кое создава претпоставки за одговор за содржината на определени прашања поврзани со оценките на испитаниците за полицијата и полицајците е и тоа дали имале контакт со полицијата.

***Табела број 186. Дали до сега сте имале контакт со полицијата?***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. да | 74,98 | 58,27 | 61,73 | 64,44 | 61,61 | 63,53 | 69,58 | 62,01 | 70,11 | 62,98 |
| 2. не | 25,02 | 41,73 | 38,27 | 35,56 | 38,39 | 36,47 | 30,42 | 37,99 | 29,89 | 37,02 |
| **Вкупно:** | **1163** | **1318** | **1309** | **1440** | **1240** | **1138** | **1167** | **1016** | **1044** | **1032** |

Доминантните одговори се потврдни. Тие се движат во распонот од 61,61 % во 2012 до 74,98 % во 2008 година. Просечно, секоја година 63,81 % од испитаниците се определувале за потврден одговор, односно дека имале контакт со полицијата ($\bar{x}$=63,81 %, σ=3,83; V=6,00 %).

Со негативен одговор се определиле просечно 35,07 % од испитаниците ($\bar{x}$=35,07 %, σ=5,05; V=14,40 %). Распонот на одговорите се движи од 25,02 % во 2008 до 41,73 % во 2009 година.

Од испитаниците беше побарано да одговорат како го оценуваат контактот со полицијата. Од целината на одговорите може да се констатира дека доминираат оценките дека контактот кој го имале со полицаецот бил професионален. Распонот на оценките се движи во рамките на 20,26 % во 2009 до 39,53 % во 2013 година. Просечно, секоја година по 29,56 % од испитаниците се определиле дека контактот со полицијата бил професионален ($\bar{x}$=29,56 %, σ=6,33; V=21,41 %).

***Табела број 187. Доколку сте имале контакт со полицијата, како го оценувате односот на полицискиот/те службеник/ци кон вас?***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 27,43 | 31,49 | 15,67 | 17,72 | 16,07 | 14,50 | 13,54 | 15,43 | 13,31 | 11,05 |
| 2. | 8,34 | 7,66 | 3,96 | 4,34 | 5,39 | 4,33 | 3,00 | 6,22 | 6,03 | 4,84 |
| 3. | **21,67** | **20,26** | **36,41** | **34,75** | **31,64** | **39,53** | **24,08** | **29,41** | **27,68** | **30,14** |
| 4. | 13,76 | 11,84 | 3,41 | 3,75 | 4,68 | 2,22 | 2,40 | 5,77 | 5,46 | 3,59 |
| 5. | 8,25 | 8,27 | 12,35 | 12,61 | 14,04 | 10,88 | 11,31 | 11,76 | 12,55 | 12,60 |
| 6. | 7,31 | 7,44 | 8,94 | 9,20 | 10,58 | 6,55 | 9,60 | 13,21 | 10,73 | 8,14 |
| 7. | 2,84 | 3,41 | 7,83 | 4,68 | 6,00 | 5,73 | 7,37 | 5,77 | 5,65 | 4,94 |
| 8. | 10,32 | 9,33 | 10,78 | 12,18 | 11,29 | 8,89 | 11,91 | 9,54 | 7,57 | 7,95 |
| 9. | 0,09 | 0,30 | 0,65 | 0,77 | 0,31 | 7,37 | 16,80 | 2,89 | 11,02 | 16,76 |
| **Σ** | **1163** | **1318** | **1085** | **1174** | **983** | **855** | **1167** | **901** | **1044** | **1032** |

**Легенда:** 1 љубезен; 2 хуман; 3 професионален; 4 етичен; 5 добронамерен; 6 незаинтересиран; 7 дрзок; 8 непрофесионален; 9 друго, што; **Σ** = вкупно испитаници што одговориле.

Втората група одговори според зачестеноста на одговорите е дека контактот со полицаецот бил љубезен. Распонот на оценките се движи од 11,05 % во 2017 до 27,43 % во 2008 година. Просечно, секоја

година 16,53 % од испитаниците контактот со полицаецот го оценуваат дека бил љубезен ($\bar{x}$=16,53 %, σ=5,92; V=35,84 %).

И третата оценка според зачестеноста се движи меѓу 8,25 % во 2008 до 14,04 % во 2012 година. Просечно, секоја година 12,26 % од испитаниците контактот со полицаецот го оценувале како добронамерен ($\bar{x}$=12,26 %, σ=0,97; V=7,89 %).

Оценките со негативна конотација се однесуваат на две карактеристики. Имено, просечно годишно, по 9,94 % од испитаниците оценуваат дека односот на полицаецот бил непрофесионален ($\bar{x}$=9,94 %, σ=1,68; V=16,94 %), потоа следуваат оценките дека бил незаинтересиран ($\bar{x}$=9,38 %, σ=1,98; V=21,17 %), непрофесионален ($\bar{x}$=5,71 %, σ=1,34; V=23,29 %) и хуман ($\bar{x}$=5,41 %, σ=1,67; V=30,94 %). На самиот крај со особено слаб интензитет е оценката етичен ($\bar{x}$=4,79 %, σ=2,91; V=60,78 %).

Може да се констатира дека во оценките на испитаниците за изминатите десет годни односот на полицаецот кон нив е оценет како професионален, љубезен и добронамерен. Другите оценки повеќе или помалку ги следат разликите но, доминантно не ги определуваат одговорите.

Следното прашање кое непосредно е поврзано со претходното е дали контактот што го имавте со полицијата придонесе да го промените ставот за полицијата? Одговорите на тоа прашање се дадени во продолжение.

***Табела број 188. Дали контактот што го имавте со полицијата, придонесе да го смените вашиот став за полицијата?***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1.да | 21,28 | 21,15 | 15,09 | 15,59 | 19,63 | 18,84 | 18,58 | 14,02 | 10,15 | 11,82 |
| 2.делумно да | 31,11 | 29,64 | 20,31 | 22,91 | 17,89 | 26,67 | 24,68 | 24,38 | 24,14 | 20,74 |
| 3.делумно не | 6,97 | 10,24 | 11,68 | 10,74 | 8,22 | 12,37 | 9,99 | 14,24 | 14,75 | 11,43 |
| 4.не | **23,85** | **25,73** | **36,21** | **33,49** | **36,07** | **30,08** | **30,97** | **23,09** | **36,59** | **26,45** |
| 5.не можам да оценам | 16,79 | 13,24 | 16,71 | 17,26 | 18,18 | 12,03 | 15,78 | 24,27 | 14,37 | 29,55 |
| **Вкупно :** | **1048** | **1201** | **1113** | **1257** | **1034** | **881** | **1001** | **927** | **1044** | **1032** |

**Легенда:** 1. да; 2. делумно да; 3. делумно не; .4 не; 5. не можам да оценам; Σ= вкупно испитаници што одговориле.

Зачестеноста на одговорите упатува на тоа дека испитаниците сметаат дека контактот со полицаецот не влијаел и не придонел тие да го сменат ставот за полицијата. Распонот на одговорите со одговор „не“ се движи од 23,09 % во 2015 до 36,59 % во 2016 година. Просечно,

секоја година 30,96 % од испитаниците одговараат дека контактот не придонел за нивниот став кон полицијата ($\bar{x}$=30,96 %, σ=5,03; V=16,24 %). Следниот одговор според зачестеноста е дека контактот со полицаецот делумно влијаел на испитаникот, тој да го промени ставот за полицијата. Пропорциите на одговорите се движат во распонот од 19,89 % во 2012 до 31,11 % во 2008 година. Просечно, секоја година, 25,25 % ($\bar{x}$=24,25 %, σ=4,11; V=16,97 %) од испитаниците одговарале дека контактот со полицаецот делумно влијаел на нив за да го променат ставот за полицијата.

И во оваа дистрибуција неопределените одговори се блиزу една петтина. Имено со „не можам да оценам" се движат пропорциите во распон од 14,37 % во 2016 до 29,55 % во 2017 година. Просечно, секоја година, 18,52 % од испитаниците ($\bar{x}$=18,52 %, σ=5,69; V=30,72 %) одговориле со „не можам да оценам".

Следната група според зачестеност се одговорите дека контактот со полицаецот влијаел на тоа испитаникот да го промени ставот за полицијата. Распонот на пропорциите се движи од 10,15 % во 2016 до 21,28 % во 2008 година. Просечно, секоја година, со потврден одговор одговарале 16,10 % од испитаниците ($\bar{x}$=16,10 %, σ=3,72; V=23,13 %), односно тврделе дека контактот со полицаецот влијаел тие да го променат ставот за полицијата.

Со најслаб интензитет се оценките искажани како „делумно не". Тие се движат во распонот од 6,97 % во 2008 до 14,75 % во 2016 година. Просечно, секоја година со оценката „делумно не" одговарале 11,06 % испитаници ($\bar{x}$=11,06 %, σ=2,42; V=21,88 %).

Ако се прегрупираат одговорите по сличност и се прикажат заедно одговорите „да" и „делумно да", односно „не" и „делумно не", тогаш ќе се добие дистрибуција која е прикажана во следната табела.

***Табела број 189. Дали контактот што го имавте со полицијата, придонесе да го смените вашиот став за полицијата?***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| да | 52,39 | 50,79 | 35,40 | 38,50 | 37,52 | 45,52 | 43,26 | 38,40 | 34,29 | 32,56 |
| не | **30,82** | **35,97** | **47,89** | **44,23** | **44,29** | **42,45** | **40,96** | **37,32** | **51,34** | **37,89** |
| нмо | 16,79 | 13,24 | 16,71 | 17,26 | 18,18 | 12,03 | 15,78 | 24,27 | 14,37 | 29,55 |
| Σ | **1048** | **1201** | **1113** | **1257** | **1034** | **881** | **1001** | **927** | **1044** | **1032** |

**Легенда: да** (да и делумно да); **не** (не и делумно не); **нмо** (не можам да оценам); **Σ**=вкупно испитаници што одговориле.

Податоците упатуваат на тоа дека одговорите кои имаат негативна конотација, односно кои тврдат дека контактот со

полицаецот не влијаел на испитаникот да го промени ставот за полицијата се зачестени. Тие се движат во распонот од 30,82 % во 2008 до 51,34 % во 2016 година. Просечно, годишно 43,30 % од испитаниците одговарале со „не“ или „делумно не“.

Нешто помал, но не така драматичен е бројот на испитаниците кои одговориле дека контактот со полицаецот не влијаел да го променат ставот за полицијата. Имено, распонот на одговорите се движи од 32,56 % во 2017 до 52,39 % во 2008 година. Просечно, годишно 38,18 % од испитаниците ($\bar{x}$=38,18 %, σ=4,39; V=11,49 %), одговарале со „да“ или „делумно да“, односно дека контактот со полицаецот влијаел на нив да го променат ставот за полицијата.

И на крајот од 2011 година на испитаниците им поставувавме прашање „дали се плашите“ и дополнителното „ако одговоривте со да од што?“.

***Табела број 190. Дали се плашите?***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. да | 22,56 | 28,07 | 15,36 | 22,19 | 30,61 | 24,90 | 21,61 |
| 2. не | **77,44** | **71,93** | **84,64** | **77,81** | **69,39** | **75,10** | **78,39** |
| **Вкупно:** | **1423** | **1222** | **1113** | **1149** | **1016** | **1044** | **1032** |

Овде се анализираат одговорите на првото прашање, затоа што дополнителното прашање беше од отворен тип и проблемот со групирањето на податоците е посебно прашање.

Доминираат одговорите на испитаниците дека не се плашат. Распонот на одговорите се движи од 69,39 % во 2015 до 84,64 % во 2013 година. Просечно, годишно 76,38 % од испитаниците одговарале дека не се плашат ($\bar{x}$=76,38 %, σ=4,39; V=6,45 %).

Одговорите со кои се тврди дека испитаникот се плаши се движат во распонот од 15,36 % во 2013 до 30,61 % во 2015 година. Просечно, 23,62 % од испитаниците ($\bar{x}$=23,62 %, σ=4,39; V=20,87 %), одговараат дека се плашат.

## Перцепциите на испитаниците за сообраќајната полиција

Во 2010 година во инструментот беа вклучени 7 прашања поврзани со работата на полицијата во безбедноста на патниот сообраќај.

Батеријата прашања започна со информативно прашање: Дали сте возач? Одговорите на испитаниците се дадени во продолжение.

***Табела број 191. Дали сте возач?***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. да | 64,07 | 61,51 | 60,87 | 64,18 | 62,53 | 59,74 | 62,26 | 61,05 |
| 2. не | 35,93 | 38,49 | 39,13 | 35,82 | 37,47 | 40,26 | 37,74 | 38,95 |
| **Вкупно :** | **1297** | **1434** | **1237** | **1097** | **1153** | **1016** | **1044** | **1032** |

Одговорите укажуваат дека мнозинството испитаници од 2010 до 2017 година потврдиле дека се возачи. Имено распонот на потврдните одговори се движи од 59,74 % во 2015 до 64,18 % во 2013 година. Просечно, годишно 62,03 % од испитаниците се изјаснувале потврдно, односно дека се возачи ($\bar{x}$=62,03 %, σ=1,55; V=2,50 %).

Со негативен одговор се просечно секоја година по 37,97 % од испитаниците ($\bar{x}$=37,97 %, σ=1,55; V=4,09 %). Распонот на потврдните одговори се движи од 35,82 % во 2013 до 40,26 % во 2016 година.

***Табела број 192. Дали, вие се чувствувате безбедно во патниот сообраќај?***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. да | 43,27 | 37,31 | 36,60 | 37,63 | 38,76 | 30,31 | 36,69 | 31,01 |
| 2. не | **19,61** | **43,97** | **45,10** | **44,25** | **38,06** | **47,64** | **44,16** | **47,87** |
| 3. не можам да оценам | 37,12 | 18,72 | 18,30 | 18,12 | 23,18 | 22,05 | 19,16 | 21,12 |
| **Вкупно :** | **1285** | **1426** | **1224** | **1087** | **1143** | **1016** | **1044** | **1032** |

На прашањето „Дали, вие се чувствувате безбедно во патниот сообраќај?“, потврдно одговараат, просечно, секоја година, по 41,33 % од испитаниците ($\bar{x}$=41,33 %, σ=9,28; V=22,45 %).

Втората група, според зачестеноста, одговори оценува дека се чувствува безбедно во патниот сообраќај. Распонот на оценките се движи од 31,01 % во 2017 до 43,27 % во 2010 година. Просечно, секоја година, 36,45 % одговарале дека се чувствуваат безбедно во патниот сообраќај ($\bar{x}$=36,97 %, σ=4,16; V=11,42 %).

И третата група, според зачестеноста, е со одговор „не можам да оценам“. Распонот на одговорите со овој модалитет се движи од 18,12 % во 2013 до 37,12 % во 2010 година. Просечно, секоја година 22,11 % од испитаниците се определувале за оценката „не можам да оценам“ ($\bar{x}$=22,22 %, σ=6,30; V=28,36 %).

И натаму во проценaта за загрозеност во патниот сообраќај на што се должи таквата оценка на испитаниците им беа понудени четири алтернативи. Во изборот на алтернативите испитаниците доминантно оцениле дека тоа е последица на патот како фактор, односно дека патиштата се во лоша состојба. Распонот на одговорите се движи од

34,30 % во 2017 до 48,76 % во 2011 година. Просечно, секоја година 42,52 % од испитаниците се определувале дека чувството за загрозеност во патниот сообраќај е последица на патот како фактор ($\bar{x}$=42,52 %, σ=5,62; V=13,22 %), односно патиштата се во лоша состојба.

***Табела број 193. Доколку одговоривте дека се чувствувате загрозено во патниот сообраќај, според ваше мислење, на што се должи таквиот став? Загрозеноста е последица на:***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | **41,76** | **48,76** | **41,74** | **48,73** | **44,90** | **45,34** | **34,67** | **34,30** |
| 2. | 23,98 | 23,61 | 29,49 | 21,95 | 24,64 | 26,50 | 22,41 | 18,90 |
| 3. | 9,19 | 11,57 | 10,46 | 17,00 | 11,65 | 10,75 | 8,62 | 9,11 |
| 4. | 25,07 | 16,06 | 18,31 | 12,32 | 18,81 | 17,41 | 34,29 | 37,69 |
| **Σ** | **1001** | **1046** | **841** | **706** | **824** | **902** | **1044** | **1032** |

**Легенда:** 1. патот како фактор (патиштата ни се во лоша состојба); 2 нема доволно сообраќајна контрола; 3. казнената реакција на судовите е слаба; 4. не можам да оценам; Σ=испитаници што одговориле.

Втора по зачестеност група на одговори се оние кои сметаат дека чувството на загрозеност во патниот сообраќај е последица на недоволната сообраќајна контрола. Одговорите за овој модалитет се движат во распонот од 18,90 % во 2017 до 29,49 % во 2012 година. Просечно, секоја година 23,93 % од испитаниците сметаат дека чувството на загрозеност во патниот сообраќај е последица на недоволната сообраќајна контрола ($\bar{x}$=23,93 %, σ=3,15; V=13,18 %).

Следната по ред оценка за чувството на загрозеност во патниот сообраќај е „не можам да оценам“. Просечно, секоја година 22,50 % од испитаниците се определуваат за оценката дека „не можат да оценат“ на што е последица чувството на загрозеност во патниот сообраќај ($\bar{x}$=22,50 %, σ=9,09; V=40,42 %). Ваквите ставови варираат од 12,32 % во 2012 до 37,69 % во 2017 година. Коефициентот на варијација покажува дека станува збор за серија која не е хомогена и дека интерпретацијата на средните вредности треба да се врши со внимание, односно да се погледнат похомогените целини во неа.

И на крајот е оценката - чувството за загрозеност во патниот сообраќај е последица на слабата казнена реакција на судовите. Имено, секоја година, просечно, 11,04 % одговарале дека чувството на загрозеност во патниот сообраќај е слабата казнена реакција на судовите ($\bar{x}$=11,04 %, σ=2,66; V=24,09 %). Распонот на пропорциите е со различен интензитет од година во година и се движи од 8,62 % во 2016 до 17,00 % во 2013 година.

Со следните неколку прашања се оценува сообраќајната полиција. Испитаниците беа замолени да го оценат придонесот на

сообраќајната полиција во безбедноста на патниот сообраќај, односно дали таа придонесува за овој вид на безбедност.

***Табела број 194. Според ваше мислење, дали сообраќајната полиција придонесува за безбедноста во патниот сообраќај?***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. придонесува | 63,09 | 58,62 | 60,52 | 62,17 | 61,03 | 54,13 | 54,89 | 52,13 |
| 2. не придонесува | 17,99 | 20,31 | 18,53 | 17,23 | 18,62 | 22,93 | 22,03 | 23,26 |
| 3. не знам | 18,92 | 21,07 | 20,95 | 20,60 | 20,34 | 22,93 | 23,08 | 24,61 |
| **Вкупно:** | **1295** | **1438** | **1236** | **1126** | **1160** | **1016** | **1044** | **1032** |

И резултатите укажуваат на тоа дека испитаниците одговориле позитивно на ова прашање. Распонот на пропорциите се движи од 51,13 % во 2017 до 63,09 % во 2010 година. Просечно, секоја година 58,32 % од испитаниците одговарале дека сообраќајната полиција придонесува за безбедноста во патниот сообраќај ($\bar{x}$=58,32 %, σ=4,10; V=7,02 %).

Просечно, секоја година една петтина од испитаниците имаат спротивно мислење ($\bar{x}$=20,11 %, σ=2,36; V=11,75 %). Имено, 20,11 % сметаат дека сообраќајната полиција не придонесувала за безбедноста во патниот сообраќај. Распонот на пропорциите од одговорите на овој модалитет се движат од 17,23 % во 2013 до 23,26 % во 2017 година.

Втора група на одговори, според степенот на зачестеност се оние кои одговараат со „не знам“. Просечно, секоја година 21,57 % одговарале дека не знаат дали сообраќајната полиција придонесува за безбедноста во патниот сообраќај ($\bar{x}$=21,57 %, σ=1,83; V=8,50 %). Распонот на пропорциите од одговорите на овој модалитет се движат од 18,92 % во 2010 до 24,61 % во 2017 година.

Овде посебно внимание заслужуваат одговорите „не придонесува“ и „не знам“. Логично е да очекувате одговор за безбедноста во патниот сообраќај и улогата на сообраќајната полиција. Бидејќи не е развиена батеријата прашања за да се расветлат определени аспекти на прашањето, сепак, посредно претпоставките ќе ги градиме преку анализата на другите прашања, како што е, на пример, следното прашање во кое од испитаниците се бара да го оценат угледот на сообраќајната полиција со оценка од слаб до одличен .

***Табела број*** 17. ***Ако побараме да го оцените угледот на сообраќајната полиција со која оценка би го оцениле:***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. одличен | 5,65 | 7,04 | 5,17 | 8,36 | 6,56 | 4,04 | 6,80 | 6,49 |
| 2. многу добар | 20,73 | 18,47 | 18,58 | 17,96 | 18,98 | 18,41 | 18,97 | 16,67 |
| 3. добар | **38,28** | **36,93** | **40,23** | **42,58** | **39,34** | **39,37** | **34,58** | **35,08** |
| 4. доволен | 12,14 | 15,40 | 14,30 | 14,84 | 14,15 | 15,06 | 16,67 | 18,02 |
| 5. слабо | 13,92 | 14,01 | 12,52 | 9,96 | 12,68 | 14,47 | 15,04 | 14,63 |
| 6. не можам да оценам | 9,28 | 8,15 | 9,21 | 6,31 | 8,28 | 8,66 | 7,95 | 9,11 |
| **Вкупно :** | **1293** | **1435** | **1238** | **1125** | **1159** | **1016** | **1044** | **1032** |

Што покажуваат оценките на испитаниците? Во изминатите осум години средната оценка за угледот на сообраќајната полиција е добар. Оценето со ученички оценки „добар три“. Имено, оваа оценка има најзачестен просечен одговор кој се движи во распон од 34,58 % во 2016 до 42,58 % во 2013 година. Секоја година, просечно 38,30 % од испитаниците го оценувале угледот на сообраќајната полиција со оценка „добар“ ($\bar{x}$=38,30 %, σ=2,68; V=7,00 %).

Втора оценка, според зачестеноста, е „многу добар“. Значи угледот на сообраќајната полиција е оценет со оценка „многу добар“. Одговорите за таа оценка се движат во распонот од 16,67 % во 2017 до 20,73 % во 2010 година. Просечно, секоја година 18,59 % од испитаниците угледот на сообраќајната полиција го оценувале со оценка „многу добар“ ($\bar{x}$=18,59 %, σ=1,13; V=6,10 %).

Трета оценка, според зачестеноста, е „доволен“. Одговорите се движат во рамките на распонот од 12,14 % во 2010 до 18,02 % во 2017 година. Просечно, секоја година 15,07 % од испитаниците го оценувале угледот на сообраќајната полиција со оценка „доволен“ ($\bar{x}$=15,07 %, σ=1,75; V=11,61 %).

Следна оценка, според зачестеноста, е „слабо“. Распонот на одговорите на оваа оценка се движат од 9,96 % во 2013 до 15,04 % во 2016 година. Просечно, секоја година 13,40 % од испитаниците се изјаснувале дека угледот на сообраќајната полиција може да се оцени со оценката „слабо“ ($\bar{x}$=13,40 %, σ=1,65; V=12,34 %).

Претпоследна оценка, според зачестеноста, е „не можам да оценам“. Таа се движи во распонот од 6,31 % во 2013 до 9,28 % во 2010 година. Секоја година, просечно, по 8,37 % од испитаниците се определувале за оценката „не можам да оценам“ ($\bar{x}$=8,37 %, σ=0,97; V=11,63 %).

И најмалку застапена е оценката „одличен“. Таа се движи во рамките на распонот од 4,04 % во 2015 до 8,36 % во 2013 година.

Просечно, секоја година 6,26 % од испитаниците го оценувале угледот на сообраќајната полиција со оценката „одличен“ ($\bar{x}$=6,26 %, σ=1,31; V=20,86 %).

***Табела број* 18. *Ве молиме да ни одговорите, како ја чувствувате сообраќајната полиција?***

| | Години во кои е спроведено истражувањето | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| 1. | 13,00 | 12,94 | 10,31 | 9,92 | 11,68 | 12,30 | 11,02 | 13,95 |
| 2. | **39,63** | **38,69** | **40,91** | **45,22** | **40,92** | **36,91** | **36,88** | **35,37** |
| 3. | 7,97 | 5,08 | 5,36 | 4,74 | 5,80 | 5,81 | 8,33 | 6,01 |
| 4. | 15,94 | 17,26 | 16,07 | 18,05 | 16,78 | 20,37 | 16,19 | 15,21 |
| 5. | 7,66 | 5,57 | 7,31 | 5,00 | 6,40 | 5,12 | 6,03 | 9,30 |
| 6. | 15,79 | 20,46 | 20,05 | 17,07 | 18,43 | 19,49 | 21,55 | 20,16 |
| **Σ** | **1292** | **1437** | **1232** | **1119** | **1156** | **1016** | **1044** | **1032** |

**Легенда:** 1. како служба што се грижи само за државата; 2. како служба што се грижи за сите граѓани; 3. како служба што се грижи само за политичарите; 4. како служба која нѐ малтретира и наплаќа казни на патиштата; 5. како служба без моќ; 6. не можам да оценам; Σ= вкупно испитаници што одговориле.

Доминантната оценка на испитаниците е дека сообраќајната полиција ја чувствуваат како служба што се грижи за сите граѓани. Пропорциите на одговорите се движат од 35,37 % во 2017 до 45,22 % во 2013 година. Просечно, секоја година 39,32 % од испитаниците одговарале дека сообраќајната полиција ја чувствуваат како служба што се грижи за сите граѓани ($\bar{x}$=39,32 %, σ=3,11; V=7,91 %).

Втората група на одговори, според зачестеноста, е одговорот „не можам да оценам“. Пропорциите на одговорите на оценката „не можам да оценам“ се движат од 15,79 % во 2010 до 21,55 % во 2016 година. Секоја година, просечно, по 19,12 % од испитаниците одговарале дека „не можат да оценат“ како ја чувствуваат сообраќајната полиција ($\bar{x}$=19,12 %, σ=1,91; V=9,99 %).

Трета по ред, според зачестеноста, е оценката дека сообраќајната полиција ја чувствуваат како служба која ги малтретира испитаниците и наплаќа казни на патиштата. Распонот на пропорциите на оценките од година во година се движи од 15,21 % во 2017 година до 20,37 % во 2015 година. Секоја година, просечно, 16,99 % од испитаниците оценуваат дека сообраќајната полиција ја чувствуваат како служба што ги малтретира и им наплаќа казни по патиштата ($\bar{x}$=16,99 %, σ=1,32; V=9,55 %).

Четврта по ред оценка, според зачестеноста на одговорите, е дека сообраќајната полиција ја чувствуваат како служба што се грижи само за државата. Распонот на одговорите по оваа оценка се движи од 9,22 % во 2013 до 13,95 % во 2017 година. Просечно, годишно, со

оценката дека сообраќајната полиција ја чувствуваат како служба која се грижи само за државата, одговориле 11,89 % од испитаниците ($\bar{x}$=11,89 %, σ=1,41; V=11,88 %).

Последните две оценки имаат блиски вредности. Претпоследната оценка има просечна вредност од 6,55 %, односно значи дека просечно годишно толкав број на испитаници оценувале дека сообраќајната полиција ја чувствува како служба без моќ ($\bar{x}$=6,55 %, σ=1,47; V=22,41 %). И на крајот со најниска просечна зачестеност од 6,14 % е оценката на испитаниците дека сообраќајната полиција ја чувствуваат како служба која се грижи само за политичарите ($\bar{x}$=6,14 %, σ=1,32; V=21,44 %).

Врз основа на досегашното излагање можеме да констатираме дека оценките за угледот, чувството кон сообраќајната полиција е слоевит и дека оценките кои на еден или друг начин ги изразуваат емпириските искуства на испитаниците, но тие можат да се набљудуваат и како индикатор за начинот на кој оваа служба ја извршува доверената задача и каков е повратниот импакт од општеството кон неа. Иако доминантните оценки на нешто повеќе од една третина, до речиси половина во одделни години, покажуваат дека во основа граѓаните кон овој дел од полицијата имаат позитивни оценки или со наклонетост зборуваат за нив. На таквата перцепција, влијаат и определен број на активности насочени кон информирањето на граѓаните за состојбите во сообраќајот, за тешкотиите и предизвиците кои стојат пред возачите, како и за тоа дека се организирана служба и состав кој применува определени дејства во функција на подобрување на сообраќајот и сообраќајната култура во целина.

Но, од целината на оценките може да се констатира дека една петтина од нив не се изјаснува, односно ја прифаќа опцијата „не можам да оценам“. Нешто помал процент се оценките дека таа е служба која ги малтретира испитаниците, односно како таква и во функција на државата и нејзината моќ, се до тврдењата дека таа е служба без реална моќ.

Ваквата изнијансираност на оценките може да се доведе во корелација со фактот дека станува збор за состав на полицијата кој е највидлив и најчесто во допир со граѓаните и нивните искуства за почитувањето на редот и правилата во сообраќајот.

# ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕПОРАКИ

Предмет на интерес во ова повеќегодишно истражување е перцепцијата за односот меѓу полицијата и граѓаните, посебно во заедницата во која таа функционира како орган на власта, како орган на социјална контрола и како сервис на граѓаните. Полицијата во овој научноистражувачки проект претставен во Монографијата се третира, од аспект на ставовите на граѓаните, како елемент на јавно мислење.

Во најголемиот дел од истражувањата доминира ставот со кој се нагласува дека појавите на кражбите и грабежите ја зајакнуваат свеста дека системот е недоволно организиран, и тие појави влијаат на степенот на криминализираност во македонското општество.

Односот токму на организираното општество кон вредностите и степенот на нивна заштита е еден од индикаторите преку кои се оценува капацитетот на институциите, но е и фактор за присуство на страв кај граѓаните.

Истражувањето е така конципирано и реализирано, што ги опфаќа сите делови на Република Македонија и се постигнува приближен број на испитаници од сите делови, од град и село. Регионалната дистрибуција на испитаниците според планскиот регион, општина, вид на населено место на живеење, пол, возраст, национална (етничка), верска и образовна специфичност на населението создава претпоставки за изведување на заклучоци кои со особена внимателност обезбедуваат солидна основа за изведување на констатации и препораки кои би се однесувале на вкупната популација и може да се изведуваат заклучоци и констатации кои имаат соодветна емпириска сигурност.

Согледување на карактеристиките и специфичностите на перцепциите за социопатолошките појави и нивниот придонес за градење на претстава за криминализираноста на општеството.

Од истражувачките резултати може да се воочат тенденциите дека отсуствува подготвеноста на граѓаните, генерално, да соработуваат со полицијата, посебно за благовремено известување на полицијата во случаи на нешто сомнително, со цел да дадат потребни информации на полицијата, како и подготвеноста на самите граѓани да преземат мерки за личната безбедност и сигурноста на својот имот.

Инаку мислењето за коректниот однос на полицијата кон граѓаните се гради врз основа на влијанието на културните традиции, правната свест и капацитетот на институциите на власта, начинот на остварување на функциите и др.

Критиките на јавноста кон полицијата, односно кон начинот на остварување на полициската функција во општеството е во функција на јакнење на односите со заедницата.

Криминалитетот претставува сложен општествен проблем кој е предмет на спречување, гонење и решавање на бројни институции. Него, одделно, не може го реши ниту една општествена институција сама по себе. Затоа е потребна организирана, координирана и синхронизирана активност. Се поставува прашањето, Кој сѐ е одговорен за сузбивањето на криминалитетот во општеството? За жал, традиционалниот пристап за контрола на криминалитетот ги става на рацете на полицијата сите напори наменети за сузбивањето на криминалитетот . На тој начин на полицијата и се наметна улогата на „борец против криминалот", па така, статистиката за криминалитетот се наметна како основно мерило за нејзиниот успех и ефикасност.

Филозофијата на работа според моделот coomunity policing во сузбивањето на криминалитетот бара да се пристапи со вложување на разумни напори, а не полицијата да се става во ситуација на преземање на мерки кои потоа не ги даваат очекуваните резултати. За таа цел, според овој концепт, полицијата пристапува кон криминалитетоттака што тој голем проблем го подели на помали делови со кои полесно ќе се соочи. Полициските службеници на тој начин стануваат одговорни за помали подрачја и проекти. На тој начин можно е полесно да се воочат проблематичните места, ситуации и личности. Освен тоа, така ќе можат да се преземат мерки насочени кон решавање на проблеми кои полесно се воочуваат од целокупната активност кон сузбивањето на криминалитетот.

Во склоп на ваквата концепција, полициските службеници работат со граѓаните, а не против нив. Тие развиваат меѓучовечки односи, и така ја придобиваат довербата на јавноста, на лично и на организациско ниво. Всушност, довербата на граѓаните во конкретниот полициски службеник за нив значи, истовремено, и доверба во целокупната полициска организација.

Како што полициските службеници успеваат да ги воочат и решат или иницираат решавање на општествените проблеми, така криминогените фактори губат во својата сила. Кумулативниот придонес во подобрувањето на квалитетот на животот во заедницата ја намалува големината на криминалот. Интересно е дека тој начин исклучува големи „акции во борба против криминалот", полицијата станува поефикасен „борец против криминалот".

Статистичките извештаи во изминатите 10 години зборуваат дека сторителите на кривични дела против имотот на Република Македонија, бележи тенденција на задржување на нивото на учество до

42,70 % во 2013 година. Станува збор за високо учество на овој вид на криминалитет во заедницата, што повеќе или помалку зборува за институционалниот капацитет за негово превенирање, спречување и сузбивање.

Малолетничката деликвенција влијае и е еден од факторите на сликата за степенот на криминализираност на заедницата и тој степен на согледување се движи речиси од две третини (65 %) во 2009 речиси до четири петтини (77,28 %) во 2012 година.

Од анализата на резултатите може да се согледа како граѓаните го перципираат проблемот со неовластеното пуштање во промет на наркотични дроги и психотропни супстанци. Се констатира дека од 100 испитаници 81 сметаат дека растурањето на дрога влијае на нивото на криминализираност на заедницата, со што се укажува на штетноста на оваа појава и нејзиното ширење, посебно меѓу младите. Овие податоци говорат и дека нема општествена организираност и добри резултати на полицијата во борбата против наркоманијата.

Испитаниците сметаат дека појавата на асоцијално поведение поврзано со консумирање алкохол, гласна музика и викотници не влијаат врз криминализараноста на општеството. Криминалот најчесто е поврзан со капацитетот на институциите и на интегритетот на вработените во институциите задолжени за справување со законите.

Процесот на изградба на правниот поредок и професионализација на институциите, кај мнозинството граѓани создава претпоставка за успешно справување со криминалот. Оттука, се наметнува потребата од општествена акција со зголемен опфат на содржини и програми за превенирање на појавите на социјално и друго девијантно поведение во функција на зајакнување на контролните и превентивни активности.

Според дадените одговори може да се оцени дека испитаниците доминантно сметаат дека појавата на проституција и трговија со луѓе многу влијае на претставата за криминализираност на општеството. Овој став е индикатор кој укажува дека заедницата сериозно е заплисната од оваа појава, со што се укажува од потребата од институционален одговор за овие појави.

Несомнено е дека просјачењето или питачењето, од друга страна, е сериозен социјален проблем, но од аспект на јавниот ред и мир тој е обврска на органите и телата на јавниот лик на заедницата. Врз основа на емпириските резултати може да се изведе заклучок дека питачењето на јавни места е манифестен облик дека е влошена економската и социјалната положба на еден дел од населението. Но, исто така, ова треба да се набљудува низ призмата на одговорност и

ефикасност на социјалните и други служби за сузбивање на асоцијалните појави во општеството.

Од резултатите во истражувањето може да се воочи дека граѓаните имаат општа претстава дека се толерира непочитувањето на законите и тоа може да биде индикатор за претставата на криминализираноста на општеството. Во општата претстава на испитаниците доминираат перцепциите дека во заедницата постои завидлив степен на толерирање на појавите на спроведувањето на законите, што говори за капацитетот на институциите, примена на стандардите, но и за општественото сознание дека институциите се свртени кон определени интереси, изразени низ оценки на партизација, недоволна ефикасност на контролните механизми и создавање на атмосфера на заштитени посебни интереси, особено на носители на функции кои имаат витално значење за општествениот развиток.

Податоците презентирани во првата глава од ова истражување укажуваат дека 73% од испитаниците изразиле потврден став дека појавата на негонење на крупните криминалци е основа за јакнење на перцепциите за степенот на корумпираност во заедницата. Инаку, може да се извлече генерален заклучок дека „големата слика“ за криминализираноста се гради врз основа на мали, секојдневни и чести појави, што укажува и проблематизира дали во опсегот на полициските задолженија се вклучуваат содржини кои ниту по форма, ниту по значење можат да се нивна надлежност.

Според испитаниците, македонското општество, пред сѐ, поради неговата бирократизација, се карактеризира со појава на индивидуална, но и институционална анемија - општествените институции и служби се партизирани, троми и гломазни, оддалечувајќи се од своите корисници и постојат сами за себе.

Граѓаните како најголем проблем во своето животно опкружување ја посочуваат субјективната несигурност, различните нарушувања во однесувањето, неефикасносна на комуналниот и јавен ред, оштетувањето и уништувањето на јавниот имот. Овие незаконски дејства се на дното на листата на традиционалните полициски приоритети, додека рангирањето на проблемите е различно од град во град, од регион до регион. Испитаниците се на став дека се омаловажуваат проблемите на терен како и прашањата за јавниот ред и мир и девијантните однесувања. Изнесен е став, кој е генерален впечаток кај најголемиот дел од испитаниците, дека постојат квартови во кои се случуваат тешки казниви дела, а во нив се толерира работењето на угостителските објекти до доцна, се толерира точењето алкохол на малолетни лица, има улични трки и други облици на беззаконие.

Покрај ангажманот на полицијата потребен е ангажман на целата општествена заедница во непосредна директна акција. Главна одлика на современото полициско работење е идејата дека полицијата и граѓаните треба да работат на остварување на заеднички цели - безбедна заедница и сигурен живот на населението.

Во полициските постапки останувaат одреден број на дејства и содржини што не се доволно убедливи и не зборуваат за професионалниот статус и пристап на полицијата. Оваа перцепција граѓаните ја имаат изградено врз основа на медиумската презентација на настаните, но и на недоволно јасниот и транспарентен однос на полицијата и полициските структури кон јавноста. За одбележување е податокот дека просечно 30 % од испитаниците во изминатите десет години биле со став дека полицијата ги апси само оние што не се блиски до владејачката партија. Овие перцепции произлегуваат од комплексот на правни и морални обврски и одговорности на полицијата во поглед на правилното извршување на нејзините задачи и со доследно почитување на човечкото достоинство и респектирање на сите граѓани и нивните слободи и права.

Висок процент од испитаниците од 89 % сметаат дека криминалот е сериозен проблем, и оттука повеќе од 49 % се изјасниле дека основна обврска на полицијата е да го спречува криминалот. Веднаш потоа во просек околу 85 % од испитаниците, како граѓани, очекуваат помош од полицијата, таа да постапува еднакво кон сите граѓани. Содржината на прашањата, според кои, Дали полицијата се однесува со почит кон граѓаните, ставовите се поделени, но доминантната оценка е неповолна, што претставува потреба од натамошни согледувања на кои подрачја и во кои ситуации граѓаните ја градат негативната слика за полицијата.

Дистрибуцијата на одговори на неколку прашања за ликот на полицијата кај граѓаните укажува на тоа дека општата јавност, односно граѓаните покажуваат одредена воздржаност околу оценувањето на подготвеноста на полицијата да комуницира со нив. Тоа имплицира дека тие не биле во ситуација да комуницираат со полицијата, потоа дека нема доволно полицајци на терен.

Како реакција на појавите на однесување на поединци во полициските редови, кое е надвор од очекувањата на граѓаните, направено е тестирање на степенот на согласност на испитаниците со ставот „Во полицијата има поединци кои никогаш не би требало да работат како полицајци“. Резултатите покажуваат дека доминираат одговори со „потполно се согласувам“. Овој заклучок може да произлегува и од големиот прилив на кадри во униформираната полиција, како и намалената примена на критериумите, како и на

другите странични влијанија, со што се создава перцепција дека во полициската организација се вклучени поединци на кои не им е местото таму, односно ниту според знаењата, социјалната адаптираност и културните обрасци припаѓаат на дадената средина.

Единицата за борба против уличниот криминал (реорганизирана како Единица против криминалот) предизвикува различни реакции и оценки кај испитаниците со што се доведува во прашање нејзината автономност, но и изворна функција за која е формирана.

Улогата на медиумите е значајна во подобрувањето на односите меѓу полицијата и јавноста и од податоците може да се констатира дека испитаниците во значителна мера се согласуваат со оценката дека медиумите имаат подобрена практика во односите со полицијата. Јакнење на чувството на безбедност кај граѓаните, преку афирмација на начелото на јавност во работата, при што составен дел се нагласува дека треба да биде отчетноста преку ефективни и ефикасни инструменти на внатрешен и надворешен надзор, како и негување на транспарентноста и партнерствата за соработка помеѓу полицијата и граѓаните.

Од анализата на податоците произлегува заклучокот дека повеќе од 41,05 % од испитаниците во изминатите десет години се изјасниле дека полицијата ја чувствуваат како одговорен државен орган, од тоа 14 % дека повеќе води грижа за државата отколку за граѓаните, 13 % дека полицијата е орган во служба на владејачката партија и 8,95 % дека не може да оценат. Испитаниците покажуваат висок степен на воздржаност во градењето на оценка за полицаецот на сопственото место на живеење.

Генерален заклучок за впечатокот на граѓаните и работата на полицијата во нивната заедница е дека полицијата одговара на нивните барања во местото на живеење. Тие се согласуваат дека таа грижа е најизразена кога станува збор за упатените повици кон полицијата, најчесто институционализирани во полициската станица и преку давањето на определени услуги, кои се однесуваат на задоволување на граѓаните поврзани со издавање на документи.

Воедно, можеме да констатираме дека граѓаните не се плашат да пријават криминал во полицијата во периодот од 2011 до 2017 година каде бележи зголемување, но не е на задоволително високо ниво пријавувањето на корупција во редовите на полицијата од страна на граѓаните.

Од целината на презентираните податоци може да се истакне дека концептот полиција во заедницата е прашање кое повеќе или помалку е во концептите и стратешките документи. Но јавноста нема

доволно јасни погледи за овој концепт и прибегнува на одговори кои се неутрални.

Доколку ги групираме податоците со негативна и позитивна конотација тогаш ќе може да се воочи дека во периодот од 2009 до 2017 година кај испитаниците постои благ пораст на несогласувањето со ставот дека полицијата во изминатите девет години прави напори да му помогне на населението. Ваквите одговори инклинираат кон тврдењето дека полицијата не вложува напори да му помогне на населението. Граѓаните доминантно изразиле несогласување во одговорите дека не е точно тврдењето дека во нивното место постои т.н. советодавна група на граѓани и дека тие не можат да ги изнесат своите забелешки. За конкретната советодавна група на граѓани, патем споменатите граѓани не знаат дека постои.

Во истражувањето граѓаните беа запрашани дали според нив реформите во полицијата се движат во правилна насока и се приближуваат кон „европските полициски стандарди" од 2015 година наваму нивниот процент се зголемува, односно сè повеќе испитаници сметаат дека реформата во полицијата не се одвива во согласност со европските стандарди.

Во однос на соработката ставот на граѓаните кој во најголемиот дел го поддржуваат испитаниците и дека полицијата треба повеќе да се потпира на можностите на граѓаните кои живеат во секоја од општините. Концептот на полициско работење во соработка со заедницата го прифаќа фактот дека полицијата не може да ги реши проблемите со криминалот и јавниот ред и мир, на реактивен начин.

Став кој има особено позитивна оценка од испитаниците е дека полицијата не смее да поттикнува или толерира чин на тортура, мачење, нечовечно или понижувачко постапување или казнување. Меѓу испитаниците постои определен облик на сознанија и знаења за надлежностите на полицијата и можноста таа да може да употреби сила.

Од изложените податоци може да се констатира дека кај испитаниците во изминатите десет години доминираат позитивните оценки, според кои полицијата е должна да го почитува правото на приватност и лично достоинство.

Во врска со справувањето со формите на корупција во рамките на полицијата одговорите упатуваат на повеќе претпоставки. Несомнено е дека една третина од испитаниците смета дека полицијата успешно се справува со корупцијата во сопствените редови. Нешто повеќе од една третина не се согласува со ваквите претпоставки, што инклинира нови прашања. Прво, дека полицијата повеќе е ориентирана кон создавањето на претстава дека „ефикасно" ја гони корупцијата и

коруптивните дејанија, дека стварноста кон себе не е прашање кое посебно се третира и трето, дека тоа, сепак, за испитаниците е табу - тема. На таква претпоставка упатуваат речиси една третина од одговорите кои се определиле да го избегнат одговорот.

Во истражувањето од последните 10 години со поголем или помал интензитет присутни се ставови и свест дека во постапките на полицијата се препознава селективност и дека таа служи на партиите на власт и ги апси само оние кои не се блиски до неа.

Во однос на стратегиите и прифатливите политики се нагласува дека најприфатлива е програмата поврзана со злоупотребата на дрога, особено меѓу младите. Воедно програмите за превенирање на семејното насилство, за заштита на жртвите од трговија со луѓе, користење на оружје и за безбедноста на сообраќајот се содржини кои би ги мотивирале да се вклучат и да придонесуваат за зголемување на безбедноста на граѓаните и заедницата.

Полицијата е ориентирана кон постигнување на индивидуална безбедност на граѓаните, општеството, економијата и заштитата на самата држава. Различната природа на секое општество создава потреба за развој на различни рамки и поставува барање за флексибилен модел на работата на полицијата со заедницата за да се справи со криминалот во сите негови форми, јавниот ред и безбедносните барања. Работата на полицијата во заедницата воведува пристап што промовира превенција и криминалистичко истражување преку партнерство помеѓу полицијата и заедницата и негување на заедничка доверба. Работата на полицијата во заедницата вклучува пристап кој е прагматичен, превентивен и работата на полицијата е насочена кон проблемите преку вклучувањето и развојот на надворешни партнерства со членови и групи од заедницата. Понатаму, работата на полицијата со заедницата треба да се насочи кон организациска промена и реформа што треба да се случи во полициската служба, а тоа е во организациска структура, децентрализирано носење на одлуки, обука и промовирање на работата на полицијата водена од информации.

Важно е да се потсети дека од кога е основана првата полициска служба во светот од страна на Роберт Пил во септември 1829 година па досега начелата на полицијата се останати исти, во целост непроменети. Тие се потврдени и во резултатите презентирани претходно:

- Да се спречи криминал;
- Да се откријат прекршителите кои сториле криминал; и
- Да се одржи мирот и редот во рамките на заедницата.

Традиционалната филозофија на работата на полицијата се има поместено нанапред, особено резултирале во пристапот со широк спектар во работата на полицијата со заедницата што се базира на партнерство и споделување информации.

Постојат многу различни аспекти на дејствување во модерните пристапи во работата на полицијата со заедницата. Фундаментално за развојот е тоа што полицијата треба да го преземе првиот чекор во интеракција со граѓаните. На таков начин, полицијата ќе стане дел од заедницата и заедницата ќе стане дел од полицијата – интегриран пристап на партнерство во работата на полицијата. Работата на полицијата е стратешка, организациска филозофија која промовира активности на база на партнерство и соработка помеѓу заедницата и полицијата за да се зголеми ефикасноста и ефективноста во спречување на криминално однесување/јавен неред и идентификација на извршителите на криминал со што ќе се подобри квалитетот на животот на сите граѓани.

Важно е да се забележи дека главните активности коишто се преземаат од страна на полициските службеници за работа со заедницата се многу пошироки од она што најчесто се мисли. Следнава листа на полиња на фокус ги претставува главните, но не и сите полиња кои се покриени од страна на работата на полицијата со заедницата потврдено од страна на мислењето на граѓаните во испитувањето на јавното мислење кое е повод за објавување на оваа Монографија:

- Безбедност во заедницата;
- Корупција;
- Судир на интереси;
- Криминал од омраза;
- Работа на полицијата ориентирана на решавањето проблеми;
- Културолошка разнообразност и проблеми поврзани со половите;
- Разнообразност во работењето на полицијата;
- Работата на полицијата како интегрален дел од работата на полицијата водена од информација;

Како заклучок од истражувачките резултати следниве промени, исто така, треба да се земат превид:

- Собирање информации;
- Домашно насилство;
- Злоупотреба на деца;
- Злонамерно однесување;

- Идентификација на „критични места“ за нарушување на јавниот ред;
- Сообраќајно управување.

Постои мало сомневање дека моменталниот модел за работата на полицијата со заедницата не е целосно развиен ниту, пак, е имплементиран низ целата земја. Локалните органи за консултација не се целосно ефикасни и треба да имаат заеднички добро структуриран пристап за да се развие работата на полицијата со заедницата. Полициската служба мора да посвети посебно внимание на развојот на работата на полицијата со заедницата. Навистина, методите за решавање на проблемите и работата на полицијата со одобрение, особено ова второво, се важни доколку постои желба полицијата да се доближи до граѓанското општество.

Начинот на пристап кон целите за безбедност во поглед на јавната безбедност, спречување на криминал, заштита на економската структура на земјата и превенција од тероризам против државата е да се исполнат очекувањата на граѓаните за безбедноста. Исто така, треба да нуди нови насоки во поглед на имплементацијата и развојот на постојните форми на соработка помеѓу полицијата и граѓаните, заедницата и институциите и цели кон подобрување во сите аспекти на активности кои се изведуваат под закрила на работата на полицијата со заедницата.

Модерниот концепт на работата на полицијата со заедницата промовира принцип со поголемо учество на граѓаните и заедницата во носењето на одлуки на полицијата и оценување на изведбата за да се постигнат побезбедни заедници. Не само што ги препознава законските грижи на заедницата туку ја препознава и потребната транспарентност која и е потребна на полицијата во постигнување на своите цели. Фундаментално за успех е полицијата да ги опфати барањата за промена и реформи во нејзината организација и структура. Оттука, обуката е неопходен елемент во подготовка на службениците да бидат ефикасни во исполнувањето на нивните задачи, за што говорат неколку пати граѓаните одговарајќи на дел од поставените прашања во последните години од истражувањето.

На Криминалистичката полиција, исто така, треба да се гледа како на составен дел од работата на полицијата со заедницата. Самата природа на нивните активности ги доведува до директен контакт со членови од заедницата создавајќи можности да се обработат изворите на информација. На сите делови од работата на полицијата треба да се гледа како на партнери под закрила на работата на полицијата со заедницата. Тие се клучни елементи за осигурување на стабилност во

рамките на општеството преку партнерска соработка со заедниците. Ваквиот пристап, нормално, го зголемува јавното сознание кое, пак, го зголемува бројот на вредни информации за полицијата во идентификување на проблематичните области и давање на времени солуции. Добро е познато дека полицијата не е единствената институција што е одговорна за превенција и борба против криминалот. Нејзината мисија не може самата да се исполни. Интеракција со други институции, фактори и други заинтересирани групи, вклучувајќи ја и јавноста, е важна за исполнување на мисијата. Зголемената доверба, соработка и знаење дека нивната информација ќе се земе за сериозна ќе помогне во целосниот концепт за безбедноста на заедницата.

Сепак, според искажаните мислења на граѓаните потребна е :

- Значителна промена во однесувањето на полицијата;
- Создавање на модерен пристап за „промена во управување и реформа“ вклучувајќи ја и подготвеноста за промена, што ќе биде од големо значење за напредокот којшто ќе се постигне.
- Создавањето на проектен оддел за промена и реформи кои ќе бидат од голема помош во овој процес во самото ресорно министерство.

Инаку, работата на полицијата со заедницата е организациска задача што промовира заедничко работење на полицијата и на граѓаните, односно заедничка грижа и акција за разрешување на проблемите во заедницата. Се базира на партнерство за превенција и решавање на проблеми кои се поврзани со криминал, страв од криминал, нарушувања на мирот и јавниот ред и поефикасна идентификација на социјалната дисфункција и нарушувања. Во оваа рамка постои една главна цел – подобрување на квалитетот на животот за сите.

Самата филозофија ја проширува мисијата на полицијата од еден ограничен главен интерес за криминалот и имплементација на кривичното право во овластување кои охрабрува истражување и имплементација на креативни солуции за проблемите во заедницата. Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ) ја дефинира работата на полицијата со заедницата како „филозофска и организациска стратегија којашто промовира партнерство и заеднички залагања помеѓу полицијата и заедницата за поефективни и поефикасни активности што се дизајнирани да идентификуваат превентивни мерки, да решаваат проблеми со криминал, да го намалат стравот од криминал, физичка и социјална нетрпеливост и дезинтеграција на соседството со цел да се подобри квалитетот на животот за сите“.

Главниот елемент на работење на полицијата, според мислењето на граѓаните, е да се намали и спречи криминалот – и затоа работата на полицијата со заедницата игра толку значајна улога за сите полициски службеници. Овој концепт препознава дека полицијата сама по себе не може да ги реши проблемите со криминал и нарушување на мирот и јавниот ред. Со цел да успее, полициските службеници мора да основаат партнерство со другите владини агенции, членови на заедницата, како и лидери во заедницата, сопственици на бизниси, училишта, НВО и други активности од јавниот сервис. Основањето на партнерство претставува широко претставување на заедницата и ја истакнува важноста од определување на потребите на заедницата и приоритетите на работата на полицијата со заедницата. Ова, исто така, поттикнува одговорност, транспарентност и ефикасност. Концептот за работа на полицијата со заедницата го отфрла стилот на повремена работа на полицијата и се менува во пристап којшто е свртен кон решавањето проблеми.

Оттука, работата на полицијата со заедницата треба да е катализатор преку којшто се развива работата на полицијата ориентирана кон решавањето на проблеми. Полициско работење водено од први информации помага во носењето на солуции за проблемите, а дава и насоки за фокусирање на вниманието на превентивните мерки коишто треба да се прифатат.

Главните карактеристики на демократската работа на полицијата е идејата активностите коишто се поврзани со работата на полицијата да се реализираат во соработка и дозвола на самите граѓани. Но тоа не значи дека работата на полицијата ја менува основната функција на демократска работа на полицијата. Всушност, ги дополнува насочените активности на полицијата во поглед на:

- Заштита и почитување на фундаменталните права и слободи на граѓаните, без разлика на нивната етичка, полова или сексуална ориентација, што се гарантирани со Уставот, законите и се ратификувани со меѓународни спогодби;
- Заштита на законот и редот;
- Превенција и детекција на прекршоците;
- Преземени мерки во рамките на законодавната рамка за спроведување пред суд на извршители на криминални дејства;
- Одржување на јавниот ред и мир во општеството.

Работата на полицијата со заедницата има клучна улога во идентификацијата и комуникацијата на проблемите коишто се поврзани со криминал со други бизнис-друштва и заедницата. Со учество во

ваквата интеракција, може да се постигне развој на модерни одговори коишто ќе помогнат во имплементацијата на стратегиите за превенција на криминал.

Оттука следи, дека концептот на соработка помеѓу полицијата и населението е еден од фундаментите што треба да се постигне во согласност со европските стандарди за полиција.

Министерството за внатрешни работи е владино тело одговорно за работата на полицијата во земјава. Треба да продолжат превентивните активности во целост, не само од страна на полицијата туку и со преземање на планирани и координирани активности во соработка со други државни тела, НВО, приватниот сектор и другите фактори во општеството, со цел да се спречи криминал, кршење на законот и други форми на антисоцијално однесување и така ќе се зголеми квалитетот на животот на граѓаните.

Ефективните реформи во МВР ќе помогнат во справување со главните безбедносни проблеми со коишто сега се соочува полицијата. Понатаму, исто така, треба да и овозможи на полицијата да воведе транспарентна, демократска полициска служба која е одговорна пред јавноста.

Јавната поддршка на полицијата, сè уште не е на задоволително ниво, што претпоставува дека и во иднина треба да продолжат напорите таа да се развива, да продолжи да се истражува нивото на соработка со полицијата, како што тоа го правиме и преку ова истражување, во кое се говори дека има и одредени поместувања, но истите не се доволни да се почувствуваат позначајни промени кај населението во односот на полицијата кон безбедноста на граѓаните.

Од истражувачките резултати може да се воочи потребата МВР и полицијата и натаму да работат на подобрувањето на квалитетот на животот на граѓаните преку промовирање на безбедни и сигурни заедници низ земјата со што се зголемува благосостојбата во сите делови на државата.

Преку работата на полицијата со населението ориентирана кон решавањето проблеми, мисијата на полицијата е да се вклучи во партнерства со заедницата преку личен контакт со граѓаните што денес го нема според кажувањето на самите граѓани. Нема да постојат граници што се однесуваат на кој било вид на разнообразност со постојана соработка со сите сектори од заедницата. Заедниците ќе бидат поттикнати на тој начин да помагаат во идентификувањето на проблемите и да учествуваат во креативни пристапи за решавање на проблемите за да се развијат решенија и да се дадат соодветни одговори на проблемите.

Желбата кај граѓаните, МВР и полицијата да се постигне современ модел за работа на полицијата со заедницата целосно се заснова на соработката помеѓу граѓаните и полицијата, заедницата и другите фактори во неа. Полициското работење водено од информации има заеднички елементи со работата на полицијата ориентирана кон решавање на проблеми и цели кон проактивна работа на полицијата.

1. За да се постигне успех, неопходно е полицијата да развива модели на организација и содржини на полициска работа со кои ќе обезбеди прашањата поврзани со законот и редот да се решаваат во непосредна соработка и помош и со користење на ресурсите на заедницата. Затоа, неопходно е да се развие стратегија и да се изгради концепт на постојано надградување на образовните процеси и јакнење на тренингот и процесот на дооспособување преку образовни и други модели на совладување на знаења и вештини, процес во кој се демонстрираат силна волја и убедување дека полициска работа со заедницата е од огромна важност за одржување на безбедноста и слободата на граѓаните.

Концептот за работа на полицијата со заедницата е платформа за успешно собирање и процесирање на податоци во рамките на процесот на полициско работење водено од информации коешто го движи напред спречувањето на криминалот, во сите негови форми вклучително и тероризам. Воспоставувањето на организациска структура е од суштинска важност за успешно обезбедување на ефективна стратегија за работа на полицијата со заедницата.

2. Потребно е воспоставување на организациска структура за спроведување на работата на полицијата со заедницата. Воведување на професионални стандарди и контрола на квалитет. Приспособување на постојната организациска структура за да вклучува специјализирани одделенија за работа на полицијата со заедницата на регионално и локално ниво. Воведување на процес на селекција за назначување на трајни специјализирани полициски службеници задолжени за работа со заедницата. Неопходно е да се обмисли и развие политика за оспособување на полициски службеници задолжени за работа со граѓаните и за афирмација на стратегијата и филозофија на работа позната како community policing, односно развивање на практики и стандарди на полициска работа во заедницата и со граѓаните.

3. Развојот на работата на полицијата со заедницата ќе има влијание и треба да одговара на општествените услови, култура, обичаи и други социоекономски фактори, кои постојано се менуваат. Затоа, работата на полицијата со заедницата претпоставува континуирано адаптирање на нови методи, форми на работа и пристапи на полицијата

кон граѓаните, нивните проблеми, грижи и насоченост да живеат во безбедна, стабилна и одговорна заедница.

4. Организираното општество треба да нуди модели и облици на соработка меѓу граѓаните и полицијата кои ќе имаат флексибилен пристап, брзо ќе се приспособуваат на различни ситуации на теренот и ќе обезбедуваат содржини и форми на соработка, кои ќе значат јакнење на безбедноста, ефикасно справување со криминалот и афирмација на вредностите и слободите на човекот.

Следната задача е да се подготват различни методи на анализа кои позитивно ќе влијаат на планирањето на работа фокусирана на оние сегменти на работата на полицијата каде е најпотребно.

5. Треба да се унапредат облиците на координација и комуникација помеѓу различни оддели на полицијата (полиција од општа надлежност, криминалистичка полиција и гранична полиција). Важно е сите оддели кои се вклучени во превентивната работа на полицијата во своите области да бидат свесни за најновиот развој во однос на ова прашање. Соодветниот надзор на сите организациски/оперативни нивоа е особено корисен за елиминирање на грешки и обезбедување насока/фокус за развивање и продлабочување на активности во превентивната област, особено во мобилизацијата на ресурсите на заедницата за заедничко решавање на проблемите. Треба да се развиваат активности за промовирање на креативност во обезбедувањето решенија и заедно со култивирањето на службениците да се поттикнува независноста, и иницијативата за отворање кон проблемите на граѓаните и нивните потреби.

6. Потребно е да се обезбедат релевантните капацитети за едукација и комуникација во рамките на полициската служба со цел да се подобри практичната примена на работата на полицијата со заедницата. Исто така, треба да се развијат релевантните менаџерски вештини. Понатаму, треба да се планираат сеопфатни програми за обука за планирање и спроведување за раководители во полицијата и нивните подредени. Обуката е голема обврска и е од суштинска важност за спроведувањето на работата на полицијата со заедницата. Полицијата, особено, треба да има пошироко концептуално размислување за да прифати дека работата на полицијата со заедницата е основата за успешна превенција, истрага и откривање на криминал и други форми на девијантни феномени и може да се постигне само со квалитетна основна и континуирана едукација во рамките на полицискиот систем.

7. Полициските служби треба да развијат професионални капацитети за односи со медиумите преку развивање на експертиза за интервјуа на полициските портпароли за да можат да ја пренесат

својата порака до јавноста во однос на придобивките од работењето во партнерство со заедницата. Портпаролите за полицијата треба да развиваат материјални и технички ресурси соодветни на предметот преку кои може да се постигне поефективна комуникација со заедницата и медиумите на локално ниво.

8. Работата на полицијата ориентирана кон решавање проблеми може да е ефикасна ако се темели на развивање на истражувачка постапка затемелена на извори на податоци, преку развиен систем на евиденции и претворање на информациите, сознанијата и евиденциите во податоци, кои со примена на аналитички методи и средства ќе се оформуваат во сознанија, знаења и содржини кои ќе претпоставуваат затемелена, организирана и ефикасна акција за решавање на проблемите на граѓаните. Само организирана и оспособена полиција, која умее знаењата да ги примени во видливи и практични содржини е одговор за наметнатите шеми на криминал и појавите на „брак од интерес" меѓу полициските, криминалните , (понекаде и партиските) и бизнис-структурите, што влијае на ефикасноста на полицијата и полициската организација. Затоа треба да се развиваат превентивни стратегии за борба против корупцијата, криминалот, а особено против организираниот криминал, кој во крајна инстанца се темели на премолчената или видливата, но најчесто камуфлираната поддршка од институционалната рамка. Полицијата има обврска да ги следи барањата на јавноста и организираното општество и да се пројавува како субјект кој е одговорен и окосница на борбата против корупцијата, криминалот и социопатолошките деформации во општеството. Задолжително е професионално обезбедување на услуги.

9. Полицијата треба да развие истражувачки и аналитички постапки, методи и средства, да примени облици на анализа на безбедносната ситуација, да развие знаења и способности за примена на современите софтверски алатки, како што е, на пример, користењето на географско профилирање (ГИС), преку мапирањето на криминалот, автоматското идентификување на „hot spots" на криминал и неред да развива стратегии и оспособува тимови и за ефикасна полициска работа и да ги вклучува граѓаните во јакнењето на капацитетите на антикриминалната борба. Преку оваа методологија може успешно да се спроведе оперативна/тактичка активност. Овие проактивни мерки ќе го ограничуваат криминалот, ќе се обраќаат на грижите на заедницата и ќе создадат поголема јавна поддршка од граѓаните.

МВР мора да инвестира конкретни средства за имплементирање на работа на полицијата со заедницата на регионално и локално ниво.

## Литература


Anić, S., Klaić, N., & Domović, Ž. (2002). Rječnik stranih riječi: tuđice posuđenice, izrazi, kratice i fraze. Zagreb: Sani-plus.

Babović, B. (1977). *Policija u svjetskom poretku.* Beograd: NEA (Cicero print). doi:53796876

Barsamian, D., & Čomski, N. (2004). *Propaganda i javno mnenje - razgovori s Noamom Čomskim.* (L. Malović, Прев.) Novi Sad: Rubikon.

Bauman, Z. (2003). Turisti i vagabundi. Во V. Vuletić (Ур.), *Globalizacija, mit ili stvarnost* (стр. 251-265). Beograd: Zavod za izdavanje udžbenika i nastavna sredstva.

Bayley, D. H. (1996). *Police for the future.* New York: Oxford University Press.

Bayley, D. H. (2006). *Changing the Guard: Developing Democratic Police Abroad.* New York: Oxford University Press, Inc.

Becker, H. S. (1966). *Outsiders: Studies in the Sociology of Deviance,.* New York: The Free Press Paperback Edition 1966.

Beckett, A. E. (2006). *Citizenship and Vulnerability - Disability and Issues of Social and Political Engagement.* New York: Palgrave MacMillan.

Bek, U. (2001). *Rizično društvou susret novoj moderni.* (L. Glišovoć, Прев.) Beograd,: Filip Višnjič.

Bittner, E. (1970). *The Functions of the Police in Modern Society -A Review of Background Factors,Current Practices, and Possible Role Models.* Maryland: Center for Studies of Crime and Delinquency, National Institute of Mental Health. Преземено 7 28, 2017 од https://www.ncjrs.gov/pdffiles1/Digitization/147822NCJRS.pdf

Braga, A. A. (2002). *Problem-oriented policing and crime prevention, .* New York: Criminal Justice Press Monsey,.

Cajner Mraović, I., Faber, V., & Volarević, G. (2003). *Strategija djelovanja policija u zajednici.* Zagreb: Ministarstvo unutarnjih poslova Republike Hrvatske, Policijska akademija.

Ćirić, J., Reljanović, M., Nenadić, N., Jovanović, M., Dobrašinović, D., & Pejović, D. (2010). *Korupcija, problemi i prevazilaženje problema.* Beograd: Udruženje javnih tužilaca i zamenika javnih tužilaca Srbije.

Crank, J. P., Murray, R. K., Irlbeck, D. M., & Sundermeier, M. T. (2011). *Mission-Based Policing.* New York: CRC Press, Taylor & Francis Group, LLC.

Damjanović, M. (2002). Država, poredak vlast. Во M. Damjanović, B. Raičević, G. Popov - Ilić, & M. Damjanović (Ур.), *Da li je socijalizam bio greška ? - Politikološke teme* (B. Robertson, Č. Robertson, & J. Marić, Прев., стр. 119-132). Beograd: Magna Agenda.

Davies, M., Croall, H., & Tyrer, J. (2005). *Criminal Justice : An Introduction to the Criminal Justice System in England and Wales* (3 изд.). London: Pearson Longman.

Diverže, M. (1966). *Uvod u politiku.* Beograd: Savremena administracija.

Dujovski, N., & Mojanoski, C. (2013). Police Managment – art or science? Во C. Mojanoski (Ур.), *International scietific conference: „The Balkans between past and tuture: Security, Conflict Resolution and Euro-Stlsntic integration“. I*, стр. 229-240. Ohrid: Facultty of security Skopje. Преземено од http://fb.uklo.edu.mk/fs?file=collection/Zbornik%20na%20trudovi%20 Ohrid%202013%20Kniga%20I.pdf

Đurić, S. (2009). *Analiza stanja humane bezbednosti na teritoriji opštine Palilula – lokalne zajednice Karaburma i Borča: izveštaj.* Beograd: Fakultet bezbednosti.

Friedmann, R. R. (1992). *Community Policing Comparative perspectives and prospects.* New York: Palgrave MacMillan. doi:DOI 10.1007/978-1-137-07200-9

Gaćinović, R. (2015). Koreni nastanka policije u modernoj državi. *NBP-Žurnal za kriminalistiku i pravo, 1,* 68-81.

Grabosky, P. (Ур.). (2009). *Community Policing and Peacekeeping.* New York: CRC Press Taylor & Francis Group.

Greenwood, E. (1957). Attributes of a Profession. *Social Work, 2*(3), 45-55. doi:https://doi.org/10.1093/sw/2.3.45

Habermas, J. (1986). *Tehnika i znanost kao „ideologija“.* Zagreb: Školska knjiga.

Ideološki i politički konflikti (Osvrt na kulturu dijaloga). (2011, April 11). Beograd. Преземено 6. 26. 2011 од http://www.scribd.com/doc/54575678/Ideoloski-i-Politicki-Konflikti-u-Srbiji-2011-Osvrt-Na-Kulturu-Dijaloga-Fondacija-Centa-Za-Demokratiju.pdf

Innes, M. (2003). *Understanding social control - Deviance, crime and social order.* Maidenhead: Open University Press.

Jovičić, M. (1984). *Veliki ustavni sistemi - elementi za jedno uporedno ustavno pravo.* Beograd: IRO „Svetozar Marković“.

Kappeler, V. E., & Gaines, L. K. (New York). *Community Policing - A Contemporary Perspective* (6 изд.). 2011: Elsevier, Inc.

Klaić, B. (1987). *Rječnik stranih riječi.* Zagreb: Nakladni zavod Matice hrvatske.

Kregar, J. (2012). Eugen Pusić i sociologija prava. *Hrvatska i komparativna javna uprava (HKJU – CCPA), 12*(2), 541–556. doi:316.42Pusić, E.

Maljević, A., Datzer, D., Muratbegović, E., & Budimlić, M. (2006). *Otvoreno o policiji i korupciji.* Sarajevo: Udruženje diplomiranih kriminalista u Bosni i Hercegovini.

Masleša, R. (1999). *Policija organizacija i funkconiranje u demokratskom društvu.* Sarajevo.

Masleša, R. (2008). *Policija i društvo.* Priština: AAB univerzitet Priština. Презeмено 5. 1. 2017 од ttps://cerovic.files.wordpress.com/2014/02/policija-i-drustvo-skripta.pdf
Matić , M., & Podunavac, M. (1995). *Politički sistem: teorije i principi.* Beograd: Institut za političke studije.
Mawby, R. I. (1990). *Comparative policing issues: The British and American System in International Perspective.* London: Unwin Hyman.
McCarthy, D. (2014). *'Soft' Policing- The Collaborative Control of Anti-Social Behaviour.* New York: Palgrave Macmillan.
Milosavljević, B. (1992). *Nauka o policiji.* Beograd: Policijska akademija.
Milosavljević, B. (1997). *Nauka o policiji.* Beograd: Policijska akademija.
Modly, D., & Korajlić, N. (2002). *Kriminalistički rječnik,* (Posebna izdanja изд., Том 11). Tešanj: Centar za kulturu i obrazovanje.
Murphy, J. (2013). *Policing for Peace in Northern Ireland - Change, Conflict and Community Confidence.* New York: Palgrave Macmillan.
Palmiotto, M. J. (2013). *Criminal Investigation* (4 изд.). New York: CRS Press, Taylor & Francis Group, LLC.
Palmiotto, M. J., & Brown McKenney, A. (2008). *Police Officer - Exams.* New York: McGraw-Hill. doi:DOI: 10.1036/007146980X
Palmiotto, M. J., & Unnithan, N. (2011). *Policing and Society: A Global Approach.* New York: Delmar, Cengage Learning.
Pažanin, A. (1989). Aktualnost Aristotelove kritike državnog zajedništva u Platona., FPN, Zagreb, 1979. *Politička misao, XXVI*(3), 104-113.
Peak, K. J. (Ур.). (2013). *Encyclopedia of Community Policing and Problem Solving.* Los Angeles: SAGE Publications, Inc.
Shane, J. (2013). *Learning from Error in Policing - A Case Study in Organizational Accident Theory.* New York: Springer.
Sheptycki, J. (2002). *Postmodern Power and Transnational Policing: Democracy, The Constabulary Ethic and the Response to Global (In)Security.* Geneva: DCAF. Преземено 8. 10. 2016 од http://iskran.ru/cd_data/disk2/rr/007.pdf
Sheptycki, J. (2007). High Policing in the Security Control Society. *Policing, 1*(1), 70–79. doi:doi:10.1093/policing/pam005
Tadić, L. (1996). *Nauka o politici* (2 изд.). Beograd: BIGZ.
Taylor, R. B. (2001). *Breaking Away from Broken Windows - Baltimore Neighborhoods and the Nationwide Fight Against Crime, Grime, Fear, and Decline.* Boulder: Westview Press.
Viner, N. (1973). *Kibernetika i društvo* (2 изд.). (L. Radanović, Прев.) Beograd: Nolit.
Weisburd, D., & Braga, A. A. (Ур.). (2006). *Police Innovation - Contrasting Perspectives.* New York: Cambridge University Press.
(2014). *Анализа на состојбите со малолетничката деликвенција во 2013.* Скопје: Министерство за внатрешни работи. Преземено 8. 1. 2017 од

studiorum.org.mk/.../Analiza%20na%20sostojbata%20so%20maloletnic kata%20delik

Андревски, Ж. (1995). *Живот со мас-медиуми.* Скопје: Љуботен.

Арнаудовски, Љ. (2007). *Криминологија.* Скопје: „2 Август С“ - Штип.

Арнаудовски, Љ., & Стојановски, Т. (2002). *Трговија со луѓе - криминалитет.* Скопје: „Скенпоинт“.

Аслимоски, П. (2013). *Социологија.* Охрид: Факултет за туризам и угостителство.

Ацески, И. (2002). *Социологија* (3 изд.). Скопје: Филозофски факултет.

Бабаноски, К. (2014). *Безбедност и одговорност на учесниците во патниот сообраќај во Република Македонија.* Скопје: Факултет за безбедност - необјавена докторска дисертација 2014.

Батавељић, Д. (2016). Политички систем. Крагујевац. Преземено 8. 10. 2016 од www.jura.kg.ac.rs/index.../sr/.../download-document.htm

Вујаклија, М. (1996/97). *Лексикон страних речи и израза* (4 изд.). Београд: „Просвета“.

Гаћиновић, Р. (2012). Модели организације савремених полицијских система. *Култура полиса, IX*(18), 229-249. Преземено 5. 1. 2017 од http://kpolisa.com/KP18/kp18-V-1-RadoslavGacinovic.pdf

Гаћиновић, Р. (2012). Пропаганда у људском друштву. *Војно дело,* 205-2015. Преземено 12. 14. 2016 од http://www.psiholog.mod.gov.rs/multimedia/dodaci/Vojno%20delo_Gacinovic_Propaganda%20u%20drustvu.pdf

Гогов, Б. (2013). *Криминалистичкото разузнавање како модел на полициска работа од аспект на владеењето на правото - (докторска дисертација).* Скопје: Правен факултет „Јустинијан Први“ Скопје.

Голомеова, Е. (2017, 8 1). *Превенција на малолетничка деликвенција, анализа на законската регулатива и практика - (необјавена магистерска теза).* Штип: Правен факултет на Универзитетот „Гоце Делчев“. Преземено 8. 1. 2017 од http://eprints.ugd.edu.mk/10409/1/MAGISTERSKA%20PDF.pdf

Груевски, Т. (2007). *Односи со јавноста.* Скопје: „Студентски збор“.

Диги, Л. (1977). *Преображаји јавног права.* (Ж. П. Ристић, Прев.) Београд: Плато.

Димоски, С. (2014). *Полицијата и јавноста.* Охрид: „Коста Абраш“ - АД.

Димовски, З. (2015). *Тероризам.* Београд: Факултет за инжинерски менаџмент, Институт за безбедност Београд.

Димовски, З. (2016). *Криминалистичко разузнавање.* Скопје: Факултет за безбедност.

Димовски, З., & Илијевски, И. (2011). *Меѓународен тероризам.* Скопје: Факултет за безбедност - Скопје.

Дракулевски-Груевска, А. (2013, 1). Семејното насилство во Република Македонија. *Македонска ревија за казнено право*, 1-32. Преземено

8. 1. 2017 од http://maclc.mk/Revii/2013/Aleksandra_Gruevska_Drakulevski_CAHVIO_konvencija.pdf

Дујовски, Н. (2009). *Шенген и потоа.* Кочани: „Уни – Конзум“.

Ѓуровски, М. (2014). *Анализа на современите теориско-концепциски пристапи во креирањето на безбедносната политика на Република Македонија.* Скопје: Филозофски факултет (необјавена докторска дисертација).

*Европска конвенција за човекови права.* (2015). Strasbourg: Council of Europe. Преземено 2. 26. 2016 од http://www.echr.coe.int/Documents/Convention_MKD.pdf

Закон за заштита од пушењето. (7. 27.1995). „*Службен весник на Република Македонија“ бр.36/95*. Скопје. Преземено 8. 5. 2017 од http://www.pravo.org.mk/documentDetail.php?id=363

Закон за измена и дополнување на Законот за заштита од пушењето. (8. 19. 2008). „*Службен весник на Република Македонија“, број 103/08, 103*. Скопје. Преземено 8. 5. 2017 од http://www.pravo.org.mk/documentDetail.php?id=363

Закон за јавна чистота. (9. 3. 2008). „*Службен весник на Република Македонија“, број 111/08, 111/08*. Скопје: „Службен весник на Република Македонија“. Преземено 8. 5. 2017 од http://www.pravo.org.mk/documentDetail.php?id=834

Закон за локална самоуправа. (1. 29. 2002). „*Службен весник на Република Македонија“, бр.5/2002*(5). Скопје: „Службен весник на Република Македонија“. Преземено 8. 23. 2017 од http://aa.mk/WBStorage/Files/Zakon_lokalnata_samouprava.pdf

Закон за полиција. (2006, 11 3). „*Службен весник на Република Македонија“*, стр. 1-48. Преземено 19. 8. 2017 од https://www.ilo.org/dyn/natlex/docs/ELECTRONIC/74682/119488/F1279968048/MKD74682%20Mkd.pdf

Закон за референдум и другите облици за непосредно изјаснување на граѓаните. (9. 2005). „*Службен весник на Република Македонија“*. Скопје: „Службен весник на Република Македонија“. Преземено 8. 24. 2017 од http://eudo-citizenship.eu/NationalElectoralLawsDB/docs/Zakon_za_referendum_i_dr_oblici_na_neposredno_odlucuv_na_graganite__81_05_340410196.pdf

Закон за чистота - пречистен текст. (2010). „*Службен весник на Република Македонија“, бр. 130 од 30.9.2010 година*. „Службен весник на Република Македонија“, бр. 130 од 30.9.2010 година. Преземено 8. 5. 2017 од http://mtc.gov.mk/media/files/PT_Zakon_za_Javna_cistota_130_30092010.pdf

Закон за чистота. (9. 3. 2008). „*Службен весник на Република Македонија“, број 111/08, 111/08*. Скопје: „Службен весник на Република Македонија“. Преземено 8. 5. 2017 од http://www.pravo.org.mk/documentDetail.php?id=834

Кешетовић, Ж. (2000). *Односи полиција са јавношћу.* Београд: Виша школа унутрашњих послова.

Кешетовиќ, Ж., Корајлиќ, Н., Тотх, И., & Ѓуровски, М. (2017). *Управување со кризи, меѓу теоријата и практиката.* Скопје: Факултет за безбедност - Скопје.

Клајн, И., & Шипка, М. (2006). *Велики речник страних речи и израза.* Нови Сад: Прометеј.

Крстановски, М. (2006). *Криминалитет и детекција* (2 изд.). Охрид: Факултет за туризам и угостителство.

Лабовиќ, М. (2006). *Власта корумпира.* Скопје: „Де Гама“.

Лабовиќ, М., & Николовски, М. (2010). *Организиран криминал и корупција.* Скопје: Факултет за безбедност.

Марковић, Р. (1995). *Уставно право и политичке институције.* Београд: Службени гласник.

Мојаноски, Ц. Т. (2002). *Основи на општественото уредување.* Скопје-Штип: „2 Август С“.

Мојаноски, Ц. Т. (2002). *Основи на општественото уредување.* Скопје: „2 Август С“.

Мојаноски, Ц. Т. (2012). *Методологија на безбедносните науки - истражувачка постапка* (Том книга II). Скопје: Факултет за безбедност.

Мојаноски, Ц. Т. (2013). *Методологија на безбедносните науки - аналитички постапки, Книга III.* Скопје.

Мојаноски, Ц. Т. (2015). *Методологија на безбедносните науки - истражувачка постапка, Книга III* (2 изд.). Скопје: „Коста Абраш“ - Охрид.

Мојаноски, Ц. Т. (2015). *Методологија на безбедносните науки - основи, Книга I* (2 изд.). Скопје: Факултет за безбедност - Скопје.

Мојаноски, Ц. Т. (2017). *Политичка социологија.* Скопје: Факултет за безбедност - Скопје.

Мојаноски, Ц. Т., Димовски, З., Ѓуровски, М., & Илијевски, И. (2015). *Безбедноста и безбедносните закани на Република Македонија.* Скопје: Факултет за безбедност Скопје.

Мојаноски, Ц., & Ѓуровски, М. (2012). Безбедноста како предмет на истражување. *Современа македонска одбрана, XII*(23), 51-70.

Мојаноски, Ц., & Николовски, М. (2014). Некои белези на корупцијата во Република Македонија. *Хоризонти - Серија А*.

(2014). *Национална стратегија за дрога на Република Македонија 2014-2020 година.* Скопје: Влада на Република Македонија. Преземено 8. 2. 2017 од

http://www.cph.mk/ftp/Strategii/Nacionalna%20strategija%20za%20droga%20%20mkd%20strategija%202014-2020.pdf

(2008). *Национална стратегија за заштита од семејно насилство 2008 - 2011 година.* објавен од Министерството за труд и социјална политика: Министерството за труд и социјална политика. Преземено 8. 2. 2017 од www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/Strategija_nasilstvo.doc

(2012). *Национална стратегија за спречување и заштита од семејно насилство 2012-2015.* Скопје: Министерство за труд и социјална политика. Преземено 8. 2. 2017 од http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/nasisltvo_strategija_mkd.pdf

Ременски-Ташевска, Ф., & Николовски, М. (2015). Корупција и судир на интереси во полицијата - Случајот Македонија. Скопје. Преземено 8. 20. 2017 од bom.fzf.ukim.edu.mk/conference2015/proceedings/24.docx

*Референдуми и граѓански иницијативи во Република Македонија.* (н.д.). Преземено 8. 24. 2017 од http://pravodaznaes.mk: http://pravodaznaes.mk/анализи/31-mk/анализи/489-референдуми-и-граѓански-иницијативи-во-р-македонија

Ристески, С., & Тевдовски, Д. (2008). *Статистика за бизнис и економија.* Скопје: Економски факултет.

Саздовска-Малиш, М., & Дујовски, Н. (2009). *Безбедносен менаџмент.* Скопје: Факултет за безбедност.

Саздовска-Малиш, М., Мојаноски, Ц., & Николовска, С. (2014). Некои аспекти на корупцијата во Република Македонија. *Хоризонти : меѓународно научно списание. Серија А, Општествени и хуманистички науки, IX*(9).

Симоновић, Б. (2006). *Рад полиције у заједници (Community policing).* Бања Лука: Министарство унутрашњих послова Републике Српске, Управа за полицијско образовање, Висока школа унутрашњих послова.

Спасески, Ј., Аслимоски, П., & Бачановиќ, О. (2006). *Педагошка социопатологија.* Битола: Педагошки факултет Битола.

Спасић, Д. В. (2013). *Концепт полиције у заједници и породично насиље - докторска дисертација.* Београд: Факултет безбедности у Београду. Преземено 7. 21. 2017 од https://fedorabg.bg.ac.rs/fedora/get/o:9744/bdef:Content/download

Стефановска, В., & Гогов, Б. (2015). *Улогата на заедницата и полицијата во превенција на криминалитетот: Состојби во градот Скопје.* Скопје: Факултет за безбедност - Скопје.

Стојановски, Т. (1997). *Полицијата во демократското општество.* Штип, Скопје: „2 Авгус С“ & „ДОО Астор“.

*Сторители на кривични дела, 2016.* (2017). Скопје: Државен завод за статистика. Преземено 8. 1. 2017 од http://www.stat.gov.mk/Publikacii/2.4.17.09.pdf

Трајков, М. (2017). *Вистината и заблудите за проектот „community policing“ или „работењето во заедницата“ во Македонија, споредени со традиционалниот модел на секторското работење.* Скопје: „Ван Гог“.

Хабермас, Ј. (2012, 04 23). Грађанство и национални идентитет: нека размишљања о будућности Европе. Београд, Балкан. Преземено 3. 26. 2016 од http://www.filozofskodrustvors.org/wp-content/uploads/2012/04/23_jirgen_habermas.pdf

Хејвуд, Е. (2009). *Политика.* (Г. Сениќ, И. Атанасовски, & К. Јованова, Прев.) Скопје: „Академски печат“.

Хелд, Д. (2008). *Модели на демократијата* (3 изд.). (М. Трајкоска, прев.) Скопје: „Академски печат“.

Хелд, Д., & Мекгру, Е. (Ур.). (2010). *Управување со глобализацијата - моќ, власт и глобално управување.* Скопје: „Академски печат“.

Чачева, В. (2000). *Истражување семејно насилство 2000.* Скопје: „ИЦЦО“.

Ширилова, В. (2001). *Голем лексикон на странски зборови и изрази.* Скопје: „Топер“.

Шурбановски, Н. (1989). *Мислењето на граѓаните за милицијата.* Скопје: Факултет за безбедност и општествена самозаштита & Институт за социолошки и политичко-правни истражувања.

# ПРИЛОЗИ

***Преглед број 5. Општина во која е спроведено истражувањето * Година во која е спроведено истражувањето***

| | Година во која е спроведено истражувањето | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| Скопје | 323 | 328 | 235 | 0 | 20 | 0 | 0 | 0 | 10 | 0 |
| Аеродром | 0 | 1 | 0 | 30 | 55 | 19 | 57 | 60 | 54 | 45 |
| Бутел | 0 | 0 | 14 | 15 | 18 | 0 | 0 | 45 | 25 | 30 |
| Гази Баба | 8 | 0 | 57 | 35 | 120 | 138 | 44 | 30 | 85 | 90 |
| Ѓорче Петров | 1 | 1 | 10 | 45 | 10 | 40 | 15 | 15 | 15 | 15 |
| Карпош | 0 | 0 | 30 | 50 | 20 | 0 | 27 | 30 | 10 | 0 |
| Кисела Вода | 1 | 0 | 45 | 15 | 20 | 19 | 23 | 0 | 45 | 30 |
| Сарај | 0 | 0 | 0 | 0 | 20 | 0 | 0 | 24 | 0 | 0 |
| Центар | 0 | 0 | 15 | 28 | 10 | 17 | 1 | 0 | 11 | 30 |
| Чаир | 0 | 0 | 15 | 35 | 40 | 20 | 0 | 61 | 30 | 15 |
| Шуто Оризари | 5 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Арачиново | 0 | 0 | 15 | 41 | 16 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 |
| Берово | 35 | 0 | 30 | 67 | 30 | 0 | 38 | 30 | 15 | 30 |
| Битола | 51 | 64 | 45 | 60 | 29 | 0 | 45 | 21 | 45 | 51 |
| Богданци | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5 | 0 | 0 | 0 |
| Боговиње | 0 | 0 | 0 | 20 | 0 | 27 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Босилово | 7 | 0 | 0 | 15 | 10 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Брвеница | 0 | 1 | 0 | 15 | 0 | 10 | 0 | 0 | 15 | 0 |
| Валандово | 17 | 30 | 15 | 30 | 40 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Василево | 11 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 15 | 0 | 0 | 0 |
| Вевчани | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Велес | 37 | 30 | 76 | 45 | 39 | 20 | 139 | 75 | 65 | 45 |
| Виница | 7 | 0 | 0 | 30 | 10 | 20 | 15 | 30 | 0 | 0 |
| Врапчиште | 0 | 0 | 0 | 40 | 0 | 20 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Гевгелија | 44 | 30 | 15 | 0 | 0 | 0 | 22 | 0 | 30 | 15 |
| Гостивар | 21 | 33 | 45 | 65 | 88 | 38 | 0 | 45 | 0 | 60 |
| Градско | 0 | 0 | 14 | 15 | 0 | 0 | 0 | 15 | 45 | 0 |
| Дебар | 6 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 10 | 0 |
| Делчево | 39 | 30 | 60 | 42 | 0 | 20 | 30 | 0 | 0 | 30 |
| Демир Капија | 1 | 30 | 15 | 15 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Демир Хисар | 14 | 0 | 0 | 30 | 0 | 0 | 15 | 0 | 15 | 0 |
| Дојран | 38 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Долнени | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 15 | 15 | 45 |
| Желино | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 9 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Зрновци | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 20 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Илинден | 2 | 0 | 3 | 12 | 40 | 40 | 15 | 45 | 55 | 15 |
| Јегуновце | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 10 | 0 | 15 | 0 | 0 |
| Кавадарци | 9 | 88 | 90 | 44 | 17 | 37 | 59 | 15 | 15 | 30 |
| Кичево | 7 | 37 | 30 | 0 | 20 | 20 | 41 | 83 | 30 | 60 |
| Конче | 0 | 0 | 30 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Кочани | 30 | 30 | 15 | 14 | 54 | 20 | 45 | 0 | 30 | 45 |
| Кратово | 28 | 26 | 0 | 30 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Крива Паланка | 32 | 34 | 60 | 90 | 30 | 60 | 45 | 0 | 15 | 0 |
| Кривогаштани | 0 | 0 | 0 | 30 | 20 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Крушево | 0 | 28 | 0 | 0 | 10 | 18 | 45 | 0 | 0 | 15 |
| Куманово | 110 | 96 | 60 | 74 | 145 | 60 | 45 | 105 | 165 | 45 |
| Липково | 4 | 0 | 0 | 20 | 61 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Лозово | 0 | 0 | 0 | 15 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Маврово и Ростуша | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 40 | 0 | 15 | 0 | 0 |
| Македонска Каменица | 9 | 0 | 0 | 15 | 0 | 20 | 0 | 15 | 0 | 30 |
| Македонски Брод | 7 | 30 | 30 | 15 | 30 | 0 | 60 | 0 | 15 | 14 |
| Могила | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Неготино | 48 | 30 | 30 | 0 | 0 | 0 | 0 | 15 | 0 | 0 |
| Охрид | 14 | 40 | 45 | 15 | 18 | 20 | 42 | 15 | 10 | 15 |
| Петровец | 1 | 3 | 14 | 0 | 5 | 59 | 15 | 0 | 15 | 0 |
| Пехчево | 9 | 0 | 16 | 30 | 20 | 0 | 0 | 14 | 0 | 0 |
| Прилеп | 30 | 60 | 60 | 73 | 75 | 99 | 60 | 15 | 44 | 30 |
| Пробиштип | 24 | 54 | 15 | 0 | 20 | 0 | 0 | 35 | 45 | 16 |
| Радовиш | 13 | 30 | 15 | 42 | 0 | 20 | 44 | 0 | 10 | 29 |
| Ранковце | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 20 | 0 | 0 | 0 | 15 |
| Ресен | 1 | 30 | 15 | 15 | 0 | 0 | 15 | 23 | 0 | 24 |
| Росоман | 0 | 27 | 0 | 0 | 0 | 20 | 15 | 0 | 0 | 15 |
| Свети Николе | 17 | 1 | 0 | 43 | 20 | 20 | 15 | 15 | 0 | 43 |
| Сопиште | 5 | 0 | 14 | 0 | 20 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Старо Нагоричане | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 15 |
| Струга | 0 | 15 | 0 | 20 | 0 | 0 | 35 | 0 | 0 | 0 |
| Струмица | 35 | 0 | 0 | 15 | 20 | 20 | 15 | 0 | 15 | 0 |
| Студеничани | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 15 | 0 |
| Теарце | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 21 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Тетово | 4 | 27 | 15 | 30 | 20 | 57 | 35 | 78 | 0 | 15 |
| Чашка | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 15 |
| Чешиново | 0 | 22 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 15 | 0 | 15 |
| Чучер Сандево | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 20 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Штип | 50 | 31 | 0 | 0 | 0 | 0 | 30 | 0 | 15 | 0 |
| Подареш | 0 | 0 | 0 | 15 | 0 | 0 | 0 | 0 | 10 | 0 |
| **Вкупно:** | **1163** | **1318** | **1309** | **1440** | **1240** | **1138** | **1167** | **1016** | **1044** | **1032** |
| **Σ=општини** | **46** | **33** | **37** | **44** | **37** | **36** | **34** | **31** | **34** | **34** |

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

351.74:316.64"2009/17"(497.7)(047.31)

ПОЛИЦИЈАТА и јавноста : (анализа на истражувачки резултати 2009 - 2017 година) / Цане Т. Мојаноски, Никола Дујовски, Марјан Ѓуровски. - Скопје : Факултет за безбедност, 2018. - XVIII, 336 стр. ; 25 см

Библиографија: стр. 327-334. - Содржи и: Прилози

ISBN 978-608-4828-27-3
1. Мојаноски, Цане Т. [автор] 2. Дујовски, Никола [автор] 3. Ѓуровски, Марјан [автор]
а) Полиција - Јавно мислење - Македонија - 2009-2017 - Истражувања
COBISS.MK-ID 107093002

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

351.74:316.64"2009/17"(497.7)(047.31)

ПОЛИЦИЈАТА и јавноста [Електронски извор] : (анализа на истражувачки резултати 2009 - 2017 година) / Цане Т. Мојаноски, Никола Дујовски, Марјан Ѓуровски. - Скопје : Факултет за безбедност, 2018

Начин на пристап (URL): http://www.fb.uklo.edu.mk/. - Текст во PDF формат, содржи 336 стр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 27.04.2018. - Библиографија: стр. 327-334. - Содржи и: Прилози

ISBN 978-608-4828-29-7
1. Мојаноски, Цане Т. [автор] 2. Дујовски, Никола [автор] 3. Ѓуровски, Марјан [автор]
а) Полиција - Јавно мислење - Македонија - 2009-2017 - Истражувања
COBISS.MK-ID 107093002